Број петнаесет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

ВОВЕД

Моите браќа и сестри без сомнение ова мое Сведоштво не го очекуваа толку бргу. Но јас при рака веќе имам неколку лични сведоштва, од коишто неколку се дадени на следните страници. И не знам на кој друг начин би можела подобро да ги изложам своите погледи за општата опасност, грешки и должности на сите оние кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди, како што е објавувањето на овие сведоштва. Можеби и не постои понепосреден и поделотворен начин за да го изнесам она што Господ ми го покажа. {2C 9.1}

Изгледаше многу важно Сведоштвото бр. 14 да го добиете неколку дена пред Генералната Конференција. Затоа се побрза со печатење на тој број и јас немав доволно време да приготвам значајни предмети кои беа предвидени за споменатиот број. Всушност, за нив и немаше место во бр. 14. И затоа, располагајќи со доволно материјал, ви го презентирам сведоштвото бр. 15, призивајќи го на него Божјиот благослов за добро на Неговиот народ. {2C 9.2}

---

1. ЗАПИСИ ОД ИСКУСТВА

Од 7. февруари до 20. мај 1868. година

Кога се вративме дома и кога исчезна вдахновеното влијание од патувањето и работата, почувствувавме колку нашата работа во источната област беше заморна. Мнозина ми пишуваа и бараа од мене да им јавам што ми покажа Бог во однос на нив. Имаше и многу такви на кои не одговорив, а чии случаи беа исто толку значајни и итни. Меѓутоа, бев толку заморена така што тоа пишување би ги надминало моите сили. Ме обзема некакво обесхрабрување и неколку дена бев многу слаба, и често губев свест. Наоѓајќи се во таква душевна и телесна состојба, почнав да се прашувам дали навистина е моја должност да пишувам толку многу и на толку голем број лица, од кои неколкумина се сосема недостојни. Ми се чинеше дека тука нешто не беше во ред. {2C 10.1}

На петти февруари вечерта, братот Ендрус зборуваше на народот во нашата црква. Најголем дел од оваа вечер го поминав во несвестица и гушење. Мојот сопруг беше покрај мене. Кога братот Ендрус се врати од состанокот, заедно се помолија за мене, па малку ми олесна. Таа ноќ добро спиев, а утрото, иако слаба, чувствував некакво чудесно олеснување и охрабрување. Сонував како некоја личност ми донесе бела ткаенина и ме замоли од неа да скројам облеки за луѓе во сите големини во зависност од карактерните особини и животни прилики. Ми рече да ги скројам и да ги закачам, за да можат да се сошијат веднаш штом за тоа се укаже потреба. Имав впечаток дека многу луѓе за кои ми

беше наредено да скројам облека беа недостојни. Запрашав дали е тоа последната ткаенина која треба да ја искројам. И добив одговор дека не е. И дека, штом завршам една, веднаш потоа ќе добијам и друга. Јас бев обесхрабрена знаејќи колку работа ме очекува и реков дека повеќе од дваесет години кројам облеки за други и дека луѓето не го ценеа мојот труд и дека не гледам дека мојата работа направила многу добра. Споменав посебно една жена за која оваа личност ми наложи да скројам облека. Реков дека таа нема да ја цени и дека тоа би било само залудно трошење време и материјал. Таа беше многу сиромашна, со ниски интелектуални способности и неуредна, така што веднаш би ја извалкала. {2C 10.2}

Оваа личност ми одговори: „Кроj облеки! Тоа е твоја должност. Загубата нема да те погоди тебе, туку мене. Бог не гледа како што гледа човекот. Тој ги открива должностите кои треба да се завршат, а ти не знаеш кои ќе донесат резултати. Многумина од овие кутри души ќе влезат в небо, додека оние коишто ги уживаат сите благодети на животот, имаат доволно разум и се наоѓаат во ситуација постојано да напредуваат, ќе бидат отфрлени. Ќе се види дека тие кутри души живееле според онаа слаба светлина која што ја имале, дека се поправале толку колку што им допуштале нивните скромни можности и дека нивниот живот би бил многу поугоден на Бога отколку животот на некои луѓе кои имале полна светлина и големи предности за да се поправат”. {2C 11.1}

Тогаш ги покажав своите раце, полни со плускавци од ножиците, и реков дека ми е одбојна и самата помисла и понатаму да работам вака. Таа личност повторно одговори: {2C 11.2}

„Кроj облеки. Сè уште не е дојден часот на твојот одмор”. {2C 11.3}

Со чувство на премореност повторно се фатив за работа. Пред мене беа нови сјајни ножици со кои почнав да се служам. Одеднаш исчезна секакво чувство на умор и обесхрабреност. Ножиците како сами да сечеа, а јас лесно кроев една облека по друга. {2C 11.4}

Овој сон ме охрабри и веднаш одлучив да го придружувам својот сопруг и братот Ендрус во општините Грешет, Сеџино и Таскола, надевајќи се на Бога дека ќе ми подари сила за работа. И така на седми февруари тргнавме од дома и минавме педесет и пет милји до Алма, каде што имавме договорен состанок. Овде работев како и вообичаено и моите зборови беа убедливи и силни. Браќата во округот Грешет, внимателно нè сослушаа, иако мнозина беа заостанале во по глед на здравствената реформа и воопшто во делото на подготовка. Се чинеше дека кај овој народ нема доволно ред и сесрдност која е потребна за напредок на делото и духот на веста. Но братот Ендрус ги посети после три месеци и беше необично задоволен со својата посета меѓу нив. Мора да напоменам дека ме охрабри и тоа што едно многу строго сведоштво кое го упатив на едно семејство беше прифатено и им послужи за добро. Нам многу ни значи ова семејство и наша силна желба е тоа да напредува во Господа. Иако некако стравуваме за делото во округот Грешет, ние секогаш ќе помагаме на своите браќа, ако тие почувствуваат дека им е потребна помош. {2C 12.1}

На состанокот во Алма присуствуваа и браќата од Св. Чарлс и Титабаваси од округот Сеџино. Тие нè замолија да ги посетиме. Немавме намера да одиме во овој округ, туку во Таскола, доколку за тоа се отвори пат. Бидејќи не добивме никакви вести од Таскола, одлучивме да го посетиме и Титабаваси. Истовремено им пишавме во Таскола и

прашавме дали сакаат да им дојдеме. Во Титабаваси бевме пријатно изненадени здогледувајќи ја големата црква која ја изгради самиот народ и која беше полна со адвентисти. Браќата беа подготвени да го примат нашето сведоштво и ние можевме слободно да се изразиме. Братот А. во тоа место извршил големо и добро дело. После тоа, мнозина се противеа и напаѓаа, но како што луѓето доаѓаа да нè слушаат ова противење почна да малаксува и нашата работа изгледа дека остави добар впечаток на сите. Јас во ова место за една седмица бев на единаесет состаноци, зборував неколку пати еден до два часа и учествував и на други состаноци. На еден состанок се трудевме да поттикнеме некои адвентисти да тргнат напред и да го понесат крстот. Повеќето од нив требаше да се крстат. Во своето последно видение забележав места во кои треба да се проповеда вистината и кои треба да се посетат. Едно од тие места беше и ова. Особено ни значеше овој народ. Ми се откриј случаи на некои личности кои присуствуваа на собирот и ме обзеде толку силна желба за работа така што не можев да ја потиснам. Работев со нив скоро три часа упатувајќи им најсрдечни повици. Во таа прилика сите го земаа својот крст и истапија да се молат. Скоро сите зборуваа. Следниот ден беа крстени петнаесетмина. {2C 12.2}

Секој што ќе го посети овој народ мора да му оддаде признание на братот А. за неговата сесрдна работа. Негова должност била да работи во оние места каде што вистината сè уште не била објавена и јас се надевам дека нашиот народ ќе престане да го одвојува од таа должност. Тој може да продолжи по овој пат во понизност потпирајќи се на Божјата рака и да избави многу души од силата на темнината. Божјиот благослов и понатаму нека биде со него. {2C 13.1}

Додека нашите состаноци во ова место се ближеа кон крај, дојде братот Спунер, од Аскола, и нè повика да го посетиме и тој округ. Тој се врати во понеделникот така што преку него договоривме состаноци, а потоа во четвртокот и самите тргнавме во Таскола, по крштавањето. Во Васар одржавме состаноци во училишната зграда во сабота и првиот ден од седмицата. Овде можеше слободно да се зборува и нашите напори вродија со добар плод. Првиот ден попладне пристапија триесетмина отпаднати, а и некои деца кои дотогаш не исповедаа вера. Овој состанок беше необично корисен и интересен. Некои се беа одвоиле од делото и ние чувствувавме должност да работиме за нив. Но времето беше кратко и мене ми изгледаше дека ќе мора да си одиме со недовршена работа. Веќе имавме договорено состаноци во Св. Чарлс и Алма и за да можеме да стигнеме таму моравме во понеделникот да ја завршиме работата во Васар. {2C 13.2}

Таа ноќ повторно на сон ми се јави нешто што веќе претходно ми беше предочено, за извесни личности во Таскола, и јас стекнав уште посилно убедување дека за тој народ немав направено сè што можам. Сепак сфатив дека мора да отидеме на договорените состаноци. Во вторникот поминавме триесет и две милји патувајќи кон Св. Чарлс и застанавме да преноќиме кај братот Грикс. Овде напишав 15 страници сведоштва и присуствував на вечерниот состанок. Во средата наутро одлучивме да се вратиме во Таскола, доколку братот Ендрус сам би сакал да оди во Алма. Тој се согласи со тоа. Тоа утро напишав уште15 страници, присуствував на еден состанок на кој зборував еден час, а потоа со братот и сестрата Грикс поминавме триесет и две милји пристигнувајќи до братот Спунер во Таскола. Во четвртокот наутро отидовме во Ватрусвил, кој беше

оддалечен 16 милји. Напишав 16 страни сведоштва и присуствував на еден вечерен состанок на кој изнесов многу јасно сведоштво за една присутна личност. Идното утро напишав 12 страни пред да појадувам, а потоа се вратив во Таскола каде што напишав уште осум страници. {2C 14.1}

Во саботата претпладне најнапред зборуваше мојот сопруг, а по него и јас, полни два часа, не земајќи претходно никаква храна. Потоа состанокот беше прекинат за неколку моменти и тогаш јас зедов малку храна. Потоа еден час зборував на еден состанок за искажување на сведоштва, изнесувајќи јасни сведоштва за неколку присутни личности. Овие сведоштва воглавном беа примени со благодарност и понизност. Сепак, не можам да речам дека токму сите беа примени на тој начин. {2C 14.2}

Следното утро, кога се подготвувавме за да одиме во црква и да ја започнеме својата мачна секојдневна работа, влезе една сестра со својот маж, за која добив сведоштво дека е невнимателна и недоверлива и дека не владее целосно со своите зборови и постапки. Таа беше возбудена и непомирлива. Почна да зборува и да плаче. Малку мрмореше, малку признаваше, и многу се оправдуваше. Јас и реков дека има погрешна претстава за многу работи кои јас ѝ ги кажав. Нејзината гордост беше повредена затоа што толку јавно ги изнесов нејзините мани. Очигледно, тука лежи вистинската потешкотија. Но зошто таа го прима тоа на тој начин? Браќата и сестрите знаеја дека таа е таква и јас, според тоа, не ги известив за ништо ново. Меѓутоа, не се сомневав дека за неа самата тоа беше навистина нешто ново. Таа недоволно се познаваше себе си и не можеше правилно да ги проценува своите зборови и постапки. Тоа важи и за скоро сите останати. Затоа потребно е верно укорување во црквата и кај сите членови да се развива љубов кон отвореното сведоштво. {2C 14.3}

Нејзиниот маж изгледа не можеше да се помири со тоа дека нејзините мани ги изнесов пред црквеното собрание. Тој тврдеше дека не би се чувствувал повреден кога сестра Вајт би постапила според упатствата кои Господ ни ги дал во Матеј 18:15-17: „Ако згреши братот твој против тебе, оди и укори го насамо, меѓу тебе и него; ако те послуша, си го придобил брата си. Но ако не те послуша, земи со себе уште еден или двајца и од устата на двајца или тројца сведоци да се потврди секој збор. А ако не ги послуша и нив, кажи ѝ на црквата; па ако не ја послуша и неа, нека ти биде како незнабожец и цариник". {2C 15.1}

Мојот маж тогаш рече дека според негово мислење тие Господови зборови се однесуваат на случаи кога некој ќе згреши на поединец и дека не можат да се применат во случајот на оваа сестра. Таа не згреши кон сестра Вајт. Тоа што беше јавно укорена, тоа е јавно зло кое го загрозува напредувањето на заедницата и делото. Мојот маж додаде дека на овој случај се однесуваат зборовите од 1. Тимотеј 5:20: „Оние кои грешат изобличи ги пред сите, за да имаат и другите страв". {2C 15.2}

Братот ја призна својата грешка како вистински христијанин и изгледаше како да го прифаќа нашиот став. Беше очевидно дека по состанокот во саботата попладне многу работи невистинито се прикажани и страшно увеличени. Затоа беше предложено ракописот на сведоштвата повторно да се прочита. А кога го направивме тоа сестрата која беше укорена праша: „Дали вчера беше прочитано само тоа?" Одговорив потврдно. Таа беше изненадена и сосема помирена со сведоштвото. Го дадов тоа сведоштво не задржувајќи препис за себе. Тука згрешив. Меѓутоа, чувствував толку голема

наклонетост кон неа и нејзиниот сопруг и имав толку голема желба да им биде добро, така што во нејзиниот случај отстапив од едно свое утврдено начело. {2C 16.1}

Времето на состанокот беше поминато и побрзавме да поминеме една и пол милја до местото каде што нè очекуваше собир на верници. Читателот нека просуди сам дали оваа утринска случка можеше да ни помогне да ги приберемеме своите мисли и да се подготвиме да излеземе пред народот. Но кој мислеше на тоа? Некои можеби и покажуваа некакво разбирање, но затоа некои невоздржани и невнимателни доаѓаа со своите неволји и неволји токму пред да излеземе да зборуваме или после тоа, кога бевме исцрпени. Мојот маж сепак ја присобра сета своја сила и по барање на другите зборуваше за законот и евангелието. Мене тоа попладне ме повикаа да зборувам во новата црква, која методистите неодамна ја подигнаа и посветија. Оваа пространа зграда беше толку полна, така што мнозина мораа да стојат. Јас скоро час и половина слободно зборував за првата од двете големи заповеди кои ни ги дал Господ. Бев изненадена кога дознав дека претпладне и методистичкиот проповедник зборувал за овој ист предмет. И тој и неговите верници заинтересирано дојдоа да слушнат што ќе кажам. {2C 16.2}

Вечерта имавме еден драгоцен разговор кај братот Спунер со браќата Милер, Хеч и Хаскел и сестрите Старџис, Блис, Харисон и Малин. Почувствуваме дека нашата задача во округот Таскола засега е завршен. Стекнавме голема наклонетост кон овие драги луѓе, но стравувавме дека сестрата за која изнесов едно сведоштво ќе дозволи сатаната да завладее со неа и така да внесе немир и помеѓу другите. Сесрдно сакав таа да ја согледа работата во нејзината вистинска светлина. Патот по кој што тргнала само го руши нејзиниот углед во црквата и надвор од неа. Но кога понизно би ги усвоила неопходните опомени и би сакала да се владее според нив, црквата повторно би и го отворила своето срце и луѓето би имале поинакво мислење за нејзиното христијанство. И што е најважно, би заслужила милостива насмевка од нашиот Откупител. Дали таа целосно ќе го прифати сведоштвото? Се плашев дека тоа нема да се случи и дека со тоа ќе ги ожалости срцата на браќата во овој округ. {2C 16.3}

На враќање дома, побарав од неа еден препис од сведоштвото, и на 15. април ги примив следните редови кои што ги напишала на 11. април од Данска: „Сестро Вајт, го примив вашето писмо од 23. минатиот месец. Жалам што не можам да ви излезам во пресрет на Вашата молба". {2C 17.1}

Јас и понатаму ќе негувам најубави чувства кон тоа семејство и ќе бидам среќна ако можам да помогнам. Навистина, таквата постапка од страна на оние на кои го посветив мојот живот предизвикува кај мене тага; но мојот пат толку јасно е означен така што вакви нешта не можат да ме одвратат од должноста. Се вратив од поштата со споменатото писмо, многу потиштена, ја зедов Библијата и ја отворив со молитва за да најдам во неа утеха и потпора. Мојот поглед веднаш запре на следните зборови на пророкот: „А ти препаши ги своите бедра и стани, па ќе им зборуваш сè што ќе ти заповедам тебе. Не трепери пред нив, за да не треба да направам да се стресеш пред нив. Ете, денес те поставувам како утврден град, како железен столб, како бронзен ѕид против сета земја, против царевите и кнезовите јудејски, против свештениците и народот на оваа земја; и ќе војуваат со тебе ама нема да те надвладеат зошто Јас сум со тебе, за да те избавам, говори Господ". Еремија 1:17-19. {2C 17.2}

Се вративме од пат токму пред еден голем дожд кој што го однесе сиот снег. Заради таа бура не можеше да се одржи следниот саботен состанок, па веднаш почнав да приготвувам материјал за сведоштвото бр. 14. Покрај тоа, се грижевме за нашиот драг брат Кинг, кој дојде во нашиот дом со една страшна повреда на главата и на лицето. Го доведовме во својата куќа за да умре тука, не надевајќи се дека некој со толку страшно повредена глава може да закрепне. Но со Божји благослов и благодарение на многу благото лечење со вода и строга диета, сè додека не помине опасноста од грозницата, како и доброто проветрување на собата дење и ноќе, тој за три недели толку се опорави, така што можеше да се врати во својата куќа и да се посвети на вообичаените работи. За сето време додека траеше болеста не зеде ниту еден грам лек. Иако беше значително ослабен поради губење крв од раната и строгата диета, бргу се опорави штом беше во состојба да прима пообилна храна. {2C 18.1}

Во тоа време, отприлика, почнавме да работиме за нашите браќа и пријатели во Гренвил. Како што беше тоа случај и во многу места, и на овие браќа им беше потребна помош. Тука имаше луѓе кои ја славеа саботата, но не припаѓаа на црквата; додека имаше други кои ја напуштија саботата и им беше потребна помош. Бевме подготвени да им помогнеме на овие кутри души, но, минатиот и сегашен став на поранешните членови на црковниот одбор кон овие личности, скоро целосно оневозможи да им се приближиме. Во својата работа со заблудените, некои од нашите браќа беа премногу остри и зајадливи во своите забелешки. Кога луѓето ќе покажеа склоност да отфрлат совет и да се одвојат од нив, тие зборуваа: „Па добро, ако сакаат да си одат, нека си одат". Кога т.н. Христови следбеници покажуваат таков недостаток на сожалување, трпеливост и нежност, тогаш е скоро сигурно дека тие кутри, заталкани и неискусни души кои сатаната ги соблазнува ќе претрпат бродолом во својата вера. Колку и да се големи гревовите и грешките на заблудените, нашите браќа треба да се учат да ја покажат не само благоста на Големиот Пастир туку и Неговата неуморна грижа и љубов за кутрото заталкано стадо. Нашите проповедници работат и се мачат со седмици и се радуваат кога неколку души ќе ја примат вистината, додека овие наши браќа, кои се научиле да донесуваат брзи одлуки, можат за пет минути да го уништат нивното дело изговарајќи ги лекомислено зборовите: „Па добро, ако сакаат да си одат, нека си одат". {2C 18.2}

Сфативме дека не можеме ништо да направиме за распрснатото стадо пред да ги исправиме грешките кај мнозина членови од црквата. Тие дозволија кутрите души да заталкаат. Не чувствуваа никаква должност кон нив. Всушност, тие како да се затвораа во себе и умираа духовно поради недостаток на духовна работа. Сè уште чувствуваа љубов, општо кон делото и беа подготвени да помогнат. Понекогаш добро ќе се погрижеа за Божјите слуги. Меѓутоа, не се грижеле за вдовиците, сирачињата и немоќните од стадото. Освен некој мал, општ интерес, тие покажуваа љубов единствено кон своето најблиско семејство. Со таква тесногради вера, тие всушност умираа со духовна смрт. {2C 19.1}

Имаше и некои луѓе коишто ја празнуваа саботата, присуствуваа на состаноците и даваа прилози (десетоци), но, не припаѓаа на црквата. Точно е дека тие не беа соодветни за членови на било која црква. Меѓутоа, ако водечките луѓе во црквата и понатаму им го ускратуваат своето охрабрување, или им го понудат само во најмала мера, тие нема да

бидат во состојба да станат во Божја сила и да се поправат. Кога почнавме да работиме со оваа црква и да ги поучуваме нејзините членови дека мора да покажат повеќе волја во работата за оние кои талкаат, ми се откри многу од она што го видов во врска со состојбата на делото во тоа место; затоа пишував отворени сведоштва не само за оние коишто многу грешеа и беа надвор од црквата, туку и за членовите кои многу грешеа затоа што не одеа да ги бараат загубените овци. Начинот на кој овие сведоштва беа примени, ме разочара повеќе од кога и да е. Кога тие што ги сторија најголемите грешки беа укорени со најјасни сведоштва кои им беа читани јавно, ги прифатија и со солзи ги признаа своите грешки. Но останатите кои се сметаа за големи пријатели на делото и на Сведоштвата, едвај можеа и да замислат дека се на толку погрешен пат, како што тврдат сведоштвата. Кога им беше речено дека се грижат само за себе, одвојувајќи се со своите семејства од другите, и дека затоа што се оградиле од светот и ги пуштиле кутрите души да пропаднат, им демне опасност да станат горди и самозадоволни,- западнаа во голем немир и неволја. {2C 19.2}

Но, беше потребно да поминат низ ова искуство за во иднина да имаат повеќе разбирање за другите кои преживуваат слични неволји. Многумина живеат во убедување дека почитувајќи ги сведоштвата никогаш нема да западнат во неволја и така чувствуваат сè додека не дојдат на проба. Тие искажуваат големо чудење како некој воопшто може да се посомнева. Таквите се строги кон оние кои покажуваат било каков сомнеж и ги осудуваат за да ја искажат својата ревност за сведоштвата, при што покажуваат повеќе самоправедност отколку понизност. А кога Бог ќе ги укори за нивните гревови непостојани се како вода. Едвај ги поднесуваат неволјите. Сето ова треба да ги научи на понизност, благост и несебична љубов кон заблудените. {2C 20.1}

Ми се чини дека Господ им упатува на заталканите, слабите и плашливите, па дури и на оние кои отпаднале од вистината, посебен повик да се вратат во стадото. Но, малкумина се такви во нашите цркви коишто го увидуваат ова, а уште помалку се оние коишто сакаат да им помогнат на таквите. Повеќе се оние кои стојат директно на патот на овие кутри души. Многумина имаат строг дух. Тие бараат од овие луѓе да станат такви или онакви пред да им се пружи помошничка рака. И така, постојано ги држат на извесно растојание, не увидувајќи дека нивна должност е да одат и да ги бараат овие загубени овци. Не смеат да чекаат тие да дојдат кај нив. Прочитајте ја потресната приказна за загубената овца. Лука 15:1-7: „Се приближуваа кон Него сите цариници и грешници за да го слушаат. А фарисеите и книжниците пак негодуваа, велејќи: 'Овој прима грешници и јаде со нив.' Но Исус им ја кажа оваа парабола и рече: 'Кој од вас ако има сто овци, и ако загуби само една од нив, нема да ги остави останатите деведесет и девет во пустината и нема да оди да ја бара загубената, сè додека не ја најде? А кога ќе ја најде, ќе ја крене, радувајќи се, на своите рамена и кога ќе дојде дома ќе ги повика пријателите и соседите и ќе им рече: Радувајте се со мене, зошто ја најдов својата загубена овца! Ви велам дека така и на небото ќе биде поголема радост за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници кои немаат потреба од каење". {2C 20.2}

Фарисеите мрмореле бидејќи Исус примал цариници и грешници и јадел со нив. Во својата самоправедност тие ги презреле тие бедни грешници кои со радост ги слушале Исусовите зборови. За да ги укори поради таквото сфаќање, за да даде на сите значајна

поука, Господ раскажал парабола за загубената овца. Особено треба да се воочат следните точки: {2C 21.1}

Деведесет и девет овци се оставени и грижливо беше барана една единствена, загубена овца. Сиот труд бил вложен само за таа единствена, несреќна овца. Исто така, црквата треба да се залага за оние членови кои се одвојуваат од Христовото стадо. Иако можеби далеку заталкале, не чекајте да се вратат за да им помогнете, туку појдете по нив во потрага. {2C 21.2}

Кога загубената овца е најдена, донесена е дома со радост и била приготвена голема веселба. Така е прикажано благословеното, радосно дело на залагање за грешниците. Црквата која успешно учествува во таквата работа навистина е среќна. Мажот или жената кои во својата душа негуваат сочувство и љубов кон грешниците и се трудат да ги вратат во стадото на големиот Пастир - учествуваат во едно благословено дело. Колку оваа помисла ја усреќува душата; кога еден грешник се спасува, небото повеќе се радува отколку за оние деведесет и девет праведници! Себични, исклучиви, души кои многу бараат, коишто се плашат да прискокнат во помош на оние кои грешат за да не се извалкаат и самите, не ја чувствуваат сласта на мисионерската работа; таквите не ја чувствуваат таа благословеност која го исполнува целото небо со радост заради спасувањето на една заталкана душа. Тие се огоречени во своите кусогледи гледишта и чувства и со тоа се пусти и неплодни како горите Гелвујски коишто не ги наквасила ниту роса, ниту дожд. Ако еден силен човек се одвои од работата, тој постанува слаб. Црквата или личностите коишто избегнуваат да го понесат товарот за другите, коишто се затвораат само во себе, ќе страдаат од духовна слабост. Токму работата го чини човекот силен. А духовната работа, трудот и неволјите ќе и дадат сила на Христовата заедница. {2C 22.1}

Во саботата и неделата, на 18. и 19. април поминавме пријатно време со нашиот народ во Гринвил. Со нас беа браќата А. и Б. Мојот сопруг крсти осум лица. Со црквата во Рајт бевме на 25. и 26. април. Тие добри луѓе секогаш радосно нè дочекуваа. И овде мојот сопруг крсти осум души. {2C 22.2}

На втори мај наидовме на голем собир во црквата во Монтери. Мојот сопруг јасно и силно ја повтори параболата за загубената овца. Неговите зборови беа од голема корист. Неколкумина се беа одвоиле од црквата, а никој не се потрудил да им помогне. Крут, строг и бесчувствителен став на извесни браќа бил сведен до таму дури и да се спречи нивно враќање во црквата ако тие тоа би го посакале. Ова прашање ги допре срцата на сите браќа и сите покажаа желба правилно да се постапи. Првиот ден трипати зборувавме во Олеган. Бевме договорени да се состанеме со црквата во Батл Крик на деветти; но сфативме дека нашата работа во Монтери само што почна и одлучивме да се вратиме во Монтери и со тамошната црква да работиме уште една седмица. Работата напредуваше и надвор од нашите очекувања. Куќата беше полна и никогаш порано немавме толку успех во нашата работа во Монтери за толку кратко време. Првиот ден 50 лица истапија за молитва за нив. Браќата длабоко сочувствуваа со загубените овци и признаа дека се држеле студено и рамнодушно и заземаа правилен став. Браќата Г.Т. Леј и С. Рамери дадоа добри сведоштва и останатите со радост ги прифатија. Беа крстени четиринаесет лица, меѓу нив еден човек со средни години кој порано се противел на вистината. Делото се развиваше со голема сериозност, со исповеди и солзи, носејќи сè

пред себе. Така беше завршена тешка работа во годината во која се одржуваше Конференцијата. Сепак чувствувавме дека доброто дело во Монтери сè уште не е сосем завршено. Се договоривме повторно да дојдеме и да поминеме неколку седмици во Олеган. {2C 22.3}

Изминатата Конференција претставуваше особено значаен период. Мојот сопруг многу работеше на бројните седници и сега мора да се одмора. Нашиот народ во текот на минатата година со наклонетост гледаше на нашата работа и на Конференцијата ни беше укажано нежно внимание, разбирање и благонаклоност. Чувствувавме кај нив голема блискост и се разделивме чувствувајќи взаемна доверба и љубов. {2C 23.1}

---

2. РАБОТА ЗА ХРИСТА

Според она што ми е покажано, адвентистите на седмиот ден како што им расне богатството стануваат сè посебични. Нивната љубов кон Христа и Неговиот народ опаѓа. Тие не ги гледаат потребите на сиромашните, ниту ги чувствуваат нивните страдања и грижи; не увидувајќи дека запоставувајќи ги сиромашните и страдните го запостуваат Христа, а со ублажувањето на страдањата и маките на сиромашните, колку што е можно, значи да се служи на Исуса. {2C 24.1}

Христос му се обраќа на Својот откупен народ: „Дојдете, благословени од Мојот Татко, и наследете го царството, кое ви е приготвено од создавањето на светот. Зашто гладен бев и Ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте; странец бев и ме примивте; гол бев и Ме облековте; болен бев и Ме посетивте; во затвор бев и дојдовте при Мене". {2C 24.2}

„Тогаш праведниците ќе му одговорат и речат: 'Господи кога те видовме гладен и те нахранивме или жеден и те напоивме? Кога те видовме како странец и те примивме или гол и те облековме'? А Царот ќе им одговори и рече: 'Вистина ви велам, доколку сте го направиле тоа за еден овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле". {2C 24.3}

Да се биде вреден, трпеливо да се прави добро во самооткажување, тоа е славно дело на кое Небото гледа со одобрување. Бог повеќе цени работа со вера, отколку најревно формално богослужение. Вистински да му се служи на Бога значи да се работи заедно со Христа. Молитвите, поттикнувањата и разговорите се евтини плодови, додека добрите дела, грижата за сирачињата, вдовиците и сиромашните претставуваат вистински плодови кои природно растат на доброто дрво. {2C 24.4}

Чистата и беспрекорна вера пред Таткото е оваа: „Да се посетуваат сираците и вдовиците во нивните неволји, и себе си да се држиш неизвалкан од светот". Христос од нас бара плодови на добри дела: љубезни зборови, добродетелства, нежна грижа за сиромашните и несреќните. Кога сте наклонети кон оние што се обесхрабрени и тажни, кога раката му дава на сиромашниот, кога ќе го облечете голиот и странецот, кога ќе направите место во својот дом и во срцето, тогаш ангелите се многу близу. Тогаш ги допирате жиците кои одзвонуваат на небото. Секое дело на правда, сочувство и добродетелство наидува на одек на небото. Таткото од Својот престол ги набљудува оние кои ги чинат тие добри дела и ги вбројува во Своето најскапоцено богатство. „Тие

ќе ми бидат Мои, вели Господ над војските, Моја сопственост во оној ден кога ќе ги соберат Своите драгоцености". Секое добро дело сторено на сиромавиот и несреќниот, кога се грижите за сирачињата, тогаш станувате посродни на Исуса. {2C 25.1}

„Тогаш ќе им рече на оние кои што му стојат од левата страна: 'Одете од Мене, проклети, во вечниот оган, приготвен за ѓаволот и за неговите ангели! Зашто огладнев и не ми дадовте да јадам; ожеднев и не ми дадовте да пијам; бев странец и не ме примивте; бев гол и не ме облековте; бев болен и во затвор и не ме посетивте.' Тогаш тие ќе одговорат и речат: 'Кога те видовме гладен или жеден, како странец, или гол или болен или во затвор и не те послуживме?' Тогаш ќе им одговори: 'Вистина ви велам доколку не им направивте на овие најмали, ни Мене не ми направивте!' И овие ќе отидат во вечна мака, а праведниците во вечен живот". Матеј 25:41-46. {2C 25.2}

Исус овде се изедначува со Својот народ кој страда. Јас бев гладен и жеден. Јас бев странец. Јас бев гол. Јас бев болен. Јас бев во затвор. Додека вие се насладувавте од јадењата на своите раскошни трпези, јас гладував во колиба или на улица, недалеку од вас. Кога пред Мене ја затворивте вратата, иако никој немаше во вашите убаво наместени соби, јас немав каде да ја засолнам главата. Вашите плакари беа полни со раскошни облеки, на што парите беа непотребно растурани, а кои можевте да ги дадете на сиромашните. Јас немав удобна облека. Кога вие бевте здрави, јас бев болен. Несреќата ме фрли во затвор и ме врза во окови, го скрши мојот дух, ме лиши од слобода и надеж, додека вие уживавте во слобода. Како Исус овде целосно се изедначува со своите напатени ученици! Тој ја дели нивната судбина. Се изедначува со оние што страдаат. Запаметете, себични христијани, секое запоставување на сиромашните и сирачињата претставува занемарување на Христа. {2C 25.3}

Познавам луѓе кои тврдат дека ја исповедаат вистината, но чиишто срца се толку затворени од самољубието и себичноста така што не можат да го ценат она што им го пишувам. Тие целиот свој живот мислеле и живееле само за себе. Да се жртвуваш за добро на другите, да се лишуваш од нешто од што другите би имале корист, тоа кај нив воопшто не доаѓа во предвид. Тие ниту малку не сфаќаат што Бог бара од нив. Нивен идол е сопственото „јас". Скапоцени седмици, месеци и години преминуваат во вечноста, а на небото на нив не се запишува ниту едно добро дело, никаква жртва за добро на другите; ниту пак за нахранување на гладните, облекување на голите, ниту за примање на странецот. Не е пријатно да се изложуваш на ризик при примање на непознат. Кога би знаеле дека сите коишто го бараат нивното гостопримство се достојни, можеби и би направиле нешто во тој правец. Но, при изложувањето на опасност имаме предност. Можеби така ќе нагостиме ангели. {2C 26.1}

Има сирачиња за кои треба да се погрижиме; меѓутоа, некои не сакаат да се зафатат со тоа, зашто би морале повеќе да работат и не би имале доволно време за да си угодат на себе. Но, кога Царот ќе ги изведе пред судот, тогаш тие мрзливи, недарежливи, себични души ќе увидат дека небото е наменето на оние кои биле добри работници, кои се откажале од самите себе заради Христа. Ништо нема да остане за таквите кои се сакале само себе си и секогаш се грижеле само за себе. Страшната казна со која Царот им се заканува на оние од левата страна, не е во овој случај последица на нивните големи гревови. Тие нема да бидат осудени за делата што го сториле, туку за она што не

го направиле. Не го направивте она што небото ви го наложи. Угодувавте само на себе и сега ја делите судбината со оние кои постапувале исто така. {2C 27.1}

На сестрите би сакала да им кажам: Правете добрини! Синот човечки дојде да го бара и спаси она што е загубено. Можеби мислите дека можете да земете и да се грижите за некое дете кое нема мани; но, да се оптоварувате со дете кое греши, да го одвикнувате од многу работи и повторно да го поучувате, да го научите на самосовладување- таа работа одбивате да ја прифатите. Да го учите оној кој не знае, да се сожалува и преобразува некој кој што се навикнал на зло, тоа не е лесна работа. Но небото токму таква должност ставило на вашиот пат. Тоа е скриен благослов. {2C 27.2}

Пред многу години ми беше покажано дека Божјиот народ ќе биде испитуван во поглед на отворање на домови за бездомници, дека мнозина ќе останат без своите куќи заради вистината. Сред прогонства и угнетување многу верници ќе бидат лишени од своите огништа и должност на оние што имаат дом е широко да ги отворат своите врати на оние коишто го немаат. Неодамна ми беше покажано дека Бог особено ќе го проверува Својот народ во врска со ова. Христос заради нас стана сиромав, за ние со Неговото сиромаштво да се збогатиме. Тој се дал себеси за жртва за да создаде прибежиште на гостите и дојденците кој во овој свет копнеат по подобра, небесна татковина. Дали оние коишто ја уживаат Неговата благодат и се надеваат дека ќе бидат наследници на бесмртноста, имаат смелост да одбиваат или недоброволно да го делат домот со бездомниците и сиромашните? Зар ние, Христовите ученици, смееме да ја затвориме вратата на својот дом на странците само затоа што тие не се познаваат со домашните? {2C 27.3}

Зар зборовите на апостолот немаат повеќе сила во овој век: „На гостољубивоста не заборавајте; бидејќи преку неа некои примија ангели на конак". Секој ден чувствувам болка поради себичноста меѓу Божјиот народ. Кај него се чувствува загрижувачки недостаток на љубов и грижа кон оние кои имаат право на тоа. Нашиот небесен Татко поставува скриени благослови на нашиот пат, но некои нема да ги допрат од страв дека ќе се одвојат од своите уживања. Ангелите набљудуваат дали ќе ја искористиме приликата којашто ни се дава за да направиме добро дело и дали ќе сакаме да бидеме благослов на другите, за да можат и тие нас да нè благословат. Нас, самиот Господ нè направи различни - некои богати, некои сиромашни, а некои во неволја - за да имаме сите прилика да го развиеме својот карактер. Бог намерно дозволи постоење на сиромашни за да нè испита и за да покажеме што ни лежи во срцето. {2C 28.1}

Слушнав како многумина се оправдуваат што во своите домови и срца не ги примаат Божјите свети: „Ете, ништо немаме подготвено, ништо не сме зготвиле; тие мора да одат кај некој друг". А во тој друг дом, можеби, ќе се најде некој сличен измислен изговор, за да не се примат оние на кои им е потребно да се покаже гостопримство. И гостинот длабоко натажен си оди со непријатен впечаток на негостољубие на оние кои исповедаат дека се браќа и сестри. Ако немаш леб, сестро, земете го примерот кој што е изложен во Библијата. Оди кај својот сосед и кажи му: „Пријателе, дај ми три леба на заем, зошто ми дојде пријател од пат и немам што да му поставам". Никаде нема докази дека недостатокот на леб го оправдува одбивањето на молбата. Кога Илија дошол кај вдовицата од Сарепта, таа го поделила својот последен залак со Божјиот пророк, и тој направил чуда. Токму затоа што покажала гостопримство на Господовиот слуга и со него

го поделила она што го имала, бил сочуван нејзиниот и животот на нејзиниот син. Ова исто ќе го искусат и многу други, само ако радосно прават она што е добро, на Божја слава. {2C 28.2}

Некои се изговараат со слабо здравје - со радост би работеле само кога би имале сила. Тие толку долго се занимавале сами со себе, толку многу се занимавале со своите бедни чувства и зборувале само за своите страдања, неволји и несреќи, така што во тоа и се состои целата нивна вистина. Тие не можат да мислат на никој друг освен сами на себе, па колку многу и да им е потребно на другите сочувство и помош. За оној кој страда заради слабо здравје постои лек. Ако го облечеш голиот и го примиш сиромавиот кој застанал пред твојата врата и ако му дадеш леб на гладниот „тогаш ќе светне твоето видело како зора, здравјето твое брзо ќе процвета". Да правиш добро - тоа е одличен лек за секоја болест. Тие кои се посветуваат на нашето дело треба да се обратат на Бога, а Тој ветил дека ќе ги услиши. Нивната душа ќе биде освежена во сушата, а тие ќе бидат како наводенета градина чија вода никогаш не пресушува.

Разбудетете се, браќа и сестри. Не плашете се од добри дела. {2C 29.1} „Кога правиме добро, тоа нека не ни биде здодевно, зошто во свое време ќе пожнееме ако не се изморите". Не чекајте за да ви се каже која е вашата должност. Отворете ги очите, погледнете ги оние кои се наоѓаат околу вас; запознајте се со беспомошните, немоќните и сиромашните. Не кријте се од нив и не затворајте ги очите за нивните неволји. Кој со својот живот дава докази за чистата вера која Јаков ја споменува, неизвалкана себичност и расипаност? Кој настојува да направи сè што е во негова моќ за да може да помогне во големото дело на спасување? {2C 29.2}

Познавам една вдовица која е принудена со својата игла да издржува две мали деца. Таа е бледа и намачена. Цела зима се бореше да ги прехрани децата и себеси. Таа прими некаква помош, но, дали некој ќе беше оштетен кога би посветил повеќе внимание на нејзиниот случај? Тоа се две момчиња, едното од девет, а другото од единаесет години, на кои им е потребен дом. Кој е подготвен тоа да им го овозможи во Христово име? Би требало мајката да биде ослободена од овие грижи и да и се олесни тешката работа. Овие момчиња живеат во едно село и за нив се грижи единствено нивната мајка која тешко работи. Тие би требало да бидат поучени како да работат работи кои ги дозволува нивната возраст. Треба да се упатуваат трпеливо, љубезно и со љубов. Можеби некој ќе рече: „Ох, па јас би можел да ги земам и да ги научам на некој занает". Меѓутоа, не треба да се занемари тоа што тие треба да бидат поучувани не само на некој занает, туку и на многу други работи. Тие треба да се поучат како да развијат добар христијански карактер. Ним им е потребна љубов и наклонетост; потребно е да бидат научени да бидат од корист овде и најважно, да се подготват за небото. Ослободете се од себичноста и ќе видите на колку луѓе околу вас можете да им помогнете со својот дом, наклонетост, љубов, укажувајќи им на Божјото јагне кое ги зеде на себе гревовите на светот. Дали сакате да поднесете жртва за спасение на души? Исус, нашиот драг Спасител, подготвува дом за вас; па зошто вие не би подготвиле дом на оние на кој им е потребен и на тој начин да го следите примерот на нашиот Учител? Ако не сте подготвени така да постапите, тогаш кога ќе почувствувате потреба за дом на небото, нема да ви биде дадено. Зошто Исус вели: „Доколку не сте го направиле тоа за еден од овие најмали браќа ни за Мене не сте го направиле". Вие кои бевте себични,

кои целиот свој живот гледавте само за своја корист и удобност, часовите на вашето време на проба бргу се ближат кон крајот. Што правите за да го откупите својот себичен и некорисен живот? Разбудете се! Разбудете се! {2C 30.1}

Ако ви значат вечните добра, разбудете се и започнете со сеење на добро семе. Она што ќе го посеете, тоа и ќе го пожнеете. Се приближува времето на големата жетва кога ќе го пожнееме она што сме го посеале. Жетвата нема да нѐ одмине: таа е извесна. Сега е време на сеење, сега направете напор да се збогатите со добри дела, „подготвени да делат со другите она што го имаат," собирајќи за себеси добар темел за иднината за да „можат да примат живот вечен". Ве преколнувам вас, браќа мои, каде и да се наоѓате, ослободете се од своето студенило. Развивајте во себе гостољубивост и подготвеност да помогнете на оние на кои им е потребна помош. {2C 31.1}

Можеби ќе речете дека сте примиле и сте помагале на тие кои не биле достојни за вашето милосрдие и дека потоа сте изгубиле волја да помагате на неволните. Ви обрнувам внимание кон Христа. Тој дошол да го спаси паднатиот човек, да донесе спасение на Својот народ, но, тие не сакале да го примат. Тие го презреле неговото милосрдие и најпосле го однеле во смрт Оној Кој дошол да им донесе живот. Дали нашиот Господ заради тоа го напуштил паднатиот човечки род? И ако вашите напори бидат безуспешни деведесет и девет пати, и ако за возврат сте примиле само навреда, прекор и омраза, сепак ако стотиот пат имате успех и спасите една душа, колкава победа со тоа се задобиле! Една душа истргната од сатанските канџи, една спасена душа, една охрабрена душа. Исус ќе ви рече: „Доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле". Зар не би било подобро да правиме сѐ што е во наша моќ за да го следиме животот на нашиот Господ? Мнозина ќе се повлечат при самата помисла дека треба да се жртвуваат за други. Тие не сакаат да страдаат за да помогнат на другите. Таквите се залажуваат со мислата дека од нив не се бара да си наштетуваат себеси за да помогнат на другите. Исус е нашиот Пример, им довикнуваме на таквите. {2C 31.2}

Кога двајцата Заведееви синови побараа да седнат едниот од десната, а другиот од левата страна во неговото царство, Исус одговорил: „Не знаете што барате. Можете ли да ја пиете чашата што ќе ја пијам Јас или да се крстите со крштавањето со кое Јас ќе се крстам?' Тие му рекоа: 'Можеме.' И Тој им рече: 'Чашата Моја ќе ја испиете, и ќе се крстите со Моето крштавање; но да седнете од Мојата десна страна и левата тоа не зависи од Мене; туку ќе седнат оние за кои е приготвено од Мојот Татко". Колкумина можат да одговорат: Можеме да пиеме од таа чаша, можеме да се крстиме со такво крштавање - а одговорот да им биде разумен и на место? Колкумина се оние што се угледуваат на големиот Пример? Сите оние коишто се сметаат за Христови следбеници тврдат дека одат по Неговиот пат. Но, животот на многу луѓе кои постојано ја истакнуваат вистината, покажува колку малку се угледале на Него и колку малку живеат според Него. Тие го прилагодуваат својот живот според своите несовршени гледишта, а не се угледаат на Христовото самооткажување и Неговиот живот на жртва за доброто на другите. {2C 32.1}

Меѓу нас има сиромашни, бездомници и вдовици. Слушнав како еден богат земјоделец ја опишува ситуацијата на една сиромашна вдовица. Тој со сожалување го опишуваше нејзиниот мачен живот и на крај рече: „Не знам како ќе ја преживее оваа

јака зима. Сега таа навистина се наоѓа во тешки околности". Ваквите луѓе целосно заборавиле на Христа и нивните дела зборуваат: „Не, Господе, ние не можеме да ја пиеме чашата на самооткажување, понижување и жртва којашто ти си ја испил, ниту да се крстиме со страдањата со кои ти си се крстил. Ние не можеме да живееме за доброто на другите. Ние се грижиме само за себе". Кој треба да знае како ќе проживее вдовицата, ако не оној кој има полни амбари? Тука, при рака е сè што е потребно за да ѝ се помогне. И зар оние кои Бог ги поставил за свои повереници, на кои го доверил своето богатство, се осмелуваат да не обрнуваат внимание на молбите од сиромашните Христови следбеници? Ако е тоа навистина така, тогаш тие задржуваат од Исуса. Зар вие очекувате дека Господ ќе пушти жито од небото за со него да ги нахрани сиромашните? Нели вам ви го дал во рацете, за да може преку вас да помогне и да благослови? Нели ве направил канал во тоа благословено дело за да може да ве испита и да ви пружи прилика да стекнете богатство на небото? {2C 32.2}

Децата без татко и мајка се донесени во прегратките на црквата, а Христос им вели на Своите следбеници: „Земете ги овие сирачиња, одгледајте ги за Мене и ќе ја добиете својата плата". Видов колкава себичност владее во овој поглед. Кога не се сосема сигурни дека усвојувањето на некој бездомник ќе донесе особена корист, мнозина ќе одбиваат и одговараат: Не! Овие луѓе не се грижат дали тие суштества ќе се спасат или не. Сметаат дека тоа не е нивна работа и заедно со Каин одговараат: „Зар сум јас чувар на својот брат?" Тие не се волни да поднесат никаква непријатност ниту жртва поради сирачињата и рамнодушно ги препуштаат на светот кој понекогаш попрво ќе ги прифати, отколку оние луѓе што себеси се сметаат за христијани. Кога ќе дојде Божјиот ден, ќе бидат повикани на одговорност сите оние на кои небото им пружило можност да ги спасуваат другите, а тие ги избегнувале своите должности и не сакале да направат ниту едно добро дело ако од тоа не би можеле да извлечат некаква корист. Покажано ми е и дека оние кои што не ја користат приликата да прават добро, ќе ги слушнат Христовите зборови: „Доколку не сте го направиле тоа за еден од овие најмали браќа ни за Мене не сте го направиле". Ве молам читајте од 58-то поглавје од книгата на Исаија: {2C 33.1}

„Таков ли е постот, што Јас го определив: човек да ја изнемоштува душата своја во денот кога ја наведнува главата како трска и под себе постила вреќиште и пепел? Тоа ли ќе го наречеш пост и ден угоден на Господа? Ете го постот, што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот, и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните, и скитниците сиромаси одведи ги во домот свој; ако видиш гол, -облечи го, и од еднокрвниот не се крај. Тогаш твојата светлина ќе се јави како зора, и твоето здравје наскоро ќе процути, твојата правда ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе ти биде задна стража. Тогаш ти ќе повикаш - и Господ ќе те чуе, ќе извикаш - и Тој ќе рече: 'Еве Ме.' Кога ќе го отстраниш од себе јаремот, кога ќе престанеш да креваш прст и да говориш лошо, кога ќе му ја дадеш на гладниот душата своја и ќе ја нахраниш душата на страдалникот, - тогаш твојата светлина ќе изгрее во темнината, и мракот твој ќе биде како пладне; Господ секогаш ќе ти биде водач, а и во време на суша ќе ја наситува душата твоја и ќе ги крепи коските твои; ти ќе бидеш како градина напоена со вода и како извор, чии води никогаш не пресушуваат". {2C 33.2}

Сега пред нас се наоѓа оваа должност. Сите наши молитви и откажување од храната нема да вредат ништо ако не се фатиме одлучно за оваа работа. На нас лежат свети обврски. Нашата должност е јасна. Нам Господ ни прозборувал преку Своите пророци. Господовите мисли и Неговите патишта не се такви како што заслепените и себичните смртници ги гледаат или посакуваат да бидат. Господ ги гледа срцата. Ако во срцето владее себичност, Тој го знае тоа. Ние се трудиме да го скриеме својот вистински карактер од своите браќа и сестри но, Бог го познава. Од Него ништо не може да се сокрие. {2C 34.1}

Опишан е постот кој Бог го прифаќа. Тој се состои од давање леб на гладниот и примање на сиромашниот во домот. Не чекајте тие да дојдат кај вас. Не е нивно да ве бараат и да ве молат да ги примите во својот дом. Вие треба да ги побарате и да ги доведете кај себе. Вашата душа мора да им поита во пресрет. Вие треба со едната рака да се фатите за онаа моќна рака која носи спасение, а со другата да ги побарате потиштените и да им олесните. Невозможно е со една рака да ја држите Божјата рака, а другата да ја употребувате само за своја лична корист. {2C 34.2}

Дали таа работа на милосрдие и љубов, ако ја прифатите, ќе ви се стори претешка? Дали мислите дека ќе подзастанете и ќе потклекнете под овој товар така што своето семејство би го лишиле од вашата поддршка? О, не. Бог грижливо ги оттргнал сите сомнежи во тој поглед ветувајќи ви Своја заштита, доколку му се покорувате. Ова ветување може да ги задоволи барањата на најнескромните и најнеодлучните. „Тогаш твојата светлина ќе се јави како зора, и твоето здравје наскоро ќе процути". Само верувајте дека верен е Оној кој тоа го ветил. Бог може да ја обнови телесната сила и вели дека Тој тоа навистина ќе го направи. Но, ветувањето со ова не завршува. „Твојата правда ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе ти биде задна стража". Бог ќе изгради тврдина околу вас. Ветувањето дури ниту овде не завршува. „Тогаш ти ќе повикаш - и Господ ќе те чуе, ќе извикаш - и Тој ќе рече: 'Еве Ме.'" Ако престанете со угнетување и ги отстраните суетните зборови, и ако својата душа ја отворите на сиромавиот, „тогаш твојата светлина ќе изгрее во темнината, и мракот твој ќе биде како пладне; Господ секогаш ќе ти биде водач, а и во време на суша ќе ја наситува душата твоја и ќе ги крепи коските твои; ти ќе бидеш како градина напоена со вода и како извор, чии води никогаш не пресушуваат". {2C 35.1}

Читајте го педесет и осмото поглавје од книгата на Исаија, вие кои што тврдите дека сте деца на светлината. Внимателно прочитајте го неколку пати вие коишто сте неподготвени на нелагодност за да им помагате на оние коишто се во неволја. Прочитајте ја и вие чии срца и домови се премногу тесни за да ги примат оние кои се без дом; читајте ја вие коишто можете да гледате како сирачињата и вдовиците се наведнуваат под товарот на сиромаштијата и тврдокорноста на луѓето од овој свет. Проучете ја и вие кои сметате дека со тоа само ќе навлечете на себе и на своето семејство уште еден товар повеќе. Можеби вашето стравување е без основа, можеби тоа ќе ви биде благослов што ќе го чувствувате секој ден. Но, ако не биде така, ако биде потребно повеќе да работите, можете да се потпрете на Оној кој ветил. „Тогаш твојата светлина ќе се јави како зора, и твоето здравје наскоро ќе процути". Видов дека Божјиот народ покажува недостаток на духовност и верност токму затоа што себичноста ги стегнала човечките срца. Пророкот се обраќа на оние кои ја празнуваат саботата; не на

грешниците, не на неверните, туку на оние кои тврдат дека се побожни. Бог не бара од вас што повеќе состаноци, ниту што поголем број молитви, туку да го чините она што е право и тоа да го сторите во вистинско време. Треба помалку да се мисли на себе, а да се прават повеќе добродетелства. Нашата душа мора да има повеќе ширина. Тогаш Бог ќе ја направи како залеана градина чија вода не пресушува. {2C 35.2}

Прочитајте го првото поглавје од книгата на Исаија: „И кога протегате раце, Јас ги кријам од вас очите Свои, а кога ги умножувам молбите свои, Јас не слушам: рацете ваши се полни со крв. Измијте се, исчистете се; оставете ги од очите Мои лошите дела свои; престанете да правите зло; научете се да правите добро, барајте правда, спасувајте угнетен, заштитувајте сирак, застапувајте се за вдовица. Тогаш дојдете и ќе резонираме заедно, вели Господ. Гревовите ваши да се и алово црвени - како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур, - како волна ќе станат бели. Ако бидете волни и послушни, ќе ги јадете добрата земни; ако, пак, не сакате и се спротивставувате, меч ќе ве истреби, тоа го рече устата Господова". {2C 36.1}

Ми беше покажано дека тоа злато што го споменува Христос, Вистинскиот Сведок, била здружената љубов и вера, при што љубовта доаѓа пред верата. Сатаната постојано запнува да ги уништи овие драгоцени дарови во срцето на Божјиот народ. Сите учествуваат во играта на животот. Сатаната многу добро знае дека доколку успее да ја искорени љубовта и верата, а наместо нив да посади себичност и неверство, набрзо ќе биде во состојба со својата вешта рака да ги искорени и останатите драгоцени особини и така да ја добие играта. {2C 36.2}

Драги мои браќа, зар ќе му дозволите на сатаната да ја оствари оваа своја намера? Зар ќе допуштите да ја изгубите играта во која тежнеете да го задобиете вечниот живот? Ако Бог некогаш зборувал преку мене, вие неминовно, како што е цврст и Божјиот престол, доколку целосно не се преобразите, ќе подлегнете на сатаната, наместо да го надвладеете. Морате повторно да задобиете вера и љубов. Дали ќе сакате повторно да се впуштите во борба и повторно да ги освоите овие драгоцени дарови од кои скоро сосема сте лишени?

Ќе мора да се трудите поревносно, поистрајно и понеуморно отколку што тоа сте го правеле кога и да е порано. Не е доволно само да се молите и да постите, туку да бидете послушни, да се ослободите од себичноста за да постите на начин којшто Бог го избрал и кој е единствено прифатлив. Мнозина ќе бидат погодени од овие мои отворени зборови, но, јас и понатаму ќе зборувам, ако Бог за тоа ме задолжи. {2C 37.1}

Бог бара оние кои заземаат одговорни позиции потполно да се посветат на делото, зашто ако тие појдат по погрешен пат, луѓето ќе мислат дека и самите можат да одат по нивните стапки. Ако народот е на лош пат, а водачите не го подигнат својот глас против тоа, тие сотоа го одобруваат гревот и гревот паѓа на нив токму како и на самите престапници. Оние кои заземаат одговорни позиции мора да бидат побожни луѓе кои постојано ќе чувствуваат дека товарот на делото почива на нив. {2C 37.2}

---

3. ПРОДАВАЊЕ НА ПРВОРОДСТВОТО

Драги Брате Д., имав намера и порано да ти напишам, но, толку непрекинато и заморно работевме така што немав ниту време, ни сила. Во последната визија ми беше прикажан твојот случај. Ти се наоѓаше во тешка положба. Ја знаеше вистината, ја сфати својата должност и и се радуваше на светлината на вистината; меѓутоа, бидејќи таа вистина се коси со твоите земски тежнеења, ти се наоѓаш пред одлука да ја жртвуваш вистината и должноста заради сопствената удобност. Се грижиш за сегашноста, за своја материјална корист, а ја губиш од вид вредноста на вечната слава. Сега имаш намера да направиш огромна жртва заради ласкавиот изглед на земната добивка. Се наоѓаш пред продажба на своето првородство заради чинија леќа. Ако се одвратиш од вистината заради земската добивка, во твојот случај тоа нема да биде грев од незнаење, туку намерен грев. {2C 37.3}

Исав копнееше по омилената јадење и го жртвуваше првородството за да ја задоволи својата лакомост. Откако го задоволи апетитот ја увиде својата лудост, но, не можеше да најде место за покајание, иако го бараше со солзи. Има многу такви кои се однесуваат како Исав. Тој го претставува оној тип на луѓе на чиј дофат се наоѓа особен, драгоцен благослов - бесмртното наследство, живот траен како Божјиот живот, Творецот на вселената, неизмерна среќа и вечна слава - но, тие толку долго угодуваа на своите каприци, страсти и склоности, така што нивната моќ за разликување и проценување на вредностите на она што е вечно и неминливо, ослабела. {2C 38.1}

Исав особено го сакал тоа јадење и до таа мера навикнал да си угодува на себе, така што не можел да се воздржи од таа примамлива, посакувана храна. Тој мислел само на јадењето не трудејќи се да ја совлада својата желба, сè додека таа не го совладала разумот и сосема преовладала со него; сметал дека ќе умре ако не го добие тоа јадење. Колку повеќе мислел на тоа, толку повеќе желбата станувала посилна, додека најпосле неговото свето првородство не изгубило секаква вредност и светост во сопствените очи. Тој размислувал: ако го продадам сега, можам лесно повторно да го откупам. Така го продал своето свето првородство за едно омилено јадење, залажувајќи се дека може со него да располага по своја волја и да го врати тогаш кога ќе посака. Меѓутоа, кога се обидел да го откупи, дури и по цена на жртва од своја страна, не бил во состојба тоа да го направи. Тој тогаш горко се покајал заради својата избрзаност и безумие. Се каел сесрдно и со солзи; но, сè било напразно. Тој го презрел благословот и Господ засекогаш му го одземал. И ти мислеше дека ако сега ја жртвуваш вистината и одиш по патот на отворена непослушност, со тоа нема да ги раскинеш сите врски и станеш рамнодушен, и дека ќе можеш, доколку се разочараш во своите надежи и очекувања од земските добивки, повторно да ѝ се вратиш на вистината и да се подготвиш за вечниот живот. Но, во тоа се лажеш себеси. Ако ја жртвуваше вистината поради земска добивка, тоа би било по цена на вечниот живот. {2C 38.2}

Со параболата за големата вечера, нашиот Спасител покажува дека мнозина ќе го изберат светот а не Него, и дека заради тоа ќе го загубат небото. Милостивиот повик на нашиот Спасител бил презрен. Тој при голем труд и трошоци, со огромна жртва ги извршил сите подготовки. Потоа го упатил повикот „но, сите како договорени почнаа да се извинуваат. Првиот рече: ‘Купив нива и треба да отидам да ја видам, те молам, извини ме!’ Вториот рече: ‘Купив пет рала волови и морам да одам да ги пробам, те молам извини ме!’ Третиот рече: ‘Се оженив и затоа не можам да дојдам!’ Лука 14:16-

20. Потоа господарот се завртел од богатите и оние коишто го љубат светот, од сите кои повеќе ја ценеле својата земја, жената и воловите отколку она богатство кое би го стекнале со прифаќање на милостивиот повик за вечерата којашто тој им ја упатил. Господарот на куќата се разлутил. Се завртел од оние кои ја отфрлиле неговата добрина и се обратил на оние кои не се заситени, на оние кои немаат земја, ниту куќа, сиромашните и гладните, болните и слепите, кои ќе ја ценат добрината и ќе бидат искрено благодарни на домаќинот, укажувајќи му сесрдно љубов и верност. {2C 39.1}

Но, места сè уште има. Издадена е заповед: „Излези по патиштата и оградите и убеди ги да дојдат, за да ми се наполни куќата! Зашто ви велам никој од поканетите нема да вкуси од вечерата моја". Овде станува збор за онаа група луѓе кои Бог ги отфрлил бидејќи го презреле повикот на Домаќинот. Господ му рекол на Илија: „Зошто ќе ги почитувам оние кои Мене Ме почитуваат, а оние кои Ме презираат, ќе бидат презрени". Христос вели: „Кој Мене ми служи, нека појде по Мене и таму каде што сум Јас и Мојот слуга ќе биде; и кој Мене ми служи него ќе го почитува и Мојот Татко". Со Бога не може да се шегува. Ако оние коишто поседуваат светлина ја отфрлат светлината, или не одат по неа, таа за нив ќе се претвори во темнина. {2C 40.1}

Љубениот Божји Син принел огромна жртва за да го спаси паднатиот човек и да го постави од Својата десна страна, да го направи наследник на светот и сопственик на вечната слава. Не постојат соодветни зборови што ќе ја искажат вредноста на бесмртното наследство. Славата, богатството и честа која ја нуди Божјиот Син, толку се безгранично вредни, така што е надвор од моќта на човекот, па дури и на ангелите, да стекнат точна претстава за нивната драгоценост и величественост. Ако луѓето потонати во грев и расипаност ги одбиваат тие небесни благодети, одбиваат живот на покорност, ако го фрлат под нозе милостивиот повик и одберат бедни земски работи затоа што се видливи, и пријатно им е да одат по патот на гревот, Исус ќе го спроведе во дело она што е изнесено во параболата; таквите нема да ја вкусат Неговата слава, а повикот ќе биде упатен на други. {2C 40.2}

Оние коишто се оправдуваат, продолжуваат да грешат и се угледуваат на светот, ќе бидат препуштени на своите идоли. Ќе дојде ден кога повеќе нема да бараат простување, ниту ќе сакаат да им се прости. Кога Христос ќе дојде во Својата слава и во славата на Својот Татко, опкружен со безброј небесни ангели кои ќе го следат на Неговиот пат со победничка песна, со звуци на најзанесна музика, тогаш нема да постои ниту еден рамнодушен набљудувач. Тогаш душата нема да биде зафатена со земските сметки. Товарите злато со кои скржавецот ги натопувал своите очи, нема повеќе да бидат привлечни. Со гнасење и презир ќе бидат напуштени дворците коишто ги изградиле горделивите луѓе на овој свет, кои претставуваат идоли. Никој повеќе нема да се истакнува поради својата нива и волови, или жена, која штотуку ја довел и не може да учествува во славата која блеска пред неговите зачудени очи. Сите ќе сакаат свој дел, но, ќе чувствуваат дека таа слава не е наменета за нив. {2C 41.1}

Тогаш тие со сесрдна очајна молитва ќе го проколнуваат Бога да не ги отфрла. Цареви, моќни луѓе, горделиви, како и злобни луѓе, сите подеднакво ќе се свиткаат под товарот на маката, очајот, неискажливата беда. Од нивните усни ќе се искажува болна молитва: Милост! Милост! Милост! Спасете нè од гневот на навредениот Бог. Ќе им одговори глас со страшна јаснотија, строгост и величество: „Бидејќи Јас ве повикував, а

вие не послушавте; ги пружав своите раце, но, никој не се грижеше, туку го отфрливте секој совет, и моето карање не сакавте да го примите; затоа јас ќе се смеам на вашата неволја, ќе се потсмевам кога ќе дојде она од што се плашите". {2C 41.2}

Цареви и благородници, моќници, сиромашни и бедни - сите горко ќе заплачат. Оние кои во деновите на својата благосостојба го презираа Христа и неговите кротки следбеници, луѓе кои не сакаа да се поклонат и покорат на Христа, оние кои го мразеа Неговиот презрен крст, ќе паднат ничкум на земја. Нивната големина наеднаш ќе исчезне и тие без двоумење ќе се најдат пред нозете на светите. Тогаш ќе сфатат, со страшна горчина, дека ќе мораат да ги вкусат плодовите на својот живот и дека тоа се последици те од нивните постапки. Во својата т.н. мудрост свртеле грб на возвишената вечна награда и го отфрлиле својот вечен повик поради земските добивки. Ги пленил сјајот и лажните земски украси, и во својата т.н. мудрост станале безумни. Се возвисиле во својата земска благосостојба како земските користи да се толку големи, така што можат да му ги препорачаат на Бога и да им го обезбедат небото. {2C 41.3}

За безумните на земјата парите претставуваа моќ, и тие беа нивен бог; меѓутоа токму таа благосостојба ги уништи. Тие пред Бога и пред Неговите ангели изгледаат безумни, додека луѓето со земските склоности ги сметаат за мудри. Сега нивната мудрост станала безумие, а нивната благосостојба им донела пропаст. Ќе се слушнат крици и ужасен страв кои го распаруваат срцето: „велејќи им на горите и камењата, паднете врз нас, и скријте го лицето од Оној што седи на престолот и од гневот на Јагнето. Зошто дојде голем ден на Неговиот гнев, и кој може да опстане?" Сите ќе бегаат во пештерите на земјата како во засолништа, но тие не ќе можат да ги заштитат. {2C 42.1}

Драги брате, пред тебе е живот или смрт. Знаеш ли зошто твоите чекори се несигурни, и зошто не беше истраен во храброста и одлучноста? Ти ја погази совеста. Твоето деловно работење не беше секогаш сосема исправно. Ти мора нешто да преземеш. Твојот татко не ги гледал деловните начела во исправна светлина. Ти ги гледаш како останатите луѓе на овој свет, а не онака како што Бог гледа на нив. „Љуби го својот ближен како самиот себеси". Дали постапуваше така? „Љуби го Господа својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сите свои мисли". Ако се покориш на оваа заповед таа ќе го приготви твоето срце да ја послуша и другата – „Љуби го ближниот свој како самиот себеси". Сите десет заповеди се содржани во тие две заповеди. Првата ги опфаќа првите четири кои ја одредуваат должноста на човекот кон неговиот Творец. Другата ги опфаќа останатите шест кои ја одредуваат должноста на човекот кон неговите ближни. На тие две заповеди виси сиот закон и пророците. Тоа се две големи раце кое ги држат сите десет заповеди - првите четири и последните шест. Кон овие заповеди сите мораат строго да се придржуваат. {2C 42.2}

„Ако сакаш да влезеш во живот, држи ги заповедите". Многумина од оние кои тврдат дека се Христови ученици без тешкотии ќе минат низ овој свет и ќе бидат сметани за исправни, побожни луѓе, а всушност, во својата срцевина имаат темна дамка која фрла сенка на сиот карактер и го расипува нивниот верски живот. „Сакај го ближниот свој како самиот себеси". Со тоа ни се забранува да ги искористуваме своите ближни за да си придобиеме нешто за себе. Забрането ни е да нанесуваме штета на своите ближни во било кој поглед. Тоа прашање на смееме да го набљудуваме од точката на гледиште на оние кои се приврзани на светот. Со своите ближни мораме секогаш да постапуваме

онака како што би сакале тие да постапуваат со нас; тоа е правило кое мораме да го применуваме во својот живот. На Божјите закони мораме буквално да се покоруваме. Во сите свои односи и деловно работење со ближните, било тие да веруваат или не, мораме да се придржуваме кон правилото: „Сакај го ближниот свој како самиот себеси". {2C 43.1}

Во тој смисол, мнозина кои тврдат дека се христијани нема да ги задоволат Божјите мерила. Кога ќе бидат испитани на мерилата на светилиштето, ќе се најдат лесни. Драги брате, „излезете од помеѓу нив и одвојте се, вели Господ и не се дофаќајте до нивната нечистотија и Јас ќе ве примам, ќе ви бидам Татко и вие ќе бидете Мои синови и ќерки, вели Господ Седржителот". Колку е прекрасно ова ветување! Но, ние не смееме да го изгубиме од вид фактот дека тоа е основано на послушност на заповедта. Бог те вика да се одвоиш од светот. Ти не смееш да живееш како што живее тој, ниту да се угледаш на него во било кој поглед. „Туку преобразете се со возобновување на вашиот ум, за да можете да испитувате и осознавате која е добрата, угодна и совршена Божја волја". {2C 43.2}

Бог бара одвојување од светот. Дали ќе послушаш? Дали ќе се одвоиш од нив и ќе останеш одвоен и поинаков? „Зашто, што има правдата со беззаконието? Или каква заедница има виделината со темнината?" Не може да живееш со суетни луѓе, да го следиш нивниот пример и истовремено да бидеш Божје дете. Творецот на вселената ти се обраќа како татко полн со љубов. Ако во твоите склоности се одвоиш од светот, ако не дозволиш тој да те извалка, ако избегаш од расипаноста на светот во која тој западнал заради телесните желби, Бог ќе биде твој Татко, ќе те прими во Своето семејство и ти ќе станеш негов наследник. Наместо овој свет, доколку живееш живот во послушност, тој ќе ти го даде небесното царство, блаженство и вечен живот. {2C 44.1}

Твојот небесен Татко сака да те направи член на небесното семејство, за да можеш, благодарение на Неговите големи и драгоцени ветувања, да учествуваш во божествената природа и да се спасиш од расипаноста во која западнал светот. Колку повеќе наликуваш на чистите, безгрешни ангели и на Исус, нашиот Откупител, така на тебе уште посилно ќе се забележува печат на божественото и сè помалку ќе наликуваш на светот. Светот и Христос се во конфликт, бидејќи светот не сака да се соедини со Христа. Светот ќе биде исто така во конфликт и со Христовите следбеници. Во молитвата упатена кон Таткото, нашиот Спасител вели: „Јас им го предадов Твоето Слово и светот ги замрази, зошто не се од овој свет, како што и Јас не сум од овој свет". {2C 44.2}

Ти имаш возвишен повик да Го прославуваш Бога со својот дух и тело, коишто му припаѓаат Нему. Не треба себеси да се споредуваш со другите. Божјата реч ти дава непогрешлив и беспрекорен пример. Ти си се уплашил од крстот. Не е угодно да се подигне крстот, и бидејќи е прекриен со исмевање и срам, ти отстапи од него. Мора да живееш во согласност со здравствената реформа, да негуваш самооткажување, и да јадеш и пиеш на Божја слава. Воздржувај се од телесните желби кои војуваат против душата. Треба да си умерен во сè. Тоа е крстот кој се притеснуваше да го понесеш. Должност ти е да се храниш едноставно, со што ќе го сочуваш своето здравје. Ако живееше според светлината со која небото го освети твојот пат, ќе го поштедеше своето семејство од многу страдања. Твојот начин на постапување ти ги донесоа последиците кои настапија. Сè додека чекориш по тој пат, Бог нема да дојде во твоето семејство, ниту

пак ќе те благослови, ниту ќе изврши чудо за да го спаси твоето семејство од страдањата. Едноставна храна, без зачини (лути или силни), месо и маст од било кој вид, би била за тебе благослов и твојата жена би ја спасило од многу страдања, болка и очајување. {2C 45.1}

Ти не одеше по патот кој би ти обезбедил Господов благослов. Ако сакаш да го добиеш тој благослов и да го почувствуваш Божјото присуство во своето семејство, мораш да се покориш на Неговата волја и да ја извршуваш, без разлика на штетите, добивките или удобноста. Не смееш да одиш по своите желби ниту да копнееш по одобрување од луѓето на овој свет, кои не го познаваат Бога и не се трудат да го прославаат. Ако живееш спротивно на Бога, Тој ќе се сврти против тебе. Ако имаш други богови покрај Господа, твоето срце нема да биде во состојба да служи на единствениот вистински жив Бог кој го бара целото срце и неподелена љубов. Бог го бара целото срце и душа, сиот дух, сета наша сила. Тој нема да прими ништо помалку, и не допушта никаква половичност и не прима ништо што не е направено со цело срце. {2C 45.2}

За да можеш совршено да Му служиш на Бога, мора да имаш јасна претстава за она што Тој го бара. Мораш да се храниш со наједноставна храна приготвена на наједноставен начин, за да не ослабеш и да го умртвиш нежното мозочно ткиво и да станеш неспособен за сфаќање на светите работи и да ги вреднуваш од бесценета вредност помирувањето и Христовата крв која ги чисти гревовите. „Не знаете ли дека оние кои трчаат во трката, сите трчаат, а само еден добива награда? Па така трчајте и вие за да добиете. Секој пак кој се бори се воздржува од сè: тие - за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив. Јас, пак, така трчам, но не како без цел; не се борам како оној што удира по ветер, туку го истоштувам и го поробувам телото, та проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен”. {2C 46.1}

Ако луѓето се во состојба да се жртвуваат заради минлива награда која ја добиваат за својата упорност, колку ли самооткажување треба да покажат оние кои се изјаснуваат дека копнеат не само за бесмртна круна, слава, туку и за живот кој ќе трае толку колку и Јеховиниот престол, вечното богатство, неминливата слава. Зар ова ветено богатство за сите оние коишто трчаат во христијанската црква не е доволно луѓето да ги поттикне на самооткажување и умереност во сè, за да можат да ги совладаат своите животински нагони и телесното, својот апетит и страсти? Тогаш ќе станат учесници во божествената природа и ќе се спасат од расипаноста во која западнал овој свет преку страстите. {2C 46.2}

Ако скапоцената и славна награда која ни е ветена не е во состојба да не наведе и на уште поголеми лишувања и самооткажувања како што ги поднесуваат луѓето од овој свет кои копнеат само за безвредни земски награди, за краткотраен венец кој донесува пофалба на малкумина луѓе и омраза од мнозина - тогаш ние не сме достојни за вечниот живот. Со својата сесрдност, силна ревност, храброст, самооткажување и жртва толку многу би требало да ги надминеме луѓето коишто се борат за други цели, колку што целите кон кои копнееме ги надминуваат нивните. Богатството по кое копнееме е неминливо, вечно и возвишено додека она по кое трчаат суетните луѓе е краткотрајно и исчезнува како утринска магла. {2C 46.3}

Подигни го крстот брате Д, и при таа прилика ќе видиш дека всушност тој те подигнува и те поддржува тебе. Преку неволја, немаштија и тага тој за тебе ќе биде сила

и поддршка. Ќе видиш дека сиот крст е украсен со милосрдие, сожалување, сочувство и неискажлива љубов. Тој ќе стане твој залог за бесмртноста. Би сакала заедно со Павле да можеш кажеш: „Да не ми даде Господ да се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот". {2C 47.1}

Божјиот Дух извесно време се бори со твојата жена. Кога ти би пришол на Бога и твојата жена би нашла сила да се одлучи да настојува да живее во согласност со вистината. Ако се одвоиш од вистината, нема да пропаднеш сам: ќе ја изгубиш не само својата душа, туку и другите ќе ги одвратиш од правиот пат и крвта на душите ќе се најде на твојата облека. Ако останеше цврст, твојата мајка, твојот брат Е и уште една личност која сега се наоѓа на работ на гробот би имале утеха преку Божјиот Дух и добро искуство во вистината. Секогаш имај на ум дека сме одговорни за влијанието што го вршиме на другите. Ние со своето влијание или собираме со Христа или пак растураме. Ние или им помагаме на душите на тесната патека на светлината, или претставуваме препрека за нив, камен на сопнување на тој пат, наведувајќи ги да скршнат од него. Мој многу ценет брате, ти немаш време за губење. Со сета сила настојувај да го откупиш времето, бидејќи деновите се зли. Твоите пријатели, друштвото во кое се движиш, беа само пречка за тебе. Излези од среде нив и одвој се. Приближи се на Бога и соедини се поблиску со Неговиот народ. Нека твоите интереси и склоности бидат насочени кон Христа и Неговите следбеници. Сакај ги најмногу оние кои го љубат Христа над сè. Раскини ги врските кои те врзуваат за оние кои не го сакаат Бога и неговата вистина. Каква заедница има светлината со темнината? Каков дел има верниот со неверниот? {2C 47.2}

Тебе неминовно ти претстои бродолом на твојата вера. Потребна ти е сета сила која можеш да ја добиеш од Божјиот народ, од луѓето што имаат надеж, храброст и вера. Но, не ја занемарувај молитвата, тајната молитва. Биди постојан во молитвата, развивај го во себе духот на вистинската побожност. Тебе те очекува должност и во твојата деловна работа. Не би знаела точно да кажам што; но тука нешто не е во ред. Испитај сè внимателно. Ние работиме за вечноста. Сите наши дела и зборови ќе бидат измерени на мерилата на светилиштето. Праведниот и непристрасен Бог ќе ги процени сите наши дела, секој случај во нашиот живот. „Кој е верен во малку и во многу е верен; а кој е неверен во малку и во многу е неверен". {2C 48.1}

Не дозволувај ништо да те спречи на твојот пат кон бесмртниот живот. Во прашање е твоето вечно добро. Мора да го извршиш големото дело во самиот себе. Мораш потполно да се обратиш, инаку нема да го задобиеш небото. Исус те повикува да го земеш за своја потпора. Тој ќе ти биде вистинска помош во секоја твоја тешкотија, како сенка од голема карпа во пустина. Не треба да се трудиш да успееш во овој свет. Туку постојано прашувај се: Како да го заслужам подобриот свет? Што да направам за да се спасам? А спасувајќи ја својата душа, ќе ги спасиш и другите. Воздигнувајќи се себеси, ќе ги воздигнеш и другите. Фаќајќи се цврсто за вистината и Божјиот престол, ќе помогнеш и на другите да ја зацврстат својата расколебана вера со Неговите ветувања од вечниот престол. Треба да дојдеш до тој степен за спасението да го сметаш за поважно од секоја земска добивка, да сметаш сè за ништо за да можеш да го задобиеш Христа. Твоето посветување мора да биде целосно. Бог нема да прифати никакво оградување, никаква делумна жртва; не смееш да служиш на ниту еден идол. Мораш

да умреш и за себе и за светот. Секојдневно настојувај што повеќе да се посветиш на Бога. Вечниот живот вреди за неуморни напори низ текот на сиот живот. {2C 48.2}

Покажано ми е дека твојот брат, извесно време беше убеден за вистината, но, различни влијанија го одвоиле од неа. Неговата жена го попречувала да живее по сопственото убедување. Меѓутоа, таа во својата неволја го побарала Господа и го нашла. Тогаш почнала да стравува дали нејзиниот сопруг ќе ја прифати вистината, каејќи се за тоа што му се противела, што со својата суета и љубов кон светот толку долго го задржувала за да не ја прими. Како уморно дете кому му е потребен одмор, а не може да го добие, таа најпосле се покорила на милостивиот повик: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам". Нејзината уморна и оптоварена душа копнеела за Господа и таа со каење, понизно во сесрдна молитва ја доверила својата болка на носителот на товари и нашла спокој во Него. Стекнала убедување дека Бог го прифатил нејзиното каење и дека, заради Христа, Тој ѝ ги простил гревовите. {2C 49.1}

Покажано ми е, брате Д, дека имаш уште само кратко време за работа. Изврши ја целосно својата работа, откупувајќи го времето. Не дозволувај ниту една дамка да падне на твојот христијански карактер во поглед на деловното живеење. Чувај ја својата облека да не ја извалка светот. Бдеј и моли се на Бога за да не паднеш во искушение. Можеби насекаде околу тебе ќе бидат искушенија, но, ти не си принуден да им се изложуваш. Исус ќе ти подари сила да останеш чист во ова расипано време. „Преку Него ни се дарувани многу големи и драгоцени ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа, оддалечувајќи се од изопаченоста која постои во светот заради похота". Пред очите постојано имај го Христа, божествениот пример. Угледај се на Неговиот чист живот и тогаш ќе учествуваш во Неговата слава и со Него ќе го наследиш царството приготвено од создавањето на светот. {2C 49.2}

---

4. КЛЕВЕТЕЊЕ

Божјото дело на братот Ф му било при срце, но, тој премногу длабоко ги чувствувал и земал при срце многуте товари кои не требало да ги носи. Со тоа го оштетил своето здравје. Понекогаш ги гледал работите во премногу остро светло и многу му значело и другите исто така да ги видат. Но, бидејќи другите не успевале во тоа, тој се чувствувал скоро скршен. Неговите чувства се премногу длабоки и тој е во опасност на другите да им ги наметнува своите пресилни гледишта за работите. {2C 50.1}

Сестра Ф сака да биде христијанка, но, нема воздржливост и вистинска учтивост. Нејзиниот тип на ум е сангвиничен, таа е жестока и самоуверена. Ја покажува грубата страна на својот карактер и тоа не ѝ е од корист. Секогаш се управува според чувствата и постапува така како што се чувствува, иако чувствата понекогаш ѝ се премногу силни и одат кон раздразливост. Чувствата на наклонетост или одвратност кај неа се премногу изразени, а таа дозволила оваа несреќна карактерна црта да се развива на штета на нејзиниот духовен напредок во црквата. Таа премногу зборува, и тоа непромислено, токму онака како што чувствува. Тоа во голема мера влијаело на нејзиниот сопруг кој исто така повремено се поведувал по чувствата, наместо да причека и мирно да го

разгледа соодветното прашање и да го процени, што би било подобро и за него и за црквата. Ништо не се добива кога работите се решаваат набрзина, кога се постапува според моменталното расположение и според силните чувства. {2C 50.2}

Сестра Ф постапува според моменталното чувство, наоѓа забелешки и има многу што да каже против своите браќа и сестри. Тоа би предизвикало збрка во било која црква. Кога би можела да го совлада својот дух, би извојувала голема победа. Кога би тежнеела по небесните украси на благ и кроток дух, коишто Бог, Творецот на небото и земјата, ги нарекува драгоцени, би била од вистинска корист за црквата. Кога би го негувала Христовиот Дух и би градела мир, нејзината душа би процветала и таа би била благослов за црквата каде и да се наоѓа. Ако не се обрати, ако во неа не се изврши целосна промена, ако не се превоспита за повеќе да не биде брза на јазик и бргу да се лути, ако не покаже вистинска христијанска учтивост, нејзиното влијание ќе биде штетно и среќата на оние коишто се околу неа ќе биде поматена. Таа покажува независност која е штетна за неа самата и ги отуѓува нејзините пријатели. Заради таа независност имала многу незгоди и ги повредувала своите најдобри пријатели. {2C 51.1}

Во случај, кога оние кои располагаат со средства не го третирале најдобро нејзиниот сопруг и не покажувале поголема наклонетост кон него отколку кон луѓето од светот во деловните трансакции, таа веднаш негодува, зборува за тоа и создава незадоволство таму каде што порано и не постоело. Светот е себичен. Мнозина кои ја исповедаат вистината не се посветени од неа и немаат доволно срце да ја снижат цената на производот, макар и сосема малку, кога тргуваат со некој сиромашен брат, како што не ја симнуваат ниту за оние од светот кои тоа можат да го платат. Таквите не ги сакаат своите ближни како самите себе. Бог би бил позадоволен кога би имало помалку себичности, а повеќе добродетелства. {2C 51.2}

Ако сестра Ф и видела себичност во некоја работа, таа прави уште поголем грев кога чувствува и зборува онака, како што има обичај. Таа грешела што премногу очекувала. Јазикот ѝ е непослушен, свет полн со неправда, воспалувајќи се сам од пеколот, неправеден, нескротен и нескротлив. Сестра Ф е одмаздољубива и кога е навредена, тоа го покажува со своето однесување. Сето тоа не е добро. Таа негувала огорченост која е непозната на Христовиот Дух. Лутина, јад и многу други грди особини се откриваат кога зборуваме против оние кои не ни се допаѓаат и кога ги прераскажуваме грешките, недостатоците и гревовите на нашите ближни. На тој начин угодуваме на недостојните желби. {2C 51.3}

Сестро Ф, ако те жалости тоа што твоите ближни и пријатели работат на своја штета, ако западнале во грешки, придржувај се до библиското правило. „Оди насамо и укажи му на неговиот престап”. Ако се обраќаш на оној кој по твое мислење греши, гледај да му се обратиш во дух на кротост и понизност; зошто човечкиот гнев не ја врши правдата Божја. Грешникот може да се упати на правиот пат само во дух на кротост, благост и нежна љубов. Биди внимателна во своите постапки. Избегнувај сè што во твојот поглед, движење, збор или глас потсетува на гордост или самодоверба. Чувај се од зборови и погледи кои би те воздигнале или би ја истакнале твојата добрина и правда наспроти оние кои грешат. Чувај се ниту од далеку да не искажуваш потценување, вообразеност или презир. Грижливо избегнувај секаков знак на гнев и кога треба отворено да зборуваш, твоите зборови не смеат да бидат навредливи обвинувања, туку знак на

сердна љубов. И над сè, во твоите зборови не смее да има ниту сенка на омраза или нерасположение, огорчување или грубост. Од срце исполнето со љубов може да се излеваат само добрина и благост. Сите тие драгоцени плодови не треба да те спречат да зборуваш најсериозно и најсвечено, како очите на ангелите да почиваат на тебе, и како да се наоѓаш пред Божјиот суд. Имај на ум дека успехот на предупредувањето во голема мера зависи од начинот на кој тоа е изнесено. Не запоставувај ја сердната молитва, за да се исполни твојот дух со понизност и Божјите ангели да делуваат на срцата до кои сакаш да допреш и да ги омекнеш со небесно влијание до таа мера така што твоите напори ќе вродат со плод. Ако ти следи успех не си го припишувај на себе како заслуга. Само Бог треба да се возвишува, зашто Тој го прави сето тоа. {2C 52.1}

Ти себе си се оправдуваш кога зборуваш лошо за својот брат, сестра или сосед пред другите и што преземаш чекори кои Бог ги заповедал. Ти велиш: „Ете, никому не му зборував, сè додека не ми падна толку тешко, така што повеќе не можев да се воздржам". Што ти падна толку тешко? Зар тоа не е запоставување на сопствената должност и она „Така вели Господ"? Ти си виновна за грев зашто не отиде на престапникот да му ги изнесеш неговите грешки во четири очи. Штом не постапи така и не го послуша Бога, како не би била обременета ако твоето срцето не ти закоравило, додека си ја фрлила под нозе Божјата заповед и дека во своето срце го мразиш својот брат или сосед? И каков пат одбра за да го олесниш својот товар? Бог те укорува за гревот што пропушти да го укажеш на својот брат за неговата грешка, а ти се правдаш и се утешуваш со друг грев -зборуваш за грешките на својот брат на други лица! Дали е правилно да си олеснуваме себеси на тој начин што ќе направиме грев? {2C 53.1}

Можеби сите твои напори за да спасиш заблудени ќе бидат напразни. Тие може ќе ти вратат зло за добро. Можеби повеќе ќе се разлутат отколку да се убедат. Што ќе биде ако не го послушаат добриот совет и продолжат по лошиот пат по кој тргнале? Тоа често ќе се случува. Понекогаш ниту најблагиот, ниту најнежниот прекор нема да има никакво дејство. Во таков случај, благословот којшто сакаше да го дадеш на друг советувајќи му да појде по патот на правдата, да не прави зло туку добро, ќе ти се врати лично на тебе. Ако луѓето продолжат упорно да грешат, биди љубезна со нив и препушти ги на својот небесен Татко. Ти си ја олеснила својата душа, нивниот грев не лежи повеќе на тебе, ниту ти учествуваш во него. И ако погинат, нивната крв ќе падне на нивната глава. {2C 53.2}

Драга сестро, мораш целосно да се преобразиш; во спротивно ќе бидеш измерена на мерилата и ќе се најдеш лесна. Црквата во _____, особено што се однесува до жените, мора да прими една поука. „Ако некој од вас мисли дека е побожен, а не го зауздува јазикот свој, туку го мами срцето свое, неговата побожност е суета". Мнозина ќе се најдат лесни кога ќе го поднесат сметка за оваа работа која е од големо значење. Каде се христијаните кои ќе се придржуваат кон тоа правило? Кој ќе стои на Божја страна против клеветниците? Кој ќе му угоди на Бога и ќе постави постојана стража на својата уста? Не зборувај зло за никого. Не слушај зло за никого. Доколку нема слушачи нема да има ниту озборувачи. Ако некој зборува зло во твое присуство, укори го. Немој да го слушаш, па колку и да е неговото однесување пријатно, а гласот благ. Тој може да изразува наклоност, а сепак да дофрлува прикриени сугестии и така да извалка нечиј карактер. {2C 54.1}

Одлучно одбивај да слушаш, дури и ако клеветникот се жали дека чувствува товар и дека морал да прозборува. И навистина тоа бил товар - товар на проклета тајна која ги раздвојува најдобрите пријатели. Одете вие кои се чувствувате оптоварени и ослободете се од товарот на начин како што одредил Бог. Најнапред одете и укажете на својот брат за неговите грешки во четири очи. Ако не постигнете успех, поведете со себе еден или двајца пријатели и обратете му се во нивно присуство. Ако и тој чекор остане без успех, известете ја црквата. Ниту еден неверник не треба да дознае за ниту една поединост за таа работа. Да се извести црквата е последниот чекор кој треба да се преземе. Такво нешто не смее да се разгласува на непријателите на нашата вера. Тие немаат право било што да дознаат за прашањата на црквата, ниту за слабостите и грешките на Христовите следбеници. {2C 54.2}

Оние кои се подготвуваат за Христовото доаѓање мораат да бидат трезвени и будни во молитва, бидејќи нашиот непријател, ѓаволот, обиколува како лут лав, барајќи некого да проголта; кому треба преку вера цврсто да му се спротивставиме. „Зошто кој го сака животот и сака да види добри денови, нека го пази својот јазик од зло, и устата своја да не зборува лаги; нека се трга од злото и нека прави добро, нека бара мир и нека се стреми кон него. Зошто очите на Господа гледаат на праведниците, и ушите Негови кон нивните молитви". {2C 54.3}

---

5. СЕБИЧНОСТА И ЉУБОВТА КОН СВЕТОТ

Драги брате и сестро Г, имав намера уште порано да ви го напишам ова. Кога светлината која Господ ми ја даде јасно се покажа пред мене, извесни работи кои многу силно се наметнаа на мојот дух и тоа додека стоев пред народот во _____. Се надевав дека ќе останете на уште еден состанок и дека започнатото дело ќе може да се продолжи. Меѓутоа со жалење увидувам дека нашите браќа, кои доаѓаат на Конференцијата, всушност не го сфаќаат значењето за претходно подготвување на состанокот. Наместо да се посветат на Бога пред да дојдат, тие очекуваат тоа дело да се заврши на самиот состанок. Тие со себе го носат својот дом и работите кои ги оставија ги сметаат за поважни и позначајни отколку подготовката на срцето за Христовото доаѓање. Заради тоа скоро никој не си оди од состанокот подобар отколку што дошол. За да се присуствува на такви состаноци потребни се големи издатоци. И ако оние коишто доаѓаат не добијат ништо, тогаш се навистина оштетени. Освен тоа, таквите го отежнуваат трудот на оние кои веќе го носат товарот на Божјото дело. Нашиот народ премногу рано ја напушти таа Конференција. Ние ќе бевме сведоци на особено делување на Божјиот Дух, ако останеа сите и учествуваа во работата. {2C 55.1}

Сестро Г, за тебе имам една порака. Ти си далеку од Божјото царство. Го сакаш овој свет и заради тоа стана студена, себична, многу бараш и си скржава. Предмет на твоето внимание е моќниот силен долар. Колку малку знаеш за тоа како Бог гледа на човек кој се наоѓа во твојата состојба! Во страшна заблуда си. Се управуваш според светот,

наместо да бидеш преобразена преку обновувањето на твојот ум. Себичноста и саможивоста се откриваат во голема мера во твојот живот. Не го совлада тој голем недостаток во својот карактер. Ако тоа не го поправиш, ќе го изгубиш небото и твојата среќа ќе биде поматена. Ова веќе се случува. Темен облак кој те следи, замрачувајќи го твојот живот, ќе стане сè помрачен и поголем, сè додека целото твое небо не се прикрие со облаци. Ќе се свртиш на десно, а светлина нема да има, или лево - а, таму ниту зрак. {2C 56.1}

Сама на себе си создаваш незгоди таму каде што ги нема и не постапуваш правилно. Не си посветена. Твојот себичен дух на скржавост те прави несреќна и предизвикува Божје негодување. Сиот свој живот се грижиш само за себе, трудејќи се себе си да се усреќиш. Тоа е едно залудно дело, некорисна работа. Што повеќе вложуваш во него, толку поголема ќе биде загубата. Што помалку вложуваш во тоа да си удоволиш самата на себе, толку повеќе ќе спечалиш за себе. Тебе ти е туѓа чистата, несебичната љубов и сè додека не увидиш дека грев е да не поседуваш таква драгоцена особина, нема ниту да се потрудиш да ја стекнеш. {2C 56.2}

Својот сопруг го сакаше и се омажи за него. Но, знаеше дека со тоа ја преземаш свечената обврска да бидеш мајка на неговите деца. Но, јас забележав кај тебе еден недостаток во тој поглед. Не одговараш на своите должности, не ги сакаш децата на својот сопруг, и ако сосема не се измениш, ако целосно не се измениш себе и својот начин на однесување, ќе бидат упропастени тие скапоцени бисери. Љубовта и нежноста не спаѓаат во твоите особини. Дали треба да ти ја кажам вистината и заради тоа да станам тој непријател? Ти си премногу себична за да сакаш туѓи деца. Видов дека плодот на твојата врска нема да биде напреден и благословен со сила, живот и здравје и дека Божјиот Дух ќе те препушти самата на себе, сè додека повторно не бидеш испитана и не ги поправиш своите недостатоци. Како што, поради твојата себичност венеат и се сушат млади срца околу тебе, така преку Божјото проклетство ти ќе овенеш и ќе се исушиш заради твојата себична љубов и врска. Доколку продолжиш да живееш себичен живот, Бог и понатаму ќе те опоменува отстранувајќи ги пред тебе еден по еден твоите идоли се додека своето гордо, себично, непокорно срце не го понизиш пред Него. {2C 56.3}

Видов дека на Божјиот ден ќе мора да дадеш сметка за својата неисполнета должност. Многу им го загорчуваш животот на тие добри деца, особено на ќерката. Каде ти е љубовта, нежноста и долготрпеливоста? Во твоето непосветено срце има повеќе омраза отколку љубов. Од твоите усни почесто се спуштаат укори, отколку пофалби и охрабрување. Твоето однесување, грубиот начин на постапување и бесчувствителност делуваат на чувствителната ќерка како пустошен леден дожд на нежна билка: тоа ја убива секоја пупка сè додека не го скрши животот на билката. {2C 57.1}

Заради твоето однесување пресушува изворот на љубовта, надежта, нежноста во твоите деца. На лицето на девојката се вселил израз на тага, но, тоа кај тебе не предизвикува наклонетост и нежност, туку нетрпение и негодување. Ти, само кога би сакала, тој израз на тага би можела да го претвориш во израз на живот и радост. „Зар Бог не гледа? Зар Тој не знае?" - тоа беа зборовите на ангелот. Тој заради ова ќе те казни. Доброволно ја презеде оваа одговорност, но, сатаната ја искористи твојата несреќна природа која не дава и не прима љубов, твоето самољубие, строгост и себичност и сите тие особини сега се изразуваат во сета своја изопаченост, несовладани и нескротени,

обвивајќи те во железни окови. Децата читаат од лицето на мајката, тие знаат дали тоа лице изразува љубов или нетрпеливост. Ти не знаеш што правиш. Зар тие мали тажни лица, тие тешки воздишки од срцата кои копнеат за љубов, не будат сожалување? Не, не во тебе. Тоа уште повеќе ги оддалечува децата од тебе и ја зголемува твојата антипатија. {2C 57.2}

Видов дека нивниот татко не зазема став каков што еден татко би требало да заземе. Бог не е задоволен со неговиот став. Некој друг го одзема неговото срце од оние кои се негова крв и негови коски. Брате Г, тебе многу ти недостигаше проникливост. Како глава на куќата ти требаше да заземеш подруг став, и да не дозволиш работите да се развиваат онака како што се развиваа. Виде дека сè не оди како што треба и беше загрижен, стравот дека ќе предизвикаш негодување кај својата сегашна сопруга и неслога во твоето семејство те наведе да молчиш тогаш кога требаше да зборуваш. Ти не си без вина во тој поглед. Твоите деца немаат мајка која ќе се залага за нив и ќе ги заштити од осудите со своите мудри зборови. {2C 58.1}

Твоите деца, како и секое сираче лишени се од онаа во чии гради цвета мајчинска љубов, претрпеле губиток којшто никогаш не може да се надомести. Но, кога една жена ќе се одлучи да ја замени мајката на едно мало заплашено стадо, таа има на себе двојна одговорност да покаже дури и повеќе љубов, повеќе простување отколку роденатa мајка и на тој начин да го надомести губитокот којшто го претрпеле тие мали дечиња. Ти, брате Г, како да си заспал. Привиј ги децата на своите гради, прегрни ги со своите заштитнички раце, сакај ги нежно. Ако не постапуваш вака, ќе биде запишано дека си „најден лесен". {2C 58.2}

Вие обајцата морате да завршите една работа. Мора засекогаш да престанете со мрморење. Брате, немој да дозволиш себичниот, тесноград дух на твојата сопруга да управува со твоите постапки. Ти си задоен со истиот дух и двајцата го крадете Бога. Се жалите на сиромаштво, но небото знае дека тоа е лага; меѓутоа, вашите зборови ќе се овистинат; вие навистина ќе станете сиромашни ако и понатаму негувате љубов кон светот како што тоа досега го чиневте. „Може ли човек да краде од Бога? А вие крадете од Мене! Ќе речете: Што крademе од Тебе? - од десетокот и од приносите! Со проклетство сте проколнати". Оттргнете го тоа проклетство што е можно побргу. {2C 59.1}

Брате Г, како Божји повереник сврти ги своите очи кон Него. Нему ќе му положиш сметка како ја извршуваше својата должност како повереник, а не на својата сопруга. Ти раководиш со Божји пари. Тој ти ги позајмил само за кратко време за да те испроба и види дали ќе бидеш „богат во добри дела, подготвен да го делиш со другите она што го имаш," полагајќи за себеси добар темел за иднината, за да се здобиеш со вечниот живот. Бог ќе го бара својот имот со добивка. Тој да ти помогне да се приготвиш за судот. Распни го своето „јас". Скапоцените дарови на Светиот Дух нека живеат во твоето срце. Откажи се од светот и неговите изопачени желби. „Не сакајте го светот ниту тоа што е во светот. Ако некој го сака светот, љубовта на Таткото не е во него". Ако твоето исповедање на верата е високо до небото, а ти си себичен и врзан за овој свет, нема да бидеш во царството со чистите и свети суштества. „Каде што е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце". Ако твоето богатство е на небото тогаш таму ќе се наоѓа и твоето срце. Ќе зборуваш за небото, за вечниот живот и за круната на бесмртноста. Ако пак

твоето богатство е на земјата, ќе зборуваш за земските работи и ќе водиш грижа само за своите добивки и загуби. „Зошто каква му е користа на човекот ако го задобие сиот свет, а на својата душа ѝ наштети? Или каков откуп ќе даде човекот за својата душа?” {2C 59.2}

Бидејќи е за тебе и светлината и спасението, мора да бидеш свесен дека или ќе ги имаш или ќе пропаднеш. Исус може целосно да те спаси. Но сестро Г, ако Бог некогаш зборувал преку мене, ти си во страшна заблуда и мораш целосно да се обратиш, инаку нема да влезеш во редот на оние кои минале низ големите страдања и ги испрале своите облеки и ги избелиле во крвта на јагнето. {2C 60.1}

---

6. МЕСОТО И НАДРАЗНУВАЧКИТЕ СРЕДСТВА

Драги брате и сестро Х, се сеќавам дека во видението ве забележав помеѓу оние личности кои мораа да извршат една задача пред да се посветат со вистината. Вие ја примивте вистината увидувајќи дека тоа е вистина, но, вас таа сè уште не ве обземала целосно. Не сте го сфатиле нејзиното посветувачко влијание врз животот. Вашиот пат е осветлен од светлината на здравствената реформа и вие знаете дека е должност на Божјиот народ во овие последни денови, да биде умерен во сè. Видов дека вие сте меѓу оние кои последни ќе ја забележат оваа светлина, и ќе се управувате според неа во јадењето и пиењето. Кој ќе ја прими и ќе ја следи светлината на вистината, ќе доживее потполна преобразба во својот живот и карактер на оној кој е посветен преку неа. {2C 60.2}

Вашата професија не е таква што оди во прилог на напредокот во божествениот живот туку го попречува развојот во благодатта и познавањето на вистината. Таа има тенденција да го унижува човекот и буди во него животински склоности. Повисоките сили на умот се потчинуваат на пониските. Животинското во вашата природа ја задобива власта над духовната природа. Оние кои тврдат дека се приготвуваат за преобразување, не треба да бидат месари. {2C 60.3}

Во вашето семејство многу се користи месна храна, како последица на тоа зајакнале животинските склоности, додека духовните ослабеле. Ние сме составени од тоа што јадеме и затоа, ако претежно се храниме со месото од мртви животни, ја примаме и нивната природа. Вие сте ја зајакнале грубата страна на своето битие, додека онаа понежната била запоставена. Бранејќи ја оваа склоност кон месото, повеќе пати сте изјавиле: „Тоа можеби им штети на другите луѓе, но, не и на нас, зашто ние јадеме месо цел живот”. Но, вие и не знаете колку би било добро за вас да не јадете месо. Во вашето семејство болеста не е непозната. Сте користеле и маст од животните, она што Бог особено го забранува во Својата реч. „Тоа нека е вечен закон за сите ваши поколенија, во сите ваши живеалишта; никаков лој и никаква крв да не јадете”. „Никаква крв да не јадете во сите живеалишта свои, од ниедно животно, ниту, пак, од птици. А кој ќе јаде каква и да било крв, да се истреби од народот свој”. {2C 60.4}

Вие сте здебелени и тоа не е добро. Тоа може само да ви наштети. Кога секој од вас би употребувал полесна храна и би изгубил во тежина дванаесет до петнаесет

килограми би бил многу поотпорен на болести. Употребата на месо штетно влијаело на создавање на лоша крв и месо. Вашите организми се наоѓаат во состојба на воспаление, подготвени да примат болест. Вие сте подлежни на акутни напади на болести и ненадејна смрт, бидејќи вашиот организам нема сила да се спротивстави на нападите на болеста. Ќе дојде време кога ќе се покаже дека таа сила и здравје со кои сте се гордееле биле само слабост. Не смее на човекот главна цел да му биде да угодува на стомакот. Вие треба да ги задоволите своите животни потреби; но, дали заради тоа треба да станете животни? {2C 61.1}

На своите деца вие секојдневно им давате нездрава храна која е приготвена на нездрав начин. Им давате месо, и каков беше резултатот? Дали тие се фини, разумни, послушни, совесни и наклонети кон религијата? И самите знаете дека тие не се такви, дека во нив сè е спротивно на ова. Вашиот начин на живот го зајакнал она животинското во нивната природа, а го ослабел духовното. На своите деца во наследство им давате изопачена природа која станува уште поизопачена поради вашите нездрави навики во јадењето и во пиењето. Токму вашата трпеза направила од нив токму она што се тие сега. На вашиот праг демнее грев. Вие знаете дека тие не се побожни, и не сакаат во ништо да се ограничат, дека се непослушни и не го почитуваат вашиот авторитет. Особено е расипан вашиот најстар син во кој има толку многу животинско. Во него едвај постои некаков траг од божествено. Ги научивте своите деца да угодуваат на своите потреби кога и да сакаат и по своја волја. Ги научивте со вашиот пример дека човекот живее само за да јаде, и затоа угодувањето на потребите е сето она за што вреди да се живее. Пред тебе лежи тешка должност брате Х. Ти, како да си спиел или како да си бил одземен. Време е да се разбудиш и да вложиш голем напор за да ги спасиш помладите членови на твоето семејство. Влијанието на постариот син врз нив е само зло. Исчисти ја својата трпеза. Нездравата, надразнувачка храна ги зајакнува животинските страсти кај твоите деца. Од сите семејства што ги познавам, на твоето му е најпотребно да се откаже од месото и маста, и да научи да готви на здрав начин. {2C 61.2}

Сестра Х е жена чија крв е расипана. Нејзиното тело како последица од постојана употреба на месо е преполна со нечисти (скрофулозни) флуиди. Твоето семејство ја расипало својата крв употреба на свинско месо. Сестра Х треба да се ограничи на исхрана која ќе се состои само од зрнеста храна (житарки), овошје и зеленчук, сварени без никакво месо и маст. Ќе треба да измине многу време за да го поправите своето здравје со менување на начинот на исхрана и вашите животни потреби. На оние кои обилно јадат месо невозможно им е да ги одржат свежи и витални своите духовни способности. {2C 62.1}

Ние ви советуваме да го промените својот начин на живот, но, при тоа постапете внимателно. Познавам семејства кои престанале да јадат месо и започнале да јадат сиромашна храна, но, толку лошо ја приготвувале така што желудникот ја презирал. Подоцна таквите луѓе ми зборуваа како здравствената реформа не им одговара и дека ја загубиле физичката сила. Тоа е една од причините што некои луѓе немале успех во своите напори да ја поедностават својата исхрана. Тие преминале на сосема сиромашна исхрана. Таа сè приготвуван грижно и премногу е еднолична. Не е потребно многу јадење на секој оброк, ниту сите оброци смеат да бидат составени од исти јадења. Храната треба да се приготвува сосема едноставно, но, таа мора да биде вкусна и да го

предизвика апетитот. Во вашите јадења не смее да има маст; таа може само да го расипе јадењето. Јадете што повеќе овошје и зеленчук. {2C 63.2}

Откако како последица од внесување мали количества храна, и тоа со лош квалитет, ја загубиле физичката сила, некои луѓе заклучуваат дека нивниот поранешен начин на живот бил подобар. Телото мора да се нахрани. Но, ние без никакво двоумење тврдиме дека месото не е потребно за да бидеме здрави и силни. Кој го употребува, тоа го прави само затоа што неговите барања се изопачени и жеднее по нив. Земајќи месо, ги зајакнуваме своите животински склоности и страсти, а кога тие ќе зајакнат, духовните и моралните сили мора да опаднат. Употребата на животинско месо го здебелува телото и ги отапува финитe чувства на умот. Дали народот којшто сака да остане свет и чист за да може да се придружи на светите ангели, ќе продолжи да одзема живот на Божјите суштества и да се храни со нивното месо како некаков десерт? Според она што Бог ми го покажа знам дека тоа ќе се измени и дека Божјиот својствен народ ќе биде умерен во сè. Оние што јадат големи количини месо не можат да избегнат внесување месо и од повеќе или помалку болни животни. Самото приготвување на животните за продажба, во нив предизвикува болести; па дури и ако се згоени на најздрав начин, тие заболуваат додека ги дотераат на пазар. Соковите и месото на овие болни животни поминуваат непосредно во крвта, струјат низ човечкото тело и стануваат сокови и месо на тоа тело. Така во организмот се внесуваат предизвикувачи на болести. Ако посочената личност веќе има болна крв, болеста во значителна мера се зголемува со употребата на месо од такви животни. Човекот десетпати повеќе е склон на болести ако јаде месо. Духовните, моралните и физичките сили опаѓаат при употребата на месото. Тоа предизвикува пореметување во телесниот состав, го замрачува умот и ги отапува моралните чувства. Ви велиме, драги брате и сестро, најсигурен пат е да се откажете од месото. {2C 63.3}

Употребата на чајот и кафето е исто така штетно за здравјето. Чајот (се мисли на штетниот) во извесна мера предизвикува труење. Тој влегува во крвотокот и постепено ја смалува енергијата на телото и духот. Го поттикнува и забрзува движењето на животната машина, гонејќи ја на неприродна работа, и на тој начин создава впечаток кај оној што го пие дека му прави голема услуга влевајќи му сила. Тоа е голема заблуда. Чајот ја исцрпува силата на нервите и ги слабее во значителна мерка. Кога ќе престане дејството на чајот и ќе опадне работата предизвикана со неговото дејство што се случува тогаш? Се јавува тромост и слабост кои ја смалуваат вештачката живост предизвикана со употребата на чајот. Кога тоа тело е веќе приморано и кога му е потребен одмор, употребата на чајот вештачки го поттикнува организмот на невообичаена неприродна работа и така ја намалува неговата делотворна сила и отпорност. Така телото попушта многу порано отколку што тоа небото го одредило. Чајот е отров за здравјето. Христијаните мораат да се откажат од него. Дејството на кафето во извесна мера е еднакво на дејството на чајот, но, последиците сè уште полоши. Кафето делува надразнувачки, и додека од една страна предизвикува поголема живост од друга страна, предизвикува подоцнежна сразмерна исцрпеност и малаксаност. Оние кои пијат чај и кафе на своето лице носат знаци од нивното влијание. Кожата им станува сива и безживотна. На нивното лице не се гледа отсјајот на здравјето. {2C 64.1}

Чајот и кафето не го хранат телото. Олеснувањето кое тие го носат е краткотрајно, сè додека стомакот не ги свари. Тоа покажува дека силата која привидно се јавува

благодарејќи на нивната употреба, всушност се добива со надразнување на стомачните нерви кои тоа надразнување го пренесуваат на мозокот, а тој од своја страна предизвикува зголемена работа на срцето и дава краткотрајна енергија на целиот систем. Целата таа лажна сила само ни штети. Во неа нема ниту трошка природна енергија. {2C 65.1}

Друга последица од употребата на чајот е главоболката, несоницата, нерамномерната работа на срцето, треперењето на нервите и многу други зла. „Браќа, во името на Божјото мислосрдие ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, која е вашата разумна служба". Бог бара жива жртва, а не мртва или на умирање. Кога ќе ги сфатиме Божјите барања, ќе видиме дека Тој од нас бара умереност во сè. Целта на создавањето на човекот е да го прослави Бога во своето тело и дух кои му припаѓаат Нему. А, дали ние можеме тоа да го постигнеме ако ги задоволуваме своите потреби на штета на своите физички и морални сили? Бог бара своите тела да ги дадеме како жива жртва. Дадено ни е како должност тоа тело да го одржуваме во најдобро здравје, за да можеме да се усогласиме со Неговите барања. „Ако ли јадете или пиете, или што друго и да правите, правете го сето тоа на Божја слава". {2C 65.2}

Ви претстои работа за својата куќа да ја доведете во ред. Очистете се од сета нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. Морате упорно да ги откривате своите грешки и во Божји страв, потпирајќи се на Божјата моќ да ги отстраните. Морате да негувате љубов кон уредноста и чистотата. Бог е Бог на редот. Тој не одобрува негрижливост и неуредни навики кај Својот народ. Во облекувањето, во куќата, во сите работи мора да се забележува вкус и уредност. Нас нè сметаат за посебен народ. Реформната облека е во целосна спротивност со светската мода. Тие кои ја усвојуваат таа облека мораат да даваат доказ за добар вкус, уредност, беспрекорна чистота во својот надворешен изглед. Облеката мора да биде добро скроена и уредно сошиена. Ние не смееме да ги одбиваме неверниците со својата неуредна надворешност. Мораме да се облекуваме скромно, водејќи сметка за здравјето и уредноста, за да можеме со својот изглед да ја препорачаме таквата облека на искрените и отворените луѓе. {2C 65.3}

Вам ви е потребен јасен, енергичен ум, за да го процените возвишеното значење на вистината и вредноста на покајанието, и правилно да ги процените вечните вредности. Ако и понатаму се држите за погрешниот став и негувате лоши навики во јадењето, слабеејќи ги на тој начин своите духовни сили, нема правилно да ја разберете високата вредност на спасението и вечниот живот, кој би ве вдахновиле сиот свој живот да го ускладите со животот на Христа. Морате сесрдно и самопожртвувано да се залагате целосно да се покорите на Божјата волја, како што налага Неговата реч, и кое е неопходно за да ви даде морална подготвеност за завршниот допир на бесмртноста. {2C 66.1}

---

7. ЗАПОСТАВУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

Драги брате и сестро И, Господ ми покажа извесни работи што се однесуваат до вас и сметам дека должност ми е тоа да ви го напишам. Вие се наоѓате помеѓу бројот на оние на кои им е укажано дека заостанале во поглед на здравствената реформа. Светлината го осветлува патот по кој оди Божјиот народ, а сепак сите не одат по неа и не одат толку бргу како што одредило Божјото привидение, отворајќи го патот пред нив. Сè додека така не постапуваат, ќе одат во темнина. Кога Бог му проговорил на Својот народ, Тој притоа сакал народот да го слушне и да го послуша Неговиот глас. Минатата сабота, додека зборував, јасно ги воочив вашите бледи лица. Ја видов вашата здравствена состојба и болестите од кои толку долго страдавте. Ми беше покажано дека не живеете здрав начин на живот. Вашиот апетит бил нездрав и вие сте го задоволувале својот вкус на штета на здравјето. Користевте намирници кои стомакот не може да ги претвори во здрава крв. На тој начин сте го преоптоварile панкреасот, бидејќи ви се пореметени органите за варење. И двајцата имате заболен панкреас. Здравствената реформа ќе ви користи во голема мера, ако строго се придржувавте кон неа. Но вие тоа не го направивте. Вашите барања се болни; не се храните со едноставна храна која е составена од непросеано пченично брашно, овошје и зеленчук приготвени без зачини и маснотија и така постојано ги кршите законите кои Бог ги пропишал за вас. Сè додека постапувате така, ќе бидете казнувани, бидејќи за секоја повреда на законот е одредена казна. А вие при сето тоа се чудите зошто вашето здравје е лошо. {2C 66.2}

Бидете уверени дека Бог нема да направи никакво чудо за да ве спаси од лошите последици на вашиот начин на живот. Вие немате доволно свеж воздух. Братот И работи во својата работилница, посветувајќи се целосно на своите работи, не изложувајќи се на свеж воздух и движење. Неговиот крвоток е успорен, тој диши само со врвот на белите дробови, и ретко употребува стомачни мускули при дишењето. Желудникот, панкреасот, белите дробови и мозокот страдаат од недоволно длабоко, полно вдишување на воздух кој би го оживеал крвотокот и би дал светла крв, жива боја, која единствено може да се одржи чиста и да подари сила на секој дел од животната машина. {2C 67.1}

Драги брате и сестро, вие би биле многу поздрави отколку сега и би избегнале многу незгоди само кога би биле умерени во сè - во работата, во јадењето и пиењето. Врелите напитоци се штетни за стомакот. Сирењето никогаш не треба да се внесе во желудникот. Лебот од бело брашно не дава на телото храна како што ја дава лебот од непросеано брашно. Вообичаената употреба на леб од просеано пченично брашно не може телото да го одржи во добро здравје. Кај обајцата панкреасот не работи. Употребата на фино брашно ги зголемува тегобите кои ги чувствувате. {2C 68.1}

Не постои никакво лечење кое би можело да ги олесни вашите сегашни тегоби сè додека јадете и пиете вака како што тоа досега правите. Вие за себе би можеле да го направите она што ни најискусниот лекар не би можел да го оствари. Усогласете ја својата исхрана. За да го задоволите вкусот често ги преоптоварувате органите за варење земајќи храна која не е здрава, а понекогаш и во преголеми количини. Тоа го оптоварува желудникот и го онеспособува да прими дури и најздрава храна. Органите за варење ви се постојано слаби поради лошите навики во јадењето. Вашата исхрана е премногу богата. Храната не ја приготвувате на едноставен, природен начин; кога ја приготвувате по свој вкус, таа целосно е неподобна за желудникот. Природата е

оптоварена и настојува да се спротивстави на вашите обиди да ја онеспособите. Треска и грозница - тоа се последиците на обидот да се ослободите од товарот којшто сте го ставиле на неа. Ќе бидете казнети, бидејќи ги кршите законите на природата. Бог воспоставил закони во вашиот живот и не можете неказнето да ги престапувате. Вие му угодувавте на вкусот, не гледајќи на здравјето. Направивте извесни измени, но, тоа се само први чекори во реформа на исхраната. Бог бара од нас умереност во секој поглед. „И така било да јадете или да пиете, или нешто друго да чините, сето тоа правете го за слава Божја". {2C 68.2}

Од сите семејства што ги познавам на ниту едно не му е толку потребна здравствена реформа како на вашето. Вие се жалите поради болки и мака на кои не гледате причина настојувајќи тоа покорно да го примите, сметајќи дека неволјата ви е доделена судбински, и дека тоа е одредено преку провидението. Кога би можеле да ги отворите очите и да сфатите дека вашите досегашни чекори ве довеле до слабо здравје, вие би се чуделе на своето слепило кое ве спречило многу порано да увидите за што станува збор. Сте развиле неприродни барања и сега ни половина не уживате во својата исхрана онака кога не би го злоупотребувале својот апетит. Сте ја изопачиле својата природа и страдавте од последиците - а тоа било мачно. {2C 69.1}

Природата без отпор ја поднесува злоупотребата сè додека може, а потоа и вложува моќен напор да се ослободи од товарот и злоставувањето на кое е изложена. Тогаш доаѓаат грозница, нервоза, одземеност и други зла, многубројни за да се набројат. Погрешните навики во јадењето и пиењето го уништуваат здравјето, а со него и сласта на животот. О, колку пати она што го нарекувате добар оброк сте го купиле по цена на грозница, губење на апетитот и несоница. Неможноста да се ужива во храната, бессона ноќ, тешки и мачни часови - сè заради еден оброк со којшто сте сакале да си го задоволите вкусот! Илјадници од нив си угодувале на своите изопачени барања и на тој начин предизвикале грозница и некоја друга акутна болест, а понекогаш и смрт. Таквото уживање е купено со огромна цена. Мнозина токму така постапиле. Тие самоубијци, подоцна по својата смрт, биле фалени од пријателите и проповедниците па дури и вознесувани до небото. Каква помисла! Незаситници на небо! Не, не! Таквите никогаш нема да влезат низ бисерните порти во златниот Божји двор. Тие никогаш нема да бидат повикани да седнат од десната страна на Исуса, милиот Спасител, маченикот од Голгота, чиј живот беше проткаен од непрекинато самооткажување и жртва. На таквите местото им е меѓу недостојните кои не можат да учествуваат во подобриот живот и во бесмртното наследство. {2C 69.2}

Бог бара од сите луѓе нивните тела да бидат жива жртва, а не мртви или на умирање коишто тие самите со своите постапки ги слабеат, исполнувајќи ги со нечистотија и болести. Бог бара жива жртва. Тој нам ни вели дека телото е храм на Светиот Дух, престојувалиште на Неговиот Дух и бара од сите оние кои го носат Неговиот лик да ги чуваат своите тела за да бидат во состојба да му служат и да го слават. „Вие не сте свои," вели вдахновениот апостол, „зошто скапо сте купени," и заради тоа „прославете Го Бога во телата свои и во душите свои, кои се Божји". За да можете тоа да го постигнете морате да придодадете кон добродетелта знаење, а кон знаењето воздржување, а кон воздржувањето трпение. Наша должност е да знаеме како телото да го сочуваме во најдобро здравје и наша света должност е да живееме според светлината којашто Бог

милостиво ни ја дал. Ако ги затвориме очите пред светлината од страв што ќе ги видиме грешките од кои не сакаме да се откажеме, нашите гревови со тоа не се смалуваат, туку се зголемуваат. Ако го свртиме грбот на светлината во еден случај, ќе ја запоставиме и во друг. Исто така грев е да ги прекршиме законите на нашето битие, како што е грев да се прекрши една од десетте заповеди, зашто и на еден и на друг начин ги престапуваме Божјите закони. Не можеме да го љубиме Господа со сето свое срце, душа и сила ако апетитот и вкусот ги ставаме пред Господа. Ние секојдневно ја смалуваме својата сила со која треба да го прославиме Бога, а Тој ја бара сета наша сила и сиот наш ум. Како последица на лошите навики ја губиме животната сила, а сепак тврдиме дека сме Христови следбеници кои се подготвуваат за завршниот допир на бесмртноста. {2C 70.1}

Драги брате и сестро, вам ви престои работа која никој не може да ја заврши наместо вас. Разбудете се од летаргичниот сон и Христос ќе ви даде живот. Променете го својот живот во поглед на јадењето, пиењето и работата. Сè додека одите по патот кој го следите со години, нема да можете јасно да забележите што е свето и вечно. Вашите чувства се отапени, а разумот ви е замрачен. Вие не сте растеле во благодатта и во познавањето на вистината како што сте можеле. Вашата духовност не се развивала, па се подлабоко сте запаѓале во темнина. Премногу сте брзале да стекнете имот и сте се наоѓале во опасност, грижејќи се само за сопствената корист, не имајќи обѕир кон другите онака како што би сакале и тие да имаат кон вас. Во себе сте охрабриле себичност во себеси која морате да ја совладате. Испитајте го внимателно своето срце, угледајте се на совршениот Пример, и сè ќе биде добро. Сочувајте чиста совест пред Бога. Во сè што чините, славете го Неговото име. Ослободете се од себичноста и од себичната љубов. {2C 71.1}

„Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате која е Божјата волја: што е добро, благоугодно и совршено". Обичаите и навиките на светот не смеат да бидат ваше мерило. Колку и да бидат тешки вашите прилики, никогаш не дозволувајте си себеси да мамите. Сатаната се наоѓа во близина за да ве наведе на искушение и нема да ве остави на мир во тој поглед. Можно е еден трговец да биде христијанин и да ја сочува својата чесност пред Бога. Но за да се постигне тоа, потребно е постојано да се внимава и сесрдно да се молиме на Бога да нè сочува од злите тенденции на овој изопачен век, за да не се трудиме да си користиме на себе на штета на другите. Вие се наоѓате во таква положба во која тешко ќе можете да напредувате во божествениот живот. Имате начела, но не се потпирате целосно на Бога. Премногу се потпирате на сопствените слаби сили. Вам во голема мера ви е потребна божествена помош, сила која не можете да ја најдете во себе. Постои Некој кому можете да му се обратите за совет, кој поседува безгранична мудрост. Тој ве повикал да дојдете кај Него и Тој ќе ги задоволи сите ваши потреби. Ако во вера целосно се потпрете на Оној кој се грижи и за врапчето, тоа нема да биде залудно. Ако се потпрете на Неговите сигурни ветувања и ја сочувате вашата чесност, ќе бидете опкружени со Божјите ангели. Правете добри дела во вера пред Бога; тогаш со вашите чекори ќе управува Господ, а Неговата моќна рака нема да ве напушти. {2C 71.2}

Кога би ви било препуштено сами да го одредувате својот животен пат, вие тоа прашање погрешно би го решиле и набрзо би доживеале бродолом во верата.

Префрлете ги своите грижи и товари на Оној Кој ги носи товарите. Но, не дозволувајте ниту една дамка да го извалка вашиот христијански карактер. Никогаш не смеете да дозволите вашиот запис на небото кого го набљудуваат сите ангели и вашиот самопожртвуван Откупител, заради некоја лична корист да биде извалкан со саможивост, скржавост, себичност или неисправни постапки. Таквиот став може да ви донесе корист од точка на гледиште на овој свет, но гледано во светлината на небото, тој претставува огромна неповратна загуба. „Господ не гледа како што гледа човекот". Оној што постојано се потпира на Бога, безбеден е и не мора постојано да се плаши од идно зло. Тие позајмени грижи и стравувања ќе исчезнат. Ние го имаме Небесниот татко Кој се грижи за Своите деца и чија благодат е доволна за секое време на потреба. Но ако сами управуваме со работите што се однесуваат на нас, и ако настојуваме да постигнеме успех потпирајќи се на сопствената мудрост, тогаш со страв можеме да очекуваме опасност и штета, зошто тие сигурно и ќе нè снајдат. {2C 72.1}

Од нас се бара целосна посветеност на Бога. Додека Откупителот на грешните смртници работел и страдал заради нас, Тој се откажал од Себе си така што сиот Негов живот бил непрекината низа маки и самооткажувања. Ако сакал, можел Своите денови на земјата да ги проживее во удобност и изобилство, да ужива во сите задоволства и удобности на овој живот. Но Тој тоа не го направил, не обрнувал внимание на својата удобност, ниту живеел за да си угодува на Себе, туку да прави добро и да ги спаси другите од страдања, да им помогне на оние чија помош им била најпотребна. Тој истрајал до крајот. Казната за нашиот мир падна врз Него и преку Неговите рани ние се излекувавме. Тој го поднел бремето на гревот од сите нас. Горка била чашата наменета за нас. Нашите гревови ја приготвиле. Но нашиот љубен Спасител ја земал чашата од нашите усни и самиот ја испил, а наместо неа ни подарил чаша на милост, благослов и спасение. О, колку голема била таа жртва за паднатиот човечки род! Каква љубов, каква чудесна и неспоредлива љубов. Зар ние, после сите тие страдања кои ја откриваат Неговата љубов, смееме да отстапиме пред ситните неволји на кои сме изложени? Можеме ли да Го љубиме Христа, а да одбиваме да го носиме крстот? Можеме ли да копнееме да бидеме со Него во славата, а да не Го следиме од судницата до Голгота? Ако Христос е наша надеж на славата, мораме да одиме како што и Тој одел. Мораме да се угледаме на Неговиот живот полн со пожртвувања за другите, мораме да ја испиеме чашата и да бидеме крстени со Неговото крштавање. Мораме радосно да го прифатиме животот на посветеност, неволји и самооткажувања заради Христа. Какви жртви и да поднесеме, небото секогаш ќе биде евтино. {2C 72.2}

---

8. ЉУБОВ КОН ЗАБЛУДЕНИТЕ

Видов дека братот Ј и сестрата К ги забележуваат грешките на другите, но не се трудат да ги исправат и да им помогнат на оние на кои треба да им помогнат. Тие ги препуштаат сами на себе и ги држат на растојание сметајќи дека нема да биде ни од каква полза што и да се обидат да направат за нив. Тоа е погрешно и тие грешат што така постапуваат. Христос рекол: „Јас не дојдов да ги повикам праведните туку грешниците на покајание". Бог сака да им помогнеме на оние на кои помошта им е најпотребна.

Иако забележувате грешки и недостатоци кај другите, вие сте затворени во себе и премногу себично уживате во вистината. Бог не ги одобрува оние кои така прават и не поднесуваат никаква жртва за да помогнат и да ги оснажат оние на кои тоа им е потребно. Сите ние немаме исти особини, а мнозина не се ниту одгледани како што треба. Нивното воспитание е непотполно. Некои наследиле избувлива природа и во детството не се воспитани да се совладуваат. На таков жесток карактер често пати ги придружуваат зависта и љубомората. Други имаат поинакви недостатоци. Некои се неисправни во деловното работење, нечесни во трговијата. Извесни личности покажуваат самоволие во своето семејство и сакаат да заповедаат. Нивниот живот е далеку од исправност. Тие имале сосема погрешно воспитување. Тие не биле поучени дека е грев да се попушта на лошите особини, затоа гревот не им изгледал толку грешен. Други биле подобро одгледани и воспитани и развиле карактер кој нема толку недостатоци. Воспитанието во голема мера влијае, во добар или лош правец на животот на секој христијанин. {2C 73.1}

Нашиот Застапник, Исус, е запознаен со сите околности во кои живееме и постапува со нас во склад со светлината која сме ја примиле и условите во кои живееме. Некои имаат многу подобра природа од останатите. Додека едните постојано се растргнати од грижи и незгоди заради несреќните особини на својот карактер, и мораат да се борат со внатрешните непријатели и расипаноста на својата природа, други пак не мораат да се борат ниту со половина од ова. Живеат скоро без тешкотии против кои се борат нивните браќа и сестри коишто немаат толку среќна природа. Во многу случаи тие не мораат ниту наполу од тоа да се залагаат за да живеат живот на христијанин како оние другите кои горе ги напоменав. Тие несреќници секогаш се наоѓаат во полоша положба, додека оние првите изгледаат многу подобри, бидејќи тоа им го овозможува нивната природа. Тие не мораат да вложуваат ниту половина такви напори за да бидат будни и да го држат своето тело во потчинетост, а сепак го споредуваат својот живот со животот на другите кои имаат несреќна природа и кои добиле лошо воспитување, ласкајќи си себеси со таа споредба. Зборуваат за недостатоците и грешките на несреќните, не увидувајќи дека и самите имаат одредени должности во тој поглед, дека не треба да зборуваат околу тоа, ниту да стојат настрана од оние кои згрешиле. {2C 74.1}

Истакнатата положба која како семејство ја заземате во црквата ви наметнува неопходна должност да бидете носачи на бремиња. Тоа не значи дека треба да преземате товар од оние кои се во состојба самите да го понесат, па дури и на други да помогнат. Меѓутоа, треба да помогнете на оние на кои помошта им е најпотребна - кои се наоѓаат во неповолна положба, грешат и живеат во заблуда, кои можеби ве навредиле и го злоупотребиле вашето трпение до крајни можни граници. Токму кон таквите Исус покажува сожалување, бидејќи сатаната над нив има многу поголема власт, постојано се користи со нивните слабости и ги погодува со своите стрели таму каде што се најмалку заштитени. Исус ја покажува Својата моќ и милост токму во таквите жални случаи. Кога бил прашан кој имал најголема љубов, Симон одговорил: „Оној кому најмногу му е простено". Така и ќе биде. Исус не се отстранува од слабите, несреќните, беспомошните, туку помагал на сите оние на кои им била потребна помош. Тој не ги посетувал и не работел само за поразумните и оние кои имале помалку недостатоци на сметка на занемарување на несреќните. Не се прашувал дали е пријатно да се биде

пријател на најсиромашните и најбедните. Тој го барал нивното друштво - загубените овци од домот Израелов. {2C 75.1}

Ова е работата која вие сте ја занемариле. Сте се повлекле од непријатните обврски и не сте оделе да ги посетувате заблудените, ниту да им покажете разбирање, љубов и не сте се спријателиле со нив. Вие не простувавте како Христос. Сте заземале таков став и секој мора да дојде до одредена точка пред да ги прикриете со наметката на својата сочувствителност. Од вас и не се бара да го прикривате гревот, туку да чувствувате кон заблудените сожалување и онаа љубов која Христос ја имал кон вас. {2C 75.2}

Вие се наоѓате во најповолни околности за развој на добар христијански карактер. Вие не сте во состојба да мора да трпите сиромаштво и да се мачите и очајувате поради непослушни и непокорни деца. Во вашето семејство нема несклад. Вие имате сè што може срцето да посака. Но и покрај сите тие поволни околности имате недостатоци и грешки и морате многу нешта да совладате за да се ослободите од духовната гордост, себичност, избрзаност, љубомора и зли претпоставки. {2C 76.1}

Братот К не треба да се покае од грев на зборување зло, како што мнозина тоа треба да го направат но тој не сака да им помогне на оние на кои помошта им е најмногу потребна. Тој е себичен. Го сакаcсвојот дом, сака одмор и мир, слобода од грижи, неволји и потешкотии; така тој премногу си угодува себеси. Не го носи товарот кое небото му го одредило. Избегнува непријатни одговорности и ги затвора очите пред нив, за да може да живее во мир. Тој е дарежлив и широкоград, но кога е потребно да жртвува нешто од себе за да направи добро, кога од него се бара вистинска жртва, тој тука нема искуство и затоа мора да го стекне. {2C 76.2}

Тој се плаши дека ќе биде бламиран ако се осмели да им помогне на оние кои грешат. „Ние силните, должни сме да ги носиме слабостите на послабите и да не си угодуваме на себеси. Секој од нас должен е на својот ближен да му угодува со она што е добро за неговата надградба. Зашто и Христос не си угоди на Самиот Себе туку како што е напишано: ‘Подбивите на оние што Тебе ти се подбиваа, паднаа врз Мене.’” Сите кои имаат дел во ова големо спасение треба нешто да направат за да им помогнат на оние што се држат за Сион. Тие не смеат да им ја извлечат потпората од под нивните нозе и да ги отфрлат, без да се вложи напор да им се помогне да победат и да се приготват за судот. Не, никако! Ние мораме да им помогнеме и да ги охрабриме овците кои талкаат околу стадото со сите средства што ни стојат на располагање. Во твоето семејство владеат премногу крути правила и поими кои не можат да се применат за секој случај. Ти немаш љубов, наклонетост и нежност кон оние што не можат да одат толку брзо како што би требало. Овој дух до таа мера преовладал со тебе така што ти повеќе не цветаш, туку духовно венееш. Се грижиш и мислиш само за своето семејство и роднините, и никогаш не ти паднала на памет мислата да излезеш од овој тесен круг да бидеш активен и надвор од него. Ти го обожаваш своето семејство и се затвораш во него. Се грижиш само за да се спасиш себеси и своите. Мораш да се ослободиш од тој себичен дух ако сакаш да растеш во Господа и да напредуваш во духовен поглед, пред црквата да може да напредува и кон неа да бидат придодадени душите на оние кои треба да се спасат. {2C 76.3}

Кога е во прашање работата за други, сите сте тесногради; морате да го измените својот начин на работа. Во Божјите очи вашите роднини не се ништо помалку драгоцени

од која било која друга душа на која ѝ е потребно спасение. Мораме да се ослободиме од својата себичност и да покажеме таква пожртвуваност и несебична добрина каква што Исус ја манифестирал додека бил на земјата. Сите треба да се заземаат за своите роднини, но не смеат да се ограничат само на нив како да се тоа единствени луѓе кои Христос дошол да ги спаси. {2C 77.1}

---

9. ВЕРА ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

Брате и сестро Л, ми беше покажано дека на вас лежи одговорноста да воведете ред во вашиот дом. Ти брате Л не покажуваш добар пример во корист на вистината. Ти ја сакаш вистината, но таа не го посветила твојот живот беа кое нема да бидеш примен во друштвото на небесните ангели во царството на славата. Ти си груб камен кој треба уште многу да се обликува и кој мора да остане во Божјата работилница сè додека од него не се тргнат сите остри рабови и рапави површини за да биде погоден за градба. {2C 78.1}

Мораш да внимаваш да не зборуваш каде и да е за сегашната вистина. Можеш да направиш многу повеќе живеејќи според вистината отколку зборувајќи за неа на другите. Со својот пример можеш многу да постигнеш. Треба да бидеш внимателен во својата работа и во неа да постапуваш според начелата на вистината. Биди искрен и чесен во својата работа, имајќи секогаш на ум дека на тебе не само што лежи погледот на твоите работодавачи, туку и Божјото око, од кое не може да се скрие секој твој чекор. Божјите ангели, ги гледаат твоите постапки; затоа мораш да настојуваш секоја твоја работа да носи печат на вистината и побожноста, бидејќи и тоа е составен дел од религијата. „Кој е верен во малку и во многу е верен, а кој е неверен во малку и во многу е неверен". Бог сака ти да бидеш правичен, свет и верен. {2C 78.2}

Зборовите кои ги упатуваш на својата жена и на децата не се мудри, ниту разумни. Потребно е да даваш пример на благородност и љубезност. Ти на своите деца не им пружаш најдобар пример и не влијаеш на нив онака како што треба. Тие не треба тебе да те надгледуваат, туку ти нив. И тоа не надмено, туку со цврстина и одлучност. {2C 78.3}

Сестро Л, тебе ти претстои голема битка која мора да ја извојуваш, ако сакаш да победиш. Ти дозволи твоето „јас" да извојува победа. Најголемиот непријател ти е твојата тврдоглавост. Ти имаш непотчинет темперамент, ниту владееш со својот јазик. Овој недостаток на самоконтрола ти нанел големи штети тебе и на твоето семејство. Во вашиот дом многу кратко време имало среќа, спокојство и мир. Но ако некој ти се спротиви, ти веднаш се раздразнуваш и тогаш зборуваш и постапуваш така како со тебе да завладеал некој демон. Ангелите го вртат своето лице од глетката на неслога каде што се упатуваат гневни зборови. Препуштајќи се на своите чувства, ти многупати од своето семејство ги избрка небесните ангели. {2C 78.4}

Крушата под круша паѓа. Твоите мани се појавија и кај твоите деца. Тие почувствуваа толку малку љубов, нежност и благородност и нема ништо што би можело да ги придобие за вистината или да им влее почит кон тебе. Тие толку долго јаделе лоши

плодови кои се донесени од тебе, така што во себе насобрале многу горчина. Тие не се сосема расипани. Има добри чувства под нивната груба надворешност до кои би можело да се дојде и да се извлечат на површина. Кога твојот верски живот би бил рамномерен, ако се владееше според Христовиот пример, твоето семејство би изгледало сосема поинаку. „Зошто човекот што ќе посее тоа ќе го пожнее". Какво семе сееш, таква жетва и ќе имаш. Кога во твојот дом би се слушале благи зборови, ти сега би примала слични плодови. {2C 79.1}

На тебе лежи тешка одговорност. Кога би сфатила, би била многу повнимателна во своите зборови и дела. Какво семе си посеала во срцата на своите деца? Имај на ум дека времето на жетва не е далеку. Не сеј расипано семе. Сатаната е подготвен да го прави тоа. Сеј само чисто, добро семе. {2C 79.2}

Ти, драга моја сестро, си била љубоморна, завидлива и си наоѓала мани. Си сметала дека те запоставуваат и презираат. Тебе навистина многумина те запоставувале, но и ти треба да извршиш една задача која никој друг не може да ја изврши за тебе. Потребни ти се големи напори, сесрдност и истрајност за да се здобиеш со слобода над навиките, кои толку длабоко се вкорениле и постанале твоја втора природа. Ние негуваме најнежни чувства кон тебе, и покрај сите твои грешки и мани, и земајќи си слобода да ти зборуваме за твоите недостатоци, ти ветуваме секаква можна помош. {2C 79.3}

Покажано ми е дека во тебе ја нема онаа христијанска љубов која би требало да ја имаш. Злото во твојот карактер се покажува на најнеприроден начин. Ти немаш никаква нежност и почитување кон твоите родители. Какви мани и да имаат, тоа воопшто не го оправдува твоето постапување кон нив. Тоа било без никакви чувства и почит. Ангелите го свртеле своето лице од тебе повторувајќи ги овие зборови во жалост: „Што човекот ќе посее тоа и ќе пожнее". Ако времето продолжи, твоите деца ќе постапуваат кон тебе на ист начин на кој и ти си се однесувала кон своите родители. Никогаш не си се запрашала како своите родители да ги направиш среќни, ниту си се обидела кон таа цел да ги подредиш своите желби и удобност. Ним им се преостанати уште малку денови на оваа земја и тие денови ќе бидат исполнети со грижа и немир, дури кога би сторила сè што можеш да им подготвиш мирно симнување во гробот. „Почитувај го својот татко и својата мајка, за да ти се продолжат деновите на земјата што ти ја дава Господ твојот Бог". Ова е прва заповед со ветување. Таа е задолжителна за децата и младината, за луѓето во години и за тие во староста. Нема ни еден период во животот во кој на децата би можело да им се прости што не ги почитуваат своите родители. На оваа заповед мора да се покорува секој син и секоја ќерка и со неа е условен долг живот на земјата која Господ ќе им ја даде на верните. Преку ова прашање не може лесно да се помине, бидејќи тоа има особено важно значење. Ветувањето е условено со послушност. Ако бидеш послушен, ќе живееш долго на земјата која ќе ти ја подари Господ твојот Бог. Ако ли не бидеш, нема да се продолжи твојот живот во таа земја. {2C 80.1}

За ова, драга моја сестро, мора да размислуваш низ молитва и многу сесрдно. Испитувај го внимателно своето срце во светлина на вечноста. Не крај ништо од себе. Истражувај, испитувај, како да ти е во прашање животот, пресуди си самата, а потоа во вера побарај ја Христовата крв која ќе ги исчисти дамките од твојот христијански карактер. Немој да си ласкаш, немој да се оправдуваш, биди строга кон својата душа. И кога ќе увидиш колку голем грешник си, тогаш понизно клекни пред крстот. Исус ќе те

прими, колку и да си нечиста, и ќе те испере со Својата крв, ќе ја исчисти секоја нечистотија од тебе и ќе те направи подобна за друштвото на светите ангели во чистото небо кое е исполнето со слога и хармонија. Таму нема никаков раздор и неслога. Има само здравје, среќа и радост. {2C 81.1}

Сестро Л, ти не си била рамнодушна во поглед на своето спасение. Од време на време правеше сесрдни напори понизувајќи се пред црквата и пред Бога, но не си го примила она охрабрување кое ти било потребно и кое Исус би ти го пружил доколку би бил на земјата. Во црквата недостасува љубов. Љубовта кон грешниците е задушена со себичност. Многу малку ја има оваа драгоцена особина во Божјиот народ. Ти си мислела дека Божјиот народ е рамнодушен кон тебе и затоа се побуни против него. Луѓето ниту мислеле ниту зборувале онака како што треба. Тие не постапиле правилно. Тие не се оправдани во тоа. Гневот на небото е на нив. Исус има сожалување кон тебе и те повикува, така уморна и јадосана да Му пристапиш и да се научиш од Него, зошто Тој е кроток и понизен во срцето и така ќе најдеш мир на својата душа. Христовиот јарем е благ и Неговото бреме е лесно. Ако те снајдат неволји, тага и бол, побрзај кон Носителот на товарите и исповедај му се. Можеби твоите браќа и сестри нема да умеат да ги ценат твоите напори, а можеби ниту некогаш ќе дознаат колку тешко си се борела за победа, но тоа не треба да те обесхрабри. Ако Исус знае за твоите искрени напори, треба да бидеш задоволна. {2C 81.2}

Мораш да извршиш целосна реформа во својот живот и трансформација преку обновувањето на твојот ум. Бог бара од Својот народ да ти помогне бидејќи ти е потребна помош, а ти понизно треба да ја прифатиш таа помош. Ако дојдеш во искушение да го пуштиш својот јазик како што сакаш, помисли само дека ангелот го бележи секој твој збор. Сите твои дела се чуваат во книгата и ќе бидат изнесени, ако не бидат испрани со Христовата крв. Засега, за тебе постои лош извештај на небото. Бог ќе го прими твоето искрено покајание. Ако ти надојдат лоши зборови на уста, затвори ја. Не изговарај ниту еден таков збор. Помоли се пред да проговориш, и светите ангели ќе ти дојдат на помош и ќе ги избркаат злите ангели кои те наведуваат да го обесчестуваш Бога, да го срамотиш Неговото дело и да ја слабееш својата душа. {2C 82.1}

Особена должност ти е понизно да го исповедаш своето лошо постапување кон своите родители. Ти немаш никаква причина така да се однесуваш кон нив. Тоа е сатански дух, а ти го негуваш само затоа што твојата мајка не го одобрувала твојот начин на живот. Ти не искажуваш само непочитување, туку и омраза, пакост, љубомора и завист, што се гледа во твоите постапки кон нив. Тие заради тоа страдаат и трпат немаштија. Не настојуваш да ги направиш среќни или пак задоволни. Твоите чувства се променливи. Понекогаш срцето ти омекнува, но штом најдеш некаква забелешка кон нив веднаш ти се стврднува, а тогаш ниту ангелите не се во можност во него да внесат чувство на љубов кон родителите. Со тебе завладеал некој лош дух и ти си исполнета со омраза. Бог ги забележил сите твои погрдни зборови, твоето лошо однесување кон родителите, кое, во склад со заповедта, треба да ги почитуваш и ако не го увидиш овој голем грев, и не се покаеш, ќе паднеш во сè поголема темнина, додека не бидеш препуштена самата на себе на својот зол пат. {2C 82.2}

Господ е подготвен да помогне на сите на кои им е потребна помош и кои чувствуваат таква потреба. Ако го увидиш своето сиромаштво и беда пред Бога, ако

сердно бараш да ти подари сила, Тој ќе ти помогне, ќе те благослови и ќе ти подари сила, за да можеш со своите добри дела да ги поттикнеш другите да го слават нашиот Татко кој е на небесата. Дали ќе ја увидиш својата состојба? Ќе побараш ли од Бога да ти подари вера чиста и без мана? О, колку таа би ти помогнала да се извлечеш од оваа бедна состојба во која сега се наоѓаш! Животот кој сега го живееш не те први среќна, ниту оние кои се со тебе. Самата си виновна за најголемиот дел од твојата несреќа. Животот којшто си го живеела не вреди многу. Зошто не се измириш со Бога? Умри за себеси и обрати се и Исус ќе те излечи. Тој сака да те спаси на Својот одреден начин само ако се согласиш на тоа. Се молам Господ да ти помогне да ги увидиш и исправиш сите свои грешки. {2C 83.1}

Брате Л, ти треба повеќе да слушаш, помалку да зборуваш и помалку да се жестиш. Внимавај на своите зборови. Не дозволувај сатаната од тебе да направи камен за сопнување за другите. Ти си немарлив во своето работење. Ја омаловажуваш својата работа. Гледаш што побргу да ја завршиш, сметаш дека добро е сработена, иако не е така. Не си темелен во својата работа. Сè што работиш треба да биде со вкус и уредно. Ако нешто треба да се направи, тогаш направи го како што треба. Ако не бидеш исправен во својот деловен живот, нема да бидеш ниту во верскиот, така што на Божјиот ден ќе бидеш измерен на мерилото на светилиштето и ќе се најдеш лесен. Оваа мана ѝ наштетува и на твојата вера. Неверниците гледаат во неа знак на нечесност и велат: „Ако вакви луѓе ја празнуваат саботата, подобро е да не бидам меѓу нив”. {2C 83.2}

Мнозина, откако ги испробале твоите производи, нашле многу недостатоци во поглед на трајноста, убавината и грижливата изработка. Тие велат дека си измамник и упатуваат многу лоши зборови на твоја сметка. Твоите производи биле предмет на многу пцости и хулења на Бога. Ти немаш намера да бидеш нечесен, но твојата работа е несолидна. Ти мислиш дека твоите муштерии бараат премногу, дека знаеш исто толку добро како и тие што им треба, и оттаму е таа твоја немарност и површност во твојата работа. Мораш да се подобриш во овој поглед. Треба да бидеш чесен во сите свои деловни работи и да ги вршиш така што ќе можат да го издржат и Божјиот суд. Немој да потценуваш ниту една работа. Биди верен и во најмалите работи. {2C 83.3}

Обиди се да ѝ помогнеш на својата жена во борбата која и претстои. Внимавај на своите зборови, негувај благородност, учтивост и благост и за тоа ќе бидеш награден. {2C 84.1}

---

10. РЕФОРМА ВО ДОМОТ

Брате М, според она што ми е прикажано ти треба да извршиш една голема задача за да можеш да излезеш пред Божјото лице. Премногу го истакнуваш своето „јас”. По природа си раздразлив и деспотски владееш во своето семејство. Сестра М е неуредна и немарлива во домашните работи. Во нејзината работа нема ниту ред, ниту чистота. Сепак, таа може да се поправи во тој поглед. Ти брате М. си груб кон својата жена, се однесуваш тирански и ја немаш онаа љубов која треба да ја поседуваш. Таа се плаши од

твоето лошо однесување, но не презема ништо за да ги поправи своите лоши навики кои го прават домот грд и непријатен. {2C 84.2}

Брате М, твојот однос кон твоето семејството не е исправен. Децата не те сакаат. Тие имаат повеќе омраза отколку љубов кон тебе. Твојата жена не те сака. Ти не постапуваш со нив така за да можат да те сакаат. Одиш во крајност. Ти си строг, во сè наоѓаш мани, и си своеволен кон своите деца. Зборуваш за вистината, но не живееш според неа во својот секојдневен живот. Ти недостасуваат трпение, воздржливост и простување. Толку долго си се раководел според своите склоности и толку лесно се лутиш и за најмал повод, така што многу сериозно е прашањето дали сакаш некогаш да се обидеш да го достигнеш нивото кое од нас го очекува Христос. Не поседуваш сила на издржливост, трпение, благородност и љубов. Мораш да ги имаш овие христијански доблести, ако сакаш да станеш вистински христијанин. Ти ги чуваш зборовите на охрабрување и својата благородност за оние кои на нив немаат толку право како твојата жена и твоите деца. Биди љубезен, нежен и добар во своето семејство, бидејќи тоа е од големо значење за твојата среќа. Никогаш не дозволувај збор на прекор или лутина да прејде преку твојата уста. Задуши ја во себе желбата да владееш и со железна пета да газиш сè што можеш. Твојот карактер е многу непријатен и твојот дух ситничав. Кон некои луѓе си себичен и скржав; кон други пак, затоа што сакаш да имаат високо мислење за тебе, би жртвувал сè па дури и она што е неопходно потребно на твоето семејство. Во такви случаи ти си дарежлив, само за луѓето да те ценат и фалат. Кога би можел да го заслужиш Небото со некоја поголема жртва кон оние кон кои сакаш да бидеш дарежлив, ти сигурно тоа и би го постигнал. Не би се притеснувал да поднесеш и најголеми тешкотии за да направиш за другите нешто што би те воздигнало во нивните очи. Ти во тие прилики даваш десеток од нане и рута додека запоставуваш многу побитни работи како што се правдата и Божјата љубов. {2C 84.3}

Не си праведен кон членовите на своето семејство. Мораш да се измениш во тој поглед. Прво, на својата жена пружи ѝ удобен и среќен живот, а потоа погрижи се за своите деца. Погрижи се добро да се хранат и да се облекуваат. И тогаш, ако е можно тоа да го направиш не одземајќи ништо од твојата жена и деца, гледај да помогнеш на оние на кои им е потребна помош и својата наклоност да ја покажеш кон оние што ќе умеат да ја ценат. Тогаш твојата дарежливост ќе биде за пофалба. Меѓутоа, прва и најсвета должност е должноста кон твоето семејство. Не смееш од неа да одземаш за да даваш на други. Нека твоето добродетелство и дарежливост се види во твоето семејство. Пружи му докази за својата љубов, грижа и интересирање. Од ова во многу зависи и твојата среќа. Престани да ѝ замеруваш на својата жена за секоја ситница и да ја караш, затоа што со тоа создаваш само непријатност на самиот себе, а нејзиниот живот го претвораш во пекол. {2C 85.1}

Во твоето семејство нема да престојуваат Божји ангели сè додека во него не се изменат нештата. Не се во прашање твоите пари. Сепак, кога беше укорен, мислеше дека на црквата ѝ се потребни твоите пари. Се лажеше. Ти беше дарежлив бидејќи мислеше дека со тоа ќе задобиеш спасение и углед во црквата. Но не! Ти си потребен, а не твоите мали средства. Ако сакаш да се преобразиш преку возобновување на твојот ум и да бидеш обратен, биди искрен пред себе си. Тоа е сè што бара црквата. Ти си се лажел себе си. Ништожна е верата на секој оној човек што не е во состојба да го заузда својот

јазик. Постапувај со членовите на твоето семејство така што небото може тоа да го одобри и тогаш мир ќе влезе во твојот дом. Ти мораш многу да направиш за своето семејство. Си пружил лош пример на своите деца. Во домот си се карал, обвинувал и лутел, а во исто време си ги упатувал своите погледи кон престолот на благодатта, си присуствувал на состаноци и си изнесувал сведоштва во прилог на вистината. Твоите деца затоа почнале да те презираат не само тебе туку и вистината која си ја исповедал. Тие не веруваат многу во твоето христијанство и мислат дека си лицемер, додека ти всушност си еден горко излажан човек. Нема да дојдеш на небо ако потполно не се измениш, токму како Симон врачарот којшто мислел дека со пари може да го купи Светиот Дух. Членовите на твоето семејство ја видоа твојата нечесност, подготвеност да навредуваш други, скржавоста кон оние со кои имаш деловни врски, и заради тоа те презираат, но наскоро и самите ќе појдат по истиот погрешен пат. {2C 86.1}

Ти не правиш така како што треба. Тешко ти е да постапуваш праведно и да покажуваш милосрдие. Нанесе срам на Божјото дело со својот живот. Се бореше за вистината, но на неисправен начин. Многу души би ја прегрнале вистината ако ти не ги спречеше во тоа. Овие луѓе се оправдуваа, укажувајќи на некои адвентисти и велејќи: „И овие не се подобри од мене; и тие сакаат да лажат, мамат, преувеличуваат, да се лутат и да се фалат. Таква вера не ми треба". Непосветениот живот на оние адвентисти коишто не живеат според својата вера станува камен на сопнување за грешниците. {2C 87.1}

Работата која ти претстои мора да ја започнеш од твоето семејство. Ти си вложил големи напори за да се поправиш надворешно, но сето тоа останало на површината и не допрело до срцето. Доведи го во ред твоето срце, понизи се пред Господа и замоли за Неговата благодат да ти помогне. Немој, како што го прават тоа лицемерните фарисеи, да се обидуваш да изгледаш побожен и праведен во очите на другите. Скрши го своето срце пред Господа и знај дека е невозможно да ги излажеш светите ангели. Тие ги следат твоите зборови и дела. Намерите и побудите во твоето срце се откриени на нивниот поглед. Ниту најтајните работи не се скриени од нив. Затоа „раскини" го своето срце и не труди се твоите браќа да видат во тебе праведник кога ти тоа не си! Имај обзир кон твоето семејство. Постојано гледаш дали некој ќе згреши но не го прави тоа повеќе. Твоја задача е да ги искорениш сопствените мани, да се бориш со својот силен внатрешен непријател. Биди добар кон вдовиците и сирачињата. Не прикривај ги своите постапки со покривка на лага за некои луѓе кои ти сакаш да имаат убаво мислење за тебе. Оваа наметка нема да успее да ги покрие твоите вистински побуди и постапки. {2C 87.2}

Престани да се расправаш и настојувај да бидеш градител на мир. Не покажувај љубов само со зборови, туку и на дело. Твоите постапки ќе бидат испитани на судот. Ќе бидеш ли искрен кон својата душа? Не се мами себеси. Имај на ум дека Бог нема да дозволи да биде исмејан. Оние коишто сакаат да имаат вечен живот мораат да направат сè што е во нивна моќ да го доведат во ред својот дом. Тие мора да започнат од своето срце и да работат напорно сè додека не задобијат сериозни победи. „Јас" мора да умре за Христос да живее во тебе и да биде извор на жива вода која тече во живот вечен. Доделени ти се драгоцени часови на милост во кои треба да изградиш исправен карактер, иако си веќе во години. Даден ти е период на време во кое треба да го

откупиш своето загубено време. Ти не си во состојба со сопствени сили да ги отфрлиш своите мани и заблуди; тие во тебе раснеле со години, бидејќи не си ја увидел сета нивна одвратност, ниту си ги отфрлил во Божја сила. Мора со жива вера да се потпреш на моќната рака која може да те спаси. Понизи го своето гордо и самоволно срце пред Бога; поклони се длабоко и падни пред Неговите нозе во својата грешност. Посвети се на делото на подготовка. Не мирувај сè додека не можеш навистина да речеш: Мојот Откупител е жив, и затоа што Тој живее, и јас живеам исто така. {2C 88.1}

Ако го изгубиш Небото, ќе изгубиш сè, но ако го добиеш, ќе добиеш сè. Немој да направиш грешка во ова те молам. Овде во прашање се вечни интереси. Биди целосен. Милостивиот Бог нека те просветли така што ќе можеш да ја сфатиш вредноста на вечноста, и со помош на светлината на вистината да ги увидиш своите многубројни грешки онакви какви што се. Погрижи се да ги отстраниш и наместо зли, горки плодови да донесеш добри плодови за вечен живот. „По нивните родови ќе ги познаете". Секое дрво се познава по неговите плодови. Какви родови ова дрво отсега ќе раѓа? Плодот кој ќе го донесеш ќе одлучи дали си ти она дрво, или она за кое Христос на Својот ангел ќе му рече: „Исечи го, зошто да ја испостува земјата?" {2C 88.2}

---

11. ПОВРЕДЕНА СОВЕСТ

Драги брате Н, должноста ме гони да ти ги упатам овие неколку редови. Покажани ми се некои работи кои се однесуваат на твојот случај кои не се осмелувам да ги премолчам. Покажано ми е дека сатаната се здоби со предност на тебе бидејќи твојата жена не ја прифатила вистината. Ти си западнал во друштво на една расипана жена чиј пат води во пеколот. Таа искажува големо сочувство кон тебе бидејќи твојата жена е против тебе. Како змијата во Едем, нејзините начини на постапување беа фасцинирачки. Те навела да веруваш дека те искористуваат, дека твојата жена не ги цени твоите чувства и дека не одговара на твојата љубов, како и тоа дека е направена грешка во твојата брачна заедница. И ти почна така да гледаш на заветот со кој си врзан на доживотна верност кон таа што си ја земал за жена, како да си во пранги. Ти отиде за сочувство од овој ангел кој е тоа само на јазик. Ти ѝ откриваше работи кои смееше да ги довериш само на својата жена на која се завети дека ќе ја сакаш, цениш и чуваш сè додека сте живи. Заборави да стражиш и да се молиш за да не дојдеш во искушение. Зло ја има извалкано твојата душа. Ти, во книгата на својот живот која се води на Небото си оставил една страшна дамка. Сепак, Бог ќе ја прими длабоката понизност и покајание. Христовата крв е во состојба да ги измие и овие гревови. {2C 89.1}

Ти падна, страшно падна. Сатаната те намами во својата мрежа и те остави да се спасуваш од неа како што знаеш. Ти си растргнат, збунет и ужасно искушуван. Твојата виновна совест не ти дава мир. Ти се сомневаш во себе си и вообразуваш дека и другите немаат доверба во тебе. Завидлив си и мислиш дека и другите се завидливи кон тебе. Не веруваш самиот на себе и мислиш дека и другите не веруваат во тебе. Сатаната често ти го изнесува минатото и дошепнува дека нема никаков смисол да се живее вистината, бидејќи ова патека за тебе е премногу тесна. Си потклекнал на искушенијата и сатаната

сега го користи твојот грешен живот за да те убеди дека не можеш да се спасиш. Се наоѓаш на сатанско бојно поле во лута борба. Си ја срушил оградата што го одвојува секој семеен круг и го посветува. И сега сатаната скоро постојано те облетува, така што немаш мир. Не си спокоен и се обидуваш својата одговорност да ја префрлиш на своите браќа за противречните чувства, сомнеж и пакост. Сметаш дека тие грешат и не ти обрнуваат внимание. Меѓутоа неволјата лежи во тебе самиот. Ти сакаш да одиш по некој сопствен пат, не сакаш да го „раскинеш срцето пред Господа и така грешен и извалкан понизно да се предадеш на Неговата милост. Ако не се измениш, твоите напори да се спасиш самиот себе ќе останат безуспешни и ти неизбежно ќе пропаднеш. {2C 89.2}

Остави ги завидливоста и пронаоѓањето на мани кај другите. Посвети внимание на себе си и спаси ја својата душа преку понизно покајание потпирајќи се единствено на Христовата крв. Биди истраен во своите настојувања да се подготвиш за вечноста. Ако се одвоиш од вистината, ќе пропаднеш ти и твоето семејство. Тешко е повторно да се подигнат веќе еднаш срушените утврдувања кои ја чуваат света интимноста и привилегиите на семејните односи. Меѓутоа, во Божја сила и тоа единствено во Негова сила, можеш тоа да го постигнеш. Вистината, светата вистина, тоа е твоето сидро кое ќе те спаси за да не пропаднеш во зло и пропаст. {2C 90.1}

Кога еднаш совеста е повредена, веќе многу е ослабена. Неа ѝ е потребна сила на постојана будност и непрекината молитва. Ти стоиш на лизгаво тло. Потребна ти е сета сила која вистината може да ја даде за да зајакнеш и да се спасиш од целосна пропаст. Пред тебе се наоѓа живот или смрт. Што ќе одбереш? Ако цврсто се потпираше на начелата, и не постапуваше според чувствата, немаше лесно да се обесхрабруваш, ако секогаш подготвено ги поднесуваше тешкотиите, не ќе подлегнеше лесно. Се понесуваше по твоите чувства. Не сакаше, како нашиот безгрешен Пример, да поднесуваш противење од грешниците. Од нас се бара да се сеќаваме на Оној кој таквото противење од грешниците го истрајал за да не станеме слаби и омалаксаме. Како дете си бил слаб, без никаква сила да истраеш. Не си чувствувал потреба да се засилиш, зацврстиш и да се изградиш во верата. {2C 90.2}

Си сметал дека твоја должност е другите да ги подучуваш кон вистината, наместо самиот да си се учел. Меѓутоа, мора да се согласиш да станеш ученик, да ја примаш вистината од други, да престанеш со изнаоѓање мани, да се ослободиш од љубомора и мрморење и во кротост да го примиш насаденото слово кое е во состојба да ја спаси твојата душа. Од тебе самиот зависи дали ќе бидеш среќен или несреќен. Еднаш си попуштил на искушението и сега веќе не смееш да се потпреш на сопствената сила. Сатаната има голема власт над твојот ум и нема да имаш на што да се потпреш ако се одвоиш од зауздувачкото влијание на вистината. Тоа беше твојот заштитен ѕид кој те чуваше од зло и беззаконие. Твојата единствена надеж лежи во тоа целосно да се вратиш и да го откупуш своето минато со среден живот и со побожно однесување. {2C 91.1}

Се поведуваш по своите чувства. Раздразливата состојба ѝ годеше на твојата природа. Единствен спас е искрено да се покаеш за своите досегашни престапи на Божјиот закон и да ја очистиш душата покорувајќи се на вистината. Негувај чистота на мислите и на душата. Божјата благодат ќе ти даде сила да ги зауздаш своите страсти и да ги совладаш желбите. Со сесрдна молитва и стражарење ќе стекнеш помош од

Светиот Дух за да го усовршиш своето дело и да станеш сличен на својот безгрешен Пример. {2C 91.2}

Ако го отфрлиш светото зауздувачко влијание на вистината, сатаната ќе те зароби и ќе те води по своја волја. Ќе дојдеш во опасност да се препуштиш на своите желби и страсти, да ги пуштиш уздите на лакомоста и на злите желби. Наместо на твоето лице, како кај Енох да се огледа израз на смирена ведрина во неволјите и страдањата и да зрачи со надеж и смиреност, на него ќе се запази печат на телесни мисли и похотни желби. Ти ќе носиш сатански наместо божествен печат. {2C 92.1}

„Преку кои ни се дарувани многу големи и драгоцени ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа откако ќе ја избегнете изапаченоста која поради страстите постои во светот". Сега ти се дава можност со понизно признавање и искрено каење да се вратиш кај Господа. Христовата драгоцена крв може да те измие од сè што е нечисто, да ја отстрани твојата расипаност и да те усоврши во Господа. Христовата милост сè уште ти е на дофат, само ако сакаш да ја прифатиш. Заради љубов кон својата сопруга на која ѝ нанесе неправда, за љубов на твоите деца, кои се плод од твоето тело, престани да правиш зло и учи се да правиш добро. Она што го сееш, тоа и ќе го жнееш. Ако сееш во телото, од телото ќе пожнееш погибел, ако сееш во Духот, од Духот ќе пожнееш вечен живот. {2C 92.2}

Мора да ја совладаш својата чувствителност и наоѓање на мани. Љубоморен си бидејќи другите не ти го обрнуваат вниманието кои ти мислиш дека треба да ти го пружат. Не смееш во своето искуство да се поведуваш по чувствата и да се предаваш на фанатизмот. Тоа еопасно. Потпирај се на начелата со целосно разбирање. Проучувај го Светото Писмо и секогаш биди готов за одговор секому којшто ќе те запраша за твојата надеж, со кротост и страв. Твоето самовоздигнување нека исчезне. „Исчистете ги своите раце, грешници, поправете ги своите срца, непостојани. Бидете нажалени и плачете и липајте: смевот ваш нека се претвори во плач, а радоста во тага". Кога те мачат искушенија и зли мисли, постои само Еден кому можеш да се обратиш за ослободување и поддршка. Обрати се кон Него во својата слабост. Кога си во Негова близина, сатанските стрели се кршат и не можат да те ранат. Искушенијата и неволјите совладани во Бога, ќе те исчистат и понизат не уништувајќи ја твојата душа и не доведувајќи ја во опасност. {2C 92.3}

---

12. ОПОМЕНИ И УКОРИ

Драги брате О, покажано ми е дека си бил обземен со темнина низ која не продирал ниту еден зрак од Исуса. Изгледа не си ја увидувал опасноста во која си се наоѓал, туку си се чувствувал сосема безбеден и безгрижен. Се запрашав за причината на оваа твоја опасна состојба. Ми беше речено да погледнам повеќе години наназад. Видов дека ти откако си ја примил вистината, не си бил посветен од неа. Си угодувал на својот апетит и страсти, и така целосно си ја уништил својата духовност. Видов дека Бог преку луѓето кои ги поставил во црквата пратил светлина и дека нивна должност е да поучуваат, советуваат, водат, укоруваат и опоменуваат. Не се трудеше да живееш според

сведоштвата, иако си изјавувал како веруваш дека доаѓаат од Бога. Да не се цени светлината значи да се отфрли. Луѓето кои ја отфрлаат светлината останууваат оковани со синџири на темнината на неверството. {2C 93.1}

Покажано ми е дека си го зголемувал своето семејство не увидувајќи ја одговорноста којашто ја преземаш на себе. Не си бил во состојба праведно да постапуваш со својата жена и деца. Твојата прва жена не би умрела ако не си ја преоптоварувал со работа и грижи коишто пред време ја однеле во смрт. Ја унесреќи и својата втора жена: таа е на крајот на своите сили. Како последица од брзото намножување на породот, беше постојано во сиромаштија, а мајката зафатена со грижа околу негување на децата, ништо немала од животот. Таа ги доела своите деца под најлоши услови, готвејќи над загреаната печка. Не можела ниту да ги поучува онака како што треба, ниту да ги насочи нивните навики за јадењето и работата. Заради лошата исхрана и непочитување на животните закони, кои сам Бог ги поставил, твоите први деца заболеле и изумреле. И твоето преостанато поколение е склоно кон болести, а состојбата уште повеќе се влошува со употребата на месо. Употребата на свинско месо подигнало и засилило најотровни флуиди во организмот. Си ја одзел животната сила на својот пород уште пред да дојде на свет. Не си додал кон доблеста знаење, ниту си ги подучувал своите деца како да го сочуваат здравјето во најдобра можна состојба. На твојата трпеза никогаш не би требало да се најде ниту едно парче свинско месо. {2C 93.2}

Твоите деца растеле диво, наместо да бидат изгледани и воспитани за да станат христијани. Во многу нешта си постапувал подобро кон својот добиток, отколку кон децата. Должноста кон своите деца не си ја исполнил, си ги пуштил да израснат во незнаење. Не знаеш колкава одговорност примаш на себе донесувајќи на свет толку голем пород, ниту увидуваш во колкава мерка си одговорен за нивното спасение. Не можеш да се ослободиш од таа одговорност. Го оттргна од своите деца она што со право им припаѓа не покажувајќи интерес за нивното воспитување, ниту си ги учел трпеливо и верно да го образуваат својот карактер за небото. Таквото постапување придонело твоите деца да изгубат секаква доверба во тебе. Ти бараш премногу, имаш заповеднички и тирански дух; се лутиш, укоруваш и осудуваш и со тоа ја уништуваш нивната љубов кон тебе. Постапуваш со нив како да немаат никакви права, како да се машини кои треба да се вртат онака како што тебе ти е мило. Ги разгневуваш и често ги обесхрабруваш. Не им подаруваш внимание, ниту љубов. Љубовта раѓа љубов, нежноста раѓа нежност. Како што ќе постапуваш со своите деца, така и тие ќе се однесуваат кон тебе. {2C 94.1}

Се наоѓаш во критична состојба, а тоа не го увидуваш. Невозможно е неумерен човек да стане трпелив. Прво умереност, а потоа трпение. Си живеел долго само за себе според склоностите на своето срце, и така повеќе не си во состојба да сфатиш што е свето. Со тебе владеаттвоите нагони и страсти. Ниските страсти ги заслабнаа повисоките, духовните, и завладеаја со нив. Зајакнаа животинските склоности. Чувството за она што е свето секогаш се губи кога ќе надвладеат ниски нагони. Духот е понижен, чувствата обесветени, а зборовите и делата сведочат за она што е во срцето. На Бога не му беа угодни твоите зборови и постапки и тие го обесчестија. Твоите зборови не се добро избрани; водеше ниски вулгарни разговори дури и во присуство на своите деца и младина. Многу лошо влијание вршеше во тој правец. {2C 95.1}

Ти не оставаш добар пример; беше пречка на патот на своите деца, и децата на адвентистите коишто го бараа Господа. Твојот начин на постапување во овој поглед не може премногу да биде укорен. „Устата го зборува она што излегува од преполнетото срце. Добриот човек од доброто сокровиште изнесува добро, а лошиот човек од лошото сокровиште - лошо. И ви велам дека за секој празен збор, што ќе го изговорат луѓето, ќе одговараат на судниот ден; зашто по зборовите свои ќе бидеш оправдан, и по зборовите свои ќе бидеш суден". Треба да го исчистиш и посветиш своето срце со послушност кон вистината. Ништо не може да те спаси освен целосна преобразба - јасна свест за грешноста на твојот живот и потполна преобразба преку обновувањето на твојот ум. {2C 95.2}

Ти секогаш тврдиш дека не смееме да дозволиме нашите дела да не се согласуваат со нашите зборови и верата ја земаш како изговор да не им пружиш на своите деца најосновно образование. Потребно е да се запознаеш себе си; дури тогаш ќе видиш колку е тоа неопходно. И на твоите деца им е потребно знаење, но немаат можност да го стекнат. Покрај овој голем недостаток, тие не можат да станат корисни членови на општеството, а нема да имаат ниту добро верско воспитување. Тешка одговорност лежи на тебе. Ти го скусуваш животот на својата жена. Како може таа да го слави Бога со своето тело и дух, кои се Негови? {2C 96.1}

Бог ти подарил светлина и знаење, за кои зборуваше дека веруваш дека доаѓаат непосредно од Него, поучувајќи те да се откажеш од својот апетит. Ти знаеш дека Тој строго ја забранил употребата на свинско месо, и не затоа што сака да ја истакне Својата власт, туку затоа што тоа може да наштети на тие коишто ќе го јадат. Јадењето на свинско месо ја прави крвта нечиста, што предизвикува појава на скрофула и други флуиди кои го напаѓаат телото, така што целиот организам страда. Ова особено ги слабее нежните, чувствителни мозочни клетки и го поматува духот, така што веќе не е во состојба да го разликува она што е свето туку го изедначува со несветото. Светлината којашто покажува дека болеста настапува како последица од употреба на таква храна, дојдена е токму во времето кога Божјиот народ бил подготвен да ја прими. Дали се управуваше според таа светлина? {2C 96.2}

Ти постапуваш спротивно на светлината која Бог милостиво ти ја дал во поглед на употребата на тутунот. Попуштањето на апетитот (желбата) сосема ја помрачи светлината која небото ја дало и ти направи свој бог од оваа штетна страст. Тоа е твој идол. Се поклонуваше нему наместо на Бога додека истовремено тврдеше дека веруваш во виденијата, а живееше спротивно од тоа. Со години не направи ниту еден чекор напред во божествениот живот, туку си стануваше сè послаб и запаѓаше во сè погуста темнина. Многу те ожалости братот П чиј начин на живот се косел со вистината. Со неговото противење на вистината ја објаснуваше и лошата состојба во која се наоѓа црквата. Вистина е дека тој беше голема пречка за напредокот на Божјото дело во _____. Но ти си уште поголема пречка, иако постојано зборуваш дека ја увидуваш вистината и дека имаш искуство во Божјото дело. Да си ги слушал Господовите совети и да си се посветил со вистината која си ја исповедал, братот П не би го обзеле сите тие сомнежи. Угледот кој го уживаше како бранител на виденијата е всушност камен на сопнување за оние кои не веруваат. Покажано ми е дека твојот брат се обидел јуначки да ги поднесе сите оние потешкотии коишто го снашле како последица на лошата

состојба во која се наоѓала црквата, така што скоро ќе се срушел под нив. Видов дека Бог се грижи за братот и за сестрата Р и дека тие, доколку нивната вера остане непоколеблива, допрва ќе го видат Божјото спасение во нивниот дом и во црквата. {2C 96.3}

Покажан ми е случајот на драгиот брат и сестра С. Тие поминале низ темна вода и бранови кои скоро се преклопувале над нивните глави. Сепак, Бог ги сака, и ако тие Му се доверат, ќе ги изведе пречистени од огнот на неволјите. Братот С гледал на мрачната страна и се сомневал дека е Божје дете - се сомневал во своето спасение. Видов дека тој не треба да се труди да верува, туку да се повери на Бога како детето на своите родители. Тој премногу стравува; и стравот го исфрлил од Христовите раце, така давајќи му на непријателот шанса да го искушува и напаѓа. Бог ги знае сите слабости на телото и на душата и ќе бара од него само онолку сила колку што му подарил. Тој се обидел да биде верен и искрен во својата вера. Многупати во својот живот згрешил, но во незнаење. Сметал дека негова е должност да биде строг кон своите деца и одел премногу далеку во тоа. Строго ги казнувал и најмалите грешки. Ова до некаде ја ослабело љубовта на синот кон таткото. За време на својата болест братот С. почнал многу погрешно да гледа на многу работи. Неговите нерви биле толку растроени што почнал да верува дека неговите деца немаат доволно чувства за него и не го сакаат како што треба. Но ова било само последица од болеста. Сатаната сакал да го уништи и обесхрабри и да ги доведе во очај неговите кутри деца. Меѓутоа, Бог тоа не го запишал како грев. Неговите деца мора да носат многу поголем товар од многу други постари деца и заслужуваат внимателна дисциплина, разумно воспитување помешано со сочувство, љубов и голема нежност. {2C 97.1}

Бог на мајката и подарил сила и мудрост за да го храбри и да му помага на својот сопруг, да ги приврзе децата за своето срце и да ја зацврсти нивната љубов кон родителите, а и меѓу себе. Видов дека ангели на милоста лебдат над тоа семејство, иако изгледаше дека им престојат тешки денови. Оние кои имале сожалување за братот С. никогаш нема да се покаат за тоа, бидејќи тој е Божјо љубено дете. На неговото здравје поразително влијаела лошата состојба на црквата. Видов дека тој сè гледа во темни бои, губи самодоверба и гледа гроб пред себе. Не смее да се занимава со такви мисли, туку мора да се угледа на Исуса кој е наш совршен пример. Тој мора да поттикне бодрост и храброст во Бога, да зборува вера и надеж; тој треба да почива во Бога и да не мисли дека од него се бараат преголеми напори коишто го исцрпуваат. Бог бара единствено доверба, и сака во својата слабост и несовршеност тој да падне во Неговата прегратка. Исус ќе помогне на беспомошниот, ќе го зајакне и ќе го подигне слабиот. Така Бог ќе биде прославен во неговата слабост, трпеливост, вера и покорност. Тука ќе се покаже колку е силна вистината која ја исповедаме. Тоа е утехата која ни е потребна, цврста поткрепа и тогаш кога ќе исчезнат сите земски потпори кои и така се ограничени. {2C 98.1}

Покажан ми е случајот на братот Т. Тој западнал во ропство кое Бог не му го наменил. На Бога не му е по волја кога татковците што се во години, го препуштаат своето повереништво во рацете на непосветените деца, па дури и ако тие ја исповедаат вистината. Но кога средствата кои Бог го доверил на Својот народ се даваат во раце на

неверни деца кои се Божји непријатели, тоа е неугодно за Бога, бидејќи сè она што треба да биде во Господовите редови се препушта на неговите непријатели. {2C 99.1}

Од друга страна, братот Т се однесувал како измамник. Тој користел тутун, а сакал неговите браќа да веруваат дека тој не го прави тоа. Видов дека тој грев го спречил да напредува во богоугодниот живот. Негова должност е во своето поодминато доба да се откаже од телесните желби кои војуваат против душата. Тој ја сакал вистината и страдал заради неа. Сега тој толку треба да ја цени вечната награда, бесмртното наследство, круната на неминливата слава за радосно да се откаже од своите изопачени желби, дури и ако последиците или страдањето бидат големи, за да го изврши делото на чистење на своето тело и душа. {2C 99.2}

Ми беше покажана неговата снаа. Бог неа ја сака, но бидејќи е како во ропство, таа стравува, трепери, очајува, се сомнева и многу е нервозна. Оваа сестра не смее да мисли дека мора да ја жртвува својата волја на тој безбожен младич кој е помлад од неа. Би требало да знае дека мажачката не треба да ја уништи нејзината личност. Бог има право на неа повеќе од сè што е земско. Христос ја купил со Својата крв, и затоа не припаѓа сама на себе. Таа не успева целосно да се потпре на Бога и ги подредува своите убедувања и совест на својот маж кој многу бара, кој е тиранин преку кој сатаната ја заплашува таа нејака растреперена душа. Толку пати била изложена на потреси и нервно толку многу пропаднала така што претставува вистинска руина. Дали е по Божја волја оваа сестра да биде во таква состојба, и Бог да биде лишен од нејзината служба? Не. Нејзината мажачка била сатанска измама. Меѓутоа таа сепак треба да се труди да прави најдобро што може, нежно да постапува кон својот сопруг, и да го усреќи, а притоа да не работи против својата совест; зашто ако тој истрае во својот бунт, овој свет за него ќе биде единствено небо во кое ќе влезе. Но не е Божја волја таа сестра да се лишува од благодатта на богослужбите за да го задоволи заповедничкиот сопруг кој покажува дух на ламја. Тој сака да ѝ биде прибежиште на таа заплашена душа. Тој ќе биде сокривалиште за неа. Тој сака да биде како сенка на голема карпа во пустина. Имај само вера, доверба во Бога и тој ќе даде сила и ќе благослови. Сите три нејзини деца се приемчиви за влијанието на вистината и Божјиот Дух. Кога тие деца би се наоѓале во поволни околности како многу други деца на адвентистите на седмиот ден, тие би се обратиле и би пристапиле во редовите на Божјата војска. {2C 99.3}

Потоа ми беше покажана девојка од истото место која се одвоила од Бога и западнала во темнина. Ангелот рече: „Таа извесно време одела по правиот пат; што ја спречило и понатаму да прави така?" Се завртев и забележав дека тоа било промена на околината. Почнала да се дружи со младина полна со глупавост, гордост и љубов кон овој свет. Кога би ги почитувала Христовите зборови, не би попуштила пред непријателот. „Стражарете и молете се за да не паднете во искушение". Искушенијата може да се наоѓаат насекаде околу нас, но тоа не значи дека ние мора да паднеме во искушение. Вистината е подрагоцена од сè. Таа не понижува туку прочистува, облагородува и воздигнува сè до бесмртноста и до Божјиот престол. Ангелот рече: „Го сакате Христа или светот?" Сатаната на кутрите смртници им го претставува светот во најпримамливи и блескави бои и тие го вперуваат својот поглед во лажните примамливости чиј блесок и лажен сјај ја помрачува славата на небото и на оној живот кој е вечен како Божји престол. И така мирот, среќата и неискажливата радост, животот

во кој нема да има грижи, страдања и смрт, го жртвуваат за краткотрајниот живот во грев. Сите оние кои ќе се откажат од задоволството на овој свет и кои како Мојсеј ќе се одлучат да ја делат судбината на Божјиот народ, сметајќи дека Христова реч е поголемо богатство од сето земско богатство, заедно со Мојсеј ќе добијат неминлива круна на бесмртност и вечна од сè поважна слава. {2C 100.1}

Мајката на оваа девојка некогаш била под влијание на вистината, но набрзо се изменила заради својата неодлучност. И недостасува цврстина на карактерот, премногу е колеблива и паѓа под влијание на неверниците. Таа мора да негува одлучност, сила и постојаност и не смее да се поведува на лево или на десно според приликите. Таа не смее да биде во состојба на таква колебливост. Ако не се реформира во тој поглед, сатаната лесно ќе ја фати во својата замка и ќе ја зароби по своја волја. Таа мора да биде истрајна и одлучна во делото на победување или во спротивно ќе биде победена и ќе ја загуби својата душа. Делото на спасување не е детска играчка која по желба може да се земе или да се фрли. Конечната победа ќе биде издвојувана со постојано залагање за целта и неуморен труд. Ќе бидат спасени само оние кои ќе издржат до крај. Оние кои трпеливо ќе истрајат во правење на добро ќе добијат вечен живот и бесмртна награда. Ако таа драга сестра останала верна на своите убедувања и истрајна во настојувањата да ја постигне целта, таа благотворно би делувала на семејството и на својот сопруг, и би била од голема помош на својата ќерка. На сите оние кои учествуваат во борбата против сатаната и неговата војска им претстои тешка работа. Тие не смеат да бидат меки како восок на кои огнот може да им даде секаков облик, туку мора да истраат како верни војници коишто стојат на стража и да бидат секогаш верни. {2C 101.1}

Божјиот Дух се труди околу целото тоа семејство. Тој ќе ги спаси ако тие сакаат да бидат спасени на начин кој е одреден од Него. Но сега е час на проба. Сега е денот на спасение. Сега е време Господ да работи. Во Христово име ги молиме да се помират со Бога додека сè уште можат, и во понизност, со страв и трепет, да го градат своето спасение. Покажано ми е дека работа на сатаната е да ја одржува црквата во состојба на рамнодушност за да ја привлече младината во своите редови. Видов дека младината е приемчива за вистината. Кога родителите би се посветиле на Бога и сесрдно би се залагале за обратување на своите деца, Бог би им се открил и би го прославил Своето име помеѓу нив. {2C 102.1}

Ми беше покажан случајот на братот У. Сатаната го врзува во своите ланци и го одвлекува од Бога и од браќата. Братот В со своето неверство во голема мера влијаел да се замрачат сфаќањата на споменатиот брат. Ми беше покажано дека со тој брат не се постапува најмудро. Немало причина тој да биде надвор од црквата. Требало да се охрабри, дури и да се натера, да се соедини со своите браќа и со црквата. Тој се наоѓал во поповолна положба за да и пријде на црквата, отколку неколкумина коишто се во неа. Тој не ги сфатил јасно работите и непријателот тоа го користел за да му напакости. Бог кој што ги гледа срцата е позадоволен од животот и однесувањето на братот У отколку со животот на мнозина коишто се примени во црквата. Божја волја е тој да се приближи на своите браќа, да биде нивна сила и тие негова. {2C 102.2}

Вистината може да допре до срцето на жената на братот У. Во многу нешта таа се наоѓа во многу поповолна положба од мнозина кои велат дека веруваат во целокупната вистина. Меѓутоа, таа не смее да гледа на маните и грешките на оние што исповедаат

дека се подобри христијани, туку самата мора да се запраша. „Што е вистина?” Во соработка со својот сопруг, таа може да направи многу добри дела. Тие души, посветени со вистината може да бидат столбови на црквата во Божја сила и да влијаат спасоносно на другите. Тие драги души се одговорни на Бога за влијанието коешто го вршат. Тие или собираат со Христа или растураат. Бог од нив бара своето влијание да го стават во служба на Неговото дело и да застанат на страната на вистината. Исус ги купил со Својата крв. Тие не припаѓаат самите на себе, бидејќи скапо се купени. Затоа должни се Бога да го слават со своето тело и душа, оние што се Негови. Ние работиме за вечноста, затоа мораме да гледаме секој момент да го употребиме во служба на Бога и така да стекнеме за себе богатство на небото. {2C 103.1}

Пред две години ми беше покажан твојот случај брате В, во врска со состојбата на црквата во _____. Видението се однесуваше за минатото, сегашноста и иднината. За време на нашите патувања и додека стојам пред луѓе од разни места, Божјиот Дух јасно ми откриваше некои работи кои уште од минатото јасно ми беа предочени. Ми беше покажано дека ти ја прифаќаш саботата, но истовремено се противиш на многу вистини поврзани со саботата. Не си бил зацврстен во целата вистина. Потоа видов како твојот дух се упати во правец на неверство, сомнеж и недоверба и како копнееш по оние работи кои само повеќе поттикнуваат неверство и темнина. Наместо да бараш докази со кои би ја зацврстил својата вера, ти си пошол во спротивен правец и сатаната се користел со твојот ум за остварување на свои цели. Сакаш да се бориш и штом застанеш на боиште, повеќе не знаеш кога треба да го оставиш оружјето. Ти се допаѓа да противречиш и толку си попуштал на оваа своја склоност, така што си ја оставил вистината, светлината и Бога, и си навлегол во темнина каде што неверството завладеало со твојот дух. Сатаната те заслепил. {2C 103.2}

Слично на неверниот Тома, си сметал дека треба да се сомневаш сè додека не добиеш непобитни докази кои ќе го отстранат секој повод за сомнеж. Дали Исус го пофалил неверниот Тома давајќи му докази што ги сакал, за да може да верува. Исус му рекол: „И не биди неверен, туку веруваj”. Тома извикнал: „Господ мој и Бог мој”. Тој бил принуден да верува; повеќе немало место за сомнеж. Тогаш Исус рекол: „Бидејќи ме виде поверува; блазе на оние кои не видоа, а поверуваа. Видов како се соединуваш со водачот на бунтовниците и неговата војска за да ги напаѓаш, збунуваш и обесхрабриш оние коишто се борат за правдата стоејќи во подножјето на, со крв попрсканото знаме на Кнезот Емануел. Видов како со своето влијание одврати души да не ја празнуваат саботата од четвртата заповед. Ги искористи своите дарби и способности за да направиш оружје кое го стави во рацете на Божјите непријатели да се борат против оние што се трудат да му бидат послушни на Бога со држење на Неговите заповеди. Ангелите кои биле пратени да го утврдат она што преостанува, да го совладаат и искоренат твоето влијание, со најдлабока болка гледале како обесхрабруваш и рушиш. Ти причини чистите, безгрешни и свети ангели да плачат. {2C 104.1}

Оние коишто живеат во опасноста на последните денови, кога мнозина се одвраќаат од Божјата вистина кон бајки мораат будно да внимаваат да не наседнат на стапиците со кои се среќаваат на секој чекор и треба да имаат желба за непопуларната вистина. Оние кои се одвраќаат од бајките кон вистината се презирани, мразени и прогонувани од оние кои ги презентираат тие бајки на луѓето за тие да ги прифатат.

Сатаната војува со остатокот којшто ги држи Божјите заповеди и го има сведоштвото Исусово. На злите ангели дадено им е за задача да ги користат луѓето како свои помагачи на земјата. Преку луѓето сатаната може најуспешно да го нападне остатокот за кој Бог вели дека е „одбран народ, царско свештенство, свет народ, својствен народ, за да ги возвестите совршенствата на Оној кој ве повикал од темнината кон Својата чудесна светлина". Сатаната одлучил да го спречи тоа и ќе го искористи секој што ќе сака да влезе во служба за да го спречи Божјиот народ да го прослави Оној којшто го повикал од темнината кон Својата чудесна светлина. Целта на големиот бунтовник и неговата војска е да ја скријат и отстранат светлината, за да го наведат Божјиот народ да се посомнева во неа. Но додека Исус го чисти Својот народ, сатаната запнува со сите свои сили да го оневозможи ова дело и да го спречи усовршувањето на светите. Тој не се труди околу оние што навлегле во заблуда, опкружени со бајки и лаги и кои не прават никаков напор да ја примат вистината, и да ја почитуваат. Тој знае дека тие нема да му побегнат. Неговиот бес и пакост се насочени против оние коишто ја бараат вистината за да ја почитуваат. Тој не е во состојба да ги обесхрабри сè додека цврсто се држат за Исуса; и затоа особено му е мило кога ќе успее да ги оттргне од патот на послушноста. {2C 105.1}

Кога грешиме против Бога, тогаш постои диспозиција да заостанеме цел ден одење зад Исус; тогаш настојуваме да се одвоиме од Него, затоа што секој зрак на светлина кој доаѓа од Неговото божествено битие, го открива гревот што сме го сториле. Сатаната тогаш ликува што му успеало да ги наведе душите на грев, и гледа да извлече што е можно повеќе од тоа. Тој им укажува на Божјите ангели за овие грешки и им се потсмева заради нив. Тој е обвинител на браќата во секој поглед и се радува на секој грев и неправда со кој успева да го заблуди Божјиот народ. И ти, брате В, во голема мера учествуваше во тоа. Сè она што ти се причинило како грев, слабост или неправда кај адвентистите на седмиот ден, ти си го доставувал на непријателите на нашата вера, а тие војуваа против групата предводена од небесните ангели и за која Исус како бранител, се застапува пред Таткото. „Поштеди ги Татко, зашто се платени со Мојата крв," вели Тој и ги подига кон Таткото Своите ранети раце. Ти многу си грешел пред Бога. Си користел сè она што го боли и го тишти Божјиот народ, кога тој гледа дека некои од неговата средина се непосветени и често му подлегнуваат на сатаната. Наместо да им помогнеш на овие грешни души да се поправат, ти со злоба си ги укажувал нивните грешки на непријателите што ги мразат затоа што ги држат Божјите заповеди и верата Исусова. Ти многу си ја отежнувал работата на оние што се борат за спасение на грешниците, гонејќи ги загубените овци од Израеловиот дом. {2T 106.1}

Заради својата непокорност и отпаднишство од Бога било дозволувано Израелците да западнат во неволји; непријатели војувале против нив; за да се понизат и да го побараат Бога во својата неволја. „Тогаш дојдоа Амаликијците во војна против Израелот во Рефидин". Тоа се случило веднаш откако Израел почнал да негодува и неразумно да се буни против оние коишто Бог ги оспособил и ги поставил за да го доведат народот преку пустината во хананската земја. Господ ги водел по пат каде што немало вода, за да ги испита и да види дали, примајќи толку големи докази за Неговата сила, ќе научат Нему да му се обраќаат во неволја, и да се покајат за своето негодување против Него. Ги обвиниле Мојсеј и Арон дека ги извеле од Египет само за да ги погубат со глад нив и

нивните деца и да го приграбат нивното богатство. Израелците на човекот толку многу му го препишувале она за што добиле непобитен доказ дека е од Бога, чија моќ е неограничена. Бог сакал тие, откако ќе увидат дека само Тој може да ги изврши сите тие чудесни дела, да го прослават Неговото име на земјата. Господ повеќе пати ги доведувал во исти неволји за да се увери дека ја препознале Неговата намера и се покајале за својата грешна непокорност и бунтовничко мрморење. Во Рефидин, додека викале по вода, повторно искажале гордост и со тоа посведочиле дека во нив сè уште има зло срце на неверство, мрморење и побуна. Со тоа докажале дека сè уште не се достојни да влезат во Ханан. Кога не Го прославиле Бога во своите неволји и проблеми на патот низ пустината кон ветениот Ханан, додека Бог постојано им давал докази за Својата сила и слава и грижа за нив, не би Го прославиле ниту величеле Неговото име ниту по доаѓањето во Ханан, опкружени со сите благодети и напредок. Недостатокот на вода толку го разлутило народот, така што Мојсеј стравувал за својот живот. {2T 106.2}

Кога Амаликијците ги нападнале Израелците, Мојсеј му заповедал на Исус да се бори со непријателот, а тој ќе стои пред народот со Божјиот стап, со раце подигнати кон небото, покажувајќи така на бунтовните Израелци дека Бог е нивна единствена сила и потпора. Тој бил нивна сила и извор на моќ. Во стапот немало никаква сила; Бог работел преку Мојсеј. Сета сила што ја примил Мојсеј дошла одозгора. Кога би ги подигнал рацете; Израел би победувал; а кога би ги спуштил, победувале Амаликијците. Бидејќи Мојсеј се уморил, морало да се направи нешто за да може рацете постојано да ги држи подигнати кон небото. Арон и Ор затоа донеле еден камен, на кој Мојсеј седнал а рацете му ги држеле сè до заоѓање на сонцето. Со тоа овие луѓе покажале на Израелците дека нивна должност е да го поддржуваат Мојсеј во неговите искрени напори да ја прима Божјата реч за нив. Ова исто така требало да му покаже на Израелот дека единствено Бог ја држи нивната судбина во Свои раце и дека Тој е нивниот водач. „Потоа му рече Господ на Мојсеј: ‘Запиши го тоа за спомен во книгата и објасни му на Исус да помни дека сосема ќе го избришам споменот за Амаликијците од под небото’. . . бидејќи, рече тој, Господ се заколна дека Господ ќе војува против Амалик од поколение на поколение”. „Помни како постапи со тебе Амалик, кога доаѓавте од Египет; како тој не се уплаши од Бога и како ги погуби по патот сите кои заостанаа од тебе од замор, кога ти беше исцрпен и изморен, и не се уплаши од Бога. И така, кога Господ, твојот Бог, ќе те успокои од сите твои непријатели, што се околу тебе во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава како наследство да ја поседуваш, избриши го името на Амалик под небото; да не заборавиш”. {2T 107.1}

Додека Божјиот ангел ми укажуваше на овие факти од патувањата и искуствата на израелевите синови, бев длабоко трогната со таа посебна Божја грижа за Неговиот народ. И покрај сите грешки, непослушности и побуни, тој сепак бил Божјиот избран народ. Бог посебно го почествувал симнувајќи се од Своето свето престојувалиште на гората Синај во Своја слава и ужасна величественост, ги изговорил десетте заповеди пред целиот народ и ги запишал со својот прст на камените плочи. Господ вели за Својот народ Израел: „Зашто ти си свет народ на Господа, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш Негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата. Не затоа што сте побројни од сите народи, ве прими Господ и ве избра - бидејќи вие сте

помалобројни од сите народи - туку затоа што Господ ве засака и ја одржи клетвата, со кога Тој се беше заколнал на предците ваши". {2T 108.1}

Покажано ми е дека оние што се трудат да угодат на Бога и со послушност кон вистината да ги исчистат своите души, го сочинуваат избраниот Божји народ, Неговиот современ Израел. Бог им порачува преку Петар: „Вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, за да ги возвестите совршенствата на „Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина". Како што Амаликот направил зло искористувајќи ја слабоста и заморот на Израелците за да ги збуни и обесхрабри, така и ти направи голем грев будно чекајќи да ги откриеш слабостите, колебањата и гревот на нажалениот Божји народ, за тоа да го откриеш на неговите непријатели. Ти го вршеше сатанското дело, а не Божјото. Многу адвентисти на седмиот ден во _____ биле многу слаби. Тие биле мизерни претставници на вистината. Не служеле за чест на делото на вистината, кое подобро би напредувало без нив. Ти си се оправдувал со непосветениот живот на оние кои ја празнуваат саботата и со тоа си ги оправдувал сопствените сомнежи и неверства. Твоето неверство било зацврстено со тоа што си видел како некои непосветени луѓе тврдат дека веруваат во виденијата, бранејќи ги упорно и сесрдно од сите напади, додека во исто време кога покажуваа толку голема ревност, тие не ги почитувале поуките што им се дадени преку виденијата и живееле во спротивност со нив. Во тој смисол тие претставувале камен за сопнување за братот У, и со своето однесување нанесувале штета на виденијата. {2T 109.1}

Брате В, покажано ми е дека имаш гордо срце и кога ти се причинило дека редакцијата Преглед ги потценува твоите списи, твојата гордост била повредена и ти си почнал борба која личела на она Савлово борење против бодило. Се здружи со оние кои Божјата вистина ја претвораат во лага. Ги поддржа рацете на грешниците и ѝ се спротивстави на Божјата мудрост во штета на својата душа. Се бореше против нешто што воопшто не си го познавал. Не знаеше што правиш. Видов дека твојата сопруга се бори со Бога во молитва; со својата вера те држела тебе и истовремено го упатувала својот поглед кон Божјиот престол, молејќи се на Бога за исполнување на Неговите ветувања кои секогаш се веродостојни. Срцето и се расцепувало кога
гледала дека не попушташ во својата борба против вистината. Видов дека тоа го правиш во незнаење; сатаната те заслепил. Додека си ја водел таа борба, не си се развивал во духовноста и посветеноста на Бога. Немаш докази дека Бог е задоволен со твоите постапки. Не си го познавал мојот повик, едвај да си ме видел и ништо не си знаел за мојата работа. {2T 110.1}

Брате В, ти имаш особини кои би биле од голема корист за црквата во _____ или за било која друга, ако твоите дарови се посветат на изградување на Божјото дело. Видов дека твоите деца сега се наоѓаат во период кога може да им се влијае со вистината, и дека Исус се моли за тебе брате В: „Поштеди го уште малку". Покажано ми е дека, доколку се обратиш кон вистината, ќе станеш столб на црквата и дека, посветен со вистината, ќе го прославиш Бога со своето влијание. {2T 110.2}

Покажано ми е дека ангелите на милоста се собрани околу братот В. Видов дека во голема мера е прелажан во поглед на моралните вредности и положбата пред Бога на сите оние кои се одвоиле од црквата. Меѓу нив се наоѓа и мал број чесни; тие ќе бидат спасени. Но мнозинството е непосветено во срцето и сведоштвата за нив претставуваат

јарем на ропство. Тие го отфрлиле јаремот и продолжиле по својот изопачен пат. Бог те повикува да се одвоиш од таквите кои уживаат во борбата против Божјата вистина. Ако се одвоиш од нив, ќе развиеш исправен карактер. Тие припаѓаат на оној вид на луѓе кои ја сакаат и создаваат лагата. {2T 111.1}

Ако сиот се заземеш за вистината и делото на подготовка за ова време, ќе бидеш посветен со вистината и ќе се оспособиш за бесмртноста. Се наоѓаш во опасност да бараш премногу од своите деца и немаш толку трпение колку што е потребно. Сите оние што ја исповедаат вистината мора да работат на делото на подготовка сè додека не бидат во можност да стојат пред Божјиот престол без мана, дамка, брчка или нешто слично. Бог ќе те прочисти ако се изложиш на процесот на прочистување. {2T 111.2}

Број шеснаесет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

13.ЦЕЛТА НА СВЕДОШТВАТА ЗА ПОЕДИНИ ЛИЦА

Драги браќа и сестри, Господ повторно ми се јави, додека зборував со браќата во црквата во Батл Крик, Мичиген, 12 јуни 1868 година. Божјиот Дух слезе на мене и веднаш бев пренесена во визија. Оваа визија беше опширна. Почнав да ја пишувам петтата книга на Духовни дарови. Меѓутоа, бидејќи имав сведоштва од посебна природа, кои веднаш требаше да ви ги доставам, ја оставив започнатата работа за да ви ја подготвам оваа мала брошура. {2T 112.1}

Во тоа последно видение ми беше покажано дека мојот став во врска со објавувањето на сведоштвата упатени на некои поедини лица, сосема е оправдан. Кога Господ ги издвоил поединечните случаи и укажал на грешките на извесни лица, тогаш тие на кои не беше укажано во видението, често сметаат дека се на вистински пат. Меѓутоа, кога некој ќе биде укорен за вина, браќата и сестрите треба внимателно да се испитуваат себеси како би ги увиделе своите мани и за да бидат сигурни дека и тие не се западнати во ист грев. Ова треба да го направат со понизно срце. Тие не стануваат праведни со тоа што другите ќе ги сметаат за праведници. Бог гледа на срцето. На тој начин Тој ги проверува и испитува душите, укорувајќи поединци за грев, Тој сака да поправи мнозина. Но оние кои не ги применуваат на себе тие укори и мислат дека Бог поминал преку нивните грешки затоа што не им е посебно укажано на нив, се лажат самите себе си. Тие ќе бидат фрлени во темнина, препуштени да одат по пат што сами го избрале и да ги следат желбите на сопственото срце. {2T 112.2}

Мнозина се неискрени кон себе и живеат во големо самозалажување во поглед на својата вистинска состојба пред Бога. Тој се служи со патишта и начини кои ги смета за најдобри за да ги постигне своите цели и да испита што се наоѓа во срцата на оние

што тврдат дека се Негови следбеници. Тој ги открива грешките на едните за да ги опомене и другите да се тргнат од нив. Испитувајќи се себеси, тие можеби ќе дојдат до сознание дека го прават токму она што Бог го осудува кај другите. Ако навистина сакаат да служат на Бога и се плашат од Него да не го навредат, тие нема да чекаат со прст да се покаже на нивните грешки и дури тогаш да се исповедаат, понизно да се покајат и да се вратат кај Господа. Тие ќе отфрлат сè она што предизвикува Божји гнев, според светлината која им била дадена на другите. Меѓутоа, луѓето кои јасно гледаат дека ги прават истите оние грешки заради кои другите се укорени, а сепак продолжуваат да ги прават затоа што не се посебно опоменати, ги изложуваат своите души на голема опасност, зашто сатаната ќе ги зароби и ќе ги потчини по своја волја. {2T 113.1}

---

14. ЗА ЗАМИНУВАЊЕТО ВО БАТЛ КРИК

Во видението што го имав на 12 јуни 1868 година, покажано ми е дека многу души можат да дојдат до познавање на вистината, само ако се вложат исправни напори. Во секој град, гратче или село има луѓе кои би ја примиле вистината кога таа би им била изложена на правилен начин. Нам ни се потребни пожртвувани мисионери, кои како и нивниот голем Пример, не гледаат да угодат на себе, туку да живеат за доброто на другите. {2T 113.2}

Покажано ми е дека ние како народ не се залагаме доволно. Делата што ги чиниме не се совпаѓаат со нашата вера. Нашата вера сведочи дека живееме во време на објавување на најсвечената и најзначајната вест која некогаш им била дадена на смртниците. Но, иако сме свесни за тој факт, нашите напори, сесрдноста и пожртвувањето не се во согласност со важноста на делото. Ние треба да станеме од мртвите и Исус ќе ни даде живот. {2T 114.1}

Кај многу наши браќа и сестри постои наклонетост да живеат во Батл Крик. Од сите страни дошле семејства да се населат во него и уште повеќе од нив се подготвуваат да дојдат. Некои од нив кои дошле во Батл Крик имале разни должности во малите цркви од кои се доселени. Таму била потребна нивната помош и сила. Кога таквите луѓе ќе стигнат во Батл Крик и ќе се најдат во друштво на многу адвентисти од ова место, честопати почнуваат да чувствуваат како нивните сведоштва не се потребни и дека нивните способности се закопани. {2T 114.2}

Некои го избрале Батл Крик поради предноста во верски поглед, но по неколку месеци со чудење востановиле дека нивниот духовен живот слабее. Што е причината за ова? Многумина се дојдени со намера да се збогатат - да се фатат за работа која ќе им донесе голема заработувачка. Може да се случи нивните очекувања во овој поглед и да се исполнат, но по цена на духовно назадување. Тие стануваат духовни џуџиња. Не прифаќаат никакви одредени должности, бидејќи сметаат дека тоа би било неумесно од нивна страна. Не знаат за каква работа да се фатат во толку голема црква така стануваат неработници во Господовото лозје. Сите луѓе кои тргнале по овој пат само ги зголемуваат тешкотиите на оние на кои товарот на делото во црквата. Како такви, тие

претставуваат непотребен товар. Има многу луѓе во Батл Крик кои многу бргу стануваат суви лози. {2T 114.3}

Има луѓе кои биле работници и имаат искуство во делото на сегашната вистина. Па сепак, кога ќе дојдат во Батл Крик, го фрлаат од себе сиот товар. Наместо да чувствуваат потреба двојно да ги засилат своите сили, со будност и молитва да се посветат на вршење на своите должности, тие скоро ништо не преземаат. Заради тоа оние што се преоптоварени со обврски во канцеларииите и немаат време за други должности, често пати мораат да примат одговорни места во црквата и да вршат важна и заморна работа; и ако не го направат тоа, работата би останала незавршена, бидејќи другите не сакаат да примат никаков товар на себе. {2T 114.4}

Браќата кои сакаат да го сменат своето место на живеење, а ја имаат предвид Божјата слава и чувствуваат должност да прават добро на другите, да бидат од корист и да спасуваат на души за кои Христос го дал Својот драгоцен живот, би требало да одат во оние градови и села каде што има малку или нема никаква светлина. Таму можат навистина да бидат од голема корист и да донесат благодат на други со својата работа и искуство. Потребни се мисионери кои ќе бидат во градовите и селата и ќе го подигнат знамето на вистината, за да можат Божјите сведоци да бидат расеани по целата земја и свелината да продре таму каде што сè уште не стигнала. Браќата не треба да се групираат затоа што така им е поудобно, туку да настојуваат да одговорат на својот висок позив да чинат добро на другите, да бидат орудие со кое ќе се спаси барем една душа. А можеби ќе се спасат и повеќе од една. {2T 115.1}

Наша цел не смее да биде само да стекнеме што поголема награда на небото. Некои се себични во овој поглед. Имајќи го секогаш пред очи она што Христос го направил за нас и што сè пропатил за грешниците, би требало да појдеме по Неговиот пример од чиста љубов за душите и да ги жртвуваме своите задоволство и удобности за нивно добро. Спасување на кутрите грешници била Христовата радост која Го одржувала во сите Негови страдања. Тоа треба да биде и наша радост и поттик во нашите напори да го помогнеме Господовото дело. Правејќи го тоа, ние му ја докажуваме својата љубов и верност на Бога како Негови слуги. Тој не возљубил нас и го пратил Својот љубен Син во смрт за нас, за да можеме ние да живееме. Вистинската љубов која ја покажуваме кон ближните, сведочи за нашата љубов кон Бога. Нашата вера може да биде возвишена и чиста, но без љубов нема да значи ништо. Нашата вера може толку да нè зајакне дури да бидеме подготвени да отидеме во оган поради неа, но без самопожртвуваната љубов која живеела во Исуса и се огледувала во неговиот живот, ние сме само ѕвоно кое ѕвони или кимвал што ѕвечи. {2T 115.2}

Има семејства кои духовно зацврстуваат кога ќе дојдат во Батл Крик. Ова место на едните многу им помага, а на другите им одмогнува. Братот и сестрата А припаѓаат во онаа група која може само да добие со доаѓањето во Батл Крик. Господ ги упатил во овој правец. Батл Крик е место кое може многу да им користи и, како што се покажало, ова доаѓање било благослов за целото семејство. Доаѓајќи ваму, тие добиле сила и застанале на цврстото тло на вистината. И ако и понатаму понизно продолжат по патот на послушноста, ќе се радуваат заради помошта што ја примиле во Батл Крик. {2T 116.1}

---

15. ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Во видението кое ми беше дадено на 12 јуни 1868 година длабок впечаток на мене остави обемноста на работата со цел да се подготви народот за доаѓањето на Синот човечки. Видов дека жртвата е голема, но работници малку. Мнозина кои сега работат во полето и ги спасуваат душите, се слаби. Носеле големи товари кои ги заморило и истрошиле. Сепак, покажано ми е дека некои наши проповедници ги трошеле своите сили повеќе отколку што е навистина потребно. Некои се молат премногу долго и гласно, со што ја трошат и онака својата слаба сила без потреба. Други пак зборуваат за една третина или половина подолго отколку што би требало. Тие толку многу се заморуваат, слушателите го губат интересот уште пред да заврши проповедта, а тие не се во состојба тој интерес да го одржат будно. Кога нивниот говор би бил за половина пократок, би било многу подобро. Можеби она за што се зборува е навистина важно, но успехот би бил многу поголем кога молитвите и проповедите би биле пократки. Целта би се постигнала и без толкаво замарање. Тие непотребно ја трошат својата сила и енергија, која би требало да ја штедат за доброто на нашето дело. Тој прекумерен напор најмногу исцрпува и заморува. {2T 116.2}

Видов дека таквата прекумерна работа ја истрошила животната сила на добриот брат Сперij и го пратила пред време во гроб. Да внимавал повеќе на своето здравје, би живеел и би работел до денешен ден. Таа прекумерна работа исто така го исцрпила и нашиот драг брат Крансон и го уништила неговиот корисен живот. {2T 117.1}

Како предолгите молитви и говори, така и претераното пеење е многу заморно. Нашите проповедници, во голем број случаи, не би требало да се напрегаат повеќе од еден час. Би требало да ги избегнуваат непотребните воведи, да прејдат веднаш на поентата и да внимаваат да ја завршат проповедта кога интересот е најголем. Не би требало да зборуваат толку долго, за нивните слушатели да го присакуваат крајот. Овие прекумерни напори се некорисни зашто народот често пати премногу е заморен за да може да го искористи она што ќе го слушне. А кој е во состојба да каже колку ова им наштетило на проповедниците кои така постапуваат? И на крај ништо не се постигнува со злоупотребата на здравјето. {2T 117.2}

Често пати силите се исцрпени веќе на почетокот на овие прекумерни напори. И токму во оној момент кога многу може да се добие или изгуби, побожниот Христов проповедник, кој има намера и волја да работи, не може да присобере неопходна сила. Се истрошил во пеењето, во долгите молитви, долгите проповеди, и така победата му се провлекла поради недостаток на сесрдни, добро насочени напори во вистинско време. Драгоцениот момент е пропуштен. По првите впечатоци не уследиле понатамошни резултати. Подобро би било воопшто да не се разбудило интересирање кај луѓето, бидејќи е многу потешко да се делува со вистината на оние кои веќе еднаш ја слушнале и ги отфрлиле опомените. {2T 117.3}

Ми беше покажано дека нашите проповедници кога би ги штеделе своите сили, би постигнале повеќе за една година со разумна, добро насочена работа, отколку со многу говори, молитви и песни, кои толку заморуваат и исцрпуваат. Народот честопати не ја добива токму онаа помош која е толку потребна во некои моменти, затоа што на

работникот му е потребен одмор затоа што, во случај да продолжи со вака напорната работа, би го изложил во опасност своето здравје и живот. {2T 118.1}

Нашите драги браќа Матесон и Д. Т. Бурдо во тоа грешеле и би требало да го сменат начинот на работа. Мора да бидат кратки во проповедите и во молитвите. Треба веднаш да поминат на темата и да настојуваат да не се исцрпуваат при работата. Обајцата ќе направат многу повеќе на овој начин, а истовремено ќе ја сочуваат силата. Така ќе можат и понатаму да останат на работата која толку многу ја сакаат, а при тоа да не се исцрпат до крај. {2T 118.2}

---

16. ГЛЕДАЈТЕ НА ИСУСА

Во видението што го имав на 12 јуни 1868 година покажано ми е дека за Божјиот народ е многу опасно да гледа на братот и сестрата Вајт, сметајќи дека треба да им се обрати во своите неволји и од нив да бара совет. Не би требало да биде така. Нивниот милостив Спасител ги повикува да дојдат кај Него кога се уморни и обременети. Тој ќе им помогне. Во Него ќе најдат спокој. Ако пред Христа ги изнесат своите неволји и искушенија, ќе видат како се исполнуваат ветувањата во однос на нив. И кога во своите неволји ќе почувствуваат олеснување, кое можат да го најдат само во Исус, ќе стекнат и едно скапоцено искуство. Братот и сестра Вајт се борат за чист живот, се борат да донесат плодови на светост, но тие се само грешни смртници. Мнозина ми се обраќаат со прашање: „Треба ли да го сторам ова? Треба ли да се впуштам во овој потфат?" Или во поглед на облеката: „Треба ли да го носам ова или она?" Јас можам само да им одговорам: „Вие велите дека сте Христови следбеници. Проучувајте ги вашите Библии. Читајте внимателно и со молитва за животот на нашиот драг Спасител додека живеел помеѓу луѓето на земјата. Угледајте се на Неговиот живот, и нема да скршнете од тесната патека. Ние не се согласуваме да бидеме ваша совест. Ако ви кажеме што да правите, очекувате од нас да ве водиме наместо да се обратите на Исуса. Вашето искуство ќе има свој извор во нас. Морате сами да стекнете искуство, кое ќе има свој извор во Бога. Тогаш ќе можете да опстанете во опасностите во последните денови, ќе бидете очистени, а не уништени со огнот на страдањето низ кој мораат да поминат сите свети за да се исчисти нечистотијата во нивниот карактер и тие да се подготват за бесмртност. {2T 118.3}

Многумина од нашите браќа и сестри сметаат дека не може да се одржи ниеден поголем собир ако на него не присуствуваат братот и сестрата Вајт. Во многу места се увидува дека мора да се преземе некоја сериозна и одлучна акција во однос на делото. Постојат проповедници кои работат меѓу нив, но сметаат дека мора да се преземе нешто многу посериозно и очекуваат тоа да го направат братот и сестрата Вајт. Видов дека тоа не е по Божја волја. На прво место, и нашите проповедници грешат во тој поглед. Ним им недостига темелност. Не го примаат на себе товарот на делото ниту пак се трудат да помогнат на народот таму каде што му е потребна помош. Тие не увидуваат и не чувствуваат каде е потребно да се укори, каде да се исправи, а каде да се помогне и охрабри. Некои проповедници работат со седмици и месеци на едно место, а кога ќе си

одат оттаму, останува незавршена работа повеќе отколку што имало кога пристигнале. Споро се напредува во систематското добродетелство. Должноста на проповедникот е да го негува и овој дел од работата, но некои ја занемаруваат оваа непријатна должност. Тие ја проповедаат вистината врз основа на Божјата реч, но не успеваат да го убедат народот дека треба да и се покори на вистината. И затоа има многумина од оние кои слушаат, но малкумина се кои извршуваат. Луѓето гледаат дека нешто недостасува. Кај нив има многу несреќни моменти и затоа се обраќаат на братот и сестрата Вајт, тие да ги оттргнат недостатоците. {2T 119.1}

Некои од нашите браќа проповедници се препуштиле да ги носи водата, не задлабочувајќи се во својата работа и не се трудат да ги задобијат срцата на луѓето. Се тешат со помислата дека братот и сестрата Вајт ќе го поправат она што не е во ред, бидејќи тие имаат особена способност за таа работа. Овие луѓе работеле, но не онака како што би требало. Тие не ги носеле товарите. Не помогнале таму каде што било потребно да се помогне. Не ги поправале пропустите кои требало да се исправат. Не се посветиле со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила на потребите на народот. Времето минувало, а нивната работа не вродила плод. Ние мораме да ги пополнуваме празнините кои остануваат по нивните пропусти. Тие и го учат народот да гледа само на нас, наведувајќи го на мисла дека не може ништо да се постигне без наше сведоштво. На Бога ова не му се допаѓа. Проповедниците би требало да земат поголеми одговорности и не би требало да мислат дека не се во состојба да ја проповедаат оваа вест, која ќе им помогне на луѓето на кои им е потребна помош. Ако не можат тоа да го направат, нека чекаат во Ерусалим додека не примат сила одозгора. Не смеат да прифатат работа која не се во состојба да ја завршат. Тие треба да појдат плачејќи и носејќи со себе добро семе, и да се вратат од својата задача радосни, донесувајќи зрело сноп̀је. {2T 120.1}

Проповедниците треба да ги упатуваат луѓето и самите да се потрудат. Ниту една црква чии членови и самите не работат, не може да напредува. И народот треба да се потруди таму каде што проповедниците се трудат. Видов дека ништо трајно не може да се направи за црквите во разни места, доколку и членовите не увидат дека одговорноста лежи и на нив. Секој член на црквата треба да знае дека спасението на неговата душа зависи од неговите лични напори. Душите не можат да се спасат без труд. Проповедникот не може да го спаси народот. Тој може да биде канал преку кој Бог ја праќа светлината, но луѓето мора сами да ја прифатат светлината
која им се нуди и да ја предадат на други. Верниците треба да сфатат дека лично треба да се погрижат не само за спасување на сопствената душа, туку и за спасување на оние кои сè уште се наоѓаат во темнина. Тие не смеат да очекуваат братот и сестрата Вајт да ги извадат од темнина, туку мораат самите да се потрудат да си помогнат себеси. Ако ревносно настојуваат да им помогнат на оние што се наоѓаат во полоша состојба од нив, ќе излезат на светлина побргу отколку на било кој друг начин. Ако народот се потпре само на братот и сестрата Вајт, Бог ќе ги понизи пред вас и ќе ги оттргне од вас. Мора да се обратите на Бога и Нему да му се доверите. Потпирајте се на Него; Тој нема да ве напушти. Тој нема да дозволи да пропаднете. Божјата реч е драгоцена. „Прегледајте ги писмата; зошто вие мислите дека во нив имате живот вечен”. Тоа се Христови зборови. Вдахновените зборови, ако ревносно ги проучуваме и ако се управуваме според нив во

својот живот, ќе ни пружат сè што ни е потребно за еден живот полн со добри дела. И проповедниците и народот мораат да гледаат кон Бога. {2T 120.2}

Живееме во зло време. Околу нас се натрупуваат опасности на последните денови. Беззаконието се намножува и затоа љубовта се лади во многу срца. Енох одел со Бога триста години. Има малку време и тоа треба да нè поттикне да копнееме по правда. Зар е потребно да ни се изнесуваат стравотиите на Божјиот ден за да бидеме принудени да одиме по правиот пат? Пред нас е Еноховиот пример. Тој живеел во време на расипаност и околу него сè било изопачено, но тој го вежбал својот ум кон побожност и љубов кон чистотата. Зборувал за она што е небесно. Го воспитал својот дух да се движи во тој правец и затоа на него бил печатот на божественото. Лицето му блескотело со светлина која сјаела од Исусовото лице. И Енох имал искушенија како што имаме и ние. Луѓето околу него не биле понаклонети кон праведниците отколку нашата околина. Воздухот што го дишел бил исполнет со грев и расипаност, како што е и денес. Сепак, тој живеел свет живот. Него не го извалкале најголемите гревови од тоа време во кое живеел. Исто така и ние можеме да останеме чисти и неизвалкани. Тој симболично ги претставувал светите кои живеат во опасностите и изопаченоста на последните денови, и бил вознесен на небо заради својата непоколеблива послушност кон Бога. Исто така ќе биде вознесен и оној верен остаток и пренесен од грешниот и расипан свет да ужива во чистите радости на небото. {2T 121.1}

Патот по кој оди Божјиот народ треба да оди нагоре и сè поблизу до победата. Некој што е поголем од Исус Навин ја предводи израелевата војска. Меѓу нив е и самиот наш Војвода и Спасител кој рекол за да нè охрабри: „Еве Јас сум со вас во сите дни до свршетокот на светот". „Но не бојте се, зошто Јас го надвладеав светот". Тој ќе нè одведе во сигурна победа. Тоа што го ветил Бог, Тој е способен во секое време и да го исполни. И работата која Тој му ја дава на Својот народ, Тој може да ја изврши преку нив. Ако живееме во совршена послушност, Тој ќе ги оствари ветувањата кои ни ги дал. {2T 122.1}

Бог бара Неговиот народ да биде светлина на светот. Ова не се бара само од проповедниците, туку и од секој Христов ученик. Нивните разговори треба да се однесуваат на она што е небесно. Ако одржуваат постојана врска со Бога, ќе сакаат да стапат во врска со своите ближни, за со своите зборови и дела да ја изнесат Божјата љубов која ги движи нивните срца. На тој начин тие ќе бидат светлина на светот која нема да се угаси, ниту ќе биде одземена. Таа всушност ќе стане темнина за оние кои нема да сакаат да одат по неа, но уште поблескаво ќе ја осветлува патеката на оние што сакаат да слушаат и да одат во светлина. {2T 122.2}

Духот, мудроста и Божјата добрина, откриени во Неговата Реч мора да се огледаат на Христовите ученици и така светот да биде осуден. Бог му поставува барања на Својот народ кои се во склад со дадената благодат и вистина. И сите Негови праведни барања мора да бидат исполнети. Одговорните лица мора да одат во светлината која ги осветлува. Ако не направат така, нивната светлина ќе се претвори во темнина исто толку голема колку што била нивната светлина. Акумулирана светлина го осветлувала Божјиот народ, но мнозина не оделе по неа и заради тоа се наоѓаат во состојба на голема духовна слабост. {2T 123.1}

Божјиот народ не пропаѓа од недостаток на знаење. Нема да биде осуден заради тоа што не го познава патот, вистината и животот. Ќе го осуди вистината која допрела до

нивното сфаќање, светлината која ја осветлувала душата, но која тој ја запоставил или ја одбил. Оние кои никогаш не се наоѓале во состојба да ја одбијат светлината, нема да бидат осудени. Што би можело повеќе да се направи за Божјото лозје од она што веќе е направено? Драгоцена светлина го осветлува Божјиот народ; но таа нема да го спаси ако тој не се согласи да биде спасен од неа и ако не ја предаде на другите кои се наоѓаат во темнина. Бог го повикува Својот народ на работа. Потребно е лично залагање, признавање, отфрлање на гревот и обраќање кон Господа. Таа работа не може никој да ја изврши наместо друг. Верското знаење се зголемило и во склад со тоа ќе се зголемат и обврските. Голема светлина ја осветлувала црквата, и таа ги осудува оние што одбиле да чекорат во неа. Кога би биле слепи, би биле без грев. Но тие ја виделе светлината, и слушнале за вистината, но сепак не стекнале ниту мудрост, ниту светост. Мнозина со години не напредувале во знаењето и во вистинската светост. Тие се духовни џуџиња. Наместо да напредуваат во совршенството, тие се враќаат во темнината и во оковите на Египет. Нивниот ум не е извежбан во побожност и во вистинската светост. {2T 123.2}

Ќе се разбуди ли Божјиот Израел? Дали сите оние кои зборуваат за побожноста ќе се трудат да го отфрлат злото, да му го признаат на Бога секој таен грев и да клекнат пред Него? Ќе сакаат ли во голема понизност да ги испитаат побудите на секоја своја постапка и да бидат свесни дека Божјото око гледа и испитува сè што е скришно? Вашето дело и посветеност на Бога нека бидат целосни. Тој бара да му се потчиниме и да му потчиниме сè што поседуваме. На проповедниците и на народот потребно им е ново обратување и преобразба на духот без кои не можеме да бидеме мирис за живот, туку само за смрт. Божјиот Народ ужива особени предности. Дадена му е голема светлина за да може да го постигне високиот повик во Исуса Христа. Меѓутоа, тој не е она што Бог сака и што одредил да биде. {2T 124.1}

---

17. ОДВОЈУВАЊЕ ОД СВЕТОТ

Драги браќа и сестри, Бог одредил да се зголемува светлината на црквата и да светли сè повеќе додека не дојде до совршен ден. На Божјиот народ му се дадени драгоцени ветувања под услов да биде послушен. Да го следевте Господа како Халев и Исус Навин, Тој во вашата средина би ги умножил доказите на Својата моќ. Грешници би биле обратени а заталканите вратени, благодарејќи на вашето влијание. Дури и непријателите на вашата вера, иако се борат и зборуваат против вистината, ќе мора да признаат дека Бог е со вас. {2T 124.2}

Многумина од оние кои ја исповедаат вистината и припаѓаат на Божјиот народ, толку се прилагодиле на светот, така што повеќе не се распознава нивното посебно обележје и тешко е да се направи разлика „помеѓу оној што служи на Бога и оној кој не му служи”. Бог би направил големи работи за Својот народ кога овој би излегол од светот и би се одвоил. Кога би допуштиле Тој да ги води, би ги прославил низ целата земја. Вистинскиот Сведок вели: „Ги знам твоите дела”. Божјите ангели коишто им служат на оние што ќе го наследат спасението, се запознаени со состојбата во која се наоѓа секое лице и знаат колку вера има во секој поединец. Неверноста, гордоста,

лакомоста и љубовта кон светот што се наоѓаат во срцата на браќата и сестрите ги растажуваат безгрешните ангели. Кога виделе дека кај мнозина што тврдеа дека се Христови следбеници постојат големи гревови и дека таквите го срамат Бога со својот колеблив, неисправен живот, ангелите плачеле. И покрај сето тоа, тие што најмногу грешат се причина за најголемите слабости кај црквата, кои ја валкаат светата вера, ниту најмалку не се вознемирени, ниту загрижени туку изгледа како да веруваат дека се вкоренети во Господа. {2T 125.1}

Многумина мислат дека се наоѓаат на здрави темели, бидејќи ја познаваат вистината. Тие уживаат во нејзината чистота и се фалат со моќните докази односно исправноста на нашиот став. Таквите себеси се вбројуваат во одбраниот, својствен Божји народ, а сепак не чувствуваат Божје присуство и моќ која би ги спасила да не попуштат на искушението и лудоста. Таквите тврдат дека го познаваат Бога, но со своите дела сосем се откажуваат од Него. Колку е длабока нивната темнина! Љубовта кон светот кај едни, заводливоста на богатството кај други, ја задушиле речта и тие станале неплодни. {2T 125.2}

Покажано ми е дека црквата во _____ го примила духот на овој свет и станала млака до степен што загрижува. Кога се вложуваат напори работите во таа црква да се средат, а Божјиот народ да се донесе во состојба што Бог ја одобрува, само една група покажува волја од темнината да се пробие на светлина. Меѓутоа, многумина не се трудат доволно да го сфатат светото влијание на вистината врз нивните срца и животи. Грижите на овој свет толку го обземаат нивниот дух, така што тие го запоставуваат своето лично преиспитување и тајната молитва. Тие го оставаат своето оружје и сатаната слободно им приоѓа отапувајќи ги нивните чувства, а тие и не го насетуваат неговото лукавство. {2T 126.1}

Некои и не покажуваат желба да ја дознаат својата вистинска состојба и да ги избегнат сатанските замки. Тие се болни и на умирање. Понекогаш ќе ги загрее пламенот од другите, но ги следел формализмот, гордоста, влијанието на овој свет, така што не чувствуваат потреба за било каква помош. {2T 126.2}

Има многумина такви на кои им недостасува духовност и христијански особини. Тие секојдневно треба да ја чувствуваат сериозноста на одговорноста која почива на нив, сфаќајќи дека времето во кое живееме е опасно и дека расипаност владее насекаде околу нас. Тие ќе можат да учествуваат во божествената природа единствено ако ја избегнат расипаноста на овој свет. На тие браќа потребно им е длабоко и целосно искуство во она што е божествено, а тоа можат да го остварат само ако вложуваат напори. Положбата што ја заземаат бара од нив сесрдност и неуморно залагање за да не заспијат на стражарското место. Сатаната и неговите ангели не спијат. {2T 126.3}

Христовите следбеници треба да бидат орудија на правдата, вистински работници, живи камења; од нив треба да зрачи светлина која ќе ги привлекува небесните ангели. Тие мора да бидат канали низ кои ќе струи духот на вистината и правдата. Многумина толку паднале под влијание на суетниот свет, така што и во своите постапки не се одвојуваат од него. Има работи кои им се допаѓаат и не им се допаѓаат кај луѓето, но тие не ја распознаваат исклучителноста на
карактерот. Таквите во своите постапки не се раководат според чистите христијански начела и според тоа мислат само на себе, на своите задоволства и радости, не грижејќи

се за другите. Вистината не ги посветила, па оттаму не ја увидуваат единствеността на Христовите следбеници низ целиот свет. Бог најмногу ги цени оние што имаат најмалку самодоверба, кои ги краси кротост на духот, чиј живот е чист и несебичен и чии срца, сред изобилството на Христовиот дух,
се наклонети кон покорност, праведност, чистота и вистинска светост. {2T 126.4}

Кога сите би се посветиле на Бога, од нив би зрачела драгоцена светлина која силно ќе влијае на сите што доаѓаат во допир со нив. Меѓутоа, потребно е да се заложиме за сите нив. Некои се далеку од Бога; променливи и нестабилни како вода, така што не знаат што значи жртва. Ако посакаат некаква пријатност, задоволство или некој дел од облека, тие воопшто не прашуваат дали е тоа потребно и дали можат да се откажат од тоа задоволство и да приложат дар на Бога. Колкумина има такви кои се прашуваат дали од нив се бара некаква жртва? Можеби таа жртва би била помалку вредна од жртвите на богаташите што имаат многу пари, таа сепак би бил драгоцен дар бидејќи би потекнувала од вистинско самооткажување. Таа прекрасно би мирисала и би се издигала од неговиот олтар како пријатен мирис. {2T 127.1}

Младината не би смеела да располага со своите пари, не грижејќи се за она што Бог го бара од нив. Таа би требало да рече како што рекол Давид: „Ниту ќе принесам на Господа својот Бог заклани жртви паленици кои не ме чинат ништо". Младината троши голем дел од своите пари за правење на копии од своите фотографии. Кога секој од нив би пресметал колку вложил во таа намена, тоа би претставувало значителна сума. А тоа е само еден начин на кој младината ги троши парите заради задоволување на сопствените потреби, од што никој немал корист. Овие издатоци не се направени ниту за исхрана, ниту за облекување, не е укажана помош на вдовици, ниту на сирачиња, гладни не се нахранети, ниту голите облечени. {2T 127.2}

Додека парите расипнички се трошат за лични задоволства, на Бога скоро безволно се приложуваат скржави дарови. Колкав дел од својата заработувачка младите ја даваат во Божјата каса со која се помага делото на спасување на души? Младите секоја седмица даваат по една паричка и сметаат дека многу направиле. Меѓутоа, тие не увидуваат дека како Божји поверенизи се одговорни за своите мали заработувачки, токму како и богатите за своите големи имоти. Тие го краделе Бога, си угодувале на себе, оделе по своите уживања, ги задоволувале своите желби, не мислејќи дека Бог внимателно ќе испита како го употребиле Неговите добра. Сè додека тие без двоумење си угодуваат на своите потреби, не давајќи го на Бога она што се должни, Бог нема да го прими незначителниот дар којшто тие го приложуваат, како што не го примил дарот на Ананија и неговата жена Сафира, кои имале намера да Му скратат во своите дарови. {2T 128.1}

Општо земено нашата младина се соединила со светот. Само малкумина се борат против внатрешниот непријател, малкумина се тие кои сесрдно и искрено сакаат да ја дознаат и да ја вршат Божјата волја. Малкумина се такви што се гладни и жедни за правда и нешто знаат за Божјиот дух, како укорувач и утешител. Каде се мисионерите? Каде се оние кои се откажуваат од себе и се жртвуваат за други? Каде се оние кои го носат крстот? Сопственото јас и себичноста ги потиснала возвишените и благородни начела. Она што се однесува на вечноста нема никакво посебно влијание врз умот. Бог бара од секој поединец потполно да му се покори. „Не може да Му служите и на Бога и

на мамонот”. И не можете да му служите на сопственото „јас,” а истовремено да бидете Христови слуги. Вашето „јас” и љубовта кон задоволствата мора да умрат. Мора да си ги поставите прашањата: „Ќе биде ли Бог задоволен со целта за која имам намера да ги потрошам овие пари? Дали со тоа ќе го прославам?” {2T 128.2}

Нам ни е наложено дека, ако јадеме или пиеме или што друго и да правиме, сè да правиме на Божја слава. Колкумина свесно постапувале, според начелата, а не според своите чувства и колкумина буквално ја послушале оваа заповед? Колку млади следбеници во _____ го побарале Бога за своја потпора и свој дел (Плач на Еремија 3:24) и искрено се потрудиле да ја дознаат Неговата волја? Многумина се Христови слуги само на збор, но не и на дела. Таму каде што владеат начела на верата, тука постои малку опасност дека ќе се направат големи грешки, бидејќи совладана е себичноста која секогаш заслепува и залажува. Искрената желба да се направи добро на другите толку преовладува, така што се заборава и сопственото „јас”. Да се биде цврст во верските начела значи да се поседува непроценливо богатство. Тоа е најчистото и највозвишено влијание што смртните луѓе може да го имаат. Таквите имаат сидро. Секоја нивна постапка е добро осмислена за да не наштети на другите и да не ги оддалечи од Христа. Мора секогаш да се запрашаме: Господе, како најдобро да Ти служам, и да го прославам Твоето име на земјата? Како треба да живеам за да ги наведам и другите да Те сакаат, да Ти служат и да го слават Твоето име? Стори да сакам и да ја вршам само Твојата волја. Помогни зборовите и примерот на мојот Откупител да бидат светлина и сила на мојата душа. Ако во Него се надевам и Него го следам, Тој нема да дозволи да пропаднам. Тој ќе биде круна на мојата радост. {2T 129.1}

Ако Божјата мудрост ја замениме со човечка, безумието на човечката мудрост ќе нè одведе на погрешен пат. На таа голема опасност се изложуваат многумина во _____. Тие немаат сопствено искуство. Не навикнале сами да размислуваат со молитва, исправно и без предрасуди, за многу прашања и предмети кои секогаш може да се појават. Чекаат да видат што мислат другите. Ако другите не се согласуваат со нивното мислење, тоа е доволно да ги убеди дека прашањето за кое размислуваат нема никакво значење. Иако има многу такви луѓе, тоа не го менува фактот дека се неискусни и дека станале малодушни како последица на долго попуштање на непријателот. Тие секогаш ќе бидат неспособни како недораснати деца, поведувајќи се по светлината на другите, живеејќи од туѓите искуства, чувствувајќи како што чувствуваат другите и постапувајќи како што постапуваат тие. Се однесуваат како да немаат сопствено мислење и ја потчинуваат својата личност на други; така што стануваат сенки на оние за кои сметаат дека се во право. Ако не станат свесни за својот колеблив карактер и не ги исправат грешките, ќе го загубат вечниот живот и нема да бидат во состојба да ја пребродат опасноста на последните денови. Тие нема да можат да се спротивстават на ѓаволот, бидејќи нема да знаат дека тоа е тој. Некој мора да се наоѓа покрај нив за да ги извести дека се приближува непријател или пријател. Тие луѓе не се духовни и затоа не го увидуваат она што е

духовно. Тие не се мудри по прашањата кои се однесуваат за Божјото царство. Ниту младите ниту старите се оправдани ако се потпираат на друг да има искуство за нив. Ангелот рече: „Проклет да биде човекот кој се надева на човек, и телото го смета за своја

крепост”. Во христијанското искуство и борба е потребна благородна самодоверба. {2T 129.2}

Мажи, жени и младино, Бог од вас бара морална храброст, цврстина и истрајност во одлуките, ум кој не прифаќа мислење од други, туку самиот разгледува пред да прифати или отфрли нечие мислење, таков кој проучува и ги одмерува доказите и ги изнесува пред Господа во молитва. „Ако некому од вас му недостасува мудрост нека ја бара од Бога кој на секому му дава великодушно и без приговарање - и ќе му се даде”. Но, еве услов: „Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура. Таквиот човек нека не мисли дека ќе добие нешто од Господ”. Нашата молитва во која бараме да ни се подари мудрост не смее да биде лекомислена, не смееме да заборавиме на неа штом ќе ја изговориме. Тоа мора да биде молитва која изразува силна, искрена желба на срцето, која потекнува од свеста дека ни недостасува мудрост со чија помош би ја разбрале Божјата волја. {2T 130.1}

Ако веднаш не добиеме одговор на оваа молитва, не смееме да се изморите и да станеме колебливи. Не попуштајте. Држете се цврсто за ветувањето: „Верен е оној кој ве повика, кој тоа и ќе го направи”. Барајте како упорната вдовица, не попуштајте во своето барање и бидете постојани. Дали ви е битно тоа што го барате? Дали тоа ќе има големо влијание во вашиот живот? Сигурно дека ќе има. Тогаш не попуштајте, бидејќи тука може да се испитува вашата вера. Ако она што го барате е од голема важност, тогаш заслужува ваш истраен труд. Имате ветување, и затоа бдејте и молете се. Бидете истрајни и ќе добиете одговор на својата молитва. Зар не е Бог Тој што ви ветил? Ако нешто ве чини за да го примите тоа ветување, тогаш повеќе ќе го цените кога ќе го добиете. Јасно ви е речено дека нема ништо да примите од Господа ако се колебате. Имате опомена да не се уморите, туку цврсто да се потпрете на ветувањата. Ако барате, Бог обилно ќе ви даде и нема да ве прекорува. {2T 131.1}

Овде мнозина прават грешка. Почнуваат да се колебаат и нивната вера слабее. Од таа причина и не добиваат ништо од Господа, кој е Извор на нашата сила. Никој не треба да оди во темнина и да се сопнува како слеп, бидејќи Господ праќа светлина на оние што сакаат да одат по Неговиот, а не по свој пат. Тој бара од сите совесно да ги исполнуваме своите секојдневни должности. Ова особено го бара од сите оние кои работат на возвишената и важна работа во издавачкото дело, и тоа како од оние на кои лежат поголеми одговорности од оваа работа, така и од оние што се со најмалку одговорности. Ова може да се постигне единствено ако се молат на Бога да им подари сила за да можат верно да го извршуваат она што небото го одобрува, работејќи сè толку несебично, свесни дека Божјото око гледа сè и ја испитува секоја нивна постапка. {2T 131.2}

Гревот во кој најмногу се запаѓа, кој нè одвојува од Бога и нè доведува до вистинска зараза на пореметување во духовен поглед, е себичноста. Никој не може да се врати кај Бога ако не се откаже од себеси. Ние тука не можеме ништо да постигнеме сами; но ако Бог ни подари сила, ќе може да живееме за добро на другите и така ќе се спасиме да не западнеме во гревот на себичноста. Не е потребно да одиме во незнабожечки земји за да покажеме колку сакаме да се посветиме на Бога и да живееме корисен, несебичен живот. Треба тоа да го правиме во својот домашен круг, во црквата, меѓу оние со кои се

дружиме и со кои работиме. Токму преку своите секојдневни постапки треба да се откажеме од своето „јас” и да го држиме во потчинетост. Павле можел да рече: „Секој ден умирам”. Тоа секојдневно умирање на нашето „јас” во ситните работи нè прави победници. Треба да забораваме на себе во желбата да направиме добро на другите. Многу луѓе ја немаат оваа љубов кон ближните. Наместо совесно да ја вршат својата должност, тие гледаат како за себе да стекнат што повеќе задоволства. {2T 132.1}

Бог јасно им наложува на Своите следбеници да бидат од корист на другите со своето влијание и средства, а од Него да бараат мудрост која ќе ги оспособи да направат сè што е во нивна моќ за да ги воздигнат мислите и чувствата на оние со кои доаѓаат во допир. Правејќи добро на другите, ќе почувствуваме длабоко внатрешно задоволство и спокојство што ќе ни биде доволна награда. Во тоа свое настојување да чиниме добро на другите, ќе најдеме вистинска среќа која извира од совесното исполнување на многубројните должности кои пред нас ги поставува животот. Ова ќе ни донесе и нешто повеќе од земска награда, бидејќи ангелите го бележат секое несебично исполнување на должноста кое свети во записот на нашиот живот. На небото никој нема да мисли на себе ниту да копнее по свое задоволство, туку во чиста вистинска љубов, ќе ја бара среќата на небесните битија што ќе нè опкружуваат. Ако сакаме да бидеме во друштво на небесните суштества на обновената земја, мораме уште овде да се управуваме според небесните начела. {2T 132.2}

Секој чин од нашиот живот донесува на другите добро или зло. Нашето влијание ги води луѓето нагоре или надолу, тие го чувствуваат, постапуваат според него, и во помала или поголема мерка го репродуцираат на другите. Ако со својот пример помагаме на другите да развиваат во себе добри принципи, со тоа им даваме и сила да прават добро. Тие од своја страна, исто така влијаат на други и на тој начин ние несвесно делуваме на многумина. Ако пак, со своите постапки ги охрабруваме или присилуваме на активност лошите склоности на луѓето околу нас, ние со тоа учествуваме во нивниот грев, и ќе мораме да положиме сметка за доброто што сме можеле да го сториме, но не сме го сториле затоа што Господ не сме го земале за своја сила, водач и советник. {2T 133.1}

---

18. ВИСТИНСКА ЉУБОВ

Вистинската љубов не е силна, дива, нескротлива страст. Напротив, таа всушност е тивка и длабока. Таа не гледа на надворешноста, туку ја привлекуваат само добрите особини. Таа е мудра, знае да прави разлика и нејзината посветеност е вистинска и постојана. Бог нè испитува и нè проверува во нашите постапки во секојдневниот живот. Во малите работи се откриваат вистинските особини на срцето. Среќата во животот ја сочинуваат мали вниманија, многубројни ситни случки и едноставни љубезности, додека недостатокот на мали благи, охрабрувачки зборови и мали услуги прават животот да стане тажен. На крај ќе се увиди дека самооткажувањето, заради доброто и среќата на оние кои се околу нас, содржи голем дел од книгата на нашиот живот на небото. Исто така ќе се увиди и фактот дека ако се грижиме само за себе, не водејќи

сметка за среќата и доброто на другите, тоа нема да му се провлече на погледот на нашиот небесен Татко. {2T 133.2}

Брате Б, Бог работи за тебе, ќе те благослови и ќе те оснажи на твојот пат кон праведноста. Ти ја разбираш теоријата на вистината и треба да го стекнеш сето знаење кое можеш за Божјата волја и Неговото дело. Така ќе се подготвиш и за поодговорни должности на кои Тој ќе те повика ако види дека со тоа најдобро ќе го прославиш Неговото име. Но, потребно е да стекнеш уште искуство. Ти си многу импулсивен и околностите силно влијаат на тебе. Бог е кадар да те поткрепи, оснажи и засили, ако сесрдно бараш мудрост од Него Кој е непогрешлив и ветил дека нема да бараш залудно. {2T 134.1}

Пренесувајќи ја вистината на другите ти често зборуваш премногу строго, што не одговара на твоето кратко искуство. Ти брзо ги сфаќаш работите и во состојба си лесно да ги сфатиш нештата. Не се сите како тебе, ниту можат така да живеат. Нема да бидеш подготвен да чекаш трпеливо и благо кога тие кои не сфаќаат толку лесно како ти, за да ја увидат сета сила на доказите. Ќе бидеш во опасност да бараш многу строго од другите да го сфатат она што ти го сфаќаш и да ја чувствуваат сета ревност и потребата за работа што ти ја чувствуваш. Доколку твоите очекувања не бидат исполнети, можеш да ги изгубиш храброста и мирот и да посакаш некаква промена. Мора да се бориш против твојата склоност строго да судиш и да обвинуваш. Чувај се од сè што би можело да личи на обвинување. На Бога не му е мило еден Негов слуга, дури и со поголемо искуство, да има такви склоности. Одговара за младоста, надарена со скромност и внатрешни доблести, да покаже воодушевување и ревност; но многу е непријатно и одбива кога момче со само неколку години искуство покажува толку голема ревност и склоност за обвинување на други. Ништо не може да го сруши неговиот углед како ова. Благоста, благородноста, воздржливоста, трпеливоста, да не се биде лесно провициран, да се истрае во сè, да се надева во сè, сè да се поднесува - тоа се плодови кои растат на драгоценото дрво на љубовта кое е од небесно потекло. Ако го негуваме, ќе се види дека ова дрво е секогаш зелено. Неговите гранки нема да се исушат, ниту неговите листови ќе овенат. Тоа е бесмртно и вечно бидејќи го наводнува небесна роса. {2T 134.2}

Љубовта е сила. Таа дава духовна и морална сила која е неодвоива од неа. Моќта на богатството настојува да расипе и уништи, а силата руши. Меѓутоа изврсноста и вредноста на чистата љубов е во нејзината подготвеност да прави добро и ништо друго. Што и да е направено од чиста љубов, колку и да е безначајно во очите на луѓето, донесува обилен плод, бидејќи Бог гледа со колку љубов некој нешто прави, отколку колку многу е направено. Љубовта е од Бога. Срцето кое не е обратено не може во себе да ја одгледува таа небесна билка која живее и цвета само каде што владее Христос. {2T 135.1}

Љубовта не може да живее без дела, а секое дело ја зголемува, зајакнува и шири. Љубовта ќе задобие победа таму каде што е немоќен секаков доказ, секаков авторитет. Љубовта не работи за корист или награда. Бог одредил на секое дело на љубов да припадне голема добивка. Љубовта е сеопфатна; таа е тивка во својата работа, но силна и моќна во својата намера да совлада големи зла. Нејзиното дејство ги растопува срцата и ги обратува. Таа е во состојба да ги придобие грешниците, да ги омекне нивните срца и тогаш кога секое друго средство ќе се покаже неуспешно. Каде што ќе примениме

само ум, авторитет и сила без љубов, ќе наидеме на отпор од оние кои сакаме да ги придобиеме и тој отпор сè повеќе ќе расне. Исус бил Кнез на мирот. Тој дошол на овој свет да го оттргне противењето и силата и да го прими јаремот на себе. Можел да го постигне тоа со Својата мудрост и сила, но Тој ја употребил мудроста и силата на љубовта за да го победи злото. Не дозволувај ништо да те одврати од твојата сегашна работа сè додека Бог не посака да ти довери друга работа на истото поле. Не барај ја среќата, зошто ако ја бараме нема никогаш да ја најдеме. Оди по својата должност. И нека сите твои постапки носат отпечаток на совесност и понизност. {2T 135.2}

„Сè што сакате да ви прават луѓето вам, правете им го и вие ним". Благословот ќе дојде како последица од ваквиот живот. „Со каква мерка мерите со таква ќе ви се мери". Овие зборови треба да нè наведат на тоа да се сакаме со сета сила на своето срце. Христос е нашиот Пример. Тој постојано правел добро. Тој живеел за да ги благослови другите. Љубовта ги красела и облагородувала сите Негови дела. Нам не ни е заповедано да правиме за себе она што би сакале да ни го прават другите, туку да го правиме на другите она што би сакале тие да ни го прават нам во истите околности. Со каква мерка ќе мериме со таква мерка ќе ни се мери. Чистата љубов е многу едноставна во своето делување и се разликува од сите останати начела на човековите постапки. Желбата да се ужива добар глас и почитување од другите често може како последица да има среќен живот и беспрекорно однесување. Почитувањето кон самиот себе може да нè доведе до таму, да го избегнуваме злото. Себичното срце може да прави и великодушни постапки, да ја признава вистината и да изразува кротост и срдечност со надворешно однесување, но побудите сепак можат да бидат лажни, нечисти; постапките кои произлегуваат од таквото срце сепак ќе бидат без животен мирис и плодови на вистинска светост, бидејќи се лишени од начелата на чистата љубов. Љубовта треба да се одгледува и негува, бидејќи нејзиното влијание е божествено. {2T 136.1}

---

19. РАЗОНОДИ ВО ИНСТИТУТОТ

Кога во Институтот почнале да се приредуваат разноди, поединци од _____ покажале колку се површни. Тие биле особено задоволни, бидејќи тоа одговарало на нивната лекомислена природа. Сметале дека треба да се користат работи кои биле препорачани за болни. Доктор Ц. не е виновен за последиците кои произлегле од советите што тој им ги дал на своите пациенти. Во разни други цркви непосветени луѓе ги користеле овие совети како дозвола за да можат да се оддадат на задоволства и лудости. Кога се расчуло дека лекарите од Институтот препорачувале игри и забава со цел да го подигнат духот на болните и да ги наведат на поведри мисли, оваа зараза почнала да се шири како оган низ слама. Младината во _____ и во други цркви сметала дека и е потребно токму такво нешто, така што многумина го симнале од себе оклопот на правдата. И бидејќи никој не ги зауздал, се оддале на забави со таква преданост и енергија како од тоа да зависи нивниот живот. Ова овозможило да се направи јасна разлика помеѓу вистинските Христови следбеници и оние кои се наоѓале

во самоизмама. На некои Божјото дело не им лежи на срце. Во нивната душа не дошло до вистинско посветување. Тие не барале доверба во Бога. Биле непостојани, и бил доволен само еден бран за да ја изгубат потпората и да почнат да талкаат таму-ваму. Овие личности со тоа покажале дека имаат мала цврстина и морална независност. Тие не стекнале искуства и затоа оделе по искрите што доаѓале од туѓи потпалувања. Таквите го немаат Христа во своите срца за да можат да го покажат на луѓето. Зборуваат дека се Негови следбеници, додека всушност земските и краткотрајни задоволства ги држат во ропство нивните срца. {2T 137.1}

Имаше и други луѓе кои сметаа дека од таа страна не им се заканува никаква опасност. Тие толку цврсто верувале дека Бог сето тоа ќе го среди и ни најмалку не се вознемирувале. Сметале дека советите кои биле дадени за болните не се однесувале за нив и повеќе не сакале да се возбудуваат околу тоа. Нив не ги интересирало што прават другите во црквата и светот, бидејќи, како што велеа, кого треба ние да го следиме освен Христа? Тој ни заповеда да живееме како што живеел Тој. Ние мораме да живееме како да го гледаме Него, и да правиме сè од сето свое срце како за Господа, а не за луѓето. {2T 138.1}

Во вакви прилики се развива карактерот. Тука може да се процени вистинската морална вредност. Тогаш не е тешко да се заклучи каде се наоѓаат оние кои исповедаат побожност, а трчаат по задоволствата и радостите на овој свет. Нивните чувства не се врзани за она што е горе, туку за она што е на земјата на која владее сатаната. Тие одат по темнина и не можат да ја најдат среќата во она што е небесно затоа што тоа и не го гледаат. Се отуѓиле од Христовиот живот, бидејќи умот им е поматен. За нив духовните работи се лудост. Нивниот интерес е свртен кон овој свет. Нивните тежнеења се според постапките на овој свет и земските работи. Тие се задоволни што се нарекуваат христијани, а сепак служејќи му на Бога и на ѓаволот тие се задоволни. Меѓутоа, ќе наидат случки со кои ќе се открие што е во нивните срца. Тие се само товар и проклетство за црквата. {2T 138.2}

Духот кој владее во црквата ги одвојува од Бога и ги оддалечува од патот на светлината. Многу членови на црквата оваа своја состојба на духовно слепило ја препишуваат на впечатоците кои произлегуваат од начелата што се проповедаат во Институтот. Ова не е сосема точно. Ако црквата ги послушала Божјите совети, Институтот би бил под добра управа. Светлината на црквата би ја осветлила и таа гранка на делото и не би се правеле грешки како што се прават. Попрво може да се рече дека темнината во црквата довела до темнина и духовна смрт и во Институтот. Кога црквата би била здрава, таа би упатувала здрава животодавна сила на овој свој орган. Но таа била болна и не уживала Божја наклоност ниту светлина на Неговото
присуство. Така низ целото тело струеле нездрави смртоносни влијанија додека не се појавила болест на сите места. {2T 138.3}

Драгиот брат Д. не увидел во каква состојба се наоѓа неговото срце. Во него царувала себичноста и исчезнало спокојството и здравјето. Брате, тебе ти недостасува вистинска љубов кон Бога и кон ближните. Животот кој денес го живееш не е живот на вера во Божјиот син. Се чувствува недостаток на доверба и стравување да се препуштиш во Божјите раце, како Тој да не е во состојба да го сочува она што сме Му го довериле. Се плашиш дека ќе те снајде некое зло ако не заземеш одбранбен став и не започнеш

битка во своја корист. Божјите деца се мудри и силни само ако се потпираат на Неговата мудрост и сила. Тогаш се силни и среќни до таа мера до која се одвојуваат од човечката мудрост и помош. {2T 139.1}

Даниел и неговите другари биле робови во една туѓа земја, но Бог не дозволил зависта и омразата на нивните непријатели да ја однесе победата над нив. Праведниците секогаш добивале помош одозгора. Колку пати Божјите непријатели го соединувале своето знаење и сила за да го уништат карактерот и угледот на неколкуминатa скромни луѓе кои се потпирале на Бога. Но бидејќи Господ бил со нив, никој не можел да ги победи. Христовите следбеници само нека се соединат, и ќе победат. Нека се одвојат од своите идоли и од светот, и тогаш светот нема да може да ги одвои од Бога. Христос е нашиот севкупен Спасител. Покрај Него не ни треба никој друг. Во Него е сè совршено. Предноста на христијаните е во тоа што сигурно можат да знаат дека Христос е навистина со нив. „И ова е победата што го победи светот - верата наша". Сè е можно на тој што верува, и, што и да бараме во своите молитви ќе добиеме, ако веруваме во тоа. Таквата вера ќе продира низ најгустата темнина и ќе донесе зраци на светлина и надеж на свенатите и очајни души. Ако ја немаме таа вера, ќе бидеме заблудени, заплашени и неповерливи кон сите. Бог ќе направи големи дела за Својот народ ако тој потполно се потпре на Него. „Побожноста е голема печалба кога е здружена со чувство на задоволност". Чистата и неосквернета вера треба да се прикаже во животот. Тогаш ќе се покаже дека Христос е непресушлив извор на сила, вистинска помош во секое време на неволја. {2T 139.2}

---

20. ЗАПОСТАВУВАЊЕ НА АНА МОР

Во случајот на сестра Ана Мор покажано ми е дека запоставувањето кон неа е исто што и запоставување кон Исуса. Ако Божјиот Син дошол на таков скромен и ненаметлив начин како што одел од место до место кога бил на оваа земја, ни тој не би наишол на подобар прием. Нам ни недостасува големото начело на љубовта кое живеело во срцето на Човекот од Голгота. Кога црквата би живеела во светлина, таа би ја почитувала оваа понизна мисионерка која целото свое битие го ставила во служба на нејзиниот Господар. Нејзините најискрени постапки биле погрешно протолкувани. Скромната надворешност не го придобивала окото навикнато на вкус и мода, бидејќи нејзината штедливост и сиромаштво оставиле трага на нејзиниот начин на облекување. Таа своите со мака стекнати пари веднаш ги издвојувала за да им помогне на другите, да им донесе светлина на оние за кои се надевала дека ќе може да ги приведе кон крстот на вистината. {2T 140.1}

Дури ниту Христовата црква по исповедање, со своите возвишени начела и вера, не ја забележала Христовата слика во ова Божје дете полно со самооткажување, бидејќи самата била толку оддалечена од Христа така што не го одразувала Неговиот лик. Луѓето суделе според надворешниот изглед, не трудејќи се да го согледаат внатрешното богатство. Тоа била жена чии извори на знаење и искуство во побожноста биле поголеми отколку било кој верник во _____ и чиј начин на постапување со младината

и децата бил угоден, поучен и корисен. Таа не била груба, туку исправна и полна сосочувство и би се покажала како многу корисен работник на тоа поле, како добар учител на младината и разумен, корисен придружник и советник на мајките. Таа била во состојба да ги поттикне срцата, преку сериозни и вистински прикази со случките од својот верски живот кој го посветила во служба на својот Откупител. Кога црквата би се ослободила од темнината и измамата и би излегла на светлина, луѓето би почувствувале наклоност кон оваа осамена туѓинка. Небото ги видело и слушнало нејзините молитви и солзи и нејзината тага кога видела дека пред неа не се отвора никаков пат за да им користи на другите. Господ му понудил на Својот народ една надарена помошничка, но тие со своите постапки зборувале: Богат сум, се збогатив и ништо не ми треба. Тие се одвратиле и го отфрлиле најдрагоцениот благослов од кој допрва ќе имаат потреба. Кога проповедникот Е би поседувал јасна светлина од Бога и кога би бил исполнет со Неговиот Дух, кога оваа Исусова слугинка, осамена, запоставена и желна да направи некакво дело за својот Господар, дошла пред него, духот би одговорил на духот како што лицето одговара на лице во огледало; неговото срце би се отворило за таа Христова следбеничка и тој би ја разбрал. Исто така би постапила и црквата. Меѓутоа, луѓето биле во такво духовно слепило така што не го препознале гласот на Вистинскиот Пастир, туку послушале глас на еден туѓинец којшто ги одведувал од Христовото стадо. {2T 141.1}

Мнозина се грижат за големото дело што треба да се изврши за Божјиот народ и упатуваат свои молитви на Бога да помогне во големата жетва. Но ако оваа помош не дојде така како што тие очекувале, тие не ја примаат, туку ја отфрлаат како што Евреите го отфрлиле Христа затоа што ги разочарал Неговиот начин на појавување. Тој дошол како многу сиромашен и понизен и тие во својата гордост го отфрлиле, иако дошол да им подари живот. Бог сака членовите на црквата да ги понизат своите срца и да увидат колку е потребно да го поправат својот пат, за да не го почувствуваат Неговиот гнев. Многумина кои зборуваат за побожност придаваат многу повеќе значење на надворешниот изглед, отколку на внатрешното богатство. Ако црквата се понизила пред Господа, кога луѓето би ги исправиле грешките од своето минато, за да бидат во согласност со Господовиот ум, не би згрешиле толку при проценката на моралната вредност на карактерот. {2T 142.1}

Исчезнала светлината на сестра Ана Мор, иако можела да гори и да го осветлува патот на многумина кои одат по темните патеки на гревот и бунтот. Бог ја повикува црквата да се разбуди од сон и со длабока сесрдност да се запраша која е причината што многу членови, чие име е запишано во книгата на црквата, западнале во самоизмама. Сатаната ги измамува и залажува кога станува збор за големото прашање на спасението. Нема ништо поподмолно од измамата на гревот. Богот на овој свет мнозина ги прелажува, ги заслепува и ги води во пропаст. Сатаната не пристапува во борба со сите средства на искушување одеднаш. Тој ги крие под наметката на добронамерност. Тој прави лудостите и забавите да доведат и до некои мали подобрувања и измамените души нив ги користат како изговор за да потонат уште подлабоко во нив, со надеж да се извлече уште некоја корист. Сè ова е само измама; сатаната добро ги прикрива своите пеколни вештини. Заведените души го прават првиот чекор со кој се приготвуваат и за следниот. Многу е полесно е да се оди по склоностите на своето срце отколку да се стои во одбранбен став, да се спротивстави на првото

искушение на итриот непријател и така да ги оневозможи неговите понатамошни обиди. О, колку сатаната желно очекува да види како се загризува неговиот мамец и како душите одат по оној пат кој тој итро го подготвил! Тој не сака луѓето да ја напуштат молитвата и вршењето на своите верски должности, затоа што може повеќе да му користат кога го прават тоа. Затоа ги соединува своите изопачености и стапици со нивното исповедање на верата и постигнува големи успеси. Лицемерните фарисеи се молеле и постеле, ги држеле сите надворешни облици на побожност, но биле расипани во срцето. Тогаш сатаната ги исмејува Христа и Неговите ангели велејќи: „Ги уловив! Мои се! Ги подготвив за нив своите измами. Твојата крв овде е безвредна. Твоето посредување, моќта, Твоите чудесни дела можат и да престанат. Тие се мои! И покрај тоа што тврдат дека се Христови слуги и дека некогаш оделе по Неговата светлина, ќе ги придобијам за себе пред очите на самото Небо, за кое толку зборуваат. Токму со помош на вакви луѓе можам најдобро да придобијам и други". {2T 142.2}

Соломон вели: „Кој се надева на своето срце безумен е;" а има стотици такви помеѓу оние кои тврдат дека се побожни. Апостолот вели: „Ние не сме во незнаење за неговите измами". О, колку вештина и спретност е потрошено Христовите следбеници да се соединат со суетниот свет и да побараат среќа во забави, бивајќи измамени да мислат дека ќе излезе нешто добро! Така невнимателни упаѓаат во мрежа, убедени дека во нивните постапки нема ништо лошо. Честопати, овие луѓе наидуваат на наклоност и љубов и тоа им дава повод да веруваат дека се Божји деца. Тие споредувајќи се со другите задоволно заклучуваат дека се подобри од многу вистински христијани. Но, каде е онаа вистинска длабока христијанска љубов која треба да зрачи од нивните животи и треба да донесе благодат на другите? Каде е нивната Библија, и колку ја проучуваат? Каде се наоѓаат нивните мисли? Дали се упатени на небото и она што е небесно? Нивните мисли не се природно наклонети во таа насока. Нив не ги интересира проучувањето на Божјата реч. Во неа го нема она што возбудува и го надразнува духот, и нивното необновено срце е повеќе наклонето кон други книги отколку кон Божјата реч. Нивното внимание е насочено кон нивното „јас". Тие не копнеат за длабоко и искрено влијание на Божјиот Дух врз нивните срца и души. Бог не се наоѓа во сите нивни мисли. {2T 143.1}

Како ќе ја поднесам мислата дека најголемиот дел од младината на овој век нема да се здобие со вечниот живот! О, кога би престанале звуците на музика и кога веќе не би губеле скапоцено време угодувајќи на своите хирови. О, кога тие би посветувале помалку време на облекување и празни разговори и сесрдно би се молеле на Бога да им подари здраво расудување! Многу е потребно внимателно да се преиспитуваат самите во светлината на Божјата Реч. Секој на себе нека си го постави прашањето: „Дали сум во своето срце здрав или расипан? Дали сум обновен во Христа, или сè уште сум телесен и само надворешно облечен во нова облека?" Поставете се себеси пред судот и проверете во Божја светлина да не постои некаков таен грев што го сакате, некаков идол кој не сте го жртвувале. Молете се како никогаш досега, за да не бидете заведени од сатанските измами и да не ве зафати безгрижен, невнимателен и суетен дух, и исполнувајте ги верските должности за да имате мирна совест. {2T 144.1}

Христијаните ниту во еден век не смееле да одат по задоволства, а уште повеќе денес, кога наскоро ќе се заврши историјата на оваа земја. Мора цврсто да ги поставите

темелите на надежта за вечен живот. Доброто на вашата душа и вечната среќа зависат од тоа дали своите темели ќе ги изградите врз Христа. Додека другите копнеат по земски уживања, вие треба да копнеете по непобитното ветување за Божјата љубов, молејќи се сесрдно и искрено: Кој ќе ме научи како да го утврдам својот повик и избор? Еден од знаците на последните дни е и тоа што оние кои тврдат дека се христијани повеќе копнеат по задоволства отколку по Бога. Постапувајте искрено со својата душа. Испитајте се сесрдно и грижливо. Колку малкумина по искрено самоиспитување можат да ги подигнат очите кон небото и да речат: „Јас не сум од оние кои така се опишани! Јас не ги сакам задоволствата повеќе од Бога!" Колку малку од нив можат да речат: „Јас сум мртов за овој свет. Сега живеам со нов живот на вера во Божјиот Син! Мојот живот е скриен со Христа во Бога и кога ќе се јави Тој што е мој живот, тогаш и јас ќе се јавам со Него во слава". О, Божја љубов и благодат! О, драгоцена благодат! Поскапа си од чисто злато! Таа го издига и облагородува духот повеќе отколку сите останати начела и го управува чувствата кон небото. Додека оние околу нас се суетни и ангажирање во барање на задоволства и лудости, нашето пребивање е на небесата, од каде што и Спасителот го очекуваме. Душата се обраќа на Бога за простување и мир, за правда и вистинска светост. Во заедница со Бога и размислување за небесните вистини нашата душа се преобразува и станува слична на Христовата. {2T 144.2}

---

21. МОЛИТВА ЗА БОЛНИТЕ

Во случајот на сестра Ф, потребно е да се изврши едно големо дело. Потребно е да се стори нешто и за оние што се молеле за неа. Доколку Бог ги услишил нивните молитви, тоа би било за нивна пропаст. Во такви случаи, кога сатаната владее со умот, секој мора пред молитвата да се преиспита себеси и да види да не постојат некакви гревови за кои треба да се покае, да признае и да моли за простување. Потребна е длабока понизност на душата пред Бога и цврсто потпирање само на заслугите на Христовата крв. Со пост и молитва ништо нема да се постигне ако срцето е оддалечено од Бога, како последица на лошиот начин на живот. „Ете го постот, што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот, и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните, и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол - облечи го, и од крвните сродници не крај се". „Тогаш ќе повикаш и Бог ќе те чуе; ќе извикаш и Тој ќе рече: Еве ме. Кога ќе го отстраниш од себе јаремот и престанеш да креваш прст и да зборуваш лошо, кога ќе ја поделиш со гладниот храната своја и ќе ја наситиш душата на страдалникот - тогаш твојата светлина ќе изгрее во темнината и темнината твоја ќе биде како пладне; и Господ секогаш ќе ти биде водич и ќе ја заситува душата твоја во суша, и коските твои ќе ги поткрепува и ќе бидеш како градина напоена и како извор чија вода не пресушува". {2T 145.1}

Господ бара добри дела што произлегуваат од срца полни со љубов. Секој треба внимателно и понизно да ги проучи горните стихови и да ги преиспита своите побуди и

постапки. Божјото ветување е условено со послушност и усогласеност на сите Негови барања. „Викај со сиот глас," вели пророкот Исаија, „не се притеснувај, подигни го гласот свој како труба, укажи му на народот Мој на беззаконието негово и на домот Јаковов - гревовите негови. Тие сепак секој ден ме бараат и сакаат да ги знаат Моите патишта, како народ, кој божем постапува праведно и не ги остава законите на својот Бог, сакаат да се приближат до Бога. Зошто ние постиме, велам, а Ти не гледаш; ги измачуваме душите свои, а Ти не сакаш да знаеш?" {2T 146.1}

Овие зборови се упатени на народот што исповеда возвишена вера, се моли и сака да се приближи на Бога; а сепак тука нешто недостасува. Народот увидува дека неговите молитви не се услишени; неговите сесрдни и искрени напори не наидуваат на одзив во небото и тој искрено се прашува зошто Господ не одговара. Од Божја страна нема пропусти. Грешката е кај народот. Иако зборува за побожност, тој не донесува плодови на Божја слава; неговите дела не се онакви
какви што треба да бидат. Народот во својата работа запоставува одредени должности. Сè додека тие должности не се исполнат, Бог што се упатувани за сестра Ф постоела збрка на чувства. Некои биле фанатични и постапувале според своите чувства. Тие поседувале ревност, но тоа не било во согласност со науката. Некои очекувале дека во врска со тој случај ќе се изврши големо дело и ликувале пред да се издвои победата. Тука се покажал духот на Јуј: „Ајде со мене, и види ја мојата ревност за Господа". Наместо таква голема самодоверба, требало случајот да се изнесе пред Бога во понизност и недоверба во себе, со скршено срце и понизен дух. {2T 147.1}

Видов дека во случај на болест, кога е јасно дека треба да се молиме за болниот, случајот треба да се изнесе пред Господа во стабилна вера, а не во бура од возбуда. Единствено Нему му е познат минатиот живот на болниот и само Тој знае каков би бил идниот живот на таа личност. Тој ги познава срцата на сите луѓе и знае дали тоа лице, ако оздрави, ќе го велича Неговото име или ќе Го осрамоти со скршнување од правиот пат и отпаднишство. Нам единствено ни преостанува да се молиме на Бога да го подигне болниот ако тоа е во склад со Неговата волја, верувајќи дека Тој ги слуша причините кои ги изнесуваме и нашите огнени молитви. Господ ќе ги услиши нашите молитви ако смета дека тоа ќе биде на Негова слава. Но ако се молиме за оздравување на болниот не покорувајќи се на Неговата волја - ние не правиме како што треба. {2T 147.2}

Бог е во состојба во секое време да го исполни она што го ветил, и во заедница со Својот народ да го оствари делото што го отпочнал. Ако народот живее во склад со секој Божји збор, врз него ќе се исполни секој добар збор и ветување. Но, ако народот е непослушен, тогаш големите и драгоцени ветувања се ускратуваат и нема да се исполнат. {2T 148.1}

Сè што можеме да направиме за болните е сесрдно да се молиме на Бога за нив, и со целосна сигурност да го довериме случајот во Негови раце. Ако е скриено зло во нашето срце, Бог нема да нè услиши. Тој може да прави што сака со она што е Негово. Бог може да се прослави работејќи преку оние што во целост го следат; така ќе се знае дека Господ го направил тоа и дека нивните дела се направени во Бога. Христос рекол: „Кој Мене ми служи Мојот Татко ќе го почитува". Кога доаѓаме при Него, мора да се молиме да ги сфатиме и оствариме Неговите цели, нашите желби и тежнеења да исчезнат во Неговите желби и тежнеења. Мора да покажеме дека ја прифаќаме

Неговата волја; не смееме да се молиме Тој да ја прифаќа нашата волја. За нас е подобро Бог да не одговара секогаш на нашите молитви и не на тој начин на којшто ние тоа го сакаме. Тој за нас и повеќе и подобро ќе направи отколку да ги исполни нашите желби, бидејќи нашата мудрост е лудост. {2T 148.2}

Ние се обединувавме во сесрдни молитви околу болнички постели на мажи, жени и деца и почувствувавме дека тие ни се вратени од смрт преку нашата сесрдна молитва. Сметавме дека мора да бидеме позитивни во тие молитви, и дека во вера, ништо друго не смееме да бараме освен живот. Не се осмелувавме да кажеме: „Ако е тоа на Божја слава," плашејќи се дека тоа може да личи на сомнеж. Грижливо бдеевме над оние што ни беа вратени од смртта. Видовме дека некои од нив кои оздравеа, особено младината, го забораваа Бога и стануваа раскалашени и беа причина за грижа и стравувања за своите родители и пријатели и ги посрамуваа оние што се молеа за нив. Тие не живеат на Божја чест и слава, туку Го сраматсо својот грешен живот. Ние веќе, не бараме ништо одредено, ниту се трудиме да го умилостивиме Господа да ги прими нашите желби. Ако болниот, со својот живот ќе го прослави Бога, ние се молиме тој да живее. Но сепак, не ние како што сакаме, туку како Бог што сака. Нашата вера ќе биде поцврста и посигурна ако своите желби ги изнесеме пред премудриот Бог, и ако без грозничаво стравување, во совршена доверба се потпреме на Него. Ние имаме ветување. Знаеме дека Бог
нè слуша, ако го бараме она што е во склад со Неговата волја. Нашите молитви не смеат да имаат облик на заповед, туку молби Бог да го стори она што сакаме. Ако црквата е сложна, таа ќе добие сила и моќ; но ако еден нејзин дел е соединет со светот, многумина се обземени со алчност од која се гнаси Бог, Тој не може многу да стори за таква црква. Неверството и гревот ги оддалечуваат членовите од Бога. Ние сме толку слаби, што својот духовен развој, добрина и правда си ги препишуваме себе си, мислејќи дека со тоа сме го заслужиле Божјиот благослов, иако сето тоа е дар на големата милост и љубов на нашиот милосрден Татко, а не на добрината којашто е во нас. {2T 149.1}

Ние мораме секогаш да вршиме посветувачко влијание на оние што се околу нас. Но тоа спасоносно, благородно влијание било многу слабо во _____. Многумина се мешале со светот и го примиле неговиот дух и влијание; пријателството кон светот ги одвоило од Бога. Заостанале зад Исуса цел ден одење. Тие повеќе не го слушаат Неговиот глас на совет и опомена, се владеат по сопствената мудрост и суд. Таквите одат по пат, кој по нивно мислење е исправен, но подоцна ќе се покаже како пат на лудост. Бог не дозволува во Неговото дело да се вплеткуваат методи од овој свет. Лукави луѓе кои работат само од корист не можат да ги заземат водечките положби во ова најсериозно и најсвето дело. Тие мора или да се обратат, или да појдат по пат кој одговара на нивните земски склоности и кое не вклучува вечни последици. Бог никогаш нема да стапи во заедница со оние што го сакаат светот. Христос секому дава избор: „Ме сакаш мене или светот? Ќе сакаш ли да поднесеш исмевање и срам, да бидеш посебен, ревен во добрите дела, да го носиш Моето име, или ќе избереш почит, чест, удобност и корист кои светот може да ти ги даде, а да немаш дел со Мене? „Не може да служите и на Бога и на
мамонот". {2T 149.2}

22. ХРАБРОСТ ВО ПРОПОВЕДНИШТВОТО

Драги брате Г, покажано ми е дека не одговараш на своите должности како проповедник. Тебе ти недостасуваат важни особини. Во тебе нема мисионерски дух ниту сакаш својата удобност и задоволство да ги жртвуваш заради спасување на души. Има мажи, жени и млади кои би можеле да се доведат кај Христа и кои би ја прифатиле вистината кога би им била изнесена светлината. Во твоја непосредна близина се наоѓаат такви коишто имаат уво да чујат. {2T 150.1}

Видов дека си се трудел неколкумина од нив да ги поучуваш. Но токму во момент кога ти биле потребни истрајност, храброст и енергија, ти си станал малодушен, недоверлив, обесхрабрен и си ја напуштил работата. Си тежнеел за удобности и си дозволил разбудениот интерес да спласне. Душите можеле да бидат прибрани, но златната прилика е пропуштена, бидејќи ти недостасувала енергија. Видов дека ќе мораш да го напуштиш твојот повик како проповедник и да одбереш некој друг, освен ако не одлучиш да го земеш „сето оружје Божје" подготвен да ги поднесуваш страдањата како добар Христов војник, чувствувајќи дека можеш да вложуваш и да се вложиш и себеси во доведување души кај Христа. {2T 150.2}

Ти со сета своја душа не си се посветил на делото. Не го прифаќаш товарот на делото. Би сакал да имаш полесна судбина отколку таа што е одредена како Христов проповедник. Христос не го ценел Својот живот ниту си угодувал Себеси, туку живеел заради добро на другите. Не копнеел по возвишување, туку заземал став на слуга. Не е доволно само вешто да се прикажат на народот доказите на нашата вера. Христовиот проповедник мора да има неуморна љубов за душите: дух на самооткажување и жртва. Тој мора да биде подготвен и својот живот да го положи, ако тоа е потребно, заради спасување на своите ближни за кои Христос умрел. {2T 151.1}

Треба да се смениш во однос на Божјото дело. Потребни ти се мудрост и здраво расудување за да можеш да се фатиш за работа и да ги усмериш твоите напори. Твојата работа не е неопходна во црквата. Ти би требало да одиш на нови места и да се покажеш на дело. Појди
со вера и работи на придобивање на души за вистината. Ако ја чувствуваш вредноста на душите, и најмал знак на добра волја ќе го израдува твоето срце и ти ќе истраеш, па колку и да е напорна и тешка твојата работа. И кога некаде ќе ја изнесеш вистината, не оди си од таму ако постои и најмал знак за успех. Се надеваш ли на жетва без труд? Мислиш ли дека сатаната лесно ќе ти дозволи своите поданици да прејдат од неговите редови во Христовите редови? Тој ќе вложи многу напори за да ги задржи во оковите на темнината под своето црно знаме. Зар очекуваш да придобиваш души за Христа без сериозни напори, кога имаш таков непријател со кого треба да се соочиш и бориш? {2T 151.2}

Мора да имаш повеќе храброст и ревност, мора да вложиш повеќе труд или ќе бидеш принуден да признаеш дека си го промашил својот повик. Проповедник кој лесно губи храброст само му наштетува на делото кое сака да го помогне и прави неправда кон самиот себе. Сите оние кои се сметаат за Христови проповедници, треба да стекнат

мудрост со проучување на животот на Човекот од Назарет, од историјата на Мартин Лутер и други реформатори. Нивната работа била мачна, но тие поднесувале тешкотии како верни војници на Христовиот крст. Не треба да се отстраниш од одговорноста. Треба да бидеш скромен и да сакаш да примиш совет и поука. Ако веќе си примил совет од мудри и разумни луѓе, постои уште еден Советник чија мудрост е непогрешлива. Не пропуштај да му Го прикажеш својот случај и да побараш совет од Него. Тој ветил дека дарежливо ќе ти даде мудрост изобилно ако ја немаш и нема да те прекори. Сериозното и возвишено дело на кое си се посветил, бара сериозни, сосема обратени луѓе чиј живот е целосно поврзан со Христовиот живот. Тие примаат сок и храна од живата Лоза и напредуваат во Господа. Иако ја увидуваат големината на делото, така што мораат да возвикнат:

„Кој е способен за ова?" тие нема да се повлечат пред напорите и тешкотиите, туку сесрдно и несебично ќе работат за спасување на души. Ако потпастирите бидат верни во исполнување на своите должности, ќе влезат во радоста на својот Господар и ќе имаат задоволство на небото да ги видат душите спасени преку нивната верна работа. {2T 151.3}

---

23. НЕЧЕСНОСТ ПРИ ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ

Брате Х, чекав прилика да ти напишам, бидејќи постојано бев спречена со нешто. По моето последно видение чувствував должност веднаш да ти го изнесам она што ми го покажа Господ. Укажано ми е на минатото и видов дека во тебе пред многу години, уште пред твојата женидба, постоела силна склоност во трговијата да заработуваш на туѓа сметка. Си бил алчен за пари и склон кон нечесност во твоето деловно работење, што штетно делувало на твојот духовен напредок и во голема мера го рушел твојот углед. Семејството на твојот татко гледало на ова од точка на гледиште на овој свет, не држејќи се до она возвишено мерило што го споменал нашиот Господ: „Љуби го својот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа, и со сите свои мисли, а ближниот свој како самиот себе". Ти ова не си го постигнал. На Бога не Му е угодно ова нечесно и неправедно постапување во деловната работа. Тој нема да помине преку заблудите и гревовите направени во тој правец ако целосно не се покаеш и го оставиш тоа. {2T 152.1}

Свртено ми е внимание за немарноста со која си гледал на овие работи во минатото. Господ особено ми укажа на трговијата со добиток кој бил толку пропаднат што не можел да се употреби за работа, туку е продаван за човекова исхрана. Месото некое време било и на нашата

трпеза, кога во деновите на своето сиромаштво моравме да го храниме своето големо семејство. Не беше само ти виновен за тоа, виновни се и останатите од твоето семејство. Не е битно дали тоа месо требало да го купуваме и да го јадеме ние, или тоа било наменето за светот.

Начелата на нештата е она што не му е по волја на Бога. Ти си ја прекршил Неговата заповед. Не си го сакал својот ближен како самиот себеси бидејќи ти не би сакал тебе ова да ти се случи. Би бил навреден. Твојата алчност те навела да ги прекршиш

христијанските начела и да се впуштиш во овој вид на трговија во која луѓето се богатат на сметка на други. {2T 153.1}

Кога пред пет години ми беше покажано прашањето за употреба на месото и кога видов колку малку луѓе знаат што всушност јадат како месо, покажана ми е твојата трговија. Употребата на месо од овие оболени животни предизвикува заболена крв, болест и треска. Покажано ми е како луѓето секојдневно прават вакви престапи. Ти, драг мој брате, на тоа не гледаше како што гледа Господ. Никогаш не си сфатил дека тоа било голем грев од твоја страна. Во твојот живот се случувале многу работи и ти ќе видиш дека ангелот верно ги забележувал. А со тој извештај ќе мораш да се соочиш еден ден доколку не ги поправиш своите грешки со покајание и признавање. {2T 153.2}

Речено ми е да чекам и да гледам. Наложено ми е да зборувам јасно, и да ги изнесувам општите начела и да препуштам на тебе од нив да извлечеш поука за себе. Покажано ми е дека Бог нема често да укажува на поединечните гревови на Својот народ, туку сака луѓето да се изложат на општите начела, одредени и јасни вистини, а тие тогаш треба да заклучат дали нивните постапки се исправни или не. Ти не си бил совесен ниту си имал обзир кон сопствената душа. Ангелот рекол: „Јас ќе го испробам и ќе го испитам. Ќе одам против него сè додека во тоа не ја види Божјата рака". {2T 154.1}

Видов, за време на твојот престој во _____, тие кои биле во врска со твоето семејство не оделе по правиот пат. Ти си ја покажал својата алчност, наклонетост кон надитрување и нечесност. Не си можел да направиш ништо добро на тоа место, бидејќи не си го откупил своето минато со промена на своето однесување кон своите ближни. Твојата светлина била темнина за луѓето и твоето влијание му нанело голема штета на делото на сегашната вистина. Твоето однесување ја посрамува вистината, а твоето име станало предмет на озборување. Ти во однос на чесноста во деловното работење беше полош отколку многу неверници. Проповедникот И не може да направи ништо добро во _____. Неговите зборови не се слушаат затоа што се здружил со тебе во таа нечесна трговија. Тој во своето работење станал во многу нешта сличен на неверниците. Бргу се претворил во човек кој сака да заработи на штета на другите и себичник. Неговите постапки биле такви кои го уништувале неговото влијание и не одговарале за еден Христов проповедник. Во видението кое ми беше дадено 1866 година во Рочестер, ангелот рече: „Мојата рака ќе донесе несреќа. Тој може да прибира, но јас ќе растурам, сè додека тој не го откупи минатото, чистејќи го својот небесен запис во подготовка за вечноста". Секој вистински христијанин треба да внимава да не го обземе тој низок, ценкачки, трговски дух на еден световен човек. {2T 154.2}

Ти не си скржавец. Сакаш да бидеш дарежлив, отворен, широкоград. Она што не чини кај тебе, тоа е духот што го споменав во ова писмо, тоа што не го сакаш ближниот како самиот себе, не ги увидуваш своите грешки и не ги исправуваш иако ти е јасна светлината на вистината која ти го осветлува патот по кој треба да одиш. Ти си гостољубив и Бог нема да допушти да те измами големиот измамувач на човечкиот род, но ќе дојде кај тебе и ќе укаже на твоите грешки за да можеш да се поправиш. Тој те повикува да се покаеш за минатото, да се воздигнеш на повисок степен и да не дозволиш книгата на твојот живот да биде извалкана со скржавост и сребролубие. {2T 155.1}

Ако не се посветиш на Бога, твоето резонирање во световните работи ќе стане лудост. Ниту ти, ниту твојата жена не сте побожни. Вашата духовност не е онаква каква што Бог би сакал да биде. Се чини како да ве фатила парализа, но сепак двајцата сте способни да ширите силно влијание за Бога и за Неговата вистина. Потребно е само својата вера да ја поткрепиш со примерен живот и побожен разговор. Честопати запаѓаш во брзање и стануваш нетрпелив и нервозен, сакајќи веднаш сè да ти се направи по волја. Ова е штетно за твојот духовен напредок. {2T 155.2}

Времето е кратко. Не смееш повеќе да одложуваш со подготовката на своето срце за сериозна и вистинска работа на спасување на сопствената душа, на своите пријатели и соседи и на сите оние на кои можеш да влијаеш. Секогаш тежнеј кон тоа да живееш во светлина, за да можеш благотворно да делуваш на оние со кои имаш деловни врски и кои ги сретнуваш во секојдневниот живот. Во Христа постои полнина. Ќе добиеш сила од Него и ќе бидеш способен да одиш како што одел Тој, но затоа не смее да има одвојување на твоите чувства од Него. Тој го бара целиот човек - дух, душа и тело. Ако од своја страна направиш сè што Тој бара, Тој ќе работи за тебе и ќе те благослови и ќе те поткрепи со својата богата благодат. {2T 155.3}

---

24. УГНЕТУВАЊЕ НА НАЕМНИТЕ РАБОТНИЦИ

Драги брате J, по видението што ми беше дадено во петокот навечер на 12 јуни 1868 година, се наоѓав во состојба на голема сериозност. Покажано ми е дека ти не се познаваш самиот себе. Не се помири со сведоштвото кое ти беше дадено, ниту се потруди да се поправиш. Укажано ми е на зборовите од пророкот Исаија: „Ете го постот, што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот, угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол - облечи го, и од крвните сродници не крај се”. Ако правиш вака, ќе ги добиеш ветените благослови. {2T 156.1}

Можеби ќе се запрашаш: „Зошто постевме?” „а ти не погледна, ги мачевме душите свои, а ти не сакаше да знаеш?” Бог покажал зошто твоите молитви не се услишени. Ти си сметал дека другите се виновни за тоа, па им префрлуваше заради тоа. Но јас видов дека причината е во тебе самиот. Твоја должност е да го средиш своето срце. Треба да сфатиш дека мора да почнеш од себе. Беше немилосрден кон сиромасите и се користеше со нивната беда. Им ускратуваше пари и беше неправеден. Не беше благ, благороден и широкоград како што би требало да биде секој Христов следбеник. Ја поткраднуваше платата на наемниците. Имаше пред себе бедно облечена работничка која напорно работеше и за која знаеше дека е свесна и богобојазна, но сепак се богатеше на нејзина сметка, бидејќи можеше да го правиш тоа. Видов дека твоето занемарување да ги видиш и разбереш нејзините потреби, и малите плати кои ѝ се платени, се запишани на небото како да се направени на самиот Исус во лицето на еден од Неговите свети. Она што си го направил и на најмалиот Христов ученик, Нему му го стори. Небото ја виде твојата нечесност кон оние што служеле во твојата куќа и она што

е запишано ќе зборува против тебе сè додека не докажеш дека си се покајал и си се поправил. Една лоша постапка прави повеќе штета отколку што може да се поправи со години и кога тој што ја сторил би можел да ја согледа големината на злото, од неговата душа би произлегле повици на агонија. Ти си себичен во поглед на парите. Во случајот на братот К, Божјиот ангел укажал на тебе и рекол: „Доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле". {2T 156.2}

Случаите што ги напоменав не се единствени. Би сакала кога би можел да ги видиш работите какви што ги прикажа небото. Луѓето се наоѓаат во тешка измама. Тебе ти е потребна Христовата вера. Тој не угодувал на Себе, туку живеел за добро на другите. Ти мораш да ја извршиш својата должност, не смееш да губиш време. Мораш да се понизиш во срцето пред Бога и да побараш простување за своите гревови, за да ги исчистиш дамките од својот христијански карактер. Тогаш ќе се посветиш на делото на спасување на другите а притоа да не правиш толку многу грешки. {2T 157.1}

Што направи за сето време кое го помина во работа за која Бог не те ополномоштил? Вршеше на луѓето такво влијание, што ќе треба многу труд тоа да се искорени. Душите ќе талкаат во темнина, зашеметеност и неверство и некои никогаш нема да можат да се излечат. Понизи ја својата душа со пост, срдечни молитви, со длабоко истражување на своето срце и со строго самоиспитување; немој да ја одбегнеш самокритичноста. И тогаш, кога во тебе ќе умре твоето „јас" и кога ќе бидеш со Христа скриен во Бога, поднеси ги понизно своите молби. Ако и понатаму негуваш беззаконие во своето срце, Господ нема да те услиши. Да ги услишил твоите молитви, ти би се возгордеел. Пред тебе стоел сатаната, подготвен што подобро да ја искористи предноста што му се укажала. {2T 157.2}

О, колку е важно верноста во малите работи да ги карактеризира нашите животи и потполна исправност во сите наши постапки имајќи на ум дека Божјите ангели го гледаат секое наше дело! Тоа што им го правиме на другите, ќе ни се врати со иста мера. Биди секогаш внимателен да не се покажеш неправеден и себичен во своите постапки. Бог по пат на болест и неволји ќе ни одземе многу повеќе од она што можеме да го стекнеме на сметка на сиромашните. Праведниот Бог точно ги оценува сите наши побуди и постапки. {2T 158.1}

Ми беа покажани братот и сестрата Л. Кај нив љубовта кон светот до таа мера ја изела вистинската побожност и ги потемнела духовните сили, така што вистината не можела да има никакво благодатно влијание на животот и карактерот. Љубовта кон светот го затворила нивното срце за милосрдие кон неволјите на другите и ги одвоила од Бога. Брате и сестро, вие мора да се ослободите од суетноста на овој свет, мора да вложите големи напори за да се ослободите од љубовта кон него, себичноста и скржавоста. Овие гревови лежат како проклетство врз Божјиот народ. Укажано ми е на црквата во која сте живееле пред да се преселите во _____. Вие тука сте краделе, сте биле скржави и во секоја прилика сте гледале да извлечете што повеќе корист. Се обидов во вашиот живот да најдам пример на благородно самопожртвување и добродетелство, но не успеав; ги имаше толку малку. Вашата светлина толку многу влијаела на другите така што почувствувале одбојност и кон вас и кон вашата вера. Вашата нечесност во работењето беа срам за вистината. Бог нека ви помогне да го видите сето ова и да го замразите злото како што го мрази Тој. Вашата светлина да ги

осветли толку многу другите што поттикнати од добрите дела кои вие ги правите ќе го слават вашиот Татко кој е на
небото. Животот што го водите не му се допаѓа на Бога, зашто е обележан со себичност. Тој сè уште е незадоволен од вас и ќе ве осуди доколку не се ослободите од тесноградоста и не се посветите на вистината. Самата вера, без дела, е мртва. Таа нема да ве спаси, ако не ја докажете со дела. Бог од вас бара да бидете богати во своите добри дела и подготвени на давање, за да се обезбедите за времето што доаѓа и да го здобиете вечниот живот. {2T 158.2}

Покажано ми е дека сте им ги скусувале платите на своите наемници, сте искористувале прилики и сте си обезбедиле работна сила по најниска цена. Ова не е по Божја волја. Сте морале на вашите помошници да им платите великодушно; сето што им припаѓа. Бог гледа и знае. Оној кој ги испитува срцата ги познава сите наши мисли, намери и цели. Секој денар што на тој начин ќе го заработите, ќе биде потрошен во беда и неволји што ќе ве снајдат. Светот, светот и светот,
- тоа било кај вас постојано на дневен ред. Спасението на душата било на второ место. О, кога би можеле во светлината на вечноста да видите како Бог гледа на сето тоа, би ве обземал страв и не би биле спокојни додека не надоместите сè. {2T 159.1}

Имавте светлина за здравствената реформа, но не ја прифативте, ниту пак живеевте според неа. Му угодувавте на апетитот и го учевте своето момче на лоша лекција давајќи му да јаде што сака, кога и да посака. Во својата љубов кон светот не знаевте што е доста. Бог ја повлече Својата рака и вие бевте препуштени на немоќта. Тогаш и двајцата се тетеравевте на работ на гробот, но ништо не научивте од поуката што Бог сакаше да ја научите. Ја сочувавте љубовта кон светот. Не го отфрливте своето себично сребролубие и нечесност. Не ја ценевте сочувствителноста, грижата и нежноста на онаа која се грижеше за вас во вашата болест. Ако ја ценевте, тоа ќе разбудеше во вас благородна благодарност кон таа жена која ви беше толку верна. Ги крадевте сиромашните и бевте неправедни. „Еден дава, и сè повеќе има; а друг е сè поскржав, и е сè посиромашен”. {2T 159.2}

Кога ова ми беше покажано, ми се стори дека сатаната има толкава моќ да ги заслепи луѓето со љубов кон светот, па дури и христијанските следбеници целосно да забораваат дека постои Бог и дека Неговите ангели верно ги бележат сите постапки на луѓето. Секој ден го зголемува својот извештај за неисполнетите должности, за немарноста, себичноста, измамата, прикривањето и нечесноста. Колку многу зли дела се натрупуваат за последниот суд! Кога Христос ќе дојде, „платата Неговата е пред Него и отплата Негова е пред Него”. Тој ќе го награди секого според неговите дела. Што сè ќе се открие тогаш! Колку многумина ќе се вчудоневидат кога ќе се покажат делата на нивниот живот! {2T 160.1}

„Послушајте, возљубени браќа мои, не ги избра ли Бог сиромашните од овој свет да бидат богати во верата и наследници на царството, ветено од Него на оние кои го љубат. Но вие ги презревте сиромашните”. „Каква е користа, браќа мои, ако некој каже дека има вера, а дела нема? Зар може верата да го спаси? Ако некој брат или сестра се голи и немаат што да јадат, па некој од вас им рече: ‘Одете во мир, грејте се, и наситете се,’ а не им даде што им е потребно за

телото - што помага? Така и верата, ако нема дела, мртва е сама по себе". Може да верувате во целата вистина, но ако не живеете според Неговите начела, вашето исповедање нема да ве спаси. И сатаната верува и трепери. Тој работи. Тој знае дека времето му е кратко и со голема сила прави зли дела зашто тоа е во согласност со неговата вера. Меѓутоа, таканаречениот Божји народ, не ја потврдува својата вера преку делата. Тие веруваат дека времето е кратко, но алчно се грабаат по земските задоволства како да ќе остане светот уште илјадници години ваков каков што е денес. {2T 160.2}

Животниот пат на многумина е обележан со себичност. „Ако некој има световни блага, па кога ќе го види својот брат во немаштија, го затвори срцето свое од него - како тогаш ќе може да остане во таков Божјата љубов? Деца мои, да не се сакаме со зборови ни со јазик, туку со дела и вистина. И по тоа дознаваме дека сме од вистината, и пред Него ќе го увериме срцето свое; бидејќи, ако срцето наше нè осуди, Бог е поголем од нашето срце и знае сè. Возљубени, кога срцето наше не нè осудува, тогаш имаме слобода пред Бога, и што и да побараме, добиваме од Него. {2T 161.1}

Ослободете се од себичноста и темелно подгответе се за вечноста. Откупете го минатото и не ја претставувајте светата вистина што ја исповедате, онака како што сте се прикажувале во местото каде што сте живееле. Вашата светлина нека блеска за тие што ќе ги видат вашите добри дела да го прослават нашиот небесен Татко. Стојте на возвишената платформа на вечната вистина. Усогласете ги сите свои деловни трансакции во строга хармонија со Божјата реч. {2T 161.2}

---

25. ВОИНСТВЕНОСТА УКОРЕНА

Драги брате М, кога те сретнавме во _____, сакавме да ти помогнеме, но се плашевме дека нема да сакаш да ја примиш помошта што ти беше потребна. Предложив да дојдеш во нашето место и да ни се придружиш нам и на останатите драги Божји деца, за да можеш да ги примиш поуките кои се многу битни за тебе и да имаш сила да издржиш во искушенијата и опасностите на овие последни денови. Се сеќавам дека Господ ми укажа на тебе како на човек кој се бори да ги победи своите силни зли навики. Тие нема да те доведат само до твоја телесна пропаст, туку подоцна, и до духовна. Ти извојува една победа, но мораш да извојуваш и повеќе. Мора да се бориш со својот внатрешен непријател кој ако не биде совладан, многу ќе ја наруши
твојата среќа и среќата на оние кои се поврзани со тебе. {2T 162.1}

Мора да ги совладаш лошите црти на својот карактер. Мора сериозно да се зафатиш за работа и понизно да се обратиш на Бога во молитва, чувствувајќи ја својата беспомошност без Неговата посебна благодат. Верата во вистината веќе извршила реформација во твојот живот, но таа не е толку длабока за да може да одговори на Божјите барања. Ти ја сакаш вистината, но таа мора посилно да продре во твојот живот и да има повеќе влијание на твоите зборови и постапки. Ти имаш уште многу да учиш и не смееш да губиш време. Не си научил да владееш со себе. Овде мораш да извојуваш победа. Во твојот карактер има повеќе одлики на борба отколку на мир. Би требало да

негуваш учтивост и вистинска христијанска љубезност. „Почитувајте ги другите повеќе од себеси”. „Не правете ништо од честољубие или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за погорен од себеси”. {2T 162.2}

Ти си многу борбен и многу накострешен, подготвен да јурнеш на луѓето штом за тоа ќе ти се укаже прилика. Не се трудиш да го усогласиш своето мислење со мислењето на другите луѓе, туку гледаш да се одвоиш од нив кога и да ти се укаже прилика. Ова штети на твојата душа, го успорува твојот духовен развој и не само што ги навредува и нажалува оние кои инаку би биле твои искрени пријатели, туку и ги одбива, така што твоето друштво им е непријатно. За тебе повеќе од природно е своите погледи и мислења секогаш да ги ставаш над другите. Притоа често си во голема заблуда, бидејќи ја немаш сета онаа мудрост и знаење што истакнуваш дека го имаш. Често пати мислиш дека знаеш многу повеќе од оние кои имаат многу поголемо искуство од тебе и на кои им доликува повеќе отколку на тебе да ги упатуваат луѓето и да им даваат мудри совети. Но ти не ги забележуваш овие свои лоши особини, па затоа не си во состојба да ги видиш нивните зли и горки плодови. Премногу долго си дозволувал со тебе да владее борбен и непомирлив дух. Ти ликуваш кога се наоѓаш во опозиција. {2T 163.1}

Лошо си воспитуван, па не си можел да стекнеш добри верски особини. Мораш скоро сè одново да учиш, а и од многу што да се одучиш. Имаш тежок карактер кој ги одбива твоите пријатели и светите ангели и ѝ нанесува штета на твојата душа. Сето тоа е во спротивност со духот на вистината и вистинската светост. Мора да научиш да бидеш скромен на зборови, да го совладаш своето „јас” и да го држиш во покорност. Христијанинот не смее да се расправа и натпреварува дури ни со најлошите неверници. Колку е тогаш страшно да се однесуваш така кон оние што веруваат во вистината и копнеат по мир, љубов и слога! Павле вели: „Имајте мир со сите луѓе”. Овој борбен дух е во спротивност со сите начела не небото. Христос вели во Својата проповед на гората: „Блазе на оние кои градат мир, бидејќи ќе се наречат синови Божји”. „Блазе на кротките зошто ќе ја наследат земјата”. Ќе имаш неприлики каде и да си, ако не ја примиш поуката која Бог ти ја упатува. Треба да бидеш помалку упорен и самоуверен во своето мислење и да ги примаш поуките како ученик. „Оној што е спор на гнев е подобар од храбриот, и кој владее со себе, подобар е и од освојувач на градови”. „Оној кој е спор на гнев има големо разбирање; но избувливиот е полн со глупости”. Јаков вели: „И така, мои возљубени браќа, секој човек нека биде брз за слушање, а спор за зборување и бавен на гнев, бидејќи човечкиот гнев не ја извршува Божјата правда”. {2T 163.2}

Самоувереноста е последица на твојот начин на живот. Кога би имал повеќе искуство во она што е божествено, би увидел дека раѓаш лоши плодови. Тие немаат никаква храливост и ги исполнуваат со горчина сите оние кои што ќе ги вкусат. Мораш да го совладаш својот заповеднички, диктаторски дух. Јас, драги брате, цврсто се надевам, дека ти, откако покажа толку голема храброст да се спротивставиш на непријателот што е во тебе и да се бориш против алчноста и лошите навики коишто те стегаа како железни синџири, и овде ќе го направиш она што треба и ќе извојуваш победа. Си бил неразумен, си сметал дека никој не се грижи за тебе, си сметал дека секој човек е твој непријател и затоа сеедно е што ќе биде со тебе. {2T 164.1}

Кога ти беше откриена вистината, беше во бедна состојба. Во неа виде сила која ќе те воздигне и ќе ти даде сила и моќ која не си ја имал. Ги прифати зраците на светлина

која паѓаше на тебе; и ако сега потполно се потчиниш на влијанието на вистината, таа ќе те обрати и ќе те посвети и така ќе се подготвиш за бесмртноста. Ти имаш многу добри карактеристики и великодушно срце. Бог сака да бидеш исправен. Ти не сакаш другите да ти заповедаат и да те упатуваат, туку сакаш ти да го вршиш сето заповедање. Меѓутоа, мора да имаш понизен дух кој може да биде поучуван, и да бидеш пријатен, трпелив, полн со благородност и милосрдие. {2T 164.2}

Ние се грижиме за тебе и сакаме да ти помогнеме. Те молам да ги примиш овие редови со вистински дух и да дозволиш тие да влијаат врз твоето срце и живот. {2T 165.1}

Одговор

Сестро Вајт, Сведоштвото што го примив вчера го сметам за сосема заслужен укор и многу сум ти благодарен за него. Искрено се надевам дека ќе победам. Потполно сум свесен за големината на задачата која е пред мене, но сепак се надевам дека со помош на Божјата асистирачка благодат ќе бидам во состојба да победам. {2T 165.2}

---

26. ЗА ОНИЕ ШТО НОСАТ ТОВАРИ ВО ЦРКВАТА

Драги брате и сестро Н, на 12 јуни 1868 година, видов некои работи кои се однесуваат на вас. Вие треба да извршите една должност која не ја увидувате; не сте носеле никаков товар. Мора повеќе да се заложите за Божјото дело. Љубовта кон светот толку ве заслепила, што не можете да видите колкава моќ има тој суетен свет над вас. Не сте сфатиле дека на вас лежи особена одговорност, ниту ја увидувате важноста на ова време и делата кои треба да ги извршите. Живеете како во сон. Единството е сила. Големата слабост на црквата доаѓа оттаму што има многу такви кои заостануваат и не прифаќаат никаков товар. Вие не сте работници со Христа. Влијанието на суетниот свет ве прави бесчувствителни за вистината. {2T 165.3}

Сега е битно сите да се фатат за работа и да работат како живи луѓе за спасување на душите што пропаѓаат. Кога сите од црквата би дошле да помогнат на Господа, би забележале оживување на Неговото дело какво што не е видено дотогаш. Бог го бара ова од вас и од секој член на црквата. Не е ваше да одлучите дали треба да се покорите на тој Божји повик. Бог бара послушност, и ако не го послушате, ќе бидете во многу полоша положба отколку да бидете неутрални. Ако не се удостоите за Божјиот благослов, ќе го примите Неговото проклетство. Тој од вас бара да бидете волни и послушни и вели дека тогаш ќе јадете од земските добра. Страшно проклетство е изречено над оние кои не доаѓаат на помош на Господа: „Проколнувајте го Мироз, рече ангелот Господов, проколнувајте ги неговите жители; зошто не дојдоа на помош на Господа, на помош на Господа против силните. Сатаната и неговите ангели се на борбеното поле за да го попречат напредувањето на Божјиот народ; затоа е потребна помош од сите нас. {2T 165.4}

Брате и сестро Н, вашите непријатели неверници повеќе влијаат на вас отколку што вие тоа го увидувате. Тие не ви донесуваат сила, туку мрак и неверство. Вам ви претстои работа во Божјото лозје. Премногу сте мислеле на себе и сте се грижеле само за себе.

Доведете ги во ред своите срца и бидете сесрдни. Запрашајте: „Господе, што сакаш да правам?” Бог бара од вас искрено да побрзате кон Него. Тој бара да ги испитате своите срца, во нив да откриете сè што ве спречува да донесете богат род и она што е неминливо. Вие не поседувате во доволна мера Божји Дух затоа што не го носите радосно Христовиот крст. Во последното видение ми беше покажано дека не сфаќате колку е силна вашата љубов кон овој свет. Овоземните грижи и лажната привлечност на богатствата ја задушува Божјата реч и вие останувате без род. Бог бара од нас да раѓаме богат род. Тој не дава заповеди, а притоа со нив да не подари и моќ тие да се извршат. Бог нема да го заврши нашиот дел од работата, но не бара ниту ние да го сработиме Неговиот дел. Тој делува во нас, но ние самите, со страв и трепет, мораме да го градиме своето спасение. „Така и верата, ако нема дела, мртва е самата по себе”. Верата мора да биде поткрепена со дела; токму тие кои ги прават добрите дела ќе бидат оправдани пред Бога. На Бога не му е угодно кога зборувате за своето сиромаштво, а всушност живеете во изобилство. Сè што имате му припаѓа на Бога. Тој ве поставил за повереници за кратко време, и ве испитува. Како ќе ја издржите таа проба? Господ ќе го бара Своето со добивка. {2T 166.1}

Својот поглед го управувате во она што сте го вложиле во разни потфати, и тоа ви се чини дека е многу. Но да направевте многу повеќе, вашите срца да се отвореа многу повеќе за Божјото дело, а рацете да делеа на оние на кои тоа им е потребно, сето тоа би било само ваша должност, и би биле многу посреќни. Господ бара од вас да ги принесете своите дарови на олтар, и тоа не да ги држите при рака, туку да ги положите врз него. Олтарот ги посветува даровите дури тогаш, а не порано. {2T 167.1}

Вие не сте се одвоиле од светот така како што Бог бара од вас, не ја увидувате и не ја сфаќате опасноста во која се наоѓате. Вашата љубов кон светот ве наведува да скршнете од правиот пат. Обајцата морате повеќе да се напојувате на Изворот на вистината. Ако во вас не се изврши промена за да може да го славите Бога со своето влијание и живот, ќе го навлечете на себе Неговото проклетство. Вие ќе собирате, а Тој ќе растура. Наместо од вас да излегува здравје ќе станете како исушени лозја. Господ бара работници кои можат и сакаат да се заложат за спасение на душите и кои ќе жртвуваат сè за тоа дело. Ова никој друг не може да го изврши наместо вас. Даровите на другите, колку и да се обилни не можат да ги заменат вашите дарови.

Мора да се предадете на Бога, а тоа никој друг не може да го стори место вас. Само силата на Духот, преку силна вера, може да ве оспособи да одолеете на многуте стапици кои сатаната ви ги става пред нозе. Зборовите и примерот на Откупителот ќе биде светлина и сила во вашите срца. Ако одите по Него и се потпирате на Него, Тој нема да дозволи да пропаднете. Премногу стравувате дека ќе предизвикате негодување од оние кои не Го љубат Бога и не Му служат. Зошто сакате да го сочувате пријателството со Господовите непријатели? Зошто паѓате под нивно влијание? „Не знаете ли дека пријателството на овој свет е непријателство кон Бога?” Кога срцето би било исправно, би дошло до поодлучно одвојување од овој свет. {2T 167.2}

Господ би направил големо и добро дело во вашата околина минатата пролет, кога сите би чувствувале потреба за тоа и би Му прискокнале во помош. Меѓутоа, немаше единство во работата. Сите не чувствуваа потреба да се заложат за делото. Не се покорија сите на Бога. Видов дека сте вознемирени и збунети, дека ве опкружува

темнина и магла. Се сомневавте и не бевте во состојба самите да се охрабрите, ниту да ги охрабрите другите. Ова е сериозно, страшно време. Денес не е време за обожавање идоли, и не е место за сојуз со ѓаволот или пријателство со светот. Оние кои Бог ги прифаќа и ги посветува мора да бидат вредни и верни слуги, да се одвојат од светот и да му се посветат Нему. Побожност на зборови или име запишано во списокот на црквата не претставува „жив камен" во духовната зграда. Ако се преобразуваме во правец на знаењето и вистинска светост, ако сме распнати за светот, но живи во Христа, тогаш нашата душа се соединува со Бога. Христовите следбеници како главна цел имаат едно големо дело - спасување на ближните. Кон таа цел треба да се подреди сè останато и ова дело бара најсесрдни напори и најголем интерес. {2T 168.1}

Бог го бара срцето и чувствата. Тој бара од Своите следбеници да Го љубат и да Му служат со сето свое срце, сета душа и сета своја сила. {2T 168.2}

Неговите заповеди и благодат се приспособени кон нашите потреби и без нив не можеме да бидеме спасени, што и да правиме. Тој бара послушност и нема да прифати ниту дарови, ниту служба ако не се сторени од срце. Волјата мора да се потчини. Господ бара посериозно посветување, посериозно одбивање од духот и влијанието на овој свет. {2T 169.1}

„А вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, својствен народ, да ја објавите пофалбата на Оној кој ве повикал од темнината кон Својата чудесна светлина". Христос ве повикал да бидете Негови следбеници. Да се угледате на Неговиот живот исполнет со самооткажување и пожртвуваност, и да учествувате во големото дело на откупување на паднатиот род. Вие немате вистинска претстава за делото коешто Бог бара да го извршите. Христос е вашиот пример. Ви недостасува љубов. По тоа чисто и свето начело се разликува карактерот и однесувањето на христијаните од оние што му припаѓаат на овој свет. Божествената љубов има моќно влијание кое прочистува. Таа може да се најде само во обновеното срце и природно се излива врз ближните. {2T 169.2}

„Сакајте се еден со друг," вели нашиот Спасител, „како што Јас ве сакав. Од оваа љубов нема поголема, душата своја човек да ја положи за своите пријатели". Христос ни пружил пример на чиста, несебична љубов. Сè уште не сте го сфатиле својот недостаток во тој поглед и големата потреба за тоа божествено достигнување без кое сите ваши добри намери и ревност - дури и кога би го раздале сиот свој имот и своето тело да го предадете да се изгори, ништо не значат. Вам ви е потребна љубов која долго трпи, не се лути, сè поднесува, сè верува, на сè се надева и никогаш не престанува. Без духот на љубов никој не може да биде сличен на Христа. Со ова живо начело во душата никој не може да биде сличен на светот. {2T 169.3}

Однесувањето на христијаните е слично на однесувањето на нивниот Господ. Тој го подигнал знамето и нам ни оставил да одлучиме дали ќе сакаме да се собереме околу него. Нашиот Господ и Спасител го напуштил Своето царство, богатство и слава и нè побарал нас; за да може да нè спаси и да нè направи слични на себе. Тој се понизил и ја примил нашата природа за да можеме да учиме од Него и, угледувајќи се на Неговиот живот на добродетелства и самооткажувања, да Го следиме чекор по чекор до небото. Не можете да бидете исти како Примерот, но можете да Му бидете слични, и во своите способности да постапувате како Тој. „Љуби го Господа својот Бог со сето свое срце, и

сета своја душа, и сите свои мисли и ближниот свој како самиот себеси". Во вашето срце мора да постои таква љубов и секогаш да бидете подготвени да се откажете од сето богатство на овој свет, ако на тој начин би можеле да придобиете макар и една единствена душа за Христовата служба. {2T 170.1}

Бог ве повикува со едната рака која ја претставува верата да се држите за Неговата моќна рака, а со другата, која ја претставува љубовта, испружете ја на душите кои пропаѓаат. Христос е патот, вистината и животот. Одете по Него. Не одете по телото, туку по Духот. Одете така како што одеше и Тој. Тоа е Божја волја, вие да се посветите. Делото кое мора да го извршите се состои во тоа што ќе ја творите волјата на Оној кој го одржува вашиот живот на своја слава. Ако работите само за себе, тоа нема ништо да ви користи. Ако работите за добро на другите, ако не сте себични и посесрдни сè да му посветите на Бога, Тој ќе го прифати тоа и ќе ви врати со Својата изобилна благодат. Бог не одредил да се грижите и внимавате само за себе. Од вас се бара да им служите и да внимавате на другите; тоа ќе ви помогне во својот карактер да ги пронајдете лошите особини кои треба да се поправат и слабите точки во кои треба да зајакнете. Тоа спаѓа во рамките на делата што мораме да ги извршиме, и тоа не нетрпеливо, раздразливо и безволно, туку со задоволство за да го достигнеме христијанското совршенство. Ние не одиме по Христа ако се држиме настрана од она што не ни е пријатно. Морате многу да ревнувате за Божјата чест. Мора да постапувате многу внимателно, но вие одите по пат по кој не би требало да одите. Би биле изненадени и вознемирени кога би можеле да ги видите пречистите ангели како ги вперуваат своите светли очи, испитувајќи ве, набљудувајќи како христијанинот го слави својот Господ. Или кога би го виделе воскликнувачкото, потсмешливо ликување на злите ангели кои ве заведуваат по криви патишта, укажувајќи на Светото Писмо кое е престапено и го споредуваат вашиот живот со Светото Писмо за кое вие до збор се придржувате, но со делата се одрекувате. Човек мора целиот да се вложи за да стане вистински христијанин. О, колку сме
ние слепи и кратковидни суштества! Колку тешко го препознаваме она што е свето и слабо го сфаќаме богатството на Неговата благодат! {2T 170.2}

Би сакала особено да ви укажам на една работа. Со вас тесно се поврзани сатанските претставници и тие очевидно влијаат на вас, затоа не се наоѓате доволно блиску до Бога за да можете да ја уживате поддршката на ангелите кои изобилуваат со сила. Вие премногу цврсто сте се поврзале со непријателите на Господа и не согледувате дека сте во опасност да претрпите бродолом во својата вера. Ако и во најмала мера ги поттикнувате сатанските искушенија, тогаш преоѓате на негово боиште и борбата ќе биде долга и тешка пред да издвојувате победа во името на Исуса кој го победил сатаната. {2T 171.1}

Сатаната има големи предности. Тој има чудесна интелектуална моќ на ангел, која малкумина можат да ја сфатат. Сатаната бил свесен за својата моќ, инаку не би се впуштил во борба со семоќниот Бог, вечниот Татко и Кнезот на мирот. Сатаната внимателно ги следи случките и кога ќе најде некого кој особено силно се противи на Божјата вистина, тој ќе му ги открие сè уште неостварените случки само за да си обезбеди за себе место во неговото срце. Оној што не се колебал да стапи во борба со Господа, кој сè што е создадено држи во својата рака, располага со лукавост која прогонува и прелажува. Сатаната и денес ги држи смртниците во своите стапици. Тој не

изгубил ништо од својата вештина и лукавство од периодот од скоро шест илјада години. За сето тоа време тој внимателно набљудува сè што се однесува на нашиот род. {2T 171.2}

Сатаната ги употребува за свои медиуми оние кои огорчено се противат на Божјата вистина. Тој на таквите им се појавува претворен како некоја друга личност, можеби и како пријател на своите жртви. Тој го зацврстува нивното убедување служејќи се со зборови на тој пријател, изнесувајќи случки што ќе се случат или што навистина се случиле, за кои медиумот ништо не знаел. Понекогаш, пред нечија смрт или некој несреќен случај сатаната предизвикува соништа, или престорен во некоја друга личност разговара со некоја друга личност, пружајќи му извесни сознанија по пат на сугестија. Но, тоа е мудрост одоздола, а не небесна. Сатанската мудрост е спротивна на вистината, и тој, за да ги оствари своите цели, навидум се обвиткува со светлина што ги опкружува ангелите. Тој наведува извесни луѓе да веруваат во еден дел од вистината во кој веруваат Христовите следбеници, а останатото да го отфрлат како опасна и фатална заблуда. {2T 172.1}

Сатаната е голем мајстор. Тој успешно ја применува својата мудрост. Подготвен е и способен да ги поучи оние кои го отфрлаат Божјиот совет на штета на нивните души. Мамката што тој ја пронашол ќе привлече многу души во неговата мрежа; тој ќе ги зграби во своите канџи, ќе се закити со сите добри особини и ќе се направи што попривлечен. Сите оние што ќе западнат во стапицата ќе ја увидат, но доцна, лудоста што си ја дозволиле продавајќи го небото и бесмртноста заради лага која е фатална по своите последици. На нашиот противник, ѓаволот, не му недостасува мудрост и сила. Тој е како лав што рика и бара некого да проголта. Тој ќе се служи „со секаква сила и знаци и лажни чудеса, и со сета измамливост на неправдата меѓу оние кои гинат: бидејќи не ја примија љубовта на вистината за да се спасат". Затоа што ја отфрлиле вистината, „Бог ќе им прати силна измама, да веруваат во лагата; да го примат судот сите кои не веруваат во вистината, туку ја сакаат неправдата". Ние имаме моќен, лукав непријател со кој се бориме и единствената наша безбедност лежи во Оној што ќе дојде, Кој ќе го уништи најголемиот измамник со здивот на Својата уста и со сјајот на Своето доаѓање. {2T 172.2}

Ова ви го препорачувам во Божји страв и ве преколнувам да станете од мртвите и Христос ќе ви даде живот. {2T 173.1}

---

27. ГОРДЕЛИВОСТ КАЈ МЛАДИТЕ

Драга сестро О, имав намера да разговарам со тебе пред да отпатувам од _____, но бев спречена од многу нешта. Ти пишувам, но со малку надеж дека ова писмо ќе предизвика некоја посебна промена во твојот став во врска со верскиот живот. {2T 173.2}

Заради тебе бев многу разжалостена. На состаноците кои беа одржани во _____ истакнував општи начела и настојував да влијаам на срцата изнесувајќи сведоштво кое, како што очекував, ќе направи промена во твојот верски живот. Во Сведоштвото бр. 12.

се обидов да напишам за опасностите на кои е изложена младината. Тоа гледиште го изнесов во Рочестер. Во таа прилика ми беше покажано дека при твоето воспитување е направена грешка уште во раното детство. Твоите родители сметале, и пред тебе тоа го зборувале, дека ти по природа си христијанка. Твоите сестри кон тебе негувале љубов која потсетувала на идолопоклонство, а не на посветеност. Твоите родители имале непосветена љубов кон своите деца, која ги направила слепи за нивните недостатоци. Понекогаш, кога малку би се раздразниле, би дошло до некаква промена. Меѓутоа, во главно си била мазена и фалена, и тоа наштетило на твоите вечни интереси. {2T 173.3}

Видов дека не се познаваш самата себеси. Ти поседуваш чувство на самоправедност кое те одржува во лага во однос на твоите духовни постигнувања. Понекогаш на тебе влијае Божјиот Дух, но ти не познаваш преобразба по пат на обновување на својот ум. „Не владејте се според овој век, туку изменете се со обнова на својот ум, за да можете да испитате која е добра, угодна и совршена Божја волја". Ти тоа не си го искусила и затоа немаш сидро. Не си христијанка иако целиот свој живот ти е зборувано дека имаш христијанска природа. Ти си сметала дека кај тебе сè е во најдобар ред, додека си била многу далеку од тоа Бог да те прифати. Таа измама раснеше со твоите години, и зајакнуваше со твојата сила, и може да те доведе до пропаст. Твоите родители биле горди на своите деца и кога тие би се пожалиле на некоја ситна навреда, веднаш би се побуниле и сочувствувале со своите деца и на тој начин директно го кочеле нивниот духовен развој. {2T 174.1}

Ти и твојата сестра П. сте негувале голема гордост која на Божјиот ден ќе се покаже како слама. Кај вас преовладувало самољубие, суета, гордост на облеката и надворешниот изглед. Себичноста ве одвојувала од доброто. Двете мора целосно да се обратите, целосно да го обновите својот ум, мора потполно да се преобразите, инаку нема да имате никаков удел во Божјото царство. Вашиот надворешен изглед, вашата убавина и облеки нема да ви донесат Божја наклоност. Големиот ЈАС СУМ ги забележува само моралните вредности. Нема вистинска убавина на личноста или на карактерот без Христа; нема посветувачките дарови на кротост, љубов и вистинска светост. {2T 174.2}

Покажано ми е дека твоето влијание и пример ги води душите во пропаст. Ти си примила светлина и предности и ќе мора да дадеш сметка за нив. Ти по природа не си побожна и религиозна и затоа мораш особено да се потрудиш да мислиш на верата. Во тебе преовладува твоето „јас". Имаш многу високо мислење за себе, но треба да знаеш дека небото гледа на внатрешната вредност на човекот и го цени карактерот по духовните особини што го красат, по кротоста и благоста кои Бог многу ги цени. Раскошната облека, надворешното украсување, личната привлечност - сето тоа станува безначајно во споредба со вредните достигнувања, кроткиот и мирен дух. Твојата љубов кон сето она што ти носи пријатност и разонода, твојата
недоволна посветеност и побожност им наштетиле на многумина. Не си можела да помогнеш на оние кои скршнале од патот бидејќи си живеела со животот на овој свет. {2T 175.1}

Тие што доаѓаат во _____ си заминуваат од него со впечаток кој ти си го оставила на нив и останатата младина која не покажува вистинска вера во својот живот, со впечаток дека религијата не е реалност. Нивната суета е поттикната, а љубовта за украсување, лекомисленост и забава зајакната, додека светите мисли се губат од вид.

Тогаш тие стекнуваат впечаток дека биле премногу совесни и посебни. Зашто ако свечената вистината имала толку мало влијание врз оние што живеат во самиот центар на големото дело, зошто тогаш само тие би биле толку посебни? Зошто би се отстранувале од забави, кога на нив се оддаваат оние за кои се смета дека имаат подолго искуство во _____? {2T 175.2}

Влијанието на младите во _____ се чувствува каде и да се слушне за нив, а нивниот непосветен начин на живот најчесто влегува како анегдота. Ничиј пример не делувал посилно во погрешен правец како вашиот. Вие сте ја посрамиле својата вера и сте биле бедни претставници на вистината. Вистинскиот Сведок вели: „Ги знам твоите дела дека не си ниту студен ниту жежок! О, кога би бил студен или жежок. Така, бидејќи си млак, а не си ниту студен ниту жежок ќе те изблуам од Својата уста". Кога би биле студени, би постоела извесна надеж дека ќе се обратите. Но кога некој ќе се облече во сопствената правда, наместо во Христовата, измамата е толку тешко да се види и самоправедноста е толку тешко да се отфрли, тогаш таквиот случај е многу тежок. Необратениот, безбожен грешник се наоѓа во поповолна положба отколку таквите. {2T 175.3}

Вие сте камен за сопнување на грешниците. Кај вас се забележува недостаток на посветеност. Вие растурате од Христа, наместо да собирате. Ако Бог ми помогне да ја откинам од вас облеката на сопствената праведност, тогаш би можела да се надевам дека ќе го откупите времето и дека ќе живеете примерен живот. Одвреме навреме вие би се разбудиле, а потоа, повторно би продолжиле со поранешниот живот на неработа и самоправедност, имајќи име дека сте живи кога всушност сте мртви. Вашата гордост може да ве доведе до пропаст. Бог ви зборувал за тоа. Ако не се обратите, ќе ве снајде тешка неволја и вашата радост ќе се претвори во страдање, сè додека не ги понизите своите срца под Божјата рака. Бог не ги прима вашите молитви. Тие доаѓаат од срца полни со гордост и себичност. Ти си суетна, драга моја сестро. Си живеела бесцелен живот, а кога би била кротка и кога би живеела за добро на другите, би била благослов за себе и за својата околина. Бог нека им прости на твоите родители и на твоите сестри што те направиле таква каква што Бог не може да те прими; доколку не се измениш, огнот ќе те проголта на Божјиот ден како слама. {2T 176.1}

Кога ми беше покажана себичноста на оние кои работат во редакцијата, и дека меѓу нив се наоѓаат некои кои работат само за плата, како да се вработени во некаква обична фирма, и вие две се наоѓате во тој број. Вие двете сте себични и саможиви. Отсекогаш сте се труделе да си угодувате себеси и да добивате поголеми плати. Таквиот дух значел проклетство за Редакцијата и предизвикувал гнев на небото против вас. Многумина и премногу се труделе за да приграбат пари. Сето тоа е погрешно. Попримен е светскиот дух, а Христовиот избркан. Бог нека се смилува на Својот народ. Се надевам дека ќе се обратите. {2T 176.2}

Беше лекомислена, суетна и површна во своите разговори. О, колку ретко Христос беше споменуван! Не си ја спомнувала со благодарност и фалба Неговата љубов која откупува, не си употребувала изрази кои го величаат Неговото име и бесмртната, самопожртвувана љубов. Што беше предмет на твоите разговори? Со какви мисли се занимаваше со најголемо задоволство? Искрено речено, во твоите мисли немаше место за Исуса и за неговиот живот полн со пожртвувања, за Неговата изобилна драгоцена

благодат и откуп кој толку скапо ги платил заради тебе. Меѓутоа, твоите мисли се занимаваа со површни нешта. Да угодуваш на себе, да си создаваш задоволство во својот живот - со тоа се занимаваат твоите мисли. Би сакала да не исповедаш дека си воскреснала со Христа, бидејќи не си го исполнила барањето: „Ако значи воскреснавте со Христа, барајте го она што е горе каде што Христос седи од десната страна на Бога. Мислите за оној што е горе, а не она што е на земјата. Бидејќи умревте, и вашиот живот е скриен со Христа во Бога". Запрашај се: Дали сум одговорила на барањата кои ги поставил вдахновениот апостол? Дали со својот живот докажав дека сум умрела за светот и дека мојот живот е скриен со Христа во Бога? Дали се потпирам на помошта и поддршката од Оној што ветил дека ќе ми пружи помош кога и да ми е потребна? Ти имаш формална вера, но не ја чувствуваш својата слабост, изопаченост и безвредност на својата природа. {2T 177.1}

„Христијанка по природа!" Таа измама послужила на многумина како облека на сопствена правда и мнозина ги навела на привидна надеж во Христа, не трудејќи се ништо да дознаат за Него, за Неговите неволји и живот полн со самооткажувања и саможртвувања. Нивната правда на која толку сметаат претставува само нечиста облека. Нашиот драг учител Христос вели: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека си го земе својот крст и оди по Мене". Да, одете по Него и во зло и добро, помагајте на оние на кои помошта им е најмногу потребна и на оние кои се без пријатели. Одете по Него и заборавете на себе. Правете дела на самопожртвување, самооткажување за добро на другите. Бидете полни со љубов и сочувство кон паднатиот род. Тој не го сметал Својот живот премногу драгоцен, туку го дал заради нас. Одете по Него, од скромните јасли до крстот. Тој беше наш Пример. Тој ви вели дека мора да го земете презрениот крст и да појдете по Него, ако сакате да бидете Негови ученици. Можете ли да пиете од Неговата чаша? Може ли да бидете крстени со Неговото крштавање? {2T 177.2}

Вашите постапки покажуваат дека не го познавате Христа. „Може ли од ист извор да тече слатка и горка вода? Може ли, браќа мои, смоквата да раѓа маслинки или виновата лоза смокви? Така, од еден ист извор не може да тече солена и слатка вода. Кој е помеѓу вас мудар и паметен нека ги покаже преку своето добро однесување делата свои во кротост и мудрост. Ако ли имате некаква завист и караница во своите срца не фалете се, ниту лажете при вистина. Ова не е таа мудрост што доаѓа озгора, туку е земна, човечка, ѓаволска. Бидејќи таму каде што е завист и караница таму има неслога и секаква лошотија. А мудроста која иде озгора, најнапред е чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна. Плодот пак на правдата во мир се сее од миротворците". {2T 178.1}

Овде се наброени плодови што претставуваат очевиден доказ дека кај некој кој е во полна сила од својот живот му се случила толку голема промена, што е прикажана со смрт. Од жив, активен живот, во смрт! Колку впечатлив симбол! Никој овде не треба да се залажува. Ако не сте го искусиле тоа преобратување, не треба да мирувате. Барајте го Господа со сето свое срце. Тоа нека биде најважна работа во вашиот живот. Ти мора да положиш сметка за доброто кое си можела да го направиш во својот живот кога би живеела онака како што Бог би сакал да живееш и онака како што ти овозможил да живееш. Но ти не си го славела Бога на земјата, ниту си спасувала души околу себе,

бидејќи не си се користела со благодатта и силата, мудроста и знаењето што Христос ти ги дал. Си ја познавала Неговата волја, но не си ја творела. Вие двете мора целосно да се обратите, инаку никогаш нема да ги слушнете Исусовите зборови: „Добро извршено, добар и верен слуго”. {2T 179.1}

Вечерта на 12 јуни откако го прочитав пред црквата ова што претходно е изложено, ми беше покажано дека си безгрижна, горда, себична и рамнодушна во поглед на спасување на души, додека смртта си ја работи својата работа. Многумина минуваат крај тебе и слегуваат в гроб. Како си влијаела на оние што доаѓале на твоите друштвени собирања. Што е кажано или направено за да се привлечат души кон Христа? Дали во секој момент ја вршеше својата должност? Дали си подготвена на Божјиот суд да излезеш пред оние со кои си се дружела на своите друштвени собири, а особено со оние што потпаднале под твое влијание и кои умреле без Христа. Можеш ли да кажеш дека твоите облеки не се попрскани со нивната крв? Ќе го споменам случајот со Г. Зар нејзиниот укор нема да падне врз тебе кога во твојата куќа си била опкружена со добро влијание и си имала поволна прилика за развиеш добар христијански карактер, но не си чувствувала товар за душите? Си ја поттикнувала гордоста, суетата, и љубовта кон задоволствата, си постапувала така што си ја срамотела својата вера и си ги наведувала кутрите души кои сатаната ги удирал да се посомневаат во вистинитоста на вистината и чистотата на христијанската вера. {2T 179.2}

Твоите површни разговори со младите беа одвратни. Во твоите мисли нема ништо благородно и возвишено. Тоа беа обични брборења и озборувања, празна суетна смеа и шеги. Ангелите го запишувале сето ова што толку пати си го правела. Упатен ти е најсериозен повик, беше укорувана, предупредувана и опоменувана; ти заслужуваш поголема осуда од останатите млади. Си имала подолго искуство и поголемо знаење за вистината. Најдолго си живеела во _____. Си била меѓу првите кои тврделе дека ја знаат вистината и дека се Христови следбеници. Твојата суета и гордост повеќе влијаеле на животот на младите во тоа место од што и да е друго. Ти, оние коишто беа обратени со вистината, може да се каже, ги зема за рака и ги
принесе на светот. {2T 180.1}

Голема одговорност лежи на тебе и на твоите родители што ласкале на твојата гордост и лудост. Кога би добила прекор, беа на твоја страна и сметаа дека не си го заслужила. Ти сестро О, веруваше дека си убава. Твоите родители ти ласкале. Си барала познанства со неверници. Без оглед на твоите убедувања, твоите постапки не доликуваат на една разумна, скромна девојка. Меѓутоа, кога ќе се земе во предвид дека себе си се сметала за следбеничка на кроткиот и благ Исус, тогаш тоа значи дека си ја посрамила својата вера. О, сестро моја, зар мислиш дека луѓето не гледаат низ лажниот сјај со кој си се наметнала? Мислиш дека толку се маѓепсани со твоето убаво лице, така што не гледаат под површината и не го воочуваат твојот вистински, површен карактер? Кога на својата глава си го ставила украсот позајмен од продавницата од сестра Р и си се покажувала пред луѓето како на изложба, зар мислеше дека тоа не се знаело? Зар си заборавила дека Божјите ангели беа близу и дека со своите чисти очи ги читаа твоите мисли, чувства и желби на твоето срце; дека ја забележаа секоја твоја постапка и го воочија твојот вистински, површен карактер. Додека си се впуштила во празен разговор со продавачот што те маѓепсал, бидејќи ѝ ласкал на твојата суета, кога би стоела пред

огледало, би можела да ги видиш гестовите и шепотењата меѓу оние кои те набљудуваа и кои се смееја на твоето непристојно однесување. Ти нанесуваш срам на вистината. Ако се вратеше незабележително во таа продавница набрзо откако излезе од неа и ако го слушнеше разговорот, би дознала некои работи за кои порано никогаш и не си ни помислувала. Тоа би те навредило и понизило што всушност за тебе мислат дури и површните продавачи. Токму тој, кој во лице ти ласкаше, со своите другари се смееше на твојата суетност. {2T 180.2}

Ти би можела да вршиш добро влијание во _____ и да Го прославиш својот Откупител. Но наместо тоа ти си предмет на разговори на продавачите и голобрадите момчиња. Многумина го забележаа твоето неприродно однесување, и оние кои ја забележаа твојата суета, макар што се неверници и се преправаат дека те почитуваат, те презираат во своето срце. Ти одиш по трагата на С, и ако твоите родители не се освестат и не ги отворат очите за твоите лудости, ќе бидат исто така виновни. На нив и на твоите сестри лежи грев, бидејќи ја поттикнуваа твојата гордост и ѝ ласкале на твојата суета. Кога ти и твојата сестра би биле подготвени за спасение, вие би ја сфатиле опасноста која демне над оние кои не се спасени. Ако во вас не се изврши голема промена, ќе дојде ден кога од многу усни ќе слушнете: „Се дружев со тие христијанки, но тие никогаш не ме предупредуваа за опасноста во која се наоѓам. Тие никогаш не ме предупредија. Мислев дека нема да имаат мир ни ден ни ноќ додека не ми укажат на состојбата на загубеност во која се наоѓам. А сега сум загубен. Јас да бев на нивно место и да видев дека некој се наоѓа во таква опасност, не би мирувал сè додека не го предупредам и укажам на Оној кој што може да го спаси”. Вие сте биле добри и угодни слуги на сатаната иако сте тврделе дека сте Христови слуги. {2T 181.1}

Сестро О, толку си била издигната од своето високо мислење за себе, што не си била свесна за мислењето кое набљудувачите го имале за твојот површен карактер. Тие те сметале за кокета и ти потполно си го заслужила таквиот глас. За тебе би било многу подобро да си го послушала повикот на апостолот: „Вашата убавина да не биде надворешна... туку внатрешна, во срцето на скриениот човек, во она што не е пропадливо, во украсувањето на кроткиот и тивок дух, што е пред Бога многу ценето”. {2T 182.1}

Твоите родители многу грешеле при воспитувањето на своите деца. Дозволиле тие да бидат ослободени од товари, а било многу важно да ги носат. Им овозможуваа на децата да си угодуваат себеси, да остануваат во постела и да ги продремат најубавите и најпријатни утрински часови, додека родителите рано станувале и се мачеле со неволјите на животот. Тие деца не се поучувани да се спротивстават на своите склоности, да се борат против желбите. Тие не се навикнати да поднесуваат неволји. Во голема мера биле заштитени од домашните работи, а тоа било штетно за нив. Тие не се научиле на самооткажување и саможртвување. Никогаш не ги прифаќале должностите кои не им биле по волја. Нивното воспитување во голема мера било неисправно. А сепак, суетната, фалбаџиска гордост ги исполнува нивните срца. Сестра О. сметала дека е над своите другарки, дека тие не се достојни за нејзино внимание и учтивост. Покрај тоа, таа има упорна волја и го прави она што го сака без разлика на желбата, удобноста и потребата на другите. Нејзината природа е незгодна и ако целосно не ја совлада, тоа

во многу нешта ќе го загрози нејзиниот пат и ќе го загорчи животот на нејзините најдобри пријатели. {2T 182.2}

---

28. СВЕТОВНОСТ ВО ЦРКВАТА

Драги браќа и сестри во _____, на 12 јуни 1868 година ми беше покажано како љубовта кон Бога во голема мера го отстапува местото на љубовта кон овој свет. Вие живеете во еден убав крај кој ви овозможува да стекнете земско богатство. Затоа се наоѓате во постојана опасност да го посветите сето свое внимание на земските работи, стекнувајќи богатство на овој свет. Вашето срце ќе биде таму каде што е и вашето богатство. Изложени сте на искушенија кои сè подлабоко ве мамат во овој свет, за да таложите богатство. Обземени со овие мисли и грижи вие ќе го изгубите поимот за вистинската побожност. Малкумина се оние кои ја согледуваат суетноста и измамливоста на богатството. Оние кои се посветиле на стекнување богатство, толку се обземени со оваа цел, така што Христовата вера доаѓа дури на второ место. Тие не ги ценат духовните интереси ниту пак копнеат по нив, бидејќи сребролубието им го одвратило погледот
од небесното богатство. Кога вредноста на вечниот живот би се ценела по сесрдноста, истрајноста и пожртвуваноста која ја покажуваат христијаните, тоа не би вредело ниту половина од тоа, колку што вреди земскиот живот. Споредете ги нивните напори за стекнување земски вредности со слабите, безживотни и неделотворни напори за да се стекне духовност и небесно богатство. Затоа не е ни чудо што не чувствуваме на себе скоро никакво дејство на светлината од небесното светилиште. Нашите желби не се насочени кон таа цел, туку кон земските нешта, копнеејќи по земските работи занемарувајќи ги вечните. Земскиот успех ги заслепува очите и ја прелажува душата. Бог зборува, но ништожните земски интереси нè спречуваат да го слушаме Неговиот глас. {2T 183.1}

Нашиот стар брат Т. е врзан за земското богатство иако би требало да се одвои од него и да се подготви за небото. Тој сега мора да живее со вера во Божјиот Син со поглед вперен во онаа подобра земја. Би требало сè повеќе да се одвојува од земските нешта и да се посвети со сето свое битие кон вечноста. Наскоро ќе истече времето на неговото време на милост. О, колку малку време останало да се посвети на Бога! Тој повеќе нема сили, неговиот дух е скршен и покрај најдобрата волја, може да даде само еден мал придонес; меѓутоа, ако тоа го направи од срце и целосно, неговата служба ќе биде прифатена. Ти, брате Т, со години стануваше сè посебичен и сè погрчевито се држеше за богатството на овој беден свет. {2T 184.1}

Сестра Т. го сака овој свет. Таа по природа е себична. Многу страдала од болести на телото. Бог дозволил да ја снајде таа мака, но нема да дозволи на сатаната да го земе нејзиниот живот. Негова намера е низ оганот на неволјата да ја ослаби нејзината алчност за земските богатства. Сето ова може да се постигне само преку страдање. Таа е една од оние личности чиј организам бил затруен со лекови. Земајќи ги без мерка и потреба, се довела до положбата во која сега се наоѓа. Но Бог не дозволил да го изгуби животот

туку и го продолжува времето на милост и страдање за да се посвети со вистината, да се исчисти и испита, и во огнот на неволјите да се ослободи од троската и да стане подрагоцена од офирското злато. Во срцето на братот и сестрата, љубовта кон овој свет толку длабоко се вкоренила, што се потребни големи напори за да се измени тоа. Драги брате и сестро, вам ви недостига посветеност кон Бога. Вашата љубов кон светот е неразумна. Влијанието кое светот го има на вас е толку големо, што успеало да ве приврзе за себе, додека она што е духовно и небесно нема моќ да го преобрази вашиот дух. {2T 184.2}

Вие, мажи и жени во _____, кои тврдите дека сте Христови следбеници, зошто и не одите по Него? Зошто запаѓате во лудило по стекнување на земско богатство, кое несреќа може толку лесно повторно да ви го одземе, а ги занемарувате небесните богатства, бесмртното и вечно богатство? {2T 185.1}

Покажан ми е случајот на жената на братот У. Таа има желба да чини што е право, но често не успева во тоа и нанесува многу болка на себе и на своите пријатели. Таа премногу зборува. Нема искуство во она што е божествено и доколку не се обрати и измени преку обнова на својот ум, нема да може да ги издржи неволјите на последните денови. Таа треба да го исчисти своето срце. Тогаш и нејзиниот јазик ќе биде посветен. Претераната зборливост е грев и треба да се избегнува. Таа треба да постави еден строг стражар пред вратата на својата уста и да го заузда нејзиниот јазик, инаку од нејзините зборови ќе произлезе безбожност. Нека престане да зборува за туѓите грешки, да пребива на својственостите на другите, и да ги открива слабостите
на другите. Секоја личност која прави вака, е за осуда. Од тоа нема никаква корист и тоа е грев кој води само во зло. Непријателот знае дека Христовите следбеници со ова му ја отвораат вратата на неговите злодела. {2T 185.2}

Видов дека сатаната секогаш е присутен кога ќе се состанат сестрите кои сакаат многу да зборуваат, бидејќи тука му се пружа прилика за работа. Тој доаѓа да ги раздразни духовите и да извлече што повеќе корист од предноста што му е дадена. Тој знае дека сето тоа оговарање, прераскажување, откривање на тајни и претресување на туѓи грешки, ги оддалечува душите од Бога. Тоа е смрт за духовноста и за благото верско влијание. Сестрата У многу греши со својот јазик. Би требало со своите зборови да влијае за добро, но таа честопати зборува напразно. Понекогаш ги прикажува новостите поразлично отколку што всушност се. Понекогаш дури и претерува. Освен тоа, во нејзините зборови има и невистина. Таа нема намера да зборува невистина, но навикнала многу да зборува; раскажувајќи за непотребни работи, се одвикнала да внимава на своите зборови така што често ни самата не знае што зборува. Сето тоа штети на
нејзиниот углед, со кој инаку би можела да направи многу добрини. Крајно време е да се измени во овој поглед. Кога би се одвикнала од грешната зборливост, таа би била многу попријатна отколку што е сега и многумина би го барале нејзиното друштво. {2T 185.3}

Христијаните треба да внимаваат на своите зборови. Тие не смеат никогаш да пренесуваат непријатни работи за еден од своите пријатели на некој друг, особено ако знаат дека не се во добри односи. Сурово е да се прават разни навестувања и да се дава на знаење дека знаете многу нешта за ова или она, или за овој или оној пријател или

познаник што другите не го знаат. Тие навестувања се увеличуваат и остават многу полош впечаток отколку што би имало еден отворено изнесување на факти без претерување. Колку само Христовата заедница страдала заради ова! Таа со невнимателните и недостојни постапки на своите членови станала слаба како вода. Многу членови на истата црква ја злоупотребиле довербата, но сепак виновните не планирале да направат зло. Немудриот избор на темите за разговор направил многу штета. Би требало да се зборува за духовни божествени нешта, но така не се постапувало. Ако во друштво на своите христијански пријатели зборуваме само за она што го воздигнува умот и срцето, подоцна никогаш нема да зажалиме, туку секогаш со задоволство ќе се сеќаваме на овие разговори. Но ако цели часови ги потрошиме на празни и суетни разговори, во претресување на животите и карактерите на другите луѓе, од ова ќе произлезе само зло и ние ќе бидеме само смртен мирис за смрт. {2T 186.1}

Не можам точно да се сетам на сите луѓе од нашата црква кои ми беа прикажани, но видов дека на многумина им претстои една голема работа што мора да ја завршат. Скоро сите премногу зборуваат, а малку размислуваат и се молат. Многумина се претерано себични. Тие мислат само на себе, а не за добро на другите. Голема е моќта која сатаната ја има над вас. Сепак, вие поседувате драгоцена светлина, а меѓу вас има и такви кои сакаат да живеат според Божјата волја. Гордоста и љубовта кон светот се стапици кои претставуваат голема пречка за духовниот живот и за растење во благодатта. {2T 187.1}

Ова земја не е христијанскиот рај, туку само Божја работилница во која се оспособуваме за соединување со безгрешните ангели на светото небо. Треба постојано да го привикнуваме својот дух на благородни, несебични мисли. Ова воспитување е потребно за да ги ставиме во движење силите кои Бог ни ги подарил и да го прославиме Неговото име на земјата. Ќе мораме да дадеме сметка за сите благородни особини кои Бог ни ги подарил. Ако овие способности ги употребиме на начин кој Тој никако не го одобрува, со тоа ќе се покажеме како ниски неблагодарници. Службата на Бога ги бара сите сили на нашето битие. Нема да ја исполниме Божјата волја ако не ги воспитуваме и облагородиме сите сили, ако не научиме со љубов да мислиме на небесните нешта и не зајакнуваме и не се усовршуваме преку исправен живот, живеејќи на Божја слава. {2T 187.2}

Жените кои тврдат дека се побожни обично пропуштаат да го воспитаат својот ум. Тие не владеат со него, така што тој се свртува таму каде што му е мило. Ова е потполно погрешно. Многумина како да немаат никакви духовни способности. Не го научиле својот мозок да размислува; и бидејќи не го прават тоа, сметаат дека и не можат тоа да го направат. Духовното размислување и молитвата се неопходни за нашиот раст во благодатта. Женската непостојаност е како последица на мала духовна култура и недостаток на размислување. Тие не сакаат да го заморуваат својот мозок и се препуштаат друг да мисли за нив, предвидува, запомнува и така тие сè повеќе се запуштаат. Тие мораат со вежба да го воспитуваат својот мозок. Треба да го присилат да мисли. Ако и понатаму препуштаат некој друг да мисли за нив и да ги решава нивните проблеми, тие секогаш ќе бидат неспособни самите да го прават тоа. Секој човек треба се потруди да го развие својот ум. {2T 187.3}

Покажано ми е дека братот В треба да настојува кон повеќе духовност. Ти ја немаш онаа мирна доверба во Бога, којашто Тој ја бара од тебе. Ти не ги привикнуваш своите мисли да се движат по патеката на духовноста. Ти поминуваш многу време во суетни и празни разговори кои нанесуваат штета на твојата душа и му штетат на твоето влијание. Мора да стекнеш поголема духовна сила и цврстина. Премногу лесно се возбудуваш, многу си подложен на своите чувства и не избираш зборови при искажување на своите симпатии и антипатии. Потребна ти е вистинска вера која ќе те смири. Повикан си да учиш од Исуса, Кој бил кроток и понизен во срцето. Тоа е драгоцена поука! Ако ја прифатиш, таа ќе го препороди сиот твој живот. Лекомисленоста и ништожните разговори штетат на твојот духовен развој. Треба данастојуваш да го усовршуваш својот карактер и да служиш на Бога со своите зборови и дела. Треба сесрдно да го бараш Господа и подлабоко да зацрпиш од изворот на вистината кој ќе го посвети твојот живот. Твојот дух е многу врзан за овој свет. Треба да мислиш на оној подобар живот. Немаш многу време. Побрзај, и искористи ги овие неколку часови на милост. {2T 188.1}

Во твојата жена има многу гордост и себичност. Бог ја води низ оган на страдање за да ги отстрани овие нејзини особини. Таа мора многу да внимава тој оган од неволји да не гори залудно. Тој треба да го отстрани троскотот и да ја приближи кон Бога правејќи ја подуховна. Нејзината љубов кон светот мора да умре. Таа мора да го победи самољубието и да ја потчини својата волја на Божјата. {2T 188.2}

Покажано ми е дека љубовта кон светот во голема мера го исфрлила Христа од црквата. Бог нѐ повикува да се измениме - да му се предадеме. Доколку не го воспитаме својот дух да се занимава со верски прашања, тој ќе се покаже слаб во тој поглед. Меѓутоа, ќе биде јак кога се работи за овоземските потфати бидејќи во тој правец е негуван и зајакнат со вежба. На луѓето им е тешко да живеат верски живот затоа што не го привикнуваат својот дух на побожност. Тој е научен да оди во спротивен правец. Ако нашиот дух не се вежба постојано во постигнување духовно сознание и разбирање на тајните на побожноста, тој ќе биде неспособен да ги цени вечните вистини, бидејќи е без искуство во тој правец. Тоа е причината што многумина сметаат дека е тешко да Му се служи на Господа. {2T 189.1}

Ако срцето е поделено и се занимава главно со земски работи, а многу помалку со божествените, нема да напредуваме во духовната сила. Нашиот земски живот бара да му посветиме поголем дел од нашите умни способности, па затоа мора да му посветиме и повеќе

свои чувства. Затоа останува сѐ помалку време за Бога. Душата не може да напредува без молитва. Не е доволна само молитвата во семејството или во Божјиот дом. Тајната молитва е многу важна; насамо, душата се открива на сезнајното Божјо око, кое ги испитува сите наши побуди. Тајна молитва! Колку е драгоцена таа! Душата во заедница со Бога! Тајната молитва треба да ја чуе само Бог. Ниту едно љубопитно уво не смее да го чуе товарот на душата од молителот. Во тајната молитва душата е слободна од надворешни влијанија и возбудувања. Таа понизно, но со жар се воздига кон Бога. Гласната молитва често губи во својата делотворност и пријатност, заради многу силниот и бучен глас. Наместо блага, смирена доверба, наместо тивко, понизно поврзување на душата со Бога, се истакнува повишениот тон на гласот, возбудувањето расте, а тајната молитва го губи своето нежно, свето влијание. Доаѓа до бура на чувства

и зборови и како последица на тоа невозможно е да се слушне оној тивок, тенок глас којшто зборува на душата во тајната, вистинска сесрдна молитва. Тајната молитва, ако правилно се применува, раѓа многу добра. Но молитвата пред целото семејство и пред соседите не е тајна молитва, иако ние можеме да ја сметаме како таква, и таа нам не ни дава божествена сила. Благотворно и трајно ќе биде влијанието кое доаѓа од Оној којшто го бараме во тајноста, бидејќи Неговото уво е отворено за молитвата која доаѓа од срцето. Душата е во заедница со Бога со помош на спокојна едноставна вера, собирајќи зраци на светлина кои ќе ја зајакнат и поддржат во борбата со сатаната. Бог е нашата тврдина. {2T 189.2}

Исус нам ни ги упатил зборовите: „Бидете будни, зашто не знаете кога ќе дојде господарот на куќата, или навечер, или на полноќ, или во петлите или наутро, па да не дојде ненадејно и да ве најде како спиете. Што ви зборувам вам, им го зборувам на сите: Бидете будни". Ние мора да бдееме чекајќи го доаѓањето на Господа кој ќе ни донесе утро ако, доаѓајќи одненадеж не нè најде да спиеме. За кое време, значи, се однесува ова? Не се однесува за Неговото доаѓање на небесните облаци. Не, туку за Неговото враќање од службата во светињата над светињите, за моментот кога ќе ја симне Својата свештеничка облека и ќе ја облече одмаздничката облека и кога ќе се слушнат зборовите: „Кој чини неправда и понатаму нека чини неправда; кој е поган, и понатаму нека се погани; кој е праведен и понатаму нека чини правда; а кој е свет и понатаму нека биде свет". {2T 190.1}

Кога Исус ќе престане со делото на посредување, судбината на сите луѓе ќе биде засекогаш одлучена. Тоа е време за пресметување со Неговите слуги. За оние кои не се подготвиле во чистота и светост со добредојде да го дочекаат својот Господ, сонцето ќе затемни и нема повеќе никогаш да се појави. Завршува времето на милоста, престанува Христовото посредништво на небото. Овој момент ќе ги изненади сите и оние кои не се посветиле со послушност на вистината,
ќе бидат затекнати како спијат. Тие се заморите од чекање и стражарење, станале рамнодушни кон доаѓањето на својот Господ. Се разочарале во своето исчекување, и можеби повторно ќе се
разочараат. Заклучиле дека има уште многу време и сакале за себе да обезбедат земско богатство. Сакале од овој свет да извлечат сè што можат и во тоа тежнеење го загубиле секој интерес за доаѓањето на Господа. Станале рамнодушни и безгрижни, како Тој да ќе дојде дури во далечна иднина. Но, додека тие забораваат на вечноста одејќи по своите земски добивки, ќе се заврши делото во небесното светилиште, а тие ќе останат неподготвени. {2T 191.1}

Кога тие би знаеле дека Христовото дело во небесното светилиште толку брзо ќе се заврши, колку поинаку би се однесувале? Колку посесрдно би стражареле! Предвидувајќи го сето тоа Господ на време ги предупредува и во Својот налог за стражарењето, Тој јасно им навестува дека ќе дојде одненадеж. Тој не одредува време за да не го занемариме во ниту еден момент стражарењето и во својата безгрижност да ја одложиме подготовката. „Бидете будни, зашто не
знаете". Сепак, таа неизвесност и ненајавено изненадување не нè разбудиле од затапеноста, ниту нè поттикнале на будност во очекување на Господа. Тој ќе ги изненади во неверство оние кои не чекале и не стражареле. Господарот доаѓа и наместо нивните

срца веднаш да се отворат пред Него, тие се заклучени во овоземскиот сон и конечно се загубени. {2T 191.2}

Наспроти опишаната, покажана ми е една друга група. Тие чекале и стражареле. Нивните очи биле вперени кон небото, а на усните им беа зборовите на нивниот господар: „Што вам ви кажав, на сите им велам: Стражарете". „Стражарете затоа, зашто не знаете кога ќе дојде господарот на куќата, или навечер, или во полноќ, или во петлите наутро; да не дојде ненадејно и да ве најде, а вие спиете". Господ најавил одолжување пред зори. Меѓутоа, Тој не сака тие да попуштат пред заморот или да престанат со сесрдното стражарење затоа што утрото не осамнало тогаш кога очекувале. Видов дека тие што чекаа гледаа кон небото. Тие взаемно се храбреа повторувајќи ги овие зборови: „Помина и првата и втората стража. Сега сме во третата стража, чекајќи на враќањето на нашиот Господар. Сега ни преостанува уште кратко време на стражење". Видов дека некои се заморија; тие гледаа долу, беа обеземени со земските работи и не стражареа будно. Зборуваа: „Во првата стража го очекувавме Господарот но, се разочаравме. Мислевме дека сигурно ќе дојде во втората, но и тоа помина, а Тој не дојде. Можеби ќе се разочараме повторно. Не мора да бидеме толку внимателни. Можеби нема да дојде ниту во следната стража. Сега сме во третата стража и сметаме дека најдобро е да собиравме богатство на земјата за да се обезбедиме од немаштијата". Многумина спиеја заморени од грижите на овој свет, одвлечени од измамливото богатство од своето стражарско место. {2T 192.1}

Видов дека ангелите особено внимателно ги набљудуваат уморните, но верни стражари и внимаваат тие да не се заморат премногу од неволјите и страдањата, двојно потешки, затоа што нивните браќа престанале да стражарат, опиени од грижите на овој свет и примамени од богатствата. Овие небесни ангели беа разжалостени заради тоа што оние коишто еднаш стражареа можеа преку својата неактивност и неверност, да ја зголемат потешкотијата и бремето на оние кои беа сесрдни и истрајни во својата положба на стражарење и чекање. {2T 193.1}

Видов дека е невозможно да се подарува љубов и внимание на овоземските работи, да се зголемува земското богатство, а воедно да се чека и да се бдее како што наложил Спасителот. Ангелот рече: „Тие можат да задобијат само еден свет. Ако сакаат да стекнат небесно богатство, мора да го жртвуваат земното. Тие не можат да ги имаат обата света". Видов колку е необично важно постојано да се бдее, бидејќи така можат да се избегнат сатанските замки. Тој ги наведува
оние кои би требало да чекаат и да стражарат да се приближат барем еден чекор кон суетниот свет. Тие немаат намера да одат понатаму, но тој чекор многу ги оддалечува од Христа и затоа сега им е полесно да направат уште еден и така чекор по чекор се приближуваат на светот, сè додека на крајот единствената разлика помеѓу нив и светот е нивното исповедање и име. Тие така го губат својот посебен, свет карактер и по ништо друго освен по своето исповедање не се разликуваат од оние околу нив кои го љубат светот. {2T 193.2}

Видов како во минатото една стража менувала друга. Дали заради тоа денес треба да постои недостаток во будноста? О, не! Сега има уште поголема потреба за непрекината будност, бидејќи има уште помалку време отколку пред поминувањето на првата стража, сега времето на чекање е несомнено пократко отколку првиот пат. Кога

тогаш толку неуморно стражаревме, колку повеќе тоа е потребно во оваа последна стража! Поминала втората стража, дошла третата и би било непростливо ако сега попуштиме во својата ревност. Третата стража бара трипати поголема сесрдност. Сега да се биде нетрпелив би значело да се изгуби сè она што е постигнато со истрајноста од претходните стражарења. Долгата ноќ на стражарење е полна со неволји; но Бог во Својата милост го одложил доаѓањето на утрото, бидејќи кога би дошол сега, многумина би биле неподготвени. Причината за одложување е тоа што Бог не сака Неговиот народ да пропадне. Сепак пред нас е доаѓањето на утрото за верните и ноќта за неверните. Божјиот народ со ова чекање и стражарење треба да го покаже својот особен карактер и одвоеност од светот. Ние мора со своето стражарење да покажеме дека навистина сме гости и дојденци на оваа земја. Разликата помеѓу оние што го сакаат светот и помеѓу оние кои Го љубат Христа е јасна и непогрешлива. Додека суетните луѓе се трудат да стекнат земно богатство, Божјиот народ сè повеќе се одвојува од светот и покажува со своето сесрдно чекање и стражарење дека се обратил и дека овој свет не е негов дом, бидејќи копнее по подобрата земја, небесната. {2T 193.3}

Се надевам, драги браќа и сестри дека нема само да ги прочитате овие зборови туку и сериозно ќе размислите за нивното значење. Додека луѓето Галилејци стоеја, гледајќи по својот Спасител кој се вознесуваше кон небото, двајца луѓе во бело - небесни ангели кои се пратени да ги утешат поради заминувањето на Спасителот - стоеја покрај нив и ги запрашаа: „Луѓе Галилејци, што стоите и гледате кон небото? Овој Исус кој од вас се зема на небо така и ќе дојде како што видовте дека оди на небото". {2T 194.1}

Бог сака Неговиот народ да го впери својот поглед кон небото очекувајќи ја величествената појава на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Додека вниманието на светот е свртено кон разни потфати, нашето внимание треба да биде сосредоточено кон небото. Нашата вера треба да продре сè подлабоко во величествените тајни на небесната ризница за да можат драгоцените, божествени зраци од небесното светилиште да ги осветлуваат нашите срца како што го осветлуваа Исусовото лице. Исмејувачите се смеат на оние кои чекаат и стражарат, велејќи: „Каде е ветувањето за Неговото доаѓање? Разочарани сте. Појдете со нас и ќе успеете во земните работи. Ќе дојдете до добивка и до пари и ќе бидете почитувани во светот". Оние што чекаат, ќе одговорат гледајќи во небото: „Ние стражариме". И бидејќи се одвоиле од земските задоволства, славата на овој свет и измамливото богатство, со тоа докажуваат дека навистина стражарат. Стражарејќи стануваат силни, совладувајќи ја себичноста и љубовта кон удобностите. Огнот на неволјата се пали околу нив и чекањето изгледа долго. Тие понекогаш очајуваат и верата им се колеба; но потоа повторно се собираат совладувајќи ги стравувањата и сомнежите, го вперуваат погледот кон небото и велат на своите противници: „Стражарам и го чекам враќањето на својот Господ. Наоѓам слава во маката, неволјата и потребите". {2T 194.2}

Желба на Господа е да стражариме за да можеме да Му отвориме веднаш кога ќе затропа на нашата врата. Блажени се единствено оние слуги што Тој ќе ги затекне на стража. „Тој ќе се препаша, ќе ги си седне и ќе им пристапи и ќе им служи". Кого помеѓу нас во овие последни денови така ќе го почести Господарот? Дали сме подготвени веднаш да Му ја отвориме вратата и да Му посакаме добредојде? Стражарите, стражарете, стражарете! Скоро сите престанаа да

стражарат и чекаат; ние не сме подготвени веднаш да Му ја отвориме вратата. Љубовта кон овој свет толку ги обзела нашите мисли, така што погледот не ни е упатен кон небото, туку кон земјата. Се брзаме, сесрдно и предано вложуваме напори во разни потфати, а забораваме на Господа и не го цениме небесното богатство. Љубовта кон овој свет и богатството ја помрачува нашата вера и ние не копнееме по доаѓањето на нашиот Спасител. Премногу се грижиме за сопственото „јас". Вознемирени сме и немаме цврста доверба во Бога. Многумина се грижат и работат, се мачат и прават планови плашејќи се да не осиромашат. Таквите немаат време да присуствуваат на верските состаноци и грижејќи се сами за себе не даваат на Господа прилика да се погрижи за нив. Тие претерано се грижат за себе, и премалку веруваат и се надеваат на Бога. {2T 195.1}

Љубовта кон светот силно го озбема народот кому Господ му заповедал да стражари и да се моли секогаш, така што доаѓајќи ненадејно, да не ги затекне на спиење. „Не љубете го светот ни сè што е во него. Ако некој го љуби светот, во него нема љубов од Таткото. Зашто, сè што е на светот, похота на телото, похотливоста на очите и горделивоста на животот, не е од Таткото, туку е од овој свет. И светот поминува и похотите негови; а кој ја твори волјата Божја, останува довека". {2T 196.1}

Видов дека Божјиот народ кој верува во вистината не се наоѓа во положба на чекање и стражарење. Тој го зголемува и собира за себе богатството на земјата. Се богати во земските работи, а не во Бога. Тие не веруваат дека времето е кратко, дека се приближи крај на сè и дека Христос е на врата. Тие може да исповедаат многу вера, но ја залажуваат сопствената душа, бидејќи постапките им се на висина на верата што ја поседуваат. Нивните дела сведочат каква им е верата, а на оние околу нив дека Христос нема да дојде во ова поколение. Делата се во согласност со нивната вера. Тие се приготвуваат да останат во овој свет. Купуваат куќа по куќа, нива по нива и тие се граѓани на овој свет. {2T 196.2}

Положбата на сиромашниот Лазар кој се хранеше со трошките од трпезата на богатиот е поповолна од положбата на ваквите верници. Кога тие би поседувале вистинска вера, наместо да го зголемуваат своето богатство на земјата, би распродале сè, би се ослободиле од товарот, и своето богатство би го испратиле пред себе на небо. Тогаш таму би биле и нивните срца, зошто човечкото срце е таму каде што му е богатството. Мнозина кои тврдат дека веруваат во вистината покажуваат дека она што најмногу го ценат се наоѓа на овој свет. Тие се грижат за него, стравуваат и се мачат. Тие го посветуваат својот живот во чување и зголемување на тоа богатство. Исто така, тие собрале малку богатство на небо, така што нивната душа не ја привлекува подобрата земја. Многу вложиле во земските потфати и тие влогови како магнет го одвлекуваат нивниот ум од небесните неминливи нешта, привлекувајќи го кон земското и распадливото. „Каде што е вашето богатство таму ќе биде и вашето срце". {2T 197.1}

Многумина се препашале со себичноста како со железен обрач: тоа е мојот имот, моја трговија, моја роба. Тие не водат сметка дури ни за обичните човечки побарувања. Луѓето кои тврдат дека го чекаат Господовото доаѓање се затвориле сами во себе. Тие се одвоиле од сè она што е благородно и божествено. Љубовта кон светот, телесните желби, желбите на очите толку многу ги обземале, што ослепеле. Светот ги расипал, а тие тоа не го увидуваат. Тие зборуваат за љубовта кон Бога, а нивните родови не се израз на љубовта за која зборуваат. Тие Му го ускратуваат десетокот и даровите, и на нив лежи

Божјото проклетство. Вистината ја осветлувала нивната патека од секоја страна. Бог чудесно работел за спасение на нивните домови; меѓутоа,
каде се нивните дарови кои би требало да Му ги принесат во радосна благодарност за сите знаци на Неговата милост? Многумина од нив се толку неблагодарни како неразумните животни. Жртвата поднесена заради човекот била огромна, несфатлива е дури и за најјакиот ум. А сепак, оние кои тврдат дека се учесници во тие небесни благодети, купени за нив по толку висока цена, премногу се себични за да поднесат било каква вистинска жртва за Бога. Нивните мисли се насочени само кон овој свет. Во четириесет и деветтиот псалм читаме: „Вие коишто се надевате на својата сила и се фалите со големото богатство свое, чујте: никој не може себеси да се откупи, ниту можечовек да Му плати откуп на Бога, ниту цена за откуп на душата своја, бидејќи таа е превисока". Кога сите овие, би можеле барем до некаде да ја појмат големината на жртвата што ја поднел Христос, би се посрамиле од своите стравувања и од големата себичност. „Доаѓа нашиот Бог и не молчи, пред Него ќе има оган што проголтува, околу Него бура. Тој ќе ги повика небото горе и земјата, за да му суди на Својот народ". „Соберете ги кај Мене светците Мои, кои ми се заветуваа преку жртва". Бог е заборавен заради себичноста и љубовта кон овој свет; душите на многумина се без плод и викаат: „Моја неплодност! Моја неплодност!" Бог позајмил на Својот народ средства за да го испита, за да ја провери длабината на неговата љубов кон Него. Некои ќе се одвојат од Него и попрво ќе се откажат од сето небесно богатство отколку да го намалат својот земски имот и да сторат со Него завет преку жртва. Тој ги повикува да жртвуваат. Но љубовта кон светот ги затворила нивните уши и тие не сакаат да слушаат. {2T 197.2}

Набљудував, кој од оние што го очекуваат Христовото доаѓање, со задоволство ќе принесат жртва на Бога од своето изобилство. Видов само неколку понизни сиромаси, кои како и сиромашната вдовица одвоиле од својата уста и ја приложиле својата паричка. Секој таков дар Бог го смета за драгоцено богатство. Но далеку заостанаа оние кои собираат силни средства и го зголемуваат својот имот. Тие всушност не прават ништо во споредба со она што би можеле да го направат. Тие Го крадат и ограбуваат Бога од страв дека ќе паднат во сиромаштво. Не се осмелуваат да се потпрат на Бога. Тоа е една од причините што многумина помеѓу нас, Божјиот народ, така страдаат и одат во гроб. Меѓу нас има алчни, како и такви кои го љубат овој свет. Многумина му ускратувале на наемникот од неговата надница. Таквите се однесуваат нечесно и неправедно кон луѓето кои немаат ништо на овој свет и живеат од својата работа. Оној кој го љуби овој свет, со немилосрдно лице и со уште понемилосрдно срце, со незадоволство исплаќа незначителната сума заработена со тешка работа. Така тие постапуваат и кон својот Господар, иако тврдат дека се Негови слуги. Исто така недоброволно приложуваат и во Божјата каса. Човекот од приказната не знаел каде да ги вложи своите богатства и Господ му го скратил неговиот бескорисен живот. На тој начин ќе постапи и со многумина. Колку му е тешко на човекот во овој расипан век да се сочува од себичноста и од љубовта кон светот! Колку е лесно да се стане неблагодарен кон Дарителот на сите добра! За да ја сочуваме својата душа, потребна е голема будност и сесрдна молитва. „Внимавајте, бидете будни и молете се, зошто не знаете кога ќе биде часот". {2T 198.1}

Број седумнаесет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

29. ХРИСТОВИТЕ СТРАДАЊА

За целосно да се разбере вредноста на спасението, потребно е да се сфати платената цена. Заради ограничените поими за Христовите страдања многумина не доволно го ценат големото дело на помирување. Бог во Својата безгранична љубов направил величествен план за спасение на човекот. Во тој план се огледува чудесната Божја љубов кон паднатиот род. Таа љубов, искажана преку дарувањето на љубениот Син на човештвото, ги зачудила светите ангели. „Бог толку го засака светот што го даде Својот Единороден син, та секој кој верува во Него да не погине туку да има живот вечен". Овој Спасител бил светлина на славата на Својот Татко и верна слика на Неговото битие. Тој поседува божествено величество, совршенство и извонредност. Тој е рамен на Бога. „Бидејќи во Него благоволи Бог да ја насели сета полнота". „Кој, иако беше во Божје обличје не сметаше дека треба да го искористи тоа што е еднаков со Бога; но Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек; Сам Себе се понизи, бивајќи послушен сè до самата смрт, и тоа смрт на крст". {2T 200.1}

Христос се согласил да умре наместо грешникот за да може човекот, живеејќи во послушност, да ја избегне казната на Божјиот закон. Неговата смрт, не го ставила законот надвор од сила; не ги ослабела неговите свети барања, ниту ја намалила неговата големина. Христовата смрт потврдила дека Божјиот закон, кој го казнува престапникот, е праведен. Тој, на Себе ја примил казната за да го спаси паднатиот човек од клетвата на законот. Смртта на љубениот Божји син на крстот ја покажува непроменливоста на Божјиот закон. Таа го прави законот голем и славен, укажувајќи му на човекот на неговата непроменливост. Од Неговите божествени усни слушнавме зборови: „Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам законот или пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам". Христовата смрт ги исполнила барањата на законот. {2T 200.2}

Во Христа е соединето човечкото и божественото. Негова задача била да го смири човекот со Бога. Тоа бил единствен пат по кој паднатиот човек можел да се воздигне и преку заслугите на Христовата крв да биде соучесник во божествената природа. Примајќи ја на себе човечката природа, Христос можел да ги сфати страдањата и неволјите на човекот и сите искушенија на кои човекот е изложен. Ангелите кои не знаат за грев не се во состојба да го сфатат човекот во неговите неволји и искушенија. Христос се согласил да ја прими на Себе човечката природа и да биде искушан во сите нешта. Само така можел да помогне на оние кои ќе бидат искушувани. {2T 201.1}

Примајќи го на Себе човечкото обличје, чувствувал дека му е потребна сила од Таткото. Тој одбрал посебни места за молитва. Сакал да има заедница со Својот Татко во самотијата на планината. Со тоа Неговата света, човечка душа станувала зајакната за

должностите и неволјите во денот што настапувал. Нашиот Спасител се идентификувал Себеси со нашите неволји и слабости и така секоја ноќ се појавувал пред Бога, молејќи Го Таткото да му подари свежа сила за да може така засилен и освежен, да биде подготвен на должностите и искушенијата. Тој е нашиот пример во сè и брат во нашите слабости, иако не поседувал страсти како нашите. Како безгрешен, Неговата природа се одвратувала од злото. Во овој грешен свет успешно ги поднесувал душевните борби и маки. За Неговата човечка природа молитвата претставувала неопходност и предност. Му била потребна сета потпора и утеха којашто Таткото бил подготвен
да Му ја даде Нему, Кој заради добро на човекот го оставил небесното блаженство и се симнал да живее во овој студен и неблагодарен свет. Христос наоѓал утеха и радост во заедница со Таткото. Пред Него можел да го ослободи Своето срце од тагата која го мачела. Тој бил човек на болка и страдања. {2T 201.2}

Низ текот на целиот ден правел добро на другите, трудејќи се да ги спаси луѓето од пропаст. Ги лечел болните, ги тешел жалосните, носел радост и надеж на очајните. Тој ги подигал мртвите во живот. Секој ден по завршената работа ја напуштал градската врева и во некоја осамена градина се молел на Својот небесен Татко. Одвреме навреме месечевите зраци би го осветлиле Неговиот лик, потоа облаци и темнина би ја оттргнале сета светлина. По Неговата брада и коса,
додека коленичел така во градината, паѓала ноќна роса. Често пати така се молел цела ноќ. Тој е нашиот пример. Кога ова би го имале на ум, и би го следеле Неговиот пример, би биле многу посилни во Господа. {2T 202.1}

Кога Спасителот, со Својата божествена сила, чувствувал потреба за молитва - огнена, постојана молитва, колку повеќе тоа мора да го чувствуваме и ние, слабите, грешни смртници. Кога бил најмногу облетуван од искушенија, Христос ништо не јадел. Му се оддавал на Бога и благодарение на сесрдната молитва и совршеното потчинување на волјата на Својот Татко, излегувал како победник. Оние коишто ја проповедаат вистината во овие последни денови мораат многу повеќе, отколку сите т.н. христијани да се угледаат на Него во овој поглед. {2T 202.2}

„Доста е за ученикот да биде како учителот негов, и слугата како господарот негов". На нашата трпеза често пати се наоѓаат мирудии кои не се ниту здрави ниту потребни, зашто тие нешта ги сакаме многу повеќе од самооткажувањето, повеќе од здравјето на духот и телото. Исус сесрдно барал сила од Таткото. Тоа, возвишениот Божји Син го сметал за подрагоцено од седењето крај најбогатата трпеза. Тој нам ни покажал дека молитвата ни е неопходна за да добиеме сила да се бориме со силите на темнината и да го извршиме делото кое ни е наменето. Нашата сила е слаба, но онаа сила која Бог ја дава е безгранична, и секој што ја добива станува повеќе од победник. {2T 203.1}

Додека Божјиот Син клечејќи се молел во Гетсиманската градина, агонијата на Неговиот дух предизвикувала од Неговите пори пот во вид на крупни капки крв. Тука го обзело ужас од големата темнина што го опкружувала. Врз Него биле гревовите од целиот свет; Тој страдал наместо човекот како престапник на Татковиот закон. Тоа било вистинско искушение. Божествената светлина се повлекувала пред Неговите очи и Тој паѓал во рацете на силите на темнината. Во Своите душевни маки лежел ничкум на студената земја. Го сфатил Татковиот гнев. Тој ја отстранил чашата на страдањето од

усните на грешниот човек, сакал сам да ја испие, а на човекот да му ја пружи чашата на благослов. Гневот кој би требало да падне на луѓето сега го погодува Христа. Тука таинствената чаша затреперила во Неговата рака. {2T 203.2}

Исус често одел во Гетсиманската градина со Своите ученици заради медитација и молитва. Тие сите добро го познавале Неговото свето прибежиште. Дури и Јуда знаел каде да ја одведе толпата убијци за да го предаде Исуса во нивни раце. Никогаш порано Спасителот не го посетил тоа место со срце толку исполнето со тага. Божјиот син не се плашел од телесни страдања и ниту заради нив во присуство на Своите ученици ги изговорил овие тажни зборови: „Жална е мојата
душа до смрт". „Почекајте овде," рекол Тој, „и стражарете со Мене". {2T 203.3}

Се оддалечил малку од Своите ученици, но само толку што сепак можеле да го слушнат Неговиот глас, и паѓајќи ничкум и почнал да се моли. Со душа преполна со болка се молел на Својот Татко: „Татко Мој, ако е можно да Ме одмине оваа чаша, но сепак не како што Јас сакам туку како што сакаш Ти". На Него почивале гревовите на паднатиот свет и го притискале. Тој го чувствувал Татковиот гнев заради гревот; тоа чувство го разјадувало неговото срце во мачна агонија и предивикувало крвави капки кои од Неговото чело, кои се тркалале низ бледите образи и ја навлажнувале земјата. {2T 204.1}

Подигнувајќи се од земјата, Тој се вратил кај Своите ученици и ги затекнал како спијат. Му се обратил на Петар со зборовите: „Зар не можевте еден час да бдеете со Мене. Стражарете и молете се на Бога за да не паднете во искушение; бидејќи духот е силен, но телото е слабо". Учениците спиеле во тој најважен момент кога Христос побарал да стражарат со Него. Знаел дека му престојат сериозни судири и страшни искушенија. Ги повел со Себе за да Му бидат потпора и случките кои ќе ги доживеат таа ноќ и поуките кои ќе ги примат неизбришливо да се врежат во нивниот дух. Ова било потребно за да не потклекнат во верата и да се поткрепат за искушенијата што ги очекувале. {2T 204.2}

Но, наместо да стражарат со Христа, тие оптоварени со тага, заспале. Спиел дури и избувливиот Петар кој само неколку часа претходно тврдел дека ќе пострада за Него. Учениците спиеле во најкритичниот момент кога Божјиот син чувствувал најголема потреба за нивна љубов и огнени молитви. И многу загубиле со тоа спиење. Спасителот имал намера да ги засили за да можат да ги поднесат суровите искушенија на кои наскоро ќе бидат изложени заради својата вера. Да го поминале тој тажен час со својот Спасител во стражарење и молитва, Петар не би бил толку слаб да се откаже од својот Господ во моментот на искушение. {2T 204.3}

Божјиот Син се повлекол уште еднаш и се молел зборувајќи: „Татко мој, ако не може да Ме одмине оваа чаша без да ја пијам, тогаш нека биде волјата Твоја!" Повторно дошол кај Своите ученици и повторно ги нашол како спијат. Заспаните ученици ја прикажуваат заспаната црква во времето кога се приближува Господовото доаѓање. Тоа е време на облаци и густа темнина и спиењето ќе претставува најголема опасност. {2T 205.1}

Исус нам ни оставил опомена: „Стражарете значи; зашто не знаете кога ќе дојде господарот од куќата или навечер или на полноќ или во петли или наутро; за да не дојде одненадеж и да ве најде а вие спиете". Од Божјата црква се бара будно да стражари во

таа ноќ на исчекување, па колку и да е опасно и колку време и да трае. Тагата не е изговор за смалување на будноста. Неволјата не би смеела кај нас да предизвика безгрижност, туку треба да нè поттикне на двојна внимателност. Христос со Својот пример на црквата и покажал во што ќе биде изворот на нејзината сила во деновите на неволја, тага и опасност. Всушност таа будност ја означува црквата како Божји народ. Со ова, оние што чекаат се одвојуваат од светот и покажуваат дека се гости и дојденци на оваа земја. {2T 205.2}

Спасителот повторно тажно се завртел од Своите заспани ученици и се помолил и по трет пат со истите зборови. Тогаш се вратил кај нив и рекол: „Сè уште спиете и почивате; еве, се приближи часот, и Синот Човечки се предава во рацете на грешниците". Колку сурово било тоа
што учениците дозволиле сонот да им ги склопи очите, да им ги умртви чувствата додека нивниот Господ поднесувал неискажливи душевни маки! Да останале будни на стража, не би ја загубиле верата гледајќи го Божјиот син како умира на крстот. Таа значајна ноќ на стражарење
требале да ја поминат во душевна борба и молитва, за да добијат сила да се соочат со неизкажливите страдања на Божјиот Син. Би биле подготвени, здогледувајќи Го како се мачи на крстот, барем донекаде да ја сфатат природата на бескрајната тага што Тој ја чувствувал во Гетсиманската градина. И подобро би се сеќавале на Неговите зборови со кои ги опишал Своите страдања, смрт и воскресение. Во тој страшен час, час на неволја, зраци на надеж би се пробиле низ темнината и би ја поддржале нивната вера. {2T 205.3}

Христос им зборувал за тоа уште пред да се случи сè, но тие не Го разбирале. Глетката на Неговите маки претставувало огнено искушение за Неговите ученици. Затоа било потребно да бдеат и да се молат. Тие ќе мораат да доживеат победа над силите на темнината и затоа било потребно нивната вера да биде поткрепена од една невидлива сила. Ние само донекаде можеме да ја сфатиме неискажливата душевна болка на драгиот Божји Син во Гетсиманската градина кога сфатил дека последиците од човечкиот грев кој го примил на Себе Го одвојуваат од Бога. Тој го земал врз себе гревот на паднатиот род. Чувствувајќи дека Божјата љубов Му се ускратува, со измачена душа тажно зборувал: „Многу е натажена Мојата душа, дури до смрт". „Ако е можно да Ме одмине оваа чаша". Па тогаш додал, во целосно потчинување на Татковата волја: „Но сепак не како што сакам Јас туку како што сакаш Ти". {2T 206.1}

Божјиот Син губел свест и умирал. Таткото испратил еден гласник да Го оснажи божествениот маченик и да Му даде потпора да појде по патот попрскан со крв. Кога смртниците би биле во состојба да го видат запрепастувањето и болката на ангелските чети кога во немо очајување забележале како Таткото престанува да го опсипува Својот Син со зраци на светлина, љубов и слава, подобро би разбрале колку гревот е омрзнат во Неговите очи. Мечот на правдата се подигнал против љубениот Божји Син. Со издајнички бакнеж бил предаден во рацете на своите непријатели и одвлечкан во судницата на земскиот суд, каде што грешните смртници го исмејуваат а потоа го осудуваат на смрт. Тука Божјиот Син бил „ранет заради нашите престапи, биен за нашите беззаконија". Морал да претрпи навреди, потсмевање и срамно злоставување, додека „ликот Негов беше изобличен повеќе, отколку на секој човек, и обликот Негов, повеќе отколку на синовите човечки". {2T 206.2}

Кој може да ја сфати сета љубов која овде е искажана? Војска од ангели со чудење и болка гледале како Оној кој бил Величество на небото и носел круна на славата, сега носи трнлив венец, како крвава жртва на побеснетата толпа која сатанскиот гнев ја разгневил до лудило. Гледајте го трпеливиот Страдалник! На Неговата глава е трнов венец. Од сите рани Му тече крв. И сето тоа заради гревот! Само вечната љубов, која секогаш ќе остане тајна, можела да го одведе Христа да ја напушти небесната слава и почести и да дојде во овој грешен свет, каде ќе биде презрен и отфрлен од страна на оние кои дошол да ги спаси. {2T 207.1}

Чудете се, о небеса, затрепери земјо! Гледајте ги мачителите и жртвата! Огромната толпа го опкружила Спасителот на светот. Подбивање и исмевање се мешаат со клевети и хула. Бедните луѓе зборуваат за Неговото ниско потекло и скромниот живот. Свештениците и старешините се подбиваат на Неговото тврдење дека Тој е Божјиот Син; простачки шеги и навредливи зборови минуваат од уста до уста. Сатаната здобил целосна власт над духовите на своите слуги. За да може во целост да ја постигне својата цел, тој почнал од свештениците и старешините и ги вдахновил со верско лудило. Со нив завладеал истиот оној сатански дух кој ги води најзакоравените злосторници. И сите беа сложни во своите ниски чувства, почнувајќи од лицемерните свештеници и старешини па сè до оние најпонизните. Христос, љубениот Божји Син е одведен и на Неговите плеќи ставија крст. Секој Негов чекор бил попрскан со крв, која му течела од раните. Воден е на местото на распетие низ огромната толпа огорчени непријатели и бесчувствителни набљудувачи. „Беше мачен и злоставуван, но не ја отвори Својата уста; како јагне за колење беше воден и како овца нема пред оние кои ја стрижат не ја отвори Својата уста”. {2T 207.2}

Неговите несреќни ученици го следеле на извесно растојание, чекорејќи по злосторничката толпа. Тој е распнат на крст и подигнат да виси помеѓу небото и земјата. Срцата на учениците се стегале од болка затоа што нивниот љубен Учител е распнат како злосторник. Околу крстот се собрале заслепените, лицемерни и неверни свештеници и старешини, исмевајќи се: „Ти кој храмот го рушиш и за три дена го изградуваш; спаси се Себеси. Ако си Син Божји, симни се од крстот. Исто така и главните свештеници со книжевниците, старешините потсмевајќи се зборуваа: На другите им помага, а себеси не може да си помогне. Ако е цар Израилев нека се симне од крстот, па ќе веруваме во Него. Тој се надеваше во Бога, нека му помогне сега, ако му е мил, бидејќи зборуваше: Јас сум Син Божји”. {2T 208.1}

На сето тоа Исус не одговорил со ниту еден збор. Додека рацете му ги приковале со клинови, а капки пот избивале на Неговото маченичко тело, од бледите и трепеливи усни на невиниот Страдалник се слушнала молитва за љубов и простување за Неговите убијци: „Татко, прости им, затоа што не знаат што прават”. Сето небо со длабоко интересирање ја набљудувало оваа сцена. Славниот Откупител на паднатиот свет ја поднесувал казната затоа што човекот го престапил Божјиот закон. Тој штотуку го откупувал Својот народ со сопствената крв. Христос ја платил цената која ја бара Божјиот свет закон. Само така можело да се застане на патот на гревот и сатаната и да се издвојува победа над неговата војска. {2T 208.2}

О, дали некогаш постоело страдање и болка какви што Спасителот ги поднел умирајќи на крстот? Свеста за Татковото негодување ја направило Неговата чаша

особено горчлива. Телесните страдања несе тие кои толку брзо го прекратиле Неговиот живот на крстот, туку страшниот товар на човечките гревови и чувството дека е изложен на гневот на Неговиот Татко. Татковата слава и Неговото присуство го напуштиле и очај како темнина се срушил врз Него, измамувајќи болен извик од Неговите усни: „Боже мој, Боже мој, зошто Ме остави?” {2T 209.1}

Исус заедно со Таткото учествувал при создавањето на светот. Заслепените и прелажани луѓе останале нечувствителни за Неговите страдања. Свештениците и старешините го напаѓале Божјиот Син додека се наоѓал во смртни маки. Меѓутоа, неживата природа воздивнувала сочувствувајќи со нејзиниот Творец кој умирал. Земјата се затресла. Сонцето не сакало да ја гледа оваа сцена. Небото се завиткало во црно. Ангелите на почетокот го посматрале Христово страдање, а кога повеќе не можеле да издржат, го одвратиле погледот од страшната сцена. Христос умира! Тој очајува! На Него не почива повеќе охрабрувачката насмевка од Неговиот Татко, а на ангелите не им е дозволено да ја осветлат темнината на тој страшен час. Тие само можеле со чудење да гледаат како нивниот Заповедник, Величеството на небото, ја поднесува казната затоа што човекот го прекршил Татковиот закон. {2T 209.2}

Божјиот Син во тој смртен час го мачеле и сомнежи. Не можел да види низ вратите на гробот. Никаква светла надеж не Му прикажувала излегување од гробот, ниту дали Таткото ќе ја прифати Неговата жртва. Божјиот Син ја почувствувал во најголема можна мера стравотијата на гревот на овој свет. Сè што можел Тој да види во таа темнина, бил Божјиот грев заради гревот и казната. Паѓал во искушение да поверува дека заради одвратноста на гревот во Божјите очи, Таткото можел и да не се измири со Него. Страшната помисла дека Таткото засекогаш го оставил, го предизвикала оној страшен извик од крстот: „Боже мој, Боже мој, зашто Ме остави?” {2T 209.3}

Христос во многу што се чувствувал како многу грешници на кои ќе се излие чашата на Божјиот гнев. Очајот мрачен како смрт ќе ги обземе грешните души и тогаш тие во полна мера ќе ја согледаат сета стравотија на гревот. Божјиот Син со Своето страдање и смрт го издејствувал спасението за нив. Тоа може да биде и нивен дел ако го прифатат доброволно и со радост, но никој нема да биде принудуван на послушност на Божјиот закон. Ако ги одбијат небесните дарови и ги одберат задоволствата и измамите на гревот, ќе одлучат за својата судбина и на крајот како плата ќе го примат Божјиот гнев и вечната смрт. Засекогаш ќе бидат одвоени од Исуса чија жртва ја презреле. Тие, заради минливите задоволства на гревот со загубиле животот во блаженство и ја жртвувале вечната слава. {2T 210.1}

Христовата вера и надеж се колебале во моментите на смртните маки, затоа што Бог го отстранил тоа уверување кое дотогаш Му го давал на Својот возљубен Син за Неговото прифаќање и одобрување. Откупителот на светот во таа прилика се потпирал на доказите коишто дотогаш го крепеле, на верата дека Неговиот Татко го прима Неговото дело и дека е задоволен од Него. Жртвувајќи го Својот живот во смртни маки, Тој можел само со вера да се потпре на Оној на кого секогаш радосно се покорувал. Повеќе не Го осветлувале јасните зраци на надеж од никоја страна. Сè било обвиткано со злокобна темнина. И сред таа темнина во која се обвиткала дури и природата која сочувствувала со Него, Тој ја испил до дното таинствената чаша. Лишен дури и од светлата надеж и доверба во Својата победа во иднината, Тој гласно извикнал: „Татко,

во Твоите раце го предавам Својот дух”. Тој го познавал карактерот на Својот Татко, Неговата правда, милост и големата љубов и покорно се предал во Неговите раце. Сред потресот на вознемирената природа, набљудувачите запрепастени ги слушнале посмртните зборови на човекот од Голгота. {2T 210.2}

И природата сочувствувала со страдањата на својот Творец. Растреперената земја и распуканите карпи навестувале дека умира Божјиот син. Се почувствувал страшен земјотрес. Завесата на храмот се расцепила на две. Ужас ги опфатил извршителите и набљудувачите кога виделе како сонцето се обвиткува во темнина, земјата се свиткува под нив и кога забележале и слушнале како карпи се распаѓаат. Кога Христос го предал Својот дух во рацете на Својот Татко, престанало исмејувањето и потсмевот на свештениците и старешините. Запрепастената толпа почнала да се повлекува и низ темнината да бега во градот. Луѓето се удирале в гради и бегајќи од страв едвај чујно шепотеле: „Овој кој беше убиен беше праведник. Што ќе биде ако Тој навистина е Божјиот Син?” {2T 211.1}

Исус не го положил Својот живот пред да го изврши делото кое дошол да го изврши. Со последен здив Тој изговорил: „Се сврши”. Сатаната бил поразен. Знаел дека неговото царство било загубено. Ангелите ликувале кога Христос ги изговорил зборовите: „Се сврши”. Така бил остварен големиот план на спасение кој зависел од Христовата смрт. А на небото настанала радост затоа што Адамовите синови ќе можат да се воздигнат до Божјиот престол преку живот на вистинска послушност. О, каква љубов! Чудесна љубов! Таа го довела Божјиот Син на земјата за да страда заради нашите гревови, да нè помири со Бога и да ни овозможи да живееме со Него во Неговиот величествен дом. Што е човекот, за да биде платена толку голема цена за негово откупување? {2T 211.2}

Кога луѓето ќе ја сфатат сета големина на жртвата која ја поднел Небесниот цар умирајќи наместо човекот, тогаш планот на спасението ќе биде величан, помислата за Голгота ќе побуди нежни, свети и живи чувства во христијанските срца. Од нивните усни ќе одекне песна на слава на Бога и на јагнето. Во срцето каде што се живо присутни сцените од Голгота не може да се развие суета и самоценење. Тие кои ја сфаќаат големата цена платена за откуп на човекот, скапоцената крв на Божјиот Син, нема да придаваат голема важност на овој свет. Сите негови богатства не се доволни да откупат една единствена пропадната душа. Кој е во состојба да ја измири љубовта која Христос ја имал за загубениот свет кога висел на крстот и страдал заради престапите на грешните луѓе? Таа била неизмерна, бескрајна. {2T 212.1}

Христос покажал дека Неговата љубов била појака од смртта. Тој го остварил делото за човековото спасение; и иако бил изложен на жестока борба со силите на темнината, Неговата љубов станала сè посилна. Го поднел ускратувањето на Татковата поддршка и со очај во душата на крајот извикал: „Боже мој! Боже мој! Зошто Ме остави?” Неговата десница на луѓето им донесе спасение. Платена е цената за откуп на човекот, кога во последната борба на Спасителот се слушнале благословените зборови кои одекнале низ целата вселена: „Се сврши”. {2T 212.2}

Мнозина т.н. христијани се возбудуваат заради овоземските потфати, нови и возбудливи забави го поттикнуваат нивното интересирање, додека срцата им остануваат студени кон Божјото дело. Ова прашање, вие кутри формалисти, е доволно важно да ве возбуди и да ве поттикне. Овде станува збор за вечни интереси. Да се остане

мирен и рамнодушен пред такво прашање е грев. Сцените од Голгота предизвикуваат длабоки чувства. На овој предмет ќе бидете оправдани ако манифестирате ентузијазам. Нашиот ум и фантазијата никогаш не можат во целост да сфатат дека невиниот и кроток Христос можел да умре со таква мачна смрт, носејќи ги гревовите на светот. Ние не сме во состојба да ја сфатиме големината, ширината и длабочината на толку огромната љубов. Проучувањето за неспоредливата љубов на Спасителот треба да го исполни нашиот дух да ја допре и омекне нашата душа, да ги облагороди и возвиши нашите чувства и целосно да го преобрази сиот наш карактер. Апостолот рекол: „Бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа распнатиот". Ние исто така, треба да погледнеме кон Голгота и да извикнеме: „Да не даде Господ да се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот". {2T 212.3}

Со оглед на тоа дека нашето спасение е платено со толку огромна цена, каква ќе биде судбината на оние кои ќе го занемарат тоа големо спасение? Како ќе бидат казнети оние кои тврдат дека се Христови следбеници, а не живеат во понизна послушност кон заповедите на својот Откупител; не земајќи го крстот како кротки Христови ученици и не одаејќи по Него од јаслите до Голгота? Христос рекол: „Кој не собира со Мене, тој растура". {2T 213.1}

Некои имаат ограничени сфаќања околу делото на помирување. Тие сметаат дека Христос искусил само мал дел од казната кон Божјиот закон, дека љубениот Божји Син го почувствувал Божјиот грев, но дека низ сите тие свои страдања имал докази за Татковата љубов, дека прозорците на Неговиот гроб биле осветлени со светла надеж и дека имал цврсти докази за Својата идна слава. Свеста за Татковото негодување создала кај Христа голем душевен страв. Неговите душевни страдања биле толку големи, така што човекот може да има само една нецелосна претстава околу сето тоа. {2T 213.2}

Кај многу личности сторијата за снижувањето, понижувањето и жртвата на нашиот Господ не предизвикува длабок интерес, не ја допира душата и не влијае на животот токму како што ни историјата за смртта на Исусовите маченици. Многумина заминале во смрт после долго мачење; други биле распнати на крст. Во што смртта на љубениот Божји Син се разликува од нивната? Вистина е дека Тој умрел на крст со најсурова смрт; но и други заради Него исто толку страдале, што се однесува до телесните маки. Но тогаш зошто Христовите страдања би биле поголеми од страдањата на другите маченици кои својот живот го дале заради Него? Кога Христовите маки би се состоеле само во Христовите страдања, тогаш Неговата смрт не би била потешка од смртта на Некои маченици. {2T 214.1}

Меѓутоа телесните болки сочинувале само мал дел од страдањата на љубениот Божји Син. На Него, додека ја поднесувал казната за престапот на законот, почивале гревовите на целиот свет и свеста за Татковиот гнев. Тоа ја скршило Неговата божествена душа. Криењето на љубеното Татково лице и чувството дека Тој Го напуштил, го доведувало до очај. Невиниот маченик на Голгота во потполност сфатил и силно го почувствувал јазот кој гревот го направил помеѓу Бога и човекот. Го притискале силите на темнината. Ниеден знак на надеж не му ја осветлувал иднината. Се борел со сатаната кој навестувал дека Христос е во негова власт, дека е посилен од Божјиот Син, дека Таткото се откажал од својот Син и дека Христос повеќе не ја има Божјата

благонаклоност како што ја нема ни сатаната. Навистина, ако сè уште се наоѓал во Неговата благонаклоност, зошто мора да умре? Бог би можел да Го спаси од смртта. {2T 214.2}

Христос ниту во Своите најголеми маки во ништо не попуштил на непријателот кој го мачел. Чети зли ангели се наоѓале околу Божјиот син. А на светите ангели не им било наложено да ги разбијат нивните редови и да стапат во борба против непријателот кој се подбивал. На небесните ангели не им било дозволено да му служат на напатениот дух на Божјиот син. Во тој страшен час на темнина кога Татковото лице било скриено, кога војската на злите ангели се наоѓала околу Него, кога гревовите на светот почивале врз Него, од Неговите усни се слушнале зборовите: „Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави?" {2T 214.3}

Смртта на мачениците не може да се спореди со страдањата низ кои минал Божјиот Син. Мораме да имаме поширок и подлабоки познавања за животот, страдањата и смртта на љубениот Божји Син. Ако правилно го поимиме делото на помирување, тогаш и ќе увидуваме дека спасувањето на душите е од непроценлива вредност. Во споредба со вечниот живот, сè друго станува безначајно. Меѓутоа, како се презираат советите на овој милостив Спасител! Срцата се посветуваат на светот, а себичноста ја затвора вратата пред Божјиот син. Лицемерството и гордоста, себичноста и добивката, љубомората, подмолноста и страста толку ги исполнило срцата на многу луѓе, што за Христа во нив нема место. {2T 215.1}

Тој бил бескрајно богат, но заради нас станал сиромав за да можеме ние, преку Неговото сиромаштво да се збогатиме. Тој бил облечен во светлина и слава, обиколен со војска од небесни ангели кои биле спремни да ги извршуваат Неговите наредби. Сепак Тој ја земал нашата природа и дошол да живее меѓу грешните смртници. Тоа е љубовта која не може да се искаже со никакви зборови. Таа го надминува секој ум. Голема е тајната на побожноста. Нашите души треба да оживеат, да се воздигнат и да бидат восхитени од љубовта на Таткото и Синот кон човекот. Христовите следбеници уште овде треба да научат во извесна мера да ја рефлектираат таа таинствена љубов, како подготовка пред да се придружат кон воскликот на сите спасени во оддавање на „благослов и чест, слава и владеење, . . . на Оној што седи на престолот и на Јагнето во сите векови". {2T 215.2}

---

30. ОПОМЕНИ НА ЦРКВАТА

Драги браќа во _____, вие не се наоѓате во светлина како што Бог би сакал. Ми беше укажано за примањето души во _____ минатата пролет и видов дека вие не сте биле спремни за тоа дело. Не сте очекувале ниту сте верувале дека таквото дело може тогаш да се оствари во вашата средина. Но тоа е остварено и покрај вашето неверување и без соработката на многумина од вас. {2T 216.1}

Кога веќе сте имале толку докази за Божјата милост кон Неговиот народ, бидејќи гласот на милоста ги повикувал грешниците и отпадниците да се приближат кон Христовиот крст, зошто не се придруживте на оние кои го носеа товарот на делото?

Зошто не дојдовте на помош на Господа? Некои меѓу вас беа како одземени, зачудени и запрепастени и не беа спремни во целост да учествуваат во остварување на делото. Многумина се фатија за работа, но преку сила. Тоа е голем доказ за млакоста на црквата. {2T 216.2}

Вашата наклонетост кон светот не дозволува широко да ги отворите вратите на своето срце за чукањето на Исуса Христа Кој сака да влезе. Господ на славата Кој ве откупи со Својата крв чека пред вашата врата да Го пуштите внатре; но вие не ја отворате вратата и не го поздравувате со добредојде. Некои ја подотвораат вратата и преку тој отвор влегува малку светлина која зрачи од Неговото присуство, но тие не го поздравуваат со добредојде небесниот Гостин. Во нивното срце нема место за Исуса. Местото кое е одредено за Него е заземено од други нешта. Исус ви зборува: „Ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него и тој со Мене". Сте морале да извршите едно дело за да можете да ја отворите вратата. Извесно време сте биле спремни да слушате и да ја отворите вратата, но подоцна дури и таа склоност исчезнала и вие за себе не сте го обезбедиле друштвото на небесниот Гостин, иако сте имале можност за тоа. Некои пак, во меѓувреме ја отвориле вратата и срдечно му посакале добредојде на својот Спасител. {2T 216.3}

Исус со сила нема да ја отвори вратата. Вие мора сами да ја отворите и со искрено добредојде да покажете дека го сакате Неговото присуство. Ако сите вие уредно ги расчистевте отпадоците од овој свет, и ако приготвевте место за Исуса, Тој би влегол, би бил со вас и преку вас би извршил големо дело за спасување на други. Меѓутоа, иако вие не сте биле подготвени, делото со голема сила почнало да се остварува меѓу вас. Отпадниците се враќале, грешниците се обраќале и гласот за тоа се ширел по целата област. Луѓето биле придвижени. Ако црквата притекнела на помош на Господа и да го отворела целосно патот за понатамошна работа, во _____ и _____ во целата таа област би било извршено такво дело, какво што никогаш порано не сте доживеале. Но духот на браќата не беше разбуден и сите во голема мера беа рамнодушни кон тоа дело. Некои кои отсекогаш тежнееле да си угодат себеси, не можеле ни да замислат своите мисли да ги свртат од сопствената личност, дури и кога е во прашање спасувањето на душите. {2T 217.1}

Господ на нас го ставил тој товар. Ние бевме спремни да дадеме сè од себе ако сакавте да дојдете со нас во помош на Господа. Но тука беше направен голем пропуст. Вие сте покажале страшна неблагодарност наспроти доказите за Божјата сила во вашата средина. Ако ги прифатевте знаците за Божјата милост и љубов онака како што би требало, со благодарни срца, и ако се соединевте во работа со Божјиот Дух, не ќе се наоѓавте во оваа сегашна положба. Откако тоа драгоцено дело било извршено меѓу вас, вие сте паѓале сè пониско и духовно сте венееле. {2T 217.2}

Вие сè уште не ја сфаќате параболата за загубената овца. Не сте ја примиле пораката која ви ја намени божествениот учител. Бевте слаби ученици. Прочитајте ја параболата од Лука 15-та глава: „Кој од вас, ако има сто овци, и ако загуби само една од нив, нема да ги остави останатите деведесет и девет во пустината и нема да оди да ја бара загубената, сè додека не ја најде? А откако ќе ја најде, ќе ја крене на рамо радосен; и кога ќе дојде дома, ќе повика пријатели и соседи, и ќе им рече: Радувајте се со мене, зашто ја најдов мојата загубена овца". {2T 218.1}

Тука беа многу отпадници кои се нашле во темнина застранувајќи од стадото. Но особено се истакнува случајот на братот А. Не беа мудро вложени сите напори за да се спречи неговото заминување. А кога веќе заминал, не е преземено ништо тој да се врати. Околу овој случај изникнуваа повеќе озборувања отколку што постоело искрено вистинско жалење. Сето ова само го одвојувало од стадото. Неговото срце сè повеќе се одвојувало од браќата, и сè потешко било да се издејствува негово спасение. Колку се разликува тој став од постапката на пастирот во параболата кој ја барал загубената овца. Сите деведесет и девет овци ги оставил во пустината, изложени на големи опасности, сами да водат грижа за себе; осамената овца, одвоена од стадото, се наоѓала во уште поголема опасност и пастирот ги оставил деведесет и деветте за да ја спаси таа една. {2T 218.2}

На некои во црквата не им значи многу враќањето на братот А. Тие не се потрудиле да се откажат од своето достоинство и гордост и така да вложат напор и да го вратат кон светлината. Стоеле во својата гордост и велеле: „Ние не сакаме да го побараме, тој нека нè побара нас". Тој ги забележал чувствата кои неговите браќа ги негувале кон него и му било невозможно да ги побара. Кога би ја послушале поуката која им ја дал Христос, тие би биле спремни да се откажат од својата гордост и би ги побарале оние коишто заталкале. Тие би плачеле над нив, би се молеле за нив, и би ги молеле да бидат верни на Бога и на вистината и да останат во црквата. Но мнозина сметале: „Ако сака да си оди, нека си оди". {2T 218.3}

Кога Господ ги пратил Своите слуги за да го извршат она дело за тие заталкани кое требало вие да го извршите, дури и кога сте добиле потврда дека Господ праќа порака на милост на кутрите заталкани души, вие не бевте спремни да се откажете од своите идеи. Не сте чувствувале за своја должност да ги напуштите деведесет и деветте овци и да ја побарате загубената, сè додека не ја најдете, па затоа и не сте ни постапиле така. А кога овцата била најдена и со радост била вратена на стадото, дали и вие се радувавте? Ние се обидовме да ве разбудиме и да ве собереме како што пастирот ги собира своите соседи и пријатели, за да се радувате со нас; но вие тоа не го сакавте. Сметавте дека овцата направила големо зло, напуштајќи го стадото, наместо да се радувате за враќањето на својот брат, вие му дадовте до знаење дека треба да чувствува жалење затоа што го напуштил своето стадо и дека неговото враќање треба да биде такво какво што вие сте го замислиле. И откако тој се врати, вие кон него негувавте чувство на завист. Постојано го демневте како би забележале дека кај него нешто не е во ред. Некои не беа задоволни, бидејќи не сакаа да ги прифатат работите такви какви што тие и навистина се. {2T 219.1}

Вие не се познавате себеси. Некои се себични и тоа го намалува нивното влијание и труд. Небото повеќе се радува за еден грешник кој се кае отколку за деведесет и девет праведници на кои не им е потребно покајание. Ако црквата умееше да го цени Господовото дело во својата средина, таа од овој случај ќе постанеше сè посилна и посилна. Но наместо сите во делото да ја внесат сета своја душа и искрено, со сите свои сили да се заложат да го продолжат делото по нашето заминување, тие постапиле како ова да не ги интересира, особено во тоа што играле улога на набљудувачи, спремни да ја изразат својата недоверба и забелешки таму каде што ќе се укаже прилика. {2T 219.2}

Покажан ми е случајот на братот Б. Тој се чувствува несреќен. Незадоволен е од своите браќа. Од пред извесно време сметал дека должност му е да ја носи веста. Тој е надарен за тоа и кога станува збор за познавањето на вистината, има способности, но му недостасува култура. Тој не научил да се совладува. Потребна е голема мудрост за да се пристапува на душите, а тој не е способен за тоа дело. Тој ја сфатил теоријата, но не се воспитувал себеси за долготрпение, благородност, љубезност и вистинска учтивост. Кога би се појавило нешто што не одговара на неговото сфаќање, тој не застанува и не помислува дали е мудро тоа да се истакне, или дали треба се помине преку тоа и подоцна да се разгледа проблемот, туку веднаш се подготвува за борба. Тој е строг, остар, непопустлив и ако работите не одговараат на неговото гледиште, веднаш создава незгоди. {2T 220.1}

Неговата природа е повеќе склона за војна отколку за мир и слога. Ја нема онаа мудрост која секому дава храна на време. „И така разликувајќи ги, едни милувајте, а друго со страв спасувајте, истргнувајќи ги од оган и изобличувајќи ги со страв, и гнасејќи се од облеката, испоганета од телото". Братот Б има малку знаење за да ја направи оваа разлика. Груб е во однесувањето и невоздржлив при работа со душите. Тоа му оневозможува да стане мудар, грижлив пастир. Пастирот мора да има благородна великодушност, храброст, цврстина, љубов и нежност. {2T 220.2}

Братот Б ќе дојде во опасност повеќе да руши отколку што може да изгради. Тој сите свои сили не ги довел во покорност на Божјата волја. Не се преобразил со обнова на својот ум. Тој е задоволен со себеси и не се потпира целосно на Божјата благодат; неговите дела не се направени во Бога. Да се биде пастир значи да се заземе една многу значајна, одговорна положба; да се пасе Божјото стадо значи да се врши возвишена и света должност. Брате Б, Господ не те смета за подобен да го чуваш Неговото стадо. Ако се научеше да владееш со себеси во своето религиозно искуство, ако чувствуваше потреба да ја воздигнеш својата душа, да го исчистиш своето срце со духот и да се покориш со сето свое битие на Божјата волја, сега можеби би бил во состојба да правиш добро и да ширш влијание кое ќе воздигнува и спасува. {2T 220.3}

Брате и сестро Б, вие мора да извршите работа која никој не може да ја изврши наместо вас. Вие постојано се жалите и мрморите. Мора да се потрудите да ги победите своите вродени чувства. Живејте сами за Бога и знајте дека не сте одговорни за туѓите грешки. Видов, брате Б, дека сигурно ќе подлегнеш на сатаната и ќе претрпиш бродолом во верата, ако не престанеш да им замеруваш на другите и ако не побараш од Бога да ти подари вера чиста и без мана. Мора да се воздигнеш во своите мисли и зборови и целосно да се преобразиш. {2T 221.1}

Пред тебе е живот или смрт. Треба да имаш на ум дека се наоѓаш пред големиот Бог и дека Тој не е дете со кое можеш да си играш. Не можеш да влезеш во Негова служба кога ти е мило и да ја напуштиш кога ќе посакаш. На твојата душа ѝ е потребен препород. Брате мој, сите оние кои слично како тебе не успеале да растат во Божјата благодат, усовршувајќи светост во Негово име, ќе бидат во голема опасност во овие денови на опасност и неволја. Ќе се види дека темелот го поставиле на песок, а не на цврстата карпа - на Исуса Христа. {2T 221.2}

Ти се владееш според своите чувства. Се немаш измирено со своите браќа затоа што не си пратен да ја проповедаш вистината. Ти не си соодветен за таа доверба. По тебе

треба да одат неколкумина способни проповедници за да ги залечат раните кои што ти ги правиш со своето грубо однесување. Бог не е задоволен со тебе и јас се плашам дека нема да го достигнеш вечниот живот. {2T 221.3}

Немаш време за губење. Вложи сериозни напори за да се избавиш од сатанските стапици. Треба да се поучуваш од Исуса Кој е кроток и понизен во срце. Тогаш ќе најдеш покој. О, уште колку многу мора да работиш за да усовршиш светост во Божји страв и за да се подготвиш за друштвото на чистите и свети ангели! Треба да го понизиш своето срце пред Бога и да настојуваш да станеш кроток и праведен, за да бидеш заштитен на денот на страшниот Божји гнев. {2T 222.1}

Брате Б, Господовиот благослов беше на тебе минатата пролет, но ти не беше во состојба да увидиш дека стражарењето и молитвата се неопходни за напредување во божествениот живот. Ти не ги извршуваше овие должности и затоа те обвитка темнина. Се наоѓаше во некоја состојба на неизвесност и недоверба и честопати бараше друштво на луѓе кои беа во темнина, а со кои сатаната се користи за да растура од Христа. Ако те водеше Бог со Своето провидение, можеше да живееш помеѓу најрасипаните луѓе, а сепак да останеш чист и неизвалкан. Но за оние кои сакаат да Го прославаат Бога опасно е да бараат задоволство и забава во друштво на луѓе кои не се плашат од Него. Сатаната секогаш ги обвиткува таквите со голема темнина, и ако тие коишто зборуваат дека се христијани без потреба навлегуваат во таа темнина, сами го наведуваат ѓаволот да ги искушува. Ако, за да правиме добро и да го прославиме Неговото име, Господ бара од нас да одиме кај тие пеколни духови, каде темнината е најтемна, Тој нас ќе не опкружи со ангели коишто ќе нè чуваат за да не се извалкаме. Но ако сакаме да бидеме во друштво на грешниците само за да се насладуваме со нивните груби шеги, да се забавуваме со нивните приказни, игри и непристојности, чистите и свети ангели ќе ја ускратат својата заштита и ќе не препуштат во темнина која самите сме ја одбрале. {2T 222.2}

Брате Б, сакам да ти укажам на опасноста која те демне и да те поттикнам на работа. Те преколнувам да го побараш Бога кој те повикува да дојдеш кај Него за да добиеш живот. Стражарење, молитва, работа, тоа се лозинките на христијанинот. Сатаната е неуморен во своите настојувања. Неговата упорност е постојана, а ревноста силна и непоколеблива. Сатаната не чека пленот да му дојде при него, туку тој оди по него. Тој ги истргнува душите од Христовите раце и цврсто е решен да успее во тоа. Па сепак, христијаните спијат во своето слепило, нездрави во своето постапување. Бог не е во нивните мисли. По нив се прикрадува еден секогаш буден непријател; сепак, тие не се во опасност сè додека се надеваат во Бога. Но, ако не го прават тоа, нивната сила ќе се претвори во слабост и тие ќе бидат совладани од сатаната. {2T 222.3}

Брате Б, ти се изложуваш на голема опасност кога дозволуваш да те опфатат сомнежи. Не смееш и понатаму да се движиш во правецот по кој досега одеше. Ти си во постојана опасност. Сатаната ти е на трага, сугерирајќи сомнежи и причинувајќи неверие. Ако стоеше цврсто држејќи се за Божјите совети, ти можеше да донесеш многу добра на оние кои денес го бараат твоето друштво. {2T 223.1}

Кутриот брат Ц го почувствувал влијанието на Божјиот Дух, но немал доволно искуство. Не се ослободил целосно од своите стари навики. Не го земал Бога за своја постојана потпора и се лизнал. Нема слога помеѓу Бога и Велијар. Ти би му помогнал

кога би ја имал врската со небото, како што тоа требало да биде. Но твојата неверност, зборови и постапки само го охрабрија во неговото отпадништво и го замолкнале во него гласот на совеста. Твојот живот за него не претставувал прекор во моментот кога сè му тргнало надолу. Ако живееше за Бога, можеше да сториш добро. Твојата сила е крајна немоќ, твојата мудрост лудост, но ти тоа не го увидуваш. Си се задоволил со една теорија која била исправна, но не ја увидуваше важноста на Божјата сила. Ти си ја занемарил духовната страна на верата. Сето твое битие би требало да го бара Светиот Дух - животот и силата на верата во душата, којшто ќе ти помогне да го распнеш своето јас и којшто ќе ти помогне да стекнеш цврста доверба во твојот Откупител. {2T 223.2}

Ти се наоѓаш во страотна темнина и ако не се разбудиш во Божје име и не ги скршиш сатанските окови, ќе доживееш бродолом на верата. Господ нема ни најмала намера да те напушти и Неговата љубов кон тебе е толку голема што, без разлика на тоа што твојот живот не бил во склад со Неговата волја и што твоите дела Го навредувале, небесното Величество те удостојува со Своето присуство и ти остава благослов: „Еве стојам на врата и чукам". Негови се величенствените дворови на славата и небесните радости; но Тој сепак се понизил и затропал на вратата на твоето срце за да те благослови со Својата светлина и те повикал да се радуваш во Неговата слава. Негово дело е да бара и да спасува загубени и оние на кои им се заканува смртна опасност. Тој сака да ослободи што е можно повеќе луѓе од смртта и гревот, да ги воздигне до Својот престол и да им подари вечен живот. {2T 224.1}

Брате Б, послушај ги овие молби, освести се и отфрли ги твоите сомнежни. Што те наведува на нив? Твојот непосветен живот, со кој се одвои од Бога, исполнет со несериозност и шеги. Ти немаш доволно трезвеност и тоа ги загрозува твоите вечни интереси. Христос те повикува да се откажеш од своите лудости. Ти не растеш во благодатта и во познавањето на вистината. Ти не служиш на чест на Божјото дело. Не се воздигнуваш, туку паѓаш се пониско и пониско. Не развиваш карактер за небото и за вечниот живот. {2T 224.2}

Си угодуваш самиот на себе губејќи го времето со површни работи, наместо да го минуваш во кругот на своето семејство подучувајќи ги своите деца на Божјите патишта и дела. Часовите кои ги минуваш во друштво кое само ти нанесува штета, треба да ги посветиш на молитва и во проучување на Божјата реч. Мора да сфатиш дека на тебе лежи одговорноста како глава на семејството, за да ги подигнеш своите деца во воспитанието и науката Господова. Каква сметка ќе поднесеш на Бога за своето погрешно потрошено време? Какво влијание вршиш на оние коишто во себе немаат Божји страв? „Така да светли вашето видело пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да го слават вашиот Татко којшто е на небесата". Бог нека ти ги помаза очите за да ја видиш опасноста во која се наоѓаш. Јас кон тебе негувам длабока наклонетост. Срцето ме боли заради тебе. Искрено сакам да се воздигнеш на висината на која според своите способности можеш да ја достигнеш. Ти си во состојба да чиниш добро. Твоето влијание, кога би било насочено во добар правец, би било од корист. Брате Б, ти си тргнал кон патека која води надолу. „Вратете се, вратете се," „зошто да умирате?" {2T 224.3}

Ако продолжиш по патот по кој сега одиш, ќе ја изневериш вистината и Божјата реч. Секогаш бдеј и моли се. Целосно посвети се на Господа и тогаш нема да ти биде тешко

да му служиш. Твоето срце е поделено. Заради тоа те опкружува мрак наместо светлина. Сега се објавува последната порака на милоста. Тука се покажува Божјото долготрпение и милост. Дојди, тоа е повик кој ти се упатува, сè е подготвено. Тоа е последен повик на милоста. Потоа доаѓа одмаздата на навредениот Бог. {2T 225.1}

Брате Б, во себе треба да развиеш едноставност, љубов, долготрпение и слога со своите браќа. И немој, о, немој да го продадеш толку евтино вечниот живот. Ако се одвоиш од вистината, никогаш нема да ја познаеш вистинската среќа; ќе бидеш навистина несреќен. Небото е достојно за него да се поднесе секаква жртва. Раскини ги врските со сатаната. Исус сега те повикува; дали ќе го послушаш Неговиот глас? Мора да се издигнеш на поголема височина од онаа на која моментно се наоѓаш. Твоја главна цел нека биде да го задобиеш небесното царство и Христовата правда. Живеј за Бога и небото и ќе ја добиеш вечната награда на крајот од трката. {2T 225.2}

---

31. РАЗМИСЛУВАЊА ЗА СТАПУВАЊЕ ВО БРАК

Укажано ми е на минатиот мај, кога Господ го посети _____, и ми беше покажан случајот на братот Д. Тој не беше спремен да учествува во Божјото дело. Неговиот ум и срце се наоѓале на друго место. Тој размислувал за стапување во брак и не можел да го слушне Исусовиот повик. „Дојдете, зошто веќе сè е готово". Тој сето свое внимание го посветил на намерата да стапи во брак. Немал време, ниту наклонетост да ја отвори вратата на своето срце на милостивиот Гостин. Да постапел така, Христос би му дал добар совет, кој би бил за него од непроценлива вредност. Христос во вистинска светлина би му укажал на опасноста од попуштањето на една упорна склоност и запоставување на Божјата слава и одлуката на здравиот разум. Христос би го предупредил да не оди по патот на оние коишто паѓаат и пропаѓаат. Но тој брат не смета дека Бог има право на него и дека нема право да направи ниту еден чекор пред да се обрати на Оној којшто го откупил. Нам ни е наложено сè што правиме - да правиме на Негова слава. {2T 225.3}

Дали брате Д, како ученик и следбеник на Христа Му се обраќаше во понизна, искрена молитва и дали Нему му ги довери своите патишта? Ти тоа не го направи. Не ги испитуваше своите побуди, ниту постапуваше грижливо, за да не нанесеш штета на делото на Христа, твојот Откупител. Не се запраша дали тој твој чекор ќе ја зголеми твојата духовна чувствителност, дали ќе ја поттикне твојата сесрдност и ќе те засили да се откажеш од себе си и да станеш поцврст во вистината. Не си го познавал своето срце. Делувањето на Божјиот Дух се забележувал во црквата, но ти не си тежнеел по тој божествен Дух. Небесните работи не те привлекувале. Си бил примамен од нова надеж дека својот живот ќе го соединиш со друг живот. Не си ни помислувал дека бракот во голема мера ќе влијае на текот на твојот живот, колку и да е тој краток. {2T 226.1}

Си можел да увидиш дека ти претстои потчинување на сопственото зло срце, и затоа не смееш да се врзуваш за личност чие влијание само ќе ги отежнува твоите напори кон самосовладувањето и патот кон небото ќе го прави уште пострмен. Твоето напредување во верата сега е десет пати потешко отколку кога беше сам. Вистина е дека беше многу

осамен, бидејќи загуби драгоцена скапоценост. Но ако се посоветуваше со своите браќа и ако своите патишта ги довереше на Господа, Тој би те упатил кон онаа која би ти била од помош, а не препрека. {2T 226.2}

Ако понизно се обратиш на Господа со сето свое срце, Тој ќе ти се смилува и ќе ти помогне. Но положбата во која сега се наоѓаш, те лишува од секаква сила и ти се подготвуваш да се откажеш од својата вера и покорност на Бога за да угодиш на својата втора жена. Бог нека ти се смилува, бидејќи ти претстои пропаст ако не се освестиш како вистински Христов војник и повторно да ја започнеш борбата за твојот вечен живот. Твоја единствена сигурност е да бидеш близу до твоите браќа и од нив да ја добиваш сета можна потпора за да останеш во вистината. Ти се подготвуваш да ја жртвуваш вистината за овде да бидеш среќен и мирен. Евтино ја продаваш својата душа. Сега должност ти е да направиш сè што е во твоја моќ да ја направиш својата жена среќна, а притоа да не ги жртвуваш начелата на вистината. Треба да бидеш трпелив и љубезен. Така ќе бидеш во состојба да ја прикажеш моќта на вистинската благодат и дејството на вистината. {2T 227.1}

Ми беше покажано дека љубовта кон парите претставува за тебе стапица. Парите навистина немаат никаква вредност, освен што ни даваат можност да правиме добрини, да ги користиме на оние кои се во немаштија и да го потпомагаме Божјото дело. Оние малку пари коишто ти ги имаш претставуваат стапица за тебе и ако не ги употребиш како мудар и верен Господов повереник, нема да имаш никаква корист од нив освен беда. Ти си скржав и тесноград. Треба да негуваш во себе благородност и широкоградност и треба да се одвоиш од светот, инаку ќе бидеш совладан. Така измамливоста на богатство ќе ја расипе твојата душа, и она добро што е во неа ќе подлегне на злото. Ќе ликува себичноста и љубовта кон добивката. {2T 227.2}

Ако ти, драги брате, бидеш спасен, тоа навистина ќе биде вистинско чудо на милоста. Во тебе сè повеќе расте љубовта кон овој свет. Добро запамети ги Христовите зборови: „Љуби го Господа својот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа и со сите свои мисли. Ова е прва и најголема заповед. Другата е и како оваа: љуби го својот ближен како самиот себе. На овие две заповеди виси сиот закон и пророците". Брате мој, ти не се покоруваше ниту на првата, ниту на втората од овие две заповеди. Ти не се притеснуваш да извлечеш корист, иако тоа би било на штета на твојот ближен. Ти гледаш само на своите себични интереси и зборуваш: „Зар сум јас чувар на својот брат?" {2T 228.1}

Ти не стекнуваш богатство на небото и не се богатиш во Бога. Твоето јас и твојата себичност ја загрозуваат вистинската побожност на твојата душа. Ти се поклонуваш на богот на овој свет, твоето срце се отуѓило од Бога. Еден вдахновен писател вели: „А патот праведнички е како светло видело, кое сè повеќе свети додека не дојде вистинскиот ден". Можеби чекорите на христијанинот понекогаш ќе изгледаат слаби, несигурни, но тој знае за својата слабост и се потпира на Семоќниот за поддршка. Тој добива помош и сигурно оди сè понатаму и нагоре кон совршенството. Тој секој ден задобива нови победи и се приближува сè повеќе кон совршената светлина. Неговите очи не се вперени надолу, кон земјата, туку нагоре, имајќи го секогаш пред себе небесниот Пример. {2T 228.2}

Брате Д, сјајот и блескавоста на минливите земски работи ти ја засениле небесната убавина, и ја смалиле вредноста на вечниот живот во твоите очи. Јас како Христов слуга те проколнувам да се разбудиш и да се видиш себеси онаков каков што всушност си. Заработката која ја стекнуваш на својот сегашен пат ќе претставува губиток за вечност. Ти на крајот сепак ќе увидиш дека страшно си згрешил, но оваа грешка нема да може повеќе да се поправи. {2T 228.3}

Сега сè уште можеш да го измениш својот правец, и да одговориш на повикот на милоста и животот. Радувај се што твоето време на милост сè уште не е завршено, што сè уште можеш со трпеливо правење добрини да ја бараш славата, честа, бесмртноста и вечниот живот. Радувај се што онаа, која со години ти била верен сопатник повторно ќе стане, и животот ќе ја победи смртноста. Гледај нанапред, на утрото на воскресение кога од својот затвор ќе излезе таа којашто толку години делела со тебе радост и тага. Сакаш ли таа напразно да те очекува тебе, својот другар? Зар да не бидеш таму кога таа победносно ќе воскликне: „О, смрт, каде ти е, осилото? О, гробу каде ти е победата?" О, во тој ден светите ќе доживеат голема почест. Тогаш нема да има никаков срам, никакво исмевање, ниту страдање, туку од усните на откупените ќе излегуваат зборови на мир, радост и вечна фалба. О, кога Бог би прозборувал на твоето срце и би ти ја покажал вредноста на вечниот живот. Нека, брате мој, бидеш воден така што ќе стекнеш блгородно срце и верно да ги извршуваш своите должности на слуга, управувајќи го секогаш својот поглед кон Бога, за да може Тој да ти рече: „Добро извршено, верен и добри слуго: . . . влези во радоста на својот Господар". {2T 229.1}

---

32. ОПАСНОСТ ОД БОГАТЕЊЕ

Видов дека некои се прелажани во поглед на состојбата во која се наоѓаат. Тие гледаат на богатите и сметаат дека само таквите го сакаат овој свет и дека единствено на таквите им се заканува опасност да станат алчни. Но не е секогаш така. Сите оние коишто имаат пари се во постојана опасност, одговорни за секој талант кој Господарот им го доверил. Но и оние коишто немаат многу на овој свет често пати мислат само за себе и не прават сè што е во нивна моќ и она што Бог го бара од нив. Тие често пати се во можност да прават добрини, но бидејќи толку долго мислеле само на себе и на своите интереси сметаат дека поинаку и не можат да постапат. {2T 229.2}

Видов дека братот и сестрата Е. се наоѓаат во голема опасност поради тоа што без престанок мислеле само на себе. Во овој поглед особено многу греши сестра Е. Таа скоро безгранично се сака самата себеси. Ти си, сестро, недоволно подготвена за да можеш да опстанеш во страшниот Господов ден. Ти не го следиш примерот на Исуса. Во Неговиот цел живот немаше ниту еден себичен чин. Ти мора да извршиш едно дело кое никој друг не може да го изврши наместо тебе. Откажи се од себичноста и потчини се на Духот и на Божјата волја. Труди се да бидеш таква за да може Бог да те прими. Ти си нагла по природа, лесно се возбудуваш и нерасположена си. Работиш повеќе отколку што тоа твоите сили ти овозможуваат. Тоа и не е некаква доблест, бидејќи Бог тоа не го бара. Вистинската причина е сепак себичноста. Твоите побуди не заслужуваат никаква

пофалба. Ти избегнуваш да примиш на себе одговорност и грижа за другите, сметаш дека другите тебе треба да ти бидат при рака. За жалење е тоа што си галена од самото детство така што не си научила да се покоруваш. И сега кога веќе си во години треба да го остваришона што требало да го направиш уште во детството. Твојот маж ти удоволувал на сите твои желби и гледал да ги задоволи твоите каприци. Тоа само ти наштетило. {2T 230.1}

Себичноста, која се изразува на повеќе начини, зависи од околностите и особините на самиот човек, мора да умре. Ако имаше деца и би била присилена да се оттргнеш од себеси за да се грижиш за нив, да ги поучуваш, да им даваш пример тоа би било добро за тебе. Ти во своето семејство си барала да ти се укажува она влијание и попустливост која се укажува на децата. На тебе ти е потребно внимание и ти тоа ќе го имаш. Меѓутоа, никогаш не си помислила дека должност ти е да се грижиш за доброто на другите и да им бидеш од корист. Ти си самоволна и сакаш секогаш да ги спроведеш своите намери. Кога сè оди како што треба, ти донесуваш плодови коишто треба да ги донесува вистинскиот христијанин, но кога ќе наидеш на пречки, се случува сосема спротивното. Наликуваш на самоволно размазено дете кое заслужува казна. Кога едно семејство го сочинуваат само две личности, како што е тоа со случајот со вас, и кога нема деца на кои би го посветиле своето целосно внимание, нежност и вистинска љубов, треба постојано да се биде внимателен за да не преовлада себичноста, самите да си станете најважни и за себе да си укажувате внимание, грижа и интересирање кое сте должни да го укажувате на другите. Грижата за децата во семејниот круг, за да може нивниот дух и срце да се облагородат во секојдневниот домашен живот, бараат да се помине голем дел од времето во домот. {2T 230.2}

Вие не го облагородувате своето срце и не правите добрини со средствата коишто Бог ви ги дал. Вашето влијание би било посилно кога би чувствувале потреба да направите нешто за оние на кои помошта и охрабрувањето им се потребни. Но вие толку долго сте се грижеле за личното задоволство, така што не сте во состојба да им користите на своите ближни. Мора да се дисциплинирате за да можете да ги совладате своите склоности и мисли. Испитувајте се самите себеси за да можете својата волја и своите сили да ги потчините на Духот и на Божјата волја. Вие сте се затворилесамите во себе. Предност на секој вистински христијанин е да врши добро влијание на оние со кои доаѓа во допир. {2T 231.1}

Ти, моја сестро, ќе бидеш наградена според своите дела. Испитај ги внимателно своите побуди и искрено провери дали си богата во добри дела. Укажано ми е на _____ и околината каде што Господ извршил големо дело минатата пролет. Ангелите на милоста го опкружувале Божјиот народ и оние срца коишто не го познавале Бога и вистината беа длабоко трогнати. Господ би го проширил делото кое што толку милостиво го започнал, ако браќата соработуваа онака како што треба. Ти толку долго си угодувала на своите желби и си одела по своите лични удобности, што помислата на можните неудобности те навела да ја затвориш вратата низ која би можела да бидеш корисна во Божјото дело. {2T 231.2}

Така, вие сте ја одиграле својата улога, а другите се повлекле стравувајќи од издатоци и сметајќи дека ќе загубат време ако присуствуваат на богослуженијата. Недостасувала христијанска срдечност. Пред нас светот лежел во безбожност, изложен

на Божјиот гнев, а кнезот на темнината ги држел кутрите души; а оние кои морале да се разбудат и да учествуваат во најблагородниот од сите потези на спасување на души кои пропаѓаат - во тоа дело, не ги внеле сите средства коишто можеле да ги употребат за да го спречат уништувањето и чекорите на колебливите да ги насочат по патеката на животот. Секој христијанин треба да посвети најголемо внимание на вечниот живот. Да се биде соработник на Христа и небесните ангели во големиот план на спасението, тоа е дело кое не може да се спореди со ниту едно друго! Секоја спасена душа ја зголемува Божјата слава и таа слава ја осветлува како спасената душа така и орудието на нејзиното спасение. {2T 232.1}

---

33. ХРИСТИЈАНСКА РЕВНОСТ

Постои бучна ревност, без цел и смисол, која не е во склад со науката, слепа во своите постапки и деструктивна по своите последици. Тоа не е христијанска ревност. Со вистинската ревност управуваат начела и таа не е повремена. Таа е искрена, длабока и силна и ја проникнува целата душа. Спасувањето на душите и интересите за Божјото царство - тоа се прашања од најголем интерес. Дали во било што е потребна толкава сесрдност како што е потребна за спасување души за слава на Бога? Тоа се предмети преку кои не може површно да се помине. Тие можат да се мерат со вечноста. Во прашање е вечната судбина. Мажите и жените се одлучуваат за блаженство или јад. Христијанската ревност не се пресликува само на зборови, туку во силните и делотворни чувства и постапки. Сепак, таа не се покажува со цел другите да можат да ја забележат. Понизноста мора да го обележува секој напор и мора да се забележува во секоја работа. Христијанската сесрдност наведува на искрени молитви и понизност и верно исполнување на домашните должности. Тогаш, во семејниот круг ќе се одразува наклонетост и љубов, добрина и сочувство, а сето тоа е плод на христијанската ревност. {2T 232.2}

Покажано ми е дека мора да направите еден чекор напред. Твоето богатство на небото, сестро Е, не е големо. Ти не си богата во Бога. Господ нека ги отвори твоите очи за да прогледаш и твоето срце за да чувствуваш и да те поттикне да покажуваш христијанска сесрдност. О, колку малкумина се такви коишто ја чувствуваат важноста на душата! Колку малку се тие кои доброволно поднесуваат жртви за другите да ги запознаат со Христа! Мнозина само зборуваат, само тврдат дека чувствуваат; зборовите ништо не значат. Потребна е искрена христијанска сесрдност која ќе се види во делата. Сите мораат најпрво самите себе да се изградат, а кога ќе Го имаат Исуса во своите срца, тогаш и на другите ќе Го предадат. Душата која што Го поседува Христа не може а да не зборува за Него, токму како што водите на Нијагара не можат да се запрат да не течат преку водопадите. {2T 233.1}

Видов дека братот Б го претрупале безначајните работи од овој свет. Тој нема време да Му служи на Бога и да се моли за да дознае што е Божја волја. Неговиот талент е закопан во земјата. За него се од второстепено значење Божјото царство и Христовата

правда. Тој го сака работењето, но јас видов дека Божјата рака ќе биде против него доколку не го измени својот живот. Тој ќе собира, а Бог ќе растура. Многумина мислат дека не можат ништо да сторат за спасување на душите и напредокот на делото на Откупителот, бидејќи водат живот на деловни луѓе. Тврдат дека ништо не можат да работат половично и затоа вртат грб на верските должности и молитви и се претопуваат во овој свет. Деловното работење го стават на прво место, го забораваат Бога и Тој е незадоволен од нив. Ако човек работи таква работа која го попречува во напредувањето во божествениот живот и да усовршува светост во Божји страв, тогаш треба да најде друга работа која ќе му допушта да биде со Исуса во секој момент. Брате Ф, твојот живот не одговара на твојата вера. Твојата ревност е ревност од овој свет, твојот интерес е интерес од овој свет. Ти духовно умираш. Не ја сфаќаш својата опасна состојба. Љубовта на овој свет ја задушила твојата вера. Мора да се разбудиш; мора да го побараш Бога и да се покаеш за своето отпаднишство. Понизно прифатиги овие зборови и врати се на Господа. Твоите верски должности станале само формалност. Ти не поседуваш вера; бидејќи да се поседува вера зависи од доброволната послушност. Оној кои се волни и кои ќе бидат послушни, ќе јадат од земските добра. Немаш јасен доказ дека ќе пребиваш со Бога во Неговото царство. Ти понекогаш и ги завршуваш своите површни верски должности, но твоето срце тука нема удел. Понекогаш упатуваш по некој збор на грешниците, или кажуваш по нешто во прилог на вистината, но сето ова го правиш без волја, како пред некој надзорник, а не од љубов каква што синот ја има. Кога во твоето срце би горел оган на христијанска ревност, тебе и најтешките должности би ти биле лесни и пријатни. {2T 234.1}

Христијанскиот живот на многумина им е тежок затоа што срцето им е поделено. Нивниот ум е поделен, и затоа се непостојани во животот. Кога би биле напоени со христијанска ревност, која секогаш е последица на посветеноста на Бога, нивната душа не би зборувала со жалење: „Мојата бесплодност, мојата бесплодност," туку јазикот на душата ќе биде: „Погледни што направи Господ за мене". Дури и да се спасиш, што е малку веројатно, со оглед на животот кој го водиш, колку ограничено ќе биде доброто коешто си ги направил! Ниту една душа нема да биде спасена преку тебе. Дали Господ ќе ти рече: „Добро направено, добар и верен слуго"? Што е тоа што ти верно си го извршил? Беше вреден во деловниот живот и се грижеше за земските грижи. Дали тоа ќе го наведе Христа да ги изговори милите зборови: „Добро направено, добар и верен слуго"? {2T 234.2}

Брате мој, Исус те љуби и те повикува да го смениш својот правец, да го одвратиш својот поглед од земјата и да го насочиш кон горното звање во Христа Исуса. Престани со лекомисленоста и ситничарењето. Понеси го сериозниот товар на времето во кое живееме и носи го сѐ додека војната не заврши. Тргни на работа. Ако се посветиш на Бога, твоето влијание ќе биде од корист. {2T 235.1}

Повеќето членови на семејството на братот Б се наоѓаат на пат кој води надолу. Х живее бесцелен живот. Таа е исполнета со лекомисленост, суета и гордост. Нејзиниот пример не ги облагородува луѓето, ниту ги упатува кон добрина и светост. Таа не ги сака ограничувањата коишто ги налага верата и не сака да го потчини своето срце на нејзиното свето влијание. Таа ја сака својата личност, своите задоволства и гледа животот да ѝ биде што попријатен. А последиците навистина ќе бидат тажни, ако не

појде во спротивен правец и да копнее по вистинска побожност. Таа би можела благовремено да влијае на своите браќа, да ги воздигнува и да ги облагородува. Бог ги сака тие деца, но тие не се христијани. Кога верно би се потрудиле да живеат понизен христијански живот би можеле да станат деца на светлината и работници за Бога; би можеле да бидат мисионери во своето семејство и помеѓу своите другари. {2T 235.2}

---

34. ОДГОВОРНОСТА НА МЛАДИТЕ

Кога младината би можела да согледа колку добрини би можела да направи потпирајќи се на Божјата мудрост и сила, не би била толку немарна и рамнодушна кон Бога, не би дозволила да влијаат на неа оние коишто се непосветени. Наместо да чувствува лична одговорност и да вложува напори за да прави добро на другите и да ги приведе кон правдата, младината трча само кон сопствените задоволства. Младите не се корисни членови на општеството и живеат бесцелен живот како пеперутките. Тие можеби имаат познавање на вистината, веруваат во неа, но не живеат според неа. Таквите поседуваат мртва вера. Таа не продрела во нивното срце каде би можело да делува на нивното однесување и карактерот пред Бога; во поглед на покорувањето на Неговата волја тие не се поблиску до Бога отколку неверниците. Нивните срца не се потчинуваат на Божјата волја, тие се во непријателство со Него. Оние коишто се оддаваат на задоволства и бараат друштво на оние кои бараат задоволства, имаат некаква одвратност кон религиозниот живот. Дали Господ на тие млади суштества кои го спомнуваат Неговото име ќе им рече: Добро направено, добар и верен слуго, ако тие навистина не се добри и верни? {2T 235.3}

Младината е во голема опасност. Големо зло доаѓа од лесните книги кои ги чита таа. Изгубено е многу време кое би можело многу покорисно да се употреби. Некои себеси ќе се лишат и од сон сè додека не завршат некој несериозен љубовен роман. Светот е преплавен од секакви романи. Сепак сите книги не се опасни во иста мера. Некои се неморални, ниски и вулгарни додека во другите има повеќе префинетост. Меѓутоа, сите се штетни со своето влијание. О, кога младината малку би размислила за дејството кои тие возбудливи романи ги имаат врз духот? Дали можете после тие романи да го отворите Светото Писмо и со интересирање да ја читате Речта на животот? Зар тогаш не увидувате дека Божјата книга ви е неинтересна? Магијата од таквиот љубовен роман ги обзема мислите, го уништува здравјето на духот и го спречува вашиот разум да се сосредоточи на значајните, сериозни вистини кои се однесуваат на вашите вечни интереси. Правите грев кон своите родители, зашто на оваа недостојна работа ѝ посветувате време кое ним им припаѓа; грешите и кон Бога и го трошите времето кое сте должни да му го посветите Нему. {2T 236.1}

Обврска на младината е во себе да развива сериозност. Лекомисленоста, површноста и шегите ќе имаат за последица неплодност на душата и губиток на Божјата благонаклоност. Многумина меѓу вас сметаат дека не вршат лошо влијание на другите и заради тоа се чувствуваат во извесна мера задоволни. Но, дали вршите влијание за добро? Се трудите ли со своите разговори и постапки другите да ги водите кон

Спасителот? Дали настојувате оние кои веќе ја исповедаат вистината, да ги приведете поблиску до Христа? Младината треба да негува дух на преданост и побожност. Таа може да Го велича Бога само ако постојано се труди да го достигне Христовиот карактер - совршенството на Исуса Христа. Треба да обилувате со христијански доблести. Посветете Му ги на својот Спасител најубавите и најсветите чувства. Покорете се целосно на Неговата волја. Тој не прима ништо што не е целосно. Не дозволувајте вашата истрајност да ја расколебаат потсмевот и исмејувањата на оние кои се во власт на суетата. Одете по Спасителот во добро и во зло и сметајте го носењето на Христовиот крст за радост и за света чест. Исус ве љуби. Тој умрел заради вас. Ако не се одлучите да Му служите со сите свои чувства, нема да можете да усовршите светост во Неговиот страв и на крајот ќе бидете принудени да ги слушнете страшните зборови: „Одете од Мене!” {2T 237.1}

---

35. СЛУГИ НА МАМОНОТ

Страшен е случајот со братот И. Овој свет е негов бог; тој им служи на парите. Тој не ја послушал опомената која е дадена пред многу години, и не ја совладал својата љубов кон светот потпирајќи се на своите способности. Доларите кои до тогаш ги насобрал претставуваат јазол кој ја задушува неговата душа и ја врзува за овој свет. Колку повеќе го зголемувал својот имот, толку станувал сè поалчен. Сите сили на неговото битие се посветени на една цел, стекнување на пари. Тоа е товар на неговите мисли, стравување на неговиот живот. Тој сите сили на своето битие го насочил во тој единствен правец, и на крајот станал обожавател на мамона. Во тоа е обезглавен. Негово однесување го наведува неговото семејство на мисла дека имотот има поголема вредност отколку небото и бесмртноста. Тој со години ги усовршувал своите способности за стекнување на имот. Тој ја жртвува својата вечна добивка заради земското богатство. Тој верува во вистината, ги љуби начелата на вистината и се радува кога другите напредуваат во вистината; но тој самиот до таа мера станал роб на мамона, така што се смета дека е обврзан да му служи на тој господар додека е жив. Меѓутоа, колку подолго живее, толку повеќе ќе се посветува на љубовта кон добивката, освен ако не се откаже од тој ужасен бог - парите. Тоа ќе изгледа како од него да се корнат животните сили, но тоа мора да се направи ако сака спасение. {2T 237.2}

Него никој не треба да го опоменува; тој заслужува сожалување. Неговиот живот е страшна заблуда. Тој замислува дека е во сиромаштија, додека всушност живее во изобилство. Сатаната завладеал со неговиот ум. Неговото сребролубие толку било зајакнато, што се граничи со сребролубие; сè повеќе и благородните особини во неговиот карактер морале да се покорат во таа себична склоност. Негов единствен спас бил да се скршат оковите на сатаната и да ја победи оваа лоша црта на својата природа. Тој тоа и се обидел и презел нешто кога совеста му се разбудила, но сето тоа не било доволно. Тој голем напор не бил плод на вистинска вера, бидејќи тој само малку се одвоил од мамона, а му се чинело како да се раздвојува од својата душа. Тој мора да го воспита својот дух за добри дела. Тој мора да се наоружа против сребролубието и сиот

свој живот да го проткае со добри дела. Мора да развие во себе љубов кон доброто и да се воздигне над ситната себичност која ја негува во себе. {2T 238.1}

Тргувајќи со трговците во _____, братот и сестрата И постапувале на начин кој не е угоден на Бога. Тие се ценкале за да добијат роба што е можно поевтино и се ценкале околу неколку ситни парички како парите да им се сè - нивен бог. Кога само би можеле да се вратат незабележително и да ги слушнат забелешките кои по нивното одење се правени на нивна сметка, би стекнале појасен поим за тоа колку лош впечаток остава скржавењето. Нашата вера е обезвреднета и Бог е похулен од некои заради таквото ситничарење. Ангелите со гнасење ја вртат главата од таквите. На небото сè е благородно и возвишено. Сите тежнеат другите да работат во корист на другите и да ги направат посреќни. Никој не гледа само за себе ниту се грижи само за себе. Најголемата радост на светите битија се состои во тоа да бидат сведоци на радоста и среќата на оние кои се наоѓаат околу нив. {2T 238.2}

Кога овие ангели доаѓаат да им служат на оние кои треба да го наследат спасението и гледаат алчност, себичност, надмудрување и богатење на туѓа сметка, со болка ќе се свртат и ќе си отидат. Кога ќе видат како оние кои сакаат да бидат наследници на бесмртното наследство, ситничарот при тргувањето со луѓето кои признаваат дека немаат никакви високи цели туку да стекнуваат богатства на земјата, тие се свртуваат од нив со срам, зошто со тоа се срамоти светата вистина. {2T 239.1}

Не постои подобар начин вистината да се воздигне и Господ да се прослави отколку кога неверниците гледаат дека вистината извршила големо и добро дело во луѓето кои инаку се сребролупци и скржавци по природа. И кога ќе се покаже дека нивната вера има влијание на нивниот карактер, така што од себични луѓе што ги сакаат парите создава луѓе кои сакаат да прават добрини и бараат прилики со своите средства да бидат на благослов на оние на кои благословот им е потребен, кои помагаат на вдовиците и на сирачињата во нивната неволја и не дозволуваат да ги извалка овој свет, тоа ќе биде доказ дека нивната вера е вистинска. Нивната светлина толку ќе свети, што луѓето ќе ги видат нивните добри дела и ќе го прослават нивниот Татко кој е на небесата. Тоа би донело вистински плодови на светост и тие би биле вистински Христови претставници на земјата. Грешниците би се уверile дека во вистината лежи некаква за нив непозната сила. Оние кои тврдат дека стражарат и го чекаат Господовото доаѓање не смеат да ја срамотат својата вера со недостојна трговија и со расправија за секоја пара. Таквите плодови не растат на христијанското дрво. {2T 239.2}

Брате И, Господ не сака да пропаднеш, туку да се потпреш на Неговата сила и да се помириш со Него со тоа што својата волја ќе ја потчиниш на Неговата. Ти би се уплашил кога би ти се покажала вистинската слика на твоите постапки заради стекнување пари. Би се згрозил од својата себичност, алчност и сребролубие. Би се потрудил со сите свои сили да ја стекнеш Божјата благодат која преобразува и која од тебе би направила нов човек. Парите кои си ги добил од своите роднини за тебе се само проклетство. Тие само го засилиле твоето сребролубие и биле товар кој уште подлабоко те влечел кон пропаст. {2T 240.1}

„Зошто коренот на сите зла е сребролубието”. Луѓето кои ги напрегаат сите свои духовни и телесни сили и се задоволуваат со тоа што ќе стекнат на земјата богатства кои никогаш нема да можат да ги употребат и кои само ќе штетат на нивните деца, ги

злоупотребуваат своите способности кои Бог им ги подарил. Тие покажуваат дека нивниот карактер корозирал како последица на постојаната трка за заработка. Наместо да се чувствуваат среќни тие се несреќни. Ги затвориле своите души за потребите на сиромашните и дале доказ дека немаат никакво сочувство кон оние кои страдаат. {2T 240.2}

Брате мој, твоето срце не е сосема нечувствително за неволјите и потребите на другите луѓе. Во тебе понекогаш се јавуваат благородни чувства и сакам да излегуваш во пресрет. Спремен си да направиш некаква пријатност на својот брат или сосед, но парите си ги направил свој бог и се наоѓаш во опасност да им придадеш поголема вредност отколку на небото. Стекнувањето пари секогаш претставува опасност ако Божјата благодат не е начело кое преовладува во душата. Христијаните кои се покоруваат на небесните начела со едната рака ќе го даваат она што го стекнуваат со другата. Тоа е единствен исправен и здрав пат за христијанинот кој има пари или заработува. Би сакале да го запрашаме братот И: Што мислиш да правиш со твоите пари? Ти си Божји повереник. Имаш таленти и можеш да направиш многу добрини со нив. Можеш да ги ставиш во небесната банка со тоа што ќе се богатиш со добри дела. Биди со својот живот благослов на другите. „Не собирајте богатство на земјата, каде што ги јаде молецот и ‘рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту ‘рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат. Зашто, каде што е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце”. {2T 240.3}

Запомни дека богатството собрано на небото не е загубено. Тоа ќе ти биде обезбедено со правилна употреба на средствата над кои небото те поставило за повереник. „На богатите на овој свет заповедај им да не се гордеат ниту да се надеваат на непостојаното богатство,” вели апостолот, „туку на живиот Бог, кој ни дава се во изобилство за уживање; нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да си собираат ризница - добра основа за иднината, за да достигнат до вечниот живот”. {2T 241.1}

Постои опасност брате И да го загубиш твојот живот; даровите кои Бог ти ги дал да отидат во рацете на сатаната и тој да те направи свој заробеник. Можеш ли да ја поднесеш оваа помисла? Дали можеш да се одлучиш за ова кратко време да служиш само на себе, да ги сакаш своите пари и на крајот да се одвоиш од сè, немајќи никакво право на небото, на вечниот живот? Ти претстои голема борба, ако сакаш да го одвоиш своето срце од земното богатство. Каде се наоѓа богатството, таму ќе ти биде и срцето. Бдеј, моли се, работи, тоа се лозинките на христијанинот. Разбуди се, те проколнувам. Тежнеј по она што е неминливо. Сите овоземни нешта наскоро ќе пројдат. Дали си подготвен да го напуштиш светот? Дали образуваш карактер за вечен живот? Ако на крајот бидеш загубен, ќе знаеш што те довело до пропаст: среброљубието. Ти ќе викаш во голем страв: „О, колку минливо богатство! Ја загубив својата душа. Ја продадов за пари. Ја продадов својата душа и своето тело за пари. Го жртвував небото во страв дека ќе морам да ги жртвувам своите пари за да го добијам”. А Господарот само ќе рече: „Заврзете му ги рацете и нозете, па земете го и фрлете во крајната темнина”. Се надеваме дека ќе го пренесеш своето богатство на небото, дека својата љубов ќе ја подариш на Бога и на вечното богатство. {2T 241.2}

Видов дека целото семејство е во опасност бидејќи во извесна мера страда од истиот недостаток од кој страда и таткото. Сестро И, ти веќе си заразена со оваа болест. Бог нека ти помогне да го увидиш тоа и целосно да се измениш. Негувај и развивај во себе љубов кон доброто, труди се да бидеш богата во добри дела. Ти во многу работи можеш да направиш повеќе отколку што правиш сега. Ти лично си одговорна на Бога. Треба да извршиш една должност која не смееш да ја занемариш. Биди во постојана врска со Бога; моли се без престан. Мораш многу да направиш за да ја спасиш својата душа. Труди се да делуваш во добар правец во своето семејство. Застани одлучно на Господовата страна. Твојата природа се разликува од природата на твојот сопруг и Бог ќе те осуди ако не работиш сама за себе. Вредно настојувај да ја спасиш сопствената душа со своето влијание да го спасиш и твоето семејство. Покажи со пример дека богатството ти е на небо, дека сè си вложила во оној подобар дом и подобар живот, кои се вечни. Воспитувај го својот дух да ги цени небесните дарови, да се воздигне, да Го љуби Бога и да покаже спремност да се покори на Неговата волја. {2T 242.1}

Можеби ќе бидеш испитана, можеби ќе увидиш колку е силна твојата љубов кон земските работи. Можеби ќе ја разбереш едната страна на своето срце која досега не си ја познавала. Бог знае за болката што ја чувствуваш кога гледаш во каква положба се наоѓаат твојот маж и твоите деца, на кои во голема мера им недостасува спасоносната вера. Од тебе зависи многу повеќе отколку што и самата увидуваш. Треба да го земеш сето оружје. Не ја троши својата драгоцена сила за работа која може и друг да ја сработи. Поттикни ја својата ќерка да се фати за некое корисно занимање и да ти помогне во носењето на животните товари. Таа треба да се дисциплинира. Се занимава со празни мисли. Потребно е целата да се предаде на Бога; тогаш ќе биде од корист и ќе му угоди на својот Откупител. {2T 242.2}

Сестро моја, помалку работи, а повеќе моли се и размислувај. Вечните интереси треба да ти бидат поважни од сè. Бог не сака твоите деца да бидат воспитувани како сребролјупци. Во семејството во кое владее саможивост не можат да се најдат вистинска префинетост и благородност. Луѓето кои навистина се благородни, секогаш имаат сочувство кон другите. Вистинската благородност не се задоволува со телесното украсување и покажување на телото. Таа се рефлектира во напорите на човекот да помогне за другите да се воздигнат. Твоите деца не ја сфаќаат сериозноста на важните прашања. Бог нека ги разбуди пред да биде премногу доцна за да не мораат да викаат во страв: „Жетвата помина, летото мина, а ние не се избавивме”. {2T 243.1}

Брате J, ми беше покажан твојот случај. Ти заземаш една одговорна положба. Тебе ти се доверени дарови на пари и влијание. На секој човек му е одредена некаква должност, дадено му е нешто да работи, не само да го користи својот ум и своето тело во обична работа туку и нешто повеќе од ова. Ти си запознаен со ова дело од световна точка на гледање, а имаш и некои искуства во верски поглед. Меѓутоа, за овие неколку години ти немаше време, така што сега мора брзо да работиш за да го откупиш минатото. Не е доволно да поседуваш само таленти; ти мора да ги употребиш за да не користат само на тебе, туку и на Оној кој со нив те надарил. Сè што имаш е само еден заем од Господа. Тој ќе бара да му го вратиш со добивка. {2T 243.2}

Христос има право на твојата служба. Ти преку благодатта си станал Негов слуга. Не смееш да служиш на своите сопствени интереси, туку на интересите на Оној кој те земал

во Својата служба. Тврдиш дека си христијанин и тоа те обврзува во однос на Бога. Она што Тој ти го доверил на користење не е твое туку Негово. Кога би било твое, ти би можел да го употребиш по сопствена проценка. Главнината припаѓа на Бога и ти си одговорен за нејзината употреба или злоупотреба. Постојат начини на кои оваа главнина може да се вложи така што ќе донесе добивка на Бога. Ако допуштиш да се закопа во земја нема да користи ниту на тебе ниту на Господа и ти ќе изгубиш сè што ти подарил тој. Бог нека ти помогне, брате мој, исправно да ја сфатиш положбата во која се наоѓаш како најмен Божји слуга. Тој со Своите страдања и смрт ја платил твојата служба и твојата спремност да Му се покориш. {2T 244.1}

Неволјите кои си ги имал во овие последни години, ги ослабнале твоите духовни сили, па си почувствувал олеснување при посветувањето на земните работи и стекнувањето имот. Во својата голема љубов кон тебе Бог повторно те примил во Своето стадо. Пред тебе сега се ставени нови должности и одговорности. Негуваш голема љубов кон овој свет. Се трудеше да стекнеш земско богатство. Исус те повикува да го пренесеш своето богатство на небото, зашто каде ти е богатството, таму ќе ти биде и срцето. Внимавај на своите постапки кон своите браќа и кон неверниците. Биди искрен во својата вера и сочувај ја вистинската благородност на душата, кое ќе даде значење (доверба) на верата која ја исповедаш. {2T 244.2}

Положбата која ја заземаш е таква, што очите на многу луѓе се насочени кон тебе. Твојот ум е натпросечен. Ти си човек со брзо сфаќање и длабоки чувства. Некои од твоите браќа не постапиле мудро. Те набљудувале, зборувале за тебе, сакале да бидеш подарежлив. Биле несреќни поради тебе. Сето тоа било непотребно. Токму на тие луѓе многу нешта им недостасуваат и ако тие верно го извршуваат она што Господ го бара од нив, ќе имаат сè што им е потребно. Тие не смеат да го трошат своето време набљудувајќи со страв дали нивниот сосед, кому му е доверена една голема должност, ќе ја изврши својата задача. Водејќи внимателно грижа за она што другите работат, тие ги занемариле своите сопствени должности и станале мрзливи слуги. Се грижеле за должностите на својот сосед, наместо да го извршат она што ним им е доверено. {2T 244.3}

Тие мислат дека, кога би имале пет таланти, би умееле со нив многу подобро да ракуваат отколку оној кому тие таланти му се доверени. Но Господ го знае тоа многу подобро од нив. Никој не треба да жали што не може да Го слави Господа со талантите кои никогаш не му се дадени и за кои не е ниту одговорен. Тие не смеат да речат: „Кога би бил во други прилики, би направил многу добрини со своето богатство”. Бог не бара ништо друго од нив туку правилно да го употребат она што го имаат, како повереници на Неговата благодат. {2T 245.1}

Еден талант, најскромната служба, ако се врши при целосно посветување со цел да се прослави Бог, ќе биде примен исто така како што и правилното користење на најголемиот талант. Разните должности кои ни се доверени се во сооднос со нашите способности. На секој човек дадено му е она што може да го совлада. Никој не смее да ја омаловажува својата должност и да смета дека не е важно дали тоа ќе се изврши онака како што треба. Ако некој така постапува, покажува дека не ги сфаќа сериозно своите морални одговорности и важноста на малите работи. Небото секому му дава одредена работа и би требало сите да се трудат добро да ја сработат, според своите

способности. Бог бара од сите, и најслабите и најјаките, да го извршат делото кое им е доверено. Каматата која се очекува ќе биде во пропорција со доверената главнина. {2T 245.2}

Секој би требало сесрдно и вредно да се грижи околу извршувањето на сопствената задача, препуштајќи ги другите на нивниот Господар, на Него да стојат или паѓаат. Во _____ има многу луѓе кои се мешаат во работите на другите, оние кои постојано гледаат што прават нивните браќа и затоа постојано се немоќни. Тие изнесуваат сведоштва на состаноците, а бидејќи во своето срце го немаат Исуса за кој би можеле да зборуваат, се обидуваат да ги учат своите браќа за тоа што им е должност. Тие кутри души не ја познаваат својата сопствена должност, а сепак земаат на себе одговорност да ги подучуваат другите во поглед на нивните должности. Кога тие луѓе би се фатиле за својата задача и би се здобиле со Божјата благодат во своите срца, црквата би ја добила силата којашто и недостасува. {2T 245.3}

Брате J, ти можеш да правиш добро. Имаш здраво расудување и Бог ќе те изведе од темнина на видело. Употреби ги своите таланти на Божја слава. Подај ги на трговецот, за да може Бог, кога ќе дојде, да го прими Своето со добивка. Одвој ги лозите кои те врзуваат за безвредните земски работи и подигни ги за да се обвиткаат околу Господа. Спасението на душите е поважно од сиот свет. Една спасена душа која ќе живее во вечноста и ќе му оддава слава на Бога и на Јагнето е повредна од милиони пари. Богатството станува безвредно кога ќе го споредиме со вредноста на душите за кои Христос умрел. Ти си внимателен човек и нема да постапиш избрзано. Прави жртва за вистината и богати се во Бога. Господ да ти помогне да го направиш ова што побргу и да почнеш правилно да ја проценуваш вредноста на вечноста. {2T 246.1}

На срцата на твоите деца им е потребно подлабоко делување на благодатта. Во нив треба да се развива чистота и постојаност на карактерот. Ако се посветат на Бога, ќе можат да прават добрини и ќе вршат влијанија кои ќе бидат спасоносни за нивните другари. {2T 246.2}

Не дозволувај сиромашните да дојдат до уверување дека не можат ништо да направат затоа што го немаат богатството на своите браќа. Тие можат да се жртвуваат на многу начини. Можат да се откажат од себеси. Можат да живеат побожен живот и да го слават својот Спасител со зборови и дела. Особено сестрите можат да вршат благотворно влијание ако престанат да озборуваат и да го посветат своето време во стражарење и молитви. Тие можат да Го слават Бога. Така можат да светлат со својата светлина, така што другите, гледајќи ги нивните добри дела, да бидат водени да Го слават нашиот Татко кој е на небото. {2T 246.3}

Како илустрација на твојот пропуст да го помогнеш Божјото дело, како што имаше привилегија, ми беа укажани следните зборови: „Проколнете го Мироз, рече ангелот Господов, проколнете ги неговите жители; бидејќи не дојдоа на помош на Господа, во помошта на Господа против силните”. Судии 5:23. Што направил Мироз? Ништо. И тоа бил неговиот грев. Тој не му пружил помош на Господа против силните. {2T 247.1}

---

36. СЕНТИМЕНТАЛНОСТА И ПРЕПОРАКИТЕ ЗА БРАК

Драга сестро К, во видението кое ми беше дадено во месец јуни, ми беше покажано дека ти поседуваш цврстина на карактерот, одлучност која по малку се граничи со тврдоглавост. Не сакаш друг да те води, но сакаш да ја сознаеш и да ја вршиш Божјата волја. Си се излажала самата себе си, не си го разбрала своето сопствено срце. Си мислела дека твојата волја е во потчинетост на Божјата волја, но си се излажала. Си наишла на неволји и си почнала да размислуваш за своите неостварени надежи. Пред неколку години твојот живот пошол по еден посебен пат. Ти се чинело дека не можеш никаде да се смириш. Не си била среќна, иако во твојата околина немало ништо толку црно за да фрли сенка на твојот живот. Не го навикна својот ум да се занимава со ведри мисли. Ти си во состојба да вршиш силно влијание во корист на вистината, но треба да го натераш својот ум да појде по исправен пат. Сите твои зборови и сите твои дела мора да бидат такви за да го слават твојот Откупител, да ја воздигнат Неговата љубов, да ја величаат Неговата привлечност. {2T 247.2}

Ти западна во една заблуда во која паѓаат мнозина во ова изопачено време, особено жените. Премногу си наклонета кон спротивниот пол. Го сакаш друштвото на мажите; ним им ласка твоето внимание и со тоа ги охрабруваш или допушташ блискост која не е секогаш во согласност со опомените на апостолот „да се оттргнуваме од секаков изглед на зло”. {2T 248.1}

Всушност не се разбираш самата себеси, одиш во темнина. Ти си се занимавала дури и со препораки за брак. Тоа е многу неизвесно занимање бидејќи не ги познаваш срцата и можеш да направиш големи грешки, така што ќе му помогнеш на големиот бунтовник кој се занимава со оваа работа. Тој секогаш се труди да ги соедини оние кои во ниту еден поглед не одговараат еден на друг. Тој е многу ревносен во својата работа, бидејќи со тоа може да причини повеќе несреќа и болка на човечкото семејство отколку користејќи ја својата вештина на било кој друг начин. {2T 248.2}

Си пишувала многу писма кои нанеле само штета. Во тие писма понекогаш се зборувало за нашата вера и надеж, но во исто време во нив си се распрашувала дали овој или оној има намера да се жени и си давала совети во поглед на избор на брачен другар. Очевидно ти многу нешта си знаела за женидбите и мажачките, си зборувала и пишувала за нив. Сето тоа само штетело на твојата душа. „Устата зборува од вишокот на срцето”. Си нанела голема штета самата на себе мислејќи и зборувајќи за љубовта и за склопувањето бракови. Не беше среќна бидејќи трчаше по среќата. Оваа работа не е благодарна. Ќе најдеш мир за својата душа тогаш кога ќе се потрудиш да ја вршиш својата должност и да помагаш на другите. Твоите мисли се обземени со себе самата. Мораш да престанеш да мислиш на себе и да ги олесниш страдањата на другите; чинејќи ги среќни, ќе најдеш и самата среќа и радост. {2T 248.3}

Ти имаш болна фантазија. Самата себе си се сметала за болна, но таа болест била повеќе вообразена отколку вистинита. Не беше искрена кон себе. Бараше друштво на млади луѓе и дозволуваше во твоето друштво да се однесуваат толку слободно како што би смеел да се однесува само твојот брат. Видов дека твоето влијание во _____ не беше онакво какво што би требало да биде. Си дозволила мислите да ти појдат по еден низок пат. Си брборела, си се смеела, си водела празни разговори недостојни за еден христијанин. Твоето однесување не било такво како што би можело да биде. Ти си

изгледала како да немаш стабилност. Си се потпирала на други што е погрешно за една жена. Кога малку повеќе би размислувала околу ова, би одела и би седела исправено како и другите жени. Поради оваа душевна состојба си станала тромава и мрзлива, иако движењето би било најдобриот пат да се опоравиш. Никогаш нема да се опоравиш, ако не ја победиш таа зачмаеност и недвижење, и се фатиш за работа додека сè уште имаш време. Треба да работиш исто толку добро колку што мечтаеш или планираш. Ослободи го духот од разните романтични планови. Ти во својата вера внесуваш некој романтичен, копнежлив сентиментализам кој не воздигнува, туку само го унижува човекот. Ова не штети само на тебе, туку и на другите кои се угледуваат на тебе и паѓаат под твоето влијание. {2T 248.4}

Ти си побожна по природа. Би можела да им користиш на мнозина кога би го привикнала својот ум да размислува за возвишени работи кои немаат ништо заедничко со тебе, туку се од небесна природа. Меѓутоа ти еден голем дел од својот живот си го потрошила мечтаејќи за некое големо дело што ќе го извршиш во иднина, додека во исто време си ги занемарувала моменталните должности сметајќи ги за безначајни и неважни. Не си покажала верност. Господ нема да ти довери ниту една поголема должност сè додека не види дека сесрдно и радосно го вршиш она што сега ти го дал за задача. Секоја работа, каква и да е, нема да напредува ако не и пријдеме со цело срце. Господ ги испитува способностите со тоа што најнапред ни дава мали должности. Ако при тоа искажеме незадоволство и почнеме да мрмориме, нема ништо да ни биде доверено сè додека не ги извршиме малите задачи и тоа онака како што треба. Дури тогаш ќе ни бидат доверени и поголеми задачи. {2T 249.1}

Тебе ти се доверени таланти не за да ги расфрлаш туку да ги предадеш на „трговците" и така кога ќе дојде Господарот да ги добие назад со добивка. Бог не ги разделил талантите без разлики. Тој, тие свети дарови ги разделил на сите според нивните способности: „На секој човек негова работа". Тој дава непристрасно и очекува така и да Му се врати. Ако сите ги вршат своите должности во склад со доверената одговорност, талантите ќе се удвојат, без разлика дали се малку или многу. Со тоа се испитува нивната доверливост, а нивната верност е вистински доказ дека биле мудри управители, достојни да им се довери вистинското богатство, дури и дарот на вечниот живот. {2T 250.1}

На конференцијата во Њујорк, во октомври, 1868 година, видов дека многу луѓе не прават ништо, иако биле во состојба да прават многу добро. Покажана ми е цела низа на луѓе кои се свесни за своите благородни намери, побожни чувства и љубов кон чинење добро, но кои сепак не прават ништо. Тие се задоволни сами со себе и се тешат дека би можеле да направат и навистина би направиле големи и добри дела, кога би им се дала прилика, кога би се наоѓале во поповолни околности; и тие чекаат да им се даде таква прилика. Се гнасат од тесноградоста на скржавците кои со негодување даваат мала милостиња на сиромашните. Тие гледаат дека тој живее само за себе и никогаш нема сам да одлучи да прави добро на другите, да ги благослови со таленти на углед и богатство кои му биле подарени за да ги употреби, а не злоупотреби, т.е. да дозволи да рѓосаат или да лежат закопани во земја. Оние кои се оддале на себичноста и тесноградоста, ќе одговараат за своите нечесни постапки и за талентите кои ги злоупотребуваат. Меѓутоа, уште повеќе се одговорни оние луѓе кои имаат благородни

чувства и кои природата ги обдарила така што можат да ја сфатат вредноста на духовните работи, а тие и понатаму остануваат неподвижни, чекајќи да им се укаже некаква прилика, споредувајќи ги за тоа време своите благородни намери со тесноградоста на ситните души, убедени дека се наоѓаат во подобра положба од тие свои ближни. Овие луѓе се лажат самите себеси. Тие сè уште поодговорни затоа што не се користат со способностите кои ги имаат; и ако не ги умножат своите таланти од својот Господар, нивната положба нема да биде ништо подобра од положбата на нивните ближни, кои толку ги презираат. На таквите ќе им биде речено: „Ја знаевте волјата на својот Господар, и не и се покорувавте". {2T 250.2}

Ако го обучуваше својот дух да мисли на возвишените работи, за она што е небесно, би била во состојба да сториш многу добра. Би можела да влијаеш на другите да ги отфрлат себичните мисли и својата наклонетост на љубов кон светот и да појдат по патот на духовноста. Да ги потчинеше твоите чувства и мисли на Божјата волја, би била способна за вршење на добро. Твојата вообразба е болна бидејќи си дозволила мислите да ти тргнат по погрешен пат, да се претворат во фантазирање. Фантазирањето и градењето кули во воздух, те направило неспособна да бидеш од корист на другите. Си живеела во еден магинарен свет, како нереален маченик и нереален христијанин. {2T 251.1}

Религијата на денешната млади во многу е проткаена со такво недостојно фантазирање. Сестро моја, Бог од тебе бара да се измениш. Облагороди ги своите чувства, те проколнувам. Посвети ги своите духовни и телесни сили во служба на својот Откупител кој те откупил. Посвети ги своите мисли и своите чувства, така што твоите дела да бидат сторени во Бога. {2T 251.2}

Ти си била во една жална измама. Бог сака внимателно да ја испита секоја мисла и секоја намера на твоето срце. Биди чесна кон својата сопствена душа. Кога твојата љубов би била насочена кон Бога, како што Тој тоа го бара, не би поминувала низ неволјите кои ги имаш. Твојот душевен немир нема да исчезне сè додека не ги измениш своите мисли, да престанеш со фантазирање и со сидање кули во воздух и да почнеш да ги вршиш своите вистински задачи. {2T 251.3}

Немој повеќе да се занимаваш со препораки и со склопување на бракови во своите писма. Бракот е света установа, но во ова изопачено време тој прикрива секакви нискости. Тој се злоупотребува и денес станува зло кое сега претставува еден од знаците за последните денови, какви што тоа беа и браковите пред потопот. Сатаната работи со сите сили да ја наведе неискусната младина да стапи во брак. Колку помалку се фалиме со браковите кои сега се склопуваат, толку подобро. Но небото и денес ќе го одобри бракот во кој и обајцата сопружници ја сфаќаат неговата света природа и неговите свети барања. Во тој случај, обете страни ќе бидат среќни, а Бог прославен. Господ нека те оспособи да го вршиш она дело кое се наоѓа пред тебе. {2T 252.1}

Јас имам намера да пишувам за твојата лоша и штетна работа која се крие под плаштот на верата. Телесните желби имаат силна моќ над мажите и жените. Умот е пореметен сред изопачените мисли и чувства, но сатанската моќ толку ги заслепила нивните очи, што овие кутри души, излажани души си ласкаат самите на себе дека се продуховени и просветлени, додека нивното религиозно искуство всушност повеќе се состои од љубовни копнежи, отколку од чистота, вистинска побожност и понизност на

душата. Тие не го оттргнале умот од себеси, ниту бил употребен и воздигнат донесувајќи благослов на другите преку правење на добри дела. „Зошто чиста вера и без мана пред Бога и Таткото е ова: да се посетуваат сиромашните и вдовиците во нивните неволји, и себеси да се чуваш неопоганет од светот”. Вистинската вера ја облагородува душата, го префинува вкусот, го посветува умот и го прави човекот соучесник во небесната чистота и влијание. Таа нѐ приближува кон ангелите и нѐ оддалечува се повеќе и повеќе од духот и влијанието на светот. Батл Крик, Мичиген. {2T 252.2}

---

37. СТРОГОСТ ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО СЕМЕЈСТВОТО

Брате Л, минатиот јуни ми беше покажано дека мора да го поправиш својот живот. Не се гледаш самиот себеси. Твојот живот е полн со грешки. Не постапуваш мудро и милосрдно во своето семејство. Премногу си строг. Ако и понатаму така постапуваш кон својата жена и деца, ќе ги скратиш нејзините денови, твоите деца ќе се плашат од тебе, но нема да те сакаат. Ти сметаш дека постапуваш онака како што налага христијанската мудрост, но се лажеш. {2T 253.1}

Имаш некои необични поими за тоа како треба да се управува со семејството. Си присвоил за себе некаква власт која не допушта никаква слободна волја на оние кои живеат со тебе. Сметаш дека си во состојба да го водиш своето семејство и да му одредуваш на секој член што треба да работи како да се тоа машини во рацете на работникот. Ти заповедаш и бараш да се слуша само твојот збор. Ова не му се допаѓа на небото и ги жалости милостивите ангели. Си се однесувал во своето семејство како ти единствено да си способен да владееш со себе. Си се навредувал кога твојата жена ќе се осмели да се спротивстави на твоите сфаќања или да ги стави во прашање твоите одлуки. {2T 253.2}

Таа долго страдала заради тоа, послушно се покорувала на твојата природа, но најпосле се побунила против твојата неоправдана тиранија и станала нервозна и растроена и почнала да те презира. Тебе те здоболел ваквиот нејзин став и ја обвини дека е грешна, дека со неа завладеал ѓаволски дух, додека ти беше единствениот виновник. Ти си ја довел скоро до очај, а потоа си ја исмејувал. Ти било многу лесно животот да и го направиш радосен и пријатен. Но, се случило сосема спротивното. {2T 253.3}

Си бил многу пасивен. Не си се трудел да ја искористиш својата сила која Бог ти ја подарил. Тоа е твојот капитал. Со правилна употреба на таа сила и со умерен и вреден живот, би ти се дале можности да постигнеш пријатен живот. Ти си бил во заблуда за твојата жена дека од гордост сака да живее пријатен живот. Ти си и ускратувал многу нешта и си бил скржав кон неа. Неа и била потребна подобра храна, нејзината трпеза морала да биде побогата; и биле потребни сите оние удобности кои си можел да и ги обезбедиш, работи кои би ѝ го олесниле животот и работата. Но ти на сето тоа си гледал од една погрешна гледна точка. Си сметал дека сѐ што се јаде е доволно добро само ако овозможува да се одржува животот и силата. Постојано зборуваше дека твојата слаба жена треба да биде поскромна во јадењето. Но таа не може да го одржи своето здравје

само со таа храна која тебе ти одговара. Има луѓе кои не можат да живеат од храна која инаку е многу добра за други дури и ако е приготвена на ист начин. {2T 254.1}

Ти си во опасност да отидеш во крајност. Твојот организам е во состојба и многу простата и слаба храна да ја претвори во здрава крв. Твоите органи кои создаваат крв се наоѓаат во многу добра состојба. Но на твојата жена ѝ е потребна одбрана храна. Доколку внесува иста храна која ти ја претвораш во крв, нејзиниот организам не ќе биде во состојба да ја искористи. Таа нема животна енергија и поради тоа потребна и е побогата, посилна исхрана. Би требало да јаде многу овошје и да не се ограничува на еднолична исхрана. Таа се држи за животот со многу тенки врски. Болна е и потребите на нејзиниот организам се сосема подруги од потребата на еден здрав човек. {2T 254.2}

Брате Л, ти имаш значителен углед, но дали си го заслужил? О, не! Ти си го приграбил. Си сакал удобен живот. Никогаш не си се фатил за некоја напорна работа. Ако не беше толку мрзелив на својата работа, досега би имал многу животни удобности кои ти недостасуваат. Ти со својата мрзливост многу си им наштетил на жена ти и на децата. Часовите кои би можел да ги поминеш во сериозна работа си го поминувал во разговор, читање и задоволства. {2T 254.3}

Ти си исто толку одговорен за својот капитал во телесната сила, колку и богатиот за своето богатство. Обајцата сте повереници. На обајцата им е поверена една должност. Не смееш да ја злоупотребуваш својата сила, туку користи ја со цел да стекнеш сè што е потребно на твоето семејство и со што ќе можеш да помогнеш на делото. Ти си увидел дека во _____ владее гордост, покажување и суета и си сметал дека не смееш со својот пример да ги охрабруваш овие претерувања. Во своите напори да постапиш кон она што си го увидел дека е добро, си направил исто така голем грев како и другата страна. {2T 255.1}

Многу си грешел во својот верски живот. Од една страна си стоел како гледач, како набљудувач, демнејќи ги туѓите грешки и недостатоци и себеси си се сметал за нешто повисоко гледајќи ги туѓите погрешки. Си бил внимателен и чесен во своите постапки и кога би видел колку во тој поглед грешат оние на кои верата им е постојано на јазикот, си ги споредувал нивните грешки со своите принципи и си зборувал во своето срце: „Подобар сум од нив". Истовремено си стоел надвор од црквата, укажувајќи на грешките и недостатоците, но ништо не си преземал, ниту си доаѓал на помош на Господа за да се излечи злото. Си имал свое мерило со кое си ги проценувал другите луѓе. Кога тие не би ги задоволувале твоите барања, си престанувал да негуваш наклонетост и многу си бил задоволен самиот со себе. {2T 255.2}

Премногу си бил строг во своето верско искуство. Кога Бог би постапувал со тебе онака како што ти си постапувал кон оние за кои си мислел дека грешат и твоето постапување со своето семејство, би се нашол навистина во многу лоша положба. Но милостивиот Бог, чијашто љубов не се менува, ти прости; не те отфрли ниту те отсече заради твоите престапи, многубројни грешки и отпаднишство. О, не, Тој и покрај сè уште те љубеше. {2T 255.3}

Дали некогаш си размислувал за зборовите: „Со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери". Кај многу луѓе во _____ кои тврдат дека се христијани си видел гордост, самоувереност и љубов кон светот. Тоа е големо зло. Ангелите биле нажалени поради тоа. Оние кои се поведуваат по непосветените, со тоа ги одвлекуваат луѓето од Христа и

ги валкаат своите фустани со крвта на душите. Ако продолжат по тој пат, ќе ја загубат својата сопствена душа и еден ден ќе почувствуваат ужасна грижа на совест поради душите кои се одведени во ќорсокак преку својот непосветен живот, додека истовремено исповедале дека се држат за правилата кои верата им ги налага. {2T 256.1}

Ти со право се навредуваш заради гордоста и нескромноста на оние кои веруваат во еден подобар свет. Но додека си гледал што работат другите и си говорел за грешките и маните на другите, си ја занемарил сопствената душа. Ти не си одговорен за ниту еден грев на своите браќа, освен ако со својот пример не си ги повлекол или одвратил од тенката патека. Пред тебе е голема и света должност да го потчиниш и совладаш своето „јас," да станеш кроток и понизен во срцето, да се превоспиташ за да бидеш нежен и милостив со членовите на своето семејство и да стекнеш благороден дух и вистинска добрина на душата која презира сè што е ниско. {2T 256.2}

Ти си сметал дека многу се работело на местото за состаноци и си правел забелешки во однос на некои непотребни трошоци. Не е потребно да бидеш толку совесен во овој поглед. Нема ништо во тој дом што е направено со претерана грижливост. Тоа не е никаква скапоцена изработка. Мебелот во никој случај не е упадлив. Дали тие луѓе кои толку многу се жалат поради црквата навистина сфаќаат за кого е таа градена, дека е посветена на Бога, дека претставува место каде што народот се собира за да излезе пред Бога? Многумина постапуваат така што Оној Кој ги создал небото и земјата и сè што е убаво во овој свет би бил задоволен да види како Му се подига дом без никаков склад и убавина. Има луѓе кои за себе градат пространи и удобни домови, но не сакаат да се потрошат многу за домот кој треба да го посветат на својот Бог. Секој денар во нивните раце припаѓа на Бога. Тој им го позајмил за кратко време да го употребат на Негова слава; а тие на тој начин го даваат за ширење на Божјото дело како секој даден денар да е фрлен во ветар. {2T 256.3}

Бог не сака Неговиот народ да троши пари за украсување и расфрлање, но Тој сака луѓето да го почитуваат добриот вкус, ред и убавина подигајќи го Неговиот дом, каде што Тој ќе се состанува со Својот народ. Оние кои го градат Божјиот дом треба да покажат многу повеќе грижливост и вкус во работата, бидејќи и целта заради која таа зграда се sида е многу повозвишена и посвета отколку кога станува збор за подигање на обична куќа за живеење. {2T 257.1}

Господ ги чита намерите и целите на луѓето. Оние кои имаат возвишени погледи за Неговото битие ќе чувствуваат најголемо задоволство да видат дека сè што е во врска со Него е направено на најдобар начин и со најголем вкус. Оние кои пак sидаат дом на Бога полош од оној во кој и самите би се согласиле да живеат, го покажуваат своето непочитување кон Бога и кон светите работи. Нивното дело покажува дека земските интереси им се поважни од духовните. Она што е вечно доаѓа дури на второ место. Тие сметале дека не е важно предметите што се посветени во Божјата служба да бидат добро и убаво изработени, но дека е многу важно кога се во прашање работи со кои се служат во овој живот. Со тоа луѓето ја откриваат вистинската морална предност на начелата кои владеат во нивното срце. {2T 257.2}

Многумина во нашиот народ имаат многу тесноград поглед. Редот, чистотата, вкусот и комфорот го нарекуваат суета и љубов кон светот и во тоа грешат. Суетната раскош која се искажува во непотребните украси не е по Божја волја. Но и Оној кој

создал за човекот прекрасен свет, засадил прекрасна градина во Едем со разноразни убави дрвја и ја украсил земјата со прекрасно цвеќе од сите можни облици и бои, со тоа покажал дека го сака она што е убаво. Меѓутоа, Тој ќе прими и најскромен дар од најсиромашното и најскромно дете, ако тоа нема да му понуди ништо друго. Господарот пред сè има искреност на душата. Човекот којшто го затворил Бога во своето срце спремен е целосно да се покори на Неговата волја и да го потчини во целост своето битие на Неговиот закон и на Неговата власт. {2T 258.1}

Кратковидните смртници не ги разбираат патиштата и Божјите дела. Нивните очи не се насочени нагоре кон Него, како што би требало да биде. Тие не поседуваат возвишено сфаќање за она што е вечно. Тие ги гледаат работите како низ магла. Тие не чувствуваат никакво особено задоволство при набљудување на Божјата љубов, величественоста на прекрасното небо, возвишеноста на светите ангели, величественоста и неопишливата добрина на Исуса, нашиот Спасител. Тие толку долго ги држеле очите вперени кон земските работи, така што небесните сцени им се нејасни и неодредени. Тие имаат сосема ограничени погледи за Бога, небото и вечноста. {2T 258.2}

Светите работи се поставени на исто рамниште со обичните, затоа луѓето во својот однос кон Бога ја искажуваат истата таа тесноградост и скржавост која ја покажуваат и во своите односи кон ближните. Нивните жртви кон Бога се сакати, болни или недоволни. Тие Го ускратуваат на ист начин како што ги ускратуваат и своите ближни. Нивниот ум не е во состојба да се воздигне до возвишените морални начела, туку останува на многу низок степен. Тие постојано вдишуваат нечиста атмосфера од земските низини. {2T 258.3}

Брате Л, ти владееш со железна палка во своето семејство. Премногу си строг кон своите деца. Со такво постапување нема да можеш да ја задобиеш нивната љубов. Ти не си нежен, љубезен, близок и добронамерен како твојата жена, туку си намуртен, се нафрлаш на неа, ја караш и ѝ префрлуваш. Едно средено и среќно семејство е пријатна слика и за Бога и за ангелите служители. Ти мора да научиш како својот дом да го направиш уреден, пријатен и угоден. Потоа украси го тој дом со достоинство и благ дух кој ќе премине и на твоите деца. Тогаш обајцата полесно ќе обезбедите послушност. {2T 259.1}

Брате Л, дали некогаш си размислувал што е дете и каде оди тоа? Твоите деца се млади членови на Господовото семејство, браќа и сестри кои нашиот небесен Татко ги доверил на твоја грижа, за да ги обучиш и подготвиш за Небото. Ако кон нив постапуваш толку грубо како што си постапувал често, зар не помислуваш дека Бог ќе те повика на одговорност? Не смееш да бидеш толку груб кон своите деца. Детето не е коњ, ниту куче на кое можеш да му заповедаш онака како што ти е волја или пак во секоја прилика да го натераш на послушност со стап, камшик или удар. Постојат деца коишто имаат толку лош табиет така што им е потребна казна со удар, но во многу случаи со ова се постигнува само полошо. {2T 259.2}

Треба да владееш со себеси. Никогаш не казнувај ги своите деца додека си нетрпелив или раздразлив, или додека се наоѓаш под влијание на страст. Казнувај ги со љубов, покажувајќи им дека воопшто не ти е лесно што им нанесуваш болка. Никогаш не ја подигај раката да удриш ако не можеш со мирна совест да се поклониш пред Бога и да побараш од Него да го благослови тоа казнување. Развивај љубов во срцата на

своите деца. Учи ги на самоконтрола од благородни побуди. Не давај да мислат дека мора да ти се покоруваат само затоа што ти така сакаш, затоа што тие се слаби а ти си јак, затоа што ти си татко, а тие деца. Ако сакаш да го упропастиш своето семејство, тогаш само продолжи да владееш со груба сила и сигурно ќе успееш во тоа. {2T 259.3}

Твојата жена има нежно срце и лесно се возбудува. Таа чувствува дека си премногу строг и затоа оди во друга крајност. Таа сака да ја ублажи твојата строгост, а ти сметаш дека тоа е голем недостаток во нејзината должност при воспитувањето на децата. Сметаш дека е премногу блага, попустлива и нежна. Не можеш да и помогнеш во тој поглед сѐ додека и самиот не се поправиш и додека не покажеш на своето семејство татковска нежност која треба да ја покажеш. Твоето неисправно постапување е виновно што твојата жена попушта во дисциплината. Мора да ја ублажиш својата природа. Треба да се облагородиш под дејство на Божјиот дух. Мора целосно да се обратиш и дури тогаш ќе бидеш во состојба правилно да постапуваш. Треба да го отвориш своето срце за љубовта и да и дозволиш таа да застане на местото на самоуважувањето; твоето „јас" мора да умре. {2T 260.1}

На твојата жена потребни ѝ се нежност и љубов. Господ ја сака. Таа е многу поблиска до небесното Царство отколку ти, но таа постепено умира, а ти си тој кој постепено ја тера во гроб. Ти би можел да го направиш нејзиниот живот посреќен само кога би сакал. Би можел да ја охрабриш да се потпре на тебе, да ти се довери и да те сака. Тиго одбиваш нејзиното срце од себе. Таа се плаши да ти ги открие своите чувства, бидејќи секогаш покажуваше презир кон нив, ги исмејуваше нејзините стравувања и вообразено ги изнесуваше своите мислења како тие да се единствено точни. Нејзиното почитување кон тебе секако ќе исчезне ако продолжиш по патот по којшто си тргнал. А кога ќе исчезне почитувањето, ниту љубовта нема да трае долго. {2T 260.2}

Те проколнувам да се разбудиш и понизно да признаеш дека си грешел кон својата жена. Таа не е совршена. И таа греши. Но таа е искрена во својата желба да Му служи на Господа и трпеливо да го трпи твоето однесување кон неа и твоите деца. Ти брзо ги воочуваш грешките на својата жена и се фаќаш за секоја ситница. Таа е слаба, но со својата мала сила Го слави Бога подобро отколку ти со сите свои сили. {2T 261.1}

Батл Крик, 17 јануари, 1869 година.

---

38. РОДЕНДЕНСКО ПИСМО

Драг мој сине, ти пишувам за твојот деветнаесетти роденден. Бев многу среќна што помина со нас неколку недели. Ти скоро ќе нѐ напуштиш, но нашите молитви ќе бидат со тебе. {2T 261.2}

Ти денес навршуваш уште една година од својот живот. Што може да речеш за таа година, дали напредуваше во побожниот живот? Дали стекна поголема духовност? Дали го распна своето „јас" со неговите чувства и страсти? Дали стекна повеќе интерес за проучување на Божјата реч? Дали задоби одлучни победи над своите чувства и карактерни црти? О, каков ли бил извештајот за твојот живот за оваа година која заминува во вечноста и која никогаш повеќе да не се врати? {2T 261.3}

Влегувајќи во новата година, мора сериозно да одлучиш твојот пат во неа да оди напред и нагоре. Твојот живот нека биде повозвишен и поблагороден отколку во минатото. Постави си цел за себе да не одиш по своите задоволства, туку да одиш по делата на нашиот Откупител. Немој да останеш во положба постојано да ти се помага, и другите да мораат да те чуваат да не се оддалечиш од тесната патека. Мораш да бидеш силен за да можеш да вршиш добро влијание врз другите. Можеби ќе бидеш на такво место што душата ќе посака да им правиш добро на другите, да ги тешиш расплаканите, да ги поттикнуваш слабите и да сведочиш за Христа кога и да ти се пружи за тоа прилика. Гледај да Го славиш Бога во сè, секогаш и насекаде. Внеси ја својата вера во сè што правиш. Биди доследен во сè она што преземаш. . {2T 261.4}

Ти сè уште не си ја искусил спасоносната Божја сила и покрај својата предност, затоа што не си поставил за главна цел на својот живот да Го прославиш Христа. Секоја твоја намера, секоја работа во која се впушташ и секое задоволство на кое му се предаваш нека има една цел - да се прослави Бог. Зборовите на твоето срце нека бидат: „Јас сум Твој Боже, да живеам за Тебе, да работам за Тебе и да страдам заради Тебе". {2T 262.1}

Многумина говорат дека се на Божја страна, но всушност не се; тежината на сите нивни дела се на страната на сатаната. Но како ќе знаеме на чија страна сме? Кому му припаѓа нашето срце? Каде се нашите најубави сили? Ако сме на Божја страна, нашите мисли се со Него, и ние мислиме најмногу на Него. Не сме во пријателство со светот. На Бога сме посветиле сè што имаме и она што сме. Копнееме да го носиме Неговиот лик, да дишеме со Неговиот Дух, да чиниме сè што е по Негова волја, и да Му угодиме во сè. {2T 262.2}

Треба да одиш по вака одреден пат, никој да не се поколеба на чија страна си. Ако ја немаш оваа цврста одлука, не ќе можеш да влијаеш на светот. Можеби твојата одлука ќе биде добра и искрена, но нема да успееш ако не го ставиш Бог за своја потпора и не појдеш напред со цврстина и решеност. Треба да се посветиш со сето свое срце за Божјото дело. Сесрдно настојувај да стекнеш искуство во христијанскиот живот. Треба да се угледаш на Христовиот пример во својот живот. {2T 262.3}

Не можеш да служиш и на Бога и на мамона. Или целосно ќе бидеш на Господовата страна, или си на страна на непријателот. „Кој не е со Мене, тој е против Мене; и кој не собира со Мене, тој растура". Некои луѓе доживуваат неуспех во верскиот живот бидејќи не можат да се одлучат и постојано се колебаат. Тие често стекнуваат убедување и скоро се спремни сè да предадат на Бога, но бидејќи никогаш не се одлучуваат целосно, повторно се враќаат назад. Во таа состојба нивната совест станува закоравена и сè помалку и сè помалку приемчива за Божјиот дух. Неговиот дух ги опоменувал, ги убедувал, но бил отфрлен. Со Бога не се шегува. Тој јасно покажува што ни е должност, и ако не ја следиме светлината, ќе западнеме во темнина. {2T 263.1}

Бог ти налага да станеш работник во Неговото лозје. Веднаш почни тука каде што се наоѓаш. Појди кон крстот и откажи се од своето „јас," од светот и сите идоли. Целосно прими го Исуса во своето срце. Ти се наоѓаш во положба во која е тешко да се сочува чистотата и да се шири светлината која ќе ги наведе другите да го напуштат гревот и задоволствата и да појдат по тесната патека, која Господ ја предвидел за откупените. {2T 263.2}

Целосно предај се на Бога, приближи Му се во сè без ограничувања и така побарај го оној мир, кој ја надминува моќта на нашето сфаќање. Не може да добиваш храна од Христа, ако не си во Него. Ако не бидеш во Него, ќе станеш исушена лоза. Ти не чувствуваш дека ти недостасува чистота и вистинска светост. Треба да почувствуваш искрен копнеж за Светиот Дух и сесрдно да се молиш да го добиеш. Не смееш да очекуваш дека Бог ќе ти даде благослов ако не го побараш. Ако ги користиш можностите што ти стојат на располагање ќе искусиш раст во благодатта и ќе се воздигнеш до еден повисок живот. {2T 263.3}

Не е природно за тебе да ги сакаш духовните нешта, но тоа може да се стекне ако во тој правец го воспитуваш својот дух, кој претставува сила на твоето битие. Потребна ти е сила да го направиш тоа. Вистинското воспитување се состои во тоа своите способности да ги употребуваме така, за да вродат со добар плод. Зошто верата толку малку го привлекува нашето внимание, додека светот силно го држи нашиот ум, коски и мускули? Тоа доаѓа оттаму што сета наша сила е насочена во тој правец. Ние сме се навикнале ревно да ги вложуваме своите сили во работите за овој свет, и така лесно му е на нашиот Дух да појде во тој правец. Заради тоа христијаните верскиот живот го сметаат за тежок, а животот во светот лесен. Нашите способности се развиле во тој правец. Ние во верскиот живот донекаде сме ја прифатиле вистината на Божјата Реч, но таа вистина не сме ја остварите во пракса. {2T 263.4}

Негувањето на верските мисли и побожни чувства не било ставено во рамките на воспитувањето. Таквите мисли и чувства мора да влијаат врз целото битие и да владеат со него. Потребно е да се стекне навика за добри дела. Повремено, под поволни влијанија правиме добри дела, но во нас не постои начело да размислуваме природно или доброволно за она што е божествено. Човекот нема да стане духовно џуџе ако со умот постојано се занимава со духовни поими. Не е доволно само да мислиме на тоа. Својот ум мора постојано да го привикнуваш да се сосредоточува на духовните работи. Со вежбање ќе се стекне сила. Мнозина кои тврдат дека се христијани, се наоѓаат на пат да ги загубат обата света. Да се биде половина христијанин, а другата половина да припаѓа на светот - тоа значи да се биде еден стоти дел христијанин, а во сè останато да се биде световен. {2T 264.2}

Бог бара духовен живот, а илјадници извикнуваат: „Не знам што е работата, но јас немам сила, Божјиот дух не е во мене". А тие истите ќе се расприкажат и ќе оживеат, дури ќе станат и поречити кога ќе зборуваат за работите од овој свет. Само слушај што зборуваат таквите на богослуженијата. Тие изговараат десетина зборови со едвај чуен глас. Тоа се мажи и жени на овој свет. Тие негувале наклоност кон светот сè додека нивните способности не се развиле во тој правец. Меѓутоа, тие во поглед на духовноста се како деца, а би требало да бидат силни и разумни. Тие не наоѓаат задоволство во размислувањата за тајната на побожноста. Не го разбираат јазикот на небото и не го воспитуваат својот дух за да можат да се подготват еден ден да пеат небесни песни и да уживаат во богослуженијата кои таму ќе го окупираат сето нивно внимание. {2T 264.3}

Оние кои тврдат дека се христијани, световните христијани, не се запознаени со небесните работи. Тие никогаш нема да поминат низ вратата на Новиот Ерусалим за да земат учество во она што досега не го привлекувало нивното внимание. Тие не го вежбале својот ум во побожност и размислувања за небото и Бога. И како тогаш тие, би

можеле да учествуваат во небесното богослужение? Како би можеле да уживаат во духовното, чисто, свето небо, кога за ова не размислувале со задоволство на земјата? Таму и самата атмосфера ќе биде олицетворена чистота. Но тие со сето тоа не се запознаени. Тие во овој свет се поведуваат по своите земски склоности, знаат што сакаат и што ги привлекува. Постојано се користат со своите способности од низок ранг и тие способности се развиваат, додека нивните повозвишени и поблагородни особини на умот не зајакнуваат со вежба, така што тешко е да се поттикнат да се занимаваат со она што е духовно. Тие не ги сфаќаат духовните нешта бидејќи ги гледаат со очи кои го љубат светот, а таквите очи не можат вредноста и славата на она што е божествено да го ценат повеќе од она минливото. {2T 265.1}

Умот мора да се дисциплинира и воспитува да ја сака чистотата. Треба да се поттикнува љубов за духовни работи; да, треба да се поттикнува ако сакаш да растеш во благодатта и познавањето на вистината. Правилно е да се тежнее кон добрина и вистинска светост, но ако се остане само на ова, нема да се има многу корист. Убаво е да се има добри намери, но тие не се од никаква корист ако одлучно не се спроведат во дело. Мнозина ќе бидат загубени, иако сакаат и настојуваат да бидат христијани; тие не вложуваат сесрдни напори и според тоа ќе бидат измерени на мерила и ќе се најдат лесни. Волјата мора да се вежба во добар правец. Сакам да бидам целосен христијанин. Сакам да ја запознаам должината и ширината, висината и длабочината на совршената љубов. Чујте ги Христовите зборови: „Блазе на гладните и жедните за правда, зошто ќе се наситат". Христос приготвил големи залихи со кои ќе ги насити оние кои се гладни и жедни за правда. {2T 265.2}

Чистата љубов овозможува на душата повисоки достигнувања, подлабоки сознанија за божествената природа, така што таа нема да биде задоволна ако не ја поседува полнината. Многумина христијани не увидуваат колкава духовна сила би стекнале кога исто толку сесрдно би се труделе да стекнат сознание за она што е божествено, како што се трудат да ги досегнат безвредните и минливи земски нешта. Огромен број христијани се задоволуваат со раст на духовни џуџиња. Тие немаат наклонетост пред сè да го бараат Божјото царство и Неговата правда и затоа божествената природа им е тајна која не можат да ја разберат. Тие не го познаваат Христа од лично искуство. {2T 266.1}

Кога таквите мажи и жени кои се задоволуваат со своето слабо, непотполно познавање на божествените работи, одеднаш би биле пренесени на небо и кога за момент би биле сведоци на она свето совршенство кое што секогаш владее таму, би ги виделе душите преполни со љубов, лица блескави со радост. Би слушнале како се разлева милозвучно пеење во слава на Бога и на Јагнето, би забележале како од лицето од Оној кој седи на престолот постојано тече светлина, кога и покрај тоа би можеле да сфатат дека им претстојат уште повозвишени и поголеми радости, затоа што, колку повеќе блаженства примат од Бога, толку ќе биде поголема нивната способност да напредуваат во вечната радост, и така да ги примаат сè поголемите дарови од непресушливиот извор на неискажаната слава и блаженство - дали, се прашувам, тие личности би можеле да влезат во друштвото на светите, да учествуваат во нивното пеење и да ја поднесат онаа чиста, возвишена, преобразувачка слава која доаѓа од Бога и Јагнето? О, не! Нивното време на милост долго време се продолжувало за да можат да го научат јазикот на небото, за да имаат „дел во Божјата природа, избегнувајќи ја

изопаченоста која постои во светот преку похота". Но сите нивни духовни сили и сета енергија на нивното битие се користени за сопствени и себични цели. Тие не можат да се одлучат без никакви ограничувања да Му служат на Бога, да се посветат на таа служба. Земските работи доаѓаат на прво место и ним им се посветени нивните најдобри способности, додека на Бога се помислува само повремено. Дали тие луѓе ќе можат да се преобразат по конечната одлука: „Кој е свет, нека се осветува уште; кој е осквернат нека се осквернува уште"? Тоа време се наближува. {2T 266.2}

Единствено оние коишто го воспитале умот да ужива во духовните активности се оние кои ќе бидат преобразени и кои нема да бидат обземени со чистотата и преголемата слава на небото. Можеш да бидеш вешт во своите уметности, можеш да ги познаваш добро науките, можеш да бидеш одликуван во музиката и книжевноста, можеш да придобиваш со своето однесување, - но каква врска има сето ова со подготвувањето за на небо? Дали сето тоа ќе те подготви да опстанеш на Божјиот суд? {2T 267.1}

Немој да се залажуваш. Со Бога нема шега. Само со светост можеш да се подготвиш за небото. Единствено искрената, делотворна побожност може да ти даде чист, возвишен, карактер и да те оспособи да бидеш во Божјото присуство што се наоѓа во непристапна светлина. Небесниот карактер мора да се стекне на земјата, инаку нема воопшто да се стекне. Затоа почни веднаш. Немој да се тешиш дека оваа задача ќе ти биде полесна од сега. Секој ден се зголемува твојата оддалеченост од Бога. Треба да се подготвиш за вечноста поревносно отколку тоа што досега го правеше. Привикни се да ја сакаш Библијата, да ги сакаш молитвените состаноци, да ги сакаш часовите минати во размислување и, повеќе од сè, часовите во кои душата има заедница со Бога. Впери ги своите мисли кон небото ако сакаш да се соединиш со небесниот хор во небесните домови. {2T 267.2}

Денес почнува нова година од твојот живот. Ангелот врти нова страница во твојата книга на животот. Што ќе биде запишано на тие страници? Дали тие ќе бидат извалкани со занемарување на Бога и неисполнети должности? Не дај Боже, да биде така! Настојувај извештаите да бидат такви, што не ќе мора да се срамиш кога тие ќе бидат откриени на погледот на ангелите и на луѓето. {2T 268.1}

Гринвил, Мичиген, 27 јули 1868

---

39. ИЗМАМЛИВОСТА НА БОГАТСТВОТО

Драга сестро М, кога Бог ми го покажа твојот случај, ми беше речено да погледнам многу години наназад во времето кога почна да веруваш во скорото Христово доаѓање. Ти го очекуваше Неговото доаѓање и сакаше Тој да дојде. {2T 268.2}

Твојот маж имаше чувствителна и благородна природа, но се потпираше на своите сопствени сили, а тоа беше слабост. Не чувствуваше потреба во Бога да најде своја

потпора. Опојните пијалаци го поматија неговиот ум и најпосле ги умртвија сите негови духовни сили. Тој својата од Бога дадена мажевност ја жртвувал на страста за жестоки пијалаци. {2T 268.3}

Ти мина низ неволји и злоставување, но Бог беше извор на твојата сила. Додека се потпираше на Него, Тој те поддржуваше. Во сите твои неволји Тој не дозволи да пропаднеш. Колку често те поткрепуваа небесните ангели во часовите на очајување, упатувајќи те на стиховите на Светото Писмо со докази дека Божјата љубов е непресушна, а неговата милост непроменлива. Твојата душа се надеваше на Бога. Да ја вршиш волјата на твојот небесен Татко, тоа беше твојата храна. Ти понекогаш цврсто веруваше во Божјите ветувања, а потоа твојата вера би преживувала тешки проби. Божјото постапување ти се чинеше нејасно. Меѓутоа, главно беше убедена дека Тој ги гледа твоите страдања и дека нема да дозволи твојот товар да ги надмине твоите сили. {2T 268.4}

Господ видел дека треба да се приготвиш за Неговото небесно царство. Тој не дозволил огнот во печката на неволјите да те уништи. Како оној кој Го прочистува среброто, Тој те набљудувал и Го следел процесот на прочистување сè додека во тебе не го забележал Неговиот лик. Иако често пати си го чувствувала пламенот на страдањето и честопати си мислела дека тој ќе те изгори, Божјото милосрдие кон тебе во тие моменти било исто толку големо какво што било и во оние случаи кога си била со силен дух и кога си победувала во Него. Огнот имал за задача да прочисти и претопи, а не да уништи. {2T 269.1}

Те видов како се бориш со сиромаштијата за да се прехраниш себе си и своите деца. Имаше моменти кога незнаеше што да правиш: иднината ти изгледаше темна и неизвесна. Во неволјата се обрати на Господа Кој те утеши и ти помогна, така што околу тебе засветли светлина на надеж. Колку мил ти беше Бог во тие моменти! Колку слатка беше Неговата љубов која ти нудеше утеха! Чувствуваше дека имаш големо богатство на небото. Ја виде наградата која ќе ја добијат Божјите деца во неволја и се утешуваше со тоа што можеше да Му се обратиш како на свој Татко. {2T 269.2}

Но твојот живот беше полош отколку да станеше вдовица. Ти страдаше поради безбожниот живот на твојот маж. Но, ниту неговите прогонства, ниту неговите закани и насилства не можеа да те принудат да се потпреш на својата мудрост и да го заборавиш Бога. Напротив: ти ја увиде својата слабост и својата неспособност да го носиш товарот, и така свесна за својата слабост, доби олеснување така што своето бреме го донесе на Исуса, големиот носител на товари. Колку се радуваше на секој зрак на светлина којшто доаѓаше од Него! И колку силна се чувствуваше во Негова сила! Кога над тебе одеднаш би се наднела бура од прогонства и суровост, Господ не дозволуваше да бидеш совладана; токму во тие моменти на неволји чувствуваше сила, спокојство и мир кои беа чудни и за тебе самата. {2T 269.3}

Кога ќе беше изложена на навредливи осудувања и подбивања посурови и од копја и стрели, под влијанието на Божјиот Дух ти зборуваше тивко и нестраствено. Тоа не беше во твојата природа да го правиш. Тоа беше плод на Божјиот Дух. Божјата благодат беше онаа што ја засили твојата вера среде сето тоа разочарување заради одложената надеж. Благодатта те засили за борба и тешкотија и ти низ сето тоа помина како победник. Благодатта те учеше да се молиш, да љубиш, да имаш доверба и покрај

твоите ненаклонети околности. Кога сфати дека твоите молитви беа услишени на посебен начин, ти не чувствуваше дека тоа е така не заради било каква заслуга од твоја страна, туку заради твојата голема потреба. Твојата потреба беше Божја прилика. Твојот живот во тоа време беше живот на доверба во Бога. И манифестирањето на Неговото посебно избавување кога ти се наоѓаше во најголеми неволји беше како оаза во пустина за оние кои омалаксувале и за уморните патници. {2T 270.1}

Бог не те остави да пропаднеш. Тој често пати ги праќаше пријателите да ти помогнат во моментите кога на тоа најмалку се надеваше. Божјите ангели се грижеа за тебе и те водеа чекор по чекор по напорната патека. Те притискаше немаштија, но тоа беше најмалата тешкотија со која требаше да се бориш. Кога Н ја злоупотребуваше твојата сила за да ти нанесе болка и за да те навреди, чувствуваше колку е горчлива чашата која мораше да ја испиеш. А кога тој се понижи до таа мера така што почна да те навредува во твојата сопствена куќа, тој ископа јазол помеѓу себе и тебе преку кој никако не можеше да поминеш. Тогаш Бог ти прати пријатели за да ти помогнат во твојата болка и очај. Не те остави сама, туку ти подари поткрепа така што можеше да речеш: „Господ е мојот помошник". {2T 270.2}

Во сите свои неволји за кои другите никогаш не дознаа во целост, имаше еден верен Пријател кој ти зборуваше: „Јас сум со вас во сите денови до свршетокот на векот". И Тој ја почувствува човечката неволја додека беше на оваа земја. Иако сега е горе кај Таткото и иако го опкружуваат ангели кои веднаш ги исполнуваат Неговите заповеди, Неговото срце кое љубеше и имаше сочувство, не се измени. Тоа сè уште е полно со непроменлива нежност. Тој е истиот оној Исус кој ги знаеше твоите маки и не те остави сама да се бориш со искушенијата и злото и најпосле да потклекнеш во тешкотиите и неволјите. Тој ти зборуваше преку своите ангели: „Не плаши се, јас сум со тебе". „И живеам, и бев мртов и еве сум жив за секогаш, амин". „Јас ги знам твоите страдања, и самиот минав низ нив. Ги познавам твоите борби, и самиот ги искусив. Знам за твоите искушенија, и самиот ги имав. Ги видов твоите солзи, и самиот плачев". Твоите земски надежи се срушија, но ти подигни го погледот во вера, и кога тој продира низ превезот, таму сосредоточи ги своите надежи. Треба да бидеш уверена дека имаш Пријател кој ќе ти биде поверен и од брат. {2T 271.1}

О, моја драга сестро, кога само би можела да видиш како што јас ги видов Божјите патиштата и дела кои се откриваа во сите твои поранешни потешкотии и неволји, кога беше притисната од немаштија, никогаш не би можела да Го заборавиш. Твојата љубов само би се зголемувала и ти неуморно би се трудела да ја објавуваш Неговата слава. {2T 271.2}

Овие несреќи и големи неволји го нарушија и твоето здравје. Тогаш имаше само малку пријатели на Божјото дело и мнозина од нив беа сиромашни. Не можеше да се надеваш на голема помош ниту од десно, ниту од лево. Гледајќи ги своите деца и себеси во таа тешка положба ја губеше храброста. Во тоа време ти се приклони кон Шејкерите, бидејќи и твоите пријатели адвентисти кои ти помогнаа во тешките денови беа здружени со нив. (Шејкери - верска деноминација во Америка во тоа време) Божјите ангели сепак не те напуштија. Тие ти помагаа и беа како огнен ѕид околу тебе. Светите ангели те штитеа од измамите од кои подлегнале овие луѓе. Шејкерите веруваа дека ќе им се придружиш и сметаа дека ќе им бидеш од голема корист, бидејќи ќе бидеш ревен

член на нивната заедница. Тие би ти дале висока позиција во нивната организација. Некои имаа дури и вдахновенија кои им зборуваа дека Бог одредил да бидеш висок член на нивната заедница, но дека ти си една од оние личности на кои не треба да се навалува, кај која со убаво може да се постигне многу, а би се претрпел целосен неуспех кога нешто би се работело на сила. {2T 271.3}

Тие во голема мера се оддавале на магнетизмот. Верувале дека на тој начин ќе можат да те наведат да ги гледаш работите во иста светлина како што ја гледале и тие. Ти не си била свесна на сите измами и средства кои ги употребувале за да ја спроведат оваа своја намера. Бог те сочувал. Околу тебе бил како еден круг на светлина која ја пратиле светите ангели и темнината која те опкружувала не можела да ја засени оваа светлина. Бог ти отворил пат по кој ти излезе од оваа заблудена заедница со начела исто толку чисти како и кога влезе. {2T 272.1}

Твојата болна рака ти причинуваше многу страдања. Се обраќаше на сите страни за помош. Дозволи да те лекува некоја жена која се фалела со својата вештина. Оваа жена била посебен помагач на сатаната. За малку ќе го загубеше животот од нејзините експерименти. Отровот кој беше внесен во твојот организам беше доволен да го убие и најсилниот човек. Ако не ти помогнеше Бог, ќе го загубеше животот. {2T 272.2}

Ниту едно средство по кое посегна, за да го вратиш своето здравје не ти помогна. Не беше погодена само твојата рака; туку целиот твој организам беше заболен. Белите дробови ти беа зафатени и ти со брзи чекори одеше кон смртта. Ти во тоа време знаеше дека единствено Бог може да те ослободи. Можеше да направиш уште нешто: можеше да ги следиш упатствата од петтото поглавје на апостолот Јаков. Ти стори завет со Бога дека, доколку ти го поштеди животот за да можеш да се грижиш за потребите на своите деца, ќе го посветиш својот живот на Негова слава, дека со сите сили ќе се трудиш да Го помагаш Неговото дело и ќе правиш добрини на земјата. Ангелите го известија Бога за ова ветување. {2T 273.1}

Ние дојдовме кај тебе во големата неволја и во твое име го побаравме Божјото ветување. Не се осмеливме да гледаме на надворешноста, зошто тогаш би личеле на Петар кому Господ му рече да појде кај Него по водата. Требаше да гледа само горе, а тој гледаше во разбрануваните бранови и неговата вера се расколеба. Ние спокојно и цврсто се држевме само за Божјите ветувања, не обрнувајќи внимание на болеста и во вера баравме благослов. Особено ми беше покажано дека Бог работи на чудесен начин и дека те спасил во Својата милост, за да бидеш жив пример за Неговата исцелувачка моќ, и да сведочиш за Неговите чудесни дела кон синовите човечки. {2T 273.2}

Ти во тој момент доживеа една голема промена кон подобро, твоето заробеништво престана и во твоето срце се всели радост и среќа наместо сомнеж и тага. „О, како Господ силно работи". Така чувствуваше во душата. Господ ги услиши молитвите на своите слуги и те подигна за да можеш и понатаму да живееш и да минуваш низ неволји, да стражариш, и да го чекаш Неговото доаѓање и Неговото име. Тешко те притискаа грижите и сиромаштвото. Понекогаш те обвиткуваше темнина и ти не можеше да се воздржиш, а да не се запрашаш: „Боже, дали ме остави?" Меѓутоа не беше напуштена иако не можеше да здогледаш некаков излез. Господ сакаше да му се довериш и да се потпреш на Неговата милост и љубов и покрај темнината и облаците токму како што го правеше тоа тогаш кога те осветлуваше сонце. Понекогаш облаците би се разотишле и

на тебе би паднале зраци на светлина, крепејќи го твоето очајно срце, јакнејќи ја твојата расколебана надеж и ти сета би затреперила и повторно би го управила својот поглед со вера на ветувањето на твојот небесен Татко. И тогаш не сакајќи би извикнала: „Боже, ќе верувам и ќе се надевам на Тебе. Ти досега ми помагаше и сега нема да ме напуштиш”. {2T 273.3}

Кога задоби победа и кога светлината повторно засветли над тебе, не најде зборови да ја изразиш својата искрена благодарност кон милостивиот небесен Татко. Мислеше дека никогаш повеќе нема да се посомневаш во Неговата љубов, ниту ќе немаш доверба во Неговата грижа. Не копнееше по лагоден живот. Не се притеснуваше да работиш тешки работи, само ако тоа ти овозможеше да ги прехраниш своите деца и да ги заштитиш од неправдата која толку многу владее во овој век. Бремето на твоето срце беше тие да се свртат кон Господа. Со солзи се молеше на Бога за нив. Силно сакаше да се обратат. Понекогаш паѓаше во очај плашејќи се дека твоите молитви нема да бидат услишени. Потоа повторно ќе ги посветеше своите деца на Бога и со цело срце повторно ги положуваше на олтар. {2T 274.1}

Кога отидоа во војска, ги следеа твоите молитви. Таму чудесно беа сочувани во живот. Тие тоа го нарекоа среќа, но тука голем удел имаа и молитвите кои грижливата мајка ги упатуваше од длабината на својата душа, сфаќајќи во каква опасност се наоѓаат нејзините деца и колку би било страшно да пропаднат млади, без надеж во Бога. Колку молитви беа упатувани кон небото за тие синови да бидат сочувани, за да го слушаат Бога и да го посветат својот живот на Негова слава! Во таа грижа за своите деца го проколнуваше Бога да ти ги врати за да можеш уште посесрдно да ги водиш по патеката на светоста. Сакаше да се заложуваш уште поревносно од кога и да е порано. {2T 275.1}

Господ сакал да стекнеш искуства во страдања и тешкотии за да можеш да бидеш корисна за себе и за другите. Во деновите на сиромаштво и неволји го љубеше Господа и верата. Наоѓаше утеха во скорото Христово доаѓање. Негуваше жива надеж дека наскоро ќе се одмориш од својата работа, дека наскоро ќе завршат сите твои маки, и ќе увидиш дека не страдаше и работеше премногу затоа што апостол Павле објавил: „Бидејќи нашите сегашни незначителни страдања ни донесува вечна и од сè попретежна слава”. {2T 275.2}

Дружењето со Божјиот народ ти изгледаше скоро како посета на небото. Ништо не можеше да те спречи во тоа. Поднесуваше умор и глад во овоземски смисол, но не можеше да се лишиш од духовна сила. Сесрдно бараше благодат од Бога и не ја бараше напразно. Заедницата со Божјиот народ беше за тебе најголем благослов. {2T 275.3}

Во твоето христијанско искуство душата ти се гнасеше од суетата, гордоста и расипничкото покажување. Кога би видела како оние кои тврдат дека се христијани ги трошат парите за да се расфрлаат и да ја поттикнуваат гордоста, твоето срце и усни зборуваа: „О, кога би ги имала тие пари кои ги трошат неверните повереници, би го сметала за најголема предност помагањето на сиромашните и поддршката на напредокот на Божјото дело”. {2T 275.4}

Често го чувствуваше Божјото присуство кога на својот кроток начин се трудеше да ги просветлиш другите во поглед на вистината за овие последни денови. Ти сама го почувствува дејството на вистината. Знаеше дека не е измислица она што го виде, слушна и искуси. Уживаше во разговорот со другите да го изложуваш чудесниот начин

на кој што Бог го води својот народ. Божјите дела ги изложуваше со такво убедување, што разбудуваше вера во срцата на оние кои те слушаа. Зборуваше така како да си го видела она што го изложуваш. Говорејќи им на другите за сегашната вистина, копнееше за уште поголеми можности, за да можеш да влијаеш на многумина и на оние кои се во темнина да пружиш светлина која го осветлила твојот пат. Понекогаш беше скоро обесхрабрена увидувајќи го своето сиромаштво, ограниченото влијание и труд, кои лажните пријатели на Божјото дело често пати погрешно ги толкуваа. {2T 276.1}

Понекогаш во својата несредена состојба грешеше при расудувањето и имаше луѓе кои ги искористуваа твоите грешки, наместо да ја негуваат онаа љубов која не мисли за зло. Меѓутоа не ти беа ускратени љубовта и нежното Христово сочувство; тие беа твоја поддршка во неволјите и маките на твојот живот. Кај тебе прво место заземаа небесното царство и Христовата правда. Во твојот живот имаше недостатоци, бидејќи човечки е да се греши; меѓутоа според она што Господ милостиво ми го покажа во врска со обесхрабрувачките околности во деновите на твоето сиромаштво и неволји, никој на твое место не би бил во состојба да направи помалку грешки од тебе. Лесно е на оние кои се поштедени од тешки неволји, на кои други се изложени, да се сомневаат, да претпоставуваат зло и да пронаоѓаат грешки. Некои луѓе попрво ќе ги укорат другите што одат во извесен правец, отколку да преземат на себе одговорност и да укажат на она што треба да се стори или да го покажат подобриот пат. {2T 276.2}

Стана збунета. Не знаеше на кого да се потпреш. Во местото _____ и околината имаше малку адвентисти на седмиот ден кои можеа да вршат спасоносно влијание. Некои што ја исповедаа верата не ѝ служеа на вистината на чест. Тие не собираа со Христа, туку растураа. Можеа да зборуваат гласно и долго, но нивните срца не беа во Божјото дело. Вистината која ја исповедаа не ги посветила. И бидејќи немаа корен, се откажаа од верата. Да го направеа тоа порано, би било подобро за делото на вистината. Со оглед на таквите прилики сатаната ја искористи твојата состојба и приготвуваше пат за твое отпаднишство. {2T 277.1}

Обрнато ми е внимание за твојата желба да имаш пари. Ти вака размислуваше: „О кога би имала пари, јас не би ги растурала. Би давала пример на оние кои се недарежливи и скржавци. Би им покажала колкав благослов лежи во добродетелството". Твојата душа се гнасеше од лакомоста. Кога ќе видеше како оние кои имаат во изобилство земско богатство - го затвораат своето срце пред молбите на сиромашните, ти зборуваше: „Бог ќе им плати; Тој ќе ги награди според нивните дела". Кога ќе видеше како богатите се расфрлаат во гордоста, како нивните срца се препашани со себичност како железен обрач, сфаќаше дека тие се посиромашни од тебе, иако се наоѓаше во беда и многу страдаше. Гледајќи како тие сребролупци се гордеат со тоа што парите носат власт, ти ги сожалуваше и воопшто не сакаше да се менуваш со нив. Сепак, ги посакуваше парите за да можеш да ги употребиш така што ќе претставуваат укор за сребролубците. {2T 277.2}

Господ рекол на ангелот кој дотогаш беше твој постојан чувар: „Ја проверив во сиромаштија и страдања и не се одвои од Мене, ниту се побуни против Мене. Ќе и ја покажам и другата страна на човечкото срце со кое не е запознаена. Ќе покажам дека парите се најопасен пријател кој некогаш ќе го сретне. Ќе и ја покажам измамливоста на богатството: Ќе и покажам дека богатството е стапица дури и за оние кои сметаат дека

се обезбедиле против себичноста, дека се осигуриле против гордоста и љубовта кон пофалбата на луѓето. {2T 278.1}

Видов дека ти е отворен патот кон подобрување на животните прилики и дека најпосле ќе дојдеш до средства за кои имаше намера да ги употребиш мудро, на Божја слава. Колку ангелот внимателно ја набљудувал оваа нова проба, за да забележи како ќе се однесуваш. Видов дека постепено и незабележително се одвојуваш од Бога како што парите доаѓаа во твои раце. Парите кои ти беа доверени ги трошеше за сопствена удобност, за да се опкружиш со добрата на земскиот живот. Видов дека ангелите те набљудуваат со болна тага, нивните лица наполу беа свртени од тебе бидејќи не сакаа да те напуштат. Меѓутоа ти не го забележуваше нивното присуство и одеше по својот пат не обрнувајќи внимание на својот ангел чувар. {2T 278.2}

Работата и грижите во твојата нова положба го окупираа сето твое време и твоето внимание и ти ја запостави својата должност кон Бога. Исус те откупи со сопствената крв. Ти не припаѓаш самата на себе. Твојата сила, времето и парите со кои располагаше - сето тоа припаѓаше на твојот Откупител. Тој беше твој постојан Пријател, твоја сила и поддршка тогаш кога сите твои пријатели се покажаа како недоверливи. Но ти на Неговата љубов и добрина Му возврати со неблагодарност и заборав. {2T 278.3}

Твојата сигурност лежеше исклучиво врз потпирањето на Христа, твојот Спасител. Далеку од крстот за тебе немаше сигурност. Колку во тој поглед е слаба човечката сила! О, колку е очевидно дека нема вистинска сила освен онаа која Бог ја дарува на оние кои се потпираат на Него! Една молитва упатена кон Бога во вера има повеќе сила отколку целото богатство на човековиот ум. {2T 279.1}

Во своето богатство не ги спроведуваше во дело своите намери што ги имаше кога беше во сиромаштво. Богатството те заведе и те одвои од твоите цели. Грижите навалија на тебе Твоето влијание се прошири. Кога на несреќните ќе им ги олеснеше страдањата, тие те славеа и ти се навикна да уживаш во пофалбите од усните на кутрите смртници. Живееше во популарен град и сметаше дека за да имаш успех во твојата работа и за да го зачуваш своето влијание, потребно е твојата околина да биде во склад со твојата работа. Но затоа, отиде премногу далеку. Премногу се поведуваше по мислењето и судот на другите. Залудно трошеше пари, само да ја задоволиш желбата на очите и гордоста на животот. Заборави дека всушност ракуваш со парите на својот Господ. Трошејќи пари за задоволување на суетата, не помислуваше дека ангелот во сето тоа составува извештај и дека ќе се срамиш кога ќе се сретнеш со Него. Ангелот покажа со прст кон тебе и рече: „Се славеше себеси, а не го возвеличи Бога". Ти дури се гордееше што можеше сето тоа да го купуваш. {2T 279.2}

Големи суми трошеше за непотребни работи само за да се истакнеш; тоа ја поттикнуваше суетноста и гордоста, а тоа ти носеше грижа на совест и срам. Ако водеше сметка за барањата на небото и правилно да располагаше со парите кои ти беа доверени, помагајќи на сиромашните и придонесувајќи за напредокот на Божјата вистина, ти би собрала за себе големо богатство на небото и би била богата во Божјите очи. Само помисли колку пари вложи во она што всушност никому не користеше; никој не беше нахранет ниту облечен, никому не беше помогнато да ги увиди своите грешки за да може да се врати на Христа и на животот. {2T 279.3}

Вложуваше големи суми во несигурни потфати. Сатаната ги заслепи твоите очи и не виде дека од тоа нема да имаш никаква корист. Не помислуваше дека треба да обезбедиш за себе вечен живот. Требаше да ги вложиш своите пари. Тука не би се изложила на никакви опасности, не би доживеала разочарување и на крај би обезбедила за себе огромна награда. Требаше да вложуваш во небесната банка која никогаш не изневерила. Требаше да собираш за себе богатство таму каде што крадците не поткопуваат ниту крадат и каде што рѓата не расипува. Тој потфат е вечен, многу поблагороден од сè она што е земско како што небесата се повозвишени од земјата. {2T 280.1}

Твоите деца не беа Христови ученици. Тие беа во пријателство со светот и нивните срца сакаа да му се прилагодат. Со нив владееја желбите на очите и гордоста на животот и тоа во извесна мера влијаеше и на тебе. Ти посесрдно се трудеше да им угодиш на твоите деца, отколку да го славиш и да го фалиш Бога. Заборави дека Бог полага право на тебе, заборави на потребите на Божјото дело. Себичноста те наведе да трошиш пари за украси за да си угодиш на себе и на своите деца. Не помислуваше дека тие пари не се твои, дека ти се позајмени како што и беше испитана, за да се види дали ќе се отстраниш од злата кои ги забележуваше кај другите. Бог те направи свој повереник и кога ќе дојде и кога ќе ја бара сметката од своите слуги, каква сметка ќе Му поднесеш? {2T 280.2}

Твојата вера и едноставна доверба во Бога почнаа да исчезнуваат откако парите почнаа да стигаат во твоите раце. Ти не се одвои наеднаш од Бога. Твоето отпаднишство беше постепено. Престана со утринското и вечерното лично богослужение бидејќи тоа не ти беше секогаш пригодно. Твојата снаа ти создаваше големи потешкотии кои многу придонесоа да престанеш со семејните богослужења. Во твојата куќа веќе не се слушаа молитви. Работата ти стана прва грижа, додека Бог и Неговата вистина дојдоа во втор ред. Погледни наназад, на твојот поранешен живот: дали овие неволји можеа да те одвратат од семејната молитва? {2T 280.3}

Со занемарување на молитвата го загуби во куќата она влијание кое можеше да го задржиш. Твоја должност беше да го повикуваш Бога во своето семејство без разлика на последиците. Требаше да се обраќаш на Бога наутро и навечер. Требаше да бидеш свештеник на семејството со тоа што ќе ги исповедаш своите гревови и гревовите на своите деца. Ако беше верна, Бог кој беше твој водич, не би те препуштил на твојата мудрост. {2T 281.1}

Се трошеа пари на непотребен раскош. А беше длабоко погодена кога другите паѓаа во тој грев. Трошејќи ги на тој начин своите пари, ти Го крадеше Бога. Тогаш Господ рече: „Ќе растурам. Ќе допуштам извесно време да оди по патот по кој самата одбра. Ќе и го заслепам умот и ќе ѝ ја одземам мудроста. Ќе и покажам дека нејзината сила е немоќ и дека нејзината мудрост е лудост. Ќе ја понизам и ќе и ги отворам очите за да види колку се оддалечи од Мене. Ако не се врати кај Мене со сето свое срце и не ми дојде со сето свое битие, Мојата рака ќе растури, ќе ја скршам гордоста на мајката и на децата и повторно ќе биде беда. Моето ќе биде воздигнато. Ќе го срушам човечкото величие и ќе ја понизам неговата гордост”. {2T 281.2}

Горе наведеното видение ми беше дадено на 25 декември 1855 година во градот Рочестер, во државата Њујорк. Во јуни минатата година видов дека Бог постапува со љубов кон тебе, и сега те повикува да му се вратиш и да бидеш жива. Покажано ми е

дека со години беше свесна за своето отпадништво. Да се посветеше на Бога, ќе направеше големо и добро дело со тоа што со својата светлина би ги осветлувала и другите. Секому му е дадена некаква должност која мора да ја изврши за својот Господар. Тој на секому од своите слуги подарил особени способности и таленти: „На едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според неговата способност". Секој слуга примил некаков талант за кој бил одговорен, а талантите се во согласност со нашите способности. Бог не бил пристрасен при поделбата на даровите. Тој подарил таланти знаејќи ја силата на Своите слуги и очекува со иста мера да му се вратат. {2T 281.3}

Господ во твојата поранешна положба ти подари таланти на углед, но не ти даде таланти на богатство и затоа не очекуваше од тебе во твоето сиромаштво да го делиш она што не си го имала. Како вдовица, ти го даваше она што можеше. Сепак да ги земеше во обзир тогашните прилики можеше да дојдеш до помисла дека ни толку не мораше да даваш. За време на твојата болест Бог бараше од тебе да се посветиш на некоја активна работа, бидејќи болеста тоа не ти го дозволуваше. Иако твоето влијание и средства беа ограничени, Бог ги прифати твоите напори да правиш добро и да го помагаш Неговото дело според она што го имаше, не според она што го немаше. Господ не ги презира ниту најмалите дарови, ако се приложени со радост и искрено. {2T 282.1}

Поседуваш огнен карактер. Ревноста за добро е за пофалба. Во своите поранешни неволји и потешкотии стекна едно искуство кое требаше да им користи и на другите. Ревно служеше на Бога. Сакаше да го објаснуваш својот став на оние кои не веруваа во сегашната вистина. Зборуваше со длабоко убедување, бидејќи таа вистина беше стварност за тебе. Вистината стана дел од твоето битие и оние кои ги слушаа твоите сесрдни повици не се сомневаа во твојата чесност, туку и самите стануваа убедени во вистинитоста на она што го зборуваше. {2T 282.2}

Бог во Своето провидение ти подари уште поголем круг на делување. Освен тоа, сметаше дека е соодветно да те испроба така што ти даде и таланти на богатство. Со тоа прими на себе двојна одговорност. Кога твоите животни прилики почнаа да одат кон подобро, ти рече: „Штом ќе стекнам дом, ќе дадам прилог за Божјото дело". Но, кога стекна куќа, виде дека на неа треба да се извршат големи поправки за да биде пријатна и удобна, па го заборави Господа и Неговите барања кон тебе, и беше помалку наклонета да го помагаш Божјото дело отколку во деновите на сиромаштија и неволја. {2T 283.1}

Бараше пријателство со светот и се оддалечуваше сè повеќе од Бога. Ја заборави Христовата опомена: „Но пазете се вашите срца да не бидат натежнати од прејадување и пијанство и грижите на овој свет, за да не ве затекне оној ден ненадејно". „Кој мисли дека стои нека чува да не падне". {2T 283.2}

Постојат три лозинки во животот на христијанинот кои мораме секогаш да ги имаме на ум ако не сакаме да бидеме совладани од сатаната: стражари, моли се и работи. Молитвата и стражарењето се неопходни за напредување во божествениот живот. Во твојот живот немаше позначајни моменти од сегашните. Ќе бидеш сигурна единствено ако живееш како стражар. Непрестано стражари и моли се. О, потребна е голема претпазливост против сите искушенија, против упаѓањата во стапиците на овој свет.

Требало сесрдно да се посветиш на делото за оние неколку години кога уживаше голем углед. {2T 283.3}

Драга сестро, фалбите на луѓето и ласкањата од овој свет имаа поголемо дејство на тебе отколку што увидуваше. Ти не ги умножуваше своите таланти давајќи ги на трговците. По природа си чувствителна и великодушна. Ги искажуваше тие добри особини, но не во онаа мера во која Бог тоа го бара. Не е доволно само да се има убави особини. Бог бара постојано да ги користиме, бидејќи со нивна помош носиме благослов на оние на кои им е потребна помош и со тоа го остваруваме Неговото дело на спасување на човекот. {2T 283.4}

Бог не сака да зависи од скржавците за да се грижи за достојните сиромашни или да го помагаат Неговото дело. Таквите се лесноумни и тие со негодување ќе дадат и најмала помош на сиромашните во нивната неволја. Тие би сакале и нашето дело да се сведе на нивните ситни поимања. Тие единствено гледаат да дадат што помалку. Ним парите им се многу поважни од драгоцените души за кои Христос умрел. Нивниот живот, во погледот на Бога и небото, е полош и од безвредното. Бог не сака да им го довери Своето значајно дело. {2T 284.1}

„Проколнете го Мироз, рече ангелот Господов, проколнете ги неговите жители бидејќи не дојдоа во помош на Господа, на помош на Господа против силните". Што направил Мироз? Ништо. Тоа бил неговиот грев. Него го снашло Божјото проклетство затоа што ништо не направил. Човек тесноград и со ситна душа е одговорен за своите скржавости, но тешка одговорност почива и на оние кои имаат благородна душа и љубов кон луѓето, бидејќи доколку допуштат тие таланти да останат неискористени, ќе бидат ставени во ист ред со неверните слуги. Не е доволно само да имаш добри особини. Оние кои ги имаат треба да знаат дека со тоа само се зголемени нивните должности и одговорности. {2T 284.2}

Господарот ќе бара од секој Свој повереник да даде сметка за својата работа, да покаже што направил со доверените таланти. Оние кои верно ја извршиле својата задача тоа нема да го припишат на своја слава, сè ќе препишат на Бога. Она што им е подарено ќе го наречат „Твој денар" а не „мој денар". А кога зборуваат за заработувањето, внимателно ќе покажат од каде им доаѓа. Господарот ја дал главнината. Тие со успех ја вложиле и му ја враќаат на Дарителот и главнината и добивката. Тој ќе ги награди за нивниот труд како тоа да била нивна заслуга, иако сè должат на благодатта и милоста на дарежливиот Дарителот. До нивните уши ќе допрат Неговите зборови за незаслуженото одобрување: „Добро извршено, добар и верен слуго! Во малку ми беше верен, над многу ќе те поставам: влези во радоста на својот господар". {2T 284.3}

Тебе, сестро, ти се доверени таланти на углед и богатство и според тоа твојата одговорност е голема. Треба да постапуваш внимателно, во Божји страв. Твојата мудрост е слабост, но мудроста одозгора е сила. Господ има намера да ја осветли твојата темнина и да фрлиш еден поглед на небесното богатство, за да можеш да бидеш во состојба да ја процениш вредноста на обата света. И тогаш ќе те пушти да избереш помеѓу овој свет и вечното наследство. Видов дека сè уште имаш можности да се вратиш во неговата прегратка. Исус те откупил со Неговата крв, и затоа бара од тебе твоите таланти да ги ставиш Нему во служба. Ти не си толку закоравена за да не можеш да го

почувствуваш делото на Светиот Дух. Кога Божјата вистина е презентирана, таа наоѓа одѕив во твоето срце. {2T 285.1}

Видов дека треба внимателно да го проучиш секој свој чекор. Не треба да правиш ништо брзоплето. Бог нека ти биде советник. Тој ги љуби твоите деца и право е и самата да ги сакаш, но не смееш да им го даваш во своето срце она место кое Господ го бара за себе. Тие имаат љубезни импулси и благородни намери. Нивниот карактер е исправен. Кога би увиделе дека им е потребен Спасител и кога би се поклониле пред крстот, би можеле да извршат многу добра со својот пример. Тие сега повеќе ги сакаат задоволствата отколку Бога. Засега се наоѓаат во непријателските редови, под црното знаме на сатаната. Исус ги повикува да му пријдат Нему, да ги напуштат редовите на непријателот и да застанат под со крв попрсканото знаме на Христовиот крст. {2T 285.2}

Ним тоа ќе им изгледа како нешто што не е невозможно да се направи, бидејќи тоа би барало премногу самооткажување. Тие не знаат од своето искуство по кој пат треба да се појде. Но токму тие кои учествувале во граѓанската војна и ги поднеле сите тие опасности, тешкотии и маки на војнички живот би требало да бидат последни кои ќе подзастанат и ќе се покажат како кукавици во оваа голема борба за вечен живот. Тие тука би се бореле за круната на животот и за вечно наследство. Нивната награда е сигурна, а на крај на борбата ќе добијат вечен живот, непоматена среќа и вечна слава. {2T 286.1}

Сатаната ќе се спротивстави на ваквите напори кои тие ќе ги вложат. Тој ќе им го прикаже овој свет во најпривлечни бои, како што тоа го правел и со Спасителот, кога го искушувал четириесет дена во пустината. Христос ги победил сите сатански искушенија, и исто така треба да направат и твоите деца. Тие служат на еден строг господар. Наградата за грев е смрт. Тие не можат да дозволат да грешат. Ќе видат дека тоа прескапо се плаќа, а на крај ќе се соочат со вечен губиток. Тие ќе го изгубат домот кој Исус пошол да го приготви за оние кои Го љубат, како и животот кој може да се спореди со Божјиот живот. Но тоа не е сè. Тие ќе мораат да го поднесат гневот на навредениот Бог, бидејќи одбиле да Му служат а му помагале со своите најдобри сили на неговиот најлош непријател. Твоите деца сè уште не добиле јасна светлина, а осудувањето следи само по отфрлањето на светлината. {2T 286.2}

Кога христијаните навистина би се потрудиле искрено да се борат за Божјата слава, би предизвикале голема збрка во редовите на непријателот. Сатаната е срдечен и отворен во своите напори. Тој не сака душите да бидат спасени ниту ќе се откаже од власта над нив. Тој не поставува празни барања и не се шегува. Тој гледа дека Христос ги повикува душите да дојдат кај Него и да бидат живи, и затоа е срдечен и ревен во своите напори за да ги спречи да го примат тој повик. Тој нема да остави ниту едно средство неискористено за да ги спречи луѓето да ги напуштат неговите редови и да прејдат во Христовите. Зошто оние кои исповедаат дека се Христови следбеници не се во состојба да го направат за Него она што Неговите непријатели успеваат да го направат против Него? Зошто не го прават сето она што можат да го направат? Сатаната дава сè од себе за да ги одврати луѓето од Христа. Тој некогаш бил величествен ангел од небото и иако ја загубил својата светост, тој не ја загубил и моќта. Тој постигнува огромни успеси со својата сила. Тој не чека пленот да дојде кај него, туку самиот оди по него. Тој крстари по земјата како лав кој рика и бара кого може да проголта. Тој секогаш не личи на

разлутен лав, туку се преобразува во ангел на светлина, само ако со тоа постигне поголем успех. Тој е во состојба лавовското рикање веднаш да го замени со најубедливи докази кои се дошепнуваат со најсладок шепот. Нему му помага војска од ангели. Често ги прикрива своите стапици и ги заведува луѓето со слатки измами. Ги маѓепсува и заведува многумина ласкајќи им на нивната суетност. Тој со помош на своите помагачи ги покажува задоволствата од овој свет во најдобра светлина и патот на пропаста го посипува со рози, па така ги маѓепсува и упропастува душите, и кога човек ќе направи еден чекор надолу сотоната има уште едно посебно искушение да го поведе уште подолу по тој лош пат. {2T 286.3}

Ако твоите деца се водеа според начелата на верата, тие сега би биле вооружени против пороците и расипаноста која ги опкружува во ова изопачено време. Кога би се потпреле на Бога, Тој би бил нивна кула на сила. „Нека се фатат за Мојата сила за да направат мир со Мене; и ќе склучат мир со Мене". Кога би верувале во Господа и би се потпреле на Него, Тој би бил водач на нивната младост. {2T 287.1}

Драга моја сестро, Господ беше многу милостив кон тебе и твоето семејство. Ти си обврзана кон својот небесен Татко и должна да го славиш Неговото свето име на земјата. За да ја сочуваш Неговата љубов мораш постојано да се трудиш да бидеш со понизен дух кој има голема цена во Божјите очи. Твојата сила во Бога ќе се зголеми ако Му посветиш Нему сè, така што ќе можеш со доверба да речеш: „Кој ќе нè одвои од љубовта Христова? Неволјата или тагата? Или гонењето? Или гладот? Или голотијата? Или погибелта? Или мечот?" „Зошто сум уверен дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни поглаварствата, ни силите, ни сегашните, ни идните, ни височината, ни длабочината, ни некое друго сознание ќе може да нè одвои од Божјата љубов, која е во Христа Исуса нашиот Господ". {2T 288.1}

---

40. САМОИЗМАМА НА МЛАДИТЕ

Брате О, во видението ми беа прикажани опасностите за младите. Прикажан ми е и твојот случај. Со ништо не ја потврди верата што ја искажуваш. Ти можеше да правиш добрини и со својот пример да донесеш благослов на младите луѓе со кои се дружиш. Но твојата душа не се обратила во целост кон Бога. Да одеше по патот како вистински христијанин, твоите роднини и пријатели би се угледале на тебе. Брате мој, твоето срце не е исправно пред Бога, твоите мисли не се возвишени, ти дозволуваш на твојот дух да оди по лош пат. Твоите морални принципи не беа секогаш на висина. Твојот начин на живот штетно влијаел на твоето здравје и претставувал смрт за духовноста. Нема да напредуваш во верски поглед ако не се обратиш. {2T 288.2}

Кога во своето срце ќе го искусиш спасоносното дејство на Божјата сила, тоа ќе се одрази и во твојот живот. Ти немаше верско искуство, но сè уште не е доцна да Го побараш Бога со сесрдна молитва: „Што треба да сторам за да добијам вечен живот?" Никогаш нема да станеш вистински христијанин ако вистински не се обратиш. Повеќе ги сакаше задоволствата отколку Бога. Трчаше по задоволствата а дали навистина имаше некакво уживање во тоа? Сакаше да им се допаднеш на младите, неискусни девојки.

Толку мислеше на нив, што не беше во состојба да мислиш на Бога и на небото. „Очистете ги рацете, грешници, поправете ги вашите срца, непостојани”. Оваа опомена се однесува и на тебе. Потребно е да ги сфатиш патиштата, волјата и Божјите дела. Потребна ти е вера чиста и без мана; треба во себе да развиваш побожност. Престани да правиш зло и учи се да правиш добро. Божјиот благослов не може да почива на тебе сè додека не станеш сличен на Христа. {2T 289.1}

Се натажувам кога ќе видам дека на младите им недостасува побожност. Сатаната го заведува нивниот дух кон патиштата на расипаноста. Голем дел од младината живее во самоизмама. Млади луѓе веруваат дека се христијани, иако не се обратиле. И сè додека тоа не се стори, нема да ја разберат тајната на побожноста. Нема мир за безбожникот. Бог бара вистина и искреност на срцето. Тој те гледа и има милост кон тебе како и кон сета младина која копнее по детински забави и го троши краткото, скапоцено време на работи кои немаат никаква вредност. Христос те откупил со висока цена и ти нуди благодат и слава само ако сакаш да ги примиш. Но ти го отфрли ова драгоцено ветување и дарот на вечен живот и се сврте кон тие кутри и безначајни земски задоволства. {2T 289.2}

Ако и понатаму одиш по тој пат, нема да имаш никаква добивка туку само голем губиток. Плата за грев е смрт. Пред тебе се животот и небото, но ти, изгледа не ја знаеш нивната вредност. Ти не си размислувал за драгоцените небесни работи. Ако се одвојуваме од живот и славата се безвредни, какви мотиви тогаш ќе презентираме? Какви поттици за да привлечат? Дали и тогаш бесмислените спортови и возбудливите задоволства ќе го привлечат вниманието на умот, ќе не одвојат од Бога и ќе ни го умртват срцето за страв Божји? {2T 289.3}

О, ви се обраќам вам кои толку малку внимание посветувате на светите работи и ве молам грижливо да ги испитате своите срца. Како ќе го оправдате пред Бога својот овоземски, непосветен живот? Во тој страшен ден нема да најдете никакви оправдувања. Ќе бидете неми. Помислете, о, помислете во часовите на задоволства дека сето тоа има свој крај! Кога би имале правилно гледиште за животот, за бескрајниот живот со Бога, колку бргу би го напуштиле животот на задоволства и грев! Колку бргу би го смениле своето мислење, својот начин на живот, своето друштво и сета своја сила на љубовта би ја насочиле кон Бога и кон небесните нешта! Колку одлучно би се спротивставиле на искушенијата кои ве завеле и заробиле! Колку ревносни би биле вашите напори да го заслужите блажениот живот, колку искрени и истрајни би биле вашите молитви кон Бога да ви подари благодат и моќ да ви помогне да се спротивставите на ѓаволот! Колку многу би се труделе да го поправите вашиот верски живот и да ги дознаете вашите верски патишта и Божјата волја! Колку грижливо би размислувале за Божјиот закон и би го споредувале својот живот со прописите на тој закон! Колку многу би се чувале да не направите грев во збор или дело и колку би копнееле да растете во благодатта и во вистинската светост! Не би разговарале за безначајни работи, туку само за небесните. Пред вашите очи тогаш би се прикажале величествени и вечни нешта и вие не би одморале сè додека не ја зголемите својата духовност сè повеќе и повеќе. Меѓутоа, земските нешта го привлекле сето ваше внимание и вие сте заборавиле на Бога. О, ве преколнувам да го смените правецот во

вашиот живот и да Го барате Господа за да го најдете; повикувајте Го додека е близу. {2T 290.1}

---

41. ВИСТИНСКО ОБРАТУВАЊЕ

Драги брате П, кога пред една година бевме во _____, се заземавме за тебе. Ни беа покажани опасностите во кои се наоѓаш; ние сакавме да те спасиме; но забележавме дека немаш сила на дело да ги спроведеш одлуките кои тогаш беа донесени. Јас поради тоа бев вознемирена и се плашам дека недоволно верно, како што требаше, ти изнесов сè што знам за твојот случај. Кога бев во Батл Крик во месец јуни, повторно ми беше покажано дека не постигнав никаков напредок и дека тоа е причина што немаш чист пат зад себе. Ти не уживаш во религијата. Ти си се одвоил од Бога и од правдата. Ја бараш среќата на погрешен начин во забранети задоволства и немаш доволно храброст да признаеш и да ги отфрлиш своите гревови за да добиеш милост. {2T 291.1}

Ти не согледуваш дека гревот во Божјите очи е гнасен и не го отфрлаш. Не се потруди да се поправиш и кога непријателот дојде со своите искушенија, ти не му се спротивстави. Кога би знаел колку гревот е навредлив за Бога, ти не би попуштил толку бргу на искушенијата. Не си бил целосно обратен за да можеш својот живот да го чуваш од гревот и од лудости. Гревот ти беше пријатен и не сакаше да се откажеш од неговите измамливи задоволства. Во длабина на душата не беше доволно обратен и бргу го загуби она што го беше издвојувал. {2T 291.2}

На твојот пат, како и на патот на многу други, суетата ти беше особена пречка. Ти секогаш уживаше во пофалбите. Тоа беше твојата стапица. Оние кои тврдеа дека ти се пријатели покажуваа особено задоволство кога се во твое друштво и тебе тоа ти годеше. Емотивно слабите и сочувствителните жени те фалеа и беа маѓепсани со твоето присуство, а и ти во нивното друштво чувствуваше опседнувачка моќ. Не увидуваше дека сатаната плете стапици околу твоите нозе додека ти во задоволство ги минуваше часовите кои му припаѓаат на твоето семејство. {2T 291.3}

Сатаната има поставено искушенија на секој чекор од твојот живот. Своите пари не ги штедеше онака како што требаше. Ти ја мразиш скржавоста. Тоа е исправно. Но истовремено запаѓаш во друга крајност. Твојот животен пат е обележан со расипништво. Христос на Своите ученици дал поука како треба да се нахранат 5000 души. Тој сторил големо чудо и го нахранил тоа мноштво со пет леба и две риби. Бидејќи сите се наситиле, Христос рамнодушно не ги набљудувал остатоците како да му е под честа и да гледа на тоа. Тој, кој имал моќ да изврши такви чуда и да подели толкаво множество им рекол на Своите ученици: „Соберете ги парчињата што преостанаа за ништо да не пропадне”. Тоа е поука за сите нас. Поука која не смееме да ја занемариме. {2T 292.1}

Тебе ти претстои голема работа и повеќе не смееш да губиш ниту момент. Брате П, вознемирена сум заради тебе но знам дека Бог сè уште те љуби, иако си застранил. Кога не би негувал кон тебе посебна љубов, Бог не би ми укажал на твоите опасности кои те демнеат. Ти се дружиш со луѓе кои немаат во себе Божји страв. Емотивно слабите и

непринципиелни жени те влечат во свое друштво и ти се однесуваш како некаква омагиена птица. Нивната површност како да те маѓепсала. Божјите ангели одеа по твоите траги и ја запишуваа секоја твоја лоша постапка, секое скршнување од патеката на доброто. {2T 292.2}

Да, Бог, Христос и светите ангели ја видоа секоја твоја постапка, иако мислеше дека сè е направено во голема тајност. Се пишува книга за сите дела на човечките деца. Не е возможно да се скрие ниту една постапка. За престапникот постои само еден единствен пропис. Искрено каење, признавање на гревот и вера во Христовата крв на очистување која ќе донесе простување, и простувањето ќе биде запишано покрај името на пристапникот. {2T 292.3}

О, драги брате, ако искрено се залагаше минатата година, изминатата драгоцена година не би била полоша од загубена. Ја знаеше волјата на својот Господар, но не ја вршеше. Ти се наоѓаш во опасна состојба. Твоите чувства се отапени во поглед на духовните работи; совеста не ти е мирна. Ти не собираш, туку растураш. Твоето внимание не го привлекуваат верските состаноци. Ти не си среќен човек. Твојата сопруга би се придружила на Божјиот народ кога ти би ѝ се тргнал од патот. На неа ѝ е потребна твојата помош. Ќе сакате ли заедно да се фатите за работа? {2T 293.1}

Минатиот јуни видов дека твоја единствена надеж да раскинеш со твоите окови лежи во одвојувањето од досегашното друштво. Толку попушташе на сатанските искушенија, така што стана слабак. Го љубеше задоволството повеќе од Бога и бргу одеше по патеката надолу. Се разочарав кога видов дека сè уште се наоѓаш во онаа рамнодушна состојба во која наоѓаше со години. Ти ја запозна и ја искуси Божјата љубов и уживаше да ја остваруваш Неговата волја. Уживаше во проучувањето на Божјата Реч. Ти секогаш точно доаѓаше на состаноците за молитва. Твоето сведоштво се истакнуваше од срце кое го почувствувало освежувачкото влијание на Христовата љубов. Но, ти ја загуби својата прва љубов. {2T 293.2}

Бог сега те повикува да се покаеш и да бидеш ревносен во делото. Твојата вечна среќа зависи од начинот на кој отсега ќе го живееш животот. Можеш ли да го отфрлиш повикот на милоста кој сега ти се упатува? Зар ќе избереш свој сопствен пат? Зар ќе негуваш гордост и суета за конечно да ја загубиш својата душа? Божјата реч јасно ни кажува дека само малкумина ќе бидат спасени и дека повеќето од оние кои ќе бидат повикани ќе бидат недостојни за вечен живот. За нив нема да има место на небото, туку нивниот дел ќе биде ист со оној на сатаната и таквите ќе ја искусат втората смрт. {2T 293.3}

Мажите и жените можат да го избегнат тоа проклетство само ако сакаат. Вистина е дека сатаната е големиот зачетник на гревот; меѓутоа, тоа не ги оправдува луѓето кои грешат, бидејќи сатаната не може да присили на зло. Сатаната ги наведува на грев и го прави гревот неодолив и пријатен, но тој ним им препушта дали ќе направат грев или не. Тој не ги наведува луѓето да се опијануваат, ниту им забранува да присуствуваат на верските состаноци, туку со искушенија ги наведува на зло, а човекот има слободна волја и може да прифати или отфрли. {2T 294.1}

Обратувањето е дело кое мнозина не умеат да го ценат. Не е мала работа да се преобрази еден земски дух склон кон грев и да се доведе до познавање на неискажливата Христова љубов, богатството на Неговата благодат и Божјата

возвишеност, така што душата ќе биде проникната со божествената љубов и обземена со небесните тајни. Човекот кој го разбира ова гледа на својот поранешен живот со згрозување и омраза. Тој го мрази гревот и доаѓајќи со понизно срце кај Господа, спремен е да Го прими Христа како живот и радост во душата. Тој се откажува од поранешните задоволства. Тој има нови мисли, нови чувства, нови интереси, нова волја; нови се и неговите страдања, желби и љубов. Тој се одвојува од телесните желби, желбата на очите и гордоста на животот кои порано ги ставал пред Христа и сега Христос станува копнеж на неговиот живот, круна на неговата радост. Небото, кое порано за него немало никаква привлеченост, сега му се открива во својата величествена слава; тој го смета за свој иден дом каде што ќе го гледа, љуби и слави Оној кој го откупил со Својата скапоцена крв. {2T 294.2}

Делата на светоста, кои порано му се чинеле тешки, сега претставуваат негова радост. Божјата реч која порано била неинтересна и здодевна, станува предмет на проучувања и советник. Тоа е писмото кое сам Бог му го напишал и носи печат на Вечниот. Тој според неа ги проценува и ги одмерува своите зборови и дела. Заповедите и опомените кои се содржани во неа му влеваат стравопочит, затоа цврсто се држи за нејзините ветувања и ја поткрепува својата душа присвојувајќи ги за себе. Тој сега го избира друштвото на најпобожните, а ги избегнува безбожниците чие друштво некогаш толку го сакал. Тој сега ги осудува нивните гревови на кои порано се смеел. Тој се откажува од самољубието и суетата и сега живее во Бога, богатејќи се во добри дела. Тоа е посветувањето кое Бог го бара од нас. Тој не прима ништо помалку. {2T 294.3}

Те молам брате, внимателно да го прегледаш своето срце и да се запрашаш: „По кој пат одам и каде завршува тој?" Имаш причина да се радуваш што твојот живот не беше пресечен додека не стекна сигурна надеж во вечниот живот. Бог ти налага веќе да не го запоставуваш тоа дело и да не пропаднеш во своите гревови. Не ласкај и на својата душа со лажни надежи. Ти се чини дека не постои никаков друг начин да ја зацврстиш својата вера освен да се понизиш, а ти на тоа не се согласуваш. Христос ти праќа, мој заблуден брате вест на милост: „Дојдете, зашто сè е готово". Бог е подготвен да ти ги прости сите тие престапи само ако сакаш да му пријдеш. Иако беше сличен на блудниот син, одвоен од Бога и долго живееше без Него, Тој сепак ќе те прими. Да, Величеството на небото те повикува да дојдеш кај Него за да имаш живот. Христос е спремен да те исчисти од гревовите, ако се потпреш на Него. Каква ли корист имаше од тоа што служеше на гревот? Или што му служеше на телото и на ѓаволот? Зар тоа е бедната награда која ја примаш? О, обрати се, обрати се, зошто да умреш? {2T 295.1}

Стекна многу осведочувања, почувствува грижа на совест. Имаше толку намери и даде толку ветувања, а сепак сè уште се колебаш и не сакаш да дојдеш кај Христа за да добиеш живот. Имаше толку намери и даде толку ветувања, а сепак сè уште се двоумиш и не сакаш да дојдеш кај Христа за да добиеш живот. О, кога твоето срце би го сфатило значењето на ова време, како би се препородил и би живеел! Зар не го слушаш гласот на Верниот Пастир во оваа порака? Како можеш да не се покориш? Не шегувај се со Господа, бидејќи ќе Те остави на твојот крив пат. Во прашање се живот или смрт. Што ќе избереш? Страшна е таа работа да се бориш со Бога и да не обрнуваш внимание на неговите повици. Божјата љубов може повторно да гори на олтарот на твоето срце како некогаш; можеш повторно да општиш со Бога како што го чинеше тоа и порано. Ако

тргнеш по правиот пат, повторно ќе ги почувствуваш на себе сите богатства на Неговата благодат и твојот лик повторно ќе ја одразува Неговата љубов. {2T 296.1}

Не се бара од тебе да се исповедаш на оние кои не ги знаат твоите гревови и заблуди. Не е твоја должност јавно да се исповедаш, тоа само би предизвикално ликување на неверниците, туку само на оние на кои тоа им прилега, кои нема да ги искористат твоите грешки и тоа токму така како што налага Божјата реч. Нека се молат за тебе и Бог ќе го прифати твоето дело и ќе те излечи. Заради својата душа, те молам направи целосна подготовка за вечноста. Отстрани ја гордоста и појди по вистинскиот пат. Прибди повторно на стадото. Пастирот чека да те прими. Покај се, врши ги првите дела и повторно дојди во мир со Господа. {2T 296.2}

---

42. ДОЛЖНОСТИ НА СОПРУГОТ И СОПРУГАТА

Брате Р, минатиот јуни во видение ми беше прикажан твојот случај, но бев толку зафатена со работи, што не можев да го напишам она што ми беше откриено во поглед на некои поедини личности. Сакам да ти го напишам она што треба пред да слушнам било што за твојот случај бидејќи во спротивно сатаната би можел да сугерира некои сомнежи до твојот ум. Тоа е негова задача. {2T 296.3}

Ми беше покажано твоето минато и забележав дека Бог бил многу милостив кон тебе. Го осветлил твојот ум за да ја согледаш Неговата вистина, те спасил од опасните сомнежи и несигурноста, ја зацврстил твојата вера и ги открил на твојот дух вечните вистини на Својата реч. Тој ги утврдил твоите стапала на Карпата. Ти некое време беше благодарен и понизен, но подоцна се одвои од Бога. Кога беше мал во сопствените очи, тогаш Бог те љубеше. {2T 297.1}

Музиката за тебе стана стапица. Боледуваш од само преценување и затоа природно е што имаш високо мислење за својата вештина. Учењето музика само ти наштетило. Многу жени ти ги довериле своите семејни неприлики. И тоа ти наштетило. Тоа те вознело во сопствените очи и те навело уште повеќе да се преценуваш себеси. {2T 297.2}

Во своето семејство си зазел некој горд и надмен став. Твојата жена има мани за кои и самиот знаеш. Тие довеле до лоши последици. Таа по природа не е добра домаќинка; има уште многу во што да се воспита во тој поглед. Веќе постигнала малку успех, но треба уште поревносно да се труди за да се поправи. Во нејзиното водење на куќата, како и во нејзиното облекување нема уредност, чистота и вкус. На Бога би Му било пријатно кога таа би се усовршувала во она што ѝ недостасува. Таа не управува добро со своето семејство. Многу е попустлива и не е доследна во своите одлуки. Се поведува по желбите и барањата на своите деца и го подредува своето мислење на нивното. Наместо да се обиде да се поправи во тој поглед, што би била нејзина должност, таа се радува кога ѝ се пружа прилика да се ослободи од своите домашни должности и грижи, на другите да го препушти нејзиното семејство да ги вршат оние должности на кои таа би требало да се привикне и да ги засака. Таа не може да ги врши своите должности на сопруга и мајка сè додека не се образува во тој смисол. Неа ѝ недостига самодоверба. Таа е повлечена и страшлива. Таа има многу скромно мислење за она што го прави и тоа

ѝ пречи да преземе нешто повеќе. Потребно ѝ е охрабрување, потребни ѝ се зборови на нежност и чувства. Таа има добра душа, понизна е и тивка и Господ ја сака. Сепак мора да вложи најголеми напори за да ги поправи своите грешки кои тежнеат да го унесреќат нејзиното семејство. На тој начин ќе стекне доверба во своите можности и ќе биде во состојба своите должности да ги извршува како што треба. {2T 297.3}

Ти и твојата сопруга имате спротивни карактери. Ти сакаш ред и уредност, имаш добар вкус и сосема добро управуваш. Како сопруг прилично си крут и остар. Си заземал став којшто не поттикнува блискост и не влева доверба на твојата сопруга. Нејзините недостатоци те навеле да ја сметаш за пониска од себе, таа тоа го чувствува. Но Бог неа ја цени повеќе од тебе, бидејќи твоите патишта не се прави пред Него. Заради љубов на својот сопруг и деца, и од други причини, таа мора да се потруди да ги исправи тие недостатоци и да напредува во она што уште не го постигнала. Таа ова и ќе го оствари ако доволно сесрдно се труди. {2T 298.1}

На Бога не му е угодна неуредноста, немарноста и недостатокот на целосност во работата. Таквите недостатоци се сериозно зло и можат да ја уништат љубовта на сопругот кон сопругата, ако сопругот сака ред, послушни деца и средено домаќинство. Сопругата и мајката не може да го направи својот дом пријатен и среќен ако не ја сака уредноста, ако не го зачува своето достоинство и ако не е добра домаќинка. Според тоа секоја жена која поседува такви недостатоци треба веднаш да почне со воспитување во тој правец и да ги развива токму оние особини кои најмногу ѝ недостасуваат. Дисциплината ќе направи многу за оние на кои им недостасуваат тие битни особини. Сестра Р попушта на чувствата и смета дека не може да прави поинаку од она што прави. Кога ќе направи еден обид и во себе нема да забележи одлучувачка промена кон подобро, таа губи храброст. Тоа не смее да се случи. Нејзината среќа и среќата на нејзиното семејство зависат од тоа дали таа ќе се потруди и дали ревно и искрено ќе вложи напори да се поправи во тој поглед. Таа мора да има повеќе самодоверба и одлучност. Таа по природа отстапува пред она што не се обидела. Никој не може да биде поподготвен и поволен од неа да го прави она за кое таа мисли дека ќе успее. Меѓутоа би морала секогаш повторно да се обидува ако не успее веднаш во своите напори. Таа може да го заслужи почитувањето на својот сопруг и на своите деца. {2T 298.2}

Видов дека самопреценувањето предизвикало братот Р да се сопне. Тој кон својата сопруга и во своето семејство се држел со такво достоинство кое личело на строгост. Тоа ја оддалечило неговата сопруга. Таа чувствувала дека не може да му се приближи во својот брачен живот и се однесувала повеќе како дете кое се плаши од строгиот и достоинствен татко, отколку како сопруга. Таа го сакала, го почитувала и обожавала својот сопруг, иако тој не ја поттикнувал нејзината доверба. Мој брате, треба со своето однесување да ја охрабриш својата бојазлива, уплашена сопруга за да се потпре на твојата љубов; така ќе можеш внимателно и нежно да ѝ пружиш можност да ги исправи своите грешки, да ѝ влееш чувство на доверба. {2T 299.1}

Видов дека кон својата сопруга не ја негуваш онаа љубов каква што би требало да негуваш. Сатаната ги искористил нејзините недостатоци и твоите грешки и се обидувал да го уништи вашето семејство. Ти си дозволил во своето срце да се срамиш од својата

сопруга и сè помалку си ја почитувал онаа на која си се зарекол дека ќе ја љубиш и негуваш сè додека смртта не ве раздвои. {2T 299.2}

Опасност од доверување на семејните неприлики

На 25 октомври 1868 година, повторно ми е изложен вашиот случај. Ми беше покажано дека лошите мисли и недозволените желби довеле до нечисти постапки и кршење на Божјите заповеди. Ти себеси си се посрамотил, својата сопруга и Божјото дело. Си можел да вршиш добро влијание во Божјото дело, но си пошол по лош пат во поглед на прашањата за кои си сметал дека се неважни, и тоа те навело на уште поголемо зло. {2T 300.1}

Брате Р, ти сега се наоѓаш во опасност да доживееш целосен бродолом во својата вера. Многу си згрешил. Но додека се обидуваш да го прикриеш својот грев и да ги измамиш оние кои ги претчувствуваат твоите грешки, правиш десетпати поголем грев. Не постапуваат сите толку внимателно и со толку љубов и грижливост како што тоа Господ го сака, за да ти помогнат. Меѓутоа, додека си глумел навредена невиност, зар си помислувал дека Бог не го гледа твоето лошо дело? Зар не си помислил дека Оној кој го создал човекот од земскиот прав и му вдахнал дух на живот не може да ги препознае побудите и целите на срцето? Си мислел ако го признаеш својот грев ќе ја изгубиш својата чест, речиси и својот живот. Си мислел дека твоите браќа нема да имаат доверба во тебе. Не си ги гледал работите во вистинската светлина. Срамно е да се греши, но чесно е да се признае гревот. {2T 300.2}

Божјите ангели грижливо ја запишувале секоја постапка, колку и да си згрешил. Бог ги гледа сите човечки намери и сите негови дела. Секој ќе биде награден според своите дела, било да се добри или зли. Што ќе посее некој - тоа и ќе пожнее. Родот во никој случај нема да изостане. Жетвата е неизбежна и обилна. Ти си се обидувал да ги заслепиш своите браќа во поглед на своето однесување. Како си можел така да постапуваш, кога си знаел дека си виновен во Божјите очи? Ако ти е грижа за спасението на својата душа, подготви се за вечноста онака како што треба. {2T 300.3}

Патот кој си го поминал мораш да го расчистиш со целосно признавање. Тебе ти е потребно целосно преобратување - преобразување на себеси преку обновување на твојот ум. Мора да ја совладаш склоноста кон самопреценувањето. Мора да научиш другите да ги цениш повеќе отколку себеси. Мора да се откажеш од високото мислење за своите способности и твојот дух мора да стане кроток и тивок бидејќи тоа има голема вредност во Божјите очи. {2T 301.1}

Си негувал дух кој те одвоил од исправниот пат и сега се наоѓаш во неволја. Те обземале сомнежи, стравувања и очај. Од таа состојба постои само еден излез, а тоа е признавањето. Твојата единствена надеж лежи во тоа да паднеш на карпата и да се искршиш на парчиња; ако тоа не го направиш, карпата ќе падне на тебе и ќе те сотре во прав. Сега сè уште можеш да ги поправиш своите грешки, сега можеш да се покаеш за своето минато. Со побожен живот и вистинска кротост сè уште можеш да живееш прифатлив живот за Бога во твоето семејство. Господ да ти помогне, имајќи го во вид страшниот суд, да се заложиш како за свој сопствен живот. Драги брате, јас длабоко се интересирам за твојот случај. Ти од пред извесно време одиш во темнина. Но не си

западнал наеднаш во таа темна состојба. Постепено си се одвојувал од светлината. Најнапред си станал горд, а потоа, кога си се почувствувал доволно силен во сопствените очи, Господ ти ја ускратил Својата сила. {2T 301.2}

Музиката те интересирала. На тој начин им се дала можност на невнимателните, неразумни жени да ти ги доверуваат своите незгоди. Тоа ѝ ласкало на твојата гордост, но исто така претставувало стапица. Тоа отворило врата за сугестиите на сатаната. Ти не си постапувал така како што требало. Си немал право да го слушнеш она што ти е зборувано. Тие работи го расипале твојот дух; го зголемиле твоето самопреценување и те водело кон лоши мисли. Си дозволил себеси да станеш исповедник на сентиментални жени кои барале наклоност и сакале да се потпрат на други. Доколку тие жени би имале здраво расудување; кога би биле доверливи, кога би имале цел во својот живот, ако со радост правеле добро на другите, тие не би се нашле во положба да бараат нечија наклоност. {2T 301.3}

Ти не знаеш дека човечкото срце е измамливо. Не ти биле познати сатанските вештини. Некои од жените кои ја уживале твојата наклоност, имале нездрава, болна мечта, тие се љубовно болни и сентиментални, понекогаш желни да направат некаква сензација и да дигнат врева. Некои се незадоволни со својот брачен живот. Сметаат дека не е доволно романтичен. Со читањето романи се изопачил нивниот здрав разум, ако некогаш и го имале. Тие живеат во еден имагинарен свет. Нивната фантазија создава мажи какви што постојат само во романите. Тие раскажуваат за невозвратена љубов. Никогаш не биле задоволни или среќни затоа што нивната мечта им предочува еден нереален живот. Кога ќе се најдат лице во лице со реалноста, кога ќе се симнат од облаците во едноставноста на реалниот живот и кога ќе ги преземат во своите семејства животните товари, што всушност е должност на жените, дури тогаш ќе најдат задоволство и среќа. {2T 302.1}

Ти си се занимавал со недозволени мисли и тие вродиле со плод. „Устата зборува од вишок на срцето". Твоите зборови не се секогаш невини, чисти и возвишени. „Никаков лош збор да не излезе од вашите усни". Вина честопати се наоѓа на твоите усни - ниски изрази кои произлегуваат од срце кое негува расипани мисли и зли желби. {2T 302.2}

Од пред извесно време твоите нозе се свртеле од патеката на чесност и чистота. Ти знаеш дека твојот начин на живот не му се допаѓа на Бога, дека го кршиш Неговиот свет закон. Знаеш дека такви работи не можат да се скријат. Бог нема да дозволи Неговиот народ да се залажува во поглед на твојот случај. Твојот голем грев лежи во тоа што ја придобиваш наклоноста на оние кои не сфаќаат дека одиш по неисправен пат и на тој начин создаваш раздор во народот којшто ја исповеда вистината. Ние те сожалуваме. Моето срце чувствува болка заради тебе. Јас кај тебе ништо друго не гледам освен пропаст и целосен бродолом на твојата вера. {2T 302.3}

Зар ќе ги прикриваш своите гревови и ќе пркосиш? Бог вели дека нема да бидеш среќен. Само оној кој ги признава и се откажува од своите гревови, може да најде милост. Зар ќе одбереш смрт? Зар ќе си ја затвориш вратата од небото затоа што не сакаш да се откажеш од својата безбожна гордост? Твоја единствена надеж лежи во тоа да го признаеш своето отпадништво. Бог ја осветлил со светлина твојата патека. Сакаш ли да си избереш свој сопствен пат на изопаченост? Сакаш ли да ја отфрлиш вистината

затоа што не те поддржува на твојот пат кон неправдата? О, те преколнувам, расцепи го своето срце, а не своите облеки! Направи целосна подготовка за вечноста. Бог ќе биде милостив кон тебе. Ќе работи во твоја корист. Тој нема да го презре понизниот и покајнички дух. Ќе сакаш ли да се обратиш? Сакаш ли да живееш? Твојата душа е достојна за спасение; таа е драгоцена. Ние сакаме да ти помогнеме. {2T 303.1}

Видов дека не си среќен. Немаш мир. Очаен си, а сепак не сакаш да појдеш по патот кој единствено може да ти пружи олеснување и надеж. Оној кој ги признава и се откажува од своите гревови ќе најде милост. Се наоѓаш во жална состојба и нанесуваш голема штета на Божјото дело. Твоето влијание, освен тебе, ќе ги уништи и другите. {2T 303.2}

Ако не дојдеш кај Бога и не му ги признаеш своите гревови за да те излекува, нема никаква надеж за тебе и за твоето кутро семејство во иднина. По трагата на гревот ќе дојде и бедата. Божјата рака ќе биде против тебе и Тој ќе дозволи да завладее со тебе сатаната, да те „зароби за својата волја". Ти не знаеш колку далеку можеш да отидеш. Ќе бидеш како човек кој плови по морето без јарбол. Божјата вистина е вистинскиот јарбол. А ти се оддалечуваш од неа. Својот вечен живот го жртвуваш на телесните желби, на желбата на очите и на гордоста на животот. Се наоѓаш на пат да ги раскинеш врските кои би можеле да те спасат од целосна пропаст. Ќе го загубиш својот живот настојувајќи да го спасиш по пат на прикривање на своите гревови. Твоето семејство може да биде среќно ако се понизиш пред Бога, ги признаеш своите гревови и се вратиш на Бога со сето свое срце. Ако не го сториш тоа, туку појдеш по својот пат, на твојата среќа ќе биде крај. {2T 303.3}

Мора да извршиш едно големо дело. Си бил премногу безгрижен во своето однесување. Твоите зборови не биле возвишени, невини и чисти. Си се одвоил од сè она што е божествено, си негувал ниски страсти. Духовните и благородните сили на својот ум си ги потчинувал на животинските страсти. Од пред извесно време не одиш по вистинскиот пат. Не си се воздржувал од сè она што изгледало дека е зло. Не смееш повеќе да одиш по тој пат. {2T 304.1}

Не си ја сакал својата сопруга онака како што требало. Таа е добра жена. Таа на некој начин ја сфатила опасноста во која се наоѓаш. Но ти си ги затворал своите уши за нејзините опомени. Си мислел дека е љубоморна, но тоа не ѝ е својствено. Таа те сака, ќе поднесува сè со тебе, ќе ти прости и ќе те сака, покрај својата длабока болка која ѝ ја нанесе, само ако се упатиш кон светлината и ги исправиш грешките во своето минато. Ти мора целосно да се обратиш. Ако тоа не го направиш, сите твои некогашни напори да се покориш на вистината нема да те спасат ниту ќе ги прикријат твоите досегашни гревови. Исус ќе бара од тебе целосна преобразба. Тој ќе ти помогне, ќе те благослови, ќе те сака и ќе ги избрише твоите гревови со Својата драгоцена крв. Ти можеш да се покаеш за своето минато, можеш да го исправиш својот пат и да бидеш на чест на Божјото дело. Можеш да правиш добро само ако се потпреш на Божјата сила и во негово име да работиш на своето спасение и за доброто на другите. {2T 304.2}

Твоето семејство може да биде среќно. На твојата сопруга ѝ е потребна помош. Таа е како лоза - потребно ѝ е да се потпира на твојата помош. Ти можеш да ѝ помогнеш, да ја поведеш по вистинскиот пат. Никогаш не треба да ја прекоруваш, ниту да ѝ префрлаш ако сметаш дека не работи така како што би требало, туку треба да ја храбриш со

зборови на нежност и љубов. Ти можеш да ѝ помогнеш на својата сопруга да го сочува своето достоинство и самопочитување. Немој никогаш пред неа да ги фалиш делата или постапките на другите за таа да ги почувствува своите недостатоци. Ти во тој поглед си бил груб и нечувствителен. Си бил поучтив кон своите слуги отколку кон својата сопруга и нив си ги ставал пред неа во твојата куќа. {2T 305.1}

Бог ја сака твојата сопруга. Таа страдала, но Бог сето тоа го видел, сѐ забележал и нема да те смета за невин заради раните што си ѝ ги нанел. Среќата не ја создава ниту богатството ниту умот. Среќата ја создава моралната вредност. Вистинската добрина на небото се смета за вистинска големина. Според моралните чувства се одредува вредноста на човекот. Еден човек може да поседува богатство и ум, а сепак да биде без вредност затоа што блескавиот пламен на добрина никогаш не горел на олтарот на неговото срце, бидејќи неговата совест отапела, станала нечувствителна, жигосана со себичност и грев. Кога телесната желба ќе преовлада со човекот и кога ќе преовладаат злите страсти и телесни нагони, тогаш се поттикнува недоверба во поглед на христијанската вера и се изразуваат сомнежи, како сомневањето да претставува особена доблест. {2T 305.2}

Соломоновиот живот можел да биде до крајот сочуван ако ја сочувал доблеста. Но тој ја потчинил таа драгоцена благодет на страстите. Во својата младост дозволил Бог да го води и се потпирал на Него и Бог одбрал да му даде мудрост која го пленила светот. Неговата моќ и мудрост се славеле ширум земјата. Меѓутоа, љубовта кон жените претставувала негов грев. Во својата зрела возраст не ја совладал страста и таа му станала стапица. Неговите жени го навеле на идолопоклонство, и кога почнал да се спушта по падината на животот исчезнала мудроста која Бог му ја подарил. Ја изгубил цврстината на карактерот и станал сличен на непостоен младинец кој се колеба помеѓу злото и доброто. Откажувајќи се од своите начела западнал во виорот на злото и се одвоил од Бога, од темелот и изворот на својата сила. Некогаш постапувал само според начелата. Мудроста за него била подрагоцена отколку офирското злато. Но за жал телесните страсти извојувале победа. Жените го завеле и го упропастиле. Каква ли поука за потребата од стражарење! Какво ли сведоштво за тоа дека Божјата сила ни е потребна до последен момент! {2T 305.3}

Во борбата со внатрешната расипаност и надворешните искушенија подлегнал дури и мудриот и моќен Соломон. Опасно е и најмало отстапување од вистинскиот пат. „Отстранете се од секаков изглед на зло”. Кога некоја жена раскажува за своите семејни незгоди или на друг човек се жали за својот сопруг, таа со тоа ја крши брачната заклетва, го срамоти својот сопруг и го руши ѕидот којшто е подигнат за да ја чува светоста на брачната врска; таа со тоа широко ја отвора вратата и го повикува сатаната да влезе со своите подли искушенија. Тоа е токму тоа што сатаната го сака. Ако една жена дојде кај брат христијанин со раскази за своите страдања, разочарувања и неволји, тој брат мора да ја советува, ако мора некому да му ги довери своите незгоди, треба да избере сестри за свои доверители, и така нема да има никаков изглед на зло кое може да се нанесе на Божјото дело. {2T 306.1}

Сети се на Соломон. Во многу народи немало таков цар каков што бил тој, сакан од својот Бог. Но, тој паднал. Се одвоил од Бога и се изопачил задоволувајќи ги телесните страсти. Тоа е најголемиот грев на овој век кој стравотно се шири. Оние кои тврдат дека

се адвентисти на седмиот ден не се чисти. Има такви кои ја исповедаат вистината а се расипани во срцата. Бог ќе ги испита и ќе се покаже нивната лудост и нивниот грев. Во Негово присуство може да престојува само оној кој е чист и понизен. „Кој ќе се искачи на гората Господова? И кој ќе стои на Неговото свето место? Оној кој има чисти раце и чисто срце; кој не ја воздига својата душа во гордост и не се заколнува лажно". „Господе, кој ќе пребива во Твоето живеалиште? Кој може да престојува на Твојата света гора? Оној што оди непорочно, што врши правда и во срцето свое зборува вистина. Кој не клевети со јазикот свој, не прави зло на ближниот свој и не прима клевета против својот ближен. Во чии очи злобниот е ништожен, а ги почитува оние кои се бојат од Бога; кој кога се колне на своја штета и не порекнува; кој не дава пари на заем за лихва и не прима поткуп против невин. Кој така постапува, нема никогаш да се поколеба". {2T 306.2}

---

43. ПИСМО ДО ЕДНО МОМЧЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ

Драг пријателе, во последното видение кое ми беше дадено видов дека мора да исправиш многу свои грешки. Потребно е да увидиш кои се тие грешки пред да преземеш напори да ги исправиш. Имаш уште многу што да учиш за да стекнеш добар христијански карактер угоден на Бога. Ти уште од своето детство си бил самоволен, си одел по сопствените патишта и си се управувал според сопствените примери. Доброволно не си се покорувал на желбите и волјата на оние кои се грижеле за тебе. Тоа ти претстои да го научиш. {2T 307.1}

Опасноста во која се наоѓаш уште повеќе е зголемена со оној дух на независност и самоувереност - споени, како и обично, со неискуството - кој младите луѓе на твои години многу лесно го примаат кога немаат мили родители да бдеат над нив и да ги допрат нежните жици на нивната душа. Сметаш дека дошло време самостојно да размислуваш и постапуваш. „Јас сум веќе момче и повеќе не сум дете. Способен сум да правам разлика помеѓу доброто и злото. Имам свои права и од нив нема да отстапам. Способен сум да правам сопствени планови за живот. Кој има право да се меша во тоа?" Тоа биле твоите мисли и во тоа те охрабрува младината што е на твои години. {2T 307.2}

Сметаш дека треба да ја покажеш својата слобода и да постапуваш како човек. Таквите сфаќања и мисли те наведуваат на лоши дела. Твојот дух не е покорен. Мудро е и благословено она момче кое смета дека му е должност да ги слуша своите родители ако ги има, а ако ги нема, оние кои се грижат за него или со кои живее; да ги смета за свои советници, за своја поддршка и на некој начин за свои старатели. Всушност, независноста понекогаш е достојна за почит: исправна е желбата човекот да го носи својот сопствен товар и да не јаде леб на зависност; благородно е настојувањето кое го поттикнува човекот да се издржува самиот себе. Потребно е да се стекне навика на вредност и умереност. {2T 308.1}

Ти си се наоѓал во неповолни околности за развивање на добар христијански карактер. Меѓутоа, сега си во положба да си изградиш добар или лош глас за себе. Ние не веруваме дека ти ќе го направиш ова последново. Но не си сигурен против искушенијата. Во еден единствен момент можеш да појдеш во правец заради што потоа

ќе лееш горчливи солзи на каење. Ако попуштиш на искушението, ќе ги оддалечиш луѓето од себе. Ќе ја изгубиш почитта која си ја стекнал во својата околина и ќе го извалкаш својот христијански карактер. Мора да се научиш на послушност. Сметаш дека ти е под честа да ги извршуваш ситните домашни работи. Ти ги презираш тие ситни работи. Меѓутоа, треба да развиваш љубов токму кон тие работи што ти се непријатни. Ако не го направиш тоа, нема да бидеш од вистинска корист на било која друга положба. Кога ги извршуваш тие поситни обврски, всушност правиш поголема услуга отколку кога правиш поголеми работи или тешка работа. {2T 308.2}

Се сетив на еден случај кој ми беше прикажан во видение. Еден човек ги запоставувал тие мали работи и не посветувал внимание на ситните должности кои ја олеснуваат работата на оние што се занимаваат со домашните работи: тоа за него биле премногу неважни работи; тој сега има семејство, но сè уште недоброволно ги врши тие ситни, но важни должности. Заради тоа неговата сопруга е оптоварена со голема грижа. Таа мора да заврши многубројни работи, инаку тие би останале незавршени. Бидејќи нејзиниот сопруг не сака ништо да преземе на себе, таа е преоптоварена со грижи кои го поткопуваат нејзиното здравје. Тој денес не може да го совлада тоа зло толку лесно како што можел да го направи во младоста. Тој ги запоставувал своите ситни должности, не држи сè уредно и чисто и не може да има успех во својата работа како фармер. „Оној што е верен во малку и во многу ќе биде верен; ако е неверен во малку и во многу ќе биде неверен". {2T 309.1}

Нееман Сирјанинот се упатил кон Божјиот пророк за да се излекува од својата страшна болест, од лепрата. Му било речено да оди во Јордан и да се избања седум пати. Зошто веднаш не го послушал советот на Елисеј, Божјиот пророк? Зошто не направил токму онака како што пророкот му рекол? Се вратил со своите слуги мрморејќи и во својата лутина и разочарување станал раздразлив и бесно одбил да појде по патот на кој му укажал Божјиот пророк. Тој рекол: „Јас мислев дека тој ќе излезе кај мене, и ќе застане, и ќе го привика името на својот Господ Бог, ќе ја стави својата рака на болното место и ќе ја излечи лепрата. Не се ли реките Аван и Фарфар во Дамаск подобри од сите води во Израел? Зар не би можел во нив да се избањам и да се исчистам? И се сврте и си отиде разгневен". Неговиот слуга рекол: „Татко, ако ти кажал пророкот нешто големо, нели би го сторил? А зошто не би сторил како што ти рече: избањај се, па ќе се очистиш?" Да, тој голем човек сметал дека е под неговото достоинство да оди на скромната река Јордан и таму да се избања. Реките коишто ги споменал и во кои сакал да се избања биле разубавени со околни дрвја и дубрави каде што се наоѓале идоли. Многумина тука се собирале за да ги обожаваат своите идоли и за него тоа не би значело понижување. Меѓутоа, послушувајќи го овој совет на пророкот тој би го понизил својот горд и воздигнат дух. Доброволната послушност би ги дала саканите резултати. Тој се избањал и оздравел. {2T 309.2}

Твоето однесување во извесна мера е слично на Неемановото. Ти не сметаш дека за да усовршиш христијански карактер треба да бидеш верен во малите работи. Иако работите кои треба да ги извршиш се безначајни во твоите очи, тие сепак претставуваат должности кои ќе мора да ги исполнуваш во текот на целиот твој живот. Доколку ги занемариш тие должности, ќе имаш големи недостатоци во својот карактер. Ти, драго момче треба да се воспиташ да бидеш верен во малку. Сè додека не постапуваш така

нема да Му угодиш на Бога. Нема да уживаш љубов и наклоност сè додека не го сториш она што се бара од тебе со радост и со задоволство. Ако сакаш оние со кои што живееш да те сакаат, мораш и самиот да им покажеш љубов и почитување. {2T 310.1}

Твоја должност е да направиш сè што е во твоја моќ да ги олесниш грижите на сестрата со која живееш. Ти гледаш како таа бледа и слаба готви за големото семејство. Секоја вонредна работа која мора да се заврши ја заморува и ѝ ги намалува нејзините животни сили. Таа нема млади раце и нозе за вршење на ситни работи. Тие те примиле во своето семејство, како што рекоа тогаш и на тебе и на нас, токму за да ги извршуваш тие ситни работи. Ако ти не сакаш да ги работиш овие работи кои по нивно мислење им се од најголема помош, и ако се одлучиш да работиш по своја волја, одејќи по независен пат кој сам го одбра ќе го загубиш своето место, бидејќи тие ќе мораат да земат некој кој ќе ги извршува работите кои ти ги презираш. Ти сега работиш и поголема и потешка работа отколку што тоа ти дозволува твојата сила. Сакаш да работиш работа на возрасен човек. Имаш своја сопствена волја од која мораш да се откажеш. Мора да умреш за своето јас; распни го и извојувај победа над себе. Не можеш да бидеш Христов следбеник ако тоа одлучно не го спроведеш на дело. {2T 310.2}

Видов дека немаш вродено почитување и респект кон постарите од себе. Треба совесно да ги вршиш оние мали должности и задачи кои ти се доверуваат и да не мрмориш заради нив како да се голем товар. Не си во состојба да видиш колку заради тоа стануваш непријатен и несимпатичен. Не можеш да бидеш среќен на тој начин ниту можеш да ги усреќиш оние околу себе. Треба да имаш на ум дека Бог бара од тебе да бидеш верен, љубезен, послушен и полн со почитување. Нема да постигнеш христијанско совршенство ако немаш целосна власт над себеси. Дозволуваш во твоето срце да се родат грешни чувства кои ти нанесуваат само штета бидејќи те прават тврдокорен и горд, така што ни најмалку не личиш на Христа чиј живот ти е заповедано да го следиш. {2T 311.1}

Драго мое момче, тргни повторно, одлучен со Божја помош да ги следиш оние нешта кои се вистински, кои се љубезни и кои се со добар глас. Во сите твои дела нека се огледува Божјиот страв и љубовта кон оние кои те опкружуваат. Биди верен и совесен, ослободи се од сè она што би личело на мрзеливост. Отстапи простор за секоја работа и секоја работа постави ја на нејзиното место. Биди прилагодлив, љубезен, ведар и пријатен. Тогаш ќе ја задобиеш љубовта на оние со кои се дружиш. Имај го секогаш ова на ум: ниту еден млад човек не оди по добар пат ако не ги почитува жените и не се труди да им ја олесни нивната грижа. Најлоша црта која може да се забележи кај еден млад човек е сфаќањето е дека е под негово достоинство да помага на жените во работата. Таков човек е на лош глас. Ниедна жена не би сакала да го врзе својот живот со ваков човек бидејќи тој никогаш нема да биде нежен, внимателен и промислен сопруг. {2T 311.2}

Каков си сега како момче, таков ќе бидеш и како маж. Те проколнувам да ги видиш работите такви какви што се. Изврши сè што ти се задава во облик на ситни должности, колку и да е тоа непријатно. Тогаш ќе стекнеш одобрување на оние околу себе и што е многу поважно, ќе го имаш Божјото одобрување. Не можеш да бидеш добар христијанин сè додека не станеш верен слуга во најмалите работи. Ако се молиш и се трудиш секоја своја должност да ја извршиш како најдобро умееш и знаеш Бог ќе те

благослови и ќе ти помогне. Зар не би сакал Христос кога ќе дојде да ги земе оние кои му биле верни, да ти ги упати зборовите: „Добро извршено, добар и верен слуго”? Сакаш ли да ја искорениш секоја несовршеност во својот карактер, за да бидеш без мана пред Божјиот престол. Ако е така, тогаш мора да извршиш едно дело кое никој друг не може да го стори за тебе. Ти лично си одговорен пред Бога. Имаш можност да одиш во светлина и секој ден да примаш сила од Бога за да ги победиш сите свои недостатоци и најпосле да одиш помеѓу верните, вистинитите и светите во Божјото царство. Не подлегнувај на искушенијата. Сатаната нема да ти даде мир и ќе настојува да завладее со тебе за да те наведе на грев. „Спротивставете му се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас. Приближете му се на Бога, и Тој ќе ви се приближи вам”. {2T 312.1}

Знај дека Божјото око секогаш почива на тебе. Бог гледа и слуша кога зборуваш без почит. Ќе дојде време кога ќе им се суди на сите според нивните дела. Ќе мора да положиш сметка пред страшниот суд. Исус ќе те прими или ќе те отфрли. Побрзај кај Него за сила и благодат. Тој сака да ти помогне, да биде водач на твојата младост и да те зајакне, за да може со својот пример да донесеш благослов на другите. Бог те сака и сака да те спаси, само ако појдеш по патот кој Тој ти го покажал, но ако се побуниш и појдеш по својот сопствен пат, тоа ќе биде за твоја вечна пропаст. Моли се многу, затоа што молитвата е една од најважните должности. Без неа не ќе можеш да се одржиш на христијанскиот пат. Таа воздигнува, оснажува и облагородува; таа е разговор на душата со Бога. {2T 312.2}

Немој да мислиш дека можеш и еден момент да попуштиш во будноста и во своите напори; не, не смееш. Верно проучувај ја Божјата реч за да не бидеш во незнање за сатанските измами и подобро да го запознаеш патот на спасението. Твојата волја мора да се покори на Божјата волја. Не настојувај да си угодиш сам на себе, туку на оние околу себе. Само на тој начин можеш да бидеш среќен. Обрати се на Исуса во сите свои тегоби и неволји и со искрена доверба побарај го Неговиот благослов. Потпри се на Бога и твоите постапки нека произлегуваат од начелата. Твојата сила и благородност нека произлегува од цврстата решеност и одлучност на целта кои се наоѓаат само во Бога. {2T 313.1}

Не смееш да дозволиш да бидеш предизвикан. Не дозволувај срцето да ти стане себично, туку гледај да го исполниш со љубов. Треба да извршиш една должност која не смееш да ја занемариш. Поднесувај ги тешкотиите како добар војник. Исус знае за секоја душевна борба, за секое искушение и секое стравување. Тој ќе ти помогне, бидејќи и Тој бил изложен на истите искушенија како и ние, но сепак Тој не згрешил. Приближи му се Нему, драго мое момче, со сите свои неволји. Немој на никој друг, освен нам, да ја подариш својата доверба и да зборуваш за своите потешкотии. Довери му ги своите тегоби на Исуса и потруди се да стекнеш подлабоко искуство за она што се однесува на верата. Бог нека ти помогне и нека те благослови, тоа е мојата искрена молитва. {2T 313.2}

Јас чувствувам најдлабока љубов кон децата без родители. Ти навистина немаш родителски дом. Смртта го зграбила твојот татко и твојата мајка и други луѓе живеат во куќата на твоето детство. Дури и не се сеќаваш добро на својот побожен татко и на својата мајка. Се сеќаваш дека некогаш си им правел незгоди. Не си бил покорен а и сега

самоволно примаш поуки за послушноста. Но небото ги услишило молитвите на твоите родители да бидеш меѓу оние кои Го љубат Бога и се плашат од Него. {2T 313.3}

О, овој свет е студен и себичен. Твоите роднини, кои би требало да бидат нежни и љубезни кон тебе заради твоите родители ако не заради самиот тебе, те напуштиле во својата себичност и не се интересираат за тебе. Но Бог ќе ти биде поблизок и помил отколку што може да биде некој од твоите земски роднини. Тој ќе биде твој пријател и никогаш нема да те напушти. Тој е татко на сирачињата. Неговото пријателство ќе ти донесе сладок мир и ќе ти помогне храбро да ја поднесуваш својата голема загуба. Гледај да стекнеш во Бога свој татко и никогаш нема да ти биде потребен некој пријател. Ќе бидеш изложен на неволји, но биди цврст и труди се убаво да ја прикажеш верата која ја исповедаш. Ќе ти биде потребна благодат за да опстанеш, но Божјото милостиво око е на тебе. Моли се многу и сесрдно и верувај дека Бог ќе ти помогне. Чувај се од раздразливоста и гневот и од духот на провоцирање. Развивај во себе трпеливост. Копнеј по побожност на своето срце. Биди доследен христијанин. Засакај ја чистотата и понизната едноставност и вткај ги во својот живот. {2T 314.1}

Воспитај се себеси да се плашиш од Бога и да сакаш сè околу себе и така себеси ќе си обезбедиш корисен, среќен живот и твојот пример можеби ќе ги наведе и другите да ги засакаат скромните патеки на светоста. Имај морална храброст секогаш да го правиш она што е правилно и да му оддаваш чест на својот Откупител. Те проколнувам, драго момче, да копнееш кон вистинската светост. {2T 314.2}

---

44. НЕПОКОРЕН ЧЛЕН

Драга сестро С, видов некои работи кои се однесуваа на тебе. Ти не ја познаваш твојата вистинска состојба. Во твоето срце треба да се изврши длабоко и сестрано дело на благодатта. Треба да го доведеш во ред и своето срце и својата куќа. Ти за своето семејство не си пример вреден за имитирање. Ти си во состојба донекаде да се воздигнеш, но не можеш да го достигнеш оној степен на побожност кој го бара нашиот божествен Учител. Сакаш да правиш посети и да зборуваш, изнесувајќи многу работи кои не прилегаат на еден христијанин. Ти ги преувеличуваш фактите и честопати се оддалечуваш од вистината. Твоите зборови и постапки ќе те осудат на последниот ден. Со нив ќе се оправдаш и со нив ќе бидеш осудена. Си немала такво воспитување кое би ја облагородило твојата природа и затоа сега задолжително мораш да научиш за чистотата на зборови и дела. Навикни го својот ум да се занимава со чисти и свети мисли. Развивај во себе љубов кон духовноста и вистинската побожност. {2T 314.3}

Твоите разговори честопати се на многу низок степен. Ти ја прелажуваш својата сопствена душа и таа лага ќе биде судбоносна ако не се разбуди и се видиш себеси онаква каква што си и не му пријдеш на Бога со искрена понизност. Подложна си на измами. Твојот син нема искуствено познавање на Бога и на светите барања на вистината. Нему му се ласка од неговите родители дека е христијанин, но тој е најслаб претставник на оние христијани кои ја држат саботата. Да не даде Бог таквите да ги признаваме како оние кои се слични на Христа. Ти не го дисциплинираш своето момче.

Тој е самоволен и тврдоглав. Тој има многу малку смисла за вистинска учтивост а дури и општа љубезност. Тој е груб и невоспитан, оној кој не ги сака другите и кој е тешко да се сака. Ти на другите им велиш дека тој е христијанин, и правејќи така ти го обесчестуваш Христовото дело. Тоа момче се наоѓа на сигурен пат да стане воспитан лицемер. Тој не владее со себе, а ти сепак му ласкаш дека е христијанин. {2T 315.1}

Делото на реформа мора да почне од тебе. Треба да станеш невина во своите зборови, да водиш ред за домот, да ги сакаш домашните должности, мажот и детето. Треба да научиш мудро да го распоредиш своето време, а да не се оптоваруваш премногу. Оние малку домашни работи кои ти се дадени за должност можеш да ги вршиш и без напрегање, ако бидеш истрајна и трудољубива. Меѓутоа, пред се мораш да го зауздаш својот јазик. Тој е мал орган, но самиот се фали и се истакнува премногу. Нему му се потребни уздите на Божјата благодат и малку самоконтрола за да не одлетува неконтролирано. Ти го зборуваш она што не ти прилега, водиш празни разговори. „Никаков лош збор да не излегува од вашата уста, туку само она што е добро за надградување и да им да даде благодат на оние кои слушаат". {2T 315.2}

Господ нека ти помогне да го увидиш сево ова кога ќе ги читаш овие редови. Те проколнувам да останеш понизна и достоинствена, како што ѝ доликува на една мајка и на една жена. На таткото лежи голема одговорност. Вие треба со здружени напори да стекнете власт над својот син кој со голема брзина оди по патот што води во пропаст. Треба да копнеете по внатрешно богатство и понизно срце кое е од голема вредност во Божјите очи. Трпеливо, милостиво и нежно треба да го подучувате своето момче за основите на христијанството, за вистинската љубезност и христијанска учтивост. Ти честопати си забрзана и жестока. О, колку е важно за тебе да сфатиш дека треба да извршиш големо дело, пред да биде засекогаш преоцна. Исус сега те повикува да Му пријдеш и од него да се поучиш, бидејќи Тој е кроток и понизен во срце. Тој ти дал сигурно ветување дека кај Него ќе најдеш мир. Ти имаш едно големо дело пред себе. Не ја залажувај својата душа, туку испитај се себеси во светлината на вечноста. Ако останеш ваква каква што си, нема да можеш да се спасиш. . {2T 316.1}

Сестро С, твојот маж би можел да биде корисен во црквата ако ти влијаеше на него во добар правец. Но ти со својот пример и со своето влијание го направи неспособен да врши посветувачко влијание во црквата. Преданијата на кои е изложен во домот сосема ги задушуваат неговите добри намери. Ти немаш ниту една од оние особини кои се потребни како жена на еден старешина (или проповедник). Бог те повикува да се промениш. Твојот маж има должност да ја доведе во ред својата куќа и своето срце. Дури кога ќе се препороди ќе може да ги крепи своите браќа. . {2T 316.2}

Твоето цело семејство треба да се посвети со вистината. Драга сестро, ти ќе сфатиш дека мора да извршиш едно дело и мораш веднаш да се фатиш за работа за да можеш да вршиш спасоносно влијание на другите, зар не? Работи со страв и трепет на своето спасение. Постапувај мудро кон надворешните, откупувајќи го времето. „Зборот ваш секогаш да биде благодатен, зачинет со сол, за да знаете како да му одговорите на секој човек". „На она што е вистинито, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, ако има некоја добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете". {2T 317.1}

Има доволно корисни предмети за размислување и разговор. Христијаните треба да разговараат за небото од каде што и Спасителот го очекуваме. Размислувањето за небесните работи секогаш е од корист и секогаш ќе донесе мир и утеха на Светиот Дух. Нашиот повик е свет, нашето исповедање возвишено. Бог прочистува за себе еден својствен народ, ревносен по добри дела. Тој седи како пречистувач и префинувач на сребро. Кога ќе се отстрани секоја троска, тогаш во нас совршено ќе се огледа Неговиот лик. Тогаш врз нас ќе се исполни молитвата која Христос ја упатил за Своите ученици: „Посвети ги со Твојата вистина: Речта твоја е вистина". Ако вистината има посветувачко дејство на нашето срце и нашиот живот, нашата служба на Бога ќе биде прифатлива, ќе Го прославиме на земјата, ќе учествуваме во божествената природа и ќе се спасиме од расипаноста која постои во светот преку похота. {2T 317.2}

О, колкумина ќе бидат неподготвени кога Господарот ќе дојде да се пресмета со Своите слуги! Многумина немаат јасна претстава за тоа што сè сочинува еден христијанин. Тогаш само праведноста нема да ни биде ни од каква помош. Пробата ќе ја издржат само оние кои ќе ја имаат Христовата правда, оние кои се проткаени со Неговиот дух и одат така како што одел Тој, чисти во својот живот и срцето. Нашиот разговор треба да биде свет и тогаш нашите зборови ќе бидат проткаени со благодат. {2T 317.3}

Господ нека ви помогне како семејство да бидете исправни, да живеете возвишен живот и во сите свои дела да правите чест на својата вера. {2T 318.1}

---

45. УТЕХА ВО НЕВОЛЈА

Драга сестро Т, дознав за твојата неволја и брзам да ти напишам неколку редови. Драга моја сестро, видов сосема јасно дека Господ те љуби. Во последното видение кое ми беше дадено ми беше покажан помеѓу останатите и твојот случај. Видов колку во минатото луѓето ти причиниле штета со своите погрешни постапки. Но ти, иако секогаш совесна и решена да го чиниш само она што е право, беше премногу чувствителна и сметаше дека твојата положба е потешка отколку што таа всушност е. {2T 318.2}

Веќе подолго време те мачи болест. Боледуваш од тешко варење, но на нервна основа. Мозокот е во тесна врска со желудникот и неговата сила била повикувана да помогне на заболените органи за варење така што и самиот ослабел, станал разжалостен и бил преоптоварен со крв. Во таква состојба умот станува нерасположен, склон да се занимава со црни мисли и ти тогаш си замислуваш дека Божјиот гнев е врз тебе. Мислеше дека твојот живот е бескорисен, дека е полн со грешки и лоши постапки. Драга сестро, твоето лошо здравје е причина за твоето очајување и обесхрабреност. Бог не те напуштил; Неговата љубов сè уште е со тебе. Видов дека треба да му се довериш како дете во прегратката на својата мајка. Бог е добар и милосрден и полн со нежна сомилост и чувства. Тој не го свртел Своето лице од тебе. {2T 318.3}

Ти си необично чувствителна. Имаш длабоки чувства и затоа немаш моќ да ги отфрлиш од себе грижите, збунетоста и обесхрабреноста. Видов дека Бог би бил за

тебе вистинска помош само кога би решила да се потпреш на Него; меѓутоа твоите претерани грижи те оддалечиле од твојот драг Спасител Кој те љуби. „Оној, Кој не го поштеди ни Својот сопствен Син, туку го предаде за нас, зар нема да ни подари со Него сè?” Како е драгоцено ова ветување! Можеме многу да бараме од небесниот Татко. Нам ни се наменети големи благослови. Можеме да веруваме во Бога, да Му се довериме и со тоа да го прославиме Неговото име. Па дури тогаш кога непријателот ќе нè совлада, ние не сме отфрлени, заборавени, ниту напуштени од Бога. Но Христос е од десната страна на Бога и тој секогаш се зазема за нас. „Ако некој згреши, имаме застапник кај Таткото, Исус Христос праведникот”. {2T 319.1}

Би сакала да ти кажам, моја сестро, дека не смееш да ја губиш довербата. Кутра, застрашена душо, потпри се на Божјите ветувања. Така ќе ги скршиш оковите на непријателот и неговите сугестии ќе бидат без сила. Не обрнувај внимание на дошепнувањата на непријателот. Појди слободно напред, ти потиштена душо. Биди храбра. Кажи на своето кутро, очајно срце: „Надевај се на Господа; зошто пак ќе го славам мојот Помошник, мојот Бог”. Знам дека Бог те љуби, потпри се на Него. Не мисли на она што предизвикува нерасположеност и тага. Отфрли ги сите непријатни мисли и размислувај за драгоцениот Исус. Размислувај за Неговата моќ за спасување, Неговата бескрајна, неспоредлива љубов за тебе, токму за тебе. Јас знам дека Господ те љуби. Ако не можеш да се потпреш на својата вера, потпри се на верата на другите. Ние веруваме и се надеваме за тебе. Бог ја прифаќа нашата вера во твое име. {2T 319.2}

Ти се обиде да го правиш она што е добро и Бог има милост и сожалување кон тебе. Биди ведра и кажи збогум на потиштеноста и сомнежите. Предавајќи се на тие сомнежи ти Го обесчестуваш Бога. Цврстата вера донесува спокојство и радост во Светиот Дух. Со верата стекнуваме мир, а довербата во Бога носи радост. Верувај, верувај! Мојата душа вели, верувај. Почивај во Бога. Тој е во состојба да го сочува она што ти си Му го доверила. Тој ќе те направи повеќе од победник преку Оној Кој те возљуби. Господ нека те благослови и нека ја засили твојата расколебана вера, тоа е нашата молитва. Ти ги праќаме овие неколку редови, верувајќи дека тие ќе ти донесат добро. {2T 319.3}

---

46. САМОЖИВОСТА И ДИКТАТОРСКИОТ ДУХ

Драги брате У, во последното видение ми беше покажано дека мора да внимаваш на себе со внимателна грижа, инаку твојот невоздржлив карактер целосно ќе те совлада. Ти си згрешил кога си се молел за сестра В искажувајќи го оној диктаторски и заповеднички дух кој бил проклетство на твојот живот. Се нафрли на братот В, иако, со оглед на твоите грешки во минатото, требаше да бидеш скромен и повлечен. Ќе ти биде многу тешко да ја победиш својата навика да гледаш што работат другите, да ги забележуваш небитните работи и на луѓето да им зборуваш отсечно и прекорно. Сето ова е непотребно. Ако подлегнеш во малите нешта, се отвора пат за уште поголеми грешки. Ќе бидеш сигурен во тоа само ако постојано владееш со себе и ако се научиш на трпение. Ти не можеш да извршиш никакво поголемо дело, но ако одиш по добриот пат, ќе можеш сепак да направиш нешто добро за Божјото дело. Меѓутоа твоето

влијание не треба да биде на штета; ако внимаваш на себе и се посветиш на Бога, ќе бидеш во состојба да кажеш некој збор на утеха и да изнесеш сведоштво за големото Божје богатство и бескрајната Исусова љубов. {2T 320.1}

Твоето срце нека омекне и нека се понизи под божественото влијание на Светиот Дух. Не смееш многу да зборуваш за себе бидејќи тоа никого нема да го закрепи. Не треба од себеси да направиш центар и да сметаш дека мора постојано да се грижиш за насочи ги мислите по здрав пат. Зборувај за Исуса, а отфрли го своето јас. Потчини го Исуса, така што твоето срце ќе може да рече: „А јас повеќе не живеам, туку во мене живее Христос". Исус ќе ти биде присутна помош во сите тешки моменти. Тој нема да те остави сам да се бориш со силите на темнината. О, не! Тој се потпира на помош на Оној чија моќ може целосно да спаси. {2T 320.2}

Немој да бидеш саможив. Победи ги своите побуди, своите мали особености и настојувај само да го претставуваш Исуса. Не одолговлекувај додека зборуваш и при молитвите на богослужбите. Ти си грешел во овој поглед, но можеш да се поправиш. Долгите говори и молитви ти штетат на тебе и не се од корист на оние кои слушаат. Мораш напорно да работиш за да победиш. Сепак, ти тоа можеш да го постигнеш ако мирно се фатиш за работа. Мора да внимаваш на своето однесување. Ти си нељубезен, забрзан, нервозен. И тоа може да се победи. {2T 321.1}

Ти сериозно и искрено сакаш да го чиниш она што е добро и да го добиеш Божјото одобрување. Продолжи со своите сесрдни, истрајни напори и немој да губиш храброст. Биди трпелив. Немој да ги укоруваш другите. Немој никогаш да му дозволиш на непријателот да те оддели од стражарењето. Стражари и моли се. По молитвата, повторно стражари. Мораш сам, да го сториш тој напор: никој друг не може да те замени во тоа. Потпри се на Божјата сила и „откупи го" времето тогаш кога ќе ги увидиш своите грешки од минатото. {2T 321.2}

---

47. ЗАБОРАВЛИВ СЛУШАТЕЛ

Драги брате И, во последното видение ми беше покажано дека ти не се разбираш самиот себеси. Мораш да извршиш едно дело кое никој друг не може да го изврши место тебе. Твоето искуство во вистината е незначајно и ти сè уште целосно се немаш обратено. Високото мислење кое го имаш за себе не е ни најмалку оправдано. Укажано ми е на твојот поранешен живот. Твојот ум не се занимавал со возвишени мисли, туку со работи кои не се поволни човекот да го водат чисти постапки. Ти имаше изопачени навики кои го изопачуваа твојот морал. Премногу си бил близок со спротивниот пол и не си поседувал скромност во однесувањето. Ти би бил среќен кога некој би поттикнал поголема блискост помеѓу мажите и жените, според теоријата на Др. А. Твоето влијание во _____ не беше добро. Ти не беше соодветна личност за тоа место; твоите лекомислени и неважни разговори ти оневозможија да ширириш добро влијание. Типот на твојата музика не беше таков кој би можел да поттикне возвишени мисли и чувства, туку попрво да дегенерира. {2T 321.3}

Твоето влијание донекаде се чувствуваше во текот на последните неколку седмици. Но ти не поседуваш цврстина во своите начела. Имаш многу недостатоци и треба да увидиш што ти недостасува. Лудостите на младите години оставиле на тебе трага; никогаш не ќе можеш да го повратиш она што го загуби со своите нечисти навики. Твоите чувства толку отапеле што јасно не го разликуваш она што е свето. Со своето сегашно искуство нема да бидеш во состојба да се спротивставиш на искушенијата. Не си во состојба да поднесуваш неволји. Вистината не те посветила. Ти си ја прифатил вистината, но таа фатила корен во тебе и затоа ти не си се преобразил преку обновување на својот ум. Ти си човек кој се прелажува самиот себе. О, те преколнувам, немој и понатаму да се залажуваш во поглед на својата вистинска положба! Сè уште не си ја почувствувал сета големина на своите гревови ниту во понизност и со страв во срцето си побарал од Господа да ги избрише твоите престапи. Не си можел да увидиш дека твојот живот е грешен пред Бога. Затоа во твојата душа не се извршило делото на преобразба. {2T 322.1}

Си ја облекол облеката на сопствената правда за да ја прикриеш грдотијата на своите гревови, но тоа не е никаков лек. Ти не знаеш што е тоа вистинско обратување. Стариот човек сè уште не умрел во тебе. Имаш обличје на побожност но ја немаш Божјата сила која чисти од гревот. Ти си во состојба убаво да зборуваш и да пишуваш, и што се однесува до твоите зборови, тие можат да бидат исправени, но ти не зборуваш со вистински јазик на срцето. Доволно се познаваш самиот себе си за да го сфатиш тоа. Твојот случај е во опасност, но сепак Бог е милостив кон тебе и ќе те спаси, ако паднеш пред нозете во чувство на сопствената нечистотија, злоба и расипаност и да ја побараш Неговата преобразувачка сила. {2T 322.2}

Брате мој, јас немам намера да те обесхрабрувам, туку да те наведам да ги испиташ своите побуди и постапки во светлина на вечноста. Избави се од сатанските стапици. Немој те молам никого да наведуваш за тебе да негува поубаво мислење отколку што би требало, бидејќи ќе се разочара откако ќе исчезне таа лага и кога ќе се појавиш во вистинската светлина. Ти имаш светлина на Светиот Дух и ја чувствуваш силата на вистината, но тие свети благотворни влијанија брзо исчезнуваат бидејќи си заборавен слушач. Ти не си стабилизиран, зацврстен и втемелен во вистината. Ти си сметал дека е во твој интерес да ја прифатиш вистината, но не си го почувствувал на себе нејзиното посветувачко влијание. Ние би сакале да те посоветуваме: не залажувај се бидејќи со Бога нема шегување. Сè уште не е доцна да станеш христијанин, но не можеш да се раководиш само по твоите моментни расположенија. Добро одмерувај го секој свој чекор и немој да ја прелажуваш својата душа. {2T 323.1}

---

48. ЛЕК ЗА СЕНТИМЕНТАЛНОСТА

Драга сестро Б, твојот случај ми беше покажан во видение кое го имав на 12 јуни. Ти се наоѓаш во лоша состојба, не толку заради својата вистинска болест, иако навистина не ти е добро, колку затоа што си вообразила дека не си способна за работа. Пред неколку години видов дека твоите мисли многу се занимаваат со момчиња. Ти

честопати си зборувала само за нив и твоите мисли оделе по патот кој не е соодветен за духовен развој. Ти си се занимавала со мисли кои вродиле со лош плод. Си наштетила и си го злоставувала своето сопствено тело и си го довела својот дух во бедна состојба на целосна затапеност. Си уживала во љубовните мисли и чувства сè додека целосно не си се упропастила и душевно и телесно. Твоето избегнување на движење е многу штетно за тебе. Корисната работа во носењето на домашните бремиња и на друго место подобро ќе ти помогне од било кое друго средство и ќе ги излечи твоите нездрави и неприродни чувства. {2T 323.2}

Тебе многу те размазиле. Голема грешка била што те ослободиле од сите одговорности. Сега размислуваш скоро само на себе. Ти си станала нерасположена, твојот ум пребива на жални работи и ја замислуваш својата состојба многу полоша отколку што всушност таа е. Вообразуваш дека не може да биде подобро ако не се омажиш. Во својата сегашна душевна состојба ти не си способна за мажење. Не постои таков човек кој би те посакал во оваа беспомошна и некорисна состојба. Ако некој и те засака, тоа веројатно би бил човек без вредности, бидејќи ниту еден добар човек со добри чувства ни за момент не би засакал едно такво некорисно суштество. {2T 324.1}

Твојата тажна и мрачна состојба на духот која те води да плачеш и да сметаш дека не вреди да се живее, дошло како последица на твоите нечисти мисли. Си размислувала за она што е забрането, додека истовремено си угодувала во навики кои постојано и непрекинато го поткопувале твоето здравје и ти донеле прерана старост. За тебе би било многу подобро воопшто да не си заминела во _____. Тој престој таму многу ти наштетил. Ти си мислела на својата болест и си се движела во друштво во кое човек само би се расипал. Госпоѓица Ц, била расипана, злобна жена. Нејзиното друштво само ја влошило болеста од која веќе си страдала. „Лошите разговори ги расипуваат добрите обичаи”. Состојбата во која денес се наоѓаш не е мила на Бога; но сепак ти мислеше дека е бесцелно да се живее. Но кога навистина би умрела, како што сега велиш дека сакаш, твојот случај би бил безнадежен. Ти не си се приготвувала ниту за овој свет ниту за оној кој доаѓа. {2T 324.2}

Си вообразила дека не можеш да одиш, да поднесеш возење, ниту било какво движење и затоа си западнала во некоја студена, мртва го загорчуваш животот самата на себе. Ти можеш да се освестиш, можеш да работиш, можеш да се ослободиш од таа страшна рамнодушност. На твојата мајка ѝ е потребна твојата помош; на твојот татко му е потребна нега која ти можеш да му ја пружиш; на твоите браќа им е потребна грижата на нивната постара сестра; на твоите сестри им се потребни твоите поуки. А ти си се затворила во некоја зачмаеност и сонуваш за невозвратената љубов. За да ја спасиш сопствената душа, престани со тие лудости. Читај ја својата Библија онака како што никогаш порано не си ја читала. Фати се за домашните работи и олесни го товарот на твоите преоптоварени и исцрпени родители. Можеби во почетокот нема да бидеш во состојба да сработиш многу, но затоа секој ден зголемувај ја својата задача. Тоа е најсигурниот лек за заболениот дух и злоставуваното тело. {2T 325.1}

Ако бидеш упорна и постојана во таа работа твојот дух до некаде ќе се поврати и ќе биде во состојба да се занимава со здрави, чисти мисли. Со удоволување на желбите твојата волја станала толку непостојана, што и самата не знае што сака. Наместо во своите постапки да се раководиш со разум на начела, дозволуваш да те заведе секоја

моментална желба; затоа другите те сметаат за променлива и непостојана. Залудно другите се трудат да ти угодат; не умееш да бидеш задоволна дури и кога сите желби би ти се исполниле. Ти си размазено дете и здодевна си самата на себе. За тоа е виновна само твојата себичност. {2T 325.2}

Таа твоја состојба е последица на немудра љубов и ласкање. Ти си имала многу здрав ум но тој станал неурамнотежен затоа што се упатил во погрешен правец. Денес претставуваш празнина во својата околина. Не би требало да биде така. Ти можеш да направиш за себе она што никој друг не може да го направи за тебе. Мораш да ги завршуваш своите должности но, ти толку долго си се предавала на црните мисли, така што денес сметаш дека не можеш да ги извршиш. Твојата волја откажала; имаш сила, но немаш волја. {2T 326.1}

Копнееш за љубов. Христос ја сака твојата љубов; ако Му ги посветиш своите чувства Тој ќе те ослободи од таа нездрава, сентиментална, нечиста љубов кои се наоѓаат на страниците на романите. Во Исус можеш да љубиш сесрдно со жар. Оваа љубов може да се зголемува и да се шири до бесконечност, а притоа нема да се троши ниту телесното ниту душевното здравје. Потребна ти е љубов кон Бога и кон ближниот. Мора да се разбудиш, мораш да се ослободиш од измамата во која си западнала и да побараш чиста љубов. {2T 326.2}

Твојата единствена надеж во овој или во оној подобар живот е сесрдно да ја побараш вистинската Христова вера. Ти немаш верско искуство. Потребно е да се обратиш. Наместо таа твоја недвижечка, себична нерасположеност ќе дојде радост која ќе донесе благодат на телото и на душата. Љубовта кон Бога ќе роди и љубов кон ближните, па дури тогаш сесрдно и несебично ќе се посветиш на своите животни должности. Твојата работа треба да се темели на чисти начела. Внатрешниот мир ќе ги упати твоите мисли во една здрава насока. Посвети се на Бога, инаку никогаш не ќе го задобиеш подобриот живот. {2T 326.3}Ти имаш должности кон своите родители. Не треба да те обесхрабри ако во почетокот бидеш уморна. Тоа нема да ти напакости. Твоите родители честопати прекумерно се заморуваат. Нема да биде ниту половина штетно ако се замориш со некоја корисна работа, како што е штетно тоа што постојано мислиш на себе, негуваш мали проблеми и се оддаваш на очајот. Верното извршување на домашните должности, на местото кое што ти припаѓа, колку и да е тоа скромно, го воздигнува човекот. Тоа божествено влијание ти е потребно. Тука ќе најдеш спокојство и света радост. Тоа дава здравје и сила. Така незабележително и нечујно ќе се залечат раните на твојата душа, па дури и телесните страдања. Душевниот мир кој доаѓа од чистите побуди и постапки ќе внесе свежина и отпорност во сите органи на твоето тело. {2T 326.4}

Внатрешниот мир и уверувањето дека сме исправни пред Бога ќе го засили и закрепи умот како што росата ја крепи нежната билка. Волјата тогаш е вперена во добар правец и потчинета, па според тоа и одлучна, но слободна од претерувања. Мислите се пријатни затоа што се посветени. Ведрината на духот која можеш да ја стекнеш ќе биде на благослов за сите кои те опкружуваат. Овој мир и спокојство со време ќе стане твоја вистинска природа и ќе зрачи со своите драгоцени зраци на сета твоја околина, за повторно да се врати кон тебе. Колку повеќе го негуваш тој духовен мир, толку повеќе тој ќе расте во тебе. Тоа е живо задоволство кое не ги руши моралните енергии туку ги

поттикнува на уште поголема делотворност. Совршениот мир е небесна карактеристика и него го поседуваат ангелите. Бог нека ти даде да го стекнеш тој мир. {2T 327.1}

---

49. ДОЛЖНОСТ КОН СИРАЧИЊАТА

Драги брате и сестро Д, вашата доцна посета и разговорот кој што го имавме со вас предизвикаа во мене многу мисли од кои некои морам да ги ставам на хартија. Ми беше многу жал поради тоа што Е не можеше секогаш правилно да се однесува; ако размислите подобро, не можете ниту да очекувате некакво совршенство од дете на негова возраст. Децата имаат мани и треба многу трпеливо да се поучуваат. {2T 327.2}

Од дете на негови години не може да се очекува секогаш да чувствува онака како што треба. Морате да имате на ум дека нема ниту татко ниту мајка, никому кому би можел да ги довери своите чувства, грижи и искушенија. Секое суштество чувствува потреба за некој кој би сочувствувал со него. Тоа момче биле праќано од место до место и затоа не е многу чудно што има многу мани, тој е негрижлив, премногу независен и нема почитување кон другите. Меѓутоа, тој е многу пресретлив и јас сум уверена дека тој со правилно поучување и благо постапување нема да ги разочара нашите надежи, туку ќе бидат наградени сите напори коишто сме ги направиле за него. Земајќи ги в предвид неповолните околности во кои растел, мислам дека тој е многу добро момче. {2T 328.1}

Кога ве замоливме да го примите, тоа го сторивме целосно убедени дека тоа е ваша должност и дека заради тоа ќе бидете благословени. Не очекувавме да го сторите тоа само заради тоа дека сте очекувале дека тој ќе ви биде од помош, туку за да му помагате, за да ја извршите должноста кон тоа сираче - должност која секој христијанин треба да ја прифати; мислевме дека преземањето на таа задача ќе ви служи на добро, а радосно ќе ја извршувате со убедување дека со тоа станувате Божје оружје за спасување на една душа од сатанските стапици, спасувајќи син на еден човек кој го посветил својот драгоцен живот на приведување на души кон Божјото Јагне кое ги зеде на себе гревовите на светот. {2T 328.2}

Според она што ми е покажано, адвентистите на седмиот ден многу малку знаат колку многу место заземаат во нивните срца светот и себичноста. Ако сакате да правите и добро и да Го славите Бога, имате многу начини да го остварите тоа. Но вие не сте знаеле дека тоа е последица од вистинската вера. Тоа е плод кој ќе го донесе секое добро дрво. Не сте увидувале дека од вас се бара да посветите внимание на другите, да поведете сметка за нив како и за самите себеси и несебично да се заинтересирате за оние чијашто помош најмногу им е потребна. Никогаш не сте се труделе да помогнете на оние што им е најпотребно и оние коишто се најнемоќни. Ако имавте свои деца на кои би требало да укажувате внимание, нега и љубов, не би гледале толку на себе и во своја корист. Кога оние кои немаат деца и кои Бог ги сторил повереници на средства, би го раширило своето срце и би се грижеле за децата на кои им е потребна љубов, нега, внимание и материјална помош, би биле многу посреќни отколку што се сега. Сè додека децата кои се без татковско нежно набљудување и мајчинска љубов се изложени на

лоши влијанија на овие последни денови, должност е на некого да ги замени таткото и мајката. Научете се да им пружате љубов и внимание. Сите кои тврдат дека имаат Татко на небото и се надеваат дека Тој ќе се грижи за нив и дека на крајот ќе ги прими во домот којшто го приготвил за нив, треба да почувствуваат дека на нив почива света обврска да бидат пријатели на оние коишто се без пријатели и татковци на оние кои немаат родители, да помагаат на вдовиците и да бидат од некоја корист на овој свет. Многумина ова го немаат сфатено во вистинска светлина. Ако живеат само за себе, ќе имаат само толку сила колку што е потребно за тоа. {2T 328.3}

Младината која расте меѓу нас не го добива она внимание коешто треба да го има. Нашите браќа мора да ги примаат должностите кои инаку неволно ги сфаќаат и ги вршат. За многумина стравот дека ќе ја изгубат својата удобност е доволен изговор. Божјиот ден ќе ги открие неисполнетите должности - души што се загубени затоа што никој не сакал да вложи напор и да се заземе за нив. {2T 329.1}

Ми беше покажано дека оние коишто тврдат дека се христијани би биле четирикратно наградени кога повеќе би се посветиле на грижата за другите. Бог сè гледа. Тој ги знае нашите цели и знае дали го користиме нашиот живот за да помагаме на бедните паднати човечки битија или пак нашите очи не гледаат ништо друго освен сопствените интереси и самите себеси. Ве проколнувам во Христово име, заради вашите души и младината ова да не го сфатите толку лековерно како што многумина тоа го чинат. Ова е сериозна работа и се однесува на вашето место во Христовото царство, а исто така тука е вклучено и спасувањето на драгоцени души. Зар не е токму тоа должност на сите вас кои можете да вложите нешто заради добро на бездомниците, иако тие може да се незнајковци и недисциплинирани? Дали треба да се трудите само таму каде што ќе добиете најмногу лично задоволство и корист? Не смеете да ја отфрлате божествената предност кое Небото ви ја нуди, да се погрижите за оние на кои им е потребна вашата грижа. Не смеете да дозволите Бог напразно да чука на вашата врата. Тој стои пред вратата во лик на сиромав, без дом и во ликот на расплаканите вдовици на кои им е потребна љубов, сочувство, наклонетост и охрабрување. Ако не сторите едно од овие дела, не би го сториле ниту за Христа кога тој би се наоѓал на земјата. {2T 329.2}

Помислете на својата поранешна беда, духовното слепило и на темнината која вас ве обвиткувала пред Христос, нежниот и полн со љубов Спасител, да дојде да ви помогне и да посегне по вас таму каде што се наоѓавте. Ако дозволите времето да минува без никаков доказ за вашата благодарност за таа чудесна и восхитувачка љубов која милостивиот Спасител ја покажува кон вас, кои некогаш бевте туѓинци за Израелот, имате причина да стравувате дека ќе западнете во уште поголема темнина и беда. Сега е време за вашата сеидба. Ќе го пожнеете она што ќе го посеете. Искористете ја секоја прилика што ќе ви се пружи за да направите добро. Можностите кои ви се пружаат потсетуваат на обилен дожд кој ќе ве поткрепи и ќе ве освежи. Искористете ја секоја можност во својот делокруг да правите добро. Мрзливите раце ќе жнеат слаба жетва. Најпосле, зошто постарите живеат ако не да се грижат за младите и да им помагаат на беспомошните? Бог тоа го ставил во должност на нас постарите и поискусните и ќе нè повика на одговорност доколку ги занемариме своите должности во овој правец. Што ќе се случи ако нашата работа не наиде на одобрување? Што ќе биде ако повеќе пати

доживееме неуспех а, успееме само еднаш? Тој еден успех ќе ни ја врати храброста која претходно сме ја загубиле. {2T 330.1}

Меѓутоа само малкумина се оние коишто вистински сфаќаат што значи да се биде христијанин. Тоа значи да се биде сличен на Христа, да се прави добро на другите, да се биде слободен од себичноста и својот живот да се исполни со дела на несебична добрина. Нашиот Откупител праќа души во прегратката на црквата за да можат членовите несебично да водат грижа за нив и да ги приготват за Небо, и на тој начин да станат Негови помагачи. Но црквата честопати ги остава овие души на сатанското бојно поле. Еден член вели: „Тоа не е моја должност," потоа ќе најде некој неубедлив изговор. „Па тоа не е ни моја должност," ќе рече некој друг, и на крајот ќе излезе дека тоа не е ничија должност, така што душите безгрижно ќе се препуштат на пропаст. Должност на секој христијанин е да се посвети на ова дело на самооткажување и пожртвување. Зар Бог не е во состојба за возврат да ги наполни нивните кошови и да ги намножи нивните стада, така што наместо губиток да дојде добивка? „Еден растура, и се повеќе има; а друг е премногу скржав и е сè посиромашен". {2T 331.1}

Делата на секој човек ќе бидат одмерени, проценети и тој ќе биде награден според своите дела. „Почитувај го Господа со сиот свој имот и со првините од својата добивка и ќе бидат полни твоите житници и изобилни". „А не е ли ова постот што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните, и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол - облечи го, и од крвните сродници не крај се". Прочитајте го следниот стих и ќе ја согледате богатата награда која што е ветена на оние коишто така постапуваат. „Тогаш ќе светне твоето видело како зора. И твоето здравје ќе процвета". Ова драгоцено ветување е за сите оние кои ќе водат грижа за оние на кои им е потребна помош. Како Бог може да дојде и да ги благослови оние коишто не се грижат за никој друг освен за себе и коишто не се користат со она што им е доверено за да го прославаат Неговото име на земјата? {2T 331.2}

Сестра Хана Мор умрела како маченик заради себичноста на народот која се изјаснува дека копнее по слава, чест и вечен живот. Верниците ја избркале од себе минатата студена зима и таа пожртвувана мисионерка умрела само затоа што не се нашло ниту едно милосрдно срце да ја прими. Јас никого не осудувам. Јас не сум судија. Но кога Судијата на целата земја ќе дојде да суди некој ќе биде виновен. Сите ние сме премногу зафатени со сопствената личност. Длабоко од својата потиштена и загрижена личност упатувам молитва Бог да ни подари милост, месно срце, нежност и сочувство. Уверена сум дека за нас мора да се изврши едно дело, инаку на Божјиот ден ќе се најдеме лесни. {2T 332.1}

Што се однесува до Е, ве молам не заборавајте дека тој е дете, со детско искуство. Немојте него, кутро, слабо и немоќно момче, да го проценувате според себеси и да очекувате од него така и да постапува. Длабоко верувам дека сте во можност кон ова сираче да постапувате онака како што треба. Вие сте во состојба сите должности да му ги направите пријатни и да му дадете охрабрување. Вие, драги брате и драга сестро, можете да се доверувате еден на друг, можете да сочувствувате еден со друг, можете заедно да се радувате и да си зборувате еден со друг за своите потешкотии и неволји. Вие имате начин да се разведрите додека тој всушност е сам. Тој е дете кое размислува,

но нема кому да му се довери, нема никој кој би му упатил некој пријатен збор во неговите потешкотии и големи неволји. А јас знам дека тој има искушенија токму како и луѓе по години постари од него. {2T 332.2}

Ако својата љубов ја ограничувате само на себе, тоа ќе биде себична љубов која нема да го следи благословот од Небото. Јас сум убедена дека вие ќе го сакате ова сираче заради Христа, дека ќе сфатите дека вашето богатство нема никаква вредност ако не се користи за добро на другите. Правете добро, бидете богати во добри дела, подготвени да давате, доброволно да помагате, обезбедувајќи си за себе ризница како добра основа за времето кое доаѓа за да можете да се здобиете со вечниот живот. Само оној кој се жртвува ќе пожнее награда на вечен живот. Татко и мајка на својата смртна постела ги оставиле своите деца на црквата тие да се грижат за нив, да ги подучуваат за Бога и да ги приготват за небото. И кога овие родители ќе ги побараат своите драги деца и ќе видат дека нема ниту едно дете заради немарноста на црквата, што ќе одговорат тие? Ние сме во голема мера одговорни за спасување на овие сирачиња. {2T 333.1}

Имавте прилика, но не успеавте да ја придобиете довербата и љубовта на ова момче затоа што не сте му дале видливи докази за својата љубов. Ако не бевте во состојба тоа да го направите со пари, сепак сте можеле на некој друг начин да покажете дека ви значи. Погрешно е дека една страна треба да покажува љубов и наклонетост. Колку се трудевте да му ја покажете својата наклонетост? Вие многу сте зафатени сами со себе и не чувствувате потреба да се опкружите со атмосфера на љубов и нежност која произлегува од вистинската благородност на душата. Братот и сестрата Ф ги оставиле своите деца на црквата да се грижи за нив. Тие имале многу богати роднини коишто сакале да ги добијат тие деца, но тие биле неверници и кога би им се дозволило да ја земат на себе грижата за децата или да станат нивни старатели, би ги повеле од патот на вистината кон патот на заблудата и би го довеле во опасност нивното спасение. Овие роднини биле навредени затоа што не им било дозволено да ги земат децата кај себе и ништо не направиле за нив. Не смееме да дозволиме во својата себичност да ја заборавиме довербата која родителите ја имале кон црквата. {2T 333.2}

Ние многу се интересираме за овие деца. Една ќерка веќе се развила во вистинска христијанка и се омажила за проповедник на евангелието. Сега возвраќајќи ја благодарноста за грижата која црквата ја покажала кон неа, таа и самата го примила товарот на црквата врз себе. Неа ја прашуваат за совет луѓе со помалку искуства и никогаш не прашуваат напразно. Таа има вистинска христијанска понизност и достоинство коешто влева доверба и почитување на сите коишто ја познаваат. Овие деца ми се толку блиски како да се мои родени. Нема да ги загубам од вид ниту ќе престанам да се грижам за нив. Јас ги сакам искрено, нежно и длабоко. {2T 334.1}

---

50. АПЕЛ ДО ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

На втори октомври 1868 година ми беше покажано големото дело што ни престои на светот да му укажеме за судот кој ќе дојде. Нашиот пример, ако живееме во склад со вистината која ја исповедаме, ќе спаси малкумина и ќе осуди многумина, и тие луѓе

нема да имаат никакво оправдување во денот кога ќе се одлучува за случајот на сите нас. Праведните ќе се приготват за вечниот живот, додека грешниците кои не сакаат да ја запознаат волјата и Божјите патишта ќе бидат препуштени на пропаст. {2T 334.2}

Вистината не ги посветила сите луѓе кои ја проповедаат на другите. Некои не го увидуваат светото обележје на делото. Не се надеваат на Бога ниту во Него се сторени сите нивни дела. Тие не се обратиле во длабината на својата душа. Не ја искусиле тајната на побожноста во својот секојдневен живот. Тие ги поседуваат неминливите вистини битни како и самата вечност, но не се трудат да ги всадат во својата душа, да ги сторат дел од себеси, за да можат тие да се чувствуваат во сите нивни постапки. Не се споиле толку цврсто со начелата кои произлегуваат од тие вистини за да биде невозможно да се одвојат едни од други. {2T 334.3}

Бог ги прифаќа само оние кои имаат посветено срце и живот. Укажувајќи им на проповедниците кои не живеат праведно ангелот рекол: „Очистете ги рацете, грешници, поправете ги срцата свои, непостојани". „Очистете се вие коишто ги носите Господовите садови". Бог бара чесност на душата; Тој бара вистината да биде во нашата внатрешност, и таа треба да го преобрази сето наше внатрешно битие преку обнова на умот под дејство на божествениот Дух. Не сите проповедници се посветени на делото, сите не му пришле со сето свое срце. Тие работат толку немарно како пред себе да имаат илјада години за спасување души. Се отстрануваат од товарите и одговорностите, грижите и немаштијата. Тие ги отфрлаат самооткажувањата, страдањата и напорната работа. Некои се трудат да ја избегнат секоја работа. Гледаат што полагодно да живеат и што повеќе пријатности да си пружат самите на себе, на својата жена, деца така што скоро ги загубиле од вид должностите коишто ги примиле на себе. {2T 335.1}

Бог бара понизност на душата и понизност од проповедниците чии дела не биле извршени во Него. Ми беше укажано на луѓе кои се занимаваат со овоземски работи. Тие знаат дека мораат да се потрудат ако сакаат да го остварат она што го замислиле. Жртвувајќи го својот удобен живот и својата куќа тие поднесуваат лишувања. Тие се истрајни, енергични и ревносни. Нашите проповедници не покажуваат ниту наполу толку ревност како што ја покажуваат луѓе кои што копнеат по земски добра. Тие не одат толку упорно по својата цел, ниту пак се толку сесрдни во своите напори, не се истрајни и не покажуваат спремност да се откажат од многу нешта како оние луѓе коишто одат по своите земски цели. {2T 335.2}

Споредете ги овие две цели. Едната е извесна, вечна, трајна како Божјиот живот; а другата припаѓа на овој живот, променлива и неизвесна. Честопати се случува луѓето кои постигнуваат земски цели да бидат одвлечат во пропаст токму од тој нивен успех. О, од каде толку голема разлика во напорите на оние кои одат по земските и оние кои одат по небесните цели? Едните трчаат по минливи добра и поднесуваат многу потешкотии за да постигнат нешто што честопати станува причина за големо зло, додека другите се трудат да спасуваат души, стекнуваат наклоност на небото и награда во небесното богатство. Овде нема никакви опасности, никаков губиток; добивката е сигурна и огромна. {2T 335.3}

Оние кои наместо Христа повикуваат души да се помират со Бога, треба со совет и пример да покажуваат неуморно интересирање за спасување на душите. Тие треба со сесрдност, истрајност, самооткажување и дух на пожртвуваност да ги надминат

вредноста и ревноста на оние кои трчаат по земските добра и тоа толку колку што душата е поскапоцена од земската ништожност, а нивната цел повозвишена од земската. Сите земски цели се безначајни во споредба со делото на спасување души. Земското богатство не е трајно иако толку многу чини. Но една единствена спасена душа, вечно ќе сјае во небесното царство. {2T 336.1}

Некои проповедници спијат, спие и народот, но сатаната е буден. Постои малку жртвување за Бога и за вистината. Проповедниците мораат да даваат пример. Тие треба со дела да покажат дека ги ценат вечните работи и дека ни најмалку не го ценат земското богатство. Многумина проповедници кои ја проповедаат вистината мораат и самите да се обратат. Мораат да го засилат својот ум, да ги исчистат своите срца и да ги сосредоточат своите мисли кон Бога. Тие треба да ја прикажуваат вистината на таков начин којшто ќе го разбуди човечкиот разум да ја увиди нејзината доблест, чистота и светост. За да се постигне тоа, тие треба да мислат само на возвишените мисли кои прочистуваат, го освежуваат и го воздигнуваат умот. На олтарот на нивното срце мора да гори прочистувачкиот оган на вистината кој ќе влијае на нивниот живот и ќе му даде обележје. Тогаш каде и да се упатат, дури и во најголемата темнина, светлината којашто ја носат во себе ќе ги осветлува сите оние кои што се наоѓаат околу нив. {2T 336.2}

Проповедниците треба да бидат проникнати со истиот оној дух како и нивниот Господ, кога одел по земјата. Тој одел правејќи добрини, донесувајќи благослов на другите со Своето влијание. Тој бил човек на тагата, ја познавал болката. Проповедниците би требало да имаат појасни поими за вечните вистини за тоа што Бог бара од нив. Тогаш ќе бидат во состојба да влијаат на другите и во нив да ја поттикнуваат љубовта за размислување за небесните нешта. {2T 337.1}

Проповедниците треба грижливо да ја проучуваат Библијата. Дали вистините коишто тие ги проповедаат се доволно силни? Тогаш треба да настојуваат вешто да ги изнесуваат. Нивните мисли да бидат јасни и силни, а духот сесрден, за да не ослабе моќта на вистината што ја проповедаат. Луѓето никогаш не можат да се обратат со млаките проповеди за вистината, со самото повторување на теоријата која не го подига тој којшто ја проповеда. Тие нивни напори не би вродиле со плод дури и кога би живееле толку долго како Ное. Нивната љубов за душите мора да биде огнена, нивната ревност неуморна. Изнесувањето без убедливост и чувства никогаш нема да ги подигне луѓето и жените од мртвилото во коешто се наоѓаат. Со своите постапки, зборови и дела, проповедите и молитвите, тие треба да покажат дека веруваат дека Христос е на врата. Мажите и жените се наоѓаат во последните денови на времето на проба, а сепак се безбрижни и како да се мртви. Проповедниците немаат сила да ги разбудат; тие и самите спијат. Заспани проповедници проповедаат на заспан народ! {2T 337.2}

Проповедниците мора да извршат едно големо дело за нивното проповедање на вистината да биде крунисано со успех. Треба грижливо да ја проучуваат пред сè Божјата реч. Трудољубивото проучување на Библијата нема да го исклучи читањето на друга верска литература; но, ако Божјата реч се проучува во молитва ќе отпаднат сите оние работи кои го свртуваат вниманието од Библијата. Ако со интересирање ја проучуваме Божјата реч и ако се молиме да ја сфатиме, секој стих ќе ни открива нови убавини. Бог толку јасно ќе ни ги открива драгоцените вистини, така што умот ќе наоѓа искрено

задоволство и ќе има постојана гозба како што се откриваат утешните и возвишени вистини. {2T 337.3}

Посетата на домовите претставува битен дел од проповедничката работа. Тој треба да посвети внимание на секој член на семејството, без разлика на тоа дали ја исповеда вистината или не. Негова должност е да води сметка за духовната состојба на сите, и треба да биде толку близу до Бога за да може внимателно и мудро да советува, опоменува и укорува. Би требало да ја има Божјата благодат во своето срце и Божјата слава постојано во своите очи. Божјата реч строго забранува секаква лекомисленост и несериозност. Тој треба да зборува за небото; неговите зборови треба да бидат зачинети со благодат. Треба да го отфрли секое ласкање бидејќи тоа е сатанско дело. Бедни, слаби и паднати луѓе веќе имаат многу високо мислење за себе, па не им е потребна никаква помош во ова. Да се ласка на проповедниците не е на место. Ласкањето ја расипува душата и ја оддалечува од понизноста и од понизноста. Меѓутоа, мажите и жените уживаат во пофалбите и тоа честопати е случај и со проповедниците. Ласкањето годи на нивната суета, но за многумина се покажало како проклетство. Карањето е многу покорисно од ласкањето. {2T 338.1}

Не сите кои ја проповедаат вистината увидуваат секогаш дека нивното сведоштво и пример ја одлучува судбината на душите. Ако верно не го вршат овој свој повик, и ако станат немарни во својата работа, многу души ќе бидат загубени. Ако пак верно и пожртвувано ја вршат својата должност што Господ им ја доверил ќе станат средство за спасение за многумина. Некои дозволуваат безначајни, ништожни работи да ги одвратат од нивната задача. Лошиот пат, дождливото време и малите незгоди во домот за нив се доволна причина да ја напуштат работата за спасување на душите. И тоа обично се случува во најважниот дел од работата. Интересот е пробуден и душите се поттикнати, но сето ова се дозволува да пропадне, бидејќи проповедникот нашол некое попријатно и полесно поле за работа. Оние кои вака постапуваат јасно укажуваат дека не го примиле на себе товарот на делото. Тие сакаат овој товар да го носи самиот народ. Тие не сакаат да поднесуваат самооткажувања и тешкотии што му следува на секој вистински пастир. {2T 338.2}

Некои не се зафаќаат за работата така ревносно како што му бара важноста на делото. Тие не се посветуваат со ревност и сесрдност која би сведочела дека работат на дело кое мора да ја издржи проверката на судот. Тие во работата премногу се потпираат на својата сопствена сила. Не се потпираат на Бога и затоа постојано прават грешки и доживуваат неуспех во својата работа. Не му пружаат на Господа можност било што да стори за нив. Тие не чекорат според верата туку според она што го гледаат. Не сакаат да одат ниту побргу ниту подалеку од она што можат да го видат. По сè изгледа не сфаќаат дека нешто да се ризикува за вистината има дел во нивното верско искуство. {2T 339.1}

Некои излегуваат од своите домови за да го проповедаат евангелието, но постапуваат така како вистината за којашто зборуваат да не е за нив реалност. Нивната работа јасно покажува дека и самите не ја искусиле спасоносната сила на вистината. Кога не се зад проповедалната, тие се однесуваат како да не ја чувствуваат тежината на задачата. Нивната работа понекогаш како да вродува со плод, но многу почесто од неа нема никаква корист. Некои сметаат дека ги заслужиле платите коишто ги добиваат, иако нивната непосветеност на пример чини повеќе непријатности, бол и напор на оние

работници кои навистина го носат товарот на должноста, отколку сите нивни напори што направиле добро. Ваквите работници не се од корист. Но тие самите ќе ја сносат одговорноста за тоа. {2T 339.2}

Честопати се случува проповедниците да ги посетуваат само оние цркви и да го трошат своето време и сила таму каде што нивните напори не се од никаква корист. Честопати црквите се понапредни од проповедниците коишто работат во нив и би се наоѓале во многу подобра состојба ако тие проповедници не би ни работеле во нив, туку кога би ги препуштиле сами да се развиваат. Ваквите проповедници всушност ги рушат црквите кои настојуваат да се изградат. Тие постојано ја повторуваат теоријата на вистината, но таа не е пратена со живототворна Божја сила. Проповедниците стануваат немарни, па така ја заразуваат и црквата, така што луѓето губат интерес да работат на спасение на другите. На тој начин проповедниците со своето проповедање на пример ги заспиваат луѓето во телесна сигурност. Кога тие би си заминале од овие цркви во нови полиња на работа и би се потрудиле да подигнат нови цркви, би ја испробале новата способност и би виделе колку е тешко да се наведат душите да се одлучат за вистината. Дури тогаш би сфатиле колку мора да внимаваат нивниот пример и влијание да не обесхрабрува и да не ги заслабува оние на кои би им било потребно толку многу труд и молитви да ја примат вистината. „А секој да го испита своето дело, и тогаш сам во себе ќе има слава, а не во другиот”. {2T 340.1}

Црквите ги даваат на располагање своите парични средства за да помогнат на проповедниците во нивната работа. Што прават проповедниците за да ја заслужат таа дарежливост? Некои проповедници со месеци работат а, постигнуваат толку малку успех, што црквите стануваат обесхрабрени; тие гледаат дека ништо не е сторено души да се обраќаат кон вистината ниту членовите на црквата стануваат посрдечни кон Бога и Неговата вистина. Оние кои се занимаваат со свети работи мора целосно да се посветат на тоа дело. Тие треба да поседуваат несебичен интерес во тоа и треба да има огнена љубов за душите кои пропаѓаат. Ако не постапуваат така, тоа значи дека погрешно ја сфатиле својата должност и дека треба да престанат да ги проучуваат другите, бидејќи ќе нанесат повеќе штета отколку корист. Некои проповедници се фалат со својата работа, но не го хранат стадото така што тоа пропаѓа од глад. {2T 340.2}

Некои проповедници стравуваат од противења. Тие се плашат да одат на нови места бидејќи таму ќе наидат на темнина и судири. Тоа е кукавичлук. На луѓето мора да им се пријде таму каде што се наоѓаат. Потребно е да се пробудат, потребни им се практични и теориски поуки. Ним силно ќе им влијае учењето поткрепено со пример. {2T 341.1}

Верниот пастир нема да се грижи за сопствената удобност, туку ќе се залага за доброто на стадото. Тој во тоа големо дело ќе заборави на себе. Во потрагата по загубената овца нема да забележи дека е уморен, дека му е ладно и дека е гладен. Тој пред себе има само една цел: спасување на заталканите овци, па колку и да го чини тоа. Неговата плата нема да влијае на неговата работа ниту пак ќе го одвои од неговата должност. Нему небесното Величество му доверило една должност, и тој очекува награда кога ќе го заврши своето дело. {2T 341.2}

Оние коишто се посветуваат на наставничкиот повик, најнапред се приготвуваат за таа должност. Тие се оспособуваат во училиштата и го развиваат својот ум со учење. Ним не им се дозволува да ги подучуваат децата и младината сè додека не бидат во состојба

да го прават тоа како што треба. Пред да добијат место како учител тие мораат да полагаат испит пред надлежните лица. Просветувањето на младите умови и проучувањето на исправни науки е значајна работа. Но, колку е позначајна работата на проповедниците! Меѓутоа, многумина ја прифаќаат работата на придобивање мажи и жени за Христовата школа каде што ќе ги научат како се оформува небесен карактер иако и самите треба да бидат ученици. Некои проповедници не го чувствуваат товарот на делото. Тие немаат правилно гледиште за способностите коишто треба да ги поседува еден проповедник. Тие сметаат дека е потребно само малку да се проучи науката и Божјата реч за да може некој да стане проповедник. Некои кои ја проповедаат вистината не се запознаени со Библијата. Тие се толку неупатени во Библијата, така што им е тешко еден стих од Светото Писмо правилно да го наведат од сеќавање. Правејќи вака груби грешки, тие грешат кон Бога. Тие ја сакатат Библијата и наведуваат зборови коишто не се напишани во Светото Писмо. {2T 341.3}

Некои кој целиот свој живот биле водени според чувствата сметаат дека воспитанието или доброто познавање на Светото Писмо не е важно ако поседуваат Божји Дух. Но Бог никогаш не го праќа Својот Дух за да го одобри незнаењето. Господ жали и ги благословува оние кои немаат знаење бидејќи се во таква положба така што им е невозможно да го стекнат. И понекогаш во Својата милост нивната слабост ја претвора во сила. Меѓутоа, Тој на таквите им става должност да ја проучуваат Неговата реч. Недостатокот на познавање на науката не го оправдува запоставувањето од проучување на Библијата, бидејќи вдахновените зборови се толку јасни за да можат и неуките да ги разберат. {2T 342.1}

Од сите луѓе на земјата токму оние кои ракуваат со сериозните вистини во овие опасни времиња мораат да ја разберат Библијата и да се запознаат со доказите на верата. Ако не поседуваат знаење на зборовите на животот, немаат право да поучуваат други како треба да живеат. Проповедниците се должни да се трудат и да додадат на нивната „вера добродетел, на добродетелта знаење, на знаењето воздржување, на воздржувањето трпение, на трпението побожност, на побожноста братољубие, и на братољубието љубов". Некои луѓе стануваат проповедници иако едвај ги познаваат начелата на Христовата наука. Оние кои се амбасадори за Христа, кои Го застапуваат проколнувајќи ги душите да се помират со Бога, мора да бидат во состојба мудро да ја изложуваат нашата вера и во кротост и страв да ги изнесуваат причините на својата надеж. Христос рекол: „Прегледајте ги Писмата, бидејќи вие мислите дека во нив имате живот вечен; тие сведочат за Мене". {2T 342.2}

На проповедниците кои поучуваат непопуларна вистина ќе навалат луѓе кои ги поттикнува сатаната и коишто како и нивниот господар, лесно можат да го цитираат Светото Писмо. Зар Божјите слуги ќе бидат под сатанските слуги во познавањето на зборовите на Вдахновението? Тие мораат, како Христос, да одговорат со Светото Писмо на цитатите од Светото Писмо. О, кога оние кои ја проповедаат светата вистина би се разбудиле и кога, како благородните Веријанци, секој ден би го истражувале Светото Писмо! Браќа проповедници, ве проколнувам да го проучувате Светото Писмо, молејќи се понизно вашето срце да го сфати, за да можете што посовршено да ги подучувате другите на патот кон животот. Вашите совети, молитвите и вашиот пример мораат да

бидат животен мирис за живот; во спротивно вие не сте квалификувани на другите да им го покажувате патот кон животот. {2T 343.1}

Господарот од сите Свои слуги бара да ги усовршуваат способностите со кои ги надарил. Но колку повеќе ќе го бара тоа од оние кои тврдат дека го познаваат патот на животот и кои на себе ја преземаат одговорноста другите да ги водат по тој пат. Апостол Павле го советува Тимотеја: „Ти, сине мој, биди силен во благодатта на Исуса Христа; и она што го слушна од мене пред многу сведоци, тоа предај го на верните луѓе, кои ќе бидат способни и другите да ги научат". {2T 343.2}

Блескавите резултати кои во својата работа ги остварile избраните Христови ученици, биле последица на она што тие во себе ја носеле смртта на Господа Исуса. Некои од нив кои сведочеле за Христа биле неучени и прости луѓе, но благодатта и вистината владееле во нивните срца, вдахнувајќи и очистувајќи го нивниот живот, управувајќи со нивните постапки. Тие биле живи претставници на Христовиот ум и дух, живи посланија кои ги познавале и ги читале сите луѓе. Ги мразеле и ги прогонувале луѓе кои не сакале да ја примат проповеданата вистина и кои го презирале Христовиот крст. {2T 343.3}

Безбожниците нема да се противат на надворешната побожност, ниту на проповедта која не им го наметнува крстот. Телесното срце нема сериозно да се побуни против верата во која нема ништо од што би можел да затрепери прекршителот на законот и која не им ја предочува на срцето и на совеста страотната стварност на скорешниот суд. Меѓутоа, демонстрацијата на Божјиот Дух и Божјата сила предизвикува противење и го наведува телесното срце на бунт. Вистината која спасува не само што мора да доаѓа од Бога, туку и Божјиот Дух мора да учествува во пренесување на вистината на другите; во спротивно таа ќе биде немоќна да ги совлада спротивставените влијанија. О, вистината нека слезе од устите на Божјите слуги со таква сила која ќе го пронајде својот пат до срцата на народот! {2T 344.1}

Проповедниците мораат да бидат надарени со сила одозгора. Кога силата во својата едноставност би била како што е во Исуса, се спротивстави на духот на овој свет, осудувајќи ги нивните задоволства и изопачувачките работи, тогаш јасно ќе се види дека Христос нема ништо заедничко со Велијар. Телесното срце не го разбира она што е од Божјиот Дух. Еден непосветен проповедник, кој рамнодушно ја изложува вистината и во чија душа не допрела вистината која ја изнесува на другите, само може да нанесе штета. Тој со секој свој чин го спушта знамето сè пониско и пониско. {2T 344.2}

Себичните цели мора да бидат потиснати со сериозни напори со цел за спасување на души. Некои проповедници работеле не заради тоа што не се осмелувале да постапат поразлично, не само поради тоа што чувствувале дека тешко ним ако не проповедаат, туку заради платата којашто ќе ја добијат. Ангелот рече: „Кој е тој меѓу вас којшто ќе ја затвори вратата за да не се пали напразно оган на Мојот жртвеник? Не сте ми мили вели Господ над војските, и не сакам да примам дар од вашите раце". {2T 344.3}

Целосно е погрешно да се наплати секоја услуга што е направена заради Господа. Господовата благајна ја исцрпуваат таквите кои само нанесуваат штета на Божјото дело. Ако проповедниците целосно се посветат на Божјото дело и ги вложат сите свои сили во напредокот на Неговото дело, нема да трпат немаштија. Во поглед на земските добра, тие поседуваат повеќе отколку нивниот Господ и повеќе од Неговите избрани ученици

кои Тој ги пратил да ги спасуваат луѓето од пропаст. Луѓето Го презреле и отфрлиле нашиот голем Пример, Кој бил блесок на славата на Својот Татко. Го навредувале и Го клеветеле. Неговите избрани ученици биле жив пример на животот и духот на нивниот Господар; биле почестени со удари и со заробеништво и на крај својата служба ја запечатиле со сопствената крв. {2T 345.1}

Кога проповедниците толку би се залагале во делото и би го љубеле како дел од своето битие, дури тогаш ќе можат да речам: „Кој ќе нè раздвои од Божјата љубов? Дали неволјата или тагата? Или прогонството? Или гладта? Или голотијата? Или стравот? Или мечот? Како што стои напишано: за тебе нè убиваат постојано; нè држат како овци кои што се за колење. Но во сето ова ние сме повеќе од победници заради Оној Кој нè возљуби. Затоа што знам сигурно дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни силите, ни сегашните ниту идните, ниту висината, ниту длабината, ниту било кое друго нешто може да не раздвои од Божјата љубов, која е во Христа Исуса, нашиот Господ". {2T 345.2}

„Оние, кои се меѓу вас старешини, ги молам јас, кој и самиот сум старешина, и сведок на Христовите страдања и соучесник во славата, што ќе се открие: пасете го Божјото стадо што го имате, надгледувајќи го не присилно, туку доброволно; не заради срамна печалба, туку од сè срце. И не како да управувате со народот, туку давајќи му пример на стадото. А кога ќе се јави Пастироначалникот, ќе добиете венец на слава што никогаш не свенува". {2T 345.3}

---

51. ВАЛКАЊЕ НА МОРАЛОТ

Ми беше покажано дека живееме среде опасноста на последните денови. Бидејќи беззаконието се намножило, љубовта кај многумина е оладена. Зборот „мнозина" се однесува на оние кои тврдат дека се Христови следбеници. И нив ги зафатила општа расипаност и тие се одвојуваат од Бога. Меѓутоа, не мора да биде така. Причината за овој пад е тоа што не се зачувале себеси чисти од расипаноста. Фактот дека нивната љубов кон Бога се намалува додека беззаконието се намножува, покажува дека тие во извесна смисла учествуваат во него, инаку тоа не би влијаело на нивната љубов кон Бога и на нивната сесрдност и залагање за Неговото дело. {2T 346.1}

Ми беше покажана страшна слика за состојбата во светот. Насекаде владее неморал. Развратот е особен грев на овој век. Никогаш гревот толку дрско не ја подигал својата изопачена глава како денес. Луѓето изгледа како да се отапени и оние кои ги љубат позитивните особини особено се обесхрабрени од дрскоста, силата и превласта на гревот. Расипаноста не е ограничена само на неверниците и на исмевачите. Би сакала да е тоа така, но не е. Грешат многу мажи и жени коишто ја исповедаат Христовата вера. Дури и мнозина кои тврдат дека го очекуваат Христовото доаѓање, за тој настан не се поподготвени од сатаната. Тие не се измиваат себеси од сета нечистотија. Тие толку многу им угодувале на своите желби, што им е природно нивните мисли да бидат нечисти а нивната фантазија расипана. Невозможно е да се наведе нивниот ум да

размислува за чистите и свети нешта, како што е невозможно водите од Нијагара да се вратат назад низ водопадот. {2T 346.2}

Младината и децата од обата пола го валкаат својот морал и тој одреден грев ги упропастува душата и телото. Мнозина кои тврдат дека се христијани толку отапеле, што нивните морални чувства не можат да се разбудат. Тие не сфаќаат дека тоа е грев и дека ако продолжат така, целосно ќе го упропастат духот и телото. Човекот, најблагородното битие на земјата, создадено според Божјото обличје се претвора во животно! Тој станува прост и изопачен. Секој христијанин мора да научи да ги воздржува своите страсти и да се раководи според начелата. А ако не прави така, не е достоен да се нарече христијанин. {2T 347.1}

Но, некои коишто ја исповедаат верата не го увидуваат гревот на самозадоволување и неговите последици. Старата навика го заслепела нивниот разум. Тие не ја увидуваат крајната грешност на тој понижувачки чин кој го раздразнува нервниот систем и ја уништува силата на нивниот ум. Моралното начело е многу слабо кога се спротивставува во една воспоставена навика. Свечените пораки од небото не влијаат на срцето кое не е засилено против тој понижувачки грев. Чувствителните нерви на мозокот ја губат свежината како последица од болната надразба за да се задоволи една неприродна телесна желба. Мозочните нерви, кои се поврзани со целиот нервен систем, претставуваат единствен посредник преку кој небото општи со човекот и преку кој влијае на неговиот внатрешен живот. Сè она што смета на токот на електричното струење на нервниот систем, ги смалува животните сили и последица на тоа е губиток на чувствителноста на духот. Со оглед на сите овие факти колку е значајно проповедниците и сите што исповедаат побожност да бидат чисти и неизвалкани од тој понижувачки грев! {2T 347.2}

Мојата душа ја опфати страв кога ми беше покажано во каква слаба состојба се наоѓа Божјиот народ. Беззаконието се намножило и кај мнозина љубовта се оладила. Малкумина се христијани кои тоа прашање го гледаат во вистинска светлина и кои се однесуваат како што треба дури и кога јавното мислење и воспоставените обичаи не го осудуваат погрешното. Колку се малку оние кои ги задржуваат своите страсти, сфаќајќи дека тоа значи морална обврска и затоа што Божјиот страв им е во душата! Желбите и расипаните страсти ги поробиле возвишените човекови особини. {2T 347.3}

Некои признаваат дека таа страст е грешна, но имаат изговор со својата неспособност да ја победат. Тоа е стравотно признание за секој кој го спомнува Христовото име. „Да отстапи од неправдата секој кој го споменува името Господово”. Од каде е таа слабост? Од таму што животинските нагони со употреба толку зајакнале, што ги надвладеале возвишените сили. Мажите и жените немаат начела. Тие духовно умираат, бидејќи толку долго ги потхранувале своите телесни нагони, што речиси исчезнала нивната моќ на самосовладување. Ниските страсти на нивната природа ги земале уздите во свои раце и доблеста која што треба да владее станала робинка на расипаните страсти. Душата се наоѓа во најниски пранги. Телесните страсти ја поттиснале желбата за светост и го оневозможиле духовниот просперитет. {2T 348.1}

Мојата душа плаче по младината која го обликува својот карактер во овој изопачен век. Јас исто така треперам и за нивните родители, бидејќи ми беше покажано дека тие, општо земено, не ја сфаќаат својата обврска да ги упатуваат своите деца по оној пат по

кој треба да одат. Тие ги држат обичаите и модата и децата бргу се навикнуваат да се поведат според нив и стануваат расипани, додека нивните негрижливи родители се отапени и не ја сфаќаат опасноста во која се наоѓаат. Малкумина млади се без изопачени навики. Им се дозволува да избегнуваат физичка работа од страв да не се преморат. Родителите самите ги носат товарите кои би требало да ги понесат нивните деца. Во работата не треба да се претерува, меѓутоа повеќе треба да се стравува од последиците на мрзливоста. Мрзливоста води кон задоволување на расипаните навики. Работливоста не заморува и не исцрпува ниту за педа толку колку што заморува и исцрпува погибелната навика на самозадоволување. Доколку нормалната работа ги исцрпува вашите деца, бидете уверени, родители, дека нешто друго освен работата го раздразнува нивниот нервен систем и создава чувство на постојан замор. Дајте им на вашите деца да работат физички и така ќе ги зајакнат своите нерви и мускули. Заморот кој го предизвикува ваквата работа ќе ја ослаби нивната склоност кон лошите навики. {2T 348.2}

Ми беа изнесени многу случаи и кога го согледав внатрешниот живот на тие луѓе мојата душа се исполни со болка и негодување заради расипаноста на човечките суштества кои ја исповедаат побожноста и зборуваат за вознесување на небото. Честопати се прашував: Кому можам да му верувам? Кој е чист од беззаконието? {2T 349.1}

Мојот сопруг и јас присуствувавме на еден состанок на кој ни беше изнесен случајот на еден брат кој боледуваше од белите дробови. Беше блед и слаб. Тој бараше Божјиот народ да се моли за него. Рече дека неговото семејство е болно и дека загубил едно дете. Возбудено зборуваше за својата несреќа. Рече дека некое време чекал да се види со братот и сестра Вајт. Тој верувал дека би бил излечен кога тие би се помолиле за него. По завршеното богослужение, браќата ни обрнаа внимание на него. Ни рекоа дека црквата им помага, дека неговата жена е болна и дека детето им умрело. Браќата се собирале во неговата куќа и се молеле заедно за несреќното семејство. Ние бевме многу уморни, бидејќи нопорно работевме за сето време на состанокот и сакавме да си одиме. {2T 349.2}

Одлучив да не се молам за никого, освен ако тоа не ми го нареди Господовиот Дух. Ми беше покажано дека има толкава расипаност дури и помеѓу адвентистите на седмиот ден, што не сакав да се молам за оние чијшто поранешен живот не го познавав доволно. Ги изнесов своите причини. Браќата ми одговорија дека, колку што ним им е познато, овој брат бил вреден за внимание. Разменив неколку зборови со тој брат кој предложи да се молиме за негово оздравување но несе чувствував орна за молитва. Тој плачеше и зборуваше дека нѐ чекал да дојдеме, дека е убеден дека би оздравел кога би се помолиле за него. Ние му рековме дека не го познаваме неговиот живот и дека би ни било помило кога за него би се помолиле оние кои го познаваат. Меѓутоа, тој толку навалуваше на нас, така што одлучивме да го разгледаме неговиот случај и да го изнесеме пред Господа таа ноќ па, ако ни се укаже чист пат, да удоволиме на неговата молба. {2T 349.3}Таа ноќ се поклонивме во молитва и го изнесовме неговиот случај пред Господа. Се обративме кон Бога за да ја осознаеме Неговата волја за овој случај и сакавме Него да го прославиме. Дали Господ сака да се молиме за него? Го изнесовме својот товар пред Господа и отидовме на почивка. Во сон ми беше изнесен случајот на

тој човек. Ми беше покажан неговиот живот уште од детството, а и тоа дека Господ нас не би не услишил кога би се молеле за него, бидејќи бил расипан во срцето. Идното утро дојде овој човек да се молиме за него. Го повикавме на страна и му кажавме дека ни е жал, но мораме да го одбиеме неговото барање. Јас му го раскажав мојот сон и тој призна дека сето тоа е вистина. Се злоупотребувал самиот себеси уште од детството и продолжил тоа да го прави и дури после својата женидба, но рече дека ќе настојува да се одвикне од тоа. {2T 350.1}

Овој човек морал да победи една своја долгогодишна навика. Беше во средни години. Неговите морални начела биле толку слаби, што не одолеале при судирот со оваа навика. Ниските страсти однеле победа над вишите особини. Го прашав што мисли за здравствената реформа. Тој рече дека не би можел да живее онака како што таа налага. Неговата жена би го фрлила грахамовиот леб низ прозорец кога тој би го донел дома. Ова семејство го помагала црквата. Браќата исто така се молеле за него. Нивното дете умрело, жената била болна, а мажот и таткото сакал да ни го изложи својот случај за да го откриеме на чистиот и свет Бог, за да може тој да направи чудо и да го излечи. Овој човек имал целосно поматено сфаќање за моралот. {2T 350.2}

Ако младите луѓе се оддадат на лошите обичаи додека нивниот дух е сè уште нежен, никогаш нема да стекнат сила правилно да ги развиваат своите телесни, духовни и морални доблести. Овде е во прашање човек кој секој ден се унижувал себеси, а сепак имал смелост да се приближи кон Бога и да го моли да му подари сила којашто толку злосторнички ја расипувал и која, кога би му се вратила, повторно би ја злоупотребил за свое задоволство. Колку е Бог трпелив! Кога би постапувал со човекот според неговите изопачени патишта, кој би можел да живее во Неговите очи? Дали Бог би ја услишил нашата молитва ако не бевме толку внимателни и не го изнесевме пред Него случајот на овој човек кој живеел во беззаконие? Дали тој би одговорил на неа? „Зошто ти си Бог кој не сака беззаконија; за злиот нема место кај Тебе: безбожниците нема да опстојат пред Твоите очи; ти ги мразиш сите што вршат неправда". „Да негував беззаконие во срцето мое, Господ немаше да ме услиши". {2T 351.1}

Овој случај не е осамен. Дури ниту брачниот однос не бил во состојба да го сочува овој човек од лошите навики од неговата младост. Би сакала да ме убедат дека ваквите случаи се ретки, но јас знам дека се чести. Родителите кои се оддаваат на лошите страсти, раѓаат безвредни деца. Што друго може да се очекува од тие деца, освен да паднат уште подлабоко од своите родители? Што може да се очекува од генерациите кои раснат? Илјадници немаат никакви морални начела. Тие ги пренесуваат на своето потомство своите бедни, понижувачки страсти. Какво наследство! Илјадници се влечат низ животот без никакви начела, валкајќи ги своите ближни и овековечувајќи ги своите ниски страсти кои ги пренесуваат на своите деца. Тие се одговорни што на своите деца втиснале печат на сопствениот карактер. {2T 351.2}

Повторно се враќам на христијаните. Кога сите оние кои тврдат дека се покоруваат на Божјиот закон би биле слободни од беззаконијата, би ѝ олеснило на мојата душа; но, не е така. Дури и некои кои тврдат дека се придржуваат кон светите Божји заповеди носат вина за прељуба. Што би можела да речам за да ги разбудам нивните затапени чувства? Строгото покорување на начелата на моралот е единствената заштита на душата. Ако некогаш дошло време исхраната да биде што поедноставна, тогаш тоа

време е денес. Месото не смее да се изнесува пред нашите деца. Месото надразнува и ги засилува ниските страсти и ги умртвува моралните сили. Житарките и овошјето приготвени без масти, и ако е можно во што поприродна состојба треба да бидат храна на трпезата на сите оние кои тврдат дека се подготвуваат за вознесување на небото. Колку е поедноставна исхраната, толку полесно можат да ги совладаат страстите. Вкусот не смее да се задоволува на штета на телесното, умното и морално здравје. {2T 352.1}

Задоволувањето на ниските страсти ќе ги наведе многумина да ги затворат очите пред светлината, бидејќи ќе се плашат да го видат гревот од кој не сакаат да се откажат. Сите можат да видат само ако сакаат. Ако попрво ја изберат темнината отколку светлината, вината нивна нема да биде помала. Зошто мажите и жените не сакаат да читаат и да ги сфатат работите кои се од такво битно влијание за нивните телесни, умствен и морални сили? Бог ви дал живеалиште за кое треба да се грижите и да го сочувате во најдобра состојба за да Му служите и да Го славите. Вашите тела не се ваша сопственост! „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји". „Не знаете ли вие дека сте храм Божји и дека Божјиот дух живее во вас? Ако некој го разори Божјиот храм, него Бог ќе го разори; затоа што Божјиот храм е свет, а тоа сте вие". {2T 352.2}

Број осумнаесет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

———————

52. ХРИСТИЈАНСКА УМЕРЕНОСТ

„Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух кој живее во вас, кој го имате од Бога и дека не сте свои? Зашто скапо сте купени; затоа прославете Го Бога во своите тела и души, кои се Божји" (1. Коринтјаните 6:19-20). {2T 354.1}

Ние не сме свои. Ние сме купени скапо, со страдањата и смртта на Божјиот Син. Кога тоа би можеле да го разбереме и во целост да го согледаме, би чувствувале голема одговорност која лежи на нас, за да се одржиме во најдобро здравје и нашата служба на Бога да може да биде совршена. Меѓутоа, ако со својот начин на живот ја трошиме животната енергија, ги намалуваме своите сили или го затапуваме својот ум, тоа е грев кон Бога. Со таквиот живот не Го прославуваме Бога во своето тело и дух туку правиме големо зло во Неговите очи. {2T 354.2}

Зар Исус не се жртвувал поради нас? Зар не е платена огромна цена за наше откупување? И зар тогаш не е точно дека не сме свои? Зар не е вистина дека сите сили на нашето битие, нашето тело, нашиот дух, сè што имаме и што сме, му припаѓа на Бога? Секако дека е вистина. И кога ќе го сфатиме тоа, тогаш увидуваме дека сме обврзани пред Бога да се чуваме себеси во таква состојба за да можеме да го славиме на земјата во нашето тело и во нашиот дух кои се Негови. {2T 354.3}

Ние веруваме без никакво сомнение дека Исус наскоро ќе дојде. Тоа за нас не е бајка, тоа е реалност. Ние не се сомневаме, ниту сме се сомневале, дека науката која денес ја исповедаме е сегашна вистина и дека ние се ближиме кон страшниот суд. Ние се подготвуваме да го дочекаме Оној Кој во придружба на светите ангели ќе се појави на небесните облаци за да им подари бесмртност на праведните и верните. Кога ќе дојде, Тој нема да нè чисти од гревот, да ги отстранува недостатоците на нашиот карактер ниту ќе нè лекува од нашите слабости и склоности. Ако воопшто тоа дело се изврши за нас, тоа ќе биде завршено пред тоа. Кога Господ ќе дојде, оние кои се свети ќе останат свети. Оние кои го сочувале своето тело и својот дух во светост, ќе добијат бесмртност. Но оние кои се неправедни, непосветени и валкани, ќе останат такви засекогаш. Тогаш ништо немора сега да се изврши за нас. {2T 355.1}

Ние ја прифаќаме Божјата вистина такви какви што сме, со различни особини и кога ќе паднеме под влијание на таа вистина, таа за нас ќе го изврши делото кое е потребно за морално да се подготвиме за царството на славата и друштвото на светите ангели. Ние сега се наоѓаме во Божјата работилница. Многумина меѓу нас се груби камења од каменолом. Меѓутоа, кога ќе ја прифатиме вистината, таа влијае на нас. Таа нè издигнува и ја отстранува од нас секоја несовршеност и грев, какви и да се. Така ќе се подготвиме да го здогледаме Царот во сета Негова убавина и конечно да се обединиме со чистите и небесни ангели во царството на славата. Овде тоа дело мора да се изврши за нас; овде нашето тело и дух мораат да се подготват за бесмртност. {2T 355.2}

Ние се наоѓаме во свет кој се спротивставува на правдата и чистотата на карактерот и на растењето во благодатта. Каде и да погледнеме гледаме расипаност и сквернавење, изопаченост и грев. Во што тогаш се состои работата која овде треба да ја извршиме пред да добиеме бесмртност? Се состои во тоа да го одржиме нашето тело свето, нашиот дух чист, за да останеме неизвалкани од расипаноста која владее секаде околу нас во овие последни денови. А за да го извршиме тоа дело, мораме веднаш да се нафатиме за работа, сесрдно и мудро. Себичноста не треба да влијае на нас. Божјиот Дух мора во потполност да завладее со нас, делувајќи на сите наши постапки. Ако исправно се држиме за небото, ако цврсто се држиме за силата која доаѓа одозгора, тогаш ќе го почувствуваме посветувачкото влијание на Божјиот Дух на нашите срца. {2T 356.1}

Кога се трудевме да ја изложиме здравствена реформа на нашите браќа и сестри и кога им зборувавме за важноста на она што го јадеме и пиеме и за тоа дека сè треба да се прави на Божја слава, многумина со своето постапување зборуваа: „Никого не треба да му биде грижа што јадам и што пијам. Што и да правиме, сами ќе ги сносиме последиците”. Драги пријатели, вие сте во голема заблуда. Вие не сте единствени жртви на погрешниот начин на живот. Средината во која се движиме, ги сноси, исто како и вие, последиците на вашите грешки. Ако страдате поради својата неумереност во јадењето и пиењето, вашите слабости нè погодуваат и нас кои се наоѓаме околу вас. Ние мораме да страдаме поради вашиот лош начин на живеење. Ако тоа ги намалува вашите духовни и телесни сили, ние го чувствуваме тоа кога сме во вашето друштво и тоа нè погодува. Ако вашиот дух е мрачен, наместо да биде ведар, вие фрлате сенка на сите души околу вас. Ако ние сме тажни и нерасположени или ако се наоѓаме во неволја, вие можете, ако сте здрави и ако имате бистар ум, да ни укажете на излезот од таквата

состојба и да ни кажете некој охрабрувачки збор. Но вашиот лош начин на живот толку го затапел вашиот мозок, што не сте во состојба да ни дадете добар совет. Зар тоа не ни нанесува штета и нам? Зар вашето влијание сериозно не нѐ погодува? Ние можеме да имаме доверба во нашиот сопствен суд, а сепак да сакаме мудар совет, бидејќи „во мноштво советници е сигурноста". Ние копнееме нашиот живот да изгледа доследен за оние кои ги љубиме и ние сакаме да бараме нивен совет и сакаме тие да бидат во состојба да ни го дадат тој совет со бистар ум. Меѓутоа, како можеме да бараме ваш совет, ако вашиот мозок е до крајност оптоварен, ако неговата животна сила е посветена на варење на несоодветна храна која сте ја ставиле во вашиот желудник или дури здрава храна која сте ја земале во прекумерни количини? Како можеме да бараме совет од такви лица? Таквите лица гледаат преку маса несварена храна. Според тоа и нас нѐ погодува вашиот начин на живот. Ако вашиот начин на живот е лош, невозможно е да се спречи и други да не страдаат поради тоа. {2T 356.2}

„Не знаете ли дека оние што трчаат, сите трчаат, а само еден добива? Така трчајте за да добиете. Секој кој се бори, се воздржува од сѐ: тие трчаат за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив. Јас така трчам и го измачувам своето тело и се трудам проповедајќи им на другите и сам да не бидам исфрлен". Оние кои трчале трка за да добијат венец, кој е сметан за посебна почест, во сѐ биле умерени како нивните мускули, мозок и секој нивен дел би биле во најдобра состојба за трка. Да не биле умерени во сѐ, не би ја имале онаа еластичност која се барала од нив. Ако биле умерени, би можеле поуспешно да трчаат во трката, би можеле да бидат посигурни дека ќе добијат венец. {2T 357.1}

Меѓутоа, покрај сета нивна умереност - сите нивни напори да се подложат на грижлива исхрана за да се одржат во најдобра состојба - оние кои трчаат земска трка трчаат на несигурно. Тие можат да направат сѐ што е во нивна моќ, а сепак да не добијат знак на почест, бидејќи некој друг може да се најде малку пред нив и да ја добие наградата. Само еден добива награда. Меѓутоа, во небесната трка можеме сите да трчаме и сите да добиеме награда. Тука нема неизвесност, нема опасност. Мораме да се облечеме во небесни доблести и со погледи насочени на венецот на бесмртност, секогаш пред очите да го имаме нашиот Пример. Тој бил изложен на страдања и неволјите не му биле непознати. Никогаш не смееме да го загубиме од вид понизниот живот полн со самооткажување на нашиот Господ. И тогаш, настојувајќи да се угледаме на Него, вперувајќи го погледот на наградата, можеме да ја трчаме таа трка со неизвесност, со уверување дека сигурно ќе добиеме награда ако го направиме најдоброто што можеме. {2T 358.1}

Луѓето се подложуваат на самооткажување и дисциплина за да добијат распадлив венец, венец кој ќе овене за еден ден и кој е знак на честа добиена од смртникот. Меѓутоа, ние треба да трчаме трка на чиј крај се наоѓа венецот на бесмртноста и вечниот живот. Да, далеку поголема и вечна слава ќе ни биде подарена како награда за трката. „А ние," вели апостолот, „нераспадлив". И кога оние кои овде на земјата трчаат за земски венец можат да бидат умерени во сѐ, зашто не би можеле и ние, кои имаме како награда нераспадлив венец, вечна слава и живот кој може да се мери со Божјиот живот? Кога веќе го поседуваме тој голем поттик, зар не можеме „со трпение да ја трчаме трката која е пред нас, гледајќи на Авторот и Свршителот на нашата вера?" Тој ни укажал на

патот и го обележал со Своите стапки. Тоа е патека по која одел Тој; и ние можеме, заедно со Него, да го искусиме самооткажувањето и страдањето, одејќи по таа патека натопена со Неговата крв. {2T 358.2}

„Јас, пак, така трчам, но не како без цел; не се борам како оној што удира по ветар, туку го совладувам и го потчинувам своето тело". Тоа дело треба да го изврши секој маж, секоја жена и секое дете. Сатаната постојано се труди да завладее со вашето тело и со вашиот дух. Но Христос ве купил и вие сте Негова своина. И сега е на вас да работите заедно со Христа, заедно со светите ангели кои ви служат. На вас е да го совладувате своето тело и да го потчинувате. Ако не го направите тоа, извесно е дека ќе го загубите вечниот живот и венецот на бесмртност. Сепак некои зборуваат: „Чија работа е тоа што јас јадам или пијам?" Ви изложив како тоа влијае на животот на другите. Видовте дека тоа во голема мера е поврзано со влијанието кое го вршите во своето семејство. Тоа е од големо значење за обликувањето на карактерот на вашите деца. {2T 359.1}

Веќе спомнав дека живееме во век на изопаченост. Ова е време кога сатаната изгледа како потполно да владее со умовите кои не се целосно посветени на Бога. Според тоа, голема одговорност лежи на родителите и старателите на кои им е доверено воспитувањето на децата. Родителите преземаат одговорност, давајќи им живот на децата; и што е сега нивна должност? Зар да ги пуштат да израснат според сопствена волја? Морам да ви кажам дека голема одговорност почива на тие родители. „Ако јадете, пиете, или што друго и да правите, сè правете на Божја слава". Дали постапувате така кога подготвувате храна за својата трпеза и го повикувате семејството на ручек? Дали на децата им ја давате само онаа храна за која знаете дека ќе создаде најдобра крв? Дали тоа е храна која ќе го сочува нивното здравје во најповолна состојба? Дали тоа е храна која најдобро ќе им помогне да го одржат животот и здравјето? Се трудите ли таквата храна да ја изнесете пред своите деца? Или без обзир на нивното идно добро, им давате нездрава раздразнувачка храна? {2T 359.2}

Дозволете да ви кажам дека децата се родени со склоност кон зло. Со нив како да владее сатаната. Тој ги зема во свои раце нивните млади умови и ги изопачува. Зошто татковците и мајките така постапуваат како да се исцрпени? Тие и не претчувствуваат дека сатаната сее зло семе во нивното семејство? Тие се до крајност заслепени, безгрижни и лесноумни во тие прашања. Зошто не се разбудат, не читаат и не ги проучуваат тие предмети? Апостолот вели: „Додадете кон својата вера доблест, а кон доблеста знаење, а кон знаењето воздржување, а кон воздржувањето трпение" итн. Во ова дело треба да учествуваат сите кои тврдат дека се Христови следбеници; тоа треба да се базира на планот на додавање. {2T 360.1}

Ми се отвораше поглавје по поглавје. Би можела да укажам на многу семејства и домови чии деца се пеколно расипани. Некои од нив тврдат дека се Христови следбеници, а вие, нивните родители, сте рамнодушни како да ве погодила некоја болест. {2T 360.2}

Кажав дека некои меѓу вас се себични. Не разбравте што мислев притоа. Вие размислувавте која храна е највкусна. Централно место заземаа вкусот и задоволството, наместо Божјата слава и желбата да се напредува во божествениот живот и да се усовршува светост во Божји страв. Се поведувавте по задоволството и вкусот. И додека

така постапувавте, сатаната доби превласт над вас и ги попречи вашите напори. {2T 360.3}

Татковци, некои од вас ги водеа своите деца на лекар за да утврдат што е со нив. Јас за две минути би можела да кажам во што е работата. Вашите деца се расипани. Со нив завладеал сатаната. Тој поминал покрај вас додека вие, кои моравте да ги чувате, удобно спиевте како опиени. Бог ви наредил да ги подигате децата во Господов страв и наука. Но сатаната поминал покрај вас и исткал околу нив силни мрежи, а вие сè уште спиете. Небото нека се сожали над вас и вашите деца, бидејќи секому од вас му е потребна Неговата сомилост. Ако се одлучевте за здравствената реформа, ако кон својата вера додадете доблест, кон доблеста знаење, а кон знаењето воздржување, работите би стоеле поинаку. Но вие само делумно бевте свесни за беззаконието и расипаноста во сопствениот дом. Малку прогледавте, а потоа повторно се предадовте на сонот. Мислите ли дека ангелите можат да влезат во вашите домови? Мислите ли дека вашите деца можат да го почувствуваат светото влијание додека такви работи се наоѓаат меѓу вас? Можам да укажам на многу семејства кои се речиси потполно под сатанска власт. Знам дека сето тоа е вистина и сакам луѓето да се пробудат пред да биде засекогаш доцна и пред крвта на душите, дури и крвта на нивните сопствени деца, да ја извалка нивната облека. {2T 361.1}

Умот на тие деца толку ослабна, така што тие поседуваат само една половина или една третина од разумот кој би можеле да го поседуваат ако биле доблесни и чисти. Тие го расеале тоа, оддавајќи се на само злоставување. И во црквата насекаде се забележува расипаност. Понекогаш се слушаат песни или се приредува некаков собир поради задоволство. Секогаш кога ќе го слушнам тоа, чувствувам како да сакам да се облечам во вреќиште. „О, главата моја да беше вода, а очите мои солзни извори!" „Поштеди го Својот народ, Господе". Очајна сум. Страдањата на мојата душа се толкави што не можам да ви опишам. Вие спиете. Ќе можат ли молњите и грмотевиците од Синајската гора да ја разбудат оваа црква? Ќе ве разбудат ли и вас, татковци и мајки, да му пристапите на делото на реформа во својот сопствен дом? Вие морате да ги поучувате своите деца. Морате да ги учите како да се чуваат од пороците и расипаноста на овој век. Наместо тоа, многумина размислуваат за тоа како да изедат нешто добро. На својата трпеза ставате путер, јајца и месо и вашите деца го јадат тоа. Тие ја јадат онаа иста храна која ги поттикнува нивните животински страсти, а потоа доаѓате на состанок и барате од Бога да ги благослови и спаси вашите деца. Колку високо достигаат вашите молитви? Прво морате да ја извршите својата задача. Дури кога ќе направите сè за своите деца што Бог ви дал како должност, ќе можете со доверба да ја побарате помошта која Бог ви ја ветил. {2T 362.2}

Треба да настојувате да бидете умерени во сè. Треба да бидете умерени и во јадењето и во пиењето. Меѓутоа, вие велите: „Никого да не му е грижа што јадам и пијам и што изнесувам на својата трпеза". Тоа сепак го загрижува некого, освен ако не ги затворите своите деца или пак отидете во дивина каде што нема да бидат на товар на другите и каде што вашите непослушни и порочни деца нема да ги расипат децата со кои се дружат. {2T 362.1}

Многумина кои ја прифатиле здравствената реформа се откажале од многу штетни продукти, но дали тоа значи дека откако се откажале од тие работи, можат да јадат

колку што сакаат? Тие седнуваат на трпеза и наместо да мислат колку смеат да јадат, попуштаат на својата неумереност, јадат прекумерно и желудникот е принуден цел ден, сè до вечерта да се мачи со товарот кој му е наметнат. Сета храна која ја ставаме во желудникот, а од која нашиот организам не може да извлече состојки кои му се потребни, претставува оптоварување за работата на организмот. Тоа ја попречува животната машинерија. Целиот систем е оптоварен и не може со успех да ја извршува својата задача. Најважните органи се преоптоварени и нервната сила на мозокот е повикана да им помогне на органите за варење за да го сварат прекумерното количество кое не донесува никаква корист на организмот. {2T 362.2}

На тој начин се намалува силата на мозокот која мора да го помага желудникот да излезе на крај со непотребниот товар. И откако тој ќе ја заврши својата задача, какви се последиците од тоа непотребно трошење на животните сили? Имаме чувство на слабост и мака и ни се чини дека уште треба да јадеме. Тоа чувство доаѓа најчесто пред оброкот. Што е причина за тоа? Варењето на прекумерна храна го заморило нашиот организам кој е до таа мера исцрпен, така што човекот има чувство на слабост. Вие мислите дека желудникот вели: „Уште храна," додека тој е толку заморен што всушност вели: „Дај ми одмор". {2T 363.1}

На желудникот му е потребна храна за да ги собере своите исцрпени енергии за повторна работа. Меѓутоа, наместо да го пуштите да се одмора некое време, вие мислите дека му е потребно уште храна и така повторно го оптоварувате организмот не пружајќи му го потребниот одмор. Ова би можело да се спореди со човек кој работи во поле од рано утро додека не се измори. Напладне се враќа и вели дека е уморен, исцрпен; но вие му велите повторно да оди на работа, бидејќи така ќе се одмори. Ете така постапувате вие со својот желудник. Тој е потполно исцрпен. Наместо да му дозволите да се одмори, вие му давате уште храна и со тоа им наметнувате на другите органи да му помогнат на желудникот во варење на храната. {2T 363.2}

Многумина од вас понекогаш почувствувале некоја опиеност во мозокот, и во такви случаи сметале дека треба да се остави секоја работа која бара било какво душевно или телесно напрегање додека не помине тој притисок на органите. Тогаш повторно доаѓа тоа чувство на слабост. Вие тогаш велите дека тоа значи дека треба уште да јаде и двојно го оптоварувате својот желудник. Дури и ако строго внимавате на тоа каква храна земате, дали Го прославувате Бога во своето тело и дух, кои се Негови, кога земате толкаво количество на храна? Оние кои стават големи количества храна во својот желудник и така го преоптоваруваат својот организам, нема да бидат во состојба правилно да ја сфатат вистината која им се изнесува. Тие нема да бидат во состојба да ги пробудат своите заматени умни сили и да го увидат значењето на службата на помирување и големината на жртвата која била дадена за паднатиот човек. За овие луѓе е невозможно да ја сфатат сета големина и драгоценоста на наградата која го очекува верниот победник. Никогаш не смееме да дозволиме животинскиот дел од нашата природа да владее со моралното и умното. {2T 363.3}

Какво влијание има тоа прекумерно внесување на храна на желудникот? Тој слабее, органите за варење ја губат својата сила и како последица доаѓа болест. Личностите кои и порано биле болни, само ја зголемуваат својата неволја и ги рушат животните сили секој ден. Тие луѓе непотребно ги трошат животните енергии на својот организам за да

излезат на крај со храната која ја натрупуваат во својот желудник. Колку е страшно да се наоѓа во таква состојба! Ние од искуство знаеме што значи лошото варење. Ги имавме во семејството и знаеме дека навистина треба да се стравува од тоа. Човекот кој станува целосно болен од диспепсија (лошо варење), тој е голем маченик и телесно и духовно, а се мачат и неговите пријатели, освен ако не се потполно бесчувствителни. А вие сепак зборувате: „Вас не треба да ви е грижа што јадам и како живеам". Зар не страда околината на оние кои страдаат од диспепсија? Само обидете се да направите нешто што не би им било по волја. Зар не стануваат премногу раздразливи? Тие се чувствуваат лошо и им се причинува дека нивните деца се многу лоши. Не се во состојба мирно да им се обратат ниту разумно да постапуваат во своите семејства, освен ако не примат посебна Божја благодат. Сите кои се наоѓаат околу нив, страдаат поради нивните болести; сите мораат да сносат последици од нивната неволја. Тие фрлаат темна сенка околу себе. Значи, зар на другите им е грижа што јадете и што пиете? Многу им е грижа. Затоа треба многу да внимавате за да останете во најдобро здравје, за да можете што подобро да Му служите на Бога и да ги вршите своите должности во општеството и во своето семејство. {2T 364.1}

Но дури и здравствените реформатори можат да згрешат во поглед на количеството на јадење. И тие можат да бидат неумерени, иако јадат здрава храна. Некои во овој дом грешат и во поглед на количеството на храна. Тие сметаат дека можат слободно да јадат сè што ќе посакаат и кога сакаат. На тој начин тие му штетат на својот организам. И не само тоа. Тие им штетат на своите семејства со тоа што ставаат на својата трпеза нездрава храна која ги зголемува животинските страсти кај децата и ги одвраќа нивните мисли од небото. Каква тешка казна ќе платат тие на крајот! А се чудат што нивните деца се толку слаби во морален поглед! {2T 365.1}

Родителите не им пружиле на своите деца вистинско воспитување. Тие често имаат исти мани кои се гледаат кај децата. Тие не се хранат онака како што треба и затоа силата на нивните нерви мора да му помага на желудникот. Затоа не им преостанува ниту малку енергија за развивање во други насоки. Не се во состојба да водат надзор над своите деца, бидејќи немаат трпение ниту се во состојба да ги поучат на правилен начин на живот. Понекогаш се груби и луто им делат шлаканици. Кажав дека со ќотек од детето истеруваме еден ѓавол, а втеруваме два. Ако некое дете е лошо, ќе биде уште полошо ако тоа биде затресено. Тоа нема да го потчини. Родителите не можат да владеат со себе ако не се чувствуваат добро, ако циркулацијата им е пореметена и кога нивниот нервен систем мора со сите свои сили постојано да ги совладува последиците на лошата храна или пак прекумерните количества на добра храна. Тие не се во состојба да го сфатат односот причина-последица. Со ова може да се објасни зашто тие со секоја своја постапка кон децата прават повеќе штета отколку корист. Изгледа дека тие не можат да ја сфатат врската помеѓу причината и последиците и затоа постапуваат како да се слепи. Тие се однесуваат како особено да го величаат Бога со тоа што постапуваат како дивјаци и што грубо и насилно ја исправаат секоја грешка која ќе се јави кај нивните деца. {2T 365.2}

Кои се нашите деца? Децата се само нашите помлади браќа и сестри во семејството кое Бог го признава за Свое. Ние имаме работа со членовите на Господовото семејство. И токму затоа што ни е доверена грижата за нив, мораме најсесрдно да се трудиме да

ги подигаме за Господа, така што можеме да кажеме кога ќе дојде Господарот: „Еве сме, Господи, ние и децата кои Ти ни ги даде нам". Ќе можеме ли тогаш да бидеме во состојба да кажеме: „Се трудевме да ја извршиме својата задача и тоа добро да ја извршиме"? {2T 366.1}

Видов дека многу мајки во семејството со многу деца не се во состојба да ги сфатат должностите кои се наоѓаат на нивниот пат, кои лежат токму пред нив во сопственото семејство. Тие сакале да бидат мисионери и да извршат некое големо дело. Гледале да дојдат на некоја повисока положба, а ги запоставиле своите домашни должности кои сам Господ им ги доверил. Колку е важно мозокот да биде чист! Колку е важно да се има неослабено тело со болести, за да можеме да ги извршиме оние должности кои небото ни ги доверило и тоа така што Господарот ќе може да каже: „Добро извршено, добар и верен слуго! Малку ми беше верен, над многу ќе те поставам; влези во радоста на својот Господар". Сестри мои, не ги презирајте вашите мали должности кои Господ ви ги доверил. Извршувајте ја секој ден својата должност, така што на денот на конечната пресметка нема да се посрамите кога ќе се најдете пред записот кој го напишал ангелот записничар. {2T 366.2}

Но што да кажеме за слабата исхрана? Спомнав дека и количеството и квалитетот на исхраната треба во целост да одговорат на барањата на законот на здравјето. Меѓутоа, не препорачуваме сиромашна исхрана. Видов дека многумина лошо ја разбираат здравствената реформа и земаат премногу слаба исхрана. Тие се хранат со продукти со слаб квалитет и лошо подготвени, не земајќи притоа во обѕир дека организмот треба да се одржи во живот. Многу е важно храната грижливо да се подготви за да му годи на организмот со неизопачен апетит. Никој не смее да дојде на мисла дека не е важно што јадеме затоа што од начело ја отфрламе употребата на месото, путерот, питите со месо, зачините и маста. {2T 367.1}

Има луѓе кои одат во крајност. Како да мораат да јадат толку и толку, таа и таа храна и се ограничуваат само на два-три вида. Тие дозволуваат само некои јадења да се изнесуваат пред нив и пред членовите на семејството. Земајќи малку храна и тоа со слаб квалитет, тие не внесуваат сè што е потребно за прикладно да се исхрани организмот. Слабата храна не може да се претвори во добра крв. Лошата исхрана ќе даде лоша крв. Ќе го спомнам случајот на сестра А. Овој случај ми беше покажан за да видам колку далеку може да се отиде во крајност. Покажани ми се два вида на луѓе. Едни се оние кои не живеат според светлината која Бог им ја подарил. Тие ѝ пришле на реформата затоа што други ја прифатиле. Сами не сфаќале за што станува збор. Има многу луѓе меѓу вас кои ја исповедаат вистината која сте ја примиле само затоа што други ја прифатиле, така што воопшто не можат да наведат причина зашто ја прифатиле. Тоа е причината за вашата голема слабост. Наместо да ги испитувате своите побуди во светлината на вечноста, наместо навистина да ги сфатите начелата според кои се раководите во животот, наместо да копате по дното и да градите за себе на вистински темел, вие чекорите во искрите кои други ги запалиле. Меѓутоа, и тука ќе доживеете неуспех исто како и во здравствената реформа. Но ако сте постапувале според начелата, ова не би се случило. {2T 367.2}

Некои луѓе не увидуваат дека треба да јадат и пијат на Божја слава. Задоволувањето на барањата се манифестира кај нив во сите животни ситуации. Тоа се забележува во

нивното семејство, во нивната црква, на состаноците за молитва, во однесувањето на нивните деца. Тоа било проклетството на нивниот живот. Не можете да ги поттикнете да ги сфатат вистините за овие последни денови. Бог великодушно се погрижил за животот и среќата на Своите созданија и кога луѓето не би ги кршеле Неговите закони и кога сите би живееле во согласност со божествената волја, на земјата би владееле здравје, мир и блаженство, а не беда и постојано зло. {2T 368.1}

Втората група на луѓе била многу строга во применување на начелата на здравствената реформа. Тие луѓе стојат тврдоглаво на својот став и претеруваат во сè. Една од таквите е и сестра А. Таа немаше во себе чувство на љубов и милосрдие како нашиот Господ. Единствено што сфати беше правдата. Таа одеше уште подалеку од Др. Трел. Нејзините пациенти морале да ја напуштат бидејќи не добивале доволно да јадат. Поради нејзината оскудна исхрана, нејзе ѝ ослабнала крвта. {2T 368.2}

Месото ја расипува крвта. Варете го месото со зачини, јадете колачи и ќе имате лоша крв. Нашиот организам мора да направи тежок напор за да ја совлада ваквата храна. Питите со месо и киселите краставички, кои никогаш не треба да се внесат во човечкиот желудник, ќе дадат сиромашен квалитет на крв. Слабата храна, неправилно подготвена, земена во недоволни количества не може да даде здрава крв. Месото и изобилната храна ќе доведат до исти последици како и премногу сиромашната исхрана. {2T 368.3}

Да преминеме сега на прашањето за шеќерот и млекото. Познавам луѓе кои здравствена реформа ги исплаши и кои изјавија дека нема да размислуваат за неа, бидејќи ја забранува употребата на овие продукти. При промената на начинот на исхрана треба да се биде многу внимателен и мудар. Ние сакаме да тргнеме по еден пат кој сам себе ќе се препорачува на разумните мажи и жени во оваа земја. Земањето на големи количества на млеко и шеќер во исто време е многу штетно. Со нив во организмот се внесуваат штетни состојки. Животните од кои се добива млеко не се секогаш здрави. Тие можат да бидат болни. Се случува кравата да изгледа многу здрава наутро, а да погине истата вечер. Значи дека уште наутро била болна и дека и нејзиното млеко било нездраво, а вие тоа не сте го знаеле. Животните се болни и нивното месо е исто така болно. Кога би можеле да знаеме дека животните се совршено здрави, јас на луѓето би им препорачала попрво да јадат месо отколку големи количества на млеко и шеќер. Тоа толку не би му наштетило на организмот колку млекото и шеќерот. Шеќерот го оптоварува организмот и ја попречува работата на животната машинерија. {2T 368.4}

Ќе изнесам еден случај кој се случи во областа Монткалм во Мичиген. Станува збор за еден благороден човек. Ме повикаа да го посетам, бидејќи беше болен. Прво разговарав со него за неговиот начин на живот. „Не ми се допаѓа изгледот на вашите очи," му реков. Тој земаше големи количества на шеќер. Го прашав зашто го прави тоа. Ми рече дека го оставил месото и потоа не знаел со што да го замени. Неговата исхрана не го задоволила од проста причина што неговата сопруга не знаела да готви. Своите ќерки, веќе готови за мажење, вие ги испраќате на колеџ за да студираат, пред да научат да готват; меѓутоа, готвењето е од првостепено значење. Таа жена не знаела да готви; не научила да подготвува здрава храна. Жената и мајката не била дорасната на своите должности во оваа важна работа и бидејќи исхраната била слаба, не можела да ги задоволи барањата на организмот, па семејството земало премногу шеќер, што довело до болест. Овој човек недолжно страдал поради лошо готвење. Кога дојдов кај овој

болен човек, се обидов да им објаснам како треба да живеат и тој набргу почна подобро да се чувствува. Но еднаш неразумно, сакаше да ја испита својата сила, иако не беше потполно закрепнат и изеде мало количество на лоша храна: повторно падна во постела. Овој пат му немаше помош. Целиот негов организам како да беше во распаѓање. Тој почина како жртва на лошото готвење. Тој се обиде таа лоша исхрана да ја надополни со шеќер и со тоа само ја влошуваше својата состојба. {2T 369.1}

Често седнувам зад трпезата на браќа и сестри и забележувам дека употребуваат големи количества на млеко и шеќер. Тоа го оптоварува телото, ги надразнува органите за варење и влијае на мозокот. Сè што го попречува правилното движење на животната машинерија непосредно влијае на мозокот. А јас видов, во светлината која ми е дадена, дека шеќерот, доколку се употребува во големи количества, е поштетен од месото. На промените во исхраната треба внимателно да се пристапи, за да не им нанесеме штета на оние кои сакаме да ги поучиме и да им помогнеме. {2T 370.1}

Нашите сестри често не знаат како треба да готват. На таквите сестри би им препорачала: Јас би отишла кај најдобрата готвачка која може да се најде во околината и би останала кај неа со седмици ако е потребно, додека не ја научам таа вештина и станам мудра и вешта готвачка. Јас би постапила така ако имам и четириесет години. Ваша должност е да знаете да готвите и ваша должност е да ги научите своите ќерки да готват. Кога ги учите на готварски вештини, вие изградувате околу нив брана која ќе ги сочува од лудоста и гревот накои би можеле да им подлегнат. Јас ја ценам својата шнајдерка и го почитувам својот писар; но готвачката која знае како треба да ја приготви храната за да се одржува животот и да се хранат мускулите, мозокот и коските, врши најважна должност меѓу помагачите во моето семејство. {2T 370.2}

Мајки, ништо не води кон толкаво зло, како кога ги ослободувате од товар своите ќерки, кога не им давате ништо да работат и кога им дозволувате сами себеси да си бираат работа, можеби малку плетење или некоја слична работа. Тие треба да ги вежбаат своите органи и мускули. Ако тоа ги заморува, ништо страшно. Зар и вас не ве заморува вашата работа? Дали заморот ќе им пречи на вашите деца - освен ако не претераат - повеќе отколку што ви штети вам? Не, навистина. Децата можат да се опорават од заморот со добар сон преку ноќта и да се подготват за работа идниот ден. Грев е да се пуштат да растат во мрзливост. Изобилството на леб и мрзеливоста беа најголемите гревови на Содом. {2T 371.1}

Ние сакаме да работиме правилно. Сакаме да постапуваме како мажи и жени на кои ќе им се суди. И кога ќе ја прифатиме здравствената реформа, треба да ја прифатиме од чувство на должност, а не поради тоа што некој друг ја прифатил. Јас ниту најмалку не го изменив својот начин на живот откако ја прифатив здравствената реформа. Не отстапив ниту еден чекор откога небесната светлина ја осветли мојата патека во тоа поглавје. Одеднаш се одвоив од сè - од месото, путерот и трите оброци, и тоа работејќи заморна работа, пишувајќи од рано утро до заоѓање на сонцето. Земањето на храна го сведов на два оброци дневно не намалувајќи ја својата работа. Бев болна, пет пати бев парализирана. Левата рака со месеци ми беше приврзана покрај телото, бидејќи имав болки во пределот на срцето. Кога ја извршив таа промена во исхраната, не сакав да му попуштам на вкусот и да дозволам тој да владее. Зар апетитот треба да стои на патот на моето оздравување со кое ќе Го прославам Бога? Зар смее да застане на патот дури и за

момент? Никогаш! Чувствував страшна глад. Порано многу јадев месо. Но кога би почувствувала слабост, би ги ставила рацете на својот стомак и би рекла: „Не, нема да вкусам ниту залак. Ќе јадам едноставна храна, или воопшто нема да јадам". Лебот ми стана невкусен. Ретко можев да изедам парче со големина на долар. Некои работи од здравствената реформа многу лесно ги примив; но кога дојде до лебот, тоа ми беше особено тешко. Кога ја прифатив таа промена, морав да водам особено остра борба. Првите два-три оброка воопшто не можев да ги јадам. Му реков на својот желудник: „Чекај додека да можеш да јадеш леб". Нешто подоцна можев да јадам леб, и тоа грахамов. Порано не можев да го јадам. Но сега ми годи и не го губам апетитот. {2T 371.2}

Кога ја пишував третата и четвртата книга на „Духовни дарови," често бев исцрпена поради претерана работа. Тогаш увидов дека морам да го променам својот начин на живот и откако се одморив неколку дена, потполно закрепнав. Од тие работи се откажав во начело. Здравствената реформа ја прифатив во начело. И од тоа време, браќа, никогаш не слушнавте да се залагам за некој претеран став за здравствената реформа, став кој подоцна би морала да го негирам. Го проповедав само она за што и денес се залагам. Јас ви препорачувам здрави, хранливи продукти. {2T 372.1}

Не сметам дека е голема жртва да се откажеме од оние работи кои остават лош здив и лош вкус во устата. Зар е лишување ако се откажеме од тие работи и дојдеме во состојба кога сè ни е слатко како мед, кога во устата не останува никако лош вкус и кога нема слабост во стомакот? Тоа порано често ми се случуваше. Често со детето во прегратка паѓав во несвест. Сега тоа веќе не се случува. И зар да го наречам лишување, тоа што денес можам ваква да стојам пред вас? Ниту една жена од сто не би можела да ја издржи работата која јас ја издржувам. Се раководам според начело, а не според побуди. Постапувам така бидејќи верувам дека небото ќе го одобри патот по кој тргнав, за да ја подобрам својата здравствена состојба и да Го славам Бога со своето тело и душа, кои се Негови. {2T 372.2}

Можеме да земаме многу разновидна храна, здраво сварена, која ќе му годи секому. А ако не знаете да готвите, јас, сестри мои, ве советувам да научите. Од животна важност е да знаете да готвите. Повеќе души се загубени поради лошо зготвена храна отколку што вие мислите. Таа предизвикува слабост, заболувања и нерасположение. Организмот губи рамнотежа и човекот не може јасно да го согледа она што е небесно. Во векната добар леб го има истото како и во добро подготвената храна, повеќе вера отколку што многумина мислат. Ние сакаме да ве поучиме во што се состои вистинската вера за да ја остварите во своите семејства. Секогаш кога бев на пат, знаев дека ќе ми пречат и лебот и храната кои се изнесуваат на трпезата, но бев принудена нешто да јадам за да го одржам својот живот. Да се внесува таква храна, е грешно во очите на небото. Страдав заради недостаток на добра храна. На еден човек кој боледува од диспепсија можете да му дадете различен зеленчук, но не многу за еден оброк. На тој начин ќе обезбедите разновидност што ќе ви годи и добро ќе се чувствувате по оброкот. {2T 373.1}

Се зачудив кога дознав дека многумина од вас јадат помеѓу оброците, наспроти светлината која ви беше дадена. Не би требало да земете ниту залак помеѓу редовните оброци. Јадете го она што треба да го изедете, но само за време на оброкот и тогаш

почекајте го другиот. Јас јадам толку колку што е потребно да ги задоволам потребите на организмот, но кога ќе станам од трпезата, имам толку добар апетит како и кога седнав. И кога ќе дојде време за следниот оброк, подготвена сум да земам одредено количество, но не повеќе. Ако би земала двојно количество храна која ми годи, како би можела да се поклонам пред Бога и да Го замолам да ми помогне во пишувањето, кога воопшто немам инспирација поради својата алчност? Дали би смеела да побарам од Бога Тој да води грижа за мене откако толку неразумно го оптоварив својот стомак? Со тоа само би Го обесчестила. Тоа би значело да барам Тој да се грижи за мојата алчност. Затоа јадам толку колку што сметам дека е потребно, а потоа можам да побарам од Него да ми подари сила да ги вршам оние должности кои Тој ми ги доверил. И јас имам спознато дека Небото ја услушило мојата молитва кога се имам така помолено. {2T 373.2}

Освен тоа, ако сме неумерени во јадењето, грешиме кон сопственото тело. Во сабота таквите ќе спијат во Божјиот дом и тоа за време на изнесување на горечките вистини од Божјата реч. Тие не се во состојба да ги држат своите очи отворени ниту да ги сфатат сериозните проповеди. Зар сметате дека тие луѓе Го слават Бога во своето тело и душа, кои се Негови? Не, тие Го обесчестуваат. Ваквиот начин на живот доведува до диспепсија. Болниот не внимавал на редот и умереноста туку дозволил со него да владее неговиот апетит и јадел помеѓу оброците. Освен тоа, ако сè работел седејќи, не можел да ја почувствува животворната сила на чистиот воздух кој го помага варењето ниту доволно се движел што е неопходно за одржување на здравјето. {2T 374.1}

Некои од вас сметаат дека сепак некој би требало да ви каже колку треба да јадете. Не треба така да биде. Ние мораме да се управуваме според моралните и верските начела. Мораме да бидеме умерени во сè, бидејќи пред нас е нераспадливиот венец и небесното богатство. А сега сакам да им кажам на своите браќа и сестри: треба да се има морална храброст, да се заземе одлучен став и да се владее со себе. Јас никогаш не би сакала ова да му го препуштам на некој друг. Вие премногу јадете, а потоа жалите поради тоа, така што постојано мислите за тоа што јадете и пиете. Јадете толку колку што ви е потребно и потоа станете од трпезата ведри и чисти во очите на небото, без никаква грижа на совест. Ние не веруваме дека треба целосно да ги отстраниме искушенијата од децата или возрасните. Сите ние мораме да се бориме и спротивставуваме на искушенијата на сатаната и да бидеме свесни за тоа дека во себе имаме сила тоа да го направиме. {2T 374.2}

Додека од една страна ве опоменуваме да не јадете прекумерно, дури ниту кога е во прашање најдобра храна, од друга страна би сакале да ги опоменеме и оние кои одат во крајност, да не подигаат лажно знаме и да не запнуваат и останатите да се соберат околу него. Има многу луѓе кои се нафатиле да ја проповедаат здравствената реформа бидејќи не се способни да се посветат на ниту една друга активност, да се грижат за сопственото семејство ниту да ги исполнуваат своите реални должности во црквата. И што прават тие? Се фрлаат на здравствената реформа како да се во состојба тука да постигнат некој успех. Се нафаќаат на одговорности за мажите и жените, а всушност не разбираат ништо. {2T 374.3}

Сакам да го подигнам својот глас против почетниците кои се нафаќаат на лекување на болести според начелата на здравствената реформа. Да не даде Бог да бидеме

предмет на нивните опити. Ние сме премногу малку. Освен тоа, неславно е да загинеме во таква борба. Бог нека нѐ сочува од таквата опасност! Нам не ни се потребни такви учители и лекари. Болестите треба да ги лекуваат луѓе кои знаат нешто за човечкиот организам. Небесниот лекар е полн со милосрдие. Такви треба да бидат и сите оние кои имаат работа со болните. Некои кои вршат должност на лекар се лицемерни, себични и тврдоглави. Не можете на ништо да ги поучите. Можеби некогаш во својот живот не направиле ништо корисно. Можеби не успеале во животот. Не знаат ништо од она што е вредно да го знаат, а сепак се нафаќаат да лекуваат според начелата на здравствената реформа. Не смееме да дозволиме овие луѓе да упропастат некого. Не, ние не можеме тоа да си го дозволиме! {2T 375.1}

Ние сакаме секогаш да бидеме исправни. Сакаме нашиот народ да заземе исправен став во здравствената реформа. „Очистете се", вели апостолот, „од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи свестост во страв Божји". Мораме да бидеме исправни за да можеме да опстанеме во последните денови. Потребни ни се бистар мозок и здрав дух во здраво тело. Треба сериозно да почнеме да работиме за своите деца, за секој член на своето семејство. Зар да не ја вршиме својата задача стоејќи на исправен став? Исус доаѓа, а ако ние живееме така што ќе останеме за возвишените вистини на последните денови, како ќе можеме да се посветиме од вистината? Како ќе се подготвиме за бесмртноста? Господ нека ни помогне да почнеме со работа како никогаш порано. {2T 375.2}

Кажавме дека овде ќе одржиме низа состаноци и ќе работиме за овој народ. Но ние не смееме да ве носиме на своите раце. Сакаме во своите домови да го отпочнете ова дело на реформа. Сакаме оние кои се повлекле да станат. Морате да започнете со работа. И кога ќе видиме дека сами сте почнале да работите за себе, ќе дојдеме да ви помогнеме. Се надеваме дека ќе ги реформираме вашите деца така што ќе станат вистински христијани, за духот на реформа потполно да се развие во вашата средина. Но бидејќи вие изгледате како два пати да сте умреле и подготвени да бидете од корен откорнати, ние не можеме да се фатиме за работа. Повеќе би отишле на некој собир на неверници каде што уште има срца кои ќе ја примат вистината. На нас почива бремето на вистината. Има многу луѓе кои треба да ја слушнат и ние копнееме да се најдеме таму каде што ќе можеме да ја објавиме. Ќе сакате ли да ни помогнете така што сами ќе работите за себе? {2T 376.1}

Господ нека ви помогне да почувствувате одговорност како никогаш порано. Нека ви помогне да умрете за себеси и во своите домови да внесете дух на реформација за Божјите ангели да дојдат кај вас и да ви помогнат да се подготвите за вознесение. {2T 376.2}

---

53. ПРЕТЕРУВАЊА ВО ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

За време на годишната конференција во Адамс Центарот, Њујорк, покажано ми е на 25 октомври 1861 година, дека браќата во _____ се наоѓаат во недоумица поради

ставот на Б и Ц. Луѓето на кои Божјото дело им е во срцето мораат да бидат загрижени за неговиот напредок. Видов дека тие луѓе не се доверливи. Тие заминуваат во крајност и ќе го упропастат делото на здравствената реформа. Тие не настојуваат да ги поправат и реформираат луѓето кои не се умерени во јадењето. Нивните постапки предизвикуваат одвратност и кај неверниците и ќе ги оддалечат од реформата наместо да ги придобијат за неа. {2T 377.1}

Нашите ставови често многу се разликуваат од ставот на останатиот свет. Тие не се популарни. Луѓето ја отфрлаат секоја теорија, колку и да е таа разумна, ако наметнува некои ограничувања на апетитот. Тие тука не го прашуваат ниту својот разум ниту своето здравје, туку единствено својот вкус. Сите оние кои ќе ги напуштат општите обичаи и ќе се заземат за реформа, ќе наидат на спротивставување. Колку и разумно да постапуваат, за нив ќе се зборува дека се луди, неразумни и дека одат во крајност. Но кога луѓето кои се залагаат за реформа навистина одат во крајност и постапуваат неразумно, не треба да му се замери на светот ако со гадење гледа на здравствената реформа. Овие фанатици за неколку месеци ќе направат повеќе зла отколку што можат да ги исправат за целиот свој живот. Поради нив целата теорија на нашата вера стекнала лош глас; тие никогаш нема да успеат луѓето кои гледаат толку претерување во т.н. здравствена реформа, да ги убедат дека во неа има нешто добро. Овие луѓе работат токму онака како што сака сатаната. {2T 377.2}

Оние кои се залагаат за непопулараните вистини треба да бидат многу доследни во својот начин на живот и многу да внимаваат за да не западнат во ниту една крајност. Тие не треба да се трудат што повеќе да се оддалечат од другите луѓе, туку напротив што повеќе да се приближат кон оние кои сакаат да се обратат и да им помогнат да го прифатат овој начин на живот кој толку го истакнуваат. Ако тоа го сфатат, тие и ќе живеат така што сите мажи и жени со здрав суд ќе ја усвојат вистината за која тие се залагаат. Луѓето ќе бидат принудени да признаат дека здравствената реформа има своја доследност. {2T 377.3}

Видов како Б постапува во своето сопствено семејство. Тој беше строг и свиреп. Ја прифати здравствената реформа во оној облик за кој се залагаше брат Ц и исто како него, отиде во крајност. Немајќи урамнотежен дух, тој направи страшни грешки, чии последици времето нема да може да ги избрише. Потпомогнат со цитатите кои ги собра од книгите, почна да ја спроведува на дело теоријата која ја слушна од брат Ц, и како него, си даде задача да ги доведе сите луѓе до мерилото кое тој го подигнал. Своите крути правила ги наметна и на своето семејство, но не успеа да го контролира својот животински нагон. Не успеа сам да живее според тие правила и да го победи своето тело. Ако добро го познаваше целото учење на здравствената реформа, би сфатил дека неговата жена не е во состојба да раѓа здрави деца. Над него однесоа победа нескротливите страсти; тој не мислеше какви последици ќе произлезат од сето тоа. {2T 378.1}

Пред неговите деца да дојдат на свет, тој со својата сопруга не постапуваше онака како што треба да се постапува со жена во нејзината состојба. Според идеите на брат Ц, и на неа ги применуваше оние крути правила кои многу ѝ наштетија. Не ѝ даваше да ја јаде онаа храна која е потребна за да се нахранат две суштества. Од неа зависеше уште еден живот, а нејзиниот организам не ја добиваше онаа силна и добра храна која ѝ беше

потребна за да ја одржи нејзината сила. Храната беше незадоволувачка и во поглед на квалитетот и во поглед на количеството. На нејзиниот организам му беше потребна разновидна и посилна исхрана. Таа раѓаше деца со слаби органи за варење и со слаба крв. Од онаа храна која мораше да ја зема мајката, не можеше да се создаде добра крв и затоа раѓаше деца подложни на болести. {2T 378.2}

Ваквото постапување на мажот и таткото заслужува најстрога осуда. Неговата жена страдаше поради недостаток на добра и здрава храна. Немаше ниту доволно храна ниту доволно облека. Носеше товар кој беше премногу голем за неа. Тој стана нејзин бог, нејзина совест и нејзина волја. Има личности кои би се побуниле против тој наметнат авторитет. Тие не би се согласиле на таков надзор. Им здодева од постојаниот притисок и тие се бунтуваат. Но во овој случај не беше така. Таа дозволуваше тој да биде нејзина совест и сметаше дека така е најдобро. Но запоставуваната природа не можеше лесно да се потчини. Нејзините потреби беа многу сериозни. На нејзиниот организам му беше потребна посилна исхрана: го преколнуваше, но без успех. Таа имаше скромни желби, но тие не беа задоволени. Две деца беа жртвувани поради оваа слепа заблуда и немудра лицемерна побожност. Ако луѓето надарени со ум така ги третираат немите животни, како што тој постапуваше со својата жена, власта би ја земала работата во свои раце и би го предала на суд. {2T 379.1}

Пред сè, Б не смееше да направи толку големо злосторство и да донесе на свет деца за кои мораше да знае дека ќе бидат болни, бидејќи ќе ја наследат бедната состојба на своите родители. Тие беа осудени да го добијат тоа лошо наследство. Нивната крв мораше да биде полна со скрофулозни флуиди од двата родителa, особено од таткото, кој со своите лоши навики ја расипал крвта и го ослабнал целиот свој организам. Не само што овие деца добија двојно поголема тенденција кон сркофула, туку, да биде уште полошо, ги наследија сите умни и морални таткови мани и недостаток на благородна независност, морална храброст и сила од својата мајка. Овој свет е веќе проколнат поради сè поголемиот број на вакви суштества кои во поглед на телесната, умната и моралната сила стојат пониско од родителите, бидејќи околностите не се дури ни толку поволни колку оние под кои живееле неговите родители. {2T 379.2}

Б не е во состојба да води грижа за своето семејство. Тој не е во состојба да го издржува онака како што би требало да го издржува и затоа не требало ниту да го основа. Неговата женидба беше погрешен чекор. Тој ѝ пружил на својата жена живот полн со беда и таа беда е уште повеќе зголемена со раѓањето на децата. Некои од нив сè уште живеат и тоа е сè. {2T 380.1}

Луѓето кои се сметаат христијани не би требало да влегуваат во брак пред внимателно да ја испитаат целата работа од една повисока точка на гледање за да установат дали Бог ќе биде славен со оваа врска. Тие треба внимателно да ги разгледаат последиците на секоја предност на брачниот однос, а начелото на светост мора да стане основа на секоја постапка. Пред да го зголемат своето семејство, тие треба да размислат дали со донесување на деца на свет би Го прославиле Бога или само би Го посрамиле. Од самиот почеток на својата врска мораат да копнеат да Го слават Бога и тоа да го прават во подоцнежните години на брачниот живот. Треба да размислат и како би ги обезбедиле своите деца. Немаат право да донесуваат на свет деца кои ќе бидат на товар на другите. Дали имаат работа со која ќе бидат во состојба да го издржуваат своето

семејство, така што тоа нема да падне на товар на другите? Ако немаат, тогаш прават зло, донесувајќи на свет деца кои ќе страдаат поради недоволна грижа, без храна и облека. Денес, во ова расипано време, веќе не се гледа на овие работи. Страста однесува победа и нема да се покори, иако нејзината власт доведува до болест, беда и смрт. Жените мораат да живеат живот полн со немаштија и страдање поради неконтролираните страсти на луѓето кои се нарекуваат сопрузи, додека многу поправо би можеле да се наречат животни. Мајките водат беден живот, постојано со деца во рацете, снаоѓајќи се на сите можни начини да им пружат леб и нешто облека. Таква беда го исполнува сиот свет. {2T 380.2}

Малку има искрена, верна, чиста љубов. Тој драгоцен продукт е многу редок. Страста се нарекува љубов. На многу жени ѝ биле повредени нежните чувства бидејќи оној кого го нарекувала свој сопруг грубо постапувал со неа. Неговата љубов била со толку низок квалитет, што ѝ станала одвратна. {2T 381.1}

Многу семејства се многу несреќни, бидејќи сопругот и таткото дозволил она што е животинско во неговото семејство да го надвладее она духовното и моралното. Последица на тоа е немоќ и нерасположение, но ретко се увидува дека причина за сето тоа е погрешниот начин на живот. Ние имаме свечена обврска пред Бога да го одржуваме духот чист, а телото здраво за да можеме да му користиме на човештвото и совршено да Му служиме на Бога. Апостолот ги изговара овие зборови на опомена: „Да не царува грев во вашето смртно тело за да не го слушате во неговите сласти". Тој ни налага да се издигнеме, велејќи: „Секој кој се бори, од сè се воздржува". Тој ги повикува сите кои се нарекуваат христијани да ги дадат своите тела како „жива, света, благопријатна жртва на Бога". Тој вели: „Туку го покорувам своето тело и го потчинувам, за проповедајќи им на другите и самиот да не бидам исфрлен". {2T 381.2}

Општа грешка е да не се внимава на животот на жената пред раѓање на нејзиното дете. Во тој важен период работата на мајката треба да биде олеснета. Во нејзиниот организам се случуваат големи промени. Потребна ѝ е поголемо количество на крв и според тоа и поголемо количество на хранливи продукти кои ќе се претворат во крв. Ако не зема изобилни количества на хранливи продукти, нема да може да ја сочува својата физичка сила и нејзиното дете нема да има животна енергија. Исто така треба да се обрати внимание на нејзиното облекување. Треба да се води грижа нејзиното тело да се заштити од студ. Таа не смее да ги троши своите животни сили за да го надополни тоа што недоволно се облекува. Ако мајката се лишува од изобилно количество на хранливи продукти, нема да има доволно добра крв. Нејзиниот крвоток ќе биде слаб и на нејзиното дете ќе му недостига истото тоа. Детето нема да биде во состојба да прими храна која се претвора во крв и го храни организмот. Здравјето на мајката и детето во голема мера зависи од удобната, топла облека и хранливи продукти. Мора да се води сметка за вонредниот напор на животните сили на мајката. {2T 381.3}

Меѓутоа, од друга страна, мислењето дека жената, поради тоа што е бремена, треба да му се препушти на апетитот, претставува заблуда која се заснова на обичајот, а не на здравиот разум. Апетитот на жената во таква состојба може да биде променлив и тешко да се задоволи. Обичаите ѝ дозволуваат да земе сè што ќе замисли, не водејќи сметка за тоа дали таквите продукти го хранат нејзиното тело и користат на развојот на детето. Продуктите треба да бидат хранливи, но не и надразнувачки. Обичаите велат дека треба

да ѝ се даде месо, зачинета храна или месни пити ако сака; треба да се праша за совет само нејзиниот апетит. Тоа е голема грешка која нанесува многу зло. Штетноста на таквиот став не може да се процени. Ако некогаш се неопходни едноставност во исхраната и посебна грижа во одбирањето на продукти - тоа е во овој значаен период. {2T 382.1}

Мајките кои се држат за начелата и кои се добро известени, нема да ја напуштат едноставната исхрана во тој период. Тие ќе имаат во предвид дека од нив зависи уште еден живот, ќе внимаваат на сите свои навики, а особено на исхраната. Тие нема да го јадат она што не е хранливо и здраво само поради тоа што има пријатен вкус. Постојат премногу советници кои ги убедуваат мајките да го прават она што разумот им го забранува. {2T 382.2}

Токму затоа што родителите му удоволувале на својот апетит, се раѓаат болни деца. Телото не ја бара сета онаа храна за која размислува нивниот ум. Голема грешка е да се смета дека она што ќе се замисли мора да дојде во стомакот; христијанките мораат да се ослободат од таа заблуда. Не смее да се дозволи фантазијата да владее со телесните потреби. Жените кои му дозволуваат на апетитот да господари, ќе ја искусат казната затоа што ги престапувале законите на сопственото битие. И тоа не е сè; нивните невини деца исто така ќе бидат страдалници. {2T 383.1}

Органите кои создаваат крв не можат да ги претворат зачините, месните пити, киселите краставички и болното месо во добра крв. А ако во стомакот се внесе толку храна, така што органите за варење се приморани премногу да работат за да ја сварат храната и да го ослободат телото од штетните материи, мајката нанесува зло и на себе и поставува темели за болест на своето дете. Ако јаде сè што ѝ се допаѓа и што ќе замисли, без обѕир на последиците, таа ќе ја искуси казната, но тоа не е сè; нејзиното невино дете ќе страда поради нејзината неумереност. {2T 383.2}

Треба да се посвети голема грижа за околината на идната мајка да биде пријатна и среќна. На сопругот и таткото лежи голема одговорност да направи сè што е во негова моќ за да ги олесни товарите на мајката и сопругата. Тој мора колку што е можно да го носи товарот на нејзината состојба. Тој мора да биде љубезен, учтив, пријатен и нежен и мора посебно внимание да посвети на нејзините потреби. Често на жените кои се бремени не им се посветува ниту половина внимание кое се посветува на добитокот во шталата. {2T 383.3}

Во тоа Б не се покажа како што треба. Неговата сопруга беше потполно здрава, но не добиваше доволно хранливи продукти и соодветна облека. Не беше снабдена со посебна облека и посебна храна, едноставна, но хранлива. Нејзиното тело копнееше за продукти кои ќе се претворат во добра крв; но тој не ја снабдуваше со тоа. Умерено количество на млеко и шеќер, малку сол, бел леб со квасец колку за промена, грахамово брашно кои други раце ќе го подготват на разни начини, обичен колач со суво грозје, колач со ориз, сливи или смокви и уште многу други јадења, би го задоволиле апетитот; малку слатко вино (шира) не би ѝ наштетило; би било подобро да го зема во мали количества отколку да го посакува. Во извесни случаи, би било помалку штетно и мало количество на поздраво месо од силната желба за месо. {2T 383.4}

Видов дека Б и Ц го посрамија Божјото дело. Тие фрлија на него дамка која никогаш нема потполно да се исчисти. Укажано ми е на семејството на нашиот драг брат Д. Ако

на тој брат му беше пружена вистинска помош во вистинско време, секој член на неговото семејство денес би бил жив. Чудно е дека законите на оваа земја не беа применети во случајот на вакво малтретирање. Тоа семејство пропаѓаше поради недостаток на храна - најобична и најпроста храна. Тоа гладуваше во една земја полна со изобилство. На нив вежбаше еден почетник. Тој млад човек не умре поради болест туку од глад. Храната би го зајакнала неговиот организам и би ја одржала машината во работа. {2T 384.1}

Во случаите на силна треска, воздржувањето од храна за еден краток период ќе ја намали треската и ќе ја направи поделотворна примената на вода. Но лекарот треба да ја знае вистинската состојба на болниот и да не дозволи тој да ги зема намалените оброци толку долго што со тоа ќе го заслабне целиот организам. Додека треската е во тек, храната може да ја надразни и разбранува крвта, но штом таа ќе попушти, треба внимателно и разумно да се дава храната. Ако храната премногу долго се скратува, желудникот ќе бара храна и ќе предизвика треска, што може да се спречи со давање на соодветна храна. Тоа го одржува организмот во работа. Ако болниот силно посака да јаде дури и за време на треската, помалку ќе штети ако му се излезе во пресрет на неговата желба со давање на умерена и едноставна храна, отколку ако тоа му се одбие. Ако не е во состојба да мисли на нешто друго, тогаш нема да му наштети мало количество на едноставна храна. {2T 384.2}

Оние кои ги земаат животите на другите во свои раце, мораат да се одликуваат со успех во животот. Тие мораат да бидат мудри и разумни луѓе кои имаат сожалување и длабоко чувствуваат, луѓе чие срце се стега при поглед на страдањето. Има луѓе кои стануваат лекари дури откако претрпеле неуспех во сите други потфати. Тие го земаат во свои раце животот на мажите и жените, иако немаат никакво искуство. Тие ќе прочитаат за некој начин на лекување кое некој со успех го применил, го прифаќаат тоа и го применуваат на оние луѓе кои ќе им укажат доверба, уништувајќи ги во нив и последните искри на живот. Тие ниту по сè нема да извлечат поука туку со иста ревност се фрлаат на следниот болен, применувајќи го и во неговиот случај истиот начин на лекување. Некои луѓе имаат толку силна градба, така што можат да ги издржат сите овие страшни експерименти кои се вршат на нив и остануваат живи. И тогаш овие иноватори ја приграбуваат сета слава за себе, иако всушност ништо не направиле. За сè треба да му се заблагодари на Бога и на силниот организам. {2T 385.1}

Брат Ц направи недостојно дело со тоа што стоеше како потпора за братот Б. Тој за него беше ум и стоеше покрај него за да го поддржи и му потпомага. Овие двајца луѓе се фанатици во поглед на здравствената реформа. Брат Ц знае многу помалку отколку што мисли дека знае. Тој се лаже самиот себе. Себичен е и полн со предрасуди во спроведување на своите погледи и не прима никакви поуки. Не завладеа со својата волја. Тој не е човек со понизен дух. Таков човек не треба да биде лекар. Тој можеби стекнал мало знаење со читање, но тоа не е доволно. Потребно е искуство. Нашиот народ е премногу малоброен за да може толку евтино и неславно да се жртвува, дозволувајќи такви луѓе да прават експерименти со нив. Многу драгоцени луѓе ќе паднат како жртва на нивните крути правила и поими пред тие да се освестат, да ги признаат своите грешки и да почнат да стекнуваат мудрост со искуство. {2T 385.2}

Брат Ц е толку упорен и самоволен и не прима совети, така што Господ нема да му довери никаква посебна задача во Своето дело. Тој е премногу тврдоглав за неколку жртви да го натераат да го промени својот начин на лекување. Напротив, тој поупорно се држи за своите погледи. Но тие луѓе ќе мораат да увидат дека мораат на нешто да се поучат и дека не смеат да одат во крајност со своите сфаќања, не обрнувајќи внимание на последиците. Многу подобро ќе биде ако овие двајца луѓе добијат некое вработување каде што со своите постапки нема да го доведат во опасност животот и здравјето на другите луѓе. {2T 386.1}

Голема одговорност е да се земе животот на едно човечко суштество во свои раце. И страшно е да се жртвува еден драгоцен живот поради погрешно лекување. Случајот на семејството на брат Д е страшен. Овие луѓе можат да се правдаат, но тоа нема да го сочува Божјото дело од срамот ниту да го поврати во живот синот кој страдал и умрел поради недостаток на храна. Малку добро вино и јадење би го вратило во неговото семејство. И таткото наскоро би се вброил во мртвите ако и кај него беше применет истиот начин на лекување кој беше испробан и кај синот. Таткото го спаси благовремениот совет на лекарот од Здравствениот Институт. {2T 386.2}

Време е нешто да се преземе против почетниците кои истапуваат како лекари и се залагаат за здравствената реформа. Нивните зборови и нивната помош не се потребни, бидејќи се во состојба да направат толкава штета која не можат да ја поправат ниту најдобрите напори на најразумните луѓе. Дури ниту најспособните луѓе кои се залагаат за здравствената реформа не можат да ја ослободат јавноста од предрасудите предизвикани со погрешните постапки на тие фанатици ниту да го постават на цврст темел значајното прашање за здравствената реформа таму каде што работеле овие луѓе. Вратата е затворена, така што неверниците не се подготвени да ја прифатат ниту вистината за саботата и за скорото доаѓање на Спасителот. Народот ги отфрла највозвишените вистини како воопшто да не вредат да се слушаат. Овие луѓе се претставуваат како здравствени реформатори и адвентисти. На оние кои на тој начин станаа камен за сопнување за неверниците, лежи голема одговорност. {2T 386.3}

Брат Ц мора потполно да се преобрати. Тој не се гледа себеси. Кога себеси помалку би се ценел и би имал повеќе понизност, неговото знаење би можело да се искористи. Тој сам мора да го изврши делото кое никој друг не може да го изврши за него. Тој не сака да усвои било чие мислење или суд, освен ако некој не е принуден тоа да го направи. Тој има некои својства кои се многу неповолни и кои би морал да ги искорени. Тој е повиновен од брат Б и неговиот случај е потежок, бидејќи тој има повеќе разум и знаење. Б бил само негова сенка. {2T 387.1}

Брат Ц има утврдена волја и има силно изразени чувства на она што му се допаѓа и не му се допаѓа. Кога ќе се упати по погрешен пат, оди по своите идеи и кога ќе му се предочат неговите грешки, тој не сака да ги признае, дури и кога знае дека не е во право. Ќе измисли каков и да е изговор само другите на крајот на краиштата да поверуваат дека тој сепак е во право. Тоа е причината поради која му дозволиле да се управува според своето знаење и умеење, што е лудост. {2T 387.2}

Во семејството на својот татко не бил благослов туку повод за грижа и жалост. Неговото самоволие не било совладано во детството. Тој со незадоволство ги признава сите свои грешки и мани, па за да се извлече од потешкотиите, ќе ги напрегне сите свои

умни сили за да измисли некој изговор кој не би му личел на директна лага. Тој повеќе ќе сака така да постапи отколку да признае дека не бил во право. Тој ја внел таа навика во својот верски живот. Тој поседува необична способност да се извлече од потешкотиите со тоа што вели дека заборава кога всушност многу пати тој самиот одбира да заборава. {2T 387.3}

Доколку беше она што Бог би сакал тој да биде, би ги привел кон вистината своите роднини и пријатели. Меѓутоа, им стана непријатен на луѓето поради својата упорност. Вистината му беше само повод за кавга. Наспроти татковото спротивставување, во домот зборуваше за предмети од Библијата и секогаш пронаоѓаше најтешки прашања за да се расправа околу нив. Наместо тоа, би требало понизно да се потруди да придобие души за вистината и да ги приведе кон светлината. {2T 388.1}

Одејќи по овој погрешен пат, очевидно како лош ученик на благиот и понизен Исус, и знаејќи дека неговите зборови и дела се во спротивност со светата вистина, тој толку тврдоглаво го бранеше својот став, што луѓето почнаа да се сомневаат во неговата чесност. Тој ги направи најубавите вистини на овие последни денови неприфатливи за неговите роднини и пријатели и стана за нив камен на сопнување. Неговите извлекувања, предрасуди и неговите крајности одбија од вистината повеќе души отколку што придобил со своите најревни настојувања. {2T 388.2}

Тој е многу борбен, непопустлив и има многу високо мислење за себе. Тој не може да донесе никаква корист на ниту една црква ако не се обрати. Тој ги гледа туѓите грешки и ги доведува во сомневање ставовите на овој или оној ако тој не се согласува во сè со неговите погледи. Но, кај оние кои ќе го прифатат неговото мислење, не забележува никакви мани. Тоа не е правилно. Тој можеби е во право во многу прашања, но го нема оној дух кој го имал Исус. Кога себеси ќе се види онаков како што е всушност, ако сака да ги исправи своите мани, дури тогаш ќе може да им светли на другите луѓе за овие, гледајќи ги неговите добри дела, да почнат да Го слават нашиот Татко Кој е на небото. Неговата светлина е таква што луѓето ја прогласиле за темнина и се свртеле од неа со гадење. Неговото јас мора да умре; тој мора да поседува дух кој сака да се поучи, инаку ќе биде препуштен на сопствените патишта и на своите дела. {2T 388.3}

„Господовиот слуга не треба да се кара, туку да биде кроток кон сите, подготвен да поучува, трпелив и во кротост да ги поучува оние кои се спротивставуваат, за да може Бог да им даде покајание за познавање на вистината". „Да не зборат зло за никого, да не се караат туку да бидат мирни и да покажуваат кротост кон сите луѓе". „Прославувајте Го Господа во своите срца. Бидете секогаш подготвени на одговор секому кој ќе ве праша за вашата надеж". {2T 389.1}

Брат Ц сака неговиот дух да владее над другите и незадоволен е сè додека не го постигне тоа. Тој не гради мир. Со својот став ќе внесе толку неслога и недоверба во црквата, што десет луѓе нема да можат да го поправат она што тој ќе го расипе. Неговата природа е таква што насекаде пронаоѓа недостатоци и гледа сечии мани, само не своите. Тој нема да напредува сè додека не го научи она што требало да го научи уште пред многу години, понизност на умот. Во неговите години тоа не може да се научи без голем напор. Тој целиот свој живот настојувал да се изгради самиот себеси, да се спаси себеси, да го сочува својот живот и неговите напори никогаш не вродија со плод. {2T 389.2}

Брат Ц мора да го симне превезот од своите очи и просветлен од Светиот Дух да проникне во своето срце, да ја испита и одмери секоја побуда и да не дозволи сатаната да фрла лажна светлина на неговиот пат. Тој се наоѓа во голема опасност. Или наскоро ќе тргне по добар пат, или ќе продолжи да се лаже себеси и другите. Тој треба да се разбуди од длабочината на душата, да се покори и да се преобрази со обновување на својот ум. Тогаш ќе може да прави добро. Меѓутоа, никогаш нема да излезе на светлина ако во себе не поттикнува дух на понизност и признание, ако одлучно не се фати за работа за да ги исправи своите грешки и ако тоа е можно, да го отстрани срамот од Божјото дело, до кој дошло по негова вина. {2T 389.3}

---

54. СТРАСТИ КАЈ МЛАДИНАТА

Драги брате и сестро Е, веќе многу време не земав перо во раката, освен да напишам некои итни писма, кои не смееја да се одложат. Ме обзема некој очај кој трае веќе со месеци и кој речиси ме совлада. Она што најмногу ме обесхрабрува е стравот дека сè што ќе напишам нема да донесе повеќе добра од нашата сесрдна, напорна и грижлива работа во _____ минатата зима и пролет. Безнадежната состојба на која наидов во тоа место го запре моето перо и го задуши мојот глас. Моите раце станаа слаби, а срцето се стегна кога видов дека ништо не беше постигнато со напорна работа. Јас ја загубив речиси секоја надеж дека со свои напори ќе успееме да го пробудиме народот кој ја празнува саботата, за да ја сфати возвишеноста на положбата која според Божја волја треба да ја заземе. Тој народ не ги набљудува прашањата на верата од еден возвишен став. Во таква состојба се наоѓате и вие. {2T 390.1}

Господ ми укажа на расипаноста која се шири насекаде. Безбожништвото, злосторството и алчноста цветаа и на највисоките положби. Дури и во црквите кои сметаат дека ги држат Божјите заповеди има грешници и лицемери. Токму гревот, а не искушенијата и страдањата, го оддалечуваат Бога од Неговиот народ и ја прават душата неспособна да се радува и да Го слави Него. Гревот е тој кој ги уништува душите. Гревот и порокот постојат и во семејствата на оние кои ја празнуваат саботата. Моралното валкање придонесе повеќе од било што друго да се изопачи човечкиот род. Тоа се шири во опасни размери и предизвикува секакви болести. Дури и малите деца, родени со надразнети полни органи, наоѓаат моментално олеснување, допирајќи ги со рацете. Ова само го зголемува надразнувањето и наведува на повторување на чинот, додека не премине во навика која со повторување станува сè посилна. Овие деца, кои се вообичаено мали и рудиментирани, ги носат на лекар поради лекување, но со тоа злото не се отстранува. Причината постои и понатаму. {2T 390.2}

Родителите вообичаено и не се сомневаат дека нивните деца знаат нешто за тој порок. Во повеќето случаи вистински грешници се токму родителите. Тие ги злоупотребија можностите кои ги пружа бракот и со попуштање на страстите го зајакнале она животинското во себе. А кога ова зајакнува, тогаш слабеат моралните и умните способности. Животинскиот дел од природата го надвладеал она духовното. Така се раѓаат деца со многу изразени ниски страсти, носејќи го на себе жигот кој им

го втиснала природата на нивните родители. Неприродната активност на чувствителните органи доведува до надразнување. Тие лесно се наздразнуваат, а манипулирањето со нив доведува до моментално олеснување. Но злото станува сè поголемо. Јасно се забележува слабеењето на организмот. Умствената сила почнува да опаѓа и помнењето станува несигурно. Децата родени од такви родители се оддаваат на исто така одвратните навики на тајниот порок. Брачната врска е света, но колку страст и злосторства таа покрива! Оние кои сметаа дека бракот им дава слобода да ги понижуваат своите тела, служејќи им на животинските страсти, ќе ја овековечат својата изопаченост кај своите деца. Гревовите на родителите ќе преминат и на децата, бидејќи родителите им го втиснале печатот на своите похотни склоности. {2T 391.1}

Оние кои потполно потонале во тој порок кој ја уништува душата и телото нема да мируваат додека не го пренесат и на оние со кои се дружат. Љубопитноста лесно се буди и порокот преминува од едно момче на друго, така што малку кој не знае за овој понижувачки грев. {2T 3921.1}

Вашите деца практикувале само-злоставување додека не направиле голема штета на својот нервен систем, со што нивниот ум е сериозно оштетен. Ова особено се однесува на вашиот најстар син. Ослабени се моралните и умствените моќи, додека пониските особини на нивната природа станаа сè посилни. Токму затоа вашиот син чувствува некоја одвратност кон верскиот живот. Тој ја загубил моќта да владее со себе, сè помалку го почитувал она што е свето и духовно. Вие сметавте дека тоа е влијание на околината, но не ја знаевте вистинската причина. За вашиот син може да се каже дека на себе носи сатански, а не божествен печат. Тој повеќе го сака гревот и злото отколку вистинската побожност, чистота и праведност. Тој пружа многу бедна слика. {2T 392.2}

Последиците на таквите ниски навики не се секогаш исти. Има деца кај кои моралните сили се многу развиени, а се заразиле со тој грев дружејќи се со деца кои ја имаат таа одвратна навика. Таквите деца најчесто стануваат меланхолични, раздразливи и пакосни (љубоморни, завидливи); но тие сепак можат да ја сочуваат почитта кон верата и не мораат да бидат посебно неверни во однос на она што е духовно. Од време на време чувствуваат голема грижа на совест, се чувствуваат понижени во сопствените очи и ја губат самопочитта. {2T 392.3}

Брате и сестро, вие не сте чисти пред Бога. Не одговоривте на својата должност во домот, во сопственото семејство. Не ги надгледувавте своите деца. Пропуштивте да ја сознаете и да ја творите Божјата волја и Неговиот благослов не почива на вашето семејство. Брате Е, ти беше себичен. Премногу се ценеше себеси. Мислеше дека поседуваш понизност во голем степен, но не се познаваше сам себеси. Не си секогаш исправен пред Бога. Твојот начин на живот и пример не беа секогаш во склад со твоето исповедање на верата. Многу им замеруваше на другите; забележуваше ако некој отстапи од правиот пат, но слеп си за сопствените недостатоци. {2T 393.4}

Сестра Е беше далеку од Бога. Нејзиното срце не е потчинето од благодатта. Љубовта кон светот и кон работите на овој свет го затвори нејзиното срце за љубов кон Бога. Љубовта кон облеката и украсувањето ја одвои од доброто, наведувајќи ја да ги подарува своето внимание и љубов на тие ништожни работи. Неверството растеше во нејзиното срце и таа имаше сè помалку љубов за вистината: не забележуваше привлечност во едноставната вистинска побожност. Не поттикнуваше развој на

христијанските доблести. Не ја љубеше понизноста и посветеноста. Таа ги оправдуваше своите склоности кон светот со грешките, недостатоците и гревовите на оние кои тврдат дека се предадени на вистината. Го следеше животот на оние кои беа во врска со _____ и радосно ги носеа товарите во црквата, одмерувајќи ги своите грешки кон нивните недостатоци и зборуваше дека не е полоша од нив. Тоа и тоа лице кое е на истакната положба го направи тоа и тоа и таа може исто така да постапува. Тие и тие не се придржуваат до здравствената реформа подобро од неа;тие купуваат и јадат месо, а се наоѓаат на висока положба во црквата; секако, правејќи го истото тоа, таа се изговараше со нивниот пример. {2T 393.1}

Тоа не е единствен случај отфрлањето на светлината која Господ ја дава да се крие зад туѓите грешки. Срам е за разумните мажи и жени да немаат друг пример од несовршените човечки суштества. Некои сметаат дека животниот став на оние околу нив, колку и да е погрешен, е доволно оправдување и сами да тргнат по истиот пат. Многумина ќе се колебаат под влијанието на некој истакнат брат. Ако тој скршне од Божјиот пат, на неговиот пример веднаш со задоволство ќе се угледат непосветените личности кои сметаат дека сега се ослободени од сите ограничувања. Сега имаат оправдување и нивните непосветени срца уживаат во приликата која им се пружа да им угодат на своите желби и да се приближат уште еден чекор, за да можат да уживаат во неговите задоволства и да му угодуваат на својот апетит. Според тоа, тие изнесуваат на своите трпези продукти кои не се здрави и од кои треба да се откажат за да го сочуваат своето здравје во најдобра состојба. {2T 393.2}

Во срцето на поединци се водеше борба уште од моментот кога прв пат е воведена здравствената реформа. Тие го чувствуваа истиот оној бунт кој го манифестираат израелевите синови кога им биле ограничени барањата на патот од Египет во Ханан. Оние кои исповедаат дека се Христови следбеници и кои цел живот им угодуваа на своите желби и склоности, удобности и апетит, не се подготвени да го променат својот начин на живот и да живеат на Божја слава, угледувајќи се на самопожртвуваниот живот на безгрешниот Пример. На христијаните им е даден совршен пример на кој треба да се угледаат. Зборовите и делата на Христовите следбеници претставуваат канали преку кои чистите начела на вистината и светоста му се соопштуваат на светот. Тие се сол на земјата и светлина на светот. {2T 394.1}

Сестро Е, ти не знаеш колкави благодети загуби, претворајќи ги туѓите грешки во мевлем со кој ја лекуваш својата совест поради запоставување на должностите. Ти се споредуваше себеси со другите. Нивните криви патишта и грешки беа твој учебник. Но нивните грешки и гревови не ја прават твојата непокорност кон Бога помалку погрешна. Жалам што оние кои треба да те поддржуваат во твоите напори да ја совладаш својата себичност, горделивоста на своето срце, суетата и желбата за одобрување на овој свет, претставуваат само пречки поради сопствениот недостаток на духовност и вистинска побожност. Не сме во состојба да опишеме колку жалиме што оние кои треба да бидат христијани полни со самооткажување, толку се оддалечиле од вистинскиот пример. Сатаната ги ослабнал оние кои треба да бидат непоколебливи и неуморни во Божјото дело, бидејќи многу се оддалечиле од Бога. Тие не добиваат сила на Неговата благодат со која би можеле да ги совладаат недостатоците на својата природа исо знамето на

победата во Бога да ги поведат и оние послаби од себе по патот, вистината и животот. {2T 394.2}

Најголемо обесхрабрување за нас беше тоа што видовме дека во _____, оние со долгогодишно искуство во Божјото дело се лишени од својата сила заради својата неверност. Нив непријателот ги надмудрувал во секоја борба. Бог би ги направил тие личности силни ако како верна стража ја чуваат тврдината, само доколку одеа во светлината која Тој им ја дал и непоколебливо ја вршеле својата должност, трудејќи се да ја сознаат и творат Божјата волја. Сатаната со своите измами ќе ги наведува тие несовесни луѓе да мислат дека се во право. Тие не направиле никаков тежок, сериозен грев и според тоа мора да се на вистински темел, а Бог ќе ги прифати нивните дела. Тие не забележуваат никакви посебни гревови поради кои треба да се каат - никакви гревови кои бараат понизност, покорно признавање и раскинување на срцето. Таквите навистина се наоѓаат во голема заблуда кога вистинската побожност ја заменуваат со надворешна и кога си ласкаат себеси дека се богати и ништо не им треба. На нив лежи проклетството на Мироз: „Преколнувајте го Мироз, рече Господовиот ангел, преколнувајте ги неговите жители; бидејќи не дојдоа на помош на Господа со јунаците". {2T 395.1}

Моја сестро, не ги правдај своите недостатоци со туѓите грешки. На денот на Божјиот суд нема да се осмелиш својот пропуст во изградба на карактерот за небо да го оправдаш со тоа што други не покажале побожност и духовност. И ти ги имаш маните кои ги гледаш кај другите. Фактот дека и другите се грешници, не го намалува твојот грев. Ако продолжите по вашиот сегашен пат и ти и тие ќе се одвоите од Христа и Господ во Својата слава и моќ ќе ве казни со уништување исто како и сатаната и неговите ангели. {2T 396.1}

Господ великодушно се погрижил за тебе да кога би Го барала со сето срце и би одела по светлината која ти ја дал, не би скршнала од патот. Божјата реч ти е дадена како светилка на твојата нога, како светилка на твојата патека. Ако се сопнеш, тоа ќе биде само поради тоа што не си го слушала својот водач, Божјата реч и што не си ја направила таа драгоцена Реч закон на својот живот. Бог не ти даде за пример ниту еден човек, колку и да е добар и беспрекорен неговиот живот. Ако правиш како што прават и другите, ако постапуваш како што постапуваат другите, на крајот ќе се најдеш надвор од светиот град, со она огромно мноштво кое постапувало исто како и ти, го следел примерот кој Господ не го дал и кое ќе биде загубено исто како што ќе бидеш и ти. {2T 396.2}

Твојата вина и одговорност не ја намалува она што го направиле другите, или што ќе го направат. Тебе ти бил даден еден пример -еден беспрекорен живот полн со самооткажување и несебична добрина. Ако не се угледаш на тој вистински и беспрекорен пример, туку на оној за кој јасно ти е кажано во Божјата реч дека треба да го одбегнуваш, твојот живот ќе ја прими онаа награда која ја заслужил. Твојот живот ќе биде чисто промашување. {2T 396.3}

Една од најголемите причини за опаѓање на црквата во _____ е таа што луѓето се мереле едни со други и се споредувале едни со други. Малку се оние кои имаат живи начела во својата душа и кои Му служат на Бога, имајќи ја во вид само Неговата слава. Многу луѓе во _____ не се согласуваат да бидат спасени онака како што одредува

Бог. Тие нема да се потрудат да го градат своето спасение со страв и трепет. Немаат никакво искуство во тоа, а не сакаат ниту да се потрудат да дојдат до него со лични напори туку сакаат да се потпрат на други и да живеат од нивното искуство. Тие не можат да се помират со тоа да стражарат и да се молат, да живеат за Бога, само за Него. Многу е полесно да се живее, угодувајќи си себеси. {2T 396.4}

Црквата во _____ е преполна со отпаѓање од првичната состојба и не смее да се залажува дека ќе може да напредува сè додека оние кои го спомнуваат Христовото име не се ослободат од секоја нечистотија, сè додека не научат да го отфрлат злото, а да го одберат доброто. Од нас се бара постојано да се молиме, бидејќи на нашиот пат е поставена стапица; на сатанските лукавства ќе наидуваме таму каде што најмалку ги очекуваме. Ако во ова значајно време не стражариме во молитва, непријателот ќе нè заведе и ќе доживееме пораз. {2T 397.1}

Колкава одговорност лежела на вас како родители! Колку малку сте ја чувствувале тежината на тој товар! Горделивоста на срцето, љубовта кон задоволствата и попуштањето на страстите - тоа го исполнувало вашиот живот. Ова за вас било најважно и затоа не го забележавте доаѓањето на непријателот. Тој го подигна своето знаме во вашиот дом и го втисна својот одвратен лик во карактерот на вашите деца. Вас до таа мера ве заслепи богот на овој свет, така што не можевте да ја видите предноста која сатаната ја стекна ниту неговата дејност во самото ваше семејство. {2T 397.2}

Донесовте на свет деца кои сами не одлучуваа за својот живот. Вие во голема мера сте одговорни за нивната идна среќа, за нивното вечно добро. На вас почива одговорност да ги воспитувате своите деца за Бога, будно да внимавате на првата појава на лукавиот непријател и подготвено да го подигнете знамето против него. Изградете тврдина на молитва и вера околу вашите деца и трпеливо стражарете во неа. Вие ниту еден момент не сте сигурни од сатанските напади. Не смеете ниту еден момент да заспиете на своето место. Оваа војна е од најголемо значење. Во прашање се последици кои ќе се чувствуваат низ цела вечност. Тоа е прашање на живот и смрт за вашето семејство. Ќе бидете сигурни единствено ако ги понизите своите срца пред Бога и го побарате небесното царство како мали деца. Нема да бидете победници во таа борба ако продолжите по патот по кој одевте досега. Вие не сте близу небесното царство. {2T 397.3}

Некои кои не ја исповедаат верата во Христа се наоѓаат поблизу до небесното царство отколку многу адвентисти во _____. Не се трудевте да останете во Божјата љубов ниту ги учевте своите деца да се бојат од Господа. Не ги поучувавте во вистината кога станувате и кога легнувате, кога доаѓате и заминувате. Не ги контролиравте. Вие гледате на другите деца и се тешите зборувајќи: „Моите деца не се полоши од нив”. Ова можеби е точно, но дали тоа што други ги запоставувале своите должности ја намалува силата на барањето кое Бог ви го упатува вам како родители? Тој ви дал задача да ги одгледувате децата за Него, а нивното спасение во голема мера зависи од воспитувањето кое ќе го примат во своето детство. Не можат други да се нафатат на тие одговорности; тоа е ваша, само ваша должност како родители. Можете сите да ги повикате на помош при оваа сериозна и важна работа; но постои уште една сила која ги надминува сите човечки и која може да работи само преку вас. Бог ќе дојде да ви помогне; можете да се потпрете на Неговата помош. Неговата моќ е безгранична.

Човечките напори можат да бидат безуспешни, но Бог може да ги направи плодни со тоа што ќе делува преку нив. {2T 398.1}

На вас лежи одговорноста да воведете ред во својот дом. Чистите безгрешни ангели не сакаат да дојдат во дом во кој постои толку нечистотија. Вие спиете додека сте на стража. Вашиот дух е окупиран со неважни работи и затоа не е во состојба да се занимава со поважни. Ваша прва задача би требала да биде да го барате Божјото царство и Неговата правда; дури тогаш, според ветувањето, ќе ви се додаде сè останато. Вие ова не успеавте да го остварите во своето семејство. Ако сесрдно побаравте од Бога вас и вашите да ве поведе по тесниот пат, ревно би го собрале секој зрак на светлина со кој Господ ве осветлува вас и вашиот пат, би се радувале и оделе во таа светлина. {2T 399.1}

Вие не ја прифативте светлината на здравствената реформа која Бог ви ја подари. Се спротивставивте. Сметавте дека тоа не е важно, дека немате никаква причина да ја прифатите. Не сакавте да го зауздате својот апетит. Не можевте да ја согледате Божјата мудрост во светлината, односно ограничувањата во јадењето. Вие само забележавте дека морате да го зауздате својот апетит. Господ ни ја испрати оваа светлина во овие последни денови за темнината, во која западнаа претходните генерации поради грешните страсти, да се подигне и да се намалат злата кои настанале поради претерување во јадењето и пиењето. {2T 399.2}

Во Својата мудрост Бог одлучи да го изведе Својот народ на една височина каде ќе живее одвоено од светот во дух и дела, за Неговите деца лесно да не запаѓаат толку лесно во идолопоклонство и да подлегнат на расипаноста која завладеала во овој свет. Божја намера е верните родители и нивните деца да бидат живи Христови претставници, кандидати за вечен живот. Сите кои имаат удел во божествената природа ќе ја одбегнат расипаноста која преку страста дошла на овој свет. Оние кои му угодуваат на својот апетит не можат да достигнат христијанско совршенство. Не можете да поттикнете морални чувства кај своите деца ако не сте доволно грижливи при изборот на нивната храна. Трпезата која родителите ја подготвуваат за своите деца вообичаено за нив е стапица. Децата не јадат добро зготвена, едноставна храна. Храната често е изобилна и предизвикува трескавична состојба, бидејќи лесно ја надразнува нежната слузокожа на желудникот. Со ова јакнеат ниските страсти кои однесуваат победа, додека умните и моралните сили слабеат и стануваат слуги на животинските страсти. Морате да учите да готвите едноставни, но хранливи јадења. Месото и колачите подготвени со силни зачини не се најздрава и најдобра храна. Јајца не треба да се изнесуваат на вашата трпеза. Тие штетат на вашите деца. Најздрави се овошјето и зеленчукот, подготвени на наједноставен начин. Така во телото се внесува најголемо количество на хранливи материи, а истовремено и не му штети на умот. {2T 399.3}

Редовноста во јадењето има големо значење за телесното здравје и ведрината на духот. Вашите деца би требало да јадат само во време одредено за оброк. Не треба да им се дозволи да го кршат ова правило. Додека ти не си дома, сестро Е, не си во состојба да вршиш надзор во ова важно прашање. Твојот најстар син веќе толку го исцрпил својот организам, така што го затапкал патот на постојана болест. Твоето второ дете веќе тргнало по неговите стапки и ниту едно од твоите деца не е сигурно од тоа зло. {2T 400.1}

Можеби ќе биде невозможно од своите деца да ја дознаеш вистината во поглед на нивните навики. Оние кои се оддаваат на таен порок сакаат и да лажат и да измамуваат. Децата можат да те измамат бидејќи немаш можност да ги провериш нивните тврдења. Тебе непријателот толку долго те заслепувал, што немаш речиси ниту еден зрак на светлина кој би можел да ја растера темнината. Тебе те очекува едно сериозно и големо дело кое мораш веднаш да го започнеш: да ги доведеш во ред своето срце и својот дом. Единствен сигурен пат за тебе е да му се посветиш на ова дело. Не се лажи себеси и не мисли дека на крајот на краиштата, сето ова е претерано. Јас ги изнесов фактите кои ќе ја издржат пробата на судот. Пробуди се! Те преколнувам да го направиш тоа пред да биде премногу доцна злото да се отстрани, за ти и твоите деца да не доживеете смрт во општата пропаст. Извршувај ја оваа сериозна задача и повикај го на помош секој зрак на светлина кој паѓа на твојата патека, а ти тоа не го забележуваш, како и онаа светлина која блеска сега. Почни да го испитуваш својот живот и карактер како да си пред Божјиот суд. „Чувајте се од телесните желби, кои војуваат против душата," нè предупредува апостолот. Порокот и расипаноста се насекаде во пораст и ако во својата борба против струјата на злото не се потпрете на силата која е посилна од човечката, ќе подлегнете и ќе бидете одведени во пропаст. Без светост никој нема да го види Господа. {2T 400.2}

Бог го проверува и испитува Својот народ. Неговите ангели го следат развивањето на карактерот и ја оценуваат моралната вредност. Времето на милост се ближи кон крајот, а вие сè уште не сте подготвени! Работете додека трае денот, бидејќи доаѓа ноќ кога веќе никој нема да може да работи. Ќе се објави пресудата: „Кој е свет, нека биде свет и кој е поган нека биде поган". Ќе се одлучува за судбината на сите нас. Само мал број, да, само мал број од оние кои се на Земјата ќе се спасат и ќе стекнат вечен живот, додека сите оние кои не ги усовршиле своите души покорувајќи се на вистината, ќе бидат предадени на втора смрт. О, Спасителу, спаси го она што си го откупил со Својата крв! - тоа е молитвата на моето тажно срце. {2T 401.1}

Многу стравувам за вас и за многумина во _____ кои тврдат дека веруваат во вистината. О, истражувајте, внимателно истражувајте ги своите срца и подгответе се за судот. Срцето ме боли кога гледам колку деца чии родители ја празнуваат саботата ги упропастуваат телото и душата со таен порок. Во ваша близина е едно семејство во кое сите овие зли навики се огледуваат на телото, како и на умот. Овие деца се наоѓаат на патот кој води право во пропаст. Тие се понижуваат сами себеси и наведуваат многу други на тој порок. Поради тоа најстариот син бил недоразвиен и умно и телесно. Она малку разум што му преостанал, е сосем понижен. Ако и понатаму продолжи со тој порок, може да стане умоболен. Задоволувањето кај децата кои веќе се поголеми претставува страшно зло и донесува страшни последици, бидејќи го слабее организмот и умните сили. Но штетните последици се уште позабележителни кај оние кои се оддаваат на тој порок пред да пораснат, па изгледите за нивно закрепнување се речиси безнадежни. Децата заостануваат во растот, мускулите им се слаби, стануваат ситни и понекогаш изгледаат како да се потечени, помнењето попушта и речиси ништо не задржува, а неспособноста за концентрирање на мислите при учењето се зголемува. {2T 402.1}

На родителите на тие деца им велам: „Донесовте на свет деца само за да бидат проклетство за општеството. Тие се непослушни, страстни, порочни и раздразливи. Со

својот пример, тие ги расипуваат другите. Носат печат на карактерот на својот татко, на неговите ниски страсти. Во нив се одразува неговата жестока, избувлива природа. За овие родители би било многу подобро уште порано да заминеа да живеат во природа и заедно со своите деца да се одвојат од оние на кои не можат да им донесат никакво добро туку само зло. Постојаното работење во поле би било благотворно за овие деца; постојаната работа, колку што тоа дозволуваат нивните сили, би ги спречил да го злоупотребуваат сопственото тело и други да наведуваат на тој пеколен порок. Работата е голема благодат за сите деца, особено за оние кои се наклонети на порок и изопаченост. {2T 402.2}

Овие деца толку го раширија порокот во _____ така што ниту обединетите напори на сите проповедници и побожни луѓе не можат да го искоренат. Многумина кои се поучиле од вашите деца повеќе ќе се согласат да пропаднат отколку да ја зауздаат својата страст и да престанат со овој грев. Едно расипано суштество може за кратко време да посее повеќе зло семе отколку што многумина можат да искорнат во текот на целиот свој живот. Вашите деца се постојано во усните на оние кои хулат на вистината. Ова се деца на адвентисти, но се воглавном полоши од децата на световните луѓе. Тие имаат помалку човечност, помалку самопочит. Брат Ф не служеше на чест на Божјото дело. Неговата избувлива природа и неговиот пример не ги издигнуваа луѓето туку ги понижуваа. Неговиот недостаток на префинетост и здрав суд дадоа повод лошо да се зборува за Божјото дело. Многу подобро би било ова семејство уште одамна да се повлечеше во некое помало место, каде што неговото влијание помалку би се чувствувало. Неговите деца живееја во светлината на вистината и беа во поповолна положба отколку многу други деца, но тоа ништо не им користеше. Тие сè подлабоко упаѓаа во порочност. Нивното заминување значеше благодат за црквата, општеството и за целото семејство. Постојаната работа во поле би била благодат за таткото и децата, само кога би сакале да ги користат предностите на полскиот живот. {2T 403.1}

Видов дека семејството на брат Г треба да се поправи во многу работи. Х и И долго се оддаваа на овој порок. Особено Х кој отиде толку далеку, така што тоа имаше штетно влијание на неговиот ум, на неговото сетило за вид и на неговата здравствена состојба. Сатаната речиси потполно завладеа со духот на ова момче, но неговите родители не се во состојба да го видат злото и неговите последици. Неговиот ум е понижен, неговата совест затапена, неговото чувство за морал затаило така што лесно може да стане жртва на лошо друштво кое ќе го наведе на грев и злосторство. Брате и сестро Г, пробудете се, ве преколнувам. Вие не ја примивте светлината на здравствената реформа ниту живеевте според неа. Да го зауздавте својот апетит, би си заштедиле за себеси многу труд и издатоци. И што е уште поважно, подобро би го сочувале своето здравје и умни сили. Тогаш би биле во состојба да ги сфатите вечните вистини, вашиот ум би можел подобро да ги оцени доказите во прилог на вистината и би бил поподготвен на другите да им ги изнесе причините за надежта која ја носите во себе. Вие не ја јадете онаа едноставна, здрава храна која дава најдобра крв. Лошата крв сигурно ќе ги намали моралните и умни сили и ќе ги пробуди и зајакне ниските страсти на вашата природа. Не смеете да земате претерано изобилна храна, бидејќи тоа му штети на телесното здравје и го попречува издигнувањето на вашите души и на душите на вашите деца. {2T 404.1}

Вие изнесувате на својата трпеза храна која премногу ги оптоварува органите за варење, ги буди животинските страсти и ги слабее моралните и умните способности. Богатата храна и месо не се од никаква корист. Кога би ја знаеле природата на месото кое го јадете, да сте ги виделе тие животни чие месо го јадете пред колење, со одвратност би му свртеле грб на месото. Токму оние животни чие месо го јадете се толку болни, што би умреле кога не би ги заклале, но додека во нив има здив, луѓето ги колат и ги донесуваат на пазар. Во себе земате отров од најлош вид, а за тоа не сте свесни. Сакате да му угодувате на својот апетит. Морате да ја научите оваа поука:

„Ако јадете, ако пиете, што и да правите, сè правете на Божја слава". {2T 404.2}

Ве преколнувам поради Христа, доведете го во ред својот дом и своето срце. Вистината од небесно потекло нека ве издигне и нека ја посвети вашата душа, тело и дух. „Чувајте се од телесните желби кои војуваат против душата". Брате Г, твојата исхрана ги зајакнува ниските страсти. Ти не владееш со своето тело, што ти е должност, за да усовршуваш светост во Божји страв. Мораш да се придржуваш до умереноста во јадењето за да можеш да бидеш трпелив. Не заборави дека на своите деца во голема мера им даде печат на сопствениот карактер. Мораш да внимаваш на себеси и не смееш да бидеш груб, строг или нетрпелив. Постапувај со децата одлучно, но трпеливо, со љубов и сожалување, како што Исус постапува со тебе. Внимавај како ги укоруваш. Биди трпелив кон своите деца, но зауздај ги. Тоа во голема мера го запостави. Не ги поучуваше како што треба бидејќи не го совлада потполно сопствениот дух. За вас двајцата мора да биде извршено големо дело. {2T 405.1}

Брате Г, да одеше во светлината која Господ ти ја даде, би станувал сè посилен и Господ би те избрал за орудие на правдата. Ти си надарен, способен и можеш да работиш на Божја слава. Но ти не се потчини целосно на Бога. О, кога барем сега би копнеел по кротост и правда, за да можеш да се сокриеш на денот на жестокиот Господов гнев! {2T 405.2}

Драг мој брате и сестро, морате сложно и истрајно да ги исправувате грешките во воспитување на децата. Сестра Г беше премногу попустлива. Меѓутоа, сложно и со љубов можете уште и сега многу да направите, за да ги приврзете своите деца за своите срца и да им укажете на вистинскиот и добар пат. Морате да ги доведете во ред желбите на своето срце и сопствениот дом. Вашите постапки треба да бидат складни. Пребразувачкото влијание на Божјиот Дух може да изврши големо дело за вас двајцата и да ги обедини вашите срца и напори во делото на преобразување на вашето семејство. Незадоволството, мрморењето и раздразливоста треба да исчезнат. Тоа ги слабее вашите сили и го уништува влијанието кое морате да го вршите ако сакате да имате успех во воспитување на своите деца за небото. {2T 405.3}

Сатаната моментално е понадмоќен. Вашите деца се негови заробеници. Тој владее со нивниот дух и ги наведува на погрешен пат. Нивното чувство за морал како да затаило. Грешат осквернувајќи се себеси и уживаат во својата расипаност. Таквите момчиња се во состојба да ја затрујат цела околина или црква и нивното пустошно влијание ги доведува во опасност сите оние со кои доаѓаат во допир во училиштето. Вашите деца се расипани во телото и духот. Порокот ставил свој печат на вашите најстари деца. Тие се извалкани, силно извалкани од гревот. Во нив преовладуваат животински нагони, додека моралните и умните сили им се многу слаби. Ниските

страсти зајакнале, а совеста станала закоравена и тапа. Ете како порокот делува на умните сили. Оние кои работат на уништување на сопственото тело и дух не запираат само на тоа. Тие ќе бидат подготвени за злосторство од секој вид, бидејќи нивната совест е закоравена. Родителите не се ниту наполу свесни за својата родителска одговорност. Тие не ги исполнуваат своите должности. Не им укажуваат на своите деца на грешноста на таа опасна навика која ги уништува доблестите. Сè додека родителите не се освестат, нема надеж за нивните деца. {2T 406.1}

Би можела да наведам уште многу други случаи, но ќе се воздржам и ќе споменам само неколку. Х е опасен другар. Тој е потчинет на овој порок. Неговото влијание е лошо. Божјата благодат нема влијание врз неговото срце. Тој има добар разум и неговиот татко очекувал дека тоа ќе ги урамнотежи; меѓутоа, само умните сили не обезбедуваат надмоќ на доблестите. Поради недостаток на верски начела, тој е расипан во срцето, па насекаде врши пустошно влијание. Не е верен на своите начела и се фали со сомневања. Кога ќе се најде во друштво на своите другари или оние кои се помлади од него, зборува со знаење за верските работи и се потсмева на вистината и Библијата. Таквото наводно знаење го расипува умот и ги наведува младите луѓе да се срамат од вистината. Таквите другари треба секогаш да се одбегнуваат, бидејќи тоа е единствениот сигурен пат. Младите девојки се привлечени од друштвото на тоа момче. Дури и некои кои тврдат дека се христијанки, уживаат во неговото друштво. {2T 406.2}

К е момче кое би можело правилно да се развива кога би бил под правилно влијание. Нему му е потребен пример. Кога момчињата кои ја исповедаат вистината би Го славеле Христа со својот живот, нивното влијание би однело победа над штетното влијание на момчето како што е Х. Но младите, општо земено, немаат поголема вера од оние кои никогаш не го споменале Христовото име. Тие не сакаат да отстапат од беззаконието. Едно способно момче како што е Х има моќно влијание на злото. Ако со неговиот ум владееле доблести и правда, тој би имал позитивно влијание. Но бидејќи со него управува расипаноста, неговото лошо влијание на околината е огромно и ќе го одвлече во пропаст. Блескавиот разум, ако е расипан, го прави срцето лошо. Сјајниот ум, посветен со Божјиот Дух, има скриена моќ и ја осветлува со светлина и чистота својата околина. {2T 407.1}

Кога момчето со такви умни способности какви што има Х би го потчинил своето срце на Христа, тоа би бил неговиот спас. Неговиот ум со помош на чистата вера би бил поставен на здрави темели; неговите умни и морални сили би зајакнале и би постанале складни. Неговата совест, осветлена со божествената благодат, би станала јасна и чиста, би владеела со волјата и желбите и би внела искреност и исправност во секоја постапка во животот. Без начелата на верата, тоа момче ќе биде подмолно, подло, лошо и ќе ги затруе сите оние кои се дружат со него. Ја предупредувам целата младина да се чува од тоа момче доколку продолжи да се потсмева на верата и на Библијата. Младино, чувај се од неговото друштво. {2T 407.2}

Л исто така се расипал дружејќи се со момчиња кои на него вршеле лошо влијание. Ј и К не се добро друштво за него, бидејќи тој лесно се поведува по лош пример. _____ не е најдобро место за него. Тој живее нечист живот и се уништува себеси. Поради тоа и поради лошото друштво кое го сака, во него ќе ослабнат оние желби кои помагаат да се изгради карактер полн со доблести и да го заслужи небесното царство.

Младите луѓе кои сакаат бесмртен живот мораат да запрат на патот на злото и да не дозволат ниту една нечиста мисла или чин. Нечистите мисли водат кон нечисти дела. Кога би размислувале за Христа, духот би бил далеку од секоја помисла на нечисти постапки. Умот јакнее со размислување за возвишените предмети. Ако се научи да оди по патиштата на чистота и светост, тој ќе стане здрав и силен. Ако се воспита да размислува за духовните работи, тоа со време ќе му стане сосем природно. Меѓутоа, ова обраќање на нашите мисли кон небото не може да се постигне без вистинска вера во Бога, ако сесрдно не се потпреме на Него, и не побараме сила и благодат кои ќе бидат доволни за секоја прилика. {2T 408.1}

Без сесрдни напори и цврсти начела не можеме да ја стекнеме онаа чистота на животот и карактерот која ја имал нашиот божествен Пример. Колебливата личност нема да успее да постигне христијанско совршенство. Таа, мерена на мерилата на светилиштето, ќе биде пронајдена лесна. Сатаната го бара својот плен рикајќи како лав. Тој го испробува своето лукавство на секое невино момче. Безбедноста се наоѓа само во Христа. Единствено со помош на Неговата благодат можеме успешно да одолееме на сатаната. Сатаната им раскажува на момчињата дека уште има доволно време, дека можат уште еднаш да попуштат на својот порок и никогаш повеќе. Но тоа единствено попуштање ќе го затруе целиот нивен живот. Не смеете ниту еднаш да стапнете на забрането подрачје. Во овие опасни денови, кога на сите страни има искушенија кои одвлекуваат во порок и расипаност, младите луѓе мораат од длабочината на душата да го подигнат својот глас кон небото: „Како младиот човек ќе го исчисти својот пат?” Неговите уши нека бидат отворени и неговото срце склоно да ја слушне поуката која ќе му се даде како одговор: „Ако се придржува на Твоите зборови”. Единствена безбедност за младите во ова време полно со расипаност е да го направат Бога своја поддршка. Без Божја помош, тие ќе бидат неспособни да ги зауздаат телесните страсти и барања. Христос ни пружа помош која толку ни е потребна; но само малкумина од нив сакаат да пријдат кај Него и да ја побараат таа помош. Кога бил на земјата, Исус рекол: „Не сакате да дојдете кај Мене за да имате живот”. Во Христа сите можат да победат. Можете да кажете заедно со апостолот: „Но во сето тоа стануваме повеќе од победници преку Оној Кој нè возљуби”. И уште: „Го поробувам своето тело и го потчинувам”. {2T 408.2}

Го опишав детално случајот на брат Е и неговото семејство, бидејќи тој е вистинска слика на состојбата на многу семејства; Бог сака тие семејства да го прифатат ова како да е пишувано посебно за нивна полза. Постојат уште многу примери кои би можела да ги спомнам, но веќе доволно наведов. Младите девојки не се толку слободни од злосторството на самозадоволување како што тоа вообичаено се мисли. И тие подлегнуваат и со тоа можат да го упропастат своето здравје. Некои кои штотуку влегле во пубертет се наоѓаат во опасност да добијат парализа на мозокот. Веќе им попуштиле моралните и умни сили, додека животинските страсти стекнуваат власт и го упропастуваат телото и душата. Младите и од едниот и од другиот пол, не можат да бидат вистински христијани, ако сосем не престанат со тој пеколен порок кој ја уништува и душата и телото. {2T 409.1}

Голем дел од младината лудува по книги. Читаат сè што ќе им дојде при рака. Возбудливите љубовни романи и нечисти слики вршат лошо влијание на младината. Многумина читаат романи кои создаваат нечиста фантазија. По возовите често се нудат

фотографии на жени во голотија. Овие одвратни слики се наоѓаат и во фотографските салони и по оние работилници кои тргуваат со бакрорез. Ова е време кога расипаноста насекаде преовладува. Со сликите се будат лоши страсти. Фантазијата го изопачува срцето. Луѓето сакаат да набљудуваат сцени кои будат ниски, животински страсти. Тие порочни слики кои делуваат на изопаченото вообразување, ги расипуваат добрите обичаи и ги поттикнуваат заслепените, измамени луѓе да се препуштат на својата страст. Потоа доаѓаат гревот и злосторството кои ги спуштаат суштествата создадени според Божје обличје на ниво на животните и конечно ги одвлекуваат во пропаст. Не читајте и не гледајте она што предизвикува нечисти мисли. Развивајте морални и умни сили. Не дозволувајте тие благородни сили да ослабнат и да се изопачат со читање на романи. Познавам силни умови кои станале неурамнотежени и делумно отапеле или станале парализирани преку неумереност во читањето. {2T 410.1}

Ги повикувам родителите да внимаваат што читаат нивните деца. На децата само може да им наштети ако многу читаат. Особено не дозволувајте во вашиот дом да се наоѓаат списанија и весници со љубовни приказни. Невозможно е младината да поседува здрав ум и исправни верски начела ако не ја чита Божјата реч. Таа книга содржи најинтересна историја, укажува на патот на спасението преку Христа и претставува патоказ кон повозвишен и подобар живот. Сите би ја прогласиле за најинтересна книга која некогаш ја прочитале, ако нивната фантазија не е изопачена со читање на возбудливи, измислени романи. Вие кои очекувате вашиот Господ да дојде по втор пат за да ги вообличи вашите смртни тела според Своето славно тело, морате да се позанимавате со повозвишена дејност. Морате со делата да се издигнете на еден повозвишен став отколку досега, инаку нема да бидете меѓу оние кои ќе добијат бесмртност. {2T 410.2}

---

55. ВИСТИНСКА ЉУБОВ ВО ДОМОТ

Брате М, кога бев во Адамс центарот, покажано ми беше дека, додека си наоѓал во овој центар, ти недостигал несебичен дух; не вршеше онакво влијание какво што требаше. Можеше да направиш твојата светлина да заблеска, но ти не го направи тоа. Често ги запоставуваш своите должности поради забава. Не покажа грижливост ниту понесе одговорност. Не уживаш во движењето. Ја сакаш својата удобност и не си за тешка работа. Тоа е себично. Дозволи имотот на Институтот да се намалува и пропаѓа, иако твоја должност беше да го сочуваш и да се погрижиш сè да биде во ред и тоа со поголемо залагање и грижа отколку да е твој сопствен. Беше неверен повереник. Секогаш кога учествуваше на забавите, играше крокет или нешто слично, го трошеше времето за кое си платен и кое не ти припаѓа на тебе. Тоа е исто така како да си земал пари кои не си ги заработил и си ги присвојувал за себе. {2T 411.1}

Браќата Лофборо, Ендрус, Олдич и други не те познаваа. Те преценија и ти не можеше да одговориш на должностите кои ти ги наменија. Грешеа одредувајќи толку висока цена за твојата работа. Не ги заслужуваше парите кои ги примаше. Беше

премногу бавен и немаше доволно енергија. Не беше доволно заинтересиран и буден за да го забележиш она што треба, ја запоставуваше својата должност. {2T 411.2}

Драги брате, ти си далеку од Бога; се наоѓаш во состојба на отпад. Не поседуваш благородна морална храброст. Им попушташ на сопствените желби наместо да се откажуваш од себе. Барајќи среќа, посетуваше места за забави кои Бог не ги одобрува и на тој начин ја ослабна сопствената душа. Драги брате, ти мораш уште многу да учиш. Си угодуваш на својот апетит, земајќи храна повеќе отколку што треба за таа да се претвори во добра крв. Грев е да се биде неумерен во поглед на количеството на храна, дури и тогаш кога на квалитетот нема што да му се замери. Многумина сметаат дека едноставна храна можат да јадат до ситост, бидејќи не земаат месо и други нездрави продукти. Тоа е неточно. Многумина кои тврдат дека ја прифатиле здравствената реформа не се ништо друго туку алчни луѓе. Тие толку ги оптоваруваат органите за варење, што нивната животна сила се исцрпува во напорот да ја свари храната. Тоа исто така неповолно влијае на умот, бидејќи силите на мозокот мораат да му помогнат на желудникот. Прекумерното земање дури и на наједноставните продукти ги затапува чувствителните нерви на мозокот и ја слабее животната сила. Претераното внесување на храна има полоши последици по здравјето отколку претераната работа. Неумереноста во јадењето повеќе ги уништува енергиите на душите отколку неумереноста во работата. {2T 412.1}

Органите за варење никогаш не треба да се оптоваруваат со таква храна која според количеството или квалитетот бара целото тело да учествува во процесот на варење. Сè што ќе се внесе во стомакот преку она што организмот може да го претвори во крв, го оптоварува животниот апарат; тој вишок не може да се претвори ниту во мускули, ниту во крв туку само го оптоварува црниот дроб и создава болна состојба. Желудникот претерано работи за да го дислоцира тој вишок, па оттаму чувство на тромост, кое се толкува како чувство на глад. Не дозволувајќи им на органите за варење да се одморат од својата тешка работа, да присоберат енергија, човекот повторно внесува во стомакот претерани количества на храна и замореният апарат повторно се става во погон. Телото извлекува помалку хранливи состојки од прекумерното количество на храна отколку од умереното количество на храна, која се зема во правилни временски интервали. {2T 412.2}

Драг брате, твојот мозок отапи. Човекот кој го зема она количество на храна кое ти го земаш, треба да биде човек кој работи. Работата е потребна за варење на храната и за здравје на телото и умот. Тебе ти е потребна физичка работа. Се движиш и работиш како да си од дрво, како воопшто да немаш еластичност. Неопходно ти е здраво, активно движење. Тоа ќе го зајакне умот. По обилниот оброк не треба да се учи или веднаш да се пристапи на тешка работа; со тоа би се повредиле законите на телесното здравје. Енергијата на нервите веднаш по јадењето значително се троши. Силите на мозокот активно работат за да му помогнат на стомакот. Според тоа, процесот на варење се попречува ако умот или телото се преоптоваруваат по јадењето. Животните сили кои се потребни за да се изврши работата во една насока, се упатуваат назад во друга насока. {2T 413.1}

Мораш да вежбаш да бидеш умерен во сè. Развивај повозвишени сили на умот, па ќе преостане помалку сила за развивање на животинските нагони. Твоите духовни сили

не можат да се развијат сè додека потполно не ги совладаш својот апетит и страсти. Вдахновениот апостол вели: „Туку го поробувам своето тело и го потчинувам; за проповедајќи им на другите, самиот да не бидам отфрлен”. {2T 413.2}

Мој брате, те преколнувам пробуди се. Делото на Божјиот Дух нека допре подлабоко од земските работи; нека допре до изворот на секоја твоја постапка. Тебе ти се потребни начела, цврсти начела и делотворна сила, како во духовните, така и во минливите работи. Во твоите напори нема сесрдност. О, колку многу луѓе стојат ниско во поглед на духовноста само затоа што не можат да се откажат од својот апетит! Прекумерното земање на храна ги заматило и речиси умртвило умните сили. Таквите луѓе не можат да останат будни во сабота во Божјиот дом. Ниту најсериозните напори често не можат да ги пробудат нивните преоптоварени, затапени мозоци. Колку и да биде возбудливо изнесена, вистината не влијае на нивното морално чувство ниту може да го просветли нивниот разум. Дали тие луѓе се трудат да Го слават Бога во сè? {2T 414.1}

Ако нашиот ум не се воспита да размислува за она што е возвишено, нема да имаме јасни поими за вечните прашања. Сите страсти мораат потполно да се потчинат на моралните сили. Кога мажите и жените зборуваат за својата силна вера и за вистинската духовност, а не ги зауздале потполно сите свои страсти, нивната вера е лажна. Бог бара од нив тоа да го направат. Духовната темнина преовладува затоа што се задоволуваме со нискиот степен на кој се наоѓаме и затоа што нашите мисли не се управени кон она што е чисто, свето и небесно. {2T 414.2}

Видов брате М, дека не си среќен во своето семејство. Твојата жена доживеала разочарување, а и ти исто така. Твојата жена очекувала да најде во тебе еден човек со благородни и префинети особини. Била многу несреќна. Горделива е во голема мера. Преку својата мајка имала допир со круговите на луѓе кои се многу совесни, но горделиви и вообразени, па и самата ги попримила овие особини. Таа има затворен карактер. Во нејзината природа не е да биде отворена и да ги манифестира своите чувства. Смета дека секое манифестирање на љубов помеѓу мажот и жената се знак на слабост и незрелост. Чувствувала дека доколку покаже љубов, за возврат нема да добие чиста и возвишена љубов туку ниски страсти, дека со тоа ќе ги зајакне овие страсти, а не чиста, длабока, света љубов. {2T 414.3}

Твојата жена треба да се потруди да излезе од својата повлеченост и да биде едноставна и пријатна во сите свои постапки. А кога во тебе ќе се пробудат оние повисоки својства и кога ќе зајакнат со вежбање, ти подобро ќе ги разбереш потребите на жените; ќе сфатиш дека душата копнее за една повисока и почиста љубов од онаа која се состои од ниски страсти. Со постојано попуштање ти дозволи овие страсти да се вкоренат. Ти ќе донесеш среќа на својата сопруга ако во Божји страв го зауздаш своето тело и се трудиш кон неа да покажеш чиста, возвишена љубов. Прегрни ја со сето срце, цени ја високо. {2T 415.1}

Беше вообразен и се сметаше себеси повисок од својата жена. Не се разбра самиот себе. Имаше многу високо мислење за своето верско искуство и своето напредување во богоугодниот живот. Ти не ѝ помогна на својата сопруга туку само ѝ одмогна. Таа се плашеше за тебе, гледајќи дека не се сфаќаш самиот себеси и дека одиш премногу брзо. Вашата врска не претставуваше среќна заедница. Твојата жена беше плашлива, повлечена, со затворена природа. Не ја разбра ниту најмалку. Таа се колеба и се плаши

да не направи ниту едно движење од страв да не оди премногу бргу. Потребно е да стекне доверба во себе и да биде независна. {2T 415.2}

Брате М, ти во неа не развиваше самодоверба. Не беше внимателен кон неа ниту ѝ ја укажуваше потребната љубов. Понекогаш и би покажал љубов, но и тоа било себично. Љубовта за тебе не е начело, не е длабока и не се наоѓа во основа на сите твои постапки. Тоа не била онаа несебична љубов во која би се одразувала твојата постојана грижа за неа, твојата желба да бидеш во нејзино друштво. Никогаш не покажа дека нејзиното друштво го сакаш повеќе од другите луѓе. Бараше свои задоволства, оставајќи ја дома осамена и нерасположена. Така работеше пред доаѓањето во ова место, а и понатаму така постапуваш, иако во нешто помала мера не наоѓаш прилики и изговор. {2T 415.3}

Твојата жена не се обидува да ти ги става до знаење твоите мани. Таа се плаши од тебе. Ако кон неа манифестираше вистинска љубов која ја бара нејзината природа, ти би допрел во нејзиното срце нишка и таа би ти одговорила со иста мера. Премногу си студен и крут. Понекогаш и покажуваш некоја наклонетост кон неа, но со тоа не ја пробуди нејзината љубов, затоа што не беше љубезен и внимателен и не покажа дека се грижиш за нејзината среќа. Често сметаше дека можеш да трчаш по своите задоволства, не обзирајќи се ниту најмалку на нејзиното задоволство и среќа. {2T 416.1}

Вистинската, чиста љубов е драгоцена. Чудесно е нејзиното дејство. Таа е длабока и постојана. Таа не се манифестира само на моменти. Таа донесува плодови. Таа ќе те поттикне да се потрудиш својата сопруга да ја направиш среќна. Ако негуваш таква љубов, ќе ти биде сосем природно да ги преземеш овие напори. Тие нема да ти изгледаат тешки и нема да има никаква принуда. Ако излезеш во прошетка или одиш на состанок, ќе ти биде природно да ја поведеш со себе и својата жена и да се потрудиш да биде среќна со тебе. Ти сметаш дека таа постигнала помалку од тебе во духовен поглед, но јас видов дека на Бога повеќе му се допаѓа нејзиниот пат отколку твојот. Ти не си достоен за својата жена. Таа е премногу добра за тебе. Таа е кротка, чувствителна билка и потребна ѝ е голема нега. Ревно се труди да ја исполнува Божјата волја, но има горделив дух, плашлива е и стравува од прекор. За неа е смрт кога ѝ замеруваат или ѝ префрлаат. Исполни го своето ветување кое го даде на венчавањето: твојата жена да биде сакана, почитувана, па ќе се ослободи од својата вродена повлеченост и плашливост. {2T 416.2}

Штом една жена забележи дека мажот ја цени и љуби не само затоа што му е корисна во домот, туку и затоа што таа е дел од него самиот, ќе му одговори на неговата наклонетост и ќе му возврати со љубов, Мораш на својата жена да ѝ посветиш посебно, сесрдно внимание. Кога би бил таков каков што Бог сака да бидеш, би се чувствувал загубен без жена. Сметаш дека нејзината вера нема никаква вредност, но нејзината вера побргу ќе добие одговор отколку твојата. {2T 416.3}

Брате М, ти не можеш да го разбереш срцето на една жена. Не си во состојба да ги поврзеш причините и последиците. Јасно ти е дека твојата жена не е толку весела и среќна како што ти би сакал, но не се прашуваш што е причина за тоа. Не го проучуваш своето однесување за да видиш дали некоја тешкотија не лежи во тебе. Манифестирај љубов кон својата жена. Таа копнее по длабока, вистинска љубов која подига. Покажи ѝ на видлив начин дека ги цениш и возвраќаш на нејзините напори да ти го направи животот пријатен во кои се одразува нејзината грижа за тебе. Прашај ја за мислење и

совет во секој свој потфат. Почитувај го нејзиниот суд. Не мисли дека знаеш сè што треба да знаеш. {2T 417.1}

Домот во кој владее љубов, во кој љубовта се одразува со зборови и на дело, претставува место во кое ангелите сакаат да престојуваат и да го осветлуваат со зраци на светлина. Тука и обичните куќни работи добиваат некоја своја убавина. Во такви околности на твојата сопруга не би ѝ била непријатна ниту една од животните должности. Таа ќе ги врши со радосно срце, ќе биде како сончев зрак на сите околу себе и нејзиното срце ќе пее во слава на Господа. Сега таа чувствува дека во твоето срце за неа нема љубов. Многу пати ѝ го покажа тоа. Ти ги извршуваш должностите кои ги имаш како глава на семејството, но тука нешто недостига. Недостасува драгоценото дејство на љубовта која раѓа нежност и внимание. Љубовта треба да се одразува во секој збор, во секоја постапка и да се забележува во гласот. {2T 417.2}

Твојата сопруга нема храброст да го отвори своето срце пред тебе, бидејќи штом ќе даде израз на некое чувство кое се разликува од твоето, ти ја одбиваш. Твоите зборови се толку убедливи, што таа нема храброст и самата нешто да каже. Вие не сте едно во срцето. Ти се ставаш во некоја положба над неа и се однесуваш така како нејзиниот суд и нејзиното мислење да немаат никаква вредност. Сметаш дека си далеку подобар од неа во поглед на духовниот живот. Брату мој, ти не се познаваш самиот себеси. Бог гледа на делата, а не на зборовите. Надворешните знаци ја немаат кај Бога онаа оценка која ја имаат кај луѓето. Бог ги цени понизното срце и понизниот дух. На нашиот Спасител му се познати душевните борби на секоја душа. Тој не суди според надворешноста туку според правдата. {2T 418.1}

Ти си самоуверен. Заземајќи некој став, ти не го проучуваш прашањето во целина ниту размислуваш за тоа какви ќе бидат последиците на твојата упорност туку го заплеткуваш во своите молитви и разговори, иако знаеш дека твојата жена не застапува ист став. Наместо да ги почитуваш чувствата на својата жена и како секој благороден човек да гледаш да го одбегнеш разговорот за оние прашања во кои се разидувате, ти сакаш да се задржуваш на нив и при изнесувањето на сопствено мислење немаш обѕир кон оние со кои зборуваш. Сметаш дека другите немаат право да имаат мислење кое би се разликувало од твоето. Овие плодови не растат на христијанското дрво. {2T 418.2}

Во случајот на сестра Н, ти не ги виде работите во вистинската светлина. Ако твоите молитви и молитвите на останатите беа услишени и ако таа била исцелена, тоа би донело пропаст повеќе отколку на двајца или тројца од вас. Оваа работа ја уредила Божјата мудрост. Бог ги чита побудите и намерите на срцето. {2T 418.3}

Твојата сопруга има исто толку право на свое мислење како и ти на свое. Брачната врска не треба да ја уништува нејзината личност. Таа има лични одговорности. Нема да ја поправиш својата положба сè додека не ѝ пружиш повеќе слобода и сè додека кон неа не манифестираш поголема љубезност и христолик дух на трпение и ги гледаш другите во онаа светлина во која сакаш другите да те гледаат тебе. Ти мораш да примиш поука: „Ништо не правете со гордост или за празна слава туку со понизност давајте му поголема почест на другиот". „Со братска љубов бидете еден кон друг љубезни. Не бидете мрзливи во работата; бидете огнени во духот, служете Му на Господа". {2T 418.4}

Водење на состаноци за искажување на сведоштва

Покажано ми е брате М, дека во тебе треба да дојде до една голема промена за да можеш да вршиш влијание во црквата, да ги поправаш грешките и да ги воздигнеш луѓето. Во тебе ја нема онаа духовна понизност која допира до срцето на Божјиот народ. Многу се возгордеа. Мораш да ги испитуваш своите побуди и постапки, мораш да настојуваш погледот да ти биде насочен само на Божјата слава. Ниту брат О, а ниту ти не сте соодветни да одговорите на потребите на младината и црквата воопшто. Не се трудиш да пронајдеш најдобар начин на кој би можел да им помогнеш на луѓето. Ниту ти, ниту брат О не работите добро кога станувате од своите столици и заземате место на проповедалната пред народот. Вие тогаш сметате дека морате да кажете нешто што би одговарало на местото кое го заземавте. Наместо да станете и да изговорите неколку зборови, вие се впуштате во долги излагања кои во голема мера му штетат на расположението на состанокот. Многумина чувствуваат олеснување кога вие повторно ќе седнете. Таквите долги излагања повеќе би одговарале доколку се наоѓате во некоја селска околина, каде што има малку луѓе способни да го исполнат времето на состанокот. {2T 419.1}

Господовото дело е големо дело и потребно е да му се посветат мудри луѓе. Потребни се луѓе кои можат да се прилагодат на желбите и потребите на верниците. Ако сакаш да им помогнеш на луѓето, не смееш да се издигнуваш над нив туку да бидеш меѓу нив. Тоа е голема грешка на братот О. Тој е премногу крут. Едноставноста не е во неговата природа. Не проценува од причините кон последиците и нема да стекне љубов и наклонетост. Не умее да биде толку јасен за и децата да можат да го разберат и не умее да зборува со чувство, така што неговите зборови да допираат до срцата на луѓето. Тој им зборува на децата како на возрасни, но тие немаат никаква корист од тоа. Неговите излагања се вообичаено здодевни и заморни. Понекогаш би оставил многу подобар впечаток на присутните ако зборувал четири пати помалку. {2T 419.2}

Оние кои ги поучуваат децата треба да одбегнуваат здодевни излагања. Кратките излагања ќе имаат најсилно дејство. Ако треба многу да се каже, надополнете го краткото излагање со често повторување. Неколку интересни зборови изговорени тука и таму ќе донесат многу поголема корист отколку кога сè би изговориле одеднаш. Долгите говори претставуваат оптоварување за малите детски мозоци и ќе ги наведат да почувствуваат одбивност кон сите духовни поуки, исто како што претераното земање на храна го оптоварува желудникот, го слабее апетитот, а често и предизвикува одвратност кон јадењето. Може да се случи умот да стане презаситен со ова изобилство на зборови. Работата во црква, а особено со младината, треба да се извршува на следниов начин: заповед по заповед, правило по правило, овде малку онде малку. Дајте му на умот време да ги свари вистините со кои го храните. На патот кон небото децата не смеат да се водат избрзано, туку благо. {2T 420.1}

Батл Крик, Мичиген, 2 октомври, 1868.

_____

56. ВАЖНОСТ НА САМОСОВЛАДУВАЊЕТО

Драг брате П, неколку пати се обидував да ти пишам, но секогаш нешто ме спречуваше. Сега веќе нема да одложувам. Последниве неколку денови особено бев загрижена поради тебе. Минатото утро ми беа откриени извесни работи во врска со тебе. Покажан ми е твојот несреќен, нестабилен живот во минатото. Беше без Бога. Водеше безгрижен живот. Сепак видов дека Бог многу пати милостиво го сочува твојот живот, кога изгледаше дека никаква човечка сила и мудрост не можат да го спасат. И ти сега стоиш како доказ на Божјата милост. Кога твојот живот се наоѓаше во неминовна опасност, Христос - твојот Застапник, се молеше за тебе: „Татко, поштеди го уште малку неговиот живот. Тој беше неплодно дрво кое ја оптоварува земјата; но не го сечи. Јас трпеливо ќе причекам уште малку за да видам дали ќе роди плод. Ќе делувам со вистината на неговото срце. Ќе му укажам на гревот”. {2T 421.1}

Видов дека Господ ти го отвори патот да Го слушаш и да Му служиш. Твоите чекори беа упатени на Запад, каде што околината ќе биде поповолна за растење во благодатта и каде што нема да ти биде тешко да стекнеш небесен карактер. Дојде во нашето семејство и ние те примивме со цело срце. Така одреди Господ. Го немаше потребното искуство за да можеш да живееш живот кој Бог го одобрува. Се најде во положба во која за неколку месеци доби повеќе светлина и правилно сознание за вистината отколку што би го стекнал со години ако останеше на Исток. {2T 421.2}

Милостивиот Првосвештеник беше запознаен со твоите слабости и заблуди и не те остави така неискусен да се бориш со големиот непријател среде неповолните околности. Ако останеше во _____, не би останал во вистината. Спротивставувањето на кое би наишол, би ја поттикнало твојата борбеност и ти би ја посрамил вистината со некоја избрзана постапка. Потоа, ако се појавеа пречки на твојот христијански пат, ти би се обесхрабрил и би отстапил од вистината. Мораш да бидеш благороден во многу нешта. Твоето срце мора да биде исполнето со благодарност кон твојот љубен Спасител поради милоста која ти ја укажал, додека толку долго ја злоупотребуваше Неговата љубов. {2T 421.3}

Покажано ми е дека си неизделкан камен од каменолом кој мора уште многу да се обработува и мазни за да може да биде поставен на своето место во небесната зграда. Еден дел од работата веќе е направен за тебе. Но колку уште преостанува да се направи! Ти имаш многу непријатна природа. Ја гледаш само лошата страна од животот. Немаше многу среќа; но ти си од оние кои се движат во сопствената светлина, одвојувајќи се од доброто. Во својата младост поттикнуваше во себе дух на незадоволство. Не дозволуваше било кој да управува со тебе. Одлучи да одиш по сопствениот пат, не обѕирајќи се на мислењето и советите на другите. Не дозволи да те контролира очувот, бидејќи сакаше да одиш по сопствениот пат. Тој не умееше да најде најдобар начин на постапување кон тебе, а ти не сакаше да го почитуваш неговиот авторитет. Штом тој ќе проговореше, ти заземаше став на самоодбрана. Беше многу борбен и сакаше да се бориш со секој и со сè што би се испречило на твојот пат. Дури и кога би ти се предлагало да појдеш по поповолен пат во своите планови и работа, ти веднаш би побегнал.

Мислеше дека те укоруваат, дека ти замеруваат и се лутеше на оние кои беа твои вистински пријатели. Твојата фантазија беше болна. Мислеше дека сите се против тебе и дека твојата судбина е претешка. Таа навистина е тешка, но ти ја направи таква. {2T 422.1}

Твоето однесување кон очувот беше несоодветно. Тој не заслужи кон него да постапуваш онака како што постапуваше. Тој има свои недостатоци и грешки; меѓутоа, ти не ги увиди сопствените грешки додека неговите недостатоци ги гледаше во мрачни бои. Според Божјото провидение, твојата сопруга беше скршена од болест. Таа беше горделива жена, но се покаја за своите гревови и Бог го прими нејзиното каење. {2T 422.2}

Твојот пат беше ограден и од лева и од десна страна за да се спасиш од пропаст. Господ го принуди твојот самоволен и нескротлив дух да Му се потчини. Со суд и со милост доведен си до покајание; како Јона, побегна од својата должност на море. Бог ти го попречи патот во Своето провидение. Не можеше да напредуваш и да бидеш среќен затоа што не можеше да се откажеш од сопственото јас. Го понесе со себе своето јас и својот грев. Те обземаа незадоволство и немир и не сакаше да ги извршуваш должностите кои се појавуваа на твојата патека. Сакаше некоја промена - некое големо дело. Стана несреќен, нестабилен. {2T 423.1}

Ако над тебе не беше окото на нашиот Спасител, ти би бил препуштен на тоа свое неспокојство и би пропаднал како во духовен, така и во материјален поглед. За време на својот престој во туѓа земја и во моментите на својата слабост ја почувствува сета горчина на својата изгубеност и бедна положба во која се наоѓаш. Помина долги ноќи и денови полни со маки и неспокојства, далеку од својата мајка и сестри. Немаше никој освен туѓинец да ти укаже помош, немаше христијанска надеж која би те поткрепила. {2T 423.2}

Бараше среќа, но не ја доби. Не го послуша советот на својата мајка и нејзините молби да не ги кршиш Божјите заповеди. Твојот дух често поради тоа доаѓаше во некоја состојба на огорченост. Сепак, не можам да влегувам во сите детали, бидејќи немам сила за тоа. Ќе се задржам само на најважните работи кои ми се покажани. {2T 423.3}

Видов дека мораш да извршиш едно дело кое не го сфаќаш, а тоа е да умреш за себе и да го распнеш своето јас. Твојата природа е избувлива и тоа мораш да го совладаш. Поседуваш благородни црти на карактерот и би имал пријатели кога твојата избувливост не би навредувала. Ти си многу приврзан кон оние кои ти се наклонети. Кога правилно ќе ги сфатиш работите, тогаш си совесен, но често постапуваш избувливо, без размислување. {2T 423.4}

Донесуваш суд за поединци, не сфаќајќи ја нивната положба или работа. Ги набљудуваш работите од својата точка на гледање и подготвен си да замеруваш и да осудуваш, иако не го познаваш животниот пат на другите луѓе и не го набљудуваш проблемот од сите страни. Тебе не ти се познати должностите на другите, па според тоа, не си одговорен за нивните постапки. Ти треба да ја извршиш својата должност, а останатите препушти ги на Господа. Биди трпелив, сочувај го мирот и смиреноста на својот дух и биди благодарен. {2T 424.1}

Видов дека Господ ти даде светлина и искуство за да можеш да забележиш дека грев е да се биде избувлив и за да можеш да ги совладаш своите страсти. Ако не го

научиш тоа, сигурно е дека нема да добиеш вечен живот. Ти си премногу чувствителен и се чувствуваш навреден ако некој изговори било каков збор во корист на начинот на живот кој се разликува од твојот. Сметаш дека секогаш некој ти замерува, дека затоа мораш да се браниш и да го спасуваш својот живот. И така во својот ревен напор да го спасиш својот живот, ти го губиш. Твоето јас мора да умре; мораш да негуваш дух на простување и трпение. Ослободи се од помислата дека луѓето не се однесуваат кон тебе како што треба, дека ти се прави неправда, дека некој сака да ти наштети. Не ги гледаш работите во вистинска светлина. Сатаната те наведува сè да гледаш искривено. {2T 424.2}

Драг брате П, твојот случај повторно ми беше прикажан во Адамс центарот. Видов дека всушност никогаш не си вежбал вистинско самосовладување. Вложуваше напори, но тие не одеа подалеку од површината, ниту ги допираа побудите. Поради својата избувлива природа, често чувствуваш болно и искрено жалење и грижа на совест. Ако не ја совладаш својата избувлива природа, ќе станеш зловолен и ситничар. Всушност, тоа и беше во извесна мера. Ќе станеш таков што ќе негодуваш поради сè и сешто. Ако некој те турне на патот, ќе се чувствуваш навреден и веднаш ќе се слушне збор на поплака од твоите усни. Кога возиш по улица, а цела половина од патот не е слободна за тебе, веднаш ќе се налутиш. Ако те замолат да скршнеш од својот пат за другите да можат да поминат, веднаш ќе се раздразниш и налутиш, сметајќи дека со тоа се навредува твоето достоинство. Пред сите ќе го откриваш својот вкоренет грев. Самото твое држење ќе сведочи за нетрпеливоста, а твоите усни секогаш ќе бидат подготвени да изговорат некој лут збор. За таа навика, како и за употребата на тутун, единствен сигурен лек е целосно воздржување. Ти мораш потполно да се измениш. Често и сам увидуваш дека мораш да бидеш воздржан и одлучно да си кажеш себеси: „Ќе бидам посмирен и потрпелив". Меѓутоа, ти на тој начин се допираш до злото само од надворешната страна, се согласуваш да го задржиш лавот и да го набљудуваш. Меѓутоа, мораш да одиш многу подалеку од тоа. Само силата на начелата може да го исфрли пустошниот непријател и да донесе мир и среќа. {2T 424.3}

Ти многу често нагласуваш: „Не можам да го контролирам својот темперамент". „Морам да зборувам". Ти недостасува кроток, понизен дух. Твоето јас живее и ти постојано си на штрек за да го сочуваш од понижување и навреда. Апостолот вели: „Зашто умревте и вашиот живот е сокриен со Христа во Бога". Чувствата на оние чие јас умрело, не се толку избувливи, таквите луѓе нема веднаш да се спротивставуваат на она што им е непријатно. Мртвите не чувствуваат ништо. Ти не си мртов. Да си мртов и твојот живот да е скриен во Христа, ти би минувал не обрнувајќи внимание на илјадници работи кои сега ги забележуваш и кои те навредуваат; би ја сфатил вредноста на вечноста и би се издигнал над ситните неволји на овој живот. {2T 425.1}

„Јазикот е оган, свет полн со неправда". „Разумот го задржува човекот од гнев и чест му е да ја избегне вината". „Кој е спор на гнев, има голем разум; а кој е избувлив, покажува лудост". „Затоа љубезни мои браќа, секој човек нека биде брз да слушне, а спор да зборува и спор да се лути; бидејќи човечката лутина не ја твори Божјата правда". „Човекот кој знае да ги зауздува своите зборови и човекот со тивок дух е разумен човек". {2T 426.1}

Нашиот голем Пример бил воздигнат и бил рамен на Бога. Тој бил врховен заповедник на небото. Сите свети ангели радосно Му се поклонувале. Исус ја примил на себе нашата природа, ја оставил Својата слава, величество и богатство за да може да ја изврши Својата мисија, да го спаси она што е загубено. Тој не дошол да Му служат туку да им служи на другите. Исус не им се одмаздувал на луѓето кои Го навредувале, напаѓале и Му се спротивставувале. „Кој не пцуеше кога го пцуеја". Кога поради свирепоста на луѓето морал да поднесува болни удари, Тој не се заканувал туку се потпирал на Оној Кој праведно суди. Апостол Павле ги поттикнувал своите браќа Филипјани: „Нека во вас биде истиот ум кој беше во Исуса Христа, Кој ако и беше во Божје обличје, не сметаше дека треба да го искористи тоа што е еднаков со Бога; туку се понизи сам себеси земајќи обличје на слуга, станувајќи како и другите луѓе и на очи изгледаше како човек". Дали слугата е поголем од својот господар? Христос ни дал пример со Својот живот и ние Го срамиме ако реагираме на секое најмало омаловажување или ако сакаме да се одмаздиме за секоја неправда, вообразена или вистинска. Да се биде секогаш подготвен на одбрана, постојано да се внимава на своето достоинство не е одлика на благородниот дух. Многу е подобро сто пати да се претрпи неправда отколку да се ранува сопствената душа со одмаздољубивост или да се пуштаат уздите на својот гнев. Сила ќе добиеме од Бога. Тој може да ни помогне. Тој може да ни подари милост и небесна мудрост. Ако бараш со вера, ќе добиеш; но мораш да стражариш во молитва. Стражари, моли се, работи - тоа треба да биде твоја лозинка. {2T 426.2}

Твојата сопруга би можела да биде на благослов за другите, кога само би ги прифатила оние одговорности кои должноста ѝ ги налага. Но таа цел свој живот бегала од одговорност и сега е во опасност да потпадне под твое влијание, наместо да влијае на тебе. Наместо да те смирува и подига, таа почнува да мисли како што мислиш ти и да работи како што работиш ти. Таа не е во состојба во сите свои постапки да се раководи според начелата. Вие сте наклонети еден на друга и за жал, влијаете еден на друг, па ги гледате работите во погрешна светлина. Таа може да направи многу добра со својот пример, но се одликува со духовна мрзливост и немарност. Со незадоволство се нафаќа на добро дело ако тоа не ѝ донесува пријатност и забава. Кој бил гревот на Мироз? Тоа што ништо не направил. Тој не бил осуден поради некои големи гревови туку затоа што не дошол да му помогне на Господа. {2T 427.1}

Покажано ми е дека твојата сопруга не се разбира сама себе. Одбегнуваше да прими на себе некоја грижа во својата младост, а ниту сега не сака да се нафати на некоја работа. Повеќе сака да се потпре на други отколку на своите сопствени сили. Не се воспитувала да биде независна. Уште пред многу години требаше да се воспита сама да ги носи товарите. Не е здрава. Страда од црниот дроб и не сака да се движи. Не е способна сама да се нафати за некоја работа и работи само кога мора. Јаде два пати повеќе отколку што е потребно. Сè што ќе внесе во својот организам, а што тој не може да го преработи во здрава крв, станува непотребен товар и нејзиниот организам има мака да се ослободи од својот товар. Организмот ѝ е преоптоварен со една маса која ја попречува во работата, ја спречува размената на материјата и ги слабее животните сили. {2T 427.2}

Земањето на храна повеќе од она што организмот може да го преработи во здрава крв, доведува до расипување на крвта и претставува поголем товар за организмот отколку работата или движењето. Прекумерното внесување на храна затапува. Нервниот систем мора да го помага организмот за варење и затоа постојано е преоптоварен, ослабен и поматен. Тоа е причина за чувство на тежина во главата и прави на твојата жена постојано да ѝ се заканува опасност од одземеност. На неа не треба да ѝ се советува да престане да се движи. За неа нема ништо поопасно од одбегнување на движење. Движењето е од необична важност. Тоа ќе ја зацврсти и душевно и телесно. Кога би се пробудила, би сфатила дека има одговорност и дека може само да ѝ прави добро и ако побара некоја цел во животот, не би паднала толку лесно во рамнодушност и би бегала од тешкотии. Таа не го работи со цело срце она што треба туку се однесува како некоја машина и да ја чувствува работата како голем товар. Сè додека така се чувствува, нема да биде во состојба да сфати дека може да стекне нов живот и да добие нова сила. И недостигаат дух и енергија. Склона е да се препушти на мртвилото и тешката неподвижност. Тежината што ја чувствува може да се излекува само со едноставна исхрана, потполно владеење со апетитот и страстите и цврста решеност да работи. Неопходно е со силата на волјата да го поттикне нервниот систем за тој да може да се ослободи од тромавоста. {2T 428.1}

Сестро П, никогаш нема да бидеш од корист во светот, ако немаш цврста намера да ја победиш во себе таа одбивност кон обврските. Со секојдневна вежба, твојата сила ќе станува сè посилна, товарот ќе биде полесен, така што на крајот вршењето на должноста, грижата за другите ќе стане втора природа. Ти можеш да се навикнеш да мислиш ако помалку го оптоваруваш својот желудник. Тој прекумерен товар претставува мачење за твојот мозок. {2T 428.2}

Исто така треба да поставиш цел во животот. Каде што нема цел, се јавува склоност кон немарност; но ако луѓето имаат некоја значајна цел пред себе, сите умни сили стапуваат во дејство. За да се постигне некој успех во животот, мислите мораат да бидат сосредоточени на животната цел, а не да талкаат таму и ваму и да се занимаваат со безначајни работи; не смеат да се задоволуваат со празни фантазирања, кои се јавуваат како последица на одбегнување на одговорност. Sидањето на кули во воздух го понижува умот. {2T 429.1}

Исполнувај ги своите секојдневни должности. Извршувај ги со волја, со сето свое срце. Треба да одлучиш да работиш нешто што од тебе ќе бара и духовни и телесни напори. Сè што работиш сега, треба да биде од срце. Должностите кои сега лежат пред тебе го претставуваат токму она дело кое небото сака да го извршиш. Да се сонува за некои далечни подвизи, да се размислува и да се коваат планови за иднина нема да биде од никаква корист туку ќе те онеспособи за работа која, колку и да е незначителна, претставува задача која небото ти ја поставува. Не треба да размислуваш за тоа како ќе направиш некое големо дело туку треба добро да го направиш она што денес ти е наменето. Доверени ти се таленти кои мораш да ги удвоиш. Одговорна си за нивната употреба или злоупотреба. Не треба да копнееш за некои големи работи туку исполнувај ги своите ситни должности. Умножи ги своите таленти и сфати дека си одговорна пред Бога за нивното правилно користење. {2T 429.2}

Не смееш да очекуваш дека тие болки и маки ќе те заобиколат во животните неволји. Божјиот Син имал и човечка природа. И Тој често бил уморен и со тело и со дух. Тој зборувал: „Јас морам да ги вршам делата на Оној Кој ме испрати додека е ден: ќе дојде ноќ кога никој не може да работи". Треба да престанеш со своите далечни фантазирања и да ги посветиш своите сили со радосно исполнување на сегашните должности. {2T 429.3}

Овој свет за христијанинот не претставува рај туку место за подготовка. Тој е сцена на нашите животни борби, нашите судири и страдања. Затоа многу е важно да остваримe цврста врска со оној подобар свет во кој, кога борбата ќе заврши, ќе најдеме вечен мир, радост и блаженство. Видов дека двајцата сте во опасност да доживеете бродолом во својата вера, ако и понатаму бидете соединети, бидејќи ќе ги видите работите во истата лажна светлина. Двајцата треба да извршите едно големо дело во себеси, но се наоѓате во опасност да ги затворите своите очи пред грешките на другиот. {2T 430.1}

Сестра П треба да внимава да не поттикнува избувливост во природата на својот сопруг со тоа што ќе му зборува за своите вообразени неволји за да предизвика негово сожалување. Тој сè гледа во некоја претерана светлина и се возбудува поради работи на кои не треба да им подарува внимание. Таа треба да го сфати ова и да разбере дека во молчењето има мудрост. Потребна ѝ е истрајност. Многу е полесно да се влее некоја мисла во главата отколку да ја отфрли кога таа веќе таму ќе се вгнезди. Полесно е да се мисли на некои вообразени неправди отколку да се смири и да ги заузда побунетите чувства. {2T 430.2}

Брат П има особини кои би биле одлични кога би биле облагородени со делување на чистата вера. Тој може да биде корисен. Единствено искрената побожност може да го оспособи добро да ги извршува своите должности во овој свет и да се подготви за небото. Небесниот карактер мора да се стекне на земјата, брате мој, или никогаш нема да го стекнеш, затоа треба веднаш да се посветиш на делото кое треба да го извршиш. Треба ревно да настојуваш да се подготвиш за небото. Живеј за небото. Живеј во вера. {2T 430.3}

Брате П, ти си необработен камен, но еден вешт работник работи на тебе. Ќе сакаш ли да Му дозволиш да те обработи и измазни за онаа зграда која ќе се подигне без звукот на секира и чекан? Кога ќе заврши времето на милоста, нема веќе да има удари. Ти мораш сега, додека сè уште трае времето на милост, да ја совладаш својата жестока природа, инаку на крајот ќе бидеш отфрлен од Бога. {2T 430.4}

Исус ве љуби двајцата и ќе ве спаси ако сакате да бидете спасени на начинот кој Тој го одредил. Вие ќе стекнете вистинска делотворна вера ако навистина сте гладни и жедни. Пријдете Му на Бога со вера и понизност, барајте и ќе ви се даде; но не заборавајте дека ученикот не е поголем од Учителот, ниту слугата е поголем од Господарот. Вие треба да настојувате по онаа понизност и покорност на духот која била во Христа. {2T 431.1}

Батл Крик, Мичиген, 9 февруари, 1869.

57. ТРУДОЉУБИВОСТ И ЕКОНОМИЧНОСТ

Драги брате и сестро Р, сакав да ви пишам, но бев болна и неспособна некому да пишам; сега тоа ќе се обидам да го направам во неколку редови. {2T 431.2}

Покажани ми се должностите кои мора да ги исполнува Божјиот народ во поглед на сиромашните, особено во поглед на вдовиците и децата без родители. Покажано ми е дека мојот сопруг и јас се наоѓаме во опасност на себе да ги примиме товарите кои Бог не ни ги доделил и така намалувајќи ја нашата храброст и сила преку зголемување на нашите грижи и неволји. Видов дека мојот сопруг во вашиот случај одеше подалеку отколку што му наложуваше должноста. Неговата наклонетост кон вас го поттикна да прими на себе еден товар кој не мораше да го прими и кој не ви беше од никаква корист туку само во вас ја зацврсти склоноста да живеете од помошта на своите браќа. Вие очекувате од нив помош и љубов, иако не работите толку напорно како нив, ниту штедите секогаш како нив кои тоа го сметаат за своја должност. {2T 431.3}

Покажано ми е дека вие, брате и сестро, морате уште многу да направите. Не живеевте онака како што дозволуваат вашите средства. Не научивте да штедите. Кога имате висока заработувачка, гледате што побргу да ја потрошите. Се поведувате според својот вкус или апетит, наместо според разумот. Често трошевте пари за храна која вашите браќа не се во состојба себеси да си ја дозволат. Доларите многу лесно исчезнуваат од вашите џебови. {2T 431.4}

Сестра Р има слабо здравје. Таа премногу му угодува на својот апетит и премногу го оптоварува својот желудник. Таа го преоптоварува со прекумерно земање на храна и тоа таква која не му годи на нејзиниот организам. Таа зема храна во претерани количини, а малку се движи и со тоа силно го оптоварува својот организам. Според светлината која Господ ми ја даде, едноставната храна е најдобра ако сакаме да го сочуваме здравјето и вистината. Движењето е неопходно за нејзиното здравје. {2T 432.1}

Вие двајцата треба да се научите на самооткажување. Ограничи го својот апетит брате Р. Бог ти подари капитал во сила. Таа вреди повеќе од парите, па треба повеќе да ја цениш. Силата не може да се купи ниту со злато и сребро, ниту со куќа и земја. Тоа е твојот голем имот. Бог бара од тебе правилно да го искористиш овој капитал во сила која Тој ти ја подарил. Ти си исто така Негов повереник како и оној кој има капитал во пари. Ти грешиш кога не ја користиш својата сила на најдобар начин, како што греши и богаташот кога алчно ги задржува парите, бидејќи тоа му причинува задоволство. Не се напрегаш за да го издржуваш своето семејство. Ти работиш ако ти се донесе на чинија, но не се трудиш и не бараш сам работа, бидејќи не чувствуваш дека ти е должност на најдобар начин и во Божји страв да го искористиш своето време и сила. {2T 432.2}

Имаше таква работа што заработуваше големи износи одеднаш. И откако ќе заработиш, не гледаш да заштедиш за времето кога нема да можеш лесно да заработуваш туку трошиш на непотребни работи. Ако ти и твојата сопруга сфатевте дека Бог ви дал должност да се откажете од своите задоволства и да се погрижите за својата иднина, наместо да живеете само за сегашноста, би имал углед, а твоето семејство

удобен живот. Вие морате да примите една поука која не треба споро да ја учите. Таа е она што е малку да се искористи на најдобар можен начин. . {2T 432.3}

Сестра Р премногу се потпира на својот сопруг. Таа цел свој живот премногу зависела од другите за сочувство и мислела само на себе, правејќи од себеси центар. Неа многу ја галеле и затоа не научила да се надева на себе. Таа не му ја пружила на својот сопруг онаа помош која можела да ја пружи ниту во земските ниту во духовните работи. Мора да научи да поднесува телесни тешкотии и да не мисли многу на нив, како што правела досега. Мора сама да се бори во животната борба, бидејќи на неа лежи лична одговорност. {2T 433.1}

Сестро Р, твојот живот е промашен. Ти читаше сè и сешто. Тоа претерано читање не ти користело многу. Се возбудуваше со голтање на романи. Ако децата притоа би те прекинале, им зборуваше луто и нетрпеливо. Не умееш да владееш со себе и затоа не си во состојба да ги водиш своите деца со цврста рака. Со тебе владеат чувствата. Прво ги галиш и им кажуваш нежни зборови, а потоа им се лутиш и строго постапуваш кон нив. Оваа променливост во расположението е штетна за твоите деца. Ним им е потребна цврста, постојана рака, бидејќи се непокорни. Ним им е потребна правилна, мудра, разумна дисциплина. {2T 433.2}

Би можела да се спасиш себеси од многуте неволји кога би се однесувала како вистинска жена и кога во своите постапки би се раководела според начелата, а не моменталните чувства. Си вообразила дека твојот сопруг мора да биде со тебе, дека не си во состојба да бидеш сама. Треба да сфатиш дека негова должност е да работи, за да може да го издржува своето семејство. Треба да се воспитуваш да се откажуваш од своите желби и задоволства и не смееш да го наведуваш на мисла дека мора да се управува според тебе. И ти мораш да учествуваш во носење на животните товари. Мораш да станеш храбра и силна. Биди жена, а не каприциозно дете. Мажена си и твојот товар премногу долго го носеле други. Сега ти е должност да се откажеш од своите желби и барања и да се раководиш според начелата - поради сегашно и идно добро на твоето семејство. Ти не си здрава, но ако настојуваш да бидеш задоволна и ведра, тоа ќе ти помогне да ти биде подобро во овој живот, а и во оној кој доаѓа. {2T 433.3}

Брате Р, твоја должност е погрижливо и повнимателно да го искористиш капиталот на силата која Бог ти ја подарил. {2T 434.1}

Сестро Р, твојот мозок е заморен и оптоварен со читање. Мораш да ја совладаш склоноста својот ум да го натрупуваш со сè што може да прими. Својот живот не си го искористила на најдобар начин. Не си користиш себеси ниту на оние околу себе. Се потпираше на својата мајка повеќе од што треба. Да се потпираше повеќе на силите кои се во тебе самата, да имаше повеќе доверба во себе, ти би била посреќна. Сега мораш да ги носиш сопствените товари како знаеш и умееш и да го поттикнуваш својот сопруг да ги носи своите во својата работа. {2T 434.2}

Да се откажеше од своите склоности кон читање и угодување на себеси, да посветуваше повеќе време на умерените телесни желби, да се хранеше со соодветна, здрава храна, ти би ги избегнала многу страдања. Еден дел од тие страдања е нереален. Да го извежбаше својот ум да не им попушта на слабостите, не би имала нервни испади. Твојот ум треба да се посвети на домашните должности, за домот да биде уреден, чист и пријатен. Многу читаш и твојот ум се занимава со ништожни работи, поради што ги

запоставуваш своите деца и должности на домаќинка. Меѓутоа, токму тоа се должностите кои Бог ти ги дал да ги извршуваш. {2T 434.3}

Посветуваш премногу внимание на себе самата. Твојот ум е зафатен со бедни чувства. Драга сестро, помалку јади. Работи физички и вработи го својот ум со духовни работи. Не дозволувај тој да се занимава со тебе. Мораш да се трудиш да бидеш расположена и ведра. Премногу многу зборуваш за безначајни работи. На тој начин нема да стекнеш духовна сила. Кога енергиите трошени на разговори би ги посветила на молитва, би стекнала духовна сила и во своето срце би пеела на Бога. {2T 434.4}

Со тебе владеат чувства, а не должност и начела. Се оддаваш на нерасположение и му наштети на своето здравје попуштајќи му на чувството на немир. Твојот начин на живот е нездрав. Мораш да се преобразиш. Ниту еден од вас не сака да работи како што другите работат, или да се хранат како што вашите браќа се хранат. Ако нешто што сакаме можете да го набавите вие го правите тоа. Меѓутоа, ваша должност е да штедите. {2T 435.1}

Наспроти вашиот случај, покажан ми е случајот на сестра С. Таа има слабо здравје и мора со шиење да ги издржува своите две деца и тоа со мала награда која ја добива за својата работа. Со години добива незначителна помош. Страдаше поради слабо здравје, но го носеше својот товар. Таа навистина заслужи помош. А сега да го погледнеме вашиот случај: човек со мало семејство, добар капитал во силата, но постојано во долгови и зависен од другите. Сето тоа не е добро. Имате уште многу да научите. За сестра С штедењето е животно прашање. Овде пак имаме човек со голема сила за работа, кој не може да се издржува себеси и своето семејство. Морате да се промените. Вашата исхрана треба да биде едноставна и рамномерна. Секогаш живејте едноставно како што живеат и вашите браќа. Живејте во склад со здравствената реформа. {2T 435.2}

Исус извршил чудо и нахранил пет илјада луѓе, а потоа им дал важна поука за штедењето: „Соберете ги парчињата што останаа за ништо да не пропадне”. На вас почиваат должности, важни должности. „Не должете никому ништо”. Кога би биле немоќни, кога не би работеле, вашите браќа би биле должни да ви помогнат. Меѓутоа, вам на почетокот ви беше потребна помош од браќата, тогаш кога се преселивте. Да сакаше да работиш како што ти е должност и твојата жена да се согласела да живее онака како што нејзините средства ѝ дозволуваат, не би имале никакви неприлики. Мораш да бидеш подготвен да го работиш истото и за помала плата. Да бевте вредни и економични, твоето семејство би било во поповолна положба. Бог сака да бидеш верен повереник на својата сила. Тој сака да ја употребиш така што ќе го извлечеш своето семејство од беда и зависност. {2T 435.3}

Батл Крик, Мичиген, 22 март 1869.

---

58. ПОТТИКНУВАЊЕ НА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ

Драга сестро Т, покажано ми е дека постои некоја грешка во твојот верски живот. Беше премногу борбена. Иако имаш право да мислиш и работиш онака како што самата сакаш, ти сепак заминуваш во крајност во овој поглед. Имаше премногу независност

отколку понизност. Твоите постапки повеќе ги надразнуваа луѓето отколку што ги смируваа. Требаше да бидеш цврста во одбрана на вистината, но често грешеше, немајќи ја онаа понизност и благост која е од големо значење во Божјите очи. Во своето семејство наиде на спротивставување и отворено напаѓање на вистината, но не успеа да се спротивставиш на овие искушенија на најдобар начин. Премногу зборуваше и беше премногу упорна. Во своите напори да го придобиеш своето семејство, а особено својот сопруг, покажа многу малку љубов и нежност. Може да се случи да одиш во крајност, да претераш и со тоа да направиш повеќе штета отколку корист. Каде што можеш да попуштиш, не жртвувајќи ги своите начела, направи така, дури и ако сметаш дека си во право. Ти имаш одговорност, имаш своја личност која не може да се стопи во личноста на твојот сопруг. Сепак, постои една врска која ве прави едно, и за твојот сопруг, за твоите деца и за тебе сама би било многу подобро кога би била попустлива. Премногу си строга кон другите. Не настојуваш да ги придобиеш оние кои не се согласуваат со тебе. Брзо увидуваш кога си во поповолна положба и гледаш до крајност да ја искористиш. Кога би имала повеќе трпеливост и љубов во себе, кога поради Христа би преминала преку многу работи, не зборувајќи за нив во домот и не создавајќи со тоа негодување, ти би вршела подобро, поспасоносно влијание. Потребно е да имаш љубов, нежно сочувство и наклонетост кон луѓето. {2T 436.1}

Ти ја сфаќаш вистината и тогаш замислуваш како овој или оној би требало да ја примени во животот. Кога овие луѓе нема да одговорат на твоите очекувања, ти негодуваш. Ако не успееш од нив да создадеш верници, во твоето срце веќе ја нема онаа љубов кон нив и не ги сметаш за свои пријатели, иако всушност тие имаат исто толку право колку и ти. Од луѓето правиш непријатели, а можеш да ги имаш за пријатели. Ти си избувлива и самоуверена и одиш во крајност кога мислиш дека си во право. Со тоа ги одбиваш луѓето од себе, наместо да ги придобиваш и приврзеш за своето срце. Гледаш на маните на оние со кои се дружиш и мислиш за нивните божемни недоследности и грешки, превидувајќи ги нивните добри својства. Укажано ми е на овие зборови: „Понатаму, браќа мои, на она што е вистинито, чесно, праведно, чисто, славно, и ако има уште некоја добродетел и пофалба, за тоа размислувајте". За ова, драга моја сестро треба да размислуваш и тоа ќе ти биде од корист. Размислувај за добрите својства на оние со кои се дружиш и гледај што е можно помалку на нивните мани и грешки. Премногу имаш борбен дух и затоа создаваш судир и кавга. Мораш да го промениш животот и карактерот, ако сакаш да бидеш во редот на оние кои ќе ги слушнат зборовите: „Блажени се оние кои градат мир, бидејќи ќе се наречат Божји синови". Од твоите усни нека излегуваат само добри и љубезни зборови за членовите на твоето семејство или црква. {2T 437.1}

Треба да го отвориш своето срце за љубовта која престојувала во Исусовото срце. Кога твојот Спасител би постапувал со тебе онака како што ти постапуваш со оние кои не се согласуваат со твоите сфаќања, би се нашла во многу јадна положба. Но јас Му благодарам на Господа што имаме еден милостив Првосвештеник, кој може да се сожали на нашите слабости. Испробана во своите односи кон другите луѓе, се однесуваше кон нив на начин кој небото не го одобрува. Мораш да го пуштиш ублажувачкото влијание на Божјата благодат во своето срце, мораш да копнееш по кротост и правда. {2T 438.1}

Ти си ревносна за вистината. Ја љубиш вистината и сакаш да вложиш нешто во неа. Тоа е исправно, но потруди се правилата кои им ги даваш на другите да ги поддржиш со сопствениот пример. Мораш да копнееш по мир. Тоа можеш да го правиш, а притоа да не жртвуваш ниту едно начело на вистината. Ти ја извојува битката и сега мораш да настојуваш со своето влијание да ублажуваш, смируваш, а не да поттикнуваш спротивставување. Во голема мера беше самоуверена и горда. Сега мораш да го величаш Исуса и да се угледаш на благотворниот живот на Оној Кој насекаде носел мир. {2T 438.2}

Драга сестро, ти ќе му задаваш маки на Божјиот народ ако не сакаш да примиш поука и совет. Не смееш и понатаму да сметаш дека знаеш сè. Уште многу мораш да научиш за да бидеш совршена пред Бога. Најубава и најдобра поука е поуката за понизноста. Кроткиот Назареец вели: „Научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и благ во срцето и ќе најдете мир за своите души". Ти мораш поуката за благост, простување, трпение и љубов да ја учиш и да ја спроведеш на дело. Ти би можела да бидеш на благослов за другите. Би можела да им помагаш на оние на кои им е потребна помош. Но не е твоја должност да ги проценуваш луѓето, и од тоа мораш да се ослободиш. Оној Кој е безгрешен во просудувањето, Кој ги разбира слабостите на нашата падната, расипана природа, поседува мерило. Тој сè одмерува на мерилата на светилиштето и Неговиот праведен суд сите мораме да го прифатиме. {2T 438.3}

Ти имаш погрешно држење кон својот сопруг. Кон него мораш да бидеш љубезна и внимателна. Ти си ситничарка. Одиш во крајност и така ѝ нанесуваш штета на сопствената душа и на вистината. Со своето држење ја правиш вистината одвратна и ги наведуваш душите да се плашат од неа. Љубовта треба да ги ублажува твоите зборови, да влијае на твоите постапки и тогаш ќе забележиш промена кај оние со кои се дружиш. Ќе настапи мир, слога и склад, наместо кавга, злоба и неслога. Љубов и нежност треба да завладеат, особено во твоето семејство и тогаш ќе примиш благослов. {2T 439.1}

---

59. ЕДЕН ПОВИК ДО ЦРКВАТА

На втори октомври 1868 година, покажана ми беше состојбата на народот кој тврди дека е Божји. Многу браќа се наоѓаат во голема темнина, но како да не се свесни за својата вистинска состојба. Чувствителноста на многумина меѓу нив отапела во поглед на духовните и вечни вистини, додека цело нивно внимание е насочено на земските интереси. Многумина обожаваат идоли во своите срца и прават неправда, што ги одвојува од Бога и ги одведува во темнина. Видов дека само малку од нив одат во светлина, па можат да го забележат каменот на сопнување и да го отстранат од својот пат. Луѓето кои се наоѓаат на многу одговорни положби спијат во срцето на Божјото дело. Сатаната ги парализирал за да не ги забележат неговите планови да заведува, измамува и уништува. {2T 439.2}

Некои кои се наоѓаат на положба на стражар, кои треба да ги опоменуваат луѓето на опасност, престанале да стражарат и да задремат. Таквите луѓе се неверни стражари. Тие седат со скрстени раце, додека нивниот подмолен непријател влегува во тврдината

покрај нив и со успех го руши она што Бог наредил да се изградува. Тие гледаат дека сатаната ги мами неискусните и невини, а сепак сето тоа мирно го набљудуваат како тоа да не ги интересира, како тие работи да не ги интересираат. Тие не увидуваат никаква посебна опасност, не гледаат никаква посебна причина за вознемирување. Ним им се чини дека сè оди како што треба и не увидуваат никаква потреба да подигнат глас на опомена која е дадена во јасните сведоштва, за да им ги објават на луѓето нивните беззаконија и на израелевиот дом неговите гревови. Тие укори и опомени го нарушуваат мирот на безгрижните стражари и тие негодуваат. Зборуваат во срцето, иако тоа не го прават гласно: „Сето тоа е непотребно. Сето тоа е премногу строго, премногу остро. Овие луѓе непотребно се вознемируваат и возбудуваат и не ни даваат одмор и мир. 'Вие преземате премногу на себеси; целото општество е свето, сите се свети, и меѓу нив е Господ.' Тие не се волни да уживаме ниту малку удобност, мир и среќа. Постојаната работа, мака и постојаната будност би ги задоволиле тие неразумни стражари кои премногу бараат. Зошто не го проповедаат она што им оди како подмачкано и не викаат: 'Мир, мир?' Тогаш сè ќе им оди како подмачкано". {2T 440.1}

Тоа се вистинските чувства на многу наши браќа. И сатаната ликува поради тоа што успеал да завладее со духовите на оние кои тврдат дека се христијани. Тој ги завел, затапел нивните чувства и го ставил своето пеколно знаме во нивната средина, а тие се толку измамени што дури не знаат дека тоа е сатаната. Тие немаат кипови, но нивниот грев не е затоа ништо помал во Божјите очи. Тие го обожаваат сатаната и ја љубат земската добивка. Некои ќе ја жртвуваат совеста за да ги остварат своите цели. Себични се и тесногради оние кои тврдат дека се Божји народ. Тие ги љубат работите на овој свет и се здружуваат со силите на темнината. Уживаат во неправдата. Не негуваат љубов кон Бога ниту кон ближните. Тие се идолопоклоници, и во Божјите очи се многу полоши од незнабошците кои се поклонуваат на идоли и не знаат за подобар пат. {2T 440.2}

Од Христовите следбеници се бара да се одвојат од светот, да не се дофаќаат до ништо нечисто, а дадено им е и ветување дека ќе бидат синови и ќерки на Севишниот, членови на царското семејство. Меѓутоа, ако не ги исполнат условите, нема да доживеат исполнување на ова ветување. Самото исповедање на христијанството не значи ништо во Божјите очи. Вистинската, понизна послушност на Неговите заповеди е знак според кој се распознаваат Неговите деца, примателите на Неговата благодат и учесниците во големото спасение. Овие луѓе се избран Божји народ, светлина за светот, ангелите и луѓето. Секој ќе може да види дека тие се одбрани и свети и дека јасно се одвојуваат од светот, од неговите склоности и похоти. {2T 441.1}

Видов дека само малку луѓе меѓу нас ги исполнуваат овие услови. Нивната љубов кон Бога се одразува во зборовите, а не во делата и вистината. Нивните постапки и дела сведочат дека тие не се деца на светлината туку на темнината. Нивните дела не се направени во Бога туку во себичност и неправда. Нивните срца не ја познаваат Неговата благодат која го обновува духот, Тие не ја искусиле на себе онаа сила која ги преобразува луѓето и ги оспособува да одат по патот по кој одел Христос. Но оние кои се живи прачки на вистинската лоза ќе примаат сок и сила од коренот. Тие нема да бидат свенати и неплодни гранки туку ќе имаат живот и сила, ќе развиваат и ќе донесуваат плодови на Божја слава. Тие ќе гледаат да се одвојат од сето беззаконие и да усовршуваат светост во Божји страв. {2T 441.2}

Слично на стариот Израел, црквата го посрамила Бога со тоа што се одвоила од светлината, ги занемарила своите должности и ги злоупотребила големите предности кои ѝ се дадени како на избран Божји народ за да изгради свет карактер. Нејзините членови го прекршиле заветот според кој морале да живеат само за Бога. Се здружиле со себични и суетни луѓе. Завладеала љубов кон задоволствата, горделивоста и гревот и Христос си заминал. Неговиот дух исчезнал од црквата. Сатаната работи заедно со луѓето кои тврдат дека се христијани, но тие се духовно заслепени, што и не гледаат. Не го носат товарот на делото. Сериозните вистини кои ги исповедаат не претставуваат за нив никаква реалност. Во нив нема вистинска вера. Кога мажите и жените навистина би верувале, тие и би живееле според таа вера. Не нивните зборови туку плодовите кои ги донесуваат, покажуваат какво дрво се. Тие се побожни однадвор, нивните имиња се наоѓаат во црквените книги, но нивните извештаи во небесните книги се извалкани. Ангелот верно ги запишал сите нивни дела. Тој во својата книга точно ја запишал секоја себична постапка, секој лош збор, секоја неисполнета должност, секој таен грев, секоја вешта измама. {2T 441.3}

Многумина исповедаат дека се верни Христови слуги, но не се. Тие ја мамат сопствената душа и со тоа се подготвуваат за својата пропаст. Тие зборуваат дека се Христови слуги, но не живеат покорувајќи се на Неговата волја. „Не знаете ли дека кому се давате себеси за слуги во послушноста, слуги сте на оној кого го слушате, или на гревот за смрт, или на послушноста за правда". Многумина зборуваат дека се Христови слуги додека во исто време се покоруваат на друг господар и работат против господарот на кој наводно му служат. „Никој не може да им служи на двајца господари: зашто или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или другиот ќе го сака, а за другиот нема да се грижи. Не можете да му служите на Бога и на мамона". {2T 442.1}

Многумина од оние кои исповедаат дека се Христови следбеници ги посветуваат сите свои духовни и умни сили на себични интереси. Тие се слуги на мамона во сите свои намери и постапки. Тие не се распнале за светот и за неговите страсти и желби. Малкумина се такви кои можат да кажат како апостолот: „Зашто јас со закон умрев за законот за да живеам за Бога; со Христа се распнав". „А јас веќе не живеам туку во мене живее Христос. А тоа што сега живеам во тело, живеам со вера во Божјиот Син, на кого му омилев и се предаде себеси за мене". Ако животот на Божјиот народ биде исполнет со покорност и вистинска љубов, неговата светлина ќе го осветли светот со свет сјај. {2T 442.2}

Зборовите кои Христос им ги упатил на Своите ученици биле наменети за сите кои ќе веруваат во Него: „Вие сте сол на земјата; ако солта го загуби вкусот, со што ќе се осоли јадењето? Таа нема да биде за ништо, освен да се истури и луѓето да ја згазат". Побожноста без живи начела нема никаква вредност, како и солта без своите добри особини. Еден христијанин кој не живее според начелата на верата го обесчестува Христа и го срами Неговото име. „Вие сте светлина на светот; не може да се сокрие град кој стои на гора". „Ниту свеќата се става под сад туку на свеќник за да им свети на сите кои се во домот". „Така да свети вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да го слават вашиот Татко Кој е на небото". {2T 443.1}

Добрите дела на Божјиот народ имаат многу посилно дејство од зборовите. Со својот доблестен живот и несебични дела тие ќе разбудат во другите желба за таа вера

која донесува толку добри плодови. Луѓето ќе бидат освоени со Божјата сила која од себични луѓе создава созданија слични на божествениот Пример. Со тоа Бог се велича и се слави Неговото име. Но оние кои потпаднале под влијание на овој свет, го сромашуваат Божјото име и Неговото дело. Тие се во пријателство со суетни луѓе кои се Божји непријатели. Нивна единствена надеж за спасение е да се одвојат од светот и да станат избран, свет Божји народ. О, зошто Божјиот народ не ги исполнува условите поставени во Неговата реч? Кога би го правел тоа, би морал да ги сфати прекрасните благодати кои Бог дарежливо им ги пружа на понизните и послушните. {2T 443.2}

Бев вчудовидена кога ја видов страшната темнина во која се наоѓаат многу членови на нашите цркви. Ним во толкава мера им недостига вистинска побожност, така што станале деца на темнината и смртта, наместо да бидат светлина на светот. Многумина тврдеа дека Го љубат Бога, но на дело се откажуваа од Него. Најважни им се нивните себични интереси. Многумина меѓу нив немаат никакви начела. Тие се колебаат изложени на непосветеното влијание и како да немаат корен во себе. Јас толку се распрашував што значи сето ова. Зошто постои толкава сиромаштија во духовен поглед - зошто има толку малку живо искуство во верските работи? Укажано ми е на зборовите на пророкот: „Сине човечки, овие луѓе дозволија своите идоли да си ги стават во срцата свои и ги ставија пред себе за да се сопнуваат на своето беззаконие; Ме бараат ли навистина? Затоа кажи им: вака вели Господ: секому од израелевиот дом кој ги носи своите одвратни идоли во своето срце и пред своето лице става камен на кој се сопнува и доаѓа кај пророкот, Јас Господ ќе му одговорам според мноштвото неговите богови. Ќе ги фатам за нивното срце затоа што се одвратија од Мене сите поради своите одвратни богови”. {2T 444.1}

Покажано ми е дека Божјиот народ се наоѓа во состојба на отпад. Нивниот главен фокус не е Божјата слава. Важна му е само сопствената слава. Тие се трудат да се слават себеси, а сепак се нарекуваат христијани. Светоста на срцето и чистотата на животот - тоа беа главни предмети на Христовото учење. Во Својата беседа на гората, истакнувајќи што мора да се направи за да се стекне благослов, а што не смее да се прави, Тој вели: „Бидете совршени како што е совршен вашиот небесен Татко”. {2T 444.2}

Само совршенството и светоста ќе им овозможат успех во применување на начелата кои Христос им ги дал. Без таа светост, човечкото срце е себично, грешно и порочно. Со помош на светоста тие ќе донесуваат род и ќе изобилуваат во добрите дела. На таквиот човек никогаш нема да му здодее да прави добредетелства, и тој нема да копнее по успесите во овој свет. Ќе копнее по награда која ќе му биде доделена кога Височеството на небото ќе ги повика светите кон Својот престол. Тогаш Тој ќе им каже ним: „Дојдете благословени од Мојот Татко, примете го царството кое ви е подготвено од создавањето на светот”. Тогаш Господ ќе ги преброи делата на самооткажување и милост, сочувство и правда кои тие ги направиле. Светоста на срцето ќе произведе исправни постапки. Недостатокот на духовност и светост наведува на безбожни дела, на завист, омраза, љубомора, зли претпоставки и на сите одвратни гревови. {2T 445.1}

Се обидов во Божји страв да му ги изложам на Божјиот народ неговите гревови и опасноста во која се наоѓа, се трудев со сите свои слаби сили да го разбудам. Му укажав на страшните работи кои во нив, само доколку би верувале, би предизвикале очај и ужас и би ги навеле искрено да се покајат за своите гревови и расипаност. Врз основа на она

што ми е покажано, јас им зборував дека само мал број од оние кои тврдат дека веруваат во вистината конечно ќе бидат спасени - не поради тоа што останатите не би можеле да бидат спасени туку поради тоа што не сакаат да бидат спасени на начин кој Бог го одредил. Патот на кој нашиот Господ укажал е премногу тесен, а и вратата е многу тесна за да можат да поминат оние кои се држат за овој свет, кои се себични или прават каков и да е грев. За сите нив таму нема да има место; а малкумина се такви кои се согласуваат да се одвојат од нив за да можат да одат по тесната патека и да поминат низ тесната врата. {2T 445.2}

Христовите зборови се јасни: „Трудете се да влезете низ тесната врата бидејќи ви велам: многумина ќе бараат да влезат и нема да можат". Немаат христијанско срце сите оние кои тврдат дека се христијани. И денес има грешници во Сион како што ги имало и некогаш. Укажувајќи на Божјиот ден, Исаија зборува за нив: „Грешниците во Сион ќе се исплашат, ќе треперат лицемерите и ќе кажат: кој од нас ќе опстане кај вечната жега? Кој оди во правда и зборува што е право; кој мрази на добивката од насилство; кој ги трга своите раце за да не прими подароци; кој ги затнува своите уши за да не слушне за крв и ги затвора своите очи за да не види о; тој ќе биде на високи места; градовите на карпите ќе му бидат засолниште, леб ќе му се дава, вода нема да му недостига". {2T 446.1}

Има денес лицемери кои ќе затреперат кога ќе видат какви се. Во оној ден кој наскоро ќе дојде, тие ќе исплашат од сопствената расипаност. О, кога уште сега би ги зафатил ужас, кога јасно би сфатиле во каква положба се наоѓаат и кога, додека сè уште има надеж за милост, би се разбудиле, би ги признале своите гревови и би ги понизиле своите души пред Бога, за да им ги прости нивните престапи и да ги исцели од отпадот! Божјиот народ не е подготвен да ги дочека оние страшни неволји кои ни претстојат, не е способен да остане чист од злото и алчноста во опасностите и расипаностите на овој изопачен век. Тој нема на себе оклоп на правда и не е подготвен да се бори против беззаконието кое денес преовладува. Многумина не се покоруваат на Божјите заповеди, иако зборуваат дека го прават тоа. Кога верно би ги извршувале сите Божји заповеди, би имале сила со која би можеле да ги убедат срцата на неверниците. {2T 446.2}

Јас се трудев да ја вршам својата должност. Укажував на гревовите на поединци. Покажано ми е дека Божјата мудрост не дозволува да се откријат гревовите на сите поединци. На сите им е дадена доволна светлина за да ги увидат своите гревови и грешки, ако сакаат и ако имаат цврста волја да ги отфрлат и да ја творат Божјата волја. Тие имаат можност да гледаат на кои гревови укажал Бог кај другите луѓе. И тие така можат да знаат дека Бог се гади од нив ако робуваат на исти гревови и дека ќе бидат оставени во темнина ако сесрдно не се потрудат да се ослободат од тоа. Бог е толку чист што не може да гледа беззаконие. Во Неговите очи секој грев е тежок, без обзир на тоа кој го направил. Тој е непристрасен и нема да направи никаков исклучок. Овие сведоштва, упатени на поединци, се однесуваат на сите оние кои преминуваат преку своите гревови и ги прикриваат, бидејќи нивните имиња не се посебно спомнати. Тие не можат да постигнат никаков напредок на патот на побожниот живот, туку сè повеќе ќе запаѓаат во темнина, додека не го загубат и последниот зрак на светлина. {2T 447.1}

Оние кои зборуваат дека се побожни, а не се посветени од вистината која ја исповедаат, нема значително да го променат својот живот, иако знаат дека истиот му е одвратен на Бога, бидејќи не се изложени на неволјата да бидат лично укорени за своите гревови. Преку сведоштвата упатени на другите, ним верно им е изнесен сопствениот случај. Продолжувајќи да одат по патот на гревот, тие ја повредуваат својата совест, стануваат со тврди срца и непокорни, исто како сведоштвата навистина да им се упатени на нив. Преминувајќи преку своите гревови и одбивајќи да ги поправат своите грешки со понизно признавање и покајание, тие сами одлучуваат за својата судбина, на која ќе бидат препуштени, додека на крај сатаната не ги потчини на својата волја. Тие можат да станат многу дрски кога гледаат дека можат да ги прикријат своите гревови од другите и затоа што Божјата осуда не се покажала на некој видлив начин. Тие навидум можат да бидат и среќни на овој свет. Можат да ги мамат бедните, кратковидни луѓе, кои можат да ги сметаат за пример на побожност. Но невозможно е да се измами Бог. „Бидејќи нема веднаш осуда за зло, затоа срцето на човечките синови брза да прави зло. Иако грешникот сто пати прави зло и деновите му се продолжуваат, јас сепак знам дека ќе им биде добро на оние кои се бојат од Бога, кои се бојат од Неговото лице. А на безбожникот нема да му биде добро ниту ќе му се продолжат деновите туку ќе биде како сенка на оној кој не се бои од Божјото лице". Еден грешник може да има долг живот на земјата, но не и на обновената земја. Тој ќе биде меѓу оние кои Давид ги спомнува во својот псалм: „Уште малку и безбожникот ќе го нема; ќе погледнеш на неговото место, а него ќе го нема. А понизните ќе ја наследат земјата и ќе се насладуваат со изобилство на мир". {2T 447.2}

На понизните кои се каат ветени им се милост и вистина, додека грешните и бунтовниците ќе ја примат својата казна. „Благост и правда се подножје на Неговиот престол". Грешниот и блуднички народ нема да го избегне Божјиот гнев и казна која праведно ја заслужил. Човекот паднал и затоа се потребни напори цел живот, краток или долг, за да се поврати од овој пад и преку Христа повторно да го добие божествениот лик кој го загубил поради гревот и постојаниот престап. Бог бара од нас целосно преобразување на душата, телото и духот, за да го постигнеме оној степен кој сме го загубиле преку Адам. Во Својата милост Господ испраќа зраци на светлина до човекот за тој да ја види состојбата во која се наоѓа. Ако не сака да оди во светлина, тоа значи дека сака да остане во темнина. Тој нема да ѝ дојде на светлината за да не биде укорен за своите дела. {2T 448.1}

Случајот на Н. Фулер ми зададе многу душевна болка и страдање. Страшно е во кој мера тој потпадна под власт на сатаната и колку неговиот живот е безбожен. Верувам дека Бог одредил неговото лицемерство и неговата расипаност да бидат изнесени на начин на кој тоа било направено, за да им служи како опомена на другите. Овде гледаме човек кој бил запознаен со учењата на Библијата и ги слушаше моите сведоштва, со кои ги укорував токму оние гревови кои тој ги правел. Тој повеќе од еднаш ме слушна како одлучно ги осудувам најлошите гревови на ова време и расипаноста која насекаде се шири, дека зборувам како најшироките слоеви постојано прават најлоши злосторства и дека луѓето се задушуваат во сопствената расипаност. Црквите по име се преполни со неморал и прељуба, злосторства и убиства, а сето тоа дошло како последица на ниските телесни страсти. Меѓутоа, сето тоа се крие. Проповедниците на високи положби исто

така грешат, но тие со наметката на побожност лукаво ги прекриваат своите мрачни дела и продолжуваат со своето лицемерство. Гревовите на номиналните цркви допреа до небото; затоа оние кои имаат чесно срце ќе излезат на светлина и ќе се одвојат од нив. {2T 449.1}

Според светлината која Бог ми даде, гледам дека еден голем број на адвентисти на првиот ден смета дека неморалот и прељубата се гревовите на кои Бог ги затвора очите. Многумина паѓаат во овој грев. Тие не го признаваат законот кој го добиле од Бога. Тие ја прекршиле заповедта на големиот Јехова и ревно се трудат да ги наведат на тоа и оние кои ги слушаат, зборувајќи дека Божјиот закон е укинат и нема никаква сила над нив. Во споредба со оваа состојба без морално ограничување, гревот не изгледа толку одвратен, „бидејќи преку законот доаѓа познавањето на гревот". Можеме да очекуваме дека меѓу тие луѓе ќе наидеме на измамници, лажговци и оние кои се препуштаат на волјата на своите грешни страсти. Меѓутоа, мажите и жените кои ја признаваат задолжителноста на Десетте Заповеди и ја почитуваат четвртата заповед, треба во својот живот да ги остваруваат начелата на сите десет заповеди кои ни се дадени на Синај. {2T 449.2}

Адвентистите на седмиот ден кои го очекуваат и посакуваат Христовото доаѓање не смеат да одат по патот на суетниот свет. Тие не треба да го земаат за свое мерило. Тие не смеат да се угледаат ниту на адвентистите на првиот ден кои одбиваат да ја прифатат обврзаноста на Божјиот закон и го газат. Ниту овие луѓе не можат да служат како мерило. Адвентистите кои ги почитуваат заповедите заземаат едно посебно, возвишено место. Нив ги забележал Јован во својата света визија и вака ги опишал: „Овде е трпението на светите кои ги држат Божјите заповеди и имаат вера Исусова". {2T 450.1}

Господ направил посебен завет со стариот Израел: „А сега ако добро го послушате Мојот глас и го сочувате Мојот завет, ќе бидете Мое богатство меѓу сите народи, иако сета земја е Моја". Тој и во овие последни денови му се обраќа на Својот народ кој ги почитува Неговите заповеди: „А вие сте избран народ, царско свештенство, свет народ, народ на добивка, за ја објавите добродетелта на Оној Кој ве повика од темнината кон Својата чудесна светлина". „Љубезни! Ве молам да се чувате од телесните желби кои војуваат на душата". {2T 450.2}

Не ги држат сите оние кои зборуваат дека ги почитуваат Божјите заповеди своите тела чисти и свети. На овој народ му е доверена најсериозната вест која некогаш им е доверена на смртните луѓе и тој може силно да делува на другите ако сака да се посвети преку неа. Тој народ зборува дека стои на возвишен став на вечната вистина и дека се покорува на сите Божји заповеди. И затоа, ако луѓето се оддаваат на гревот, ако прават прељуба или блуд, нивното злосторство е десет пати поголемо отколку кога тоа го прават оние луѓе за кои зборував, кои не ја признаат задолжителноста на Божјиот закон. Оние кои го исповедаат Божјиот закон, а го кршат, го срамат со тоа и Бога и вистината. {2T 450.3}

Токму поради тоа што неморалот завладеал меѓу нив, стариот Израел го навлекол Божјиот гнев на себе. И наскоро дошла Неговата казна за нивниот одвратен грев; илјадници луѓе паднале и нивните тела се расеале по пустината. „Многумина од нив не беа по Божја волја, и изгинаа во пустината. А ова беше за наш пример, за ние да не правиме зло, како што правеа тие. Не бидете идолопоклоници, како некои од нив, како

што стои напишано: седнаа луѓето да јадат и пијат и станаа да играат. Ниту да вршиме блудство како што правеа некои од нив; па во еден ден паднаа дваесет и три илјада. Ниту да Го искушуваме Христа, како што некои од нив Го искушуваа и изгинаа од змии. Ниту да викаме на Бога како што викаа некои од нив и изгинаа од крвници. Ова се случуваше за пример на нив, а се напиша за наша поука, на кои дојде крајот на светот. Зашто кој мисли дека стои, нека внимава да не падне". {2T 451.1}

Повеќе од сите други луѓе на светот, адвентистите на седмиот ден треба да бидат пример за побожност, свети во срцето и во зборовите. Јас во присуство на Н. Фулер кажав дека од народот кој Бог го избрал за Свое богатство, бара да биде возвишен, благороден и посветен, да има удел во божествената природа и да се спаси од расипаноста која преку страста постои во светот. А ако и оние чија вера е толку возвишена се оддаваат на грев и беззаконие, тогаш тоа е многу голем грев. Господ ги казнува гревовите на еден за да ги предупреди останатите, за сите да се исплашат. {2T 451.2}

Опомените и укорите не се даваат на адвентистите на седмиот ден затоа што тие живеат понечесен живот од христијаните кои им припаѓаат на црквите по име ниту пак затоа што нивните постапки се полоши од постапките на оние адвентисти кои не им се покоруваат на Божјите закони туку затоа што тие имаат голема светлина и што преку својата вера станале избран Божји народ кој во своето срце го носи Неговиот закон. Со покорување на законите на небесниот Бог, тие даваат доказ за својата верност кон Него. Тие се Божји претставници на земјата. Секој грев ги одвојува од Бога и му нанесува голем срам на Неговото име, бидејќи со тоа им се дава можност на непријателите на Божјиот закон да го напаѓаат Бога и Неговиот народ, кои Тој ги нарекол „избран народ, царско свештенство, свет народ, народ на добивка," за да ги возвестат пофалбите на Оној кој ги повикал од темнината кон Својата чудесна светлина. {2T 452.1}

Може да се случи луѓето кои водат војна против законот на големиот Јехова, кои сметаат дека прават големо дело ако со своите зборови и дела покажуваат презир кон тие закони, зборуваат во исто време за својата голема љубов кон Бога и покажуваат голема сесрдност во верата, како што тоа го правеле и еврејските старешини и свештеници. Но еден ден на Божјиот суд ќе им биде кажано дека се пронајдени лесни. „Зашто преку законот доаѓа познавањето на гревот". Огледалото кое им ги покажува маните и недостатоците на нивниот карактер ги доведува до бес. Водечките адвентисти кои ја отфрлиле светлината се гневат против Божјиот закон, исто како некогаш и еврејскиот народ против Божјиот Син. Тие се наоѓаат во страшна измама, бидејќи ги мамат и другите и самите себеси. Тие не сакаат да излезат на светлина, за да не им се укаже на нивните зли дела. Таквите не сакаат да бидат поучени. Меѓутоа, Господ ги кара и поправа оние кои сакаат да се држат за Неговиот закон. Тој им укажува на нивните гревови и ги открива нивните беззаконија, бидејќи сака тие да се откажат од секој грев и безбожништво за да ја творат Божјата волја, да се подготват и да умрат во Господа и да се вознесат на небото. Бог ги кара, казнува и поправа за да станат благородни, посветени и возвишени и за на крајот да се издигнат до Неговиот престол. {2T 452.2}

Проповедникот Фулер го слушна сведоштвото изнесено јавно пред верниците дека не се сите во Божјиот народ свети туку дека има и расипани. Бог сакаше да ги издигне, но тие одбија да се издигнат на еден повисок степен на животот. Животинските страсти

добија превласт потчинувајќи ги моралните и умните сили. Оние кои не ги зауздаа своите ниски страсти не можат да ја сфатат вредноста на каењето ниту пак човечките души. Тие не ја почувствувале ниту разбрале вредноста на спасението. Највисока цел во нивниот живот е задоволување на животинските страсти. Бог не прима ништо друго освен чистота и светост; една дамка, една мана во карактерот, ќе им го попречи засекогаш патот кон небото со сета своја слава и блаженства. {2T 453.1}

Сите оние кои одлучиле искрено, сесрдно и промислено да почнат да ја творат Божјата волја можат да сметаат на изобилна помош. Тие ќе добијат од Христа сила, благодат и слава; сето тоа ангелите чувари ќе им го донесат на наследниците на спасението. Никој не е толку расипан, низок и лош за да не може да најде сила, чистота и правда во Христа Кој умрел за нас, само ако сака да ги отфрли своите гревови, да престане да прави неправда и да се обрати со сето срце на живиот Бог. Тој чека да ги симне од нив од грев извалканите одела, а потоа да ги облече во бели, чисти облеки на правда и да бара од нив да живеат, а не да умрат. Во Него тие можат да пораснат. Нивните гранки нема да овенат ниту ќе бидат без плод. Ако останат во Него, ќе добијат од Него сила и храна, ќе се напојуваат со Неговиот Дух, ќе одат како што одел Тој, ќе победат како што победил Тој и ќе бидат издигнати и поставени од Негова десна страна. {2T 453.2}

Проповедникот Фулер бил предупреден. Опомените кои им биле дадени на другите се однесуваат и на него. Со укорувањето на гревот кај другите и тој бил укорен; дадена му е доволна светлина за да види како Бог гледа на гревовите кои тој ги прави. Но тој не сакаше да го напушти својот лош начин на живот. Тој го продолжи своето страшно, богохулно дело, уништувајќи ги телото и душата на своето стадо. Сатаната само ги зајакнал ниските страсти кои овој човек не ги задушил во себе и ги искористил за да ги одведе душите во смрт. {2T 454.1}

Додека тврдеше дека го држи Божјиот закон, тој крајно неодговорно ги кршеше Неговите јасни одредби. Потполно се оддаде на задоволување на своите телесни желби. Се продаде за да прави зло. Каква ќе биде платата на овој човек? Божјата одмазда ќе ги стигне сите оние кои под проповедничката наметка ги прикриваат своите животински страсти. Претставувајќи се како пастир на стадото, тој го водеше тоа стадо во пропаст. Овие страшни последици се плодови на страста која е во „непријателство со Бога, бидејќи не се покорува на Божјиот закон ниту може". {2T 454.2}

Укажано ми е на зборовите на Светото Писмо: „Да не царува грев во вашето смртно тело за да ги слушате неговите страсти; ниту давајте им се на своите органи како оружје на неправдата, туку дајте се себеси на Бога и своите органи на Бога за оружје на правдата". Вие кои се сметате за христијани, кога и нема да ви биде дадена друга светлина освен оваа која ги содржи овие зборови, нема да ви се прости ако дозволите со вас да завладеат ниски страсти. {2T 454.3}

Божјата реч е доволна за да се осветли и најсилно заматениот ум и сите кои сакаат да ја разберат, можат да ја разберат. Но наспроти тоа, некои кои зборуваат дека се трудат да живеат според Божјата реч, всушност живеат потполно спротивно на нејзините најјасни учења. И затоа, за мажите и жените да не можат и понатаму да се изговараат, Бог им дава јасни и одредени сведоштва и ги враќа кон Речта од која се оддалечиле. Сепак, оние кои им служат само на своите желби, не обрнуваат внимание

на оваа светлина; тие нема да престанат да одат по патот на гревот туку и понатаму ќе се оддаваат на своите страсти и покрај одмаздата со која Бог им се заканува на оние кои ќе појдат по овој пат. {2T 454.4}

Веќе подолго време имам намера им се обратам на своите сестри и да им кажам дека тие имаат една голема мана, според она што Господ ми го покажа. Тие не настојуваат да се оттргнат од она што изгледа како зло. Тие не се внимателни во своето однесување како што им прилега на жени кои исповедаат побожност. Тие не ги бираат внимателно своите зборови како што би требало да прават жените кои ја примиле Божјата благодат. Премногу се блиски со своите браќа. Се задржуваат со нив во разговор, им приоаѓаат и оставаат впечаток како да им е пријатно нивното друштво. Им годи нивното внимание. {2T 455.1}

Според светлината која Господ ми ја подари, нашите сестри би требало сосем поинаку да се однесуваат. Би требало да бидат поповлечени, да покажуваат помалку храброст и да се трудат да бидат „срамежливи и трезвени". И браќата и сестрите се впуштаат во премногу слободни разговори кога ќе се најдат во друштво. Жените кои зборуваат дека се побожни, сакаат да се шегуваат, смеат и да бидат несериозни. Тоа не е убаво и тоа го жалости Божјиот Дух. Ваквото однесување открива недостаток на вистинска христијанска чистота. Тоа не ја зајакнува душата во Бога туку нè води во темнина, ги растерува чистите, свети, небесни ангели и ги понижува оние кои така се однесуваат. {2T 455.2}

Нашите сестри би требало да бидат понизни, не би смееле да бидат непромислени и дрски, туку скромни и ненаметливи и внимателни во зборовите. Нека учат да бидат љубезни. Скромноста, љубезноста, милосрдноста и подготвеноста на простување добро ќе им прилегаат и тогаш ќе бидат угодни на Бога. Ако така се однесуваат, мажите нема да им додеваат во црквата и надвор од неа. Сите ќе почувствуваат дека околу тие богобојазливи жени постои еден круг на светост кој ги штити од сите несоодветни слободи. {2T 456.1}

Некои жени кои се сметаат побожни покажуваат невнителност и слобода во однесувањето кое мора да доведе до зло. Но оние побожни жени чие срце и ум се обземени со мисли кои ја засилуваат чистотата на животот и ја издигнуваат душата кон Бога, нема толку лесно да скршнат од патеката на исправност и доблест. Тие ќе бидат вооружени против искушенијата на сатаната и ќе бидат подготвени да се спротивстават на неговите напори да ги заведе. {2T 456.2}

Фалењето, модата, желбата на очите и страста на телото -

доведуваат до пад. Се копнее по она што му годи на телесното срце и на ниските нагони. Кога од нивните срца би се искорениле телесните страсти, тие не би биле толку слаби. Кога нашите сестри би чувствувале потреба да ги очистат своите мисли не дозволувајќи никаква грешка во своето однесување, која би ги навела на нечисти дела, никогаш не би ја извалкале својата чистота. Кога овие работи би се виделе онака како што Бог мене ми ги покажа, би чувствувале такво гадење кон нечистите дела, така што никогаш не би се нашле меѓу оние кои им попуштиле на искушенијата на сатаната, без обзир на тоа кого тој одбрал за свое орудие. {2T 456.3}

Проповедникот може да се занимава само со она што е свето, а сепак да не биде свет во срцето. И тој може да се продаде на сатаната, да падне во безбожништво и да

ги расипува душите и телата на верните. Меѓутоа, кога душите на жените и девојките кои Го љубат Бога и се бојат од Него би биле зајакнати со Неговиот Дух, да се навикнаа да мислат само за она што е чисто и да го одбегнуваат она што личи на зло, би биле безбедни од сите нечисти обиди и расипаност која владее околу нив. Зборувајќи за себе, апостол Павле напишал: „Туку го поробувам своето тело и го потчинувам за проповедајќи им на другите, и самиот да не бидам отфрлен". {2T 456.4}

Ако проповедникот на евангелието не ги заузда своите ниски страсти, ако не е во состојба да го следи примерот на апостолот и ако со тоа ја срами својата вера, нашите побожни сестри не смеат ниту за еден момент да помислат дека гревот и злосторството загубиле од својата грешност затоа што проповедникот се осмелува да им се оддаде. Фактот дека луѓето кои се наоѓаат на одговорни места не се притеснуваат да грешат, не смее никако да ја намали одвратноста и големината на гревот во очите на луѓето. Гревот мора да се смета исто толку одвратен и гаден како порано, и оние кои се чисти и возвишени треба да се гадат и да го одбегнуваат секого кој се оддава на грев, како што бегале од змијата чиј отров е смртоносен. {2T 457.1}

Кога сестрите би биле возвишени во душата и би имале чисто срце, би го одбиле секој обид, па и да доаѓа тој дури и од страна на проповедникот, со таква одлучност што никогаш не би морале да го повторат одбивањето. Сатаната мора страшно да го заматил духот на оние кои го слушаат гласот на заводникот затоа што тој е проповедник, ја кршат јасната и одредена Божја заповед и уште веруваат дека со тоа не прават никаков грев. Зар ги немаме Јовановите зборови: „Кој зборува: Го познавам, а не ги држи Неговите заповеди, лаже и во него нема вистина". Што вели законот? „Не прави прељуба". Кога еден човек кој вели дека го држи светиот Божји закон и работи во света служба, го искористува угледот кој му го дава неговата положба за да ги задоволи своите ниски страсти, самиот тој факт би требало да биде доволен за една побожна жена да увиди дека тој нечист предлог доаѓа од сатаната, претворен во ангел на светлината. Јас не можам да верувам дека Божјата реч е всадена во срцата на оние кои се во состојба толку лесно да ја жртвуваат својата невиност и својата доблест на олтарот на похотните страсти. {2T 457.2}

Сестри мои, чувајте се од сè што изгледа дека е зло. Во овој век на разврат полн со расипаност, нема да бидете сигурни ако не стоите на стража. Доблеста и скромноста се ретки. Ве повикувам како Христови следбеници чија вера е возвишена да копнеете по стекнување на скапоцен камен на скромност. Ако воопшто очекувате на крајот да се издигнете и да се најдете во друштво на светите, безгрешни ангели, да живеете таму каде што нема да има ниту најмало навестување на гревот, држете се до скромноста и доблеста. Само чистотата, светата чистота ќе биде во состојба да издржи во големото испитување, да опстане во Божјиот ден и ќе биде примена во чистото и свето небо. {2T 458.1}

И најмалиот обид, од било која страна и да доаѓа, со кој некој ве повикува на грев или пак се осмелува да дозволи и најмала слобода кон вас, треба да се одбие како најтешка навреда на вашето женско достоинство. Бакнежот на вашиот образ во несоодветно време и на несоодветно место треба во вас да предизвика одвратност кон сатанскиот гласник. Ако тоа го прави оној кој е на висока положба и кој работи во света служба, гревот е десет пати поголем. Богобојазливата жена или девојка треба со ужас

да отстапи не само поради гревот на кој ја наведуваат, туку и поради лицемерноста и расипаноста на човекот кого народот го почитува и цени како Божји слуга. Тој се занимава со свети работи, а сепак ја покрива својата ниска страст со облека на проповедник. Чувајте се од сè што би наликувало на оваа блискост. Бидете уверени дека секоја блискост е знак на попустлив дух и нечист поглед. Ако и најмалку попуштите во оваа насока, давате најјасен доказ дека вашите мисли не се толку чисти и невини како што би требало и дека ве завеле и вас гревот и злосторството. Со тоа вие го спуштате знамето на својата женска доблест и достоинство и покажувате на несомнен начин дека сте дозволиле во вашето срце да живее ниска животинска страст која не е распната. {2T 458.2}

Кога ми беа покажани опасностите во кои се наоѓаат оние кои зборуваат за подобар свет и гревовите кои постојат меѓу нив - и тоа кај луѓето за кои и не се сомнева дека можат да подлегнат на толку одвратни гревови - морав да се запрашам: О, Господе, кој ќе издржи кога Ти ќе се појавиш? Единствено оние кои имаат чисти раце и чисто срце ќе опстанат на денот на Неговото доаѓање. {2T 459.1}

Господовиот дух ми налага да побарам од своите побожни сестри да копнеат по скромност, повлеченост, срамежливост и чистота. Слободата на однесување која завладеала во ова расипано време не треба да биде мерило за Христовите следбеници. Меѓу христијаните кои се подготвуваат за небото не би требало да постои непристојна блискост во однесувањето. Ако двосмисленоста, измамата, злосторството и убиството се на дневен ред меѓу оние кои не знаат за вистината и кои нема да се владеат според начелата на Божјата реч, од колкава важност е оние луѓе кои тврдат дека се Христови следбеници, поврзани со Бога и со Неговите ангели да покажат еден подобар и поблагороден пат. Од колкава важност е тие со својата чистота и доблест да се разликуваат од тие луѓе со кои владеат животински страсти. {2T 459.2}

Се прашував кога младите сестри ќе почнат да се однесуваат онака како што прилега? Знам дека ништо нема да се промени на подобро сè додека родителите не сфатат дека треба да посветат поголемо внимание на воспитување на своите деца. Учете ги да бидат повлечени и скромни. Учете ги да бидат корисни, да им помагаат на другите, да водат сметка за другите, а не други да водат сметка за нив. {2T 459.3}

Општо земено, младината постапувала под сатанско влијание. Вашите ќерки не се научени на самооткажување и самосовладување. Ги разгалувате и развивате во нив суета. Им дозволувате да одат по својот пат додека не станат тврдоглави и самоволни, така што на крајот не знаете ниту самите што треба да се преземе за тие да се спасат од пропаста. Тие толку потпаднале под влијание на сатаната, што неверниците со прст укажуваат на нив поради недостатокот на нивната повлеченост и женска скромност. И момчињата се препуштени сами на себе. Едвај достигнувајќи возраст од десет години, тие веќе бараат друштво на девојчиња на своја возраст, ги испраќаат до дома и се заљубуваат во нив. А родителите толку се заслепени од својата погрешно сфатена љубов кон своите деца, што не се осмелуваат строго да истапат кон нив, да заземат поинаков став и да ги зауздаат своите непромислени деца во овој век на неморал. {2T 460.1}

Многу млади девојки зборуваат за момчиња, како што и многу момчиња зборуваат само за девојки. „Усните зборуваат од вишокот на срцето”. Тие постојано зборуваат за она за што најмногу мислат. Ангелот верно ги бележи зборовите на девојките и

момчињата кои исповедаат христијанство. Како тие ќе бидат посрамени и збунети кога на денот на судот ќе се соочат со тие извештаи! Многу деца се побожни лицемери. Овие лицемери претставуваат камен на сопнување за младината која сè уште не ѝ пристапила на вистинската вера, која затоа се спротивставува на секој обид на оние на кои им е грижа за нивното спасение. {2T 460.2}

Во срцето на делото треба да се одберат луѓе кои ќе работат, луѓе на кои човек може да потпре во секоја прилика, несебични луѓе, богати со благородност и добри дела, чиј живот е угоден на Бога и кои повеќе го ценат оној подобар живот од јадење и облека. „Зар животот не е поважен од храната и телото од облеката". Бог ги повикува верните стражари во срцето на делото, кои ќе ги љубат душите за кои Христос умрел и ќе носат бреме за душите кои пропаѓаат, очекувајќи за тоа награда која ќе им припадне кога ќе влезат во радоста на својот Господар и ќе ги здогледаат душите кои се спасиле за да живеат сè додека живее Бог и да бидат среќни, вечно среќни, во Неговото величествено царство. О, кога би можеле да ги пробудиме мајките и татковците да ја почувствуваат сета големина на одговорноста која лежи на нив! Тогаш би го изненадиле непријателот и би стекнале драгоцени победи за Христа. Родителите не се начисто со сите тие работи. Би требало внимателно да го испитаат својот живот, своите мисли и побуди и да погледнат дали биле внимателни во сите свои постапки. Тие би требало да внимаваат со своите зборови и постапки да не им даваат на своите деца таков пример за нивните деца да се угледаат на него. Пред своите деца би требало да се однесуваат така што од нивните зборови и постапки блеска светлината на чистотата и доблеста. {2T 460.3}

Покажани ми се семејства во кои мажот и таткото не ја сочувал онаа разумност, она достоинство, на Бога слична мажевност каква што му прилега на Христовиот следбеник. Не се трудел кон својата жена да биде нежен, љубезен, како што му е должност. Тој ветил пред Бога и ангелите дека ќе ја љуби, почитува сè додека двајцата живеат. Таа како девојка сакала да му укажува внимание, дури и малку претерано. Му ја чешлала косата и тоа му годело, страшно му годело. Тој сега не ја покажува кон својата жена онаа љубов и внимание која некогаш ѝ ја укажувал. Бидете уверени дека овде веќе сатаната е на дело. Почитувај ја својата изнајмена помошничка, биди благ кон неа, но не оди понатаму. Твоето однесување нека биде такво да не дојде до никаква блискост. Ако сакаш некому да упатиш љубезни зборови, најдобро е да ги упатиш на својата сопруга. Тоа ќе биде голем благослов за неа и таа ќе ти возврати со иста мера. {2T 461.1}

Покажано ми е дека жената покажувала наклонетост и интерес кон други луѓе, кои можеби се членови на семејството. Таа им ја подарува својата доверба, покажува склоност да биде во нивно друштво и им зборува за своите грижи, а можеби и за своите лични семејни работи. {2T 462.1}

Сето тоа не е добро. Сатаната има удел во ова и ако веднаш не запрете, ќе ве одведе во пропаст. Никогаш не можете да бидете доволно внимателни во овој поглед. Ако сакате некому да упатите нежни, љубезни зборови и да му укажете внимание, укажете ја на оној кому сте му ветиле дека ќе го љубите и почитувате пред Бога и ангелите. О, колку животи се загорчени со рушење на ѕидовите кои го оградуваат приватниот живот на едно семејство и кои се подигнати за да се сочува неговата чистота и светост! Жената ја подарува довербата на некое трето лице и му ги открива своите семејни тешкотии. Тоа е сатанско лукавство за да ја отуѓи жената од мажот! Колку неволји би се избегнале

кога би престанало со ова! Заклучете го во своето срце сознанието за маните на другиот. Само на Бога исповедајте му ги своите неволји. Тој може да ви даде вистински совет и сигурна утеха која ќе биде чиста и нема да има никаква горчина во себе. {2T 462.2}

Познавам извесен број на жени кои мислат дека нивната мажачка е неуспех. Читаа романи и имаат болна фантазија, така што живеат во еден свет кој самите го создале. Се сметаат за жени со нежна душа и повисок, префинет дух и вообразуваат дека нивните мажи не се доволно фини, дека немаат никакви благородни особини и затоа не се во состојба да ги оценат нивните доблести и нивната возвишена природа. И затоа се замислуваат себеси како големи страдалници и маченици. Тие толку зборуваа за тоа и мислеа на тоа, што станаа манијаци во тој поглед. Мислат дека се повеќе од останатите смртници и дека не им прилега да се дружат со обичните луѓе. Овие жени се прават себеси луди, а нивните мажи понекогаш и навистина мислат дека тие се нешто повеќе од останатите. {2T 462.3}

Според она што Господ ми го покажа, видов дека овие жени ја расипале својата фантазија со читање на романи, мечтаење и сидање на кули во воздух, живеејќи во еден имагинарен свет. Тие не се спуштаат до обичните, корисни должности на животот. Не го земаат на себе животниот товар кој се наоѓа на нивната патека ниту настојуваат на своите мажи домот да им го направат пријатен и среќен. Тие им го препуштаат целиот товар, не носејќи го дури ниту сопствениот. Очекуваат од другите да ги погодат нивните желби и да им излезат во пресрет, сметаат дека секому можат да му наоѓаат мани и да му замерат кога сакаат. Овие жени страдаат од некој сентиментализам и постојано мислат дека другите не ги ценат, дека нивните мажи не им го подаруваат вниманието кое го заслужуваат. Вообразуваат дека се маченици. {2T 463.1}

А од сето тоа точно е само тоа дека нивната вредност ќе се цени само ако се покажат од корист; но ако и понатаму очекуваат наклонетост и внимание од другите, не сметајќи се притоа обврзани тоа да го возвратат, ако заземаат некој студен став и ако не го носат товарот за другите, нивниот живот ќе биде од мала корист. Овие жени се убедиле себеси дека направиле голема жртва со тоа што се омажиле за своите мажи и дека луѓето никогаш нема да успеат да ја сфатат возвишеноста на нивната природа. Тие имаат потполно погрешен став за работите. Тие не се достојни за своите сопрузи. Тие постојано го оптоваруваат нивното внимание и трпение, наместо да бидат од помош и со нив да ги поделат животните товари, а не да фантазираат за некој нереален живот од приказните и љубовните романи. Господ нека се сожали на луѓето кои се врзани за такви некорисни машини кои се тука само за да им се угодува, за да дишат, јадат и да се облекуваат. {2T 463.2}

Жените кои сметаат дека поседуваат толку чувствителна, префинета природа, се многу некорисни мајки и сопруги. Често се случува да им ускратуваат љубов на своите сопрузи, кои се корисни, практични луѓе и посветуваат многу внимание на други луѓе. Со својата сентименталност бараат наклонетост на други луѓе, им раскажуваат за своите неволји, незгоди, желби да направат некое возвишено дело и на тој начин го откриваат фактот дека нивниот брачен другар претставува разочарување, пречка за извршување на големото дело кое имале намера да го извршат. {2T 464.1}

О, каква беда во семејствата кои би можеле да бидат среќни! Таквите жени се проклетство и за себе и за своите сопрузи. Сметајќи се себеси ангели, тие прават од себе

будали и на другите постојано им се на товар. Тие ги запоставуваат обичните животни должности кои Господ им ги наменил за да ги исполнат; тие чувствуваат немир и лелекаат, постојано копнеејќи за некоја полесна, повозвишена и попријатна работа. Иако се сметаат себеси за ангели, тие на крајот на краиштата се сепак само човечки суштества. Тие се лути, зловолни, незадоволни, љубоморни на своите мажи поради тоа што најголем дел од своето време не им ги посветуваат на нив. Тие се жалат дека се запоставени, иако нивните сопрузи го работат токму она што треба да го работат. Сатаната лесно наоѓа пат до таквиот вид на жени. Тие немаат вистинска љубов за никого, дури ниту за самите себе. Меѓутоа, сатаната им дошепнува дека навистина би биле среќни кога овој или оној би бил нивен сопруг. Тие лесно стануваат жртва на сатанската измама, бидејќи лесно можат да се наведат на тоа да ги посрамат своите мажи и да го прекршат Божјиот закон. {2T 464.2}

Би сакала да им кажам на таквите жени: вие сами можете да ја создадете или уништите својата среќа. Од вас зависи дали вашиот живот ќе биде среќен или неподнослив. Од ставот кој го заземате зависи вашата среќа или несреќа. Зар тие жени не помислуваат дека ќе им здодеат на своите сопрузи со својата некорисност, ситничарење, со нападите на плач, вообразувајќи дека се толку несреќни? Нивната раздразлива, зловолна природа ја отуѓува од нив наклонетоста на нивните мажи и ги наведува да бараат разбирање, мир и утеха надвор од домот. Во нивниот дом владее затруена атмосфера и нивниот дом им е сè друго, само не место каде што можат да се одморат, освежат и да бидат среќни. Сатаната ги искушува таквите мажи, нивните чувства скршнуваат од вистинскиот пат и тие се искушувани да прават зло и конечно, стануваат загубени. {2T 464.3}

Големо е делото и задачата на жените, особено на оние кои се сопруги и мајки. Тие можат да бидат на благослов за својата околина. Тие можат да вршат силно влијание во насока на доброто, ако нивната светлина толку блеска, што и другите ќе бидат наведени да го слават нашиот небесен Татко. Жените можат да вршат влијание кое преобразува, само ако својот начин на живот и својата волја ги потчинат на Бога и ако Бог владее со нивниот ум, склоности и со целото битие. Тие можат да вршат влијание кое ќе ги облагороди и издигне сите оние со кои доаѓаат во допир. Но таквите жени не се свесни за моќта која ја поседуваат. Тие несвесно вршат влијание кое природно се излева од посветениот живот, од обновеното срце. Тоа е плод кој природно се раѓа на добро дрво на божествениот расадник. Сопственото јас е заборавено и исчезнало во Христовиот живот. Ним исто толку им е природно да се богатат во добри дела како што им е природно да дишат. Тие живеат поради доброто на другите, а сепак велат: Ние сме непрофитабилни слуги. {2T 465.1}

Бог ѝ ја доделил на жената нејзината должност; и ако таа, кротко, но колку што може подобро, го претвори својот дом во рај, верно и со љубов ги исполнува должностите кон својот сопруг и деца, постојано настојувајќи светата светлина да зрачи од нејзиниот корисен, чист и доблесен живот, осветлувајќи сè околу неа, тогаш ја исполнува должноста која ѝ ја доделил Господарот; и таа ќе слушне од Неговите божествени усни: „Добро извршено, добар и верен слуго, влези во радоста на својот Господар”. Жените кои со задоволство ја извршуваат секоја работа која ќе ја најдат нивните раце, кои со ведар дух им помагаат на своите сопрузи да ги носат товарите и да ги подигаат своите

деца на Божја слава, таквите жени се мисионери во највисока смисла на тој збор. Тие учествуваат во едно големо дело кое мора да се изврши овде на земјата за смртните луѓе да се подготват за повозвишениот живот. Таквите жени ќе ја добијат својата награда. Децата мораат да бидат одгледувани за небото и мораат да се оспособат да блескаат во Господовото царство. Кога родителите, а особено мајките, би биле свесни за значајното, одговорно дело кое Бог им го доверил, тие не би посветувале толкаво внимание на работите кои ги засегаат нивните соседи и со кои немаат ништо заедничко. Тие не би оделе од куќа до куќа за да се занимаваат со озборување, зборувајќи за грешките, недостатоците и непостојаноста на своите соседи. Тие толкаво внимание би им посветиле на своите деца и не би имале време да им замеруваат на своите соседи. Клеветниците и разнесувачите на новостите претставуваат големо проклетство за ближните и црквите. Две третини од сите неволји во црквата потекнуваат од тој извор. {2T 465.2}

Бог бара секој верно да ги исполнува секојдневните должности. Меѓутоа, токму тоа го запоставуваат многумина кои тврдат дека се христијани. Таа должност особено ја запоставува оној вид на луѓе кои ги спомнав, кои сметаат дека се суштества од подобар вид од останатите смртници. Но фактот дека се занимаваат со такви мисли е доказ дека тие се од понизок вид, ситничари, вообразени и себични. Тие сметаат дека се над понизните и кротките бедници кои Исус ги повикувал. Тие секогаш се трудат да дојдат до положба, да заслужат одобрување, да бидат пофалени за некое големо дело кое другите не можат да го извршат. На нивната префинета природа не ѝ одговара да се дружат со кротките и несреќните и не ја увидуваат причината за сето тоа. Причина што тие ги одбегнуваат должностите кои не се толку пријатни е нивната крајна себичност. Нивното љубено јас е центар на сите нивни постапки и побуди. {2T 466.1}

Укажано ми е на небесното Височество. Кога Оној кого ангелите Го обожавале, Кој бил богат во честа, сјајот и славата, дошол на земјата за да живее како човек, Тој не се изговарал со Својата префинета природа ниту ги одбегнувал несреќниците. Во Својата работа Тој се дружел со несреќниците, сиромашните, очајните и бедните. Христос бил олицетворение на благородност и чистота; Неговиот живот и карактер биле возвишени; меѓутоа, Тој во Својата работа не се дружел со луѓе со звучни титули ниту со оние кои ги уживале најголемите почести на овој свет туку со очајните и бедните. Божественият Учител рекол: „Зашто Синот човечки дојде да го најде и спаси она што е загубено”. Да, небесното Височество секогаш пружало помош на оние на кои помошта им била најпотребна. Христовиот пример нека предизвика чувство на срам кај оној вид на луѓе кои толку го истакнуваат своето бедно јас, па сметаат дека им е под чест и под нивниот возвишен повик да им помогнат на најнемоќните. Таквите заземаат повозвишен став од својот Господ и на крајот ќе бидат изненадени кога ќе увидат дека се пониски и од најнискиот вид на луѓе со кои нивната префинета, чувствителна природа не сакала да се меша и за кои не сакала да се залага. Вистина, не е секогаш пријатно верно да се следи својот Учител и да се стане Негов соработник во пружање на помош токму на оние луѓе на кои помошта им е најпотребна. Но тоа е дело кое Христос понизно го извршувал. Дали слугата е поголем од Господарот? Тој дал пример и бара од нас да се угледаме на Него. Можеби тоа не е пријатно, но должноста налага да се изврши токму такво дело. {2T 467.1}

Неопходно е на чело на делото да се постават верни и одбрани луѓе. Оние кои немаат искуство во носењето на товарот и кои не сакаат да стекнуваат такви искуства во никој случај не би смееле да се најдат таму. Потребни се луѓе кои ќе внимаваат на душите како оние кои ќе полагаат сметка. На таа важна положба потребни се татковците и мајките во Израел. Себичните и саможиви, тесногради, алчни души нека си најдат себеси место на кое бедните црти на нивниот карактер нема толку да се забележуваат. Колку таквите души се поосамени, толку тоа ќе биде подобро за Божјото дело. Го повикувам Божјиот народ, каде и да се наоѓа: „Прифатете ги своите должности! Имајте на ум дека навистина живееме во опасностите на последните денови”. {2T 467.2}

Се надевам дека случајот на Н. Фулер ќе влијае на вас, татковци и мајки, за да увидите дека во вашите домови, меѓу вас самите и меѓу вашите деца мора да се изврши едно дело, за сатаната да нѐ заведе никого од вас во поглед на гревот кој го направил тој беден и достоен за сожалување човек. Оние кои учествувале со него во порокот никогаш не би биле заведени и упропастени, ако поседуваа возвишено чувство за доблест и чистота и секогаш да негуваа непоколеблива одвратност кон гревот и расипаност. Иако живееле во времето на објавувањето на најсвечената вест која некогаш им била дадена на смртниците, и самите биле нејзини носители, претставувајќи го Божјиот закон како проба на карактерот и како печат на живиот Бог, тие ги кршеле Неговите свети прописи. Совеста на оние кои постапуваат така затапела. Тие се спротивставувале на влијанието на Божјиот Дух и на крајот ја употребиле светата вистина како наметка за криење на изопаченоста на својата расипана душа. Сатаната стравотно го завел тој човек. Тој им служел на порочните страсти додека истовремено исповедал дека е посветен за Божјото дело, кој треба да служи во светите нешта. Тој се сметал здрав, додека во него всушност немало здравје. {2T 468.1}

Длабоко ме заболе кога видов дека животинските страсти со своето моќно влијание владеат со мажите и жените со необичен ум и способности. Тие би биле во состојба да вршат добро дело и да вршат силно влијание, кога не би биле робови на ниските страсти. Мојата доверба во човештвото беше страшно нарушена. Видов дека лицата со навидум добро однесување, кои не одржуваат недозволени односи со другиот пол, се оддаваат речиси секојдневно на таен порок. Тие не се воздржуваат од тој страшен грев дури ниту во моментот кога се одржуваат најсвечените состаноци. Тие би ги слушале најсериозните, највозбудливите проповеди за страшниот суд, би се чувствувале како да се пред Божјиот суд, би трепереле од страв, а сепак, не би поминал ниту еден час, а тие да не се оддадат на својот омилен, ужасен порок, осквернувајќи го сопственото тело. Има такви кои толку му робуваат на тоа ужасно злосторство, што се лишени од силата да ги совладаат своите страсти. За некои од нив ние ревно се залагавме, ги преколнувавме, плачевме и се молевме за нив; сепак, знаевме дека наспроти нашите сесрдни напори и очајувања, силата на грешната навика однела победа и тој грев повторно е направен. {2T 468.2}

Поради тешките болести или благодарение на убедувањето, кај некои грешници се пробуди совеста и толку ги прогонуваше што беа наведени да ги признаат тие работи со длабока понизност. Другите исто толку грешеа. Тие се оддаваа на тој грев речиси целиот свој живот; нивното нарушено здравје и ослабеното помнење претставуваат плодови на таа штетна навика, но тие се премногу горди за да го признаат тоа. Тие сѐ држат во

тајност и немаат грижа на совеста поради тој голем грев. Мојата доверба во христијанското искуство на таквите луѓе е многу мало. Тие се нечувствителни за влијанието на Божјиот Дух. Ним им е сеедно дали е нешто свето или му припаѓа на овој свет. Оддавањето на толку понижувачки порок, како што е осквернување на сопственото тело, не ги наведува да леат горчливи солзи и искрено да се покајат. Тие сметаат дека нивниот грев е насочен само против нив самите. Тука се во заблуда. Ако се болни со духот и телото, и другите мораат да го чувствуваат тоа, и другите мораат да страдаат поради тоа. Нивната фантазија е болна, нивното помнење лошо, тие прават грешки и имаат недостатоци кои сериозно ги погодуваат сите оние со кои живеат и со кои се дружат. Меѓутоа, тие страдаат и жалат само затоа што тоа се дознало. {2T 469.1}

Ги спомнав овие случаи за да укажам на моќта на тој порок кој ги уништува и душата и телото. Целиот ум е подреден на таа ниска страст. Ниските сили ги совладуваат моралните и интелектуалните способности. Телото е надразнето, умот заслабен. Се растура материјалот кој е собран за исхрана на организмот. Чувствителните мозочни нерви, надразнати по неприроден пат, затапуваат и во извесна мера стануваат парализирани. Моралните и интелектуалните сили слабеат, додека животинските страсти зајакнуваат и се развиваат со оддавање на порокот. Се појавува силна желба за нездрава храна. Лицата кои се оддаваат на тој порок не се во можност да ги пробудат своите морални чувства за да ги ценат вечните работи и да уживаат во духовниот развој. Нечистите мисли ја обземаат фантазијата и го маѓепсуваат умот и потоа се појавува речиси несовладлива желба порокот да се повтори. Кога умот би бил воспитан да се занимава со возвишените прашања, кога фантазијата би се задржувала на чистите и свети работи, таа би била обезбедена од ужасниот, понижувачки порок кој ги уништува и душата и телото. Умот би се навикнал да се посветува на она што е возвишено, небесно, чисто и свето и не би го привлекувала таа ниска, расипана и порочна навика. {2T 470.1}

Што да кажеме за оние кои живеат сред блескавата светлина на вистината, а сепак секојдневно се оддаваат на порокот и одат по патот на гревот и злосторството? Забранетите, надразнувачки задоволства имаат убавина за нив, ги држат во своја власт и владеат со целото нивно битие. Таквите уживаат во беззаконие и неправда и мораат да бидат погубени надвор од Божјиот град, со сè што е нечисто и одвратно. {2T 470.2}

Се трудев да ги пробудам родителите за да ги сфатат своите должности, но и тие и понатаму спијат. Вашите деца тајно се оддаваат на порок и ве мамат. Вие имате таква доверба во нив што сметате дека се премногу добри и невини за да можат тајно да се оддаваат на порок. Родителите ги галат своите деца и им угодуваат, ја трпат нивната горделивост, не зауздувајќи ги цврсто и одлучно. Тие толку се плашат од нивната упорна и самоволна природа, што се плашат да дојдат во судир со нив. Тие ќе го направат истиот оној грев на запоставување на должностите кои го направил Илија. Петровиот повик е од најголемо значење за сите кои копнеат по бесмртност. Тој им се обраќа на оние кои ја поседуваат истата драгоцена вера: {2T 471.1}

„Симон Петар, слуга и апостол на Исус Христос, до оние на кои преку правдата на правдата на нашиот Бог и Спасител Исус Христос примија со нас еднаква вера. Благодатта и мирот да ви се намножат со познавање на Бога и нашиот Господ Исус Христос. Сите божествени сили ни се негови, дарувани со познавање на оној кој нè

повика со славата и добродетелта, преку која нам ни се даруваа чесни и големи ветувања, па поради нив да имате дел во Божјата природа, ако побегнете од телесните желби на овој свет. Затоа, грижејќи се за ова сестрано, кон својата вера придодадете добродетел, а кон добродетелта знаење, а кон знаењето воздржување, а кон воздржувањето трпение, а кон трпението побожност; а кон побожноста братољубие, а кон братољубието љубов. Зашто кога ова е во вас и се намножува, нема да ве остави празни ниту без плод во познавањето на Нашиот Господ Исус Христос. А кој го нема ова, слеп е, заборавајќи го очистувањето од своите стари гревови. Затоа браќа, уште повеќе настојувајте да го зајакнете вашиот повик и избор, зашто правејќи го ова, нема да згрешите никогаш; бидејќи по таков начин ќе ви се овозможи слободен влез во вечното царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос". {2T 471.2}

Ние се наоѓаме во свет во кој има многу знаење и светлина. А сепак многумина кои тврдат дека имаат иста драгоцена вера, по сопствена волја остануваат во незнаење. Светлината е насекаде околу нив, а тие не ја применуваат на себе. Родителите не ја увидуваат потребата да се известат, да стекнат знаење и практично да го применат во својот брачен живот. Кога би го послушале повикот на апостолот и би додавале една доблест на друга, не би останале без плод во познавање на нашиот Господ Исус Христос. Меѓутоа, многумина не го сфаќаат делото на посветување. Тие сметаат дека веќе го постигнале тоа, иако штотуку ја научиле првата поука. Посветувањето е постепено дело; тоа не може да се оствари за еден час или ден ниту може да се одржи без посебни напори од наша страна. {2T 472.1}

Многу родители не поседуваат знаење кое е потребно во брачниот живот. Тие не внимаваат сатаната да не ги искористи и да завладее со нивниот ум и живот. Тие не увидуваат дека Бог бара во брачниот живот да се чуваат од секое претерување. Малку се оние кои сфаќаат дека верска должност им е да ги совладаат своите страсти. Тие влегле во брачна врска по свој избор и затоа сметаат дека тоа го оправдува робувањето на ниските страсти. Дури и мажите и жените кои мислат за себе дека се побожни, ги препуштаат уздите на својата страст, не мислејќи на тоа дека Бог ќе ги повика на одговорност за растурање на животните сили, што го нарушува нивното здравје и го слабее целиот организам. {2T 472.2}

Брачната врска ги покрива најцрните гревови. Мажите и жените кои зборуваат дека се побожни ги понижуваат своите тела со попуштање на ниските страсти и се спуштаат пониско од животните. Тие ги злоупотребуваат силите кои Бог им ги подарил да ги сочуваат во светост и чистота. Животот и здравјето се жртвуваат на олтарот на ниските страсти. Повисоките, благородни сили робуваат на животинските барања. Оние кои така грешат не ги знаат последиците од сето тоа. Кога би можеле да ја согледаат сета големина на страдањата на кои ќе бидат изложени поради својот грешен живот, би се исплашиле и барем некои од нив би го напуштиле патот на гревот кој доведува до толку страшни последици. Голем број на луѓе живеат толку беден живот, што смртта е подобра од таквиот живот, додека многумина прерано умираат, жртвувајќи го својот живот на претерано уживање во животинските страсти. Меѓутоа, тие мислат дека не прават никаков грев само затоа што се покриле со бракот. {2T 472.3}

Мажи и жени, вие еден ден ќе увидите што значи страста и какви се нејзините последици. Ниските страсти можат да се најдат и во бракот и надвор од него. Апостол

Павле ги предупредува мажите да ги љубат своите жени. „Мажи! Љубете ги своите жени како што и Христос ја љубеше црквата и се предаде Себеси за неа. Така, мажите се должни да ги љубат своите жени како своите тела; зашто кој ја љуби својата жена, се љуби самиот себе. Зашто никој не го мрази своето тело, туку го храни и грее, како и Господ црквата". Таквата љубов која го поттикнува човекот да направи од својата жена орудие кое ќе служи на неговата страст, не е чиста љубов. Тоа се животински страсти кои бараат да бидат задоволени. Колку малку мажи ја покажуваат својата љубов на начинот кој го опишал апостолот: „Како што Христос ја љубеше црквата и се предаде Себеси за неа, за да биде света и без мана". Тоа е онаа љубов во бракот која Бог ја признава како света. Љубовта е едно чисто и свето начело, но страста не се согласува да биде зауздана и потчинета на разумот. Таа е слепа за последиците; таа не размислува за причините и последиците. Многу жени страдаат од слабост и паѓаат во болест затоа што ги газеле законите на природата. Мажите и жените ги трошат своите умни сили, злоупотребувајќи ги за да ги задоволат своите ниски страсти. И таа ниска страст ја нарекуваат со прекрасното име на љубовта. {2T 473.1}

Многумина кои исповедаат дека се христијани кои ми беа покажани во визија, не признаваат никакви морални ограничувања. Во нив има повеќе животинско отколку божествено. Всушност, беа речиси како животни. Луѓето од овој ков ги понижуваат своите жени на кои им ветиле дека ќе ги пазат и чуваат. Направија од нив средство за задоволување на своите страсти. И многу жени се согласуваат да станат робови на таа страст; тие не држат во себе светост и чест. Жената не го чува достоинството и не се цени себеси како што го правела тоа пред мажењето. Оваа света установа требало да го сочува и зголеми нејзиниот женски углед и нејзиното свето достоинство, но нејзиното невино женско достоинство сега е жртвувано на олтарот на ниските страсти, жртвувано за да му угоди на својот сопруг. Таа набргу ја губи почитта кон него, затоа што не се обзира на законите на кои се покоруваат и неразумните животни, Брачниот живот станува еден неподнослив јарем, бидејќи љубовта умира, а на нејзино место често доаѓаат недовербата и љубомората. {2T 474.1}

Ниту еден човек не може вистински да ја љуби својата жена ако таа покорно се согласува да стане негов роб и да им угодува на неговите изопачени страсти. Покрај такво потчинување, таа ја губи вредноста која ја имала порано во неговите очи. Тој гледа како таа се спушта од своето возвишено место и набргу почнува да мисли како таа ќе дозволи и некој друг така да ја понижува како што прави тој. Почнува да се сомнева во нејзината цврстина и чистота, му станува здодевна и почнува да бара нови објекти кои ќе ја предизвикаат и зајакнат неговата пеколна страст. Божјиот закон се занемарува. Овие луѓе се полоши од животни; тие се демони во човечки облик. Ним им се непознати возвишените и благородни начела на вистинската, света љубов. {2T 474.2}

Жената станува исто така љубоморна на својот сопруг и смета дека исто така лесно ќе се сврти кон друга, ако му се укаже можност. Таа гледа дека тој не се управува според својата совест ниту има страв од Бога, бидејќи ниската страст ги срушила сите тие свети огради. Сето она што во мажот било слично на Бога станува слуга на ниската животинска страст. {2T 475.1}

Светот е преполн со вакви мажи и жени; и уредните, убави, скапоцени куќи кријат пекол во себе. Замислете, ако можете, какво ќе биде потомството на ваквите родители.

Зар децата нема да паднат уште пониско? Родителите ќе втиснат на децата печат на својата природа. Така децата родени од вакви родители наследуваат од нив ниски, лоши духовни особини. А сатаната го помага сето тоа што води кон расипаност. Како сето ова ќе се реши? Треба ли жената да се смета обврзана да попушти на барањата на својот сопруг, иако знае дека со него владеат ниски страсти и дека тоа што го прави пречи на нејзиното тело, кое Бог ѝ го подарил да го држи во светост и чест, да го сочува како жива жртва, угодна на Бога? {2T 475.2}

Тоа не е чиста, света љубов која ја поттикнува жената да им попушта на животинските барања на својот сопруг на штета на својот живот и здравје. Кога би имала вистинска љубов и мудрост, таа би се трудела да ги сврти неговите мисли од попуштање на страста кон возвишените и духовни работи со тоа што ќе му зборува за интересни духовни прашања. Можеби ќе биде потребно дури и по цена да го предизвика неговото незадоволство, понизно и со љубов да укаже на тоа дека таа не може да го понижува своето тело со попуштање на полните претерувања. На нежен и убав начин, таа треба да го потсети дека Бог има прво и најголемо право на целото нејзино битие и дека нема да Му го скрати ова право, бидејќи ќе биде повикана на одговорност на големиот Господов ден. „Или не знаете дека вашите тела се храм на Светиот Дух кој живее во вас, кој го имате од Бога и дека не сте свои? Зашто скапо сте купени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји". „Купени сте скапо, не бидете им робови на луѓето". {2T 475.3}

Со внимателно постапување, жената може да направи многу за да го издигне својот маж и со тоа да ја исполни својата висока мисија, само ако биде возвишена во своите чувства и ако го сочува своето женско достоинство во светост и чест. Постапувајќи така, таа може да се спаси и себе и својот сопруг и на тој начин прави двојно добро. Во овие работи, толку чувствителни и тешки за решавање, потребно е многу мудрост и трпение, како и морална храброст и цврстина. Цврстина и благодат можат да се најдат во молитва. Искрената љубов треба да биде владеечко начело на срцето. Единствено љубовта кон Бога и љубовта кон сопругот можат да служат како сигурен патоказ на потфатот. {2T 476.1}

Ако жената сметала дека нејзиниот маж има потполна власт над нејзиното тело и дека може да го обликува нејзиниот дух според своите погледи, за да оди по исти патишта како и неговиот дух, таа ќе ја загуби својата личност и нејзиното јас ќе се стопи во јас на нејзиниот сопруг. Таа ќе биде само машинерија со која тој ќе управува според својата волја, создание за негово задоволство. Тој мисли за неа, одлучува и работи за неа. Таа Го обесчестува Бога ако заземе така пасивен став. Таа е одговорна пред Бога и нејзина должност е да постапува во склад со тоа. {2T 476.2}

Ако жената му ги препушти на мажот своето тело и својата душа, ако во сè се потчинува на неговата волја, жртвувајќи го своето достоинство, својата совест, дури и својата личност, со тоа ја губи можноста да го врши на него она моќно влијание на добро кое би требало да го врши. Таа би можела да ја ублажи неговата избувлива природа, повикувајќи го да се бори да завладее со своите страсти и да биде подуховен. Така, двајцата би се спасиле од расипаноста која преку страста постои во овој свет и би примиле нешто од божествената природа. Моќта на примерот е голема и може да го наведе умот да размислува за благородни работи, а човекот да се откаже од ниските,

телесни склоности по кои копнее секое срце кое не се обновило преку благодатта. Жената која смета дека е потребно да се спушти до својот сопруг, кај кого животинските страсти станала главна основа на љубовта и животот, го навлекува на себе Божјиот гнев, бидејќи со тоа пропушта на него да врши посветувачко влијание, Ако таа смета дека мора да се покори на неговите животински страсти без ниту еден збор на опомена, значи дека не ги сфаќа своите должности кон него и кон Бога. Претерувањата во сексуален поглед ја уништуваат љубовта кон побожниот живот, одземајќи му ги на мозокот потребните материи за исхрана на организмот и исцрпувајќи ги до крајност животните сили. Ниту една жена не смее да му помага на својот маж на овој пат на самоуништување. Таа нема да го прави тоа ако е просветлена и има вистинска љубов кон него. {2T 476.3}

Колку повеќе им се попушта на животинските страсти, тие сè повеќе зајакнуваат, а зајакнува и желбата тие да се задоволат. Богобојазните мажи и жени треба да се пробудат и да увидат што им е должност. Многу христијани страдаат од одземеност поради неумереност во оваа насока. Гнилежот ги нагризува коските и срцевината на многумина за кои се мисли дека се добри луѓе, кои се молат и плачат, заземаат високи положби, но чие опогането тело никогаш нема да помине низ вратата на небесниот град. {2T 477.1}

О, кога би можела на сите да им објаснам дека нивна должност кон Бога е својот дух и тело да ги одржуваат во најдобро здравје, за да можат најдобро да му послужат на својот Творец! Христијанките нека се воздржуваат ниту со збор ниту со дело да не ги будат животинските страсти кај своите мажи. Многумина воопшто немаат сили да ги трошат на овој начин. Уште од својата младост, тие го ослабнале својот ум и му наштетиле на својот организам попуштајќи им на животинските страсти. Лозинките на нивниот брачен живот треба да бидат самооткажување и умереност. Тогаш нивните деца нема да бидат во опасност да имаат слаби умни и морални органи, а силни животински страсти. Порочноста на овие деца е општа појава. Има ли причина за сето ова? Од кого ги добиле овие особини? Господ нека ги отвори очите на сите за да видат на каков лизгав пат се наоѓаат! {2T 477.2}

Според она што го видов за расипаноста на мажите и жените кои исповедаат побожност, стравувам да не загубам секаква доверба во човечкиот род. Видов дека речиси сите се наоѓаат како во некое бунило. Речиси е невозможно да се пробудат токму оние кои би требало да се пробудат и да увидат колкава е сатанската моќ над нив. Тие не се свесни за расипаноста која расте околу нив. Сатаната го заслепил нивниот ум и ги успал во чувство на безбедност. Неуспехот на нашите напори да ги пробудиме другите за да ја сфатиме опасноста во која се наоѓаат, предизвика некогаш во мене стравување дека моето мислење за расипаноста на човечкото срце било претерано. Но кога беа изнесени фактите од кои се гледаше колку е упропастен оној кој се осмелил да биде советник во духовните работи, иако срцето му било расипано, и чии од грев расипани раце ги обесветувале Господовите садови, ги убедив дека мојот приказ не е претеран. {2T 478.1}

Јас изнесував многу енергично сведоштво, и усно и писмено, во надеж дека ќе го пробудам Божјиот народ за да сфати во каква опасност се наоѓа. Бев очајна во срцето гледајќи ја рамнодушноста на оние чија должност беше да го проценат сатанското дело

и да бидат на стража. Видов дека сатаната ги наведува дури и оние кои ја исповедаат вистината да се оддадат на гревот на блудот. Човекот не паѓа во ист момент од чистота во расипаност, изопаченост и злосторство. Потребно е време за од човечкото да се издигне до божественото, или пак за оние кои се создадени според Божјиот лик да се понижат до животинското или сатанското. Ние се менуваме кога се угледуваме на некој. Иако создаден според ликот на својот Творец, човекот може толку да се измени во духовен поглед, што наоѓа задоволство во она од што некогаш се гадел. Штом престане да стражари и да се моли, тој престанува да ја чува својата тврдина, срце и тоне во злосторство и грев. Духот е понижен и невозможно е да се спаси од расипаноста, бидејќи е навикнат своите умни и морални сили да ги потчинува на грубите нагони. Мора да се води постојана војна против телесните желби и во ова мораме да имаме потпора во Божјата благодат која ги издигнува нашите мисли и нè привикнува да мислиме за она што е чисто и свето. {2T 478.2}

Многу од оние кои исповедаат дека ја празнуваат саботата не успеваат да го зауздаат своето тело. Саботата ја прифатиле и луѓе со расипана душа. Кога ја прифатиле вистината, не почувствувале потреба повторно да тргнат по нов пат и да го променат својот живот. Тие со години им попуштале на склоностите на расипаното срце и се поведувале според желбите на својата телесна природа, кои го избришале во нив Божјиот лик и валкале сè за што ќе се допрат; оттаму, целиот нивен иден живот нема да биде доволен за да се искачат до оној степен на христијанско совршенство кое го спомнува Петар, а тоа значи до подготовката за влез во небесното царство. Но малку се оние кои увидуваат дека нема да можат да се спасат само со исповедање на вистината, ако не се посветат и преку вистината, одговарајќи на молитвата на нашиот божествен Учител на Неговиот Татко: „Посвети ги со Својата вистина; Твојата Реч е вистина”. {2T 479.1}

Мажите и жените кои зборуваат дека се Христови ученици и дека ги почитуваат сите Негови заповеди треба во својот секојдневен живот да водат упорна борба за влез на тесната врата. Единствено оние кои се борат ќе успеат да минат низ тесната врата и да го поминат патот кој води во вечен живот, радост и блаженство. Оние кои само сакаат да влезат внатре, нема да успеат во тоа. Многу христијани целиот свој живот и не работат ништо друго, туку само посакуваат. Нивна единствена награда ќе биде тоа што на крајот ќе увидат дека потполно е невозможно да влезат низ таа тесна врата. {2T 479.2}

Бев изненадена кога видов колку семејства сатаната заслепи, така што не ги сфаќаат неговите лукавства, измами и делување кое го врши меѓу нив. Влијанието на злото го замрачи погледот на многу родители кои мислат дека сè е во ред. Видов дека сатаната настојува да ги понизи душите на оние кои стапуваат во брак, за да може на нивните деца да го втисне својот одвратен лик. Многумина сметаат дека можат да им попуштаат на своите животински страсти затоа што стапиле во брак. Нив ги заведува и мами сатаната и ги поттикнува да ја изопачуваат оваа света установа. Нему му годи нискоста на нивните погледи бидејќи знае дека тоа многу ќе му користи. Тој знае дека не мора ниту најмалку да се грижи за нивниот христијански пат ако успее да ги пробуди ниските страсти и сè повеќе да ги поттикнува, бидејќи на тој начин ќе бидат ограничени моралните и умните сили, а ќе завладее она животинското. Тие ниски страсти со навика ќе стануваат сè посилни, додека благородните особини ќе бидат сè послаби. {2T 480.1}

Тој многу повеќе ќе влијае на потомството на самите родители, бидејќи е во состојба така да завладее со родителите и преку нив да го втисне својот печат на природата на децата. Така многумина деца се раѓаат со животински страсти, додека моралните својства не се доволно развиени. На овие деца им е потребно најгрижливо воспитување, за да ги зајакнат и развијат моралните и умните сили, така што тие ќе надвладеат. Но родителите не го забележуваат сатанското дело, не ги сфаќаат неговите лукавства. Тие не ги воспитуваат своите деца за Бога. Така постојано ги зајакнуваат животинските страсти, додека моралните сили слабеат. {2T 480.2}

Некои деца почнуваат уште во детството да се оддаваат на самозадоволување и колку стануваат постари, таа страст сè повеќе јакнее и расте со нив. Нивниот дух не е спокоен. Девојчињата бараат друштво на момчиња и момчињата друштво на девојчињата. Не се однесуваат повлечено и скромно. Дрски се и наметливи и си дозволуваат себеси слобода која не им прилега. Навиката за самозадоволување го понижила нивниот дух и ја извалкала нивната душа. Тие ја возбудуваат својата фантазија со зли мисли, со читање на романи, љубовни приказни и лоши книги. Не сакаат да работат, а кога тоа сепак мораат, се жалат на замор. Ги боли грбот, ги боли главата. Зар нема доволна причина за тоа? Зар тие се уморни од работа? Не, не! Сепак, родителите попуштаат пред поплаките на своите деца и ги ослободуваат од работа и одговорност. Ова е најлошото што може да им се случи. Така родителите ја отстрануваат речиси единствената препрека која му го спречува на сатаната приодот на слабиот детски ум. Корисната работа во извесна мера би ги сочувала од потполната сатанска власт над нив. {2T 481.1}

Ние знаеме нешто за сатанскиот начин на работа и за неговите успеси. Според она што ми беше покажано, сатаната ги заслепил родителите. Тие тешко увидуваат дека нивните родени деца можат да бидат лоши и грешни. Некои деца велат дека се христијани и родителите мирно спијат, не плашејќи се од никаква опасност, додека нивните деца пропаѓаат и умно и телесно. Некои родители воопшто не се трудат да внимаваат на своите деца во црквата. Младите девојчиња можеби присуствуваат на состаноците и заземаат место, но не со своите родители, туку многу почесто назад. Навикнале за тоа секогаш да имаат некој изговор. Момчињата го разбираат ова и излегуваат пред девојчињата или по нив и потоа, кога состанокот ќе заврши, ги испраќаат до дома. На родителите ова не им е доволно. Потоа, ќе се најде и некое оправдување за прошетка и момчињата и девојчињата се сретнуваат на ливадите или на некои други оддалечени места каде што се забавуваат, без некое искусно око кое би внимавало на нив. Тие ги имитираат возрасните мажи и жени. {2T 481.2}

Ова е време на разврат. Момчињата и девојчињата рано почнуваат да обрнуваат внимание едни на други иако уште треба да останат во детската соба и да бидат поучувани на скромност во однесувањето. Каква е последицата од ова дружење? Дали тоа ја зајакнува невиноста и чистотата кај младината која се дружи на тој начин? Навистина не! Тоа ги зајакнува првите телесни страсти. ѓаволот ги залудува момчињата и девојчињата кои по таквите состаноци се оддаваат на разни пороци. {2T 482.1}

Родителите спијат и не знаат дека сатаната го поставил своето пеколно знаме сред нивниот дом. Морав да се запрашам што ќе биде со младината во овој расипан век? Повторувам, родителите спијат. Децата се заразени со сентиментализмот и вистината

нема моќ да го исправи тоа зло. Што може да се направи за да се запре плимата на злото? Родителите можат многу да направат ако сакаат. Девојчето треба да се поучува ако ѝ се приближи некое момче на нејзини години или некој постапи премногу слободно, треба така да постапи за тоа да не се случи повторно. Ако момчињата премногу често бараат друштво на некоја млада девојка, тогаш нешто не е во ред. На таквата млада девојка ѝ е потребна мајка која ќе ѝ го покаже нејзиното место, која ќе ја контролира и поучи што прилега на девојка на нејзини години. {2T 482.2}

Изопачената наука според која од здравствена гледна точка е корисно младите од спротивни полови да се дружат, го извршила своето зло дело. Кога родителите или старателите би покажале десетти дел од остроумноста која ја поседува сатаната, тогаш тоа дружење на спротивните полови не би било толку штетно. Но вака сатаната ги постигнува најголемите успеси во своите напори да го маѓепса духот на младината, а дружењето на момчињата и девојчињата само десетпати повеќе го зголемува злото. Момчињата и девојчињата треба да се занимаваат со некоја корисна работа. Кога се заморени, нема да бидат склони да ги осквернуваат своите тела. Нема никаква надеж за младината ако потполно не се измени ставот на оние кои се постари. Порокот го удрил својот печат на лицето на момчето и девојчето, а притоа што е направено за да се запре напредувањето на тоа зло? На момчињата им се дозволува слободно и без никаква скромност да им пристапуваат на девојките и младите жени. Бог нека ги пробуди мајките и татковците искрено да се заложат за да се промени таа ужасна состојба - тоа е мојата молитва. {2T 482.3}

Ги разгледав сведоштвата кои им се дадени на адвентистите на седмиот ден и изненадена сум од Божјата милост и грижа која ја покажува за Својот народ, предупредувајќи го, укажувајќи му на опасностите и на возвишената положба која треба да ја заземе. Ако народот се труди да ја сочува Неговата љубов и ако се одвои од светот, Неговите благослови ќе почиваат на него, а Неговата светлина ќе го осветлува. Тогаш народот ќе врши благотворно влијание во сите насоки и на сите полиња на делото на ширење на евангелието. Но ако овој народ не ги исполни Божјите намери, ако и понатаму не го сфаќа возвишеното обележје на делото, како што го правел тоа во минатото, тогаш неговиот пример и неговото влијание ќе се покаже како страшно проклетство. Тој ќе нанесува штета и само штета. Неговата облека ќе биде испрскана со крв на драгоцени души. {2T 483.1}

Сведоштвата на опомена беа повторувани. Јас прашувам: Кој ги послуша? Кој сесрдно се покаја за своите гревови и идолопоклонството и кој ревно се залагаше за наградата на Божјиот возвишен повик во Исуса Христа? Кој учествуваше во внатрешното Божје дело кое води кон самооткажување и кротка пожртвуваност? Кој од оние кои се опоменати, толку се одвоил од светот, од љубовта кон светот и од телесните желби, што секојдневно се развивал во благодатта и познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос? Кого наоѓаме меѓу оние кои се залагаат и ги носат товарите во црквата? Кого Бог посебно употребува, преку кого работи за да го подигне знамето и да ја издигне црквата, за тие да Го испитаат и да видат дали нема да им ги излее Своите благослови? {2T 483.2}

Грижливо набљудував, надевајќи се дека Бог ќе го излее Својот Дух на некои браќа и да ги употреби како орудие на правда за да ја пробуди и да ја доведе во ред Својата

црква. Бев речиси очајна кога видов дека Божјиот народ секоја година сè повеќе се одвојува од едноставноста која, како што ми покажа Бог, треба да биде обележје на животот на Неговите следбеници. Божјиот народ сè помалку се интересира за Божјото дело. Јас прашувам: Дали оние кои тврдат дека имат доверба во Сведоштвата се трудат да живеат во склад со светлината која им е дадена? Во што ги послушаа опомените? Во што се покорија на поуките кои им се дадени? {2T 484.1}

Видов дека големото дело мора да се изврши во срцето и животот на многумина, за Бог да може преку нив со Своја сила да работи на спасение на другите. Тие мораат да се обноват според Божјиот лик, во поглед на правдата и вистинската светост. Тогаш љубовта кон светот, кон сопственото јас и кон сите животни желби насочени кон издигнување на самиот себе ќе бидат изменети со Божјата благодат и ќе бидат искористени во делото на спасување на душите поради кои Христос умрел. Понизноста ќе го заземе местото на гордоста, а самодовербата ќе биде заменета со кротост. Со сите сили на срцето ќе владее несебична љубов кон целото човештво. Видов дека сатаната се пробуди кога луѓето ќе почнат сериозно да се преобразуваат. Тој знае дека таквите луѓе, ако се посветат на Бога, ќе ја докажат силата на Неговите ветувања и дека во својата работа ќе поседуваат таква моќ, што непријателот нема да може да се спротивстави. Таквите луѓе би остварile Божји живот во душата. {2T 484.2}

На едно семејство посебно му беа потребни сите користи кои може да ги даде здравствената реформа во исхраната: а сепак тоа семејство тргна по патот на целосен отпад. Тоа без притеснување употребува месо и путер и не се откажува од зачини. Тоа семејство би имало голема корист од хранливата и уредна исхрана. На главата на семејството му е потребна едноставна, здрава исхрана. Тој навикнал многу да седи и неговата крв бавно тече низ вените. Тој не се движи. Според тоа, тој треба да зема соодветна храна и според квалитетот и според квантитетот. Ова семејство немало правилен став во поглед на исхраната; немало никаков ред. Мора да постои одредено време за секој оброк, а храната треба да биде подготвена едноставно и без маснотии. Меѓутоа, мора да се вложи труд за јадењето да биде хранливо, здраво и вкусно. Во тоа семејство, како и во многу други, посебно внимание им се укажува на гостите. Подготвувани се многу јадења и често премногу богати, така што луѓето зад трпезата паѓале во искушение премногу да јадат. Потоа, кога немало гости, се одело во друга крајност и не се вложувал никаков труд за она што се изнесува на трпезата. Се подготвувало малку јадење и без хранливи состојки. Се сметало дека тоа не е важно „кога сме сами". Оброците често биле прекинувани и не се внимавало на одреденото време за оброк. Таквиот став им штетел на сите членови на семејството. Секоја наша сестра греши кога премногу се труди околу гостите, а нанесува штета на сопственото семејство со оскудна исхрана која не го изградува телото. {2T 485.1}

Братот кој го спомнав чувствуваше дека на неговиот организам нешто му недостига. Тој не беше доволно исхранет и сметаше дека месото ќе му ја даде потребната сила. Доколку му беше посветена правилна грижа, доколку на неговата трпеза секогаш во одредено време се наоѓаше хранливо јадење, изобилно би биле задоволени сите потреби на организмот. Путерот и месото надразнуваат. Чувствителните мозочни нерви затапуваат, а животинските барања зајакнуваат на штета на моралните и умни способности. Тие возвишени сили, кои треба да владеат, стануваат сè послаби, така што

вечните интереси не се сфаќаат. Парализата го затапува она што во човекот е духовно и побожно. Сатаната ликува што со помош на апетитот толку лесно може да завладее со разумните мажи и жени на кои Творецот им наменил да извршат големо и добро дело. {2T 485.2}

Случајот кој горе го спомнав не е осамен. Да е осамен, јас овде не би го спомнала. Кога сатаната ќе дојде до умот, колку бргу исчезнуваат и ја губат силата светоста и поуките кои Исус милостиво ни ги дал! Колкумина од нив наоѓаат оправдување и изговори со кои настојуваат да го оправдаат својот пат кон злото, отфрлајќи ја светлината и фрлајќи ја под нозе! Зборувам со целосно убедување. На здравствената реформа може да ѝ се замери само тоа што луѓето не се придржуваат во целост. Меѓутоа, тие сериозно тврдат дека не можат да се придржуваат до здравствената реформа и истовремено да ги сочуваат своите сили. {2T 486.1}

Во сите тие случаи, ние можеме да најдеме причини поради кои кај таквите луѓе здравствената реформа нема успех. Тие не се придржуваат строго до здравствената реформа и според тоа, таа не може да им користи. Некои паѓаат во заблуда сметајќи дека, откако се откажале од месото, не мораат да го заменат месото со најдобро овошје и зеленчук, во колку што е можно поприродна состојба, без маснотии и зачини. Кога тие вешто би го користеле изобилството со кое Бог ги опкружил, кога родителите и децата сложно и совесно заеднички би се заложиле во тоа дело, тие би уживале во едноставната исхрана и би можеле со разбирање да зборуваат за здравствената реформа. Оние кои не се обратиле во поглед на здравствената реформа и кои не ја прифатиле во целост, не можат да бидат судии на нејзините благодати. Оние кои од време на време ќе ѝ попуштат на желбата за да го задоволат вкусот, јадејќи мисирка или било какво друго месо, го изопачуваат својот вкус и не можат дасудат за корисноста на здравствената реформа. Со нив владее вкусот, а не начелото. {2T 486.2}

Јас имам добро подготвена трпеза во сите прилики. Ништо не менувам за гостите, без разлика дали тие се верници или не. Настојувам никогаш да не бидам неподготвена и на својата трпеза секогаш можам да примам и до шест гости кои одненадеж би дошле. Имам доволно едноставна, здрава храна која ќе ги задоволи потребите. Ако некој сака повеќе од тоа, може слободно да побара на друго место. На мојата трпеза не се принесува ниту путер ниту месо од било кој вид. На неа ретко се појавува колач. Вообичаено имам изобилно количество на овошје, добар леб и зеленчук. На нашата трпеза секогаш има многу луѓе и на сите ни годи храната која се наоѓа на неа. Никој не седнува на трпеза со гурмански апетит туку сите со задоволство го јадат она што ни го дал нашиот Творец. {2T 487.1}

Токму оние кои се наоѓаат во центарот на делото покажале чудна рамнодушност кон тоа важно прашање. Недостатокот на цврстина во поглед на начелата на здравствената реформа е вистински показател на нивниот карактер и на нивната духовна сила. Тие не се потполно исполнети со христијанско искуство. Не обрнуваат внимание на совеста. Во основа на секоја правилна постапка која извира од обновеното срце се наоѓа послушност која е постигната без надворешен или себичен поттик. Духот на вистината и добрата совест се доволни за да ги насочат побудите и држењето на оние кои учат од Христа и кои Му се слични. Оние кои во себе ја немаат силата на верските начела лесно скршнуваат, под влијание на другите, на погрешен пат. Оние кои не

научиле од Бога што им е должност и кои не ги познаваат Неговите намери за нив, не се доверливи во времето на острите судири со силите на темнината. На нив влијае она што се гледа однадвор. Начелата на овој свет владеат со луѓето од овој свет; тие не сфаќаат никакви други начела. Меѓутоа, христијаните не смеат да се управуваат според тие начела. Во извршување на своите должности, тие мораат да црпат сила само од желбата да се покорат на секое Божје барање кое се наоѓа во Неговата реч и на кое укажува просветлената совест. {2T 487.2}

Во обновеното срце постои цврсто начело на покорност на Божјата волја, бидејќи во таквото срце се наоѓа љубов кон она што е праведно, добро и свето. Тука нема да има колебање, попуштање на вкусот, прилагодување на светот и прифаќање на извесен став поради тоа што другите прават така. Секој треба да стои за себе. Умот кој е обновен со Божјата благодат ќе биде како посредник кој постојано прима светлина, благодат и вистина одозгора и ги пренесува на другите. Нивното делување донесува род. Нивен плод е светоста и на крајот вечниот живот. {2T 488.1}

Меѓутоа, малку се такви кои од искуство го познаваат посветувачкото влијание на вистината која ја исповедаат. Нивната послушност и верност не била во склад со нивната светост. Тие не ја увидувале обврската која почива на нив да одат како деца на светлината, а не како деца на темнината. Ако светлината која тие ја добиле била дадена на Содом и Гомор, тие би се покајале во пепел и би го избегнале Божјиот гнев. На денот на страшниот суд Содом и Гомор ќе бидат во поповолна положба од оние на кои им е укажана јасната светлина и кои учествувале во Божјото дело, но не ја користеле. Тие го запоставиле големото спасение кое Бог милостиво сакал да им го пружи. ѓаволот толку ги заслепил, што навистина се сметаат за богати и дека имаат Божја благонаклоност, додека верниот Сведок ги прогласува за несреќни, сиромашни, голи и слепи. {2T 488.2}

---

60. ЗЕМАЊЕ НА КРСТ ПРИ ПРИФАЌАЊЕ НА ВИСТИНАТА

Драга сестро У, запознаена сум со твојата необична природа, претпазливост, стравувања, недостаток на надеж и доверба. Сочувствувам со тебе во твоите духовни страдања бидејќи не си во можност да ја согледаш нашата положба и нашата вера онака јасно како што би сакала. Знаеме дека си многу совесна и не се сомневаме дека, кога би била во можност да ги слушнеш сите поединости за вистината и самата да ги процениш сите докази, би била зацврстена, засилена и утврдена, така што никакво спротивставување ниту укор не би можеле да те поместат од цврстите темели. Бидејќи не беше во можност, како многу други, да присуствуваш на состаноците и сама да се увериш во доказите кои го следат изнесувањето на вистината која ја сметаме за света, ние сме уште позагрижени за тебе. Нашите срца копнеат по тебе и нашата љубов кон тебе е искрена и сесрдна. Се плашиме дека би можела да пропаднеш сред опасностите на овие последни денови. Не се лути на мене што ти пишувам вака. Ти не можеш да бидеш свесна до таа мера за сатанското лукавство и зло, како што можам јас. Неговите измами се многубројни. Неговите стапици се грижливо и лукаво подготвени за да го фатат оној кој не е внимателен и не размислува. Ние сакаме да ги избегнеш неговите

стапици, да бидеш потполно на Господова страна, чекајќи со љубов и искрен копнеж на небесните облаци да се појави нашиот Спасител. {2T 489.1}

Откога се трудиш да ја празнуваш саботата, искрснаа многу поединости кои те обесхрабруваат. Меѓутоа, ние сепак се надеваме дека тоа нема да го одврати твојот ум од значајните вистини на овие последни денови. Иако проповедниците на вистината не прават сè како што треба, бидејќи се непосветени од вистината која ја исповедаат, вистината останува иста, а нејзиниот блескав сјај не е со тоа замрачен. Иако таквите луѓе можат да стојат помеѓу вистината и оние кои не ја прифатиле во потполност, иако извесно време би можело да изгледа дека нивните сенки го помрачуваат нејзиниот блескав сјај, всушност не е така: вистината од небесно потекло останува незаматена. Нејзината чистота и возвишеност се незаменливи. Таа живее, бидејќи е бесмртна. {2T 489.2}

Љубена моја сестро, држи се цврсто за вистината. Треба да стекнеш лично искуство. Ти имаш своја индивидуалност. Ти си одговорна само за начинот на кој, независно од останатите, ја користиш светлината која ја осветлува твојата патека. Недостатокот на посветеност кај другите нема да претставува никакво оправдување за тебе. Фактот дека тие ја изопачуваат вистината со својот погрешен став во животот, бидејќи не се посветени со неа, не ја намалува твојата одговорност. На тебе почива сериозна обврска да го издигнеш знамето на вистината, да го држиш високо. Дури ако знаменосецот се сопне или падне, не го оставај драгоценото знаме да се влече во правта. Земи го и подигни го, дури и ако постои опасност да го загубиш својот добар глас, почестите во светот и својот живот. Моја почитувано сестро, те преколнувам да гледаш во небото. Држи се цврсто за рацете на својот небесен Тако. Нашиот застапник Исус живее за да се залага за нас. Тоа што некој ја негира верата со својот несвет живот, не ја претвора вистината во лага. „Тврдо стои Божјиот темел, имајќи го овој печат: Господ ги познава Своите". „Стражарете и молете се на Бога за да не паднете во искушение". Понекогаш стравувам дека твојата нога ќе потклекне, дека нема да одиш по скромната, права, тесна патека која води во вечен живот и во царството на слава. {2T 490.1}

Го изнесувам пред тебе животот на нашиот божествен Учител, полн со самооткажување, понизност и жртвување. Небесното Височество, Царот на славата, го оставил Своето богатство, сјај, почести и слава за да го спаси грешниот човек, се спуштил до живот полн со понижување, сиромаштво и срам; „кој за радоста која беше поставена пред Него претрпе крст, не марејќи за срамот". О, зошто сме толку чувствителни на неволјите и префрлањата, на срамот и страдањата, кога нашиот Господ ни оставил токму таков пример? Зар можеме да очекуваме да влеземе во радоста на својот Господар, ако не сакаме да поднесеме страдања како што поднесувал Тој? Што? Слугата не сака да го поднесе срамот кој Господарот несебично го поднел за него! Слугата се плаши за животот исполнет со понижување и жртва иако тоа е за негово добро, иако само така ќе постигне неизмерна, вечна награда! Моето срце зборува: Сакам да ги делам со Христа Неговите страдања, за на крајот да учествувам во Неговата слава. {2T 490.1}

Божјата вистина никогаш не била популарна во суетниот свет. Телесното срце дури и се противи на вистината. Му благодарам на Бога што мораме да се откажеме од љубовта кон овој свет, од суетата на срцето и од сè што води во идолопоклонство за да можеме да бидеме следбеници на Човекот од Голгота. Светот никогаш нема даги сака

ниту почитува оние кои се покоруваат на вистината. Божествениот Учител, одејќи во понизност меѓу човечките синови, ги изговорил овие зборови: „Кој сака да биде Мој ученик, нека го земе својот крст и нека појде по Мене". Да, да тргнеме по својот Пример. Дали Тој барал слава од луѓето? О, не! Дали тогаш ние треба да бараме слава или пофалба од суетниот свет? {2T 491.1}

Оние кои немаат љубов кон Бога, нема да ги љубат ниту Неговите деца. Слушнете ги зборовите на небесната поука: „Тешко на вас кога сите добро ќе зборуваат за вас". „Блажени сте кога луѓето ќе ве замразат и кога ќе ве разделат од нив и посрамат и ќе го разгласат вашето име како зло поради човечкиот Син". „Радувајте се во оној ден и потскокнувајте од радост, бидејќи голема е вашата плата на небото". „Тешко на вас богатите; бидејќи веќе ја примивте својата утеха". Во Јовановото евангелие наидуваме на следниве Христови зборови: „Ова ви го заповедам: да имате љубов меѓу себе". „Ако светот ве замрази, знајте дека Ме замразија Мене пред вас". „Кога би биле од светот, тогаш светот би ги љубел своите; а бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од него, затоа светот ве мрази вас". „Опоменете се од зборовите кои ви ги кажав: не е слугата поголем од својот господар. Ако Мене Ме прогонуваа и вас ќе ве прогонуваат; ако го одржаа Мојот збор, и вашиот ќе го одржат". „Не те молам да ги земеш од светот, туку да го сочуваш од зло". „Од светот не се, како што ниту Јас не сум од светот". {2T 491.2}

Во првото послание на Јован читаме: „Не го љубете светот ниту она што е на светот". Во посланието до Римјаните Павле ги преколнува верниците за преку Божја милост да ги принесат своите тела како жива жртва, света и богоугодна, бидејќи тоа е нивната разумна служба". „И не владејте се според овој свет туку променете се со обновување на својот ум, за да можете да сознаете која е добрата и совршена Божја волја". А Јаков изјавува: „Не знаете ли дека пријателството на овој свет е непријателство со Бога? Зашто кој сака да биде пријател на светот, станува Божји непријател". {2T 492.1}

Ве молам внимателно да ги разгледате советите во Павловото послание до Галатите: „Зар јас ги наговарам луѓето или Бога? Или сакам да им угодувам на луѓето? Зашто кога би им угодувал на луѓето, тогаш не би бил Христов слуга". Се плашам дека се наоѓаш во голема опасност да доживееш бродолом во верата. Сметаш дека треба да поднесеш жртви за да ѝ се покоруваш на вистината. Ние веруваме дека направи некои жртви, но, да беше поревна во тоа дело, сега не би се сопнувала и твојата вера не би се колебала. Јас не мислам сега на жртвите во пари, туку на нешто потешко, на она што во тебе ќе предизвика поголема душевна борба отколку давање на пари, на она што особено ја погодува твојата личност. Ти не ја напушти својата гордост, својата желба за одобрување на светот кој не верува. Сакаш луѓето добро да зборуваат за тебе. {2T 492.2}

Не ја прими вистината во нејзината едноставност ниту живееше според неа. Се плашам ти веруваш дека си направила некоја голема услуга со тоа што ја прифати непопуларната вистина која ја застапуваат адвентистите на седмиот ден. Се обидуваше во извесна мера да го сочуваш духот на овој свет, а сепак да ја прифатиш вистината. Тоа не може така. Христос не прифаќа ништо друго од цело срце и искрена љубов. Пријателството кон светот е непријателство кон Бога. Ако сакаш да живееш така што другите нема да ти замерат, тогаш се обидуваш да се издигнеш над својот Господ; на тој начин се одвојуваш од својот небесен Татко и ја заменуваш Неговата љубов за она што не е вредно да се постигне. {2T 493.1}

Бев нерасположена поради тебе, драга сестро, но и поради твојот сопруг. Кога го земав перото за да ти пишам, јасно го согледав твојот случај. Потполно сум свесна за опасностите во кои се наоѓаш како и за твојата збунетост и твоите сомневања. Сè како да се сврте против тебе, сестро У, откога се трудиш да се покориш на Божјиот закон. Но за тебе и за твојот сопруг ништо не претставуваше таква пречка како вашата гордост. Вие двајцата сакате раскош. За тоа нема место во добрата, понизна вера. Видов дека двајцата ќе морате да минете низ страдања за да бидете испитани и испробани. Во таа борба сатаната со сите сили ќе се труди да ги заслепи вашите очи за да не видите каде лежи вашиот вечен интерес, и ќе ви ги изнесува предностите на овој живот, овој ништожен краток живот кој е толку несигурен. Вие ќе ги согледате убавините на овој живот и ако не се откажете од љубовта кон надворешниот изглед и наклонетоста кон светот, нема да ја сочувате Божјата љубов. Го видов Исуса како се труди да го одвои вашиот поглед од овој свет и како зборува: „Што ќе одберете, Мене или овој свет? Не можете да Ме имате Мене и љубовта на овој свет. Ќе Го жртвувате ли Оној Кој умрел за вас поради гордоста на животот, поради богатството на овој свет? Одберете помеѓу Мене и светот; светот нема дел со Мене". {2T 493.2}

Видов дека многу нозе треперат, дека вашата вера се колеба. Ве обземаат сомневања и неверство и Исусовата светлина отстапува. Суетата е едно од најсилните начела на вашата лоша природа и сатаната постојано со успех ќе повикува на неа. Има многу луѓе кои се подготвени да му помогнат на сатаната во неговото дело, кои ви ласкаат, ги фалат вашите способности и влијание кои би можеле да ги имате во општеството, кои ви зборуваат дека би била голема штета да се обедините со луѓе од таква вера и да се дружите со една класа која, според нивно мислење, е пониска од вас. Ви изгледа дека поднесувате големи жртви поради вистината. Вистина е дека влијателните луѓе не сакаат да ги жртвуваат своите земски амбиции, да ја ускратат својата љубов кон овој свет и да ги насочат своите чекори по тесната патека на понизност по која секогаш одел Страдалникот од Голгота. Тие сметаат дека нивниот талент и влијание се премногу драгоцени за да бидат посветени на Божјото дело -премногу драгоцени за да ги користат во слава на Оној Кој им ги позајмил тие таленти за да ги умножат и да Му ги вратат со добивка. Тие ќе ја жртвуваат вечната добивка поради минливата добивка која ја имаат во предвид. За љубовта на човечките ласкања, ќе му свртат грб на Господа, Творецот на небото и земјата и ќе го загубат правото на почестите кои доаѓаат одозгора. Колку малку се оние кои знаат што е за нив најдобро! Вие тоа не го увидувате. Со Својот живот на неискажани страдања и со срамната смрт Исус го отворил патот по кој човекот може да оди по Неговата трага и на крајот да се издигне до Неговиот престол и да добие награда на бесмртност и вечен живот. Во замена за живот на послушност, човекот ќе добие бесмртно наследство, беспрекорно богатство кое не ја губи вредноста. {2T 494.1}

Во првото послание на апостол Павле до Коринтјаните читаме: „Зашто словото за крстот им е лудост на оние кои гинат; а нам кои се спасуваме е Божја сила. Зашто пишано е: ќе ја погубам премудроста на премудрите и ќе го отфрлам разумот на разумните". „Зашто нема ниту многу премудри по тело, ниту многу силни, ниту многу благородни; туку што е лудо пред светот, тоа го избра Бог за да ги посрами мудрите; и што е слабо пред светот, тоа го избра Бог за да посрами силно; и што е неблагородно пред светот и

уништено, тоа го избра Бог, за да не се пофали ниту едно тело пред Бога". Го имате за пример Христа, Неговиот скромен живот без сјај и раскош. Дали слугата е поголем од својот Господар? {2T 495.1}

Драга сестро, ти имаш добра душа и можеш да правиш добро. Би можела да бидеш поддршка на својот сопруг и сила на многу други. Но ако останеш неодлучна, помеѓу две патеки, ако не се помириш со едноставноста на Божјото дело, твоето влијание исто како и влијанието на твојот сопруг ќе делува во спротивна насока. Што вели Божјата реч? Напушти ги мислењата на луѓето и обрати се на законот и сведоштвото. Отфрли ги сите земски размислувања. Одлучи се за вечноста. Потпри се на сите докази во ова значајно време. Ние секако не можеме да очекуваме дека ќе ги избегнеме страдањата и прогонството кога Го следиме Спасителот, бидејќи тоа е плата за сите оние кои одат по Него. Тој јасно вели дека ќе бидеме прогонувани. Нашите земски интереси мораат да се потчинат на вечните интереси. Слушнете ги Христовите зборови: „Тогаш Петар му рече: ете ние оставивме сè и одиме по Тебе; што ќе биде со нас? А Исус одговори и рече: 'Вистина ви велам: нема таков што оставил куќа, или браќа, или сестри, или татко, или мајка, или жена, или деца, или имот, поради Мене и евангелието, а да не примил, и тоа сега, во ова време, стопати повеќе од куќи, и браќа, и сестри, и татко, и мајка, и деца, и нивје, а во идниот век - и живот вечен". Овде се во прашање вечните интереси. {2T 495.2}

Не се лажете себеси дека, доколку се откажете од вистината, ќе исчезнат оние пречки на вашиот пат кон стекнување на имот. Тоа ви го зборува сатаната, тоа се неговите лаги. Ако Божјите благослови почиваат на вас поради тоа што целосно сте Му се предале Нему, вие ќе напредувате. Но ако се одвратите од Бога, Тој ќе се одвои од вас. Неговата рака може побргу да растури отколку што можете да соберете. „Зашто каква е користа на човекот ако го добие сиот свет, а ѝ наштети на својата душа? Или како откуп ќе даде човекот за својата душа?" {2T 496.1}

Тебе, драга моја сестро, ти е потребно потполно обратување во вистината, за да умре твоето јас. Зар не можеш да имаш доверба во Бога? Те молам, читај Матеј 10:25-40. Те молам, исто така прочитај, со срце полно со молитва и Матеј 6:24-34. Овие зборови нека се врежат во твојата душа: „Не грижете се за својот живот, што ќе јадете или што ќе пиете; ниту за своето тело, во што ќе се облечете. Зар животот не е поважен од храната и телото од облеката?" Ова се однесува на еден подобар живот. Под зборот тело се мисли на внатрешното украсување со помош на кое грешните смртници, кои поседуваат Христова кротост и правда, како што било и со Енох, стекнуваат право на бесмртност. Нашиот Спасител ни укажува на „небесните птици, кои ниту сеат, ниту жнеат, ниту собираат во житници, па сепак ги храни вашиот небесен Татко". Потоа вели: „Зар вие не сте многу поважни од нив?... И што се грижите за облека? Погледнете ги лилјаните во полето како растат: не се трудат ниту предат. Но Јас ви велам дека ниту Соломон во сета своја слава не се облече како еден од нив". Тие лилјани во својата едноставност и невиност одговараат на Божјото мерило повеќе од Соломон во неговата раскошна облека, лишена од небесните украси. „А кога тревата, која денес е, а утре се фрла во печка, Бог така ја облекува, зар нема вас, маловерни?" Зар не можете да имате доверба во својот небесен Татко? Зар не можете да се потпрете на Неговото драгоцено ветување? „Туку барајте го најнапред Божјото царство и Неговата правда и останатото ќе ви се додаде?" Прекрасно ветување! Зар не можеме да се потпреме на него? Зар не

можеме да имаме доверба, знаејќи дека е верен Оној Кој ветил? Ве преколнувам, вашата непоколеблива вера цврсто нека се држи за Божјите ветувања. Имајте цврста вера во тие ветувања; тие нема и не можат да останат неисполнети. {2T 496.2}

Број деветнаесет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

61. ПОРАКА ДО ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Драги браќа, на 25 октомври 1868 година, видов дека сите кои тврдат дека се повикани да ја шират вистината не се способни за таа света работа. Некои ниту оддалеку не ја задоволуваат Божјата намера и желба. Некои се неприемливи во земските работи и нивниот верски живот е обележан со духовна тромост. Кој не покажува истрајност и вредност во земските работи, ќе ги има истите недостатоци и во духовен поглед. {2T 498.1}

Некои од вас се глави на семејствата: вашиот пример и влијание го изградуваат карактерот на вашите деца. Децата помалку или повеќе ќе се угледуваат на вас и тоа што немате темелност, лошо ќе влијае на другите. Меѓутоа, вашите недостатоци многу повеќе се чувствуваат и имаат многу потешки последици во Божјото дело. Вашите семејства почувствуваа многу недостатоци и страдаа поради тоа; ним им недостигаат многу работи кои би се задоволиле со вредност и истрајност. Меѓутоа, тие недостатоци беа забележани и се почувствуваа во Божјото дело во многу поголем степен, бидејќи Божјото дело е од многу поголемо значење отколку работите кои се однесуваат на овој живот. {2T 498.2}

Влијанието на поедини проповедници не е добро. Тие не го употребувале грижливо своето време, па пропуштиле да дадат пример за трудољубивост. Тие поминуваат многу часови во безделничење, па кога еднаш ќе преминат во вечноста заедно со записникот за она што е направено, никогаш повеќе нема да можат да ги вратат тие часови. Некои по својата природа се тромави и поради тоа им е тешко да постигнуваат успеси во било кој потфат. Тој недостаток се гледа и чувствува во нивниот верски живот. Меѓутоа, таквите луѓе не се единствени кои од тоа трпат последици: и други страдаат поради нивните недостатоци. Во овој период мораат да ја научат поуката која требало да се научи многу порано. {2T 498.3}

Некои не ја проучуваат темелно Библијата. Тие не се склони да се залагаат и вредно да ја проучуваат Божјата реч. Поради тој пропуст, нивната работа има големи недостатоци и тие во својот проповеднички повик не остварале ниту десетти дел од она што можеле да го остварат, доколку ја увиделе потребата од грижливо проучување на Божјата реч. Мотале така да се запознаат со Светото Писмо, толку да зајакнат од доказите во Библијата, што ќе можат да се мерат со противниците и така да ги изложат причините за нашата вера, што вистината ќе победи и ќе го замолчи непријателот. {2T 499.1}

Оние кои ја проповедаат Божјата реч мораат да ја познаваат колку што е можно подобро. Тие мораат постојано да истражуваат, да се молат и да учат, бидејќи Божјиот народ ќе напредува во сознанието на Неговата реч и ќе ги остави тие учители далеку зад себе. Кој ќе го поучува народот кој знае повеќе од своите проповедници? Сите напори на таквите проповедници ќе бидат бесплодни. Ќе биде потребно да учат од своите верници за да можат да поучуваат други. {2T 499.2}

Многумина би биле подобри работници ако добро го користеле своето време и ако имале во предвид дека еден ден ќе мораат да полагаат сметка за напразно поминатите моменти. Со својата мрзливост на себе го навлекле Божјиот гнев. Самољубието и угодувањето на барањата одвратило многумина од вистината и оневозможило стекнување на знаење од Светото Писмо кое би ги оспособило да прават добри дела. Некои не го сфатиле значењето на времето и поминувале часови лежејќи во постела, додека можеле да ги користат за проучување на Библијата. Има многу малку точки за кои размислувале, кои добро ги познаваат и за кои би можеле добро да зборуваат; и вообичаено остануваат само на тоа. Тие можеби не се задоволни сами со себе и понекогаш ги увидуваат своите недостатоци, но не биле доволно свесни колкаво злосторство прават со тоа што добро не ја проучиле Божјата реч која ја проповедаат. Тие со своето незнаење го разочаруваат Божјиот народ; тој не ја добива од нив светлината која ја очекуваат дека ќе ја добијат од Божјите слуги. {2T 499.3}

Со рано станување и заштеда на многу моменти проповедниците можат да најдат време за подлабоко проучување на Светото Писмо. Мораат да бидат истрајни и не смеат да дозволат нешто да ги одвои од целта, туку мораат постојано да го користат своето време за проучување на Божјата реч, помазувајќи се со вистините кои други со напорна работа ги воочиле и подготвиле за нив. Има проповедници кои работеле со години и поучувале други за вистината, а самите не биле добро запознаени со важните точки на нашето учење. Од таквите барам да престанат со тоа безделничење. Тоа е нивното проклетство. Бог бара од нив секој свој момент да го употребат за сопствено добро или за добро на другите. „Не бидете мрзливи во работата; бидете огнени во духот, служете Му на Господа". „И кој е немарен во својата работа, брат е на расипникот". {2T 500.1}

Важно е Христовите проповедници да увидат дека мораат да се образуваат за да можат да бидат украс на својата вера и да истапуваат со достоинство кое им прилега. Без умствени вежби, тие секако ќе претрпат неуспех во сè за што ќе се нафатат. Покажано ми е дека постојат многу мани кај оние кои ја проповедаат Божјата реч. Бог не е задоволен со нивниот начин на живеење ниту со нивните сфаќања. Тие ја срамотат својата вера со такво неупатено цитирање на Светото Писмо; тврдат дека се учители на Божјата реч, а не се во состојба исправно да наведат некој цитат. Оние кои потполно се посветиле на проповедање на Светото Писмо, не би смееле да прават грешки при наведување на некој текст. Бог бара совесност од сите Свои слуги. {2T 500.2}

Оние кои ја исповедаат Христовата вера треба да ја посведочат со животот, зборовите и делата. Нејзините цврсти начела ќе се покажат како сигурно сидро. Учителите на Речта треба да бидат пример на побожност за стадото. Тие треба со својот пример да ја укоруваат мрзливоста, недостатокот на трудољубивост и економичност. Начелата на вера бараат од нас да бидеме вредни, трудољубиви, економични и чесни. „Положи сметка за својата работа во својство на повереник!" - тоа ќе се слушне наскоро.

Браќа, каква сметка ќе положите кога ќе се појави Господ? Вие сте неподготвени и ќе бидете прогласени за мрзливи слуги. Подарени ви се драгоцени моменти. Ве преколнувам добро да го искористите времето. {2T 501.1}

Павле го поттикнал Тимотеј: „Погрижи се да бидеш одобрен пред Бога, како работник кој нема од што да се срами и правилно да го проповеда зборот на вистината". „Глупави и празни расправии избегнувај, знај дека тие породуваат кавги! А Господовиот слуга не треба да се кара туку да биде кроток со сите, способен да поучува и да поднесува зло, со кротост да ги превоспитува противниците за да може Бог да им даде покајание за познавање на вистината, и да се ослободат од мрежата на ѓаволот, кој ги уловил живи за да ја исполнуваат неговата волја". {2T 501.2}

За да можат да ги извршат должностите кои Бог им ги наменил, проповедниците треба да се оспособат за положбата на која се наоѓаат, Во посланието до Колосјаните апостол Павле вака зборува за својот повик: „На кој станав слуга по Божја наредба која ми е дадена меѓу вас за да ја исполнам Божјата реч, тајна која беше скриена од создавањето на светот, а сега им се јави на светиите Негови, на кои Бог науми да им покаже колку е богата славата на оваа тајна меѓу незнабошците, која е Христос во вас, кого ние го проповедаме, советувајќи го секој човек и учејќи го на секоја премудрост, за да се покаже секој човек совршен во Исуса Христа, за Кого се трудам и борам, со Неговата моќ во мене која силно дејствува". {2T 501.3}

Не помалку почит и верност за делото на проповедништво Бог бара од Своите слуги кои живеат во времето кога се ближи крајот на сите работи. Бог не може да го прифати нивното дело сè додека тие во своето срце не ја почувствуваат силата на вистината која ја изложуваат на другите. Тој ќе ја прифати само трудољубивата, верна работа која потекнува од срцето. За тоа големо дело е потребна будност и донесување на родови. Бог бара несебични работници, такви кои ќе работат со благородна добронамерност и ќе му пружаат на делото неподелена служба. {2T 502.1}

Браќа, вам ви недостига верност и посветеност во работата. Вашите срца се себични. Морате да ги отстраните сите свои недостатоци, инаку наскоро ќе доживеете судбоносно разочарување - ќе го загубите небото. На многумина кои се занимаваат со проповедништво им недостигаат истрајност, енергија и постојано потпирање на Бога. Поради тој недостаток, големи товари паѓаат на неколку браќа кои поседуваат такви способности и принудени се да ги надополнуваат недостатоците на оние првите, кои би можеле да бидат способни работници само кога би сакале. Има неколкумина такви кои работат денонокно, лишувајќи се од одмор и од друштвените потреби, оптоварувајќи го својот мозок до крајност, извршувајќи работа за тројца, трошејќи ги своите драгоцени животни сили на она што другите би можеле да го направат, но го занемаруваат. Некои се премногу мрзливи за да го завршат својот дел од работата. Многу проповедници грижливо чуваат, одбегнувајќи товар, не залагајќи се и не работејќи речиси ништо. Поради тоа, оние кои ја сфаќаат вредноста на душите, кои ја увидуваат светоста на делото и сметаат дека тоа мора да напредува, работат уште повеќе, вложуваат натчовечки напори и ги исцрпуваат своите умни способности за Божјото дело да оди напред. Кога приврзаноста и верноста на Божјото дело би биле рамномерно распоредени, кога сите кои тврдат дека се проповедници сесрдно би се посветиле на Божјото дело, не штедејќи се себеси, неколку сесрдни работници кои ги исцрпуваат

своите животни сили не би биле толку оптоварени. Нивните сили би биле сочувани и така би можеле, кога ќе притреба, двојно повеќе да заложат и да остварат далеку поголеми резултати отколку што тоа сега се во можност, бидејќи се наоѓаат под притисокот на огромната грижа и стравување. На Господа не му е по волја таа нееднаквост. {2T 502.2}

Многумина кои тврдат дека Бог ги повикал да ја проповедаат Речта и науката, не увидуваат дека немаат право да се наречат учители ако не се подготвиле со сесрдно, вредно проучување на Божјата реч. Некои дури не стекнале ниту знаење од основните гранки на образованието. Некои не знаат дури ниту да читаат како што треба; едни погрешно го цитираат Светото Писмо, други со својата очевидна неспособност за работата која се обидуваат да ја вршат, нанесуваат штета на Божјото дело и ја сламат вистината. Тие не ја увидуваат потребата од образование на умот, потребата од облагородување без извештаченост и потребата за вистинско издигнување до висината на Христовиот карактер. Сигурен и непогрешен начин да се оствари тоа е потчинување на душите на Бога. Така Тој ќе управува со умот и чувствата, така што тие ќе се сосредоточат на она што е божествено и вечно; и тогаш ќе бидат енергични без претерување, бидејќи сета сила на умот и на целото битие ќе се издигне, облагороди и насочи кон она што е највозвишено и најсвето. Од усните на небесниот Учител ги слушнавме и овие зборови: „Љуби Го својот Господ Бог со сето свое срце и со сета своја душа и со сите свои мисли". Кога така ќе Му се потчиниме на Бога, вистинската кротост ќе ја украси секоја постапка, па оние кои на тој начин ќе се здружат со Бога и со небесните ангели ќе поседуваат достоинство кое одишува со мирисот на небото. {2T 503.1}

Господ бара од Своите слуги да бидат приемчиви. Тој не е задоволен кога ги гледа рамнодушни и мрзливи. Тие тврдат дека Бог ги избрал да го поучуваат народот како треба да живее; меѓутоа, нивниот разговор често не му користи никому и тие покажуваат дека на нив не лежи товарот на Божјото дело. Моќната вистина која ја изложуваат на другите не ја поттикнала нивната сопствена душа. Некои ја проповедаат вистината, која е толку значајна, толку рамнодушно што не можат да ги убедат луѓето. „Сè што ќе ти дојде при рака да го правиш, прави го според својата можност, бидејќи нема работа ниту размислување, ниту знаење ниту мудрост во гробот во кој одиш". Луѓето кои Бог ги одбрал мораат да научат да вложуваат напори искрено и со неуморна сесрдност да се залагаат за Него, за да ги извлекуваат душите од огнот. Кога проповедниците ќе ја почувствуваат силата на вистината во сопствената душа, сила која го поттикнува целото нивно битие, тогаш ќе поседуваат моќ да влијаат на срцата и да докажат дека цврсто веруваат во вистината која ја проповедаат на другите. Тие не смеат никогаш да заборават колкава е вредноста на душите и колку е неискажана длабочината на Спасителовата љубов. Тоа ќе пробуди многу души, така што ќе кажат како Давид: „Пламна срцето мое во мене и во мислите мои се разгори оган". {2T 504.1}

Павле го поучувал Тимотеј: „Никој да не ја презира твојата младост; туку биди им углед на верните во зборовите, во живеењето, во љубовта, во духот, во верата, во чистотата. Додека дојдам, занимавај се со читање на Писмото, со воздигнување и со поучување". „Размислувај за тие нешта; на тоа предади се, та успехот твој да им стане јасен на сите! Внимавај на себе и на учењето; биди истраен во тоа, зашто, ако

постапуваш така, ќе се спасиш и себе и оние кои те слушаат”. Какво значење овде се придава на христијанскиот живот на Божјиот проповедник! Колку е потребно тој верно да ја проучува Божјата реч, за и сам да се посвети со вистината и да се оспособи да ги поучува другите! {2T 504.2}

Браќа, од вас се бара да ја посведочите вистината со својот живот. Меѓутоа, не сите од оние кои сметаат дека им е должност да ја шират вистината, се обратени и посветени со вистината. Некои имаат погрешни замисли за тоа што го прави христијанинот и за начинот на кој се стекнува непоколебливо верско искуство. Тие уште многу помалку увидуваат какви особини бара Бог од Своите проповедници. Таквите луѓе се непосветени. Тие понекогаш водат борба со чувствата и тоа кај нив создава впечаток дека навистина се Божји деца. Таа зависност од впечатоците е една од посебните измами на сатаната. Кај таквите браќа верата зависи од околностите. Ним им недостига цврсто начело. Никој не може да биде жив христијанин ако секојдневно не стекнува лично искуство во побожноста и ако секојдневно не се откажува од себеси, ведро носејќи го крстот и следејќи Го Христа. Секој вистински христијанин секојдневно мора да напредува во божествениот живот. И додека напредува кон совршенството, тој секојдневно доживува обратување во Бога и тоа обратување нема да биде завршено сè додека не достигне совршенство на христијанскиот карактер, целосна подготвеност за добивање на бесмртност. {2T 505.1}

Бог мора да биде највозвишен предмет на нашите мисли. Размислувањето за Бога и постојаната молитва ја издигнуваат душата и ги оживуваат чувствата. Запоставувањето на размислувањето и молитвата неминовно ќе има како последица опаѓање на интересот за верските работи; ќе се забележи безгрижност и тромавост. Верата не е прашање на чувства. Верата е начело кое е вткаено во секојдневните должности и постапки во животот. Ништо не смее да се презема, никаква работа да се извршува која би го попречувала остварувањето на тоа начело. За некој да може да биде истраен работник, потребно е да сочува чиста и беспрекорна вера. Тука мораме и ние сами нешто да направиме. Никој друг не може да ја изврши нашата работа. Единствено ние сами можеме и треба да го градиме своето спасение со страв и треперење. Тоа е делото кое Господ ни го доверил. {2T 502.2}

Некои проповедници кои тврдат дека се повикани од Бога имаат крв на душите на својата облека. Тие се опкружени со отпадници и грешници, а сепак ништо не чувствуваат за тие души. Тие се рамнодушни кон нивното спасение. Некои речиси заспале и немаат никаков смисол за работата на проповедникот на евангелието. Тие не увидуваат дека како духовни лекари мораат да бидат способни да ги лекуваат душите заболени од грев. Го запоставиле делото на предупредување на душите, плачење и молитва поради нив, така што многу души станале неизлечиви. Некои умреле во своите гревови и на страшниот суд ќе ги обвинат оние кои можеле да ги спасат, но не го направиле тоа. Неверни проповедници, каква казна ве чека! {2T 506.1}

На Христовите проповедници им е потребно ново помазание за да можат појасно да ги воочат светите вистини и да имаат појасно сфаќање за светиот, беспрекорен карактер кој сами мораат да го изградуваат за да бидат пример на стадото. Ништо што би можеле сами да направиме не може да нè издигне до височините на кои Бог може да нè прифати како Свои пратеници. Само цврстото потпирање на Бога и цврстата и

делотворна вера можат да го извршат она дело кое Бог бара да се изврши во нас. Бог бара работливи луѓе. Истрајноста во она што е добро го создава небесниот карактер. Во едноставноста, верноста и љубовта мораме да го повикуваме народот да се подготви за Божјиот ден. Некои ќе мораме ревно да ги преколнуваме за да ги поттикнеме. Нашето дело нека биде исполнето со кротост, понизност и сесрдност за луѓето да увидат дека сето тоа е реалност и дека навистина мораат да бираат помеѓу животот и смртта. Спасувањето на душите не е прашање со кое можеме да си играме. Однесувањето на Божјите работници мора да биде сериозно, обележано со едноставност и вистинска учтивост; тој мора во страв сесрдно да се залага за делото кое Господарот му го наменил. Одлучната решителност на патот на правдата, дисциплинирањето на умот со помош на размислување за небесните работи, ќе ви донесе најголема среќа. {2T 506.2}

Ако Бог е наша потпора, тогаш сме во можност да владееме со својот ум во тој поглед. Со постојана вежба нашиот ум ќе зајакне за борбата против внатрешните непријатели, ќе го потчини сопственото јас, така што ќе се изврши потполно преобразување и ќе бидат совладани сите страсти, барања и волја. Тогаш во домот и надвор од него секогаш ќе владее побожност, а кога ќе се залагаме за душите, сила ќе ги следи нашите напори. Моментите на предавање на Бога кај кротките христијани не се проследени со грчевити или суеверни напори туку мирни и средени, длабоки, постојани и искрени. Љубовта кон Бога и животот во светост создаваат задоволство кога постои потполно потчинување на Бога. {2T 507.1}

Причина зашто Христовите проповедници немаат повеќе успех во својата работа лежи во тоа што тие несебично се предале на таа работа. Кај некои склоностите се поделени; тие се дволични. Грижите на овој живот го привлекуваат нивното внимание и тие не сфаќаат колку е свето делото на проповедникот. Таквите се жалат на темнина и големо неверство. А причина за тоа е нивната неиправност пред Бога; тие не го увидуваат значењето на потполна посветеност Нему; таквите повеќе си служат себеси отколку на Бога. Тие многу малку се молат. {2T 507.2}

Наоѓајќи се на Својата земска должност, Височеството на небото Исус упатувал многу молитви на Својот Татко. Тој често поминувал цела ноќ наведнат во молитва. Неговиот дух често страдал поради силите на темнината во овој свет и затоа го напуштил градот и мноштвото народ и барал некое повлечено место за да се моли. Маслинската Гора била омилено место каде што Божјиот Син се повлекувал на молитва. Често сите би се разидувале да се одморат преку ноќ, а Тој не би се одморал, иако бил заморен од работата во текот на денот. Во Јовановото евангелие читаме: „И си отидоа секој во својот дом. А Исус замина на Маслинската Гора". Градот бил обвиткан со тишина, учениците се вратиле во своите домови за да се освежат со сон, но Исус не спиел. Тој од Маслинската Гора упатувал на Својот Татко божествени молитви да ги сочува Неговите ученици од злото влијание на кое секојдневно наидуваат во светот, да ја зајакне Неговата сопствена душа и да Го зајакне за должноста и неволјите на утрешниот ден. Додека следбениците спиеле, нивниот божествен Учител се молел цела ноќ. Ноќната роса и слана паѓале на Неговата глава наведната во молитва. Неговиот пример треба да им послужи на Неговите следбеници. {2T 508.1}

Вршејќи ја својата должност, Височеството на небото, Исус често се обраќал на Бога во сесрдна молитва. Тој секогаш не заминувал на Маслинската Гора, бидејќи Неговите

ученици дознале за Неговото омилено засолниште и често оделе по Него. Одлучил да оди во тишината на ноќта, кога никој нема да Го вознемирува. Исус можел да исцелува болни и да подига мртви. Тој сам бил извор на благослови и сила. Им заповедал дури на бурата и грмотевиците и тие Му се покорувале. Бил без мани, чист од грев. А сепак се молел и тоа често со болни воздишки и солзи. Се молел за Своите ученици и за Себе самиот, поистоветувајќи се со нашите потреби, слабости и недостатоци кои се толку својствени за човечкиот род. Тој бил голем молител, без страстите на нашата падната, човечка природа, но опкружен со истите слабости, искушуван во сè како и ние. Исус преживувал маки поради кои му биле потребни помошта и поддршката на Неговиот Татко. {2T 508.2}

Христос е наш Пример. Дали сатаната ги искушува и жестоко ги удира Христовите проповедници? Така било и со Оној Кој не знаел за грев. Во моментите на очај, Тој Му се обраќал на Својот Татко. Тој дошол на земјата за да ни го покаже патот на кој ќе најдеме благодат и сила за да можеме да им помогнеме на другите во секој момент, угледувајќи се на Него во чести, сесрдни молитви. Кога Христовите проповедници би се угледале на тој пример, би биле исполнети со Неговиот Дух и ангелите со задоволство би им служеле. {2T 509.1}

Ангелите му служеле на Исуса, а сепак нивното присуство не го направило Неговиот живот лесен и слободен од острите судири и жестоките искушенија. Тој бил искушан во секој поглед, исто како нас, но бил без грев. Ако проповедниците при спроведување на делото кое нивниот Господар им го наменил, бидат изложени на неволји, збунетост и искушенија, треба ли поради тоа да губат храброст, кога знаат дека постои Оној Кој сето тоа го издржал пред нив? Треба ли да ја загубат довербата поради тоа што не се остварува она што го очекувале од својата работа? Христос сесрдно се залагал за Својот народ, но Неговите напори ги презирале оние кои дошол да ги спаси и Го осудиле на смрт Оној Кој дошол да им донесе живот. {2T 509.2}

Постои доволен број на проповедници, но голем недостаток на работници. Работниците, Божјите соработници ја сфаќаат светоста на таа работа и неминовноста на острите судири низ кои мораат да поминат за успешно да ја исполнат својата должност. Работниците нема да омалаксат ниту да губат храброст во работата, колку и да е таа работа заморна. Во своето послание до Римјаните, Павле вели: „Оправдувајќи се со вера, имаме мир во Бога преку Исуса Христа, преку Кого најдовме пристап со вера во оваа благодат во која стоиме и се фалиме со надевање во Божјата слава. Не само со тоа, туку се фалиме и со неволјите, знаејќи дека неволјата гради трпение; а трпението искуство, а искуството надеж; а надежта нема да се посрами бидејќи Божјата љубов се излеа во нашите срца со Светиот Дух кој ни даден нам". Во Него се богатствата на мудроста и знаењето. Не можеме да се оправдаме ако не се снабдиме со изобилство кое ни е ставено на располагање за да не оскудеваме во ништо. Божјите слуги стануваат слаби и неспособни за носење на товарот и одговорноста ако одбегнуваат страдања и се жалат во неволјите. {2T 509.3}

Сите кои одлучно остануваат во првите редови на борбата, ќе бидат предмет на посебните сатански напади. Кога ќе ги почувствуваат тие напади, тие ќе побегнат кон Засолништето. Тие чувствуваат потреба Бог да им даде сила и да работат во Неговата сила. Според тоа, тие не се гордеат со победите кои ги извојувале, туку тие победи ги

наведуваат со уште повеќе вера да се потпрат на Оној Кој е семоќен. Во нивното срце се буди длабока и сесрдна благодарност кон Бога и тие се радуваат дури и на страдањата кои им ги нанесува непријателот. Тие послушни слуги стекнуваат искуство и развиваат карактер кој му укажува чест на Божјото дело. {2T 510.1}

Овие денови се денови на големи предности и свети обврски за Божјите слуги. Ако верно го чуваат она што им е доверено, голема ќе биде нивната награда кога Господарот ќе се пресмета со нив. Сесрдното залагање, несебичната работа, трпеливите, истрајни напори ќе бидат сериозно наградени. Исус ќе каже: Отсега не ве нарекувам слуги туку пријатели, гости. Господарот е задоволен, не поради големината на извршеното дело, не поради големата добивка, туку поради верноста во малите работи. Во Божјите очи не е толку значајна големината на резултатот кој го остваруваме, колку што се важни побудите. Тој повеќе ја цени добрината и верноста, отколку големината на остареното дело. {2T 510.2}

Видов дека на многумина им се заканува опасност, бидејќи не ја творат Божјата волја. Проповедниците се наоѓаат во опасност да ја загубат сопствената душа. Некои кои проповедаат на другите, самите ќе бидат отфрлени бидејќи не образувале христијански карактер. Со својата работа, тие не само што не спасуваат души, туку не успеваат да ја спасат ниту сопствената душа. Тие не се свесни за важноста на познавање на самите себе и на самосовладувањето. Тие не стражарат и не се молат за да не бидат совладани од искушенијата. Кога би стражареле, би ги забележале своите слаби точки на кои најверојатно ќе бидат насочени искушенијата. Со стражарење и молитва, нивните слаби страни би можеле да бидат добро чувани и така да станат нивни најсилни точки; само така можат да се соочат со искушението, а да не бидат совладани. Секој Христов следбеник мора секој ден да се испитува себеси за да може да ја запознае својата душа. Речиси сите го запоставуваат испитувањето на себеси. Тоа е особено опасно за оние кои тврдат дека се Божји претставници и кои се наоѓаат на страшна, одговорна положба, за оние кои ги примаат Божјите зборови за да ги пренесуваат на Неговиот народ. Секојдневното однесување на една таква личност има големо влијание на другите. Ако таа личност има успех во својата работа, таа ги доведува оние кои се обратени преку неа, на сопственото ниско ниво и ретко се случува таквите да се издигнат до некој повисок степен. Сите адвентисти на седмиот ден ги сметаат за свој пример зборовите, постапките, однесувањето, верата и побожноста на проповедниците; угледувајќи се на оние кои ги учат на вистината, сметаат дека ја исполниле својата должност. {2T 511.1}

Проповедникот може да подобри многу нешта во своето однесување. Многумина ги увидуваат и чувствуваат своите недостатоци, но не се свесни за влијанието кое го вршат. Тие чувствуваат кога ќе направат пропуст, но тоа го предаваат на заборавот и не се поправаат. Кога проповедниците грижливо би ги проучувале и внимателно разгледувале своите секојдневни постапки, со цел подобро да се запознаат со своите животни навики, тие подобро би се познавале сами себе. Со внимателно испитување на својот секојдневен живот во сите прилики, тие би ги запознале побудите и начелата според кои се раководат во работата. Тоа секојдневно проучување на нашите постапки, за да видиме дали совеста одобрува или осудува, им е потребно на сите оние кои сакаат да остварат совршенство на христијанскиот карактер. При внимателно проучување ќе се покаже дека многу постапки кои важат како добри дела, дури како добродетелство,

произлегуваат од лошите побуди. Многумина се фалени за доблести кои не ги поседуваат. Оној кој ги истражува срцата ги испитува и побудите; Тој често запишува дека делата кои луѓето гласно ги одобруваат, потекнуваат од себични побуди и ниско лицемерство. Секоја постапка во нашиот живот, било да е одлична и достојна за пофалба, било да заслужува укор, се оценува од Оној Кој ги испитува срцата и тоа според побудите од кои произлегува. {2T 511.2}

Дури и некои проповедници кои го застапуваат Божјиот закон слабо се познаваат сами себеси. Тие не размислуваат и не ги испитуваат своите побуди. Не ги увидуваат своите мани и гревови, бидејќи не се трудат искрено и сесрдно да го испитаат својот живот, постапки, карактер, поединечно и во целина, и да ги споредуваат со светиот Божји закон. Тие всушност не ги сфаќаат прописите на Божјиот закон и секојдневно го кршат духот на законот кој тврдат дека го почитуваат. Павле вели: „Бидејќи преку законот доаѓа познавањето на гревот". „Јас не го познав гревот освен преку законот; бидејќи немаше да знаев за похота ако законот не велеше: не посакувај". Некои кои ја проповедаат Речта и науката всушност не го сфаќаат Божјиот закон, неговите свети прописи, а ниту Христовото дело на помирување. Тие сами треба да бидат обратени за да можат да обратуваат други. {2T 512.1}

Се запоставува верното огледало кое ги покажува недостатоците на карактерот. Поради тоа постои изопаченост и грев; нив ги забележуваат други, но не оние кои грешат. Гревот на себичноста постои во голем степен дури и кај некои кои тврдат дека се верни на Божјото дело. Кога тие би го споредиле својот карактер со Неговите барања, особено со возвишението мерило - Неговиот свет, праведен и добар закон - би ги увиделе, ако искрено и чесно се испитуваат себеси, своите страшни недостатоци. Меѓутоа, некои не сакаат да гледаат доволно далеку или доволно длабоко за да ја увидат расипаноста на сопственото срце. Ним им недостигаат многу нешта. А сепак намерно остануваат во незнаење и толку се упорни во залагањето за сопствените интереси, што Бог воопшто не се грижи за нив. {2T 512.2}

Некои не се побожни според својата природа; затоа треба да поттикнуваат и охрабруваат во себе испитување на сопствениот живот и побуди, а особено да негуваат љубов кон верата и тајната молитва. Тие често зборуваат за сомнежите и неверството и за исклучителните борби кои ги воделе со чувствата. Тие зборуваат за обесхрабрувачкото влијание кое ја погодува нивната вера, храброст и доверба во вистината и конечниот успех на делото за кое се залагаат, како да го сметаат за посебна доблест тоа што се сомневаат. Понекогаш изгледа како навистина да уживаат во држењето на неверниците и да го поттикнуваат нивното неверство во сите прилики, користејќи го тоа како изговор за темнината во сопствената душа. На таквите би сакале да им кажеме: Подобро е веднаш да го напуштите Божјото дело и да се оддалечите од ѕидовите на Сион додека не се обратите и не станете добри христијани. Пред да преземете на себе одговорности на проповедник, Бог ви налага да се одвоите од љубовта кон овој свет. Таквите кои и понатаму остануваат при своите сомневања, ќе добијат дел заедно со страшливците и неверниците. {2T 513.1}

Но што е причина за тие сомневања, за таа темнина и неверство? Еве го мојот одговор: Тие луѓе не се исправни во Божјите очи. Тие не постапуваат чесно и исправно со сопствената душа. Тие не негуваат лична побожност. Тие не се одвоиле од

себичноста, од гревот и грешниците. Тие не го проучуваат самопожртвуваниот живот на нашиот Господ и не се угледуваат на Неговиот пример на чистота, верност и самопожртвување. Гревот во кој лесно се запаѓа се зајакнува со повторување. Поради сопствената негрижа и грев тие се издвоиле од друштвото на божествениот Учител и заостанале зад Него цел ден одење. Нивно друштво се рамнодушни, неприемливи, отпадници, неверници, несвети и зли ангели. Зар тогаш е чудно што таквите се наоѓаат во темнина и што се сомневаат во науката? „Кој сака да ја твори Неговата волја, ќе разбере дали оваа наука е од Бога или јас зборувам сам од себе". Тој ќе поседува сигурно сознание за тоа прашање. Тоа ветување треба да ги отстрани сите сомневања и неизвесности. Одвојувањето од Христа донесува сомневања. По Него одат оние кои се искрени, чесни, исправни, понизни и чисти, оние кои светите ангели, облечени во небесен оклоп, ги просветлуваат, чистат и чуваат, бидејќи нивна цел е небото. {2T 513.2}

Нема посилен доказ дека некоја личност е далеку од Христа и дека не негува тајна молитва и лична побожност од тоа што зборува за сомневањата и неверството поради неповолната околина. Тие личности немаат чиста, вистинска, неизвалкана Христова вера. Во нив има нечистотија која ќе изгори во огнот на прочистување. Штом Бог ќе ги стави на проба за да ја испита нивната вера, тие почнуваат да се колебаат, потклекнуваат, скршнуваат прво надесно, потоа налево. Тие ја немаат онаа цврстина и сила која ја имал Павле да се фали и со неволјите, „знаејќи дека неволјата гради трпение; а трпението искуство, а искуството надеж; а надежта не се посрамува, бидејќи Божјата љубов се излеа во нашите срца преку Светиот Дух Кој ни е даден нам". Нивната вера се управува според приликите. Ако сите околу нив манифестираат силна вера и доверба во крајна победа на Третиот ангел, и ако никој не им се спротивстави, тогаш изгледа дека се силни во верата. Но штом наидат опасности или настапи застој во делото и кога ќе се појави потреба сите да помогнат, овие бедни души, кои можат и сами да бидат проповедници на евангелието, очекуваат сè да се сруши. Тие пречат наместо да помагаат. {2T 514.1}

Ако се појави отпад и бунт, не очекувајте од нив зборови на охрабрување и доверба: Браќа, не малаксувајте, бидете храбри. „Тврдо стои Божјиот темел имајќи го овој печат; зашто Господ ги позна Своите и да отстапи од неправдата секој кој го спомнува Господовото име". Луѓето на кои толку влијаат приликите би требало да останат дома и да ги посветат сите свои телесни и умни сили на некоја помалку одговорна должност, каде што нема да се изложуваат на можноста да наидат на толку силно спротивставување. Ако сè биде како што треба, тие можат сè уште да важат за многу побожни луѓе. Но тоа не се луѓе кои Господарот ќе ги испрати да го шират Неговото дело, бидејќи треба да се борат против сатанските пратеници. Сатаната и неговата војска на зли ангели ќе се подигне против нив. Бог се погрижил оние кои ги повикал да работат во Неговото дело да излезат како победници од секоја борба. Оние кои ги следат Неговите упатства никогаш нема да претрпат пораз. {2T 515.1}

Преку апостол Павле, во Ефесјаните 6:10-18, Господ ни зборува како да се утврдиме против сатаната и неговите пратеници: „Браќа мои, јакнете во Господа и во Неговата сила. Облечете се во сето Божје оружје, за да можете да се одржите против лукавствата на ѓаволот; бидејќи нашата војна не е со крв и со тело, туку со поглаварите и властите и со управниците на темнината на овој свет, со духовите на пакоста под небото. Поради

тоа земете го сето Божје оружје за да можете да се браните во злиот ден и да се одржите. Препашајте ги своите бедра со вистината и облечете се во оклопот на правдата, а над сè земете штит на верата, со кој ќе можете да ги изгасите сите распалени стрели на нечестивиот; и земете го шлемот на спасението и духовниот меч, а тоа е Божјата реч. И со секоја молитва молете се на Бога без престан и стражарете со своето трпение и молитва за сите светии". {2T 515.2}

Ние сме се посветиле на едно големо, свето дело. Оние кои се повикани да ја проповедаат светата вистина обвиткана во темнина, не треба сами да се доведуваат во неверство и темнина. Тие треба да живеат во близина на Господа, за да можат да бидат во Неговата светлина. Причина што не се такви е тоа што не се покоруваат на Божјата реч и затоа гледаме сомневање и обесхрабрување таму каде што би требало да се слушнат само зборови на вера и света радост. {2T 516.1}

На проповедниците им е потребна вера, секојдневно обраќање на Бога и постојано, несебично залагање за Неговото дело. Тие треба да се потчинат во понизност, да ја отфрлат секоја завист, сомневање, омраза, злобност и неверство. Некои го загубиле од вид нашиот Пример, Страдалникот од Голгота. Во Неговата служба не треба да очекуваме удобности, чест и големина во овој живот, бидејќи ниту Тој, Царот на небото, не го имал тоа. „Беше презрен и отфрлен помеѓу луѓето, страдаше и беше подложен на болките". „Но Тој беше ранет за нашите престапи, биен за нашето беззаконие; беше укорен поради нашиот мир и со раната Негова ние се исцеливме". Дали кога имаме таков пример пред себе и понатаму ќе бегаме од крстот и ќе дозволиме на нас да влијаат околностите? Треба ли нашата ревност и нашата сесрдност да пламтат само тогаш кога сме во друштво на оние кои се будни и ревни во Божјото дело? {2T 516.2}

Зар не сме во состојба да бидеме со Бога, колку и обесхрабрувачки да делува нашата околина? „Што ќе кажеме на ова? Ако Бог е со нас, кој ќе може против нас?" „Кој не Го поштеди ниту Својот Син туку Го предаде за сите нас, како тогаш да не ни дарува сè со Него?" „Кој ќе ги обвини Божјите избраници? Кој ќе осуди? Исус Христос, Кој умре, па воскресна, Кој седи од десна страна на Бога и се моли за нас? Кој ќе нè раздели од Божјата љубов? Неволјата или тагата? Или прогонството? Или гладта? Или голотијата? Или стравот? Или мечот? Зашто стои напишано: За Тебе нè убиваат секојдневно, нè држат како овци за колење. Но во сево ова победуваме поради Оној Кој нè љубеше. Зашто сигурно знам дека ниту смртта, ниту животот, ниту ангелите, ниту поглаварствата, ниту силите, ниту сегашното, ниту идното, ниту височината, ниту длабочината, ниту било која друга работа не можат да нè разделат од Божјата љубов, која е во Исуса Христа, нашиот Господ". {2T 517.1}

Многу проповедници не се посветуваат со целото свое битие на Божјото дело. Тие дале само малку за Неговото дело, а бидејќи толку малку вложиле за доброто на вистината, лесно подлегнуваат на искушенија и го напуштаат. Тие не се постојани, цврсти, одлучни. Човекот кој добро се познава сам себеси, кому му се познати гревовите на кои најмногу им е наклонет и искушението на кое најмногу ќе подлегне, не треба без потреба да се изложува на искушенија со тоа што ќе стапи на тлото на непријателот. Ако должноста го вика таму каде што приликите не се поволни, Бог ќе му помогне и тој ќе биде вооружен за судир со непријателот. Познавањето на самиот себеси ќе спаси многумина да не западнат во сериозни искушенија и да не претрпат пораз. За да се

запознаеме себеси, потребно е верно да ги испитаме начелата и побудите на своите постапки, мерејќи ги со мерилото на должностите кои ни ги открива Божјата реч. Проповедниците треба да негуваат и поттикнуваат добри дела. {2T 517.2}

Покажано ми е дека некои од нив кои работеле во нашето издавачко претпријатие, во нашиот здравствен институт и како проповедници, работеле всушност само за плата. Сепак, има и исклучоци; не се сите виновни во овој поглед, но малку се оние кои увидуваат дека ќе мораат да положат сметка како повереници. Трошени се средствата кои биле посветени на Бога за напредок на Неговото дело. Сиромашните семејства, кои го почувствувале посветувачкото влијание на вистината и според тоа, ја ценеле вистината и биле благодарни на Бога, сметале дека можат и мораат да се лишуваат дури и од основните животни потреби за да принесат свои дарови во Господовата благајна. Некои се лишувале од купување на облека која им била навистина потребна. Некои ја продавале и единствената крава и парите добиени на тој начин ги посветувале на Бога. Во искреноста на својата душа и со благодарни солзи што им се пружила можност да го направат тоа за Божјото дело, тие се приклонувале кон Господа со своите дарови и го повикувале Неговиот благослов на нив. Тие се молеле тие дарови да придонесат за ширење на вистината на душите кои се во темнина. Така подарените пари не биле секогаш искористувани онака како што сакале пожртвуваните дарители. Алчните и себични луѓе, без самооткажување и пожртвуваност, неверно ракувале со парите дадени во ризницата и ја краделе Божјата ризница, примајќи пари на кои немале никакво право. Тие со своето непосветено ракување ги трошеле парите кои со солзи и молитви му биле посветени на Господа. {2T 518.1}

Покажано ми е дека ангелот води сметка за секој дар принесен на Бога и ставен во ризницата, како и за употребата на вака подарените пари. Божјото око ја гледа секоја паричка дадена за Неговото дело и гледа дека дарителот тоа го направил со волја или без волја. Се води сметка и за побудите на давање. Пожртвуваните и посветените кои му го враќаат на Бога она што е Негово, како што Тој тоа го бара од нив, ќе бидат наградени според своите дела. Дури и ако тие пари бидат неправилно потрошени, така што нема да се постигне целта која дарителот ја имал пред очите - Божјата слава и спасувањето на душите - оние кои со искрено срце го принеле дарот, имајќи ја во вид само Божјата слава, нема да останат без награда. {2T 518.2}

Оние пак кои лошо ги потрошиле парите посветени на Бога, ќе бидат повикани да положат сметка за своите дела. Некои во своето сребролубие себично ги грабале парите. Други немале чиста совест, бидејќи ја извалкале со себичност. Овие луѓе го набљудуваат од многу ниска гледна точка она што е свето и вечно. Одејќи долго по погрешен пат, тие ги изгубиле моралните чувства. Изгледа дека е невозможно да се подигнат нивните погледи и чувства до онаа височина која е јасно означена во Божјата реч. Овие луѓе нема да најдат место на небото ако потполно не се преобразат со обновување на својот ум. Оние кои воделе себичен живот полн со неправда, не почитувајќи ја дури ниту Божјата ризница, не се во состојба да ја оценат чистотата и светоста на небесното царство, ниту пак сета големина на славата и вечната награда која ги очекува верните победници. Нивниот дух толку долго одел по нискиот пат на себичност што не се во состојба да ја ценат вечноста. Тие не го ценат спасението. Изгледа дека е невозможно да се издигне нивниот разум; но само тогаш би можеле

правилно да го оценат планот на спасение и вредноста на службата на помирување. Себичните интереси го направиле целото битие грубо како необработен камен и владеат со нивниот ум и чувства, понижувајќи ги. Некои од овие личности никогаш нема да постигнат христијанско совршенство на карактерот, бидејќи не ја увидуваат вредноста и потребата на истото. Нивниот дух не може да се издигне до онаа височина на која би можеле да бидат привлечени од светоста. Самољубието и себичноста толку го изобличиле карактерот, што тие веќе не се во состојба да го разликуваат она што е свето и вечно од земското. Божјото дело и Неговата ризница не им се поважни и посвети од земските работи или пари одредени за земски цели. {2T 519.1}

Сите кои сакаат да бидат Христови следбеници имаат одредени должности во овој поглед. Божјиот закон ги одредува нивните должности кон ближните: „Љуби го ближниот свој како самиот себеси". Има луѓе кои со манифестирање на неправда, немилост и омраза кон своите ближни, толку закоравеле во срцето што се во состојба да одат уште понатаму, па дури и да Го закинуваат Бога без никаква грижа на совест. Дали тие луѓе ги затвораат очите пред фактот дека Бог знае за сето ова, дека Тој ја чита секоја постапка и сите побуди кои ги навеле да ја направат? Неговата награда е со Него и Неговото дело пред Него: секому ќе му се даде плата според делата. Оној кој го испитува срцето го бележи секое добро и лошо дело и нивното влијание на другите; Нему секоја тајна му е откриена. А наградата ќе биде во склад со побудите кои го поттикнале човекот на постапката. {2T 520.1}

Наспроти повторените опомени и укори кои Господ им ги испраќал, оние кои заземале одговорни положби оделе по својот пат, раководејќи се според непосветеното расудување. Од тоа трпело Божјото дело и душите биле одбиени од вистината. Сите виновници ќе се најдат под страшниот запис на своите дела на денот на одмаздата. Ако сакаат да бидат спасени, таквите мораат да направат огромен напор. Мораат јасно да го согледаат својот поранешен живот и да се покајат. Ако искрено се посветат на ова и сесрдно и истрајно ја извршуваат својата задача, сигурно ќе следи успех. Меѓутоа, многумина нема да успеат бидејќи сесрдноста со која го почнале ова дело брзу се губи и на нејзино место доаѓа немарност. Нивните напори на почетокот се исправни, бидејќи јасно увидуваат во каква состојба се наоѓаат; но тие се трудат да го забораваат минатото и да преминат преку него, не отстранувајќи ги своите грешки и не извршувајќи во себе потполна обнова. Нивното каење не е вистинско жалење поради тоа што со своите постапки нанеле срам на Божјото дело и што душите за кои Христос умрел се загубени. Тие прават грчевити напори и манифестираат силни чувства; меѓутоа, фактот дека нивните напори брзу изостануваат, чувствата исчезнуваат и стануваат заменети со крајна рамнодушност - се покажува дека Бог не бил потполно во ова дело. Чувствата биле живи едно време, но делото не достигнало доволно длабоко за да ги измени начелата според кои се раководеле во своите постапки. Тие лесно можат повторно да појдат по својот стар пат, бидејќи немаат сила да се спротивстават на сатанското лукавство, туку упаѓаат во неговите стапици. {2T 520.2}

Животниот пат на вистинскиот христијанин секогаш води нагоре. На него нема стопирање ниту назадување. Ваша предност е „да се исполните со познавање на Неговата волја во секоја премудрост и духовен разум, за да живеете пристојно во Бога и во секое добро дело да бидете плодни и да растете во Божјото познавање.

Зајакнувајќи со секоја сила со силата на Неговата слава и во секое трпение и долго поднесување со радост; заблагодарувајќи Му на Бога и на Таткото, Кој нè повика во делот на наследството на светиите”. {2T 521.1}

Ве преколнувам сите, а особено оние кои ја проповедаат Речта и науката, потполно да се предадете на Бога. Посветете Му го Нему својот живот и бидете пример за стадото. Не задоволувајте се никако со тоа да останете џуџиња во духовен поглед. Настојувајте да постигнете вистинско христијанско совршенство на карактерот. Вашиот живот нека биде несебичен и беспрекорен, за да бидете жив прекор на оние кои се себични и врзани за земското богатство. Бог ви гарантира дека ќе бидете закрепнати, според богатството на Неговата слава: „да се утврдите со Неговиот Дух во внатрешниот човек, за Христос да се всели со вера во вашите срца, за да бидете втемелени во љубовта: за да можете да се разберете со сите светии што е широчина и должина и длабочина и височина и да ја познаете Христовата љубов, за да се исполните со секоја Божја полнина”. {2T 521.2}

во домот или надвор од него. Тие би можеле да ги вршат своите

62. ДВИЖЕЊЕ И ВОЗДУХ

Создавајќи го човекот, Господ одредил тој да биде активен и корисен. Меѓутоа, многумина живеат во овој свет како некорисни машини и речиси како да не постојат. Тие никому не го осветлуваат патот, за никого не се на благослов. Живеат само за да бидат на товар на другите. Што се однесува до нивното влијание на добро, тие претставуваат само нули, но затоа можат да направат многу во лоша насока. Ако го погледнете животот на овие луѓе, тешко ќе наидете барем на една постапка на несебична добрина. Кога ќе умрат, споменот на нив умира заедно со нив. Нивните имиња бргу се забораваат, бидејќи дури ниту нивните пријатели покрај сета љубов не можат да се сеќаваат на побожните и добри дела. Животот на овие луѓе бил промашување. Тие не биле верни повереници. Заборавиле дека имаат должности кон својот Творец, Кој бара да прават добри дела и да бидат благослов за другите. Себичните мисли го окупираат духот и го наведуваат да Го заборави Бога и целта поради која е создаден. {2T 522.1}

Сите оние кои тврдат дека се Христови следбеници, би требало да знаат дека должност им е да ги одржат своите тела во најдобро здравје за нивниот дух да може јасно да сфати сè што е небесно. Со умот треба да се владее, бидејќи тој е од најголемо влијание на здравјето. Фантазијата често заведува и ако ѝ се попушта, може да доведе до многу сериозни заболувања. Многумина умираат од болести кои во поголем дел се вообразени. Познавам луѓе кои, под дејство на вообразување, навлекле на себе реална болест. {2T 522.2}

Една сестра мажот ја носеше од стол во постела и од една соба во друга, бидејќи веруваше дека е толку слаба, што не може да оди. Но, како што се покажа подоцна, таа можеше да оди исто толку добро како мене, само требаше да верува во тоа. Да се случеше некоја несреќа - да се запалеше куќата, или едно од нејзините деца да биде во некоја голема опасност - оваа жена би се подигнала и би одела добро и брзо. Што се однесува до нејзината телесна сила, таа можела да оди, но болното вообразување ја

навела на помислата дека не е во состојба да се движи и таа не можела да одолее на таа измама. Затоа рекла: Ти не можеш да одиш, а подобро е и да не се обидеш да одиш. Седи мирно, твоите органи се толку слаби што не можеш да стоиш. Ако оваа сестра направила напор и да ги присобрала своите заспани и умртвени сили, оваа заблуда би била разоткриена. Но поради попуштањето на својата фантазија, таа можеби уште и денес мисли дека така морало да биде иако сè било само каприц на фантазијата која понекогаш прави чудни работи со болните смртници. {2T 523.1}

Некои толку се плашат од свеж воздух што ги завиткуваат и главата и телото, така што личат на мумии. Седат дома, обично неподвижни, плашејќи се дека ќе се заморат и разболат ако се движат секојдневни работи на чист воздух кога е убаво времето, само ако посакаат. Постојаното неработење е едно од најголемите причини за слабоста на телото и духот. Многумина кои би требало да бидат во најдобро здравје се болни токму поради ова и така губат еден од најголемите благослови кои би можеле да ги имаат. {2T 524.1}

Покажано ми е дека многу луѓе, кои навидум се болни и кои постојано се жалат, всушност не се толку болни како што вообразуваат. Некои од нив имаат силна волја која, кога би се насочила во добра насока, би била едно моќно средство за потчинување на фантазијата и за сузбивање на болеста. Меѓутоа, премногу често волјата се движи во лоша насока и тврдоглаво одбива да се покори на разумот. Тие се начисто со својата состојба: тие се болни и сакаат да им се укаже внимание како на болни, без обѕир на тоа како другите ја набљудуваат таа работа. Видов мајки со кои завладеала болната фантазија, а од што трпеле и мажот и децата. Прозорците мораат да бидат затворени, затоа што на мајката ѝ штети воздухот. Ако неа воопшто ѝ е ладно и се облече повеќе, таа мисли дека и нејзините деца мораат истото да го прават. И така целото семејство губи отпорност. Сите трпат поради едно суштество, сите страдаат телесно и духовно затоа што една жена има болна фантазија, а себе се смета за мерило за целото семејство. Семејството се облекува според нејзината болна фантазија и телата се завиткуваат толку многу, што од тоа страда цел организам. Кожата не може да ја врши својата функција. Одбегнувањето на чистиот воздух и движење ги затвора порите - малите усни кои преку дише телото - и така се оневозможува организмот по тој пат да ја исфрли нечистотијата. Тогаш напорите се пренесуваат на црниот дроб, белите дробови, бубрезите, така што внатрешните органи се принудени да ја вршат работата на кожата. На тој начин луѓето сами навлекуваат на себе болест со своите лоши навики. Но, тие остануваат при тоа дури и кога ќе примат светлина и знаење. Тие вака мудруваат: „Зар не го проверивме тоа самите? Зар не стекнавме лично искуство во тоа?" Но никој не треба да смета на искуството на луѓето чија фантазија е во забуна. {2T 524.2}

Оној кој живее со овие болни најлошо поминува во зима. За оние кои се принудени да живеат со нив и да спијат во иста куќа не е зима само надвор, туку и внатре. Овие жртви со заболена фантазија постојано ги затвораат сите врати и прозорци, бидејќи чистиот воздух им штети на нивните бели дробови и главата. Фантазијата работи неуморно; тие постојано очекуваат да настинат и на крај и ќе настинат. Никакво докажување нема да ги убеди дека не гледаат во што е работата. Зар веќе не докажале? Вистина е дека ја докажале само едната страна на ова прашање - со упорното останување на својот став; сепак, ќе настинат и поради најмала причина. Разнежнети

уште во детството, тие не можат ништо да поднесат. Сепак живеат и понатаму и продолжуваат да ги затвораат прозорците и вратата и да се доближуваат до печката. Тие всушност само докажале дека тој начин на живот не им донел никаква корист туку само ги зголемил нивните неволји. Зошто тие луѓе не дозволуваат со разум да се влијае на нив за да ја зауздаат својата фантазија? Зошто сега не се обидат да се движат на чист воздух наместо постојано, со денови да седат дома наликувајќи повеќе на крпи отколку на живи суштества? {2T 525.1}

Главна, ако не и единствена причина зашто многумина заболуваат и што крвта не им циркулира слободно и што во неа не се вршат промени кои се нужни за живот и здравје. Овие луѓе не му пружиле на своето тело движење и на своите бели дробови храна, чист и свеж воздух; затоа крвта не е во состојба да се обнови туку мрзливо тече низ организмот. Колку повеќе се движиме, толку подобра ќе биде циркулацијата на крвта. Многу повеќе луѓе умираат поради недвижење отколку поради преморе ност; многу повеќе се оние кои корозираат, отколку оние кои се трошат. Оние кои ќе се привикнат на движење на чист воздух, по правило ќе имаат добра и силна циркулација. Ние многу повеќе зависиме од воздухот кој го вдишуваме отколку од храната која ја јадеме. Мажите и жените, младите и старите, кои сакаат да бидат здрави и да уживаат во активниот живот, треба да имаат на ум дека тоа не може да се постигне без добра циркулација. Какви и да се нивните склоности и нивното занимање, тие треба да настојуваат што повеќе да се движат на свеж воздух. Треба да сметаат дека нивна верска должност е да прекинат со стариот начин на живот - со затворените врати, без движење на чист воздух. {2T 525.2}

Некои болни се многу самоволни и нема да увидат од колкава важност е секојдневното движење во поле и чистиот воздух. Од страв да не настинат, тие од година во година одат по својот пат, живеејќи живот кој е опасен по здравјето. Овие луѓе не можат никако да имаат здрава циркулација. Целиот организам страда поради недостатокот на движење и чист воздух. Кожата ја губи својата отпорност и станува чувствителна на секоја промена во атмосферата. Затоа уште повеќе се облекуваат и уште ја греат собата. Следниот ден бараат уште малку подобро да се облечат и собата уште повеќе да се загрее. Така ѝ угодуваат на секоја своја желба, додека не станат толку неотпорни што не можат да поднесат никакво студенило. Некои ќе запрашаат: „Што да работиме? Сакате ли да настинеме?” Ако облечете потопла облека, тоа нека биде во најмала мерка и движете се, ако е можно, за да ја надополните загубата на топлина. Ако навистина не сте во состојба да се движите, загрејте се на оган, но штом ќе се згреете, соблечете ја непотребната облека од себе и оддалечете се од огнот. Кога оние кои можат да се посветат на некоја работа во која би заборавиле да мислат постојано на себе, во повеќето случаи би заборавиле дека им е студено, и тоа ништо не би им штетело. Штом ќе се згреете толку колку што е потребно, треба да ја намалите температурата во собата. За оние кои имаат болни бели дробови ништо не е полошо отколку прегреан воздух. {2T 526.1}

Болните сами често бегаат од сонце. Тоа е еден од најмоќните лекови на природата. Многу е едноставно да се ужива во зраците на Божјото сонце и да се пушти да го краси нашиот дом. Токму затоа тој лек не е во мода. И луѓето гледаат сонцето никако да не дојде до нивните трпезарии и спални соби, навлекуваат завеси и спуштаат ролетни,

бидејќи овие зраци го уништуваат животот и здравјето. Не се од Бога многу неволји од кои страдаат смртните луѓе. Од сопствена лудост ние се лишивме од благодатите кои Бог ни ги подарил и кои, кога правилно би се користеле, би биле од непроценлива вредност за обновување на здравјето. Ако сакате вашите домови да бидат здрави и навистина привлечни, осветлете ги со воздух и сонце. Тргнете ги своите тешки завеси, отворете ги прозорците и ролетните и радувајте се на изобилството на сонце, дури и ако тоа им пречи на вашите килими. Можеби драгоценото сонце ќе направи вашите килими да избледат, но затоа ќе даде здрава боја на вашите деца. Ако чувствувате Божје присуство и љубов во срцето, еден скромен дом, исполнет со воздух и сонце, во кој владее несебично гостопримство, земјата ќе биде небо и за вашето семејство и за уморниот патник. {2T 527.1}

Многумина учеле уште во детството дека ноќниот воздух е многу штетен за здравјето и дека затоа треба да се чуваат од него. Тие ги затвораат прозорците и вратата од собата во која спијат, за да се сочуваат од ноќниот воздух за кој зборуваат дека е толку штетен и со тоа само си наштетуваат себеси. Тие се лажат. Можеби е потребно добро да се облечеме за да не настинеме поради ноќниот воздух, но на белите дробови треба да им се даде воздух. {2T 527.2}

Една есенска вечер патувавме во преполн вагон, каде што воздухот беше многу нечист поради дишењето на многу луѓе. Испарувањето од белите дробови и телото толку го загадија воздухот, што почувствував мачнина. Го отворив својот прозорец и уживав во свежиот воздух, кога една жена повика, преколнувајќи: „Затворете го прозорецот. Ќе настинете и ќе се разболите. Ноќниот воздух е многу нездрав". Јас одговорив: „Г-ѓо, ние немаме друг воздух, освен ноќниот, ниту во вагонот ниту надвор од него. Ако не сакате да вдишувате ноќен воздух, тогаш треба да престанете да дишете. Бог им дал на Своите созданија воздух за да го вдишуваат дење, а исто така и ноќе, само што тогаш е малку постуден. Навечер можете да вдишувате само ноќен воздух. Прашање е дали треба да вдишуваме чист ноќен воздух, или пак оној кој толку пати поминал низ белите дробови. Дали е здраво да се вдишува нечист ноќен воздух од овој вагон? Испарувањето од белите дробови и телата на луѓето, тутунот и алкохолот го загадуваат воздухот, па сепак, патниците седат толку мирно и рамнодушно како да вдишуваат најчист воздух. Бог мудро одредил ноќе да вдишуваме ноќен воздух, а дење дневен. Ако не се управуваме според Неговите одредби и ако нашата крв стане нечиста, за тоа ќе бидат виновни само нашите лоши навики. Но ноќниот воздух, кој го вдишуваме ноќе, нема да ја затруе нашата крв". Многумина се разболеле затоа што не дозволувале во нивните соби да влезе ноќен воздух. Слободниот, чист воздух е еден од најголемите благослови на небото кој можеме да го уживаме. {2T 527.3}

Друга голема благодат е движењето. Има многу мрзливи и неподвижни луѓе кои не ја сакаат телесната работа и движењето, бидејќи тоа ги заморува. Што ако се заморат? Причина што толку бргу се заморуваат е таа што не ги зајакнале своите мускули со вежба, па затоа го чувствуваат и најмалиот напор. Слабите жени и девојки повеќе сакаат да работат нешто многу лесно, да везат, плетат или да прават украси, отколку да се посветат на некоја телесна работа. Болните кои сакаат да оздрават не треба да прекинат со движење, бидејќи така само ќе ја зголемат слабоста на своите мускули и општата немоќ. Заврзете ја раката и пуштете ја да мирува неколку седмици, а потоа одврзете ја:

ќе видите колку таа е послаба од другата, која умерено сте ја употребувале за тоа време. Неактивноста доведува до ист резултат во мускулното ткиво. Крвта не е во состојба да ја излачи нечистотијата, како што тоа би било случај ако со движење била одржувана жива циркулација. {2T 528.1}

Сите кои се во можност би требало и зиме и лете да се движат на слободен, чист воздух секогаш кога тоа го дозволува времето. За тоа треба да се биде соодветно облечен. Една прошетка, дури и во зима, може да биде поблаготворна за здравјето отколку сите лекови кои лекарот може да ги препише. За оние кои можат да одат, одењето пеш е подобро од јавањето. Мускулите и крвотокот се оспособуваат да ја вршат својата работа. Ќе се добие нова животна сила, толку неопходна за здравјето. Белите дробови ќе ја извршуваат потребната работа, бидејќи е невозможно да се оди по свеж воздух во зима наутро, а притоа белите дробови да не се рашират. {2T 529.1}

Многумина сметаа дека богатството и неработењето се големи благодати. Некои луѓе, кога ќе стекнат богатство или одненадеж нешто ќе наследат, прекинуваат со своите работни навики, не искористувајќи го своето време, живеат без работа и изгледа како веќе да не се од никаква корист. Тие тогаш стануваат вознемирени, загрижени и несреќни и набргу завршуваат со својот живот. Најсреќни и најздрави се оние кои секогаш се активни, кои весело ги вршат своите секојдневни должности. Ноќниот одмор донесува на нивното заморено тело мирен сон. Господ добро знаел што е потребно за човечката среќа кога на човекот му ја дал работата. Осудата дека човекот мора да се мачи за својот леб и ветената идна среќа и слава дошле од истиот престол. И едното и другото претставува благослов. Жените кои одат по модата не се од никаква корист во овој живот. Тие имаат само малку цврстина на карактерот, само малку волја и телесна енергија. Нивна најголема желба е луѓето да им се восхитуваат. Тие прерано умираат и никој не чувствува празнина поради нив, бидејќи никого не усреќиле. {2T 529.2}

Движењето ќе помогне и на варењето. Многу е корисно да се излезе на прошетка по јадење, држејќи ја главата исправено, со исфрлени рамена и така да се оди. Нашите мисли ќе се обратат на убавините на природата. Колку помалку се мисли на желудникот по јадење, толку подобро. Ако постојано стравувате дека храната ќе ви пречи, тогаш тоа и ќе се случи. Заборавете на себе и мислете на нешто пријатно. {2T 530.1}

Многумина имаат погрешно мислење дека кога ќе настинат мораат многу да се чуваат од надворешниот воздух и ги загреваат своите соби сè додека не ги прегреат. Ова му пречи на организмот. Излачувањата ги затвораат порите, а внатрешните органи се воспалени, бидејќи крвта е потисната од површината и ги оптоварила. Токму тогаш треба да им се даде воздух на белите дробови, свеж воздух. Ако чистиот воздух некогаш е потребен, тогаш тоа е кога ќе заболи било кој дел од организмот, белите дробови или желудникот. Насоченото движење ќе ја потисне крвта на површината, со што ќе им се олесни на внатрешните органи. Лесни, не толку напорни телесни вежби на чист воздух и во добро расположение ќе ја зајакнат циркулацијата, ќе дадат здрава боја на кожата и на органите ќе им испраќа крв обновена со свеж воздух. Овие вежби помагаат и на заболениот желудник. Лекарите често препорачуваат на болните да одат во странство, во бањи или преку море за да го повратат своето здравје. Меѓутоа, во девет од десет случаи, тие би го повратиле здравјето и би заштедиле време и пари кога би јаделе умерено, би имале ведар дух и би работеле некоја здрава работа. Движењето и

слободното и изобилно користење на воздух и сонце, благодатите кои небото бесплатно ги подарило, би дало живот и сила на исцрпените болни. {2T 530.2}

Голем дел од жените се задоволни кога можат да поминат покрај шпоретот, дишејќи нечист воздух половина или три четвртини од времето, додека мозокот не им се загрее и зашемети. Тие треба да излегуваат надвор и да се движат секој ден, па ако треба поради тоа и да занемарат некои работи во домот. Ним им е потребен свеж воздух за да го одморат својот расеан мозок. Тие не треба да одат кај соседите поради озборување, туку секогаш со цел да направат некое добро, да донесат благодат на другите. Така ќе бидат пример за другите, а ќе донесат благослов и на нив самите. {2T 531.1}

Совршеното здравје зависи од совршената циркулација. Посебно внимание треба да се посвети на органите, за и тие да бидат исто толку затоплени како и градите и пределот околу срцето, каде што се наоѓа најголемото количество на топлина. Родителите кои им ги оставаат на своите деца голи нозете и рацете, го жртвуваат на модата здравјето и животот на своите деца. Ако екстремитетите не се затоплени како телото, циркулацијата нема да биде рамномерна. Екстремитетите се оддалечени од најважните органи, па крвта оди нагоре во главата ако тие не се доволно заштитени. Тоа предизвикува главоболка и крварење од носот. Или пак се има чувство на притисок во градите, што предизвикува кашлица или вознемиреност на срцето, бидејќи во таа област се задржува премногу крв. Или пак, крвта навалува во желудникот и предизвикува нарушување на варењето. {2T 531.2}

За да одат во чекор со модата, мајките ги оставаат речиси голи детските раце и нозе, поради што крвта скршнува од својот природен пат и навалува во внатрешните органи; тоа предизвикува нарушување на циркулацијата и разни заболувања. Нашиот Творец не ги создал екстремитетите за да бидат постојано изложени како што е тоа случај со лицето. Господ го снабдил лицето со силна циркулација затоа што мора да биде откриено. Исто така, Тој ги снабдил рацете и нозете со големи вени и нерви, за да можат да задржат во себе голем дел од крвта. Со тоа, екстремитетите добиваат иста топлина како и телото.

Тие би требало така да се затоплуваат, што ќе привлечат крв кон периферните делови на телото. Сатаната ја измислил модата која ги остава екстремитетите голи, па се попречува крвотокот. А родителите се поклонуваат пред олтарот на модата и ги облекуваат своите деца така што нервите и вените се стегаат и не можат да одговорат на целта која Бог им ја наменил. Последици на тоа се студени нозе и раце. Тие родители кои се поведуваат по модата, а не според разумот, ќе одговараат пред Господа затоа што го упропастуваат здравјето на своите деца. На богот на модата често се жртвува и сопствениот живот. {2T 531.3}

Децата кои се облекуваат според модата не можат да поднесат свеж воздух, освен ако времето е топло. Затоа родителите и децата престојуваат во затворени, лошо проветрени простории, стравувајќи да излезат во природа; а имаат и зашто кога го прифатиле модерниот начин на облекување. Кога би се облекувале онака како што налага разумот и кога би имале повеќе морална храброст и би го усвоиле она што е добро, не би го доведувале во опасност своето здравје поради движењето на чист воздух зиме или лете. Но ако и понатаму продолжат по тој пат, многумина наскоро ќе

го жртвуваат својот живот и животот на своите деца. А оние кои се принудени да се грижат за нив ќе станат маченици. Треба да се плашиме од болен човек со кој владее фантазијата. Сите кои живеат во иста куќа со таков болен, и самите стануваат болни. Мажот ја губи својата умна енергија и заболува, бидејќи неговата жена му одзема голем дел од времето кое би требало да го помине на животворниот небесен воздух. Но најголеми маченици се јадните деца кои мислат дека мајките најдобро знаат што е добро. Мајката заболела поради својот погрешен начин на живот. Кога ѝ студи, таа сè повеќе се замотува во капути, а истото тоа го прави и со своите деца, мислејќи дека и на нив им студи. Се затвораат прозорците и вратата и се зголемува температурата во собата. Децата често се ситни и слаби, а им недостигаат и морални вредности. Така мажот и децата се затворени преку цела зима, како робови на жената со која владее вообразување, а која и често и тврдоглава. Членовите на таквото семејство се секојдневни маченици. Тие го жртвуваат своето здравје поради несредената и незадоволна жена со болна фантазија. Тие во голема мера се лишени од свеж воздух кој би ги закрепнал и би им подарил енергија и животна сила. {2T 532.1}

Оние кои не ги користат своите екстремитети секој ден бргу ќе се заморат кога ќе се фатат за некоја работа. Вените и мускулите не се во состојба да ја вршат својата работа и да го одржат целиот организам во здрава активност при што секој орган ја врши својата должност. Екстремитетите зајакнуваат со употреба. Умереното вежбање секој ден ги зајакнува мускулите, кои без вежбање стануваат млитави и слаби. Црниот дроб, бубрезите и белите дробови исто така зајакнуваат со секојдневно движење на свеж воздух и стануваат способни да ја вршат својата работа. Повикајте ја на помош и силата на волјата за да се спротивставите на настинката и да го направите посилен целокупниот нервен систем. За кратко време ќе ги увидите сите благодати на движење и чист воздух, така што веќе нема да сакате да живеете без овие благодати Лишени од чист воздух, белите дробови се како гладен човек без храна. Всушност, можеме подолго да живееме без храна отколку без воздух, кој претставува од Бога одредена храна за белите дробови. Затоа не го сметајте за непријател, туку за драгоцен благослов од Бога. {2T 533.1}

Ако болните се поведуваат според своето болно вообразување, тие не само што ги трошат сопствените енергии, туку и здравјето на оние кои мораат да ги негуваат. Ги советувам болните сестри кои научиле многу да се затоплуваат, постепено да се навикнуваат на полесно облекување. Некои од вас живеат само за да јадат и да дишат и не исполнуваат ниту една задача за која се создадени. Човекот треба да има некоја возвишена цел во животот, да настојува да биде корисен и делотворен во своето семејство и да стане корисен член на општеството. Не треба да барате сите во семејството да подаруваат внимание само на вас, ниту треба да ја злоупотребувате љубовта која други ја чувствуваат кон вас. Направете го својот дел со тоа што ќе укажете љубов и наклонетост кон несреќните, имајќи на ум дека и тие имаат свои желби и неволји. Ако тоа не можете, гледајте барем со зборови да им покажете љубов и да го олесните нивниот товар. Благословувајќи ги другите, ќе почувствувате како и на вас се симнува благослов. {2T 532.2}

Оние луѓе кои во границите на можностите се трудат да прават добро на другите, давајќи им видливи докази за својата наклонетост, не само што со тоа го олеснуваат

носењето на товар на другите, туку истовремено во голема мера донесуваат корист на сопственото душевно и телесно здравје. Да се прави добро на другите значи да се донесува благослов и на себе и на другите. Ако во грижата за другите заборавите на себе, стекнувате победа над своите слабости. Задоволството кое ќе го почувствувате правејќи добро, ќе ви помогне во голема мера постепено да ги победите нездравите склоности на својата фантазија. Тоа задоволство го подига духот и струи низ целото тело. И додека лицата на луѓето кои прават добро се исполнети со радост и додека на нив се одразува морален елан, себичните и алчни луѓе се потиштени и мрачни. На нивното лице јасно се одразуваат нивните морални мани. Себичноста и самољубието втиснуваат свој печат на надворешниот изглед на човекот. Човекот кого го поттикнува несебичната љубов кон другите има во себе нешто божествено, бидејќи се спасил од расипаноста која преку страста постои во овој свет. Себичните и алчни луѓе толку долго робувале на својата себичност што ги уништиле во себе сите доблести, па нивната надворешност оддава слика на паднат непријател, а не на чистота и светост. {2T 534.1}

Вас болните ве повикувам да одлучите нешто. Пробудете ја силата на својата волја и направете еден обид. Одвратете ги своите мисли и чувства од самите себе. Одете во вера. Ако сте склони да ги сосредоточувате своите мисли на сами себе, стравувајќи дека ќе го загубите животот ако се движите и ако се изложите на влијанието на воздухот, тогаш треба да се спротивставите на тие мисли и чувства. Не ѝ попуштајте на својата болна фантазија. Ако не успеете во тој обид, можете само да умрете. И што ако умрете? Подобро е да биде загубен еден живот, отколку многу животи да бидат жртвувани. Вашите сфаќања не само што ги уништуваат вашите животи туку нанесуваат штета на оние чиј живот е многу подрагоцен од вашиот. Меѓутоа, начинот на живот кој ние ви го препорачуваме нема да ве лиши од животот, ниту ќе ви наштети. Вие од тоа ќе извлечете само корист. Не е потребно тоа да го правите набрзина или вознемирено. Почнете најнапред умерено, движете се повеќе на чист воздух и продолжете така додека вашата реформа не стане корисна и на благослов за вашето семејство и за сите околу вас. Убедете се дека движењето, сончевата светлина и воздухот се благослови кои небото ги дало за болните да оздраваат, а здравите да го сочуваат своето здравје. Бог не ве лишува од тие изобилни благодети кои небото ги дарува, туку вие сами себе сте се казниле затворајќи ја својата врата пред нив. Правилно искористени, тие едноставни, но моќни средства ќе ѝ помогнат на природата да ги совлада реалните тешкотии, ако постојат такви и ќе дадат здрава сила на умот и телото. {2T 534.2}

Во овој век на световност и неверство кога порокот и модата владеат со умот на мажите и жените, христијаните треба да поседуваат карактер полн со доблести и здрав разум во голема мера. На тој начин лицата кои сега се намуртени и кои носат знаци на болести и расипаност, би станале ведри и полни со надеж, осветлени со вистинска добрина и чиста совест. {2T 535.1}

Системот на неработење е најголемо проклетство кое го снашло нашиот паднат човечки род. На децата кои се толку несреќни што ги воспитуваат мајки кои немаат вистински морални вредности, кои поседуваат болна фантазија и страдаат од вообразени болести, им се потребни наклонетост, трпеливо поучување и нежна грижа на сите оние кои можат да им помогнат. Потребите на таквите деца не се задоволуваат и нивното воспитување е такво што не ги подготвува да бидат корисни членови на

општеството во текот на животот, туку прерано ги доведува до гроб. Дури и ако долго живеат, таквите деца никогаш не ги забораваат поуките кои им ги дала мајката. Таа ги пренела заблудите на својот живот на нив со своите зборови и своите постапки и децата често ќе одат по нејзината патека. Нејзината сенка паѓа на нејзините деца како некоја темна завеса. Нејзиниот недоследен начин на живот го втиснал печатот на нејзиниот карактер на нивниот живот и тие не можат лесно да го совладаат своето воспитување од детството. {2T 535.2}

Најнежната земска врска е врската помеѓу мајката и детето. На детето многу повеќе влијае животот и примерот на мајката отколку на таткото, бидејќи нив ги спојува посилна и понежна врска. На мајките лежи голема одговорност. Би била среќна кога би можела да направам мајките да сфатат какво дело можат да извршат во обликување на умовите на своите деца. {2T 536.1}

Кога самите родители би стекнале знаење и кога би го увиделе значењето на практичната употреба на тоа знаење во воспитувањето на своите деца, тогаш би владеела поинаква состојба меѓу младината и децата. Децата мораат да се поучуваат во поглед на сопственото тело. Мал е бројот на оние кои поседуваат поголемо знаење за тајните на човечкиот живот. Тие речиси ништо не знаат за живата машина. Давид вели: „Те фалам што сум прекрасно создаден". Поучувајте ги своите деца да ги проучуваат причините и последиците. Научете ги дека со страдање и болест ќе ја платат казната доколку ги повредат законите на своето битие. Ако и покрај своите напори не забележите некое посебно подобрување, не се обесхрабрувајте. Трпеливо поучувајте, заповед по заповед, правило по правило, малку овде, малку онде. Ако на тој начин успеете да се заборавите себеси, тогаш сте направиле еден чекор во правилна насока. Не попуштајте додека не извојувате победа. Продолжете да ги поучувате своите деца за тоа како да се грижат за своето тело. Негрижата кон телесното здравје води кон занемарување на својот морален карактер. {2T 536.2}

Не пропуштајте да ги поучите своите деца како се готви. Ако ги поучувате во тоа, вие на нив ги пренесувате начелата кои мораат да ги поседуваат во своето верско воспитување. Кога на своите деца им давате поуки од физиологијата, кога ги учите како се готви едноставно, а сепак вешто, тогаш вие полагате темели на најкорисните гранки на воспитувањето. Потребна е вештина за да замеси добар и лесен леб. Во доброто готвење има вера и јас се сомневам во верата на оние личности кои се премногу незаинтересирани за да научат да готват. {2T 537.1}

Каде и да одиме, наидуваме на темни лица и на болни кои страдаат од стомачни заболувања. Кога седнуваме на трпеза и јадеме храна зготвена на ист начин како што е подготвувана со месеци, а можеби и со години, се чудам како лицата воопшто живеат. Лебот и двопекот се жолти од сода бикарбона. Содата е употребена за да се заштеди малку труд. Поради заборавност, лебот често станува кисел уште пред да се испече и, за да се поправи тоа, се додава големо количество на сода бикарбона. Така лебот станува несоодветен за желудникот на човекот. Сода бикарбона не смее во никаков облик да се внесува во организмот, бидејќи последиците се страшни. Таа ја нагризува слузокожата на желудникот, предизвикува воспаленија и често го труе целото тело. Некои личности тврдат: „Не можам да замесам добар леб ако не употребам сода бикарбона". Секако дека можете, ако станете ученик и ако сакате да научите. Зар здравјето на вашето

семејство не е доволно драгоцено за да ве поттикне да научите како се готви и како се јаде? {2T 537.2}

Она што ќе го изедеме не може да се претвори во добра крв ако не се зема во одредени количини, ако не е едноставно и хранливо. Желудникот никогаш не може да го претвори киселиот леб во сладок. Слабо подготвената храна не е хранлива и од неа не се добива добра крв. Сето она што му штети на желудникот, лошо делува и на префинетите чувства. Многу луѓе кои ја прифатиле здравствената реформа се жалат дека немале никаква корист од неа. Но, бидејќи јадев на нивната трпеза, видов дека за тоа не е виновна здравствената реформа туку лошо подготвената храна. Оние кои ја прифаќаат здравствената реформа треба пред сè да внимаваат на тоа да не одат во крајност. Во организмот мора да се внесува доволно храна. Ние не можеме да живееме само од воздух ниту можеме да го сочуваме своето здравје ако не земаме добра храна. Храната мора правилно да се подготви за да биде вкусна. Мајките треба да бидат практични физиолози и да ги поучуваат своите деца да се запознаат себеси и да имаат морална храброст да живеат според исправните начела, наспроти навиките кои се во мода, а кои се опасни по животот и здравјето. Да се кршат без потреба законите на своето битие, значи да се кршат Божјите закони. {2T 537.3}

Со лошото готвење постепено се уништува енергијата на илјадници луѓе. Опасно е по животот и здравјето кога на некои трпези се јаде тежок, кисел леб и други слични подготвени јадења. Мајки, наместо настојувањето на своите ќерки да им пружите музичко образование, поучувајте ги на корисните должности кои се во тесна врска со животот и здравјето. Учете ги на сите тајни на готвењето. Покажете дека тоа е дел од нивното воспитување кое е многу битно ако сакаат да станат христијанки. Ако храната не е здрава и вкусно зготвена, не може да се претвори во добра крв која ќе ги обнови истрошените ткива. Вашите ќерки можат да ја сакаат музиката и тоа е добро, бидејќи може да придонесе за среќа во семејството; но музицирањето не вреди многу без вештината на готвењето. Кога вашите ќерки ќе имаат свои семејства, музичкото образование и другите вештини нема да донесат вкусно јадење на трпезата, така што нема да мораат да црвенеат кога ќе го изнесат пред своите најдобри пријатели. Мајки, вашата должност е света. Бог нека ви помогне да го примите ова на срце и ревно, трпеливо и со љубов да работите за сегашното и идно добро на своите деца, имајќи ја во предвид само Божјата слава. {2T 538.1}

---

63. СЕБИЧНОСТА УКОРЕНА

Драг брате А, уште од црковниот собор во Илиноис, твојот случај ја притискаше мојата душа. Тешка тага ме обзема кога ќе се сетам на поедини работи кои ми беа покажани во однос на проповедниците, а особено на тебе. На состанокот во Илиноис зборував за одликите на проповедникот на евангелието. Кога ги изнесов пред народот одликите на проповедникот кој треба да ја објавува сериозната вест во овие последни денови, многу мои зборови се однесуваа на тебе и јас очекував да слушнам некое признание од твоја страна. Пред мојот говор, твојата жена зборуваше со сестра Хал

за твојата обесхрабреност. Кажа дека не си во состојба да проповедаш како што ти е должност, дека не си начисто со тоа што ти е должност, дека си ја загубил храброста и не си во состојба онака да се посветиш на работата како што би го направил тоа доколку си начисто со тие прашања. Сестра Хал ми напомена дека твојата жена со задоволство би слушнала некоја вест на охрабрување, ако можам да ја кажам. И кажав на сестра Хал дека немам ниту еден збор на охрабрување и дека ти, доколку се колебаш, треба да чекаш додека сам не сфатиш што ти е должност. Тогаш зборував кои особини треба да ги има Христовиот проповедник. Да можев до крај да ја извршам својата должност, би ти зборувала отворено уште додека стоев. Присуството на неверниците беше единствената причина што го не го направив тоа. {2T 539.1}

Во Минесота повторно добив задача да зборувам за начинот на живот на нашите проповедници. Зборував со брат Б за неговите мани кои беа пречка во неговата работа за спасение на души. Неговиот начин на живот повторно ме потсети на твојот случај и да се чувствував добро како вообичаено, би ти пишала уште пред да отидам на состанок. Немавме ниту еден момент одмор и отидовме веднаш за Висконсин. Бев болна, но Бог ме закрепна, така што можев да зборував пред народот. Кога излегов пред народот, препознав лица кои никогаш порано не ги видов. И повторно, во врска со другите, се сетив на твојот случај. Тоа беше крај во кој твојата работа донесе повеќе проклетство отколку благослови. Тоа беше место во кое токму ти можеше да направиш многу добра. Да се посветеше на Бога и несебично да работеше на спасение на душите за кои Христос умре, твојата работа би била крунисана со успех. Доказите на нашата вера, изнесени пред луѓето кое сè уште не ја прифатија, во состојба се да остават силно влијание ако тие луѓе немаат предрасуди поради кои не сакаат да ги усвојат тие докази. Во околината _____ _____ и видов луѓе кои беа примерни христијани и адвентисти. Но додека некои веќе беа придобиени за вистината и беа подготвени да ѝ пријдат, ти го остави своето поле на работа, не довршувајќи го делото кое го започна. Тоа беше полошо отколку воопшто ништо да не започнуваше. Никогаш повторно не може да пробуди ист интерес. {2T 539.2}

Со години беше давана светлина во овој поглед. Укажувано беше на потребата да се одржува интересот кој се пробуди и дека не треба да се попушти во напорите додека сите не се одлучат за вистината, не го искусат преобразувањето кое е неопходно за крштавање и не се обединат со некоја црква, или пак сами ја образуваат. Нема толку важни настани кои можат да поттикнат еден проповедник да ги напушти луѓето кај кои пробудил интерес со објавување на вистината. Дури и болеста и смртниот случај не се толку важни како спасението на душите за кои Христос поднел толку голема жртва. Оние луѓе кои го сфаќаат значењето на вистината и вредноста на душите за кои Христос умрел, нема од никаква причина да го остават народот кај кого е пробуден интересот. „Мртвите нека ги закопуваат своите мртовци,” ќе кажат тие. Ниту домашните работи, ниту земјата, ниту куќата не би смееле да ги одвратат од нивната работа. Ако проповедниците дозволуваат овие работи да ги одвратат од работата, единствено што можат да направат е сè да напуштат, да бидат без никаков имот и земски интереси кои можат да ги одвратат од големото дело во овие последни денови. Една душа е поважна од цел свет. Зар можат луѓето кои зборуваат дека се посветиле на делото на спасување на душите да

дозволат земското богатство толку да завладее со нивната душа што ги попречува во нивниот свет повик за кој велат дека го примиле од Бога? {2T 540.1}

Видов брате А, дека твојата работа во _____ _____ нанесе и голема штета на Божјото дело. Ги видов тие последици кога бев последен пат во Батл Крик. При пишувањето на една важна работа за проповедниците, се сетив на твојот случај и имав намера да ти пишам уште пред ова, но немав можност. Три ноќи спиев многу малку. Постојано мислев на тебе. И во сон и на јаве ти пишував постојано во мислите. Кога на собирот ги видов токму оние луѓе на кои им наштети со својата работа, би ја изнела цела работа, дури и ти да беше присутен. Ниту еден смртник не кажа ниту еден збор за твојата работа. Морав да зборувам со еден или двајца во врска со ова прашање. Им реков дека се сеќавам на нивните лица во врска со некои работи кои ми беа покажани во однос на тебе. И тогаш, ми ги наведоа фактите кои го потврдуваа сето она што верував дека треба да го кажам, во Божји страв, за да ја исполнам својата должност како Негов слуга. {2T 541.1}

Пред две години видов дека ти и твојата жена сте многу себични, алчни луѓе, дека вашиот интерес ви е поважен од душите за кои Христос умрел. Ти умееш да ја изнесеш вистината, имаш испитувачки ум и кога не би имало толку мани во твојот карактер, твојата работа би донела многу добра. Но покажано ми е дека ти, општо земено, немаш успех во своите напори. Од многу причини твоето проповедање на вистината не беше успешно. Едно од најголемите проклетства во твојот живот, брате А, беше твојата себичност. Мислеше само на својата корист. Насекаде сакавте да бидете во центарот на вниманието и наклонетоста. Кога сте доаѓале во некое место и сте биле примени во некое семејство, станувавте товар за него, бидејќи ниту еден од вас не се трудел нешто да помогне. Можеби на ова семејство му паѓало тешко да работи и за себе и за вас, но вие двајцата сте толку себични што не увидувате дека вие повеќе сте во состојба да ја вршите онаа работа која членовите на семејството ја вршат за вас. А ти си премногу мрзлив и тоа не му е по волја на Бога. Кога е потребно да се донесе јадење или вода, ти дозволуваш тоа да го прават преморени луѓе, а често и жени. Всушност, тие мали работи, тие мали услуги многу би користеле на твоето здравје. Ти си дебел и полнокрвен и не се движиш ниту половина од она колку би требало. Оваа мрзливост и твојата подготвеност да приграбиш сè за што мислиш дека би ти било од корист, беа штетни за вистината и претставуваа камен на сопнување за неверниците. {2T 542.1}

Слично на тебе, ниту твојата жена не ја сака работата. Поминувавте долго време во постела, иако можевте да станете и да покажете дека сакате да помогнете на семејството кое го оптоваривте. Веруваше дека тие треба да сметаат дека се почестени со тоа што си им дошол на гостин бидејќи си проповедник, и дека би требало да те служат и да ти угодуваат, додека ти само би гледал како да ги задоволиш своите себични интереси. Остававте многу лош впечаток за себе. Вие двајцата се сметавте за претставници на проповедниците и нивните жени кои се посветиле на проповедање на вистината за саботата и за скорото Господово доаѓање. {2T 542.1}

Сите оние кои го познаваат твојот живот ќе кажат дека твојата вера и твоето учење не се согласуваат со твојот живот. Тие гледаат дека твоите плодови не се добри и од тоа извлекуваат заклучок дека не веруваш во она што им го проповедаш на другите. Тие сметаат дека сите проповедници наликуваат на тебе и дека, на крајот на краиштата, тие

свети и вечни вистини се само измама. Кој е одговорен за тој впечаток и за тие тажни последици? Треба да увидиш колкава одговорност лежи на тебе поради таа твоја себичност, која е вистинско проклетство и за тебе самиот и за сите кои се околу тебе. {2T 543.1}

Од друга страна, ти, брате А, страдаш од чувства кои доаѓаат како природна последица на себичноста. Вообразуваш дека другите не ги ценат твоите напори. Сметаш дека си способен да извршиш големи дела но, бидејќи не си ги извршил, се извинуваш со тоа што другите не ти даваат широко поле за работа и доверба која би одговарала на твоите способности. Љубоморен си на другите и ја попречуваше нашата работа во Илиноис и Висконсин, работејќи сам многу малку, а попречувајќи ги во работите оние кои нешто би направиле доколку ти не им стоеше на патот. Твојата чувствителност и завист ги ослабнаа рацете на оние кои сакаа да ги доведат работите во ред и да го издигнат делото во тој делокруг. Доколку во овие држави се покаже некаков напредок, сметаш дека тоа во голема мера е твоја заслуга, иако е извесно дека сè би тргнало наопаку кога би ти се дозволило да ги средуваш работите по своја волја. Ти си обично премногу сувопарен во своите проповеди. Не си во состојба да го проткаеш практичното со доктрината. Зборуваш премногу долго и ги заморуваш верниците. Наместо да запреш на оној дел од својата тема која можеш исцрпно да им ја изнесеш на сите, ти талкаш наоколу и се задржуваш на безначајни детали кои ништо не придонесуваат за самото дело и кои би можеле и да се изостават. Кога се натрупуваат толку безначајни поединости, слушателот ја губи нишката на докази и не може да се сеќава на целиот предмет. Кога еден проповедник им се обраќа на своите верници, треба да оди од една точка кон друга, не затрупувајќи ги со зборови и детали главните прашања. Мислите кои тој му ги изложува на народот треба да бидат јасно подредени како сообраќајните патокази на патот. Да се покриваат значајните, животни прашања со низа цитати и да се повикува на помош сè што има барем и најмала врска со предметот, значи да се уништува нивната сила и да се прекине прекрасниот синџир на вистината. Ако духот на вистината треба некого да подигне, тогаш тоа си ти. Неопходно е во тебе да живее Христос, надежта на славата. Потребна ти е вистинска вера. {2T 543.2}

Укажано ми е на следниве зборови на вдахновението: „Кој е меѓу вас мудар и умен, нека ги покаже преку своето добро однесување делата свои во кротост и премудрост". „А онаа премудрост која е одозгора, таа е најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, без лицемерие. А плодот на правдата се сее на оние кои градат мир". Луѓето кои Бог ги повикал да работат на спасување на душите секогаш ја чувствуваат тежината на одговорноста кон народот. Нивните себични интереси се губат во длабоката грижа за спасување на душите за кои Христос умрел. Тие ќе ја почувствуваат сета сила на Петровата опомена: „Ги молам старешините кои се меѓу вас, на кои јас самиот сум старешина и сведок на Христовите страдања, и имам удел во славата која ќе се јави: Пасете го Божјото стадо, не со сила, туку доброволно, не за неправедна добивка, туку од добрината на срцето; ниту како да владеете со народот; туку бидете углед на стадото; и кога ќе се јави поглаварот, ќе примите венец на слава кој нема да овене". {2T 544.1}

Ти по природа си тврдоглав. Зависта и упорноста се природни плодови на себичноста. Ти малку се поправи, но видов дека имаш уште многу да направиш. Ги

видов толку јасно плодовите на твојот себичен, непосветен живот, што се плашам дека никогаш нема да сфатиш колку на Бога му се одвратни тие лоши црти на карактерот. Се плашам дека нема да го увидиш тоа доволно јасно за да ги отфрлиш и да станеш сличен на нашиот Откупител полн со самопожртвување, чист и несебичен и да појдеш по патот на несебичната добрина. Ти даваш таков пример и вршиш такво влијание што и оние кои ја љубат вистината и работат за Бога и кои ја ценат нашата вера го губат духот на самопожртвување и интерес за сегашната вистина. Твојот себичен и алчен живот раѓа ист дух и во нив, а твојата подготвеност под наметката на проповедник на верата да грабиш сè за себе, ги затвори срцата на многумина за помагање на ширење на вистината. Ако проповедниците покажуваат себичност, нивниот пример зборува десет пати погласно од сите нивни проповеди. {2T 545.1}

Ти го обесчестуваш Бога со своето ситничарење. Твоите постапки покажуваат непочитување. Не остави чиста трага зад себе и затоа ќе бидеш живо проклетство за секое место во кое живееш, ако потполно не го измениш својот живот. Ти работиш за плата и без награда не би запалил ниту оган на Божјиот олтар, па дури и не би ја затворил вратата. Ако му пружиш на народот пример на самопожртвување и посветеност на Бога, ако покажеш дека пред сè друго ти е вистината и спасувањето на душите, тогаш твојот пример ќе наведе и други да бидат пожртвувани и побожни и на прво место да им биде небесното царство и Христовата правда. Ти сметаш дека имаш право да влечеш корист од Божјото дело. Твоите браќа ти помагаат на разни начини во својата дарежливост и ти тоа го примаш како нешто што се подразбира само по себе - како тоа да е твое право. А ако некој не е многу дарежлив кон тебе и ако не ти угодува, ти стануваш завидлив и не се притеснуваш да им ставиш до знаење дека не те ценат доволно и дека се себични. Тогаш се повикуваш на луѓето кои ти направиле ова или она, ги издигнуваш како пример кој треба да се поддржува. Оние кои великодушно ти помагале, го правеле тоа преку својата должност. Ти не ја заслужи нивната доверба ниту нивната дарежливост. Не носеше никаков товар за Божјото дело и многу повеќе префрлаше на други отколку што носеше сам. Сепак, го зголеми својот имот и ги стекнуваше добрата на овој свет, сметајќи дека тоа е твое право. Иако секогаш ја примаше својата седмична плата, не беше задоволен со тоа. Без обзир на платата која ја примаше, успеваше постојано да извлечеш и друга корист. Црквата ти плаќаше, без ogled на тоа дали работата ти беше плодна или не. Ти не ги заработуваш парите кои ги примаше. {2T 545.2}

Твојата жена толку ја разгалиле нејзините родители и ти како сопруг, што веќе речиси не е од никаква корист. Двајцата гледавте како другите се свиткуваат под товарот на грижите, но никогаш не сакавте и сами да помогнете. Твојата жена беше на товар на многу семејства, на своја и на нивна штета, иако од здравствена гледна точка беше многу поспособна за работа од оние кои го носеа и нејзиниот товар. Меѓутоа, таа не мислеше на тоа. Ни ти не ја сфаќаше вистинската состојба на работата ниту имаше сочувство кон другите. Некои луѓе од кои примаше помош за себе и за своето дете немаа парични можности тоа да го прават, но сметаа дека со тоа го помагаат пожртвуваниот Христов слуга. Затоа се откажуваа од себе и поднесуваа сиромаштија и неволји за да го носат оној товар кој ти би можел многу подобро да го носиш сам за себе. {2T 546.1}

Твојата жена не сакаше да ги прими на себе товарите на животот. Таа сака некој повисок повик, а ги занемарува секојдневните должности. Ниту еден од вас не се покорува на Божјата заповед да го љубите својот ближен како самиот себеси. Себичноста ви ги затвори очите за потребите на вашите ближни. Вашата тесноградост и сребролубие се заразни. Вие со својот пример ја охрабривте љубовта на овој свет и алчноста повеќе од било што друго во Висконсин и Илиноис. Ако само се грижеше за своето земско добро и не правеше ништо друго, Божјото дело во овие две држави би се наоѓало во многу подобра состојба отколку што е денес. Успесите кои ги постигна не можат да ги надополнат загубите кои ги предизвика. Божјото дело е упропастено. Твојата чувствителност и завист им даваа пример на другите. Ние наидовме на тој дух во Илиноис и во Висконсин. Состојбата на црквите во _____ и во околината беше навистина бедна. Недостатокот на љубов и единство, сомневањата, зависта и тврдоглавоста кои се покажуваа во овие цркви јасно укажуваа на особините на твојот карактер. Ставот кој го зазема по појавата на фанатизмот во _____ повикувајќи се на своето достоинство, стоејќи помеѓу фанатиците и оние кои Бог ги испрати со посебна порака, сето тоа им оневозможуваше на луѓето да ги увидат своите грешки и да се поправат. Твоето однесување во тоа време, затоа што не успеа да почнеш од вистинската страна и да го уништиш тој уништувачки фанатизам, доведе до онаа безнадежна состојба на работите која се јави по тоа мрачно владеење на фанатизмот. Браќата Ц и Д, и цела црква во _____ и народот во _____ не беа наведени да го исправат своето гледиште, како што би направиле ако ти беше понизен и ако ги поучуваше во слога со Божјите слуги. {2T 546.2}

Кога еден човек кој себеси се смета за учител и водач ќе се осмели да појде по оној пат по кој тргна ти во својата упорност, мора да знае дека е одговорен за душите кои поради него отидоа во пропаст. Еден проповедник никогаш не може да биде доволно внимателен во поглед на последиците на својата работа. Во него не смее да има ниту најмалку тврдоглавост, завист и себичност, бидејќи ако им попушта на овие мани, ќе упропасти повеќе души отколку што може да спаси. Ако не ги совлада овие опасни особини на својот карактер, би било подобро да нема ништо заедничко со Божјото дело. Попуштањето на тие особини, кои нему не му изгледаат лоши, ќе ги оддалечи душите и оние кои ќе се најдат надвор од неговиот домен и од доменот на другите. Кога таквите проповедници потполно би ја напуштиле својата работа, до душите подложни на влијанието на Божјиот Дух би дошле оние кои можат да пружат пример достоен за поддржување, пример во склад со вистината која ја проповедаат. Со исправен живот проповедникот ќе ја сочува довербата на оние кои ја бараат вистината и ќе им помогнат цврсто да се држат за Вечната Карпа; а подоцна, ако тие би паднале во искушение, тоа влијание би му пружило можности со успех да ги опоменува, повикува, укорува и советува. {2T 547.1}

Пред сите останати луѓе, Христовите проповедници кои ја носат сериозната вистина во овие последни денови, мораат да настојуваат да бидат слободни од себичноста. Добродетелството мора природно да се излива од нив. Тие треба да се срамат од постапките кои носат белег на себичност. Треба да бидат пример на побожност, живи посланија кои ги познаваат и читаат сите луѓе. Нивните плодови треба да бидат светост. Нивниот дух треба да се разликува од духот на оние кои се од овој свет. Прифаќајќи ја

божествената вистина, тие стануваат Божји слуги и веќе не се деца на темнината ниту слуги на овој свет. Христос ги издвоил од светот. Луѓето на овој свет не ја сфаќаат тајната на побожноста и затоа не се во состојба да ги разберат побудите според кои се раководат. Но духот и животот кој е во нив и кој се манифестира во нивните зборови и животот полн со самооткажување, пожртвуваност и беспрекорност поседува убедувачка сила и таа сила ќе ги приведе неверниците кон вистината и ќе ги натера на покорност на Христа. Тие се живи примери бидејќи го носат Христовиот лик. Тие се светлина на светот, сол на земјата и вршат спасоносно влијание на другите. Тие се Христови претставници на оваа земја. Нивните цели и желби не се исполнети со земските работи; тие не работат само поради заработувачка ниту негуваат себична љубов кон добивката. Вечните вредности треба да извојуваат победа над сите земски задоволства. Вистинскиот христијанин ќе работи само за да му угоди на Бога, имајќи ја пред очите само Неговата слава, а како награда свеста дека ја твори Неговата волја. {2T 548.1}

Проповедниците би требало посебно да го познаваат Христовиот карактер и Неговите дела за да се угледаат на Него, бидејќи карактерот и делата на вистинскиот христијанин се слични на Неговиот. Тој ја оставил Својата слава, царство и богатство и ги побарал оние кои пропаѓале во грев. Тој се спуштил до нашите потреби, за да нè издигне до небото. Жртвата, самооткажувањето и несебичната добрина биле одлики на Неговиот живот. Тој е наш Пример. Дали ти, брате А, се угледа на тој пример? Јас одговарам: не. Тој е совршен и свет пример кој ни е даден за да се угледаме на Него. Ние не можеме да го достигнеме тој пример, но Бог нема да нè прими ако не се угледаме на Него и ако, колку што ни дозволуваат способностите кои Бог ни ги подарил, не сме слични на Него. Љубовта кон душите за кои Христос умрел ќе нè наведат да се откажеме од своето јас и ние тогаш ќе сакаме да поднесеме секаква жртва за да бидеме Христови следбеници во делото на спасување на души. {2T 549.1}

Работата на избраните Божји слуги ќе вроди со плод ако биде извршена во Христа. Нивните зборови и дела се канали преку кои на светот му се пренесуваат чистите начела на вистината и светоста. Нивниот примерен живот прави тие да станат светлина на светот и сол на земјата. Божјите слуги треба со рака на вера да се држат за онаа моќна рака и да примаат божествени зраци на светлина одозгора, а со раката на љубов да посегаат за душите кои пропаѓаат. За оваа работа потребна е голема ревност. Ако бидеме рамнодушни, ќе дозволиме душите кои би можеле да бидат спасени, да го одбегнат нашето влијание. Бог сака во Неговата служба да земат учество оние проповедници кои се будни, енергични и истрајни, кои се верни стражари на ѕидините на Сион, кои внимателно ги слушаат зборовите на Божествениот Учител и верно ги објавуваат на народот. {2T 549.2}

Ти си многу сличен на Мироз. Трудољубив си ако она што го работиш треба да ти донесе некоја корист, но ако не ја очекуваш таа корист, сметаш дека нема причина за некоја посебна ревност. Ти си всушност многу мрзлив човек. Точен си кога треба да се јаде, но немаш никаква наклонетост кон телесната работа. Ниту еден човек не може да биде добар проповедник ако не е вреден, совесен во работите, исправен во вршење на своите должности во животот. Бог нè повика како слуги да работиме на Неговото дело

и тоа од нас бара неуморни напори. Ние не смееме да станеме разгалени, не смееме да ги одбегнуваме маките, неволјите и судирите. {2T 550.1}

Бев упатена на следниве зборови на вдахновението: „Зашто себе не се проповедаме, туку Исуса Христа, а ние сме ваши слуги заради Христа. Зашто Бог кој рече од темнината да засветли светлина, засветли во нашите срца за спознавање на Божјата слава во лицето на Исуса Христа. Но ова богатство го имаме во земјени садови, за изобилството на сила да биде од Бога, а не од нас. Од секаде сме угнетувани, но не сме потиштени; нѐ кутнуваат, но ние не пропаѓаме. И секогаш во телото наше ја носиме смртта на Господ Исус, така што и животот Исусов да се открие во телото наше". Способноста на апостолот немала свој предизвик во него самиот, туку во присуството и силата на Светиот Дух, чие благонаклоно влијание ја исполнила неговата душа, така што секоја мисла се покорувала на Христа. Неговото проповедништво било плодно. {2T 550.2}

Првата заповед гласи: „Љуби Го својот Господ Бог со сето свое срце". „А втората е како првата: љуби го својот ближен како самиот себеси". На тие две заповеди почиваат целокупниот интерес и должност на моралните суштества. Оние кои ја вршат својата должност кон другите онака како што би сакале и другите да постапуваат со нив, ќе се најдат во положба Бог да им се открие. Тие ќе му бидат угодни на Бога. Се усовршиле во љубовта и нивната работа и молитви нема да бидат напразни. Тие постојано примаат благодат и вистина од Големиот Извор и им ја пренесуваат на другите божествената светлина и спасението кое го примиле. На нив се исполнуваат зборовите на Писмото: „Имате свој плод на посветување, а за крај вечен живот". {2T 550.3}

Себичноста е одвратна во очите на Бога и светите ангели. Поради овој грев многу не успеваат да прават добро кое инаку би биле во состојба да го постигнат. Тие себично гледаат само на својата корист и не сакаат да се трудат и на другите да им направат добро како на себе. Наместо да им го прават на другите она што би сакале и другите да им го прават, тие себе си го прават она што би сакале другите да им го прават, а на другите пак она што никако не би го сакале за себе. Во ова е потребно да се поучиш. Љубовта е од Бога. Во тебе ја нема онаа љубов која горела во Христовото срце. Непосветеното срце не може да ја зачне ниту да ја одгледува оваа билка од божествено потекло, која мораме постојано да ја заливаме со небесна роса ако сакаме да донесе плод. Таа ќе цвета само во она срце во кое владее Христос. Оваа љубов не може да живее ниту да цвета без дејност; а ако делува, не може, а да не се зголемува и да не се шири сѐ повеќе на другите. Тебе ти недостига ова начело и затоа сѐ е темно, додека благодарение на него сѐ би станало светло. {2T 551.1}

Брате мој, тебе ти е потребно потполно преобразување, потполно обратување. Без тоа секогаш ќе бидеш само слеп водач. Твоето влијание не поттикнува љубов и слога кај оние со кои живееш. Наместо да градиш, ти рушиш. Донесе проклетство на Запад поради своите мани и недостатоци. И сѐ додека бидеш лишен од Божјата благодат, сѐ додека со тебе владее себичност, нема да бидеш во состојба да ја издигнеш црквата до онаа височина на која Бог сака таа да биде. „На која јас станав слуга по Божја наредба која ми е дадена меѓу вас за да ја исполнам Божјата реч, тајна која беше сокриена од создавањето на светот, а сега откриена на Неговите светии, на кои Бог науми да им покаже какво богатство на слава има во таа тајна за незнабошците, односно дека

Христос, надежта на славата, е во вас. Ние Него Го проповедаме, вразумувајќи ги сите луѓе и учејќи ги со сета мудрост, за да го претставиме секој човек совршен во Исуса Христа. Затоа се трудам и се борам зашто Неговата сила со голема моќ делува во мене". {2T 551.2}

Божјите проповедници мораат да ја имаат вистината во своето срце за да можат успешно да ја предадат на другите. Тие мораат да бидат посветени со вистината која ја проповедаат, инаку само ќе претставуваат пречка на патот на грешникот. Оние луѓе кои Бог ги повикал за проповедничка служба, повикани се со тоа да бидат чисти во срцето и свети во животот. „Очистете се вие кои ги носите Господовите садови". Кога Бог искажува зло врз оние кои се повикани да ја проповедаат вистината и остануваат непокорни, уште потешка осуда ќе ги стигне таквите кои ја примаат на себе таа света должност без чисти раце и чисто срце. И како што ќе бидат осудени оние кои ја проповедаат вистината, а не се посветени во животот и во срцето, исто така ќе бидат осудени и оние кои ги примаат и задржуваат на должностите кои тие не се во состојба да ги исполнат. Ако Божјиот Дух не ги посветил и очистил рацете и срцата на оние кои ја проповедаат вистината, тие ќе зборуваат онака како што тоа им наложува нивното несовршено и недоволно искуство, и со своите совети ќе ги оддалечи од Бога луѓето кои се угледуваат на нив и се потпираат на нивниот суд и нивното искуство. Бог нека им помогне на проповедниците да се управуваат според советот кој Павле им го дал на Коринтјаните: „Сами себе испитајте се дали сте се во верата. Или не познавате дека Исус Христос е во вас? Освен ако не сте отфрлени". Тоа е твоја должност, брате мој, ако сакаш да стекнеш вечен живот. Бог нека ти помогне да ја извршиш до крај за да бидеш совршен во потполност, не оскудевајќи во ништо. {2T 552.1}

Чикаго, Илиноис, Дом Масасоит, 6 јули 1870.

---

64. ФАНАТИЗАМ И НЕЗНАЕЊЕ

Брате Е, за време на престојот во Рочестер во државата Њујорк, на 25 декември 1865 година, пред да заминам во државата Мејн, видов некои работи во врска со загрижувачката и обесхрабрувачката состојба во која се наоѓа Божјото дело во таа држава. Покажано ми е дека добар број од оние кои мислат дека им е должност јавно да ја проповедаат Божјата реч погрешно ја вршат оваа работа. Тие не се повикани да се посветат на таа света и одговорна работа. Тие не се достојни да работат како проповедници, бидејќи не се во состојба правилно да ги поучуваат другите. {2T 553.1}

Некои од нив стекнале искуства меѓу верските фанатици кои не го сфатиле возвишениот карактер на оваа работа. Верското искуство на тие адвентисти на седмиот ден не заслужува доверба. Тие во своите постапки не се раководат според цврстите начела. Самозадоволни се и фалбаџии. Нивната вера не се состоела во праведни дела, вистинска понизност на душата и искрена верност на Бога, туку во неурамнотежени чувства, зачинети со изопаченост. Тие не увиделе ниту можеле да увидат, колку е неопходно да се облечеме во облеките на Христовата правда. Имаат своја сопствена правда, која всушност е валкана облека и која Бог нема да ја прими. Овие луѓе не ја

сакаат слогата и складната работа. Тие уживаат во неработење. Им годи збрката, одвлекувањето на вниманието и поделеното мислење. Тие се непокорни, необновени и непосветени и затоа таа збрка годи на нивниот недисциплиниран дух. Тие биле проклетство за Божјото дело и виновни се за лошиот глас кој ги следи адвентистите на седмиот ден. {2T 553.2}

Овие луѓе не го искусиле делото на реформација и посветувањето со вистината. Неизделкани се и некултурни. Никогаш не ја почувствувале благоста и чистотата на светот кој доаѓа. Никогаш не ја разбрале тајната на побожноста ниту нивните срца затрепереле од неа. Тие го стават она што е божествено и вечно на исто ниво со она што е земско и зборуваат за небото и Исусовото доаѓање како што би зборувале за обични работи. Тие имаат некое површно знаење од теоријата на вистината и во сè друго се незнајковци. Не го сообразиле својот живот со нејзините начела, ниту го презреле своето јас. Никогаш не се виделе себеси во онаа светлина во која Павле се видел себеси, што му помогнало да ги воочи моралните недостатоци на својот карактер. Никогаш не се почувствувале укорени од Божјиот закон ниту се откажале од својата нечистотија. Многумина од нив уживаат во безначајните разговори и лесноумности. Тие се оддаваат на тоа и во прилики кои би требало да се одликуваат со сериозно размислување и побожност. Тие со тоа покажуваат недостаток на вистинско достоинство и благородност, поради што ја губат почитта на оние луѓе кои не ја познаваат вистината. Се препуштиле себеси на искушенијата и дозволиле непријателот да ги заведе. А тој со таков успех завладеал со нивните души и го расипал нивниот живот, така што судејќи според сè, веќе нема да бидат во состојба да се ослободат од неговите стапици и да стекнат здраво искуство. {2T 554.1}

Огнот на Божјиот ден ќе ги проголта плевелот и сламата, така што од оние кои и понатаму ќе живеат безбожен живот нема да остане ништо. Овие луѓе не го сакаат друштвото на оние со кои Бог е навистина. Нивното верско искуство е на толку ниско ниво што немаат никаков дел во разумното верско искуство. Затоа го презираат друштвото на оние кои Бог ги учи и води. Зајадливоста и иронијата е најсилно оружје на некои меѓу нив. Тие не се трудат да прават разлика и да укажуваат почит кон оние кои тоа го заслужиле. Горделиви се, непомирливи и дрски кон оние кои не се согласуваат со нив во мислењето. Нивното фалбаџиско однесување и лошиот начин на живот го наведува вистинскиот Божји слуга на мисла дека сите напори направени во нивна корист биле напразни, па тој ја губи волјата и понатаму да работи за нив. Презривото ликување кои тие го покажуваат има иста природа како и ликувањето на сатаната и на неговите зли ангели над оние души кои ги приграбиле. На нивна страна е сатаната и злите ангели и тие ликуваат заедно со нив. Личностите во кои овие особини особено силно се развиле се наоѓаат во безнадежена состојба. Тие се сметаат себеси совршени и затоа за секој благороден човек со возвишен карактер зборуваат дека е горделив и дека нема понизност. Тие под понизност подразбираат грубост и незнаење. {2T 554.2}

Токму во друштво на такви луѓе ти во голем дел го стекна своето верско искуство. Затоа не си соодветен да ја проповедаш најсветата, најблагородната, највозвишената и најсудбоносната вест на смртниците. Можеби ќе успееш да им придеш на некои од нив, но со својата работа ќе ги одбиеш оние најинтелигентните. Не ги познаваш доволно ниту првите основи на образованието за да можеш да бидеш учител на мажите и жените, на

кои од друга страна им приоѓа непријателот со намера да ги измами, заведе и одврати од патот на вистината. {2T 555.1}

Од учителите во обичните училишта се бара да бидат мајстори во својата работа. Тие мораат да поминат низ строги испити, за да установи дали децата можат да се доверат на нивна грижа. Темелно се проверува нивната подготвеност да одговорат на важната положба на која ги поставуваат. Видов дека Божјото дело е многу поважно и повозвишено од ова и тоа во онаа мерка во која она што е вечно е повредно од она што е земско. Овде направената грешка, нема никогаш да може да се исправи. Необично е важно сите оние кои одат да ја проповедаат вистината да бидат способни за таа работа. Нивната подготвеност да ја проповедаат вистината треба исто така темелно да се испита и провери, како и кај оние кои поучуваат во училиштата. На Божјото дело се гледало со омаловажување поради недостојниот и лесноумен живот на луѓето кои се нарекувале Христови проповедници. {2T 555.2}

Покажано ми е дека проповедниците треба да бидат свети луѓе кои добро ја познаваат Божјата реч. Тие треба добро да ги познаваат доказите од Библијата за да можат да ги изнесат причините за својата надеж. Во спротивно, нека престанат со работа и нека се посветат на некој повик каде што нивните мани не би довеле до толку страшни последици. Проповедниците на денешните цркви стануваат прифатени ако се во состојба да зборуваат за неколку едноставни предмети од Библијата; меѓутоа, проповедниците кои работат на ширење на непопуларната вистина во овие последни денови, кои мораат да се спротивстават на учените луѓе, луѓе со силен дух и со секакви противници, мораат добро да ја знаат својата работа. Тие не би смееле да ги прифатат одговорностите да ја проповедаат вистината ако не се добро подготвени за таа работа. Пред да се посветат на ова дело, би требало добро да ја проучат Библијата. Ако немаат доволно образование добро да зборуваат пред народот и да направат чест на вистината и на Господа, нека причекаат додека не се оспособат за оваа работа. {2T 556.1}

Брате Е, ти не си во состојба да ја вршиш должноста на Христов проповедник. Видов дека немаш вистинско искуство во верскиот живот. Не се познаваш сам себеси. Не си во состојба ниту да читаш беспрекорно, а не пак да зборуваш така што разумните луѓе ќе бидат придобиени за вистината. Не си во состојба да правиш разлика; не знаеш кога е подобро да се зборува, а кога да се молчи. Ти толку долго размислуваше како оние луѓе кои ги спомнав, дека знаеш сè, но не ги увидуваш своите мани кога ќе ти се укаже на нив. Многу се цениш себеси, така што твојата работа носи печат на самоувереност и фалење. {2T 556.2}

Не си склон да примаш совети и затоа Божјото дело нема да напредува под твоето водство. Кога би доживеал пораз не би бил во состојба тоа да го увидиш. Со својата работа ќе наштетиш на Божјото дело и ќе му нанесеш срам, но нема да сакаш тоа да го видиш. Можеби и ќе успееш да убедиш некои луѓе во вистината, но многу повеќе од нив ќе одбиеш, така што веќе нема да бидеме во состојба да ги придобиеме ниту со промислени, совесни напори. Во твоето искуство има многу работи што се штетни за вистината. Бог не може да те прими како претставник на вистината. {2T 557.1}

Твоето однесување не е ниту убаво ниту достоинствено. Твоите постапки не му биле угодни на Бога. Не си внимателен во своите зборови. Не си побожен. Не успеа да научиш како треба да се дели Речта на животот, за секој да го добие својот оброк во вистинско

време. При расправањето упорно се задржуваше на некоја спорна точка во која не беше во право и секогаш доживуваше пораз. Тоа е духот на тие луѓе од Мејн кои ги спомнав. Тие уживаат да започнат расправа и постојано да ја поддржуваат. Не сакаше благо да ги поучиш оние кои ти се спротивставуваат. Поради твоето несреќно искуство ќе бидеш во извесна мера вечен инвалид. Ти недостига само образование и кротост. Треба уште многу работи да учиш за да станеш скромен Христов следбеник дури и во приватниот живот. {2T 557.2}

---

65. РАЗГАЛЕНА ЌЕРКА

Драга пријателке Ф, покажано ми е дека се наоѓаш во опасност. Големиот непријател на душите може да стекне потполна власт над тебе. Твоето искуство во _____ не ти донесе никакво добро. Престојот во _____ ти наштети; стана горделива и суетна. Имаше такви кои неразумно те фалеа и галеа додека не стана суетна, лесноумна и нескромна. Не трпеше никакви ограничувања; беше тврдоглава, самоволна и упорна и предизвикуваше многу грижи на своите родители. Тие згрешија. Твојот татко неразумно те разгали. Ти го искористи тоа и почна да мамиш. Добиваше пофалби кои не ги заслужуваше. {2T 558.1}

Живееше по своја волја во _____ и си дозволуваше себеси слобода што ниту за момент не смееше да го направиш. Кога некој би те укорил тебе или твојата сестра, се навредуваше и го кажуваше тоа на својата мајка како тој и тој лошо се однел кон тебе. Претеруваше, а таа беше нервозна и лесно се возбудуваше, сметајќи дека луѓето не ја почитуваат нејзината положба и нејзиното достоинство. Не ѝ беше по волја било кој да заповеда со нејзините ќерки и не го прикриваше своето негодување. Им упатуваше остри зборови на оние кои би требало да ги почитува. Твојата мајка покажа голем недостаток на мудрост со тоа што секогаш беше на ваша страна и им замеруваше на оние на кои би требало да им биде благодарна. Со тоа ви наштети и ви нанесе таква штета што никогаш нема да се поправи. Ти ликуваше, сметајќи дека никој ништо не смее да ти каже и дека можеш да правиш сè што ти е волја. Мајка ти секогаш те немала пред своите очи, а и да те имала, не би била во состојба да ги воочи твоите склоности. {2T 558.2}

Во училиште имаше еден добар и благороден учител, но негодуваш што не ти дозволуваше сè што ти е по волја. Сметаше дека учителот мора да покажува посебна грижа кон тебе затоа што си ќерка на _____ и дека не би смеел да те казнува и кори. Твоите сестри мислеа исто така. Се жалевте на своите родители. Тие веруваа на она што вие зборувавте, ве сожалуваа и се возбудуваа поради вашето прикажување на фактите. Со тоа само ви наштетија. Не бевте строго воспитувани како што би требало. Сепак, се навредувавте што не можевте да работите како што ќе наумите, туку моравте да се покорувате на одлучните и строгите наредби на брат Х. Додека бевте во училиште, бевте немирни, непослушни и предизвикувачки и немавте ниту најмала скромност во однесувањето. Бевте дрски, себични и вообразени, па ви беше потребна цврста рака и во домот и во училиштето. {2T 558.3}

Мислите ти се нечисти. Премногу долго беше ослободена од сите грижи и напори. Извршувањето на домашните работи за тебе беше вистински благослов. Уморот не би ти наштетил ниту десетти дел од она колку што ти наштети твоето однесување. Имаше погрешни поими во поглед на дружењето на девојките и момчињата и сакаше да бидеш во нивно друштво. Немаш чиста душа и чисто срце. Ти штетеше и читањето на љубовните романи, па твојот дух е занесен со нечисти мисли. Фантазијата ти стана расипана, така што конечно не беше во состојба да владееш со своите мисли. Сатаната те зароби по своја волја. Не си среќна. Не Го љубиш Бога ниту Неговиот народ. Огорчена си на оние кои знаат што е вистински карактер. Сметаш дека е срамно што имаат такво мислење за тебе, а всушност треба да се срамиш. Се однесуваше така што луѓето станаа недоверливи кон тебе и почнаа да те опоменуваат. Само себе треба да се осудуваш за сето ова. {2T 559.1}

Ти си опасност за другите и направи многу зла со својот живот во _____. Ги водеше другите, наместо да дозволиш тие тебе да те водат. Го посрами Бога и Нему си Му одговорна за злото кое го нанесе со своето влијание. Твоето однесување не беше скромно. Го немаше Божјиот страв пред своите очи. Често беше дволична за да ги остваришсвоите планови и затоа совеста не ти е чиста. Драга моја девојко, ако не запреш - сигурно ти претстојува пропаст. Престани да сонуваш, да градиш кули во воздух. Не дозволувај твоите мисли да одат по патот на лудоста и расипаноста. Не можеш без опасност да се дружиш со момчињата. Во твоите гради се подигна и се бранува плимата на искушенија која може да ги раздрма начелата, женската доблест и вистинската скромност. Ако продолжиш самоволно по тој пат, каква ќе биде твојата судбина? {2T 559.2}

Осамна нова година. Што одлучи да правиш? Каков ќе биде извештајот кој ангелите чувари ќе го изнесат пред Бога за твојата секојдневна работа? Какви зборови ќе се појават на страниците на извештајот? Какви мисли ќе најде во тебе Оној Кој ги испитува срцата? Тој ги забележува сите мисли, намери и цели. Извештајот за тебе за изминатата година е ужасен и тој е отворен пред очите на небесното Височество и илјадници чисти, безгрешни ангели. Твоите мисли и постапки, твојот очај и непосветените чувства можат да бидат покриени за смртниците; но не заборавај дека Бог ги гледа и најобичните постапки во твојот живот. Твојот запис на небото е извалкан. Во него се внесени сите гревови кои си ги направила. {2T 560.1}

Божјиот гнев е на тебе, а ти како да си лишена од чувства. Не гледаш дека си загубена и пред пропаст. Понекогаш чувствуваш грижа на совест; но твојот горделив, независен дух набргу се издигнува над тоа чувство и ти го задушуваш гласот на совеста. Не си среќна, но сметаш дека би била среќна кога непречено би можела да одиш по својот пат. Јадно дете! Твојата положба е слична на положбата на Ева во рајот. Таа вообразувала дека многу ќе се издигне само ако може да јаде од плодот од дрвото кое Бог ѝ го забранил да го допира со смртна закана. Таа јадела - и ги загубила сите благодети на рајот. {2T 560.2}

Мораш да владееш со своите мисли. Тоа нема да биде лесна задача. Тоа не можеш да го постигнеш без големи и строги напори. Но Бог го бара тоа од тебе. Тоа е должност која почива на секое разумно суштество. Ти си одговорна пред Бога за своите мисли. Ако се занимаваш со празно фантазирање, дозволувајќи му на твојот ум да размислува

за нечисти работи, ти во извесен степен си исто толку виновна пред Бога како кога твоите мисли би биле спроведени во дело. Спроведувањето на дело често изостанува само поради недостатокот на поволни прилики. Мечтаењето и градењето на кули во воздух се лоши и необично опасни навики. Кога еднаш ќе се стекнат, речиси е невозможно да се променат таквите навики и мислите да се насочат на чисти, свети и возвишени работи. Ќе мораш да станеш верен стражар на своите очи и на сите свои сетила ако сакаш да владееш со својот ум и да им оневозможиш на суетните и расипани мисли да ја валкаат твојата душа. Само силата на благодатта може да го изврши тоа толку посакувано дело, бидејќи ти си толку слаба во тој поглед. {2T 561.1}

Стана самоволна, смела и дрска. Божјата благодат не наоѓа место во твоето срце. Само со Божја сила можеш да дојдеш во положба да ја примиш Неговата благодат, да станеш орудие на правдата. Бог од тебе не бара да владееш само со своите мисли туку да владееш и со своите страсти и склоности. Твоето спасение зависи од тоа дали ќе владееш со себе во тој поглед. Страстите и склоностите се моќни орудија. Ако погрешно се применат, ако се стават во движење по патот на лошите побуди, во состојба се да те упропастат и да те претворат во бедна руина, без Бог и без надеж. {2T 561.2}

Фантазијата мора упорно да се совладува, ако сакаме страстите и склоностите да бидат потчинети на разумот, совеста и карактерот. Ти си во опасност бидејќи имаш намера да го жртвуваш вечниот живот на олтарот на страстите. Страста владее со целото твое битие, и тоа од каков вид? Таа е ниска, разурнувачка според својата природа. Попуштајќи ѝ на таквата страст, ти ќе го загорчиш животот на своите родители, ќе им нанесеш болка и срам на своите сестри, ќе го жртвуваш сопствениот карактер и ќе го прокоцкаш небото и славниот бесмртен живот. Дали си подготвена на тоа? Те повикувам да запреш. Не оди ниту чекор понатаму самоволно, неконтролирано по сопствениот пат, бидејќи пред тебе се наоѓаат беда и смрт. Ако не ги совладаш своите страсти и склоности, неминовно ќе уживаш лош глас во својата околина и ќе си нанесеш себеси срам кој ќе трае сè додека си жива. {2T 562.1}

Ти си непослушна кон своите родители, дрска, неблагодарна и несвета. Овие мизерни карактерни црти се плодови на едно изопачено дрво. Ти си бесрамна. Ги сакаш момчињата и сакаш да зборуваш за нив. „Усните зборуваат од вишокот на срцето". Навиките станале толку моќни, што владеат со тебе; ти научи и да мамиш за да ги спроведеш своите цели и да ги исполнуваш своите желби. {2T 562.2}

Јас не сметам дека твојот случај е безнадежен. Кога би го сметала за таков, мојата рака не би ги напишала овие редови. Со Божја сила ти би можела да го откупиш своето минато. Во _____ веќе укажуваат на тебе како на лош пример; но ти можеш да го измениш тоа, користејќи ги силите кои Бог ти ги дал. Ти дури и сега би можела да постигнеш морално совршенство, така што твоето име би се спомнувало во врска со она што е свето и чисто. Ти можеш да се издигнеш. Бог ти ја обезбедил потребната помош. Тој те повикал кај Себе и ти ветил дека ќе го понесе твојот товар и ќе ти подари душевен мир. Божествениот учител вели: „Научете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете спокој за своите души". Долго ја презираше оваа понизност и благост. Ќе мораш да ја примиш оваа важна поука на божествениот Учител ако сакаш да најдеш душевен мир. Толку долго мислеше на себе и на својата убавина, што стана толку суетна и личиш на некоја луда. Имаш лажлив јазик, ширеше лага и невистинито ги

претставуваше работите. О, драга моја девојко, кога само би можела да се пробудиш, кога би можеле да се пробудат твоите заспани и умртвени чувства, кога би го почувствувала Божјото присуство и би се потчинила на просветлената и будна совест, и самата би била среќна и би служела на благослов на своите родители чии срца сега ги жалостиш. Би била орудие на вистинска вера за својата околина. Тебе ти е потребно потполно обратување, без што ќе останеш во врска со неправдата. Можеби сметаш дека си слободна да одиш по патот по кој те води твојот самоволен, убиствен дух, додека се наоѓаш во многу понижувачко ропство. Живеејќи без верски начела, можеби сметаш дека си во завидна положба; но сите оние кои се добри и имаат доблести ќе го набљудуваат со жалење твојот карактер и со одвратност твојот сегашен живот. Би можела да учествуваш во божествената природа, кога би се спасила од расипаноста која преку страста влегла во овој свет, или пак, учествувајќи и сама во таа расипаност, ќе потонеш уште подлабоко и ќе го прими отпечатокот на сатаната. {2T 562.3}

Имаш помлади сестри на кои би можела да вршиш благотворно влијание. Би можела да зрачиш со блага и драгоцена светост во семејството на својот татко и да го израдуваш неговото срце; но можеш да бидеш и темна сенка, облак и бура која пустоши. Твојата страст за читање е толкава што, доколку ѝ попушташ, ќе го расипе твојот ум и ќе те доведе до пропаст. Ако не ги зауздаш своите мисли, своето читање и своите зборови, твојата фантазија безнадежно ќе оболи. Читај ја внимателно и со молитва својата Библија и управувај се според нејзините поуки. Во тоа е твојата безбедност. {2T 563.1}

Одбегнувај ги момчињата. Во нивно друштво твоите искушенија стануваат сериозни и силни. Во никој поглед не си подготвена за такво нешто. Потребни ти се години искуство пред да бидеш во состојба да ги сфатиш должностите и да го земеш на себе товарот на брачниот живот. Грижливо внимавај на своите мисли, страсти и чувства. Не ги понижувај до таа мера да им служат на телесните желби. Издигни ги до чистота, посвети ги на Бога. {2T 564.1}

Ти можеш да станеш паметна, скромна, доблесна девојка, но не без сесрдни напори. Мораш да стражариш, мораш да се молиш, мораш да размислуваш, мораш да ги испитуваш своите побуди и постапки, Темелно испитувај ги своите чувства и постапки. Зар во присуство на родителите би се согласила на некоја нечиста постапка? Секако, не. Но ти го правиш тоа во присуство на својот небесен Татко, Кој е толку возвишен, свет и чист. Да, ти го уништуваш своето сопствено тело во присуство на чистите, безгрешни ангели и во присуство на Христа и продолжуваш тоа да го правиш не обѕирајќи се на совеста, не обѕирајќи се на светлината и опомените кои ти се дадени. {2T 564.2}

Имај на ум дека твоите постапки се бележат. Ќе мораш да се најдеш очи во очи со она најтајното во твојот живот. Ќе ти биде судено според делата кои ги направи во телото. Дали си подготвена за ова? Ти си штетиш себеси и телесно и морално. Бог ти наредил да го сочуваш своето тело свето. „Или не знаете дека вашите тела се храм на Светиот Дух… и дека не сте свои? Зашто скапо сте купени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души кои се Божји”. Зар Бог, Кој бара сето богатство на своите чувства и на целото свое битие да ги посветиш на Неговата служба, нема да те осуди што си се оддала на понижувачките страсти и желби? {2T 564.3}

Те опоменувам знаејќи дека ќе морам да положам сметка за овие редови во денот кога ќе се одлучува судбината на секој поединец. Пријди му веднаш на Христа: само Тој

може со силата на Својата благодат да те избави од пропаст. Само Тој може да ги исцели твоите морални и умни особини. Твоето срце нека биде загреано со Божјата љубов, твојот разум чист и зрел, твојата совест чувствителна и чиста, твојата волја правилно насочена и потчинета на власта на Божјиот Дух. Можеш да се направиш себеси таква каков што е твојот избор. Ако потполно го измениш својот досегашен живот, би престанала да правиш зло и би научила да правиш добро и тогаш навистина ќе бидеш среќна, ќе имаш успех во животната борба и ќе стекнеш слава и чест во оној живот кој е подобар од овој. „Одберете денес кому ќе му служите". {2T 564.4}

---

66. ДО СОПРУГАТА НА ЕДЕН ПРОПОВЕДНИК

Драга сестро И, вчера имав слободно време за размислување, а денес сакам да ти соопштам неколку мисли. Не можев лесно да одговорам на твоето прашање во поглед на твојата должност да го следиш својот сопруг на патувањата. Не знам уште какви резултати имало твоето друштво и затоа не сум во состојба да зборувам толку одредено како што би можела доколку сум запознаена со влијанието кое си го вршела. Не можам да давам совети додека не сум сигурна дека мојот совет е во склад со примената светлина. Многумина ги користеа моите зборови, па затоа морам да бидам многу внимателна. По внимателното размислување, подготвена сум да ти одговорам, трудејќи се да се присетам на она што ми беше покажано во поглед на тебе. {2T 565.1}

Според писмата кои ми ги пишуваше за брат И, се плашам дека имаш некои предрасуди, а и дека си љубоморна. Се надевам дека тоа нема да биде така, но сепак се плашам. Ти и твојот сопруг сте многу чувствителни и по природа сте љубоморни и затоа треба да внимавате во таа смисла. Ние не сметаме дека брат Ј сè гледа јасно. Мислиме дека неговата жена е далеку од тоа да биде во право и дека има големо влијание на него, меѓутоа, се надеваме дека тој, ако кон него мудро се постапува, ќе се спаси од сатанските стапици и сè јасно ќе види. {2T 565.2}

Драга сестро, ние сме подготвени да бидеме непристрасни и да не дозволиме на нашите зборови и на нашите дела да влијае она што го зборуваат луѓето. Немаме никакви миленици. Господ нека ни подари небесна мудрост за да постапуваме праведно и непристрсно и така да му угодиме на Неговиот Дух. Ние не работиме во сопствено име. Не сакаме ничии лични чувства. Кога нашите совети не се земаат во обзир, кога гледаме, или ни се чини дека гледаме како луѓето нè потценуваат, потребен ни е духот на нашиот Господ кој простува. Самарјаните, кои тврделе дека се Негови следбеници, не Го примиле бидејќи виделе дека оди за Ерусалим и со ништо не покажува посебна склоност да остане кај нив. Тие луѓе не ја отвориле својата врата на небесниот гостин и не го замолиле да остане со нив, иако знаеле дека е изморен од патот и дека доаѓа ноќ. Тие со ништо не покажале дека навистина Го сакале Исуса. Учениците знаеле дека Тој имал намера да остане тука преку ноќта и толку болно почувствувале манифестирање на презир кон нивниот Господ, што се разгневиле и Го молеле Исуса да повика оган од небото и да ги спали сите луѓе кои биле толку зли кон

Него. Тој ги укорил поради нивната лутина и ревност за Него и објаснил дека Тој не дошол да казнува туку да покаже милост. {2T 566.1}

Таа поука на нашиот Спасител важи и за тебе и за мене. Никакво незадоволство не сме да влезе во нашето срце. Ако нѐ напаѓаат, не смееме да возвратиме со напад. О, љубоморо, колку зло направи со своето сомневање! Колку пати љубовта и пријателството се претвориле во горчина и омраза! Мораме да бидеме помалку горделиви, помалку чувствителни, помалку самољубиви, мртви за себичноста. Целта на нашиот живот мора да биде во Христа така што можеме да кажеме: „А јас веќе не живеам, туку во мене живее Христос". Христос ни кажал како ќе постигнеме да бидеме секогаш задоволни и среќни: „Дојдете кај Мене сите кои сте уморни и натоварени и Јас ќе ве одморам. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене: зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете спокој за своите души". Голема тешкотија е во тоа што кај луѓето има толку малку благост и понизност, па јаремот ги притиска и бремето тешко им паѓа. Кога би имале вистинска понизност и благост, нашето јас би било во Христа и не би обрнувале внимание на занемарувањето или омаловажувањето: тогаш би биле глуви на навредите и слепи за презирот и навредите. {2T 566.2}

Сестро И, кога јасно ќе ги погледнам поединостите на твојот случај, имам една сериозна замерка во однос на твоето патување. Ти не го земаш на себе оној товар кој требало да го понесеш. Бараш наклонетост од другите, но не ја возвраќаш. Ти паѓаш под товар на оние кај кои престојуваш, дозволувајќи да те служат оние кои го носат и својот и твојот товар, иако за тоа не се поспособни од тебе. Ти не си во состојба да се погрижиш сама за себе и не го оставаш оној впечаток кој би требало да го остава жената на еден проповедник. Потребна ти е повеќе телесна работа отколку досега. Според она што ми беше покажано, мислам дека подобро би одговорила на своите должности кога би се посветила на делото на воспитување на својата ќерка и би развила во себе љубов кон домашните работи. Како девојка, не си го примила потребното воспитување во овој правец и затоа си понесреќна во животот отколку што инаку би била. Ти не ја сакаш физичката работа, па на патувањата се однесуваш како болен човек и никаде не се трудиш да бидеш од помош и да го олесниш товарот кој го донесуваш со себе. Не си во состојба да сфатиш дека оние кои ти угодуваат често не се ништо поспособни од тебе да го совладаат тој вонреден напор. Се потпираш на другите и ги притискаш со својата тежина. Немам никакви докази дека Бог те повикал да вршиш некоја посебна должност на патувањата. {2T 567.1}

Ти мораш да го стекнеш образованието кое сѐ уште го немаш. Кој е во состојба така да го поучува детето како мајката? Кој може толку добро да ги воочи маните на својот и на неговиот карактер како што може мајката, вршејќи ги оние должности кои небото ѝ ги доделило? Тоа што ти не ја сакаш таа работа, не е никаков доказ дека Господ тоа не ти го наменил. Ти немаш доволно телесни и морални сили за да се посветиш на патување. Сакаш другите да ти служат, наместо ти да им служиш на нив. Не си доволно пожртвувана за да го олесниш товарот кој го претставуваш за својот сопруг и за оние кои се околу тебе. {2T 567.2}

Луѓето кои не се во состојба да владеат со сопствените деца, не можат мудро да постапуваат ниту во работите на црквата, ниту да излезат на крај со упорните луѓе кои подлегнуваат на сатанските искушенија. Само ако со задоволство и со љубов ги вршат

своите родителски должности, ќе бидат во состојба подобро да ги разбираат товарите кои треба да ги носат во црквата. Драга сестро, ти советувам да станеш добра жена на својот сопруг и да му го направиш домот пријатен. Потпри се на своите сопствени сили и биди му помалку на товар. Разбуди се и фати се за онаа работа која Господ ти ја дава. Ти постојано би сакала да направиш некое големо дело, а ги занемаруваш оние мали должности кои лежат на твојот пат и кои исто така треба да ги вршиш како и оние големите. Ти преминуваш преку нив очекувајќи некое големо дело. Твојата цел нека се огледува во тоа да бидеш корисна, да бидеш работник во овој свет, а не само набљудувач. {2T 568.1}

Драга сестро, јас зборувам отворено, јас не се осмелувам поинаку. Те преколнувам да го земеш на себе животниот товар, а не да го одбегнуваш. Помогни му на својот сопруг со тоа што ќе си помогнеш сама на себе. Вашите поими за достоинството кое треба да го има проповедникот, не се во согласност со примерот кој ни го дава нашиот Господ. Христовиот проповедник треба да биде трезвен, благ, полн со љубов, трпелив, милосрден и љубезен. Тој треба да биде внимателен, возвишен во мислите и зборовите и да има беспрекорно однесување. Тоа е евангелско достоинство. Но ако проповедникот дојде во некое семејство каде што може да се погрижи сам за себе, треба тоа да го прави на секој начин. Тој мора со својот пример да ги храбри луѓето да бидат вредни, и тоа така што и сам ќе се фати за физичка работа во моментите кога не е преоптоварен со други должности. Учествувајќи во корисни работи, тој нема ништо да одземе од своето достоинство туку ќе му користи на своето здравје. Циркулацијата на крв ќе биде рамномерна. Телесната работа претставува одмор од умствената и ја отстранува крвта од мозокот. Твојот сопруг мора повеќе да работи телесно за да му олесни на својот мозок. Движењето му користи и на варењето. Кога секој ден би посветил некое време на телесна работа, освен ако не е заморен со прекумерни напори на некој состанок, од тоа би имал повеќе корист и ни најмалку не би му наштетил на својот углед. Неговиот пример би бил во склад со примерот на божествениот Учител. {2T 568.2}

Ние ве љубиме и ви посакуваме успех во вашите напори во борбата за подобар живот. {2T 569.1}

Параброд „Кокук," Река Мисисипи, 30 септември 1869.

---

67. НЕВЕРСТВО ВО ПОВЕРЕНИШТВОТО

Драг брате К, сметам дека е моја должност на тебе и на брат Л да ви пишам за некои работи кои ме мачат. Ти изложив во што е работата, но, бидејќи мојот дух сè уште не е мирен, сакам да ти пишам. {2T 569.2}

Видов дека кај тебе „јас" и „моето" дошле на прво место. Толку многу се грижеше за себе, што на Господа не му останаа никакви можности да работи за тебе. Не Му пружи никакви прилики за тоа. Тој дозволи ти и брат Л да работите по свое убедување за да ве убеди дека вашата мудрост е лудост. Тоа не го работеше за добро на вдовиците и сирачињата како што тоа Господ им го наложи на Своите следбеници, не мислеше за

Господовите сиромаси подарувајќи им посебна грижа, ниту настојуваше да Го славиш Бога и да Го возвеличиш Неговото име. Затоа Господ дозволи и ти и Л да одите по патот кој сами сте го избрале. Тој дозволи сами да се погрижите за себе. Основа на сите твои постапки биле твоите себични интереси и ти ќе го жнееш она што си го посеал. Видов дека ќе ја примиш наградата која порано или подоцна го стигнува оној кој им служи само на своите себични интереси. Ти ќе ги слушнеш зборовите: „Дај сметка за твоето повереништво". Ти си одговорен пред Бога за делото кое ти е доверено, а кое срамно го занемари за да си служиш самиот себеси. {2T 569.3}

Ако копнееше да Му угодиш на Бога, ако копнееше по небесното царство и Христовата правда, ти би ги правел Христовите дела. За сиромашните, за вдовиците и сирачињата би имал нежност и сожалување; ти би се интересирал за нив и би постапувал кон нив како што би сакал да се постапува со твојата жена и деца кога би останале сирачиња и би зависеле од студената немилост на светот или од бесчувствителните христијани кои се тоа само на зборови. Ти се однесуваше кон овие несреќници без чувства и срце. Им служеше на своите интереси, не обзирајќи се на нивната голема беда. Бог не може да те благослови сè додека не ја увидиш својата грешност во тој поглед. {2T 570.1}

Видов дека во твоите очи Божјото дело не беше посвето од твоите работи. Не го ценеше она што е вечно. Господ ти испраќаше опомени и укори, известувајќи те за она што се очекува од тебе и те повика да ги прифатиш своите должности. Но ти не се обзираше на тие опомени. Не сфати дека си играш со Бога. Ти Го крадеше Бога и служеше само на себе. {2T 570.2}

Многу луѓе со доверба испраќаа пари во Редакцијата, пари заработени со големи жртви. Некои работеа многу напорно и му ги посветија на Господа парите стекнати со таа напорна работа и ги испратија во Редакцијата поради помагање на Божјото дело. Сиромашните вдовици ја испраќаа речиси целокупната своја заработувачка, со вера дека Бог ќе се погрижи за нив. Овие пари беа посветени со солзи и молитви, а сепак радосно бидејќи чувствуваа дека со тоа го помагаат големото дело на спасување на душите. Сиромашните семејства ја продаваа својата единствена крава лишувајќи ги своите деца и себеси од млеко, чувствувајќи дека со тоа прават жртва за Бога. Тие во добра вера ги даваа своите пари на Бога. Себичноста и неправилното ракување направија овие пари да се потрошат. Бог ги смета одговорни оние кои ракувале со нив. Наскоро ќе бара да Му се положат сметките. Господ нека ти помогне да се очистиш од секоја дамка. {2T 571.1}

Батл Крик, Мичиген, 17 јануари, 1870.

---

68. ЛОШО СФАТЕНА ЧУВСТВИТЕЛНОСТ

Драга сестро М, постојано мислам на тебе и не можам да пропуштам, а да не ги ставам на хартија своите убедувања, а врз основа на она што ги видов за тебе. Задоволна си што талкаш вомагла и темнина. Ти не ги гледаш работите во вистинска светлина. Ги

затвораш очите сама пред себе и вака се извинуваш: „Не би го направила ова или она ако другите не влијаеја на мене и не ме наведоа на таа постапка”. {2T 571.2}

Ти постојано сметаш дека околностите се виновни, а тоа всушност значи дека го сметаш виновно Божјото провидение. Постојано смислуваш кого би го земала за главен виновник и обвинила дека те довел во таква положба, па мораше да зборуваш и чувствуваш онака како што не прилега на еден христијанин. Наместо едноставно сама себе да се обвинуваш за своите мани, ти ги обвинуваш приликите и околностите кои ги развиле во тебе оние особини кои спиеле или биле скриени во твојот карактер и само чекале нешто да ги пробуди и да ги направи активни. А тогаш се појавуваат во сета своја изобличеност и јачина. {2T 571.3}

Се лажеш сама себе со мислата дека тие непријатни особини не постојат, сè додека не дојдеш во положба да зборуваш или постапуваш така што тие ќе им се откријат на сите. Не сакаш да увидиш и признаеш дека тоа е твојата телесна природа која сè уште не си се преобразила и потчинила на Христа. Сè уште не си го распнала своето јас. {2T 572.1}

Понекогаш поминуваат денови и седмици, а во тебе не се појавува тој дух кој го нареков нетрпение и желба за заповедање, владеење над сопругот. Твојата љубов за власт и наметнување на сопствените погледи на другите речиси те упропасти и тебе и него. Сакаш да ги упатуваш другите и да им заповедаш. Сакаш тие да почувствуваат и да видат дека ти имаш најдобра светлина и дека Бог ти е особено наклонет. Ако тие не се согласат на тоа, почнуваш да се сомневаш во нив, стануваш завидлива, неспокојна, незадоволна и крајно

несреќна. {2T 572.2}

Ништо толку лесно не ги оживува овие зли црти на твојата природа како кога се оспорува твојата мудрост и расудување во вршење на должноста. Твојата насилна природа која како да спиела, се буди тогаш во сета своја јачина. Твоето јас стекнува власт над тебе и тебе исто така малку ти е достапен правилниот суд како на некој умно болен. „Јас” со сите сили се бори да освои власт и потребна е исклучителна цврстина на духот да те задржи и заузда. Подготвена си да се правдаш со тоа како премногу си чувствителна, како премногу длабоко чувствуваш и многу страдаш. Видов дека сето тоа нема да те оправда во Божјите очи. Ти ја сметаш горделивоста за чувствителност. „Јас” преовладало. Кога тоа ќе распне, ќе умре и таа бесчувствителност или гордост; а сè дотогаш, ти нема да бидеш вистинска христијанка. Да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христа, значи да се има понизност, благ и тивок дух кој поднесува спротивставување, не паѓајќи во бес или безумие. Кога би можел да се видиш таква каква што те гледа Бог, не би настојувала и понатаму да се оправдаш, туку понизно би паднала пред Христа, единствениот кој може да ги отстрани маните на твојата природа и да те приврзе за себе. {2T 572.3}

---

69. СОБИРИ

Бог на Израелците им дал упатство да се собираат пред Него во одредени временски периоди, на местото кое Тој ќе го одбере и да се одредат посебни денови кога нема да се работи никаква непотребна работа туку тоа време ќе се посвети на размислување за благословите со кои Тој ги опсипал. Тие денови морале да донесуваат подароци, доброволни дарови и жртви во знак на благодарност на Господа, во склад со благословите кои ги примиле од Него. Слугата и слугинката, туѓинецот, сирачето и вдовицата, сите тие се радувале што Бог со Својата чудесна сила ги спасил од ропските синџири и им дарувал слобода. Им било заповедано да не излегуваат пред Господа со празни раце. Тие морале да донесуваат дарови поради својата благодарност на Бога за милоста и благословите со кои постојано ги опсипувал. Приносите биле разновидни, според тоа колку дарителот ги ценел благословите кои ги добил. На тој начин се откривал карактерот на луѓето. Оние кои високо ги ценеле благословите со кои Бог ги опсипал, донесувале дарови во склад со тоа. Оние пак кај кои себичноста и идолопоклоничката љубов кон примените дарови ги ослабнале моралните сили, и кои биле вдахновени со силна љубов кон благородниот Дарител, донесувале посиромашни дарови. Така се откривале срцата. Покрај тие посебни верски празници на задоволство и радост, Господ им ветил дека ќе ја благослови секоја нивна добивка и во секое дело на нивните раце ако верно ги почитуваат Неговите заповеди. {2T 573.1}

Во овие последни денови, кога станува збор за даровите и за жртвата, Бог не бара ништо помалку од Својот народ од она што го барал од еврејскиот народ. Оние кои Бог ги благословил со средства за живот, дури ниту вдовицата ниту сирачето, не смеат да ги забораваат Неговите благослови. Особено оние на кои Бог им дал изобилство, мораат да Му го вратат она што е Негово. Тие мораат да се појават пред Него во дух на самопожртвуваност и да ги донесат своите дарови во склад со благословите со кои ги опсипал. Но многумина такви покажуваат кон Него ниска неблагодарност. Ако Неговиот благослов почива на нив и ја зголемува нивната добивка, тие ги претвораат тие благослови во синџири кои ги врзуваат за нивниот имот. Работите на овој свет имаат предност, го обземаат целото нивно битие, така што ја запоставуваат побожноста и верските должности. Тие не можат себе да си дозволат да излезат пред Бога дури ниту еднаш годишно. Тие ги претвораат Божјите благослови во проклетство. Тие им служат на сопствените минливи интереси, а ги занемаруваат Господовите барања. {2T 574.1}

Многумина кои поседуваат илјадници, остануваат дома година за година, обземени од грижите на овој свет и неговите користи и сметаат дека не можат да поднесат мала жртва која се состои во присуствување на годишните собири на кои се слави Бог. Тој ги благословил во житниците, со залихите, ги опкружил со благослови од лево и од десно, а тие сепак Му ги ускратуваат малите дарови кои Тој од нив ги бара. Тие сакаат да си служат само себе. Нивната душа ќе биде жедна како пустина, без небесна роса и дожд. Господ им дал драгоцен благослов на Својата благодат. Тој ги ослободил од ропството на гревот и од оковите на заблудата и ја покажал на нивниот замрачен ум величествената светлина на вистината. Зар тие докази на љубовта и Божјата милост не треба да предизвикаат благодарност? Зар оние кои тврдат дека веруваат дека крајот на сè е толку близу, треба да бидат слепи за сопствените духовни интереси и да живеат само за овој свет и за овој живот? Очекуваат ли дека нивниот вечен живот ќе дојде сам

по себе? Тие нема да стекнат духовна сила ако од своја страна не ги вложат сите можни напори. {2T 574.2}

Многумина кои тврдат дека го очекуваат доаѓањето на нашиот Господ всушност копнеат по земска добивка. Тие се слепи за своите вечни интереси. Се трудат околу она што не се исплаќа. Тие ги трошат своите пари на она што не е храна. Се обидуваат да се задоволат со богатството што го собираат на земјата, со богатството кое мора да пропадне. Поради тоа го запоставуваат подготвувањето за вечноста, што треба да биде главно и единствено вистинско дело во нивниот живот. {2T 575.1}

Сите оние на кои некако им е можно треба да присуствуваат на сите годишни собири. Сите мораат да увидат дека Бог го бара тоа од нив. Ако не ги користат предностите кои Тој им ги подарил за да станат силни во Него и во силата на Неговата благодат, тие ќе стануваат сè послаби и сè помалку ќе негуваат желба целосно да се посветат на Бога. Дојдете браќа и сестри, на тие свети состаноци за да го најдете Исуса. Тој ќе дојде на празникот. Тој ќе биде присутен и ќе го направи за вас она што е најпотребно да се направи. Не смеете да сметате дека вашите имоти се од поголема вредност отколку возвишените интереси на душата. Сите богатства кои ги поседувате, колку и да се драгоцени, нема да бидат доволни со нив да го купите својот мир и надеж кои претставуваат бескрајна добивка, макар тоа да ве чини сè што имате, страдања и маки цел живот. Силното, јасно чувство за постоењето на вечни вредности, подготвеноста на срцето сè да му подари на Христа - тоа се благослови многу повредни од сите богатства и задоволства, како и од славата на овој свет. {2T 575.2}

Тие црковни собори се од голема важност. Божјите слуги ги исцрпуваат своите животни сили за да му помогнат на народот, додека многумина се држат како да не сакаат помош. Од страв дека ќе загубат нешто од земската добивка, тие пропуштаат драгоцени прилики како тие да немаат никакво значење. Секој оној кој тврди дека верува во вистината треба да ја цени секоја можност кој му се пружа, за да стекне појасно сознание за вистината, за Неговите барања и за потребата од подготовка за Неговото доаѓање. Стабилноста, ведрината, послушноста, довербата во Бога - тоа е она што Бог го бара. {2T 575.1}

Не треба да се исцрпувате со прекумерни стравувања и непотребни грижи. Работете ја својата секојдневна работа, верно исполнувајќи ја должноста која ви ја довери Божјото провидение и Тој ќе се погрижи за вас. Исус ќе ги продлабочи и прошири вашите благослови. Морате да вложите напори ако сакате на крај да бидете спасени. Дојдете на тие состаноци подготвени за работа. Оставете ги зад себе своите домашни грижи, дојдете да Го најдете Исуса и ќе Го најдете. Дојдете со своите дарови во склад со благословите кои ги примивте. Покажете ја својата благодарност кон Творецот, Кој ви ги дарувал сите ваши благодати, со доброволни дарови. Никој не би требало да дојде со празни раце: „Донесете ги сите десетоци во ризницата за да има храна во Мојот дом и испитајте Ме во тоа, вели Господ Саваот, нема ли да ви ги отворам небесните брани и да излеам благослови на вас па да имате и на претек?” {2T 576.2}

Број дваесет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

70. СОСТАНОЦИ

Неодамна од еден брат кого високо го ценам примив едно писмо во кое ми постави прашање за тоа како треба да се водат состаноците. Тој прашуваше дали треба да се одредат повеќе молитви една по друга, потоа да се даде одмор од неколку моменти, па потоа да се продолжи со молитви. {2T 577.1}

Врз основа на светлината која ми беше дадена за тоа, видов дека Бог не бара од нас при собирањето за да Го славиме, да ги правиме своите состаноци здодевни и заморни, останувајќи долго на молитва и слушајќи низа долги молитви. Луѓето со слабо здравје не можат да го издржат тој напор, а да не почувствуваат краен замор и исцрпеност. Телото се заморува ако остане долго во наведната состојба, а што е уште полошо, и духот се заморува со постојани молитви кои не пружаат никакво духовно закрепнување, така што состанокот за луѓето претставува чиста загуба. Тие се изморила и умно и телесно и не добиле никакво духовно закрепнување. {2T 577.2}

Состаноците за советување и молитва не треба да бидат здодевни. Доколку е можно, секој треба да дојде на време и не треба да го одложува состанокот поради оние кои доцнат по половина час или дури и по педесет минути. Штом има двајца присутни, тие можат да побараат ветување. Состанокот треба да започне во одреденото време, без обѕир дали има многу или малку присутни. Не треба да се биде формалист и здрвен, туку сите треба со задоволство да ја извршуваат својата должност. Во вообичаени прилики, молитвите не би требало да траат подолго од десет минути. Треба да се промени положбата на телото и со пеење и воздигнувања да се спречи монотоноста; ако некој потоа почувствува потреба за молитва, нека се помоли. {2T 577.3}

Сите треба да сметаат дека нивна христијанска должност е да бидат кратки во молитвата. Кажете му го на Господа она што сакате, не обиколувајќи го целиот свет. Во приватните молитви можеме да се молиме и да бидеме опширни колку што сакаме. Можеме да се молиме за сите роднини и пријатели. Со тајната молитва се изнесуваат сите лични тешкотии и искушенија. Јавниот состанок не е место на кое се излеваат тајните на срцето. {2T 578.1}

Што е цел на собирањето? Дали Бог да се извести, во молитва да Му се каже она што веќе сите го знаеме? Ние се собираме за да се изградуваме едни со други со размена на мисли и чувства, за да собереме сила, светлина и храброст, запознавајќи ги надежите и желбите едни на други. Со сесрдни и длабоко чувствителни молитви изнесени со вера, примаме сила и закрепнување од Изворот на нашата сила. Овие состаноци треба да бидат нашите најубави моменти и би требало да се направат интересни за сите кои тука наоѓаат било какво уживање во верските работи. {2T 578.2}

Постојат луѓе кои не ги изнесуваат своите лични неволји во приватна молитва туку чекаат тоа да го соопштат на состаноците за молитва и затоа неколку дена ја подготвуваат својата молитва. Таквите се вистинска опасност за состаноците. Тие не зрачат никаква светлина, никого не подигаат. Нивните студени молитви и долгите

сведоштва фрлаат сенка на сè. Сите се радуваат кога тие ќе завршат и речиси е невозможно да се ослободиме од студенилото и темнината кои тие ги донесуваат со себе на состанокот со своите молитви и поттикнувања. Според светлината која ми е дадена, нашите состаноци би требало да бидат духовни и друштвени и не премногу долги. Треба да се остават дома затвореноста, горделивоста, суетата и стравот од луѓето. Не смееме на состаноците да ги понесеме ситните разидувања и предрасуди. Како во некое сложено семејство, меѓу браќата и сестрите кои тука се состануваат за да закрепнат со соединувањето на светлината на сите, мораат да владеат едноставност, благост, доверба и љубов. {2T 578.3}

„Вие сте светлина на светот," вели небесниот Учител. Немаат сите исто искуство во својот верски живот. Тука се состануваат луѓе од разни дејности и едноставно и скромно ги изнесуваат своите искуства. Сите кои одат по оној христијански пат кој води нагоре, имаат и секогаш ќе имаат живо, ново и интересно искуство. Живото искуство се добива во секојдневните неволји, судири, силни напори и победи, во големиот мир и во радостите кои ги стекнуваме преку Исуса. Едноставното изнесување на овие искуства дава светлина, сила и знаење, што ќе им помогне на другите и сами да напредуваат во богоугодниот живот. Славењето на Бога треба да биде интересно и поучно за сите кои имаат љубов кон она што е божествено и небесно. {2T 579.1}

Исус, небесниот Учител, не се држел настрана од човечките синови туку се симнал од небото на земјата за нивно добро и со чистотата и светоста на својот живот да ја осветли патеката на сите нив и на патот кон небото. Откупителот на светот ги давал Своите поуки во јасен и разбирлив облик, така што сите можеле да Го разберат. Тој најмногу сакал да зборува под ведро небо. Ниту една зграда не би можела да го прими мноштвото кое одело по Него; но Тој имал посебни причини поради кои заминувал во поле, на морскиот брег за таму да проповеда. Тука имал поглед на околината, ги користел предметите и настаните познати и блиски на тие едноставни луѓе и на тој начин убаво им ги објаснувал значајните вистини кои им ги откривал. Тој ги поврзувал Своите поуки со делата на Божјата природа. Птиците кои весело ги црцореле своите песни, цвеќето кое ја красело долината со својата убавина, лилијата која во својата чистота се одмарала на градите на езерото, гордите дрва, нивите, пченицата која се бранувала, голата земја, жуборењето на потокот, сонцето на заоѓање, небото во прекрасни бои - сето тоа Тој го користел за на Своите слушатели да им ги открие небесните вистини. Тој ги спојувал делата на Божјите раце на небото и на земјата со зборовите на живот кои сакал да ги влее во нивниот дух за, секогаш кога ќе погледнат на чудесните Божји дела во природата, да се сетат на Неговите поуки. {2T 579.2}

Со сите овие напори Христос сакал да ги направи Своите поуки што поинтересни. Знаел дека изморените и гладни луѓе не би можеле да ги примат духовните благодати и затоа не заборавал на нивните телесни потреби. Во една прилика Тој извршил чудо и нахранил пет илјада луѓе кои дошле да ги слушаат зборовите на живот од Неговите усни. Исус ја набљудувал околината пружајќи им на луѓето драгоцени вистини. Околината била таква што можела да го привлече окото и да пробуди восхит во градите на секој љубител на убавината. Така Исус можел да ја објасни Божјата мудрост на Неговите творби и да ги направи трајни Своите свети поуки, насочувајќи ги мислите на луѓето на Бога преку природата. {2T 580.1}

Така во нивната душа пејзажот, дрвата, птиците, цвеќето во долината, бреговите, езерата и убавините на небото се соединувале со возвишените свети вистини кои, при погледот на сето тоа по Христовото вознесение на небото, живо ќе се појавуваат во нивното сеќавање. {2T 580.2}

Кога го поучувал народот, Христос не посветувал време за молитва. Не ги принудувал луѓето на молитва и на други здодевни церемонии, како што правеле фарисеите. Еве како Тој ги учел Своите ученици да се молат: „И кога Му се молите на Бога, не бидете како лицемерите, кои одат по синагогите и на раскрсниците од улиците каде стојат и се молат за да ги видат луѓето. Вистина ви велам дека ја примија својата плата. А кога се молиш влези во својата соба и затворајќи ја вратата, помоли му се на својот Татко во тајност; и твојот Татко Кој гледа јавно, ќе ти плати јавно, А кога се молите, не зборувајте многу, како незнабошците; зашто тие мислат дека за многуте свои зборови ќе бидат услишени. Вие не бидете како нив; зашто знае вашиот Татко што ви треба пред уште пред да се помолите. Туку молете се вака". {2T 580.3}

Христос им зборувал на учениците дека нивната молитва треба да биде кратка и да го содржи само она што го сакаат и ништо повеќе. Тој ја одредува содржината и траењето на молитвата; таа треба да содржи благодарност и желба за земен и духовен благослов. Колку е содржајна оваа молитва! Таа ги содржи потребите на сите луѓе! Една до две минути се доволни за секоја обична молитва. Може да се случи Божјиот Дух да поттикне некоја посебна молитва, во која понизно се обраќаме преку Духот. Жедната душа болно копнее за Бога додека се бори како што го правел тоа Јаков и нема да се смири без некој посебен знак на Божјата сила. Ова е по волја на Бога. {2T 581.1}

Молитвите на многумина се безживотни и во тон на проповед. Таквите се молат на луѓето, а не на Бога. Кога би се молеле на Бога и навистина би сфатиле што прават, би се исплашиле од својата смелост, бидејќи под наметката на молитвата му се обраќаат на Господа со цел говор како на Творецот на вселената да му се потребни некои известувања во поглед на она што се случува во овој свет. Сите овие молитви се како звоно кое звони и како кимвал кој свечи. Тие не се примаат на небо. Тие ги заморуваат Божјите ангели кои се принудени да ги слушаат. {2T 581.2}

Исуса често го наоѓале на молитва. Тој заминувал во осамените градини и во планините за да ги изнесе Своите молби. Кога би завршиле дневните грижи и работи и кога изморените, би заминале на починка, Исус го посветувал Своето време на молитва. Ние не би сакале да одвраќаме од молитва, бидејќи луѓето многу малку се молат и стражарат. А уште помалку молитви се упатуваат во Духот и има уште помалку разбирање за нив. Сесрдната и делотворната молитва е секогаш на место и никогаш нема да заморува. Таквата молитва ги привлекува и закрепнува сите кои имаат љубов за побожноста. {2T 582.1}

Тајната молитва е занемарена и тоа е причина зошто многумина приложиваат толку долги, заморни и неживи молитви кога се собираат на богослужение. Со тоа тие се обидуваат да ги надополнат своите должности кои не ги исполнувале цела седмица. Тие се молат во надеж да го поправат овој свој пропуст и ја смируваат својата совест која ги обвинува. Тие се надеваат дека со молитви ќе ја стекнат Божјата благонаклоност. Но често тие молитви имаат само едно дејство и други да одвлечат во темнината во која и

тие се наоѓаат. Кога христијаните би го примиле во своето срце Христовото учење за молитвата и стражарењето, би станел поразумни во своето богослужение. {2T 582.2}

---

71. КАКО ТРЕБА ДА ЈА ПРАЗНУВАМЕ САБОТАТА?

Бог е милостив. Неговите барања се разумни и во склад со Неговата добрина и благонаклоност. Цел на саботата е да донесе благодат на сите луѓе. Човекот не е создаден поради саботата, бидејќи саботата е воспоставена по создавањето на човекот, за да ги задоволи неговите потреби. Бидејќи го создал светот за шест дена, Бог се одморил и го посветил денот во кој се одморил од сите Свои дела кои ги создал. Тој одредил и човекот да одмора во тој ден од својата работа и, набљудувајќи ја земјата доле и небото горе, да размислува за тоа дека Бог создал сѐ за шест дена, а седмиот ден се одморил. И така, кога ќе ги согледа сите видливи докази на бескрајната Божја мудрост, неговото срце ќе биде преполно со љубов и почит кон неговиот Творец. {2T 582.3}

За да ја славиме саботата на свет начин, не е потребно да се затвораме во себе ниту да ги одбегнуваме убавите глетки во природата и закрепнувачкиот свеж воздух. Во никој случај не би смееле да дозволиме да нѐ притискаат товарите и деловните грижи во Господовиот ден кој Тој го посветил. Не би смееле да дозволиме ниту духот да се занимава со мислите од земска природа. Но ако скоро цела сабота поминеме меѓу четири ѕида, слушајќи долги проповеди и здодевни, формални молитви, нашиот дух не може да закрепне, да се освежи и издигне. Вака да се прославува значи да се злоупотребува Господовата сабота. Со тоа не се постигнува онаа цел поради која таа е воспоставена. Саботата е создадена поради човекот, за да му донесе благодат со тоа што ќе го одвои неговиот дух од земските работи, за да може да ја набљудува Божјата добрина и големина. Потребно е Божјиот народ да се собира за да зборува за Него, да ги разменува мислите и погледите за вистината кои се наоѓаат во Неговата реч и да посвети дел од своето време за вистинска молитва. Но тие моменти, дури ни во сабота, не би смееле да станат здодевни поради претерано долгите проповеди, бидејќи така се губи интересот. {2T 583.1}

Би требало сите да поминат надвор од домот еден дел од денот. Можат ли децата да стекнат подобро знаење за Бога од тоа што ќе поминат во поле еден дел од своето време, не во игра, туку во друштво на своите родители? Овозможете им нивните млади души да го најдат Бога во убавините на природата, обрнете им внимание на законите на Неговата љубов кон човекот во сѐ што е создадено и нив тоа ќе ги привлече и заинтересира. Тогаш тие нема да бидат во опасност да го поврзуваат Бога само со она што е сериозно и строго туку, гледајќи ги сите оние убавини кои Тој ги создал за добро на човекот, да гледаат на Него како на нежен Татко полн со љубов. Тие ќе сфатат дека Неговите забрани и заповеди немаат за цел само да ја истакнат Неговата моќ и власт, туку дека Тој пред сѐ ја имал пред очите среќата на Своите деца. И кога Бог така ќе им се прикаже што ќе ја согледаат сета Негова љубов и милост, убавина и привлечност на Неговиот карактер, тие ќе почувствуваат љубов кон Него. Можете да обратите внимание

на убавите птици кои го исполнуваат воздухот со своето среќно црцорење, на тревата и на прекрасното шарено цвеќе од кое мирисаат цели полиња. Сето тоа ја објавува љубовта и вештината на небесниот Уметник и ја покажува Божјата слава. {2T 583.2}

Родители, зошто да не ги искористите поуките кои Бог ни ги дал во книгата на природата за на своите деца да им ја објасните Неговата вистинска природа? Оние кои го жртвуваат едноставниот живот на модата и се одвојуваат од убавината на природата, нема да бидат богати со дух. Тие не можат да ја разберат Божјата љубов и вештина која се огледува во Неговите творби, а нивните срца не се исполнети со почит и љубов кон Бога Кого го гледаат во природата, ниту се во состојба да покажат нова љубов кон Него. {2T 584.1}

Сите кои Го љубат Бога треба да направат сè што можат за саботата да биде света и почитувана. Но тоа не можат да го постигнат ако бараат задоволства во грешните и забранети забави. Сепак, можат да направат многу за да ја издигнат саботата во своето семејство и да создадат од неа најинтересен ден во седмицата. Треба да најдеме време за да се посветиме на своите деца. Промената благотворно ќе влијае на нив. Можеме да излеземе со нив во природа, на чист воздух, да седиме со нив во поле, на сонце и да дадеме храна на нивниот неуморен дух, разговарајќи со нив за Божјото дело. Можеме да им влееме љубов и почит кон Него со тоа што ќе им обрнеме внимание на убавините на природата. {2T 584.2}

Ние треба саботата да ја направиме интересна до таа мера на членовите на своето семејство, што секој пат ќе ја очекуваат со радост. Родителите најмногу ќе ја издигнат и слават саботата ако пронаоѓаат соодветни начини да ги поучат и придобијат своите деца за духовниот живот, објаснувајќи им ја Божјата природа и она што Тој бара од нас да правиме за да усовршиме христијански карактер и да добиеме вечен живот. Родители, направете ја саботата ден на радост, за вашите деца со радост да ја очекуваат и да ѝ упатуваат добредојде во своите срца. {2T 585.1}

---

72. ХРИСТИЈАНСКА РЕКРЕАЦИЈА

Мислев за тоа колкава е разликата помеѓу овој наш денешен собир и собирите на кои обично учествуваат неверниците. Наместо молитва и зборови за Христа и за верата, би се слушнало лудо смеење и празни разговори. Луѓето би сакале што подобро да си поминат. Собирот би почнал со лудости и би завршил со суета. Ние би сакале овие собири да бидат такви што ќе можеме да се вратиме дома со мирна совест, убедени дека не сме навредиле ниту некој човек ниту Бога, со чувство дека на никој начин не сме повредиле некого од своето друштво, ниту пак лошо влијаеле на некого. {2T 585.2}

Овде многумина грешат. Луѓето немаат на ум дека се одговорни за влијанието кое го вршат на другите, дека мораат да полагаат сметка за влијанието кое го остваруваат и за влијанието кое го вршат на сите со кои доаѓаат во допир со животот. Ако тоа влијание одведува други од Бога и ги наведува на патот на суетата и лесномисленоста, ако ги храбри да бараат задоволства во забавите и лудостите, тие ќе мораат да одговараат за тоа. А ако овие личности се угледни мажи и жени кои заземаат таква положба што

нивниот пример ќе повлече други со себе, толку поголем ќе биде нивниот грев, бидејќи не се однесувале онака како што бара Библијата. {2T 585.3}

Начинот на кој денес се одмараме потполно одговара на моите сфаќања за одморот и рекреацијата. Се обидов да ги изнесам своите погледи за ова прашање, но подобро е да се прикажуваат со пример и да се опишуваат. На ова место се собиравме една година со иста цел. Сето тоа беше многу пријатно и убаво, но на нешто сепак мораше да се замери. Некои премногу се шегуваа и беа несериозни. Сите не беа адвентисти и затоа се забележуваше и она што не беше во склад со нашите очекувања. {2T 586.1}

Меѓутоа, јас верувам дека додека копнееме да го закрепнеме својот дух и своето тело, Бог бара од нас сите свои сили да ги употребиме во најдобри цели. Да се собираме и да работиме на Божја слава. Можеме и треба да го употребиме својот одмор на начин кој ќе нè оспособи за уште посериозно извршување на должностите кои нè очекуваат, за да имаме уште поблаготворно влијание на оние со кои се дружиме. Тоа треба особено да важи за приликите како што е оваа, која на сите треба да им донесе радост. Тогаш ќе се вратиме во своите домови со закрепнати тела и подобри во душата, подготвени повторно да се посветиме на својата работа, со поголема надеж и храброст. {2T 586.2}

Ние веруваме дека тоа е голема предност што секој ден од својот живот можеме да Го славиме Бога на земјата, што не живееме само поради сопствено задоволство, само за да си угодиме себеси. Ние сме овде за да донесуваме благодат на човештвото, за да бидеме благослов за општеството. А како ќе можеме да бидеме благослов за општеството и да донесеме благослов на своето поколение, ако дозволиме нашата душа да се движи по лоши патишта, по кои одат многу луѓе кои бараат само суета и лудост? Ние не можеме неказнето да се оддаваме на некое задоволство кое нè прави неспособни за верно вршење на животните должности. {2T 587.1}

Ние копнееме по она што е возвишено и убаво. Сакаме да го одвратиме својот дух од површните и значајни работи кои се минливи. Ние сакаме од сè на што ќе се посветиме да надоаѓа нова сила. На сите вакви собири поради одмор, во секое пријатно друштво ние копнееме да добиеме нова сила за да станеме подобри мажи и жени. Сакаме од секој можен извор да црпиме нова храброст, сила и моќ, за да го издигнеме својот живот до светост и чистота, а не да се спуштаме на ниво на суетниот свет. Слушаме дека многумина кои ја исповедаат Христовата вера зборуваат: „Сите мораме да се спуштиме на ист степен". За христијаните воопшто нема спуштање. Да се прегрне Божјата вистина и вера не значи да се спуштиме туку да се издигнеме на повисок степен каде што ќе бидеме во врска со Бога. {2T 587.2}

Затоа Христос се понизил и ја земал на Себе нашата природа, за со Своето понижување, страдање и жртва да стане скалило за паднатите луѓе, за со Негова заслуга тие да се искачат и преку Него Бог да ги прими нивните напори во творењето на Неговиот закон. Значи, не постои спуштање. Ние се трудиме да станеме слични на небесните ангели, почисти во срцето, побезгрешни, поневини и неизвалкани. {2T 587.3}

Ние копнееме по чистота и светост на животот за на крајот да бидеме оспособени за небесното друштво во царството на славата. А единствен начин да се оствари тоа издигање на христијанскиот карактер е преку Исуса Христа. За издигање на човечкото семејство нема друг пат. Некои зборуваат за понижувањата кои ги трпат и за жртвите

кои ги поднесуваат бидејќи ја прифатиле вистината од небесно потекло. Точно е дека светот не ја прифаќа вистината; неверниците не ја прифаќаат. Тие можат да зборуваат за оние кои ја прифатиле вистината и го барале Спасителот и да тврдат дека таквите напуштаат сè, па затоа се откажуваат од сè и жртвуваат сè што вреди да се сочува. Но не ми зборувајте за тоа. Јас знам подобро. Моето искуство го докажува спротивното. Не ми зборувајте дека мораме да се откажуваме од своето најдраго богатство, а да не добиваме ништо за надомест. Навистина не е така! Творецот Кој ја засадил прекрасната градина за нашите први родители, Кој засадил за нас и прекрасни цвеќиња и дрва и Кој сè што е убаво и величествено во природата го дал на човечкиот род, одредил човечкиот род да ужива во тоа. Значи, не мислите дека Бог сака да се откажеме од сè што на овој свет е предвидено за наша среќа. Тој бара да се откажеме само од она што не е за наше добро и среќа. {2T 588.1}

Бог Кој засадил благородни дрва и ги облекол со богати лисја, Кој ни дал блескави и прекрасни бои на цвеќињата и чии прекрасни ракотворби ги гледаме во целото царство на природата, не одредил да бидеме несреќни. Тој не одредил да бидеме без вкус и да не уживаме во тие работи. Тој сака да уживаме во нив и да бидеме среќни поради убавините на природата кои се Негово дело. {2T 588.2}

Исправно е кога за одмор и закрепнување бараме места како што е оваа шума. Но додека сме овде, не треба да посветуваме внимание само на себе и да пропуштаме драгоцено време во забавите кои поттикнуваат одбојност кон светите работи. Не дојдовме овде да го поминеме времето во шеги и досетки, во безначајни разговори и бесмислено смеење. Ние ги забележуваме убавините на природата. И што тогаш? Треба ли да паднеме ничкум и да ги обожаваме? Не, навистина. Додека ги гледаме убавините на природата, нашите мисли треба да се издигнат до Богот на оваа природа, треба да се издигнат до Творецот на вселената. Тогаш треба да го обожаваме Творецот Кој ги создал сите овие прекрасни работи за наша корист и среќа. {2T 589.1}

Многумина уживаат во прекрасните слики и подготвени се да ја обожаваат надареноста која создала толку убав цртеж. Меѓутоа, од каде оние кои својот живот го посветуваат на тоа дело ги црпат своите замисли? Каде уметниците добиваат идеи за работите кои ги стават на платно? Од прекрасните предели на природата - од природата, единствено од природата. Поединци ги посветуваат сите сили на своето битие и сите свои чувства на своите склоности во таа насока. Многумина ги одвојуваат своите мисли од убавината и славата на природата која Творецот ја создал поради нас и ги посветуваат сите сили на своето битие на усовршувањето во уметноста; меѓутоа, сите тие работи претставуваат само несовршени копии на природата. Уметноста никогаш не може да го достигне совршенството на природата. {2T 589.2}

Се заборава Творецот на сите тие прекрасни појави во природата. Видов многумина кои се воодушевуваат од сликата која го прикажува залезот на сонцето, додека истовремено не уживаат во величествениот залез на сонцето кој може да се види речиси секоја вечер во текот на цела година. Тие би можеле да ги видат прекрасните бои со кои невидливиот Уметник со божествена вештина ги насликал величествените слики на променливото платно на небото; но тие лесноумно се свртуваат од небесните слики кон уметничките слики кои ги изработила несовршената рака и речиси паѓаат ничкум и ги обожаваат. Што е причина за тоа? Тоа што непријателот се труди да го одвои умот од

Бога. Кога ќе им го спомнеме Бога и Христовата вера, дали тие ќе ги примат? Ниту најмалку! Тогаш што е потребно? Едноставно, потребно е да се посветат најдобрите и најсвети чувства на Оној Кој ја оставил Татковата слава и се симнал долу за да умре за родот бунтовници. Тој ги оставил сите Свои богатства, високата положба и ја земал нашата природа за да ни укаже на патот на спасението - и поради што? За да ве понижи и да ве лиши од некои права? Навистина не. За да го затапка патот по кој ќе ја одбегнете својата беда. За на крајот да ве издигне и постави од десната страна во Своето царство. Поради тоа е поднесена голема, неизмерна жртва. И кој може да ја сфати таа голема жртва? Кој може да ја цени? Никој друг туку оние кои ја сфаќаат тајната на божеството, кои ги вкусиле силите на светот кој ќе дојде, кои пиеле од чашата на спасението која ни е дадена. Таа чаша на спасение ни ја нуди Господ; Тој наместо нас ја испил до крај онаа чаша на горчина која ја подготвиле нашите гревови и која нам ни била наменета. А ние пак така зборуваме како Христос, Кој поднел толкава љубов кон нас, да сака да нè лиши од сè што е вредно да се поседува. {2T 589.3}

Од што добро би нè лишил? Тој сака да нè лиши од можностите да им попуштаме на вродените страсти на телесното срце. Не можеме да се лутиме кога ќе посакаме, а притоа да сочуваме чиста совест и Божја наклонетост. Меѓутоа, зар ние не сакаме да се откажеме од сето тоа? Дали уживањето во разврат и страстите ќе нè направат посреќни? Токму поради тоа што тоа нема да нè направи посреќни, поставени се ограничувања во тој поглед. Нашата радост нема да се зголеми ако се лутиме и ако имаме изопачен карактер. Ако се поведуваме по телесното срце, тоа нема да ни донесе среќа. И зар на тој начин би станале подобри? Не. На тој начин само фрламе темна сенка на своите домашни и ја намалуваме сопствената среќа. Попуштањето на вродените барања само ќе му наштети на организмот и ќе го уништи здравјето. Според тоа, Бог сака да го ограничиме својот апетит, да ги совладаме страстите и да го потчиниме целото свое битие. А Тој ветил дека ќе ни даде сила ако пристапиме на тоа дело. {2T 590.1}

Гревот на Адам и Ева предизвикал ужасно одвојување помеѓу Бога и човекот. А Христос застанал помеѓу паднатиот човек и Бога и му рекол на човекот: „Сè уште можеш да му се вратиш на Таткото; постои план според кој Бог може да се помири со човекот и човекот со Бога. Преку посредници можеш да се приближиш на Бога". Тој е голем Првосвештеник Кој преколнува во ваше име. И вие морате да дојдете и да го изложите својот случај пред Таткото преку Исуса Христа. Така можете да најдете пристап кон Бога. Наспроти вашиот грев, вашиот случај не е безнадежен. „И ако некој згреши, имаме застапник кај Таткото, праведниот Исус Христос". {2T 591.1}

Му благодарам на Бога што имаме еден Спасител. И нема друг начин на кој можеме да се издигнеме, со исклучок на Христа. Никој не треба да мисли дека е големо понижување да се прифати Христос. Зашто кога ќе го направиме тој чекор, сме фатиле златно јаже кое го врзува смртниот човек со бесконечниот Бог; го направивме првиот чекор кон вистинската возвишеност за да се подготвиме за друштвото на чистите небесни ангели во царството на славата. {2T 591.2}

Не бидете обесхрабрени, не бидете малодушни. Иако можете да имате искушенија, иако може да ве облетува подмолниот непријател, ако пред себе го имате Божјиот страв, ангелите кои изобилуваат со сила ќе ви бидат испратени на помош и ќе бидете

посилни од силите на темнината. Исус живее. Тој умрел за да го затапка патот на спасение на паднатиот род и денес живее за да се залага за нас, за и ние да се издигнеме до Неговата десна страна. Надевајте се во Бога. Светот оди по широкиот пат. А вие, додека одите по тесниот пат и се судирате со поглаварите и властите, и кога наидувате на спротивставување на непријателот, сетете се дека некој се погрижил за вас. Барајте помош од Оној Кој е моќен и преку Него ќе победите. {2T 591.3}

„Затоа излезете помеѓу нив и одвојте се, вели Господ и Јас ќе ве примам и ќе бидете синови и ќерки на Господ Саваот". Тоа е свечен завет дека ќе станете членови на тоа царско семејство, наследници на небесното царство. Кога некоја личност ќе биде посетена од некој владетел на земјата, или кога ќе дојде со неа во контакт, тоа го објавуваат сите списанија, предизвикувајќи завист кај оние кои се сметаат помалку среќни. А овде е Оној Кој е Цар над сите, Владетел на вселената, Творец на сè. И Тој ни зборува: „Ќе бидете Мои синови и ќерки; ќе ве обединам со Себе; ќе станете членови на царското семејство и деца на небесниот Цар". {2T 592.1}

Павле вели: „Возљубени! Имајќи вакви ветувања, да се очистиме себеси од секоја опоганетост на телото и духот и да имаме Божји страв". Зошто не би го направиле тоа, кога имаме таков поттик, кога можеме да станеме деца на Вишниот, кога можеме небесниот Бог да го наречеме свој Татко? Зар тоа не е доволно? И зар тоа го нарекувате лишување од нешто што е вредно да се има? Дали тоа значи да се откажеме од сè што е вредно да се поседува? Јас сакам да се обединам со Бога и со светите ангели, тоа е мојата најголема желба. Вие можете да ги имате сите богатства на овој свет. Но јас морам да го имам Исуса. Морам да имам право на бесмртно наследство, на вечен живот. Сакам да уживам во убавините на Божјото царство. Сакам да се восхитувам на сликите кои ги обоиле Неговите прсти. Јас можам да уживам во нив, а можете и вие. Сепак, не мораме да ги обожаваме. Но преку нив ќе се упатиме кај Него и ќе ја согледаме Неговата слава која го создала сето тоа поради нас. {2T 592.2}

Повторно велам: Бидете храбри. Имајте доверба во Господа. Не дозволувајте непријателот да ви го украде она што ви е ветено. Ако сте се одвоиле од светот, Бог рекол дека ќе биде ваш Татко, а вие ќе бидете Негови синови и ќерки. Зар тоа не е доволно? Каков поголем поттик би можел да ви понуди? Зар тоа е некоја голема цел да се биде пеперутка и да се нема никаква суштина ниту цел во животот? О, сакам да стојам на платформата на вечната вистина. Дајте ми неминлива вредност. Сакам да го дофатам златниот синџир кој од небото се спушта на земјата за да ме одвлече горе кон Бога и славата. Тоа е моја желба, тоа е моја цел. Ако другите немаат повозвишени цели од тоа да се облекуваат, ако уживаат во надворешниот изглед и ја задоволуваат својата душа со вратоврски, чипки и фантазија, нека уживаат во тоа. Но јас сакам да поседувам внатрешни украси. Сакам да се облечам со понизност на тивкиот дух кој многу вреди во Божјите очи. А ви го препорачувам тоа и на вас, млади господа и госпоѓи, бидејќи тоа е подрагоцено во Неговите очи од чисто злато, од офирско злато. Драги сестри, и вие девојки и момчиња, тоа ќе ве направи подрагоцени во очите на небото од злато, да, од офирско злато. Ви го препорачувам Исуса, мојот благословен Спасител. Јас го обожавам. Јас го величам. О, кога би имала бесмртен јазик за да можам да Го славам како што сакам! Да стојам пред целата вселена и да ја славам Неговата неспоредлива привлечност! {2T 593.1}

И кога Го обожавам и величам, сакам и вие со мене да Го величате. Фалете Го Господа, дури и кога ќе се најдете во темнина. Фалете Го и во искушение. Апостолот вели: „Радувајте се секогаш во Господа и пак велам: радувајте се”. Ќе внесе ли тоа темнина во вашето семејство? Не, навистина; ќе внесе сончев зрак. Така вие ќе собирате зраци на вечната светлина од престолот на славата и ќе ги ширите околу себе. Ве повикувам да пристапите на тоа дело, да ја ширите таа светлина и живот околу себе, не само на својата сопствена патека туку и на патеката на оние со кои се дружите. Ваша цел нека биде да ги направите оние околу вас подобри, да ги издигнете, да им укажете на небото и на славата, упатувајќи ги дека над сите земски работи треба да копнеат по вечните вредности на бесмртното наследство, кон богатствата кои се нераспадливи. {2T 593.2}

---

73. ЕДЕН ЗНАЧАЕН СОН

Кога во август 1868 година бев во Батл Крик, сонував дека се наоѓам во една голема група на луѓе. Еден дел од тоа мноштво тргна на пат. Имавме преполно, тешко натоварено возило. Одевме постојано нагоре. Од едната страна на тој пат се наоѓаше длабока бездна; од друга страна се издигнуваше висок, мазен, бел ѕид, како цврст малтер. {2T 594.1}

Колку повеќе одминувавме, толку патот стануваше потесен и пострмен. На некои места беше толку тесен, што не можевме понатаму да патуваме со натоварено возило. Затоа го оставивме возилото, земавме еден дел од товарот, го натоваривме на коњите и така го продолживме патот. {2T 594.2}

Патеката стануваше сè потесна и потесна. Бевме принудени да се припиваме до ѕидот за да не се слизнеме од тесната патека во стрмната бездна. Притоа товарот на коњите го допираше ѕидот и опасно нè занесуваше кон бездната. Стравуваме дека ќе паднеме и ќе се распарчиме од карпата. Тогаш ги пресековме јажињата на товарот и товарот се стркала во бездната. Ние продолживме да јаваме, а кога би наишле на тесни места на патеката, стравувавме дека би можеле да загубиме рамнотежа и да паднеме. Во такви моменти како некоја рака да ги земаше уздите, водејќи нè по опасниот пат. {2T 594.3}

Бидејќи патеката уште повеќе се стеснуваше, одлучивме веќе да не јаваме; ги оставивме коњите и тргнавме пеш, еден по друг. Во тој момент од врвот на чистиот, бел ѕид беа спуштени тенки јажиња. Ние бргу се фаќавме за тие јажиња за со нивна помош да одржуваме рамнотежа на патеката. Како се движевме, така и јажињата се движеа со нас. Патеката конечно стана толку тесна што заклучивме дека е посигурно да се оди без чевли; така ги собувме чевлите и извесен период одевме без нив. Набргу видовме дека посигурно ќе патуваме без чорапи; ги соблековме и чорапите и го продолживме патот боси. {2T 595.1}

Тогаш се сетивме на оние кои не се навикнале на лишување и тегоби. Каде се наоѓаат таквите во овој момент? Тие не беа во нашето друштво. При секоја промена некои заостануваа, а патот го продолжуваа само оние кои беа навикнати на тегоби.

Тешкотиите на патот кај таквите само ја зголемуваа желбата што побргу да стигнат до крајот. {2T 595.2}

Опасноста да паднеме во бездната постојано се зголемуваше. Ние уште повеќе се припивавме до белиот ѕид, бидејќи патеката толку се стесни што не можевме да стоиме на неа ниту со половина стапало. Тогаш речиси со сета своја тежина се потпревме на јажињата, велејќи: „Имаме поддршка одозгора! Имаме поддршка одозгора!" Сите кои се наоѓаа на тесната патека ги повторуваа овие зборови. Затреперивме кога од бездната слушнавме гласови на веселба и оргии. Слушнавме вулгарни шеги, клетви и ниски, порочни песни. Слушнавме воднички песни и забавни мелодии. Слушнавме музика и гласна смеа, помешана со пцости, извици на страв и горчливо лелекање и повеќе од кога и да е, грижливо се држевме за тесната, напорна патека. Често бевме принудени со сета тежина да се потпреме на јажињата, кои се затегнуваа кога одевме понатаму. {2T 595.3}

Забележав дека белиот ѕид беше испрскан со крв. Таа глетка во мене предизвика чувство на жалење. Меѓутоа, тоа чувство траеше само еден момент, бидејќи набргу сфатив дека сè е онака како што треба да биде. Оние кои ќе нè следат, ќе знаат дека други тргнале по тесната патека пред нив и ќе увидат дека кога други можеле тука да продолжат, тоа можат и самите да го направат. И кога крвта ќе тече од нивните ранети нозе, тие нема да паднат од обесхрабрување туку, гледајќи ја крвта на ѕидот, ќе знаат дека и други претрпеле исти маки. {2T 596.1}

Конечно дојдовме до една голема провалија со која завршуваше нашата патека. Немаше повеќе ништо на што би можела да застане ногата и да се потпре. Наша единствена потпора отсега мора да биде јажето, чија дебелина толку се зголеми што стана како наше тело. Овде застанавме во очај и се прашавме со шепот полн со страв: „За што е прицврстено јажето?" Мојот сопруг се наоѓаше пред мене. Од неговото чело капеа крупни капки пот, вените на неговиот врат и на слепоочниците двојно се зголемија, а од неговите усни допираа придушени воздишки, полни со ужас. Од моето лице капеше пот и јас чувствува страв каков што никогаш порано не чувствував. Ни претстоеше страшна борба. Кога овде би попуштиле, сите тешкотии на нашето патување би биле напразни. {2T 596.2}

Пред нас, од друга страна на бездната, се наоѓаше прекрасна полјана со зелена трева. Не го видов сонцето, но блескави, благи зраци на светлина, кои наликуваа на злато и сребро, ја позлатуваа полјаната. Ништо што видов на земјата не можеше да се спореди со убавината и сјајот на таа полјана. Но ќе успееме ли да стигнеме до неа? - се прашувавме. Повторно ги слушнавме зборовите: „Што го држи јажето?" Еден момент се колебавме дали да се обидеме. Потоа извикавме: „Наша единствена надеж е да се потпреме на јажето. Тоа беше наша потпора за време на тешкото патување. Тоа нема да не изневери ниту сега". Сè уште се колебавме и очајувавме. Тогаш беа изговорени зборовите: „Бог го држи јажето. Не треба да се плашиме". Тие зборови ги повторија оние зад нас и додадоа: „Тој нè водеше толку сигурно. Тој нема да нè напушти и сега". {2T 596.3}

Тогаш мојот сопруг прескокна преку ужасната бездна на прекрасната полјана од другата страна. Јас прескокнав веднаш по него. О, какво чувство на олеснување и

благодарност кон Бога почувствувавме во тој момент! Слушнав гласови кои победоносно се издигаа во слава на Бога. Бев среќна, совршено среќна. {2T 597.1}

Се пробудив чувствувајќи дека секој нерв од моето тело трепери од стравот кој го преживеав преминувајќи ја тешката патека. Овој сон не е потребно да се објаснува. Тој остави толкав впечаток на мојот дух, што секој детаљ кој го видов во него, ќе се појавува пред моите очи сè додека ме служи помнењето. {2T 597.2}

---

74. НАШИТЕ ЦРКОВНИ СОБОРИ

Ништо толку штетно не влијае на црковниот собор или на било кој друг состанок посветен на верата и молитвата, од површниот разговор и раскажување. Мажите и жените често се собираат во групи и водат разговори за обични работи кои немаат врска со состанокот. Некои постојано го истакнуваат својот имот, други своите куќи или прават планови за sидање. Некои го испитуваат карактерот на другите и немаат време ниту склоности да го испитуваат сопственото срце, за да ги откријат недостатоците во сопствениот карактер, да ги исправат своите грешки и да ја творат Божјата волја. Кога сите кои тврдат дека се Христови следбеници би ги употребиле времето пред проповедта за разговори за вистината, размислувањето за христијанската надеж, испитување на сопственото срце и упатување на сесрдни молитви на Бога, преколнувајќи Го за благослов, би се извршило многу поголемо дело отколку досега. Неверниците кои лажно ги обвинуваат оние кои веруваат во вистината би биле придобиени благодарение на нивните добри разговори во Христа. Нашите зборови и постапки се плод кој го донесуваме: „По родовите ќе ги познаете”. {2T 597.3}

Бог им дал упатство на Израелците да се собираат пред Него во одредени временски периоди, на место кое Тој ќе го одбере и да одредат посебни денови кога нема да работат никаква непотребна работа туку тоа време ќе го посветат на размислување за благословите со кои Тој ги опсипал. Слугата и слугинката, туѓинецот, сирачето и вдовицата, сите тие имале да се радуваат што Бог со Својата чудесна сила ги спасил од ропските синџири и им дарувал слобода. Им било заповедано да не излегуваат пред Господа со празни раце. Тие морале да донесуваат дарови на својата благодарност на Бога за милоста и благословите со кои постојано ги опсипувал; тие требало да донесат дарови, доброволни приноси и благодарствени дарови на Господа, според тоа како Тој ги благословил. Даровите биле разновидни, според тоа колку дарителот ги ценел благословите со кои Бог го опсипал. Така карактерите на луѓето биле развивани. Оние кои високо ги вреднувале благословите кои Бог ги излил врз нив, донесувале и дарови во склад со тоа. Оние пак кај кои себичноста и идолопоклоничката љубов кон примените дарови ги ослабнале моралните сили и кои не биле вдахновени со силна љубов кон благородниот Дарител, донесувале посиромашни дарови. Така се откривале срцата. Покрај тие посебни верски празници на задоволство и радост, еврејскиот народ морал да ја празнува и Пасхата. Господ им ветил дека ќе ги благослови во секоја нивна добивка и во секое дело на нивните раце ако верно ги почитуваат Неговите заповеди. {2T 598.1}

Во овие последни денови, кога станува збор за даровите и за жртвата, Бог не бара ништо помалку од Својот народ од она што го барал од еврејскиот народ. Оние кои Бог ги благословил со средства за живот, дури ниту вдовицата ниту сирачето, не смеат да ги забораваат Неговите благослови. Особено оние на кои им дал изобилство, мораат да Му го вратат она што е Негово. Тие мораат да се појават пред Него во дух на самопожртвување и да ги донесат своите дарови во склад со благословите со кои Тој ги опсипал. Но многумина покажуваат ниска благодарност кон Него. Ако Неговиот благослов почива на нив и ја зголемува нивната добивка, тие ги претвораат тие благодати во окови кои ги врзуваат за нивниот имот. Работите на овој свет имаат предност, го обземаат целото нивно битие, така што ја запоставуваат побожноста и верските должности. Тие не можат себеси да си дозволат да излезат пред Бога дури ниту еднаш годишно. Тие ги претвораат Божјите благослови во проклетство. Тие им служат на сопствените минливи интереси, а ги запоставуваат Господовите барања. {2T 599.1}

Многумина кои поседуваат илјадници остануваат во своите домови година за година, обземени од грижите на овој свет и неговите користи и сметаат дека не можат да поднесат мала жртва која се состои во присуствување на годишните собири на кои се слави Бог. Тој ги благословил во залихите, ги опкружил со благодати од лево и од десно, а тие сепак Му ги ускратуваат малите дарови кои Тој од нив ги бара. Тие сакаат да си служат сами на себе. Нивната душа ќе биде како жедна пустина, без небесна роса и дожд. Господ им дал драгоцен благослов на Својата благодат. Тој ги ослободил од ропството на гревот и од оковите на заблудите и ја покажал на нивниот замрачен разум величествената светлина на вистината. И зар тие докази на Божјата љубов и милост не треба да предизвикуваат благодарност? Зар оние кои тврдат дека веруваат дека крајот на сè е навистина близу треба да бидат слепи за сопствените духовни интереси и да живеат само за овој свет и за овој живот? Очекуваат ли дека нивниот вечен живот ќе дојде сам по себе? Тие нема да стекнат сила ако од своја страна не ги вложат сите можни напори. {2T 599.2}

Многумина кои тврдат дека го очекуваат доаѓањето на нашиот Господ, всушност копнеат по земска добивка. Тие се слепи за своите вечни интереси. Се трудат околу она што не се исплаќа. Тие ги трошат своите пари на она што не е храна. Се обидуваат да се задоволат со богатството кое го собираат на земјата, со богатство кое мора да пропадне. Го запоставуваат подготвувањето за вечност, што треба да биде главно и единствено вистинско дело во нивниот живот. {2T 600.1}

Сите оние кои можат треба да присуствуваат на тие годишни собири. Сите мораат да увидат дека Бог го бара тоа од нив. Ако не ги користат предностите кои Тој им ги подарил за да станат силни во Него и во силата на Неговата благодат, тие ќе стануваат сè послаби и сè помалку ќе негуваат желба целосно да се посветат на Бога. Дојдете, браќа и сестри, на тие свети состаноци за да го најдете Исуса. Тој ќе дојде на празникот. Тој ќе биде присутен и ќе го направи за вас она што е најпотребно да се направи. Не смеете да мислите дека вашите имоти се од поголема вредност отколку возвишените интереси на душата. Сите богатства кои ги поседувате, колку и да се драгоцени, нема да бидат доволни со нив да го купите својот мир и надеж кои претставуваат бескрајна добивка, иако тоа можеби ќе ве чини сè што имате, страдања и маки целиот свој живот. Силното, јасно чувство за постоењето на вечните интереси и подготвеноста на срцето сè

да му подари на Христа - тоа се благослови кои се многу повредни од сите богатства, задоволства и слави на овој свет. {2T 600.2}

Тие состаноци под ведро небо се од голема важност. Тие чинат нешто. Божјите слуги ги исцрпуваат своите животни сили за да му помогнат на народот, додека многумина се однесуваат како да не сакаат помош. Од страв дека ќе загубат нешто од земската добивка, тие пропуштаат драгоцени можности како тие да немаат никакво значење. Секој оној кој тврди дека верува во вистината треба да ја цени секоја можност кој Бог им ја пружа за да стекне појасно сознание за вистината, за Неговите барања и за потребата од подготовка за Неговото доаѓање. Стабилноста, ведрината, послушноста, довербата во Бога - тоа е она што Тој го бара. {2T 601.1}

Не треба да се исцрпувате со претерани стравувања и непотребни грижи. Работете ја својата секојдневна работа, верно исполнувајќи ја должноста која ви ја доверило Божјото провидение и Тој ќе се погрижи за вас. Исус ќе ги продлабочи и прошири вашите благодати. Морате да вложите напори ако сакате на крај да бидете спасени. Дојдете на тие состаноци подготвени за работа. Оставете ги зад себе своите домашни грижи, дојдете да Го најдете Исуса и ќе Го најдете. Дојдете со своите дарови, во склад со благословите кои ги примивте. Покажете ја својата благодарност кон Творецот, Кој ви ги дарувал сите ваши благодати, со доброволни дарови. Никој не би требало да дојде со празни раце. „Донесете ги сите десетоци за да има храна во Мојот дом и испробајте Ме во тоа, вели Господ Саваот, нема ли да ви ги отворам небесните брани и да излеам благослов на вас прекумерно”. {2T 601.2}

Цел на црковниот собор е да се одвоиме од своите деловни грижи и товари и да посветиме неколку денови исклучиво на барање на Господа. Ова време треба да се исполни со испитување на самиот себеси, со внимателно истражување на срцето, со понизно признавање на гревот и обновување на заветот со Бога. Ако некој и би дошол на овие состаноци со помалку достојни цели, се надеваме дека самиот карактер на состанокот ќе го принуди да го насочи својот дух кон вистинските цели. {2T 601.3}

Многумина луѓе прекумерно работат подготвувајќи се за состаноците и така стануваат вистински маченици. Тоа се дарежливи луѓе кои не сакаат во ништо да покажат скржавост. Некои вршат обемни подготовки и доаѓаат толку заморени на состанокот што паѓаат исцрпени штом заврши тој нивен напор и дури тогаш се гледа колку ја злоупотребиле природата. Некои од нив можеби никогаш порано не присуствувале на состанок под отворено небо и затоа не знаат како треба да се подготват за тоа. Тие пропуштиле некои од тие прекрасни состаноци на кои имале намера да присуствуваат. Многу се греши во поглед на тие големи подготовки. На состаноците под ведро небо треба да се донесе здрава храна, едноставно подготвена, без никакви зачини и маст и ништо повеќе. {2T 601.4}

Ако луѓето се придржуваат кон здравствените правила при подготвување на храната, никој нема да се разболи подготвувајќи се за овие состаноци. Ако не прават торти и колачи туку обичен грахамов леб и се задоволат со зеленчук, свеж или конзервиран, нема да се разболат од подготовките ниту ќе бидат болни за време на состанокот. Никој не треба да го мине цел состанок без топла храна. Секогаш има полски кујни во кои оваа храна може да се добие. {2T 602.1}

Браќата и сестрите не смеат да дозволат да се разболат на состанокот. А до тоа сигурно нема да дојде ако добро се облекуваат во утринските и вечерните часови на свежина и внимаваат да се облекуваат според времето за да ја сочуваат добрата циркулација, ако настојуваат добро да спијат, да земаат едноставна храна и да не јадат меѓу оброците. Тогаш добро ќе се чувствуваат за време на состанокот, ќе имаат свеж дух и ќе бидат во состојба да ја сфатат вистината, така што ќе се вратат во своите домови закрепнати и духовно и телесно. Луѓето кои секој ден работеле на напорни работни места, прекинуваат со тоа за време на состанокот и затоа треба да земаат и помалку храна. Ако не постапуваат вака, ќе ги преоптоварат стомаците. Желба ни е на овие состаноци умот да биде свеж и во најдобро здравје, за да може да слушне и да ја запомни вистината, така што сите ќе ја применат во животот по враќањето од состанокот. Ако желудникот се преоптовари со прекумерно земање на храна, па и ако тоа е едноставно приготвено, мозокот мора со свои сили да им помага на органите за варење. Тогаш мозокот е преоптоварен и на луѓето им е речиси невозможно да ги држат очите отворени. Поради оваа нездрава состојба која доаѓа како последица на прекумерно внесување на храна, мозокот е целосно парализиран и не е во состојба да ја сослуша вистината која треба да ја запомни, разбере и да се управува според неа. {2T 602.2}

Би советувала барем секое утро да се земе нешто топло. Ова може да се постигне без многу напор. Можете да направите каша. Ако брашното е премногу крупно, просејте го и додајте млеко додека кашата е уште топла. Ова е највкусна и најздрава храна за излети. Ако лебот ви е сув, надробете го во кашата и така ќе ви годи. Не е добро да се земаат многу студени јадења, бидејќи така на организмот му се одзема енергијата поради загревање на јадењето до температурата на желудникот, бидејќи без ова не може да почне варењето. Второ многу едноставно, но добро јадење е пржен или варен грав. Ставете извесно количество од тоа во вода, додајте млеко и направете каша која може да се јаде со леб како и кашата од брашно. {2T 603.1}

Ме радува напредокот кој многумина го постигнаа во здравствената реформа, но ме растажува кога гледам како многумина сè уште заостануваат. Ако некој се разболи на состанокот, треба да ја пронајде причината и да го забележи овој случај. Не сакам нашите црковни собори да го загубат својот добар глас кој го уживаат поради тоа што ќе се раскажува дека луѓето на нив се разболувале. Ако на тие важни собири постапуваме онака како што треба, ќе направиме од нив голема благодат и за телесното и за духовното здравје. {2T 603.2}

---

75. ЕДЕН СВЕЧЕН СОН

Ноќта на 30 април 1871 година, отидов на починка многу потиштена. Три месеци бев во некоја состојба на голема обесхрабреност. Често со болка во душата молев за олеснување. Го преколнував Бога да ми подари помош и сила да се спасам од оваа потиштеност која ја рушеше мојата вера и надеж и ме онеспособуваше за корисна работа. Таа ноќ имав еден сон кој остави на мене многу благотворно влијание. Сонував

дека се наоѓам на еден многу важен состанок, на кој присуствуваа многу луѓе. Многумина понизно се молеа и изгледаше како да им е тешко во душата. Го преколнуваа Господа да им подари посебна светлина. Неколкумина од нив чувствуваа голем душевен страв. Тие со солзи гласно бараа помош и светлина. На овој значаен состанок присуствуваа и нашите најугледни браќа. Брат А ничкум падна на подот, очевидно во длабока потиштеност, додека неговата жена седеше меѓу луѓето кои рамнодушно се потсмеваа. Таа се однесуваа така како да сакаше сите да видат дека таа им се потсмева на оние кои манифестираа понизност. {2T 604.1}

Сонував дека Божјиот Дух се симна на мене, дека сред вапењата и молитвите станав и реков дека Духот на нашиот Господ Бог е на мене. Наредено ми е да ви кажам дека морате да почнете да работите сами за себе. Вие се обраќате на Бога и сакате Тој да го изврши она дело кое ви го доверил вам. Ако сами го извршите она дело кое треба да го извршите, Бог ќе ви помогне секогаш кога ќе ви затреба помош. Не извршивте многу нешта кои Бог ви ги доверил да ги направите. Го повикавте Бога Тој да го изврши вашето дело. Да одевте по светлината која Бог ви ја подари, Тој би ви подарил уште поголема светлина. Но вие не се обзиравте на опомените, советите и укорите кои ви беа упатувани. Како тогаш можете да очекувате од Бога да ви подари уште поголема светлина и благослови, за повторно да ги презирате и отфрлите? Бог не е човек; со Него не треба да се шегуваме. {2T 604.2}

Ја земав драгоцената Библија и ги опкружив со неколку Сведоштва за Црквата, кои му беа дадени на Божјиот народ. Овде се изнесени случаите на сите. Укажано ми е на гревовите од кои треба да се чуваат. Тие овде можат да го најдат советот кој го бараат, бидејќи веќе е даден за случаите кои се слични на нивните. Бог одлучил да ви даде заповед по заповед, правило по правило. Но меѓу вас нема многу такви кои навистина знаат што содржат Сведоштвата. Не го познавате ниту Светото Писмо. Ако добро ја проучивте Божјата реч, со желба да живеете според барањата на Библијата и да постигнете христијанско совршенство, Сведоштвата не би ви биле потребни. Токму поради тоа што не сакавте да се запознаете со вдахновената Божја книга, Тој посака да дојде до вас со едноставни, непосредни сведоштва кои ви обраќаа внимание на зборовите на вдахновение на кои не се покорувавте и да ве повикува својот живот да го сообразите на нејзините чисти и возвишени учења. {2T 605.1}

Господова намера е да ве предупреди, укори и советува преку дадените сведоштва и да влее свест за значењето на вистината на Неговата реч. Пишаните сведоштва не даваат некаква нова светлина, туку треба живо да ги импресионираат врз срцето веќе откриените вистини на вдахновението. Во Божјата реч е точно одредена должноста на човекот кон Бога и кон ближните, но малку се оние кои се покоруваат на дадената светлина. Дополнителна вистина не е изнесена; меѓутоа Бог преку Сведоштвата ги упростил големите вистини кои веќе се дадени, и кои Тој им ги открил на народот на начин кој Самиот го одбрал, за да го пробуди нивниот ум, оставајќи на него траен впечаток, за никој да нема изговор. {2T 605.2}

Горделивоста, самољубието, себичноста, омразата и зависта ги помрачиле умните способности и затоа вистината, која би ве направила мудри за спасение, ја загубила својата сила да го придобие духот и да го води. Бидејќи луѓето не се гладни ниту жедни за библиското сознание за чистотата на срцето и светоста на животот, не се во состојба

да ги сфатат ниту најосновните начела на богоугодниот живот. Сведоштвата не се напишани за да ја намалат важноста на Библијата туку за да ја возвишат и да го привлечат кон неа духот на луѓето, за да ја сфатат едноставната убавина на вистината. {2T 605.3}

Како што Божјата реч е оградена со книги и брошури, така и вас Бог ве оградил со укори, совети, опомени и охрабрувања. Вие повикувавте кон Бога за нова светлина во агонија на својата душа. Бог ме овласти да ви кажам дека ниту еден зрак на светлина нема преку сведоштвата да ја осветли вашата патека, сè додека во животот не ја примените светлината која веќе ви е дадена. Бог ве огради со светлина, но вие не ја ценевте туку ја фрливте под нозе. Додека едни ја презираа светлината, други ја занемаруваа или рамнодушно одеа по неа. Малку се оние кои одлучија во срцето да се покоруваат на светлината која Бог им ја подарил. {2T 606.1}

Некои преку сведоштвата примија посебни опомени, но веќе за неколку седмици заборавија на укорите кои им беа дадени. На некои сведоштвата им беа повторени по неколку пати, но тие не ги сметаа толку важни за да мораат да им се покоруваат. Ги сметаа за бесмислени приказни. Да одеа според светлината која им беше дадена, би избегнале многу загуби и искушенија кои им изгледаат мачни и строги. Но само себеси можат да си префрлаат поради тоа. Го земаа на себе јаремот и сега им е тешко да го носат. Христос не го ставил тој јарем на нив. Бог ја покажал Својата грижа и љубов кон нив, но нивните себични, зли и неверни души не беа во состојба да ја согледаат Неговата добрина и милост. Тие брзаат и понатаму водени од сопствената мудрост и ќе брзаат сè додека, совладани од искушенијата и збркани од тешкотиите, сатаната не ги фати во своите стапици. Ако ги прифатите зраците на светлината кои Бог ви ги даде во минатото, тогаш Тој ќе ви испрати поголема светлина. {2T 606.2}

Ги упатив на стариот Израел. Бог им го подари Својот закон, но тие не сакаа да се покоруваат. Потоа Тој им дал церемонии и обреди за на тој начин да го задржат Бога во своето сеќавање. Меѓутоа, тие биле склони бргу да го заборават и Него и Неговите наредби, па било неопходно постојано да се поттикнува нивниот дух за да ја сфатат својата обврска да го слушаат и да го величаат својот Творец. Доколку биле послушни и ги држеле Божјите заповеди, не би било потребно тоа мноштво церемонии и обреди. {2T 607.1}

Кога народот кој за себе тврди дека е избрано Божјото богатство, би се покорувал на заповедите кои се дадени во Неговата реч, не би биле потребни посебни сведоштва да го повикуваат на вршење на должностите и да му објаснат колку е грешно и опасно да не се покоруваат на Божјата реч. Совеста отапела затоа што луѓето ја отфрлиле и презреле светлината. И затоа Бог ќе му ги одземе на народот сведоштвата, ќе го лиши од сила и ќе го понизи. {2T 607.2}

Сонував дека Божјата сила толку силно се симна на мене додека зборував, дека потполно ја загубив силата, иако немав визија. Видов како мојот сопруг истапи покрај мене пред народот, извикувајќи: „Ова е чудесна Божја сила. Тој направи од сведоштвата едно моќно средство за спасување на душите, и уште посилно ќе делува преку нив отколку што тоа го правеше досега. Кој ќе биде на Господова страна?” {2T 607.3}

Сонував колку голем број на луѓе стана и се одзва на овој повик. Некои дрско седеа, други покажуваа презир и потсмев, додека неколкумина така се однесуваа како тоа да

не ги интересира. Некој ми пристапи и рече: „Бог те подигна и ти подари зборови како на никој порано, за да му зборуваш на народот и да допреш до срцата на луѓето. Тој ги даде сведоштвата за да им помогнат на луѓето на кои им е потребна помош. На тебе нека не влијае презирот, потсмевот, укорувањето и префрлувањето. Ако сакаш да бидеш посебно Божје орудие, не смееш да се потпираш на никого, освен на Него. Обвиткај се околу Него како лозата со своите ластарки. Тој ќе те претвори во орудие со кое на народот ќе му пружа светлина. Секој ден мораш да добиваш нова сила од Бога за да закрепнеш и за твојата околина да не ја намали светлината која Тој преку тебе ја испраќа на Својот народ. Сатаната настојува да спречи светлината да не дојде до Божјиот народ, а таа толку му е потребна во опасностите на овие последни денови. {2T 607.4}

Твојот успех лежи во твојата едноставност. Штом ќе отстапиш од неа и ќе почнеш да ги користиш своите сведоштва да им угодат на желбите на било кој човек, твојата сила ќе исчезне. Денес е речиси сè вештачки разубавено и нереално. Светот е преполн со сведоштва дадени да восхитат еден момент и да го издигнат сопственото 'јас.' Твоето сведоштво има поинаква природа. Тоа се спушта до она најситно во животот, одржувајќи ја слабата вера да не умре и убедувајќи ги верниците дека должност им е да бидат светлина на светот". {2T 608.1}

„Бог ти ги подарил сведоштвата за на отпадникот и грешникот да му ја покаже неговата вистинска состојба, нивната неспоредлива загуба ако и понатаму одат по патот на гревот. Бог ти го открил ова во визија и твојата одговорност е исто толку голема како што е голема светлината која ти ја подарил. 'Не со сила ниту со крепост туку со Дух, вели Господ Саваот.' Подигни го својот глас како труба и објави му ги на Мојот народ неговите беззаконија и на Јаковвиот дом нивните гревови". {2T 608.2}

Овој сон на мене остави силен впечаток. Кога се разбудив, исчезна мојата потиштеност, мојот дух беше ведар и почувствував голем мир. Ја немаше веќе онаа слабост која ме онеспособуваше за работа и јас се почувствував толку силна како што не се чувствував со месеци. Ми се пристори дека Бог ги испрати Своите ангели да ми донесат олеснување. Моето срце се исполни со нескажана благодарност поради оваа голема промена - од очај во светлина и радост. Знаев дека помошта дојде од Бога. Овој настан ми изгледаше како Божје чудо и јас нема да бидам неблагодарна за оваа Негова љубов. {2T 608.3}

---

76. ОДНЕСУВАЊЕ И ОБЛЕКУВАЊЕ НА ПРОПОВЕДНИКОТ

Ефесјаните 3:6,7: „За да бидат и незнабошците сонаследници, делови на едно тело, и соучесници на Божјото ветување во Христос Исус преку евангелието, на кое му станав слуга според дарот на благодатта Божја, дадена по дејство на Неговата сила". {2T 609.1}

„На кое јас му станав слуга," не значи само да им се презентира на луѓето вистината, туку истата да се спроведува во животот. {2T 609.2}

„И да расветлам на сите што се во што се состои распределбата на тајната, криена од векови во Бога" (Стих 9). Тоа не се однесува само на зборовите кои излегуваат од

устата; тоа не се однесува само на тоа да се биде речит во зборувањето и молењето; тоа значи да се направи Христос да се осознае, Христос да биде во нас, Христос да се осознае од оние кои слушаат. {2T 609.3}

„Кого ние го проповедаме, вразумувајќи ги сите луѓе и учејќи ги со сета мудрост," не како почетници, не во незнаење, „за да го претставиме секој човек совршен во Христос; затоа се трудам и се борам. Зашто Неговата сила со голема моќ дејствува во мене". (Колосјаните 1:28, 29). Божјото дејствување, Божјата благодат, сфатена и почувствувана, влијаејќи врз животот и постапките, е она што треба да направи чувствителен отпечаток врз оние кои слушаат. {2T 609.4}

Но не е само тоа во прашање. Мора да се обрне внимание и на некои други работи, кои некои ги занемариле, но кои, според светлината што ми е дадена, има големо значење. На народот влијае и држењето на говорникот зад проповедална, неговото однесување и неговиот начин на говор. Ако ова биде онака како што Бог сака, влијанието кое ќе го остави проповедникот ќе оди во прилог на вистината; ова особено поволно ќе делува на луѓето кои дотогаш слушале само приказни. Од голема важност е проповедникот да биде скромен и достоинствен во своето однесување, кое треба да биде во склад со светите и возвишени вистини кои ги проповеда, за поволно да се влијае на оние кои според природа не се наклонети на верата. {2T 609.5}

Грижливоста во облекувањето е од големо значење. А во тој поглед имало многу пропусти од страна на проповедниците кои веруваат во сегашната вистина. Некои дури биле неуредни. Не само што немале вкус и уредност во облекувањето и не внимавале бојата на оделото да биде пристојна и да одговара на Христовиот проповедник, туку понекогаш биле немарни. Некои проповедници носат капут и светли панталони и се појавуваат пред народот во неуредно одело. Сето ова држи проповед на народот. Проповедникот им дава на луѓето пример на уредност, чистота и вкус во облекувањето, или пак им покажува дека човекот може да биде неуреден и без никаков вкус. А луѓето се склони да се угледаат на тоа. {2T 610.1}

Црно или темно одело најмногу му прилега на проповедникот зад проповедална и ќе остави подобар впечаток на луѓето отколку ако на себе има облека во две или три различни бои. {2T 610.2}

Укажано ми е дека на израелевите синови во минатото Бог им дал посебни упатства во поглед на материјалот и кројот на облеката на оние кои Му служеле како свештеници. Небесниот Бог кој го одржува светот и дава живот и дишење јасно покажал дека оние кои Му служат можат да Го слават или да Го сраматсо своето облекување. Тој на Мојсеј му дал посебни упатства во поглед на сè што се однесува на служба на Него. Тој дури дал упатства во врска со уредувањето на нивните домови и одредил какво одело треба да носат оние кои ја вршеле должноста на свештеник во Неговата служба. Тие требало во сè да бидат уредни и особено да внимаваат на чистотата. {2T 610.3}

Читајте ги упатствата кои му биле дадени на Мојсеј за израелевите синови кога требало Бог да дојде на гората и да им го објави Својот свет закон. Што според налогот даден на Мојсеј народот требало да направи? Да се подготви за третиот ден, бидејќи третиот ден Господ ќе се симне на гората да се појави пред целиот народ. Требало да постават меѓи околу гората. „И Господ му рече на Мојсеј: оди кај народот, и освети го и кажи му да ги испере своите облеки". Тој голем и моќен Бог Кој го создал прекрасниот

Едем и сè што е убаво во него, е Бог на редот и сака Неговиот народ да биде уреден и чист. Тој моќен Бог го упатил Мојсеј да му каже на народот да ја испере својата облека за да нема нечистотија на неговите облеки ниту на телото на луѓето кога ќе излезат пред Господа. И Мојсеј се симнал од гората меѓу народот и сите ги испрале своите облеки како што наредил Бог. {2T 611.1}

За да покаже како треба да бидат строги во поглед на чистотата, Мојсеј требало да стави еден мијалник помеѓу шаторот од состанок и олтарот „и да налее вода во него". Мојсеј и Арон и Ароновите синови кои ја вршеле Божјата служба морале да ги исперат своите раце и нозе во него кога би заминувале во шаторот од состанок или кога би излегувале пред Господа. {2T 611.2}

Тоа била заповед на големиот и моќен Бог. На оние кои доаѓале пред Него не смеело да има ништо неуредно. А зошто сето тоа? Која била целта на таа строгост? Дали само тоа народот да му угоди на Бога? Дали само затоа за да го добие Неговото одобрување? Мене како причина ми беше наведено тоа дека целта била да се остави добар впечаток кај народот. Кога оние кои вршат света служба не би покажувале грижливост и почит кон Бога со тоа што ќе внимаваат на својот изглед кога ќе излегуваат пред Него, тоа на народот ќе му даде возвишен поим за Бога и за Неговите барања. Така на луѓето им се укажувало дека Бог е свет, дека Неговото дело е свето и дека сè што е во врска со Неговото дело мора исто така да биде свето, слободно од сè што би прилегало на нечистотија и неуредност. Оние кои стапуваат во Божја близина мораат да ја отфрлат од себе сета нечистотија. {2T 612.1}

Врз основа на светлината која ми е дадена, гледам дека многумина биле невнимателни во овој поглед. Би можела да зборувам за тоа како и Павле. Ова се огледува во запоставувањето на телото и уредноста. Тоа своеволно понижување и немарност кон надворешниот изглед не е онаа понизност која небото ја бара. Таа понизност значи дека личноста, постапките и облеката на оние кои ја проповедаат светата Божја вистина треба да зрачи со уредност и потполна чистота, така што сè што е во врска со нас предизвикува почит и наклонетост кон нашата света вера. Дури и самата облека претставува препорака за неверниците. Таа сама по себе е проповед. {2T 612.2}

Но често се појавуваат неправилности зад самата проповедална. Разговарајќи помеѓу себе зад проповедалната и тоа пред народот, смеејќи се и оставајќи впечаток дека не чувствуваат никаков товар на должноста или пак сериозност на својот свет повик, тие ја срамат вистината и она што е свето го спуштаат на ниво на земското. Овие примери ја намалуваат кај народот страхопочитта кон Бога и го одвојуваат од светата достоинственост на евангелието за кое Христос умрел да го направи големо. Според светлината која ми беше дадена, на Бога би му било угодно кога проповедниците би клекнале на молитва пред стапувањето на проповедалната и сериозно би побарале помош од Господа. Каков впечаток би предизвикало ова? Народот би ја почувствувал сета сериозност и стравопочит на моментот. Нивниот проповедник се обраќа на Бога, тој се доверува на Бога пред да се осмели да застане пред народот. Чувството на свеченост ги обзема луѓето и Божјите ангели се приближуваат. Стапувајќи на проповедалната, проповедникот треба најнапред да Му се обрати на Бога и со тоа ќе покаже дека Бог е извор на неговата сила. {2T 612.3}

Проповедникот често со своето неуредно облекување одбива луѓе со вкус и префинети чувства. Оние кои грешат во овој поглед би требало да ги исправат своите мани и да бидат внимателни. Поради неуредноста на проповедникот загубени се неколку души. Уште при првата прилика тој оставил неповолен впечаток, бидејќи луѓето никако не биле во состојба да ја доведат неговата надворешност во врска со вистините кои тој ги проповеда. Неговото одело зборувало против него и тој оставил впечаток дека луѓето кои тој ги претставува се многу неуредни, бидејќи ниту најмалку не внимаваат на своето облекување. Неговите слушатели нема да посакаат никаква врска со такви луѓе. {2T 613.1}

Според светлината која ми е дадена, нашиот народ многу грешеше во овој поглед. Проповедниците понекогаш излегуваа на проповедална бушави, како со седмици да не допреле четка или чешел. Бог се посрамува со тоа што луѓето кои се посветиле на Неговата служба имаат толку неугледна надворешност. Некогаш од свештениците се барала облека со посебен крој при служењето во светилиштето и во светата служба. Нивното одело требало да одговара на нивниот повик и Бог точно одредил како тоа треба да изгледа. Мијалникот бил поставен помеѓу олтарот и присутните, така што секој пред да стапи пред Господа би ги измил своите раце и нозе пред очите на останатите. Каков впечаток тоа требало да остави на народот? Тоа требало да покаже дека мора да се отстрани сиот прав пред да излезе пред Бога; зашто Тој е толку возвишен и свет, што секој оној кој не ги исполнува тие услови, ќе го снајде смрт. {2T 613.2}

Меѓутоа, погледнете како денес се облекуваат некои наши проповедници. Некои кои се занимаваат со свети работи носат таква облека што тоа во извесен степен, го уништува влијанието на нивната работа. Постои очевидно лош вкус во поглед на бојата и недостатокот на уредност. Каков впечаток создава таквиот начин на облекување? Таков, што тие својата работа не ја сметаат посвета или повозвишена од обичната работа, како што е орањето на нива. Со своето држење проповедникот го спушта она што е свето на ниво на обични работи. {2T 614.1}

Влијанието на таквите проповедници не е угодно на Бога. Ако некој биде наведен да ја прими вистината благодарение на нивниот труд, тој често се угледува на својот проповедник и се спушта на негово ниво. Таквите луѓе потешко ќе се превоспитаат и потешко ќе им се укаже на правилниот став отколку да се обратат кон вистината луѓе кои никогаш не слушнале за неа. Господ бара од Своите проповедници да бидат чисти и свети, правилно да ги прикажуваат начелата на вистината со својот сопствен живот и со својот пример да ги издигнат другите на повисоко ниво. {2T 614.2}

Бог бара сите кои тврдат дека му припаѓаат на Неговиот избран народ, иако не се учители на вистината, грижливо да ја негуваат својата лична хигиена и чистота, уредност во својот дом и во сè спомнато. Ние сме пример на светот, живи посланиија кои ги познаваат и читаат сите луѓе. Бог бара од сите кои исповедаат побожност, а особено од оние кои ја проповедаат вистината на другите, да се воздржуваат од сè што изгледа дека е зло. {2T 614.3}

Според светлината која ми е дадена, проповедништвото е света и возвишена служба и оние кои се прифаќаат за таа должност мораат да го имаат Христа во своето срце и да покажуваат сесрдна желба достојно да Го претставуваат пред народот во сите свои постапки, во облекувањето, говорот, па дури и со својот начин на зборување. Тие

треба да зборуваат со достоинство. Некои не оставаат таков впечаток на народот каков што би можеле да остават, бидејќи многу високо го подигаат својот глас и викаат изнесувајќи ја вистината. Кога се изложува на таков начин, вистината многу губи од својата благост, од својата сила и свеченост. Меѓутоа, ако силината на гласот правилно е одмерена, ако во него има свечен призвук, ако делува трогателно, тогаш ќе остави многу подобар впечаток. Со таков глас Христос ги поучувал Своите ученици. Тој им се обраќал на свечен начин и зборувал трогателно. Меѓутоа, што се постигнува со гласно викање? Тоа не му пружа на народот никакво повозвишено гледиште за вистината и не влијае подлабоко на него. Тоа само создава непријатен впечаток на слушателите и ги заморува говорните органи на говорникот. Гласот има значајна улога во влијанието на срцето на слушателите. {2T 615.1}

Многумина кои би можеле да бидат корисни луѓе ги исцрпуваат своите животни сили и ги уништуваат белите дробови и говорните органи со начинот на кој зборуваат. Многу проповедници се навикнале набрзина да го кажат она што имаат да го кажат, како да повторуваат некаква лекција и притоа брзаат што побргу да ја завршат. Тоа не е начин на кој треба да се зборува. Со неопходна грижливост секој проповедник може да се воспита себеси да зборува јасно и чувствително, а не набрзина да натрупува зборови, не дозволувајќи си себеси ниту да здивне. Проповедникот треба да зборува умерено бавно за неговите мисли при излагањето да најдат место во умовите на луѓето. Меѓутоа, ако вистината набрзина се изложува, тогаш луѓето не можат да ја задржат во своето помнење и немаат време подлабоко да се осведочат за значењето кое таа го има; вистината не ги допира онака како што би ги допрела ако била изложена на поинаков начин. {2T 615.2}

Да се зборува од грло, да се изговараат зборови со горните делови на говорните органи и на тој начин да се надразнуваат и заморуваат - тоа не е најдобар начин за зачувување на здравјето и зголемување на способностите на тие органи. Морате да вдишете воздух со полни бели дробови и напорот да се препушти на стомачните мускули. Белите дробови мораат да бидат само канал, но не смеете на нив да се потпрете за цела работа. Ако зборовите доаѓаат од длабочина, со помош на стомачните мускули, можете со леснотија да им зборувате на илјадници, како кога би зборувале на десетмина. {2T 616.1}

Некои наши проповедници се убиваат сами себе со долги, заморни молитви и гласен говор, додека понизок тон би оставил подобар впечаток и би ги заштедил нивните сили. Доколку продолжите така, не обзирајќи се на законите на животот и здравјето, и доколку подлегнете на моменталното расположение, не ја префрлајте на Бога одговорноста кога еден ден ќе бидете скршени. Често губите време и сила поради долгите уводи и извинувања пред почетокот на проповедта. Наместо да се извинувате што морате да му се обратите на народот, треба да пристапите на својата работа така како Бог да ви наредил да им се обратите. Некои се извинуваат по половина час. Така, времето минува и кога ќе преминат на работа и сакаат да ги изложат начелата на вистината, луѓето веќе се заморени и не ја увидуваат силата на начелата ниту тие оставаат впечаток на нив. Битните точки на вистината морате да ги изложите јасно за луѓето да можат да ги сфатат. Тогаш тие ќе ги забележат доказите кои сакате да ги изложите и ставот кој сакате да го поддржите. {2T 616.2}

Постои и друг вид на проповедник кој му се обраќа на народот со плачлив глас. Божјиот Дух не ги омекнал срцата на таквите проповедници и тие сметаат дека мораат да создаваат впечаток со надворешни знаци на побожност. Таквото држење не ја издигнува библиската служба, туку ја уништува и понижува. Проповедниците мораат да ја изложуваат вистината која е исполнета со топлината на Божјата слава. Тие мораат да зборуваат на таков начин што правилно ќе Го прикажат Христа и ќе го сочуваат достоинството на проповедникот. {2T 617.1}

Долгите молитви кои ги упатуваат некои проповедници претставуваа големо промашување. Долгите молитви не се ниту најмалку на место; тие штетат и на работата и на говорните органи. А таквите проповедници потоа зборуваат дека ги упропастила тешката работа. Тие си нанесуваат штета сами на себе таму каде што тоа не е потребно. Многумина чувствуваат дека молитвата повеќе штети на нивните говорни органи од самиот говор. Тоа е последица на неприродната положба на телото и на начинот на кој се држи главата. Тие можат да стојат и да зборуваат, а притоа да не се чувствуваат лошо. Положбата при молитвата мора да биде потполно природна. Долгата молитва заморува и не е во склад со Христовото евангелие. Половина час или петнаесет минути е премногу. Неколку моменти се доволни за вашиот случај да се изнесе пред Бога и да Му покажете што сакате. Луѓето не треба да се заморуваат и да се намалува нивниот интерес за побожност и молитва. На тој начин тие ќе бидат освежени и зацврстени, а никако исцрпени. {2T 617.2}

Многумина прават грешка со тоа што долго се молат, долго проповедаат, и тоа гласно, напрегнато, со неприроден тон, со силно напрегање. Проповедникот на тој начин непотребно се заморува сам себеси и ги одбива луѓето со претераноста на своите напори, што е сосем излишно. Проповедниците треба така да зборуваат да допрат до народот и да влијаат на него. Христовите учења биле свечени и значајни, Неговиот глас милозвучен. Зар тогаш и ние не би требало да се потрудиме гласот да ни биде пријатен, мелодичен? Тој поседувал моќно влијание бидејќи бил Божји Син. Ние сме толку под Него и имаме толку недостатоци што нашите напори се секогаш сиромашни, дури и да го правиме најдоброто што можеме. Ние не можеме да постигнеме ниту да го поседуваме влијанието кое Христос го вршел. Меѓутоа, зошто не би се воспитувале да се приближиме на нашиот Пример колку што е можно, за да вршиме најголемо можно влијание на народот? Нашите зборови, постапки, однесување и облекување - сето тоа треба да проповеда. Ние не смееме да му зборуваме на народот само со зборови, туку и со сето она што припаѓа на нашата личност; сето тоа треба да претставува проповед за на луѓето да оставиме позитивен впечаток и тие да ја пренесат вистината и во својот дом. Така нашата вера ќе заблеска пред луѓето со посилна светлина. {2T 617.3}

Никогаш порано не го сфатив така како денес возвишениот карактер на Божјото дело, Неговата светост и важност ние да бидеме достојни за делото. Јас и сама ја чувствувам таа потреба во себе. Морам повторно да се подготвам, морам да добијам свето помазување, инаку нема да можам и понатаму да ги поучувам другите. Морам да се научам да одам со Бога, да ја сфатам тајната на побожноста и да знам дека Божјата благодат е во моето сопствено срце, дека мојот живот е во склад со Неговата волја и дека одам по Неговата трага. Тогаш моите зборови ќе бидат вистинити и постапките исправни. {2T 618.1}

Меѓутоа, постои уште една точка на која речиси заборавив. Тоа е влијанието кое проповедникот треба да го врши во својата служба. Неговото дело не се состои само во тоа да стои зад проповедална. Тоа тука започнува. Тој мора да стапи во допир со разни семејства, да го воведе Христа кај нив, да држи проповеди, да ги спроведува тие проповеди на дело со своите постапки и зборови. Кога посетува некое семејство, тој мора да се распраша за нивната состојба. Дали тој е пастир на стадото? Делото на пастирот не завршува зад проповедалната. Тој мора да разговара со сите членови на стадото; со родителите за да ја дознае нивната состојба; со децата - за да ги разбере. Проповедникот мора да го храни стадото кое Бог му го доверил. Би било пријатно да се дојде дома и да се проучува; но ако тоа го правите запоставувајќи го делото кое Бог ви го доверил, тогаш правите зло. Никогаш не влегувајте кај некое семејство, а да не ги соберете сите негови членови и да не клекнете на молитва заедно со нив пред да си одите. Распрашајте се за здравјето на нивните души. Што прави вештиот лекар? Се распрашува за поединостите на случајот и се труди да одреди лек. Исто така лекарот кој ги лекува душите, треба да се распраша за болестите на душата од кои страдаат членовите на неговото стадо, а потоа да ги подготви потребните лекови и да го замоли Големиот Лекар да му дојде на помош. Пружете им ја помошта која им е потребна. Таквите проповедници ќе ја уживаат онаа почит и чест која им припаѓа на Христовите проповедници. А залагајќи се за другите, тие ќе ги одржат во живот и сопствените души. Тие мораат да црпат сила од Бога за да им ја пружат на другите на кои им служат. {2T 618.2}

Господ нека ни помогне да Го побараме со сето срце. Сакам секојдневно да ги собирам зраците на божествената слава кои доаѓаат од Божјиот престол и блескаат од лицето на Исуса Христа, протегајќи ги насекаде околу себе. Сакам сета да бидам светлина во Господа. {2T 619.1}

---

77. ЉУБОВ КОН ДОБИВКАТА

Драг брату Е, двапати започнував сведоштво за тебе, но не можев да го завршам поради недостиг на време. Тоа веќе не смеам да го одложувам, бидејќи чувствувам голем товар поради твојот случај. Пишував едно сведоштво за неколку наши проповедници и кога ќе се сетам на нивните случаи, потполно увидувам дека се наоѓаат во жална состојба. Твојот случај не претставува исклучок. Љубовта кон добивката, љубовта кон парите се манифестира сè повеќе кај нашите проповедници кои тврдат дека се Христови претставници. Примерот кој го даваат некои од нив е таков што луѓето стануваат обесхрабрени. {2T 619.2}

Некои проповедници стојат на патот на напредокот на Божјото дело и луѓето кои се угледуваат на нив отпаѓаат од Бога. Пред отприлика две години покажани ми се опасностите на кои се изложени нашите проповедници и последиците кои нивниот живот ги има врз Божјото дело. Јас зборував општо за тие работи, меѓутоа, оние кои најмногу грешат, се последни кои тие сведоштва ги применуваат на себе. Некои се толку

заслепени од сопствените себични интереси што го загубиле од вид возвишениот карактер на Божјото дело. {2T 620.1}

Брату Б, твојот живот е речиси целосно промашување. Ти имаше дарови, но не ги употреби на најдобар начин. Не се држеше како што треба во своето семејство; дозволи работите таму да се одвиваат како што не треба, а тие исти недостатоци ги покажа и во црквата. Господ ти даде светлина во поглед на твоите пропусти во семејството и во поглед на патот по кој треба да појдеш за да ти се прости минатото. Ти беше укажано на твоите недостатоци, но ти не го увидуваш гревот кој го правиш, не подготвувајќи ги своите деца за идниот живот. Ти ги оправдуваше нивните грешки, гревови, нивниот самоволен, безгрижен начин на живот и си ласкаше себеси дека тие постепено ќе излезат на вистинскиот пат. {2T 620.2}

Илија точно го претставува твојот случај. Понекогаш ги укоруваше своите деца, зборувајќи: „Зошто постапувате толку безбожно?" Меѓутоа, не ја вршеше својата власт како татко, како свештеник во својот дом, не заповедаше, ниту твојот збор беше закон во твоето семејство. Погрешно сфатената љубов која ти и твојата сопруга ја покажувавте кон децата, ве наведе да заборавите на свечената обврска која почива на вас како на родители. {2T 620.3}

На тебе брату Б, лежи двојна обврска: како Божји проповедник да управуваш со својот дом и да ги потчиниш своите деца. Меѓутоа, ти беше задоволен од нивните способности и ги оправдуваше нивните грешки. Нивниот грев не ти изгледаше толку одвратен. Го нажали Бога, речиси ги упропасти своите деца запоставувајќи ја својата должност и продолжи по тој пат иако Господ те укори и посоветува. Штетата која како семејство ја нанесовте на Божјото дело со своето влијание, во разни места на кои живеевте, е поголема од добрата кои ги направивте. Сатаната те заслепи и измами во поглед на твоето семејство. Ти и твојата сопруга ги воспитавте своите деца според сопствен пример. Вашите деца постапуваа онака како што сакаа. Тоа претставуваше тажна пречка во твојата работа како Христов проповедник, а запоставувањето на должностите да ги потчини своите деца доведе до уште поголемо зло кое може да ја оневозможи твојата корисност. Ти навидум му служеше на Божјото дело, додека всушност си служеше сам на себе. Божјото дело пропаѓа, а ти ревно изготвуваш планови како да извлечеш корист за себе. Душите се загубени поради тоа што ја запоставуваше својата должност. Ако за време на своето проповедништво го изградуваше Божјото дело, да пружаше пример работејќи за Божјото дело, не обѕирајќи се на сопствениот интерес, да се посветеше на тоа дело во целост, твојот начин на живот би можел донекаде да се оправда, иако Бог ниту тогаш не би го одобрил. Меѓутоа, бидејќи твоите недостатоци станаа толку очевидни во некои работи, бидејќи Божјото дело толку било оштетено поради примерот кој го даваше запоставувајќи ја должноста во своето семејство. Навредливо е за Бога привидно да служиш на Неговото дело, а всушност во исто време и понатаму да одиш само по своите сопствени интереси. {2T 620.4}

Ти често во својата работа будеше интерес кај другите и токму кога требаше најмногу да се заложиш во корист на Божјото дело, ти дозволуваше твоите домашни интереси да те одвлечат од него. Во многу случаи не истраа во своите напори за да се убедиш дека сите навистина се одлучиле за или против вистината. Не води добра војна оној кој, започнувајќи војна против сатаната, неславно го напушта бојното поле во екот

на битката, пружајќи му така на непријателот можност уште подобро да ги приврзе за себе оние кои се подготвувале да ги напуштат неговите редови и да преминат на Христова страна. Интересот кој еднаш ќе попушти не може никогаш повеќе да се пробуди. Можеби ќе се придобијат неколкумина, но повеќето ќе останат рамнодушни и нивните срца никогаш нема да бидат смекнати од изнесувањето на вистината. {2T 621.1}

Проповедникот Ц го загуби својот углед и ја ослабна силата затоа што почна да шпекулира и тоа со своите браќа. Тоа е голема навреда за Бога од страна на Христовиот проповедник. Но ти го правеше истото. Својата љубов кон трговијата ја правдаше со неговиот пример. Одеше по сопствената корист и го оправдуваше тоа со фактот дека и останатите проповедници го прават истото. Останатите проповедници не се мерило за тебе. Ако тие го рушат својот углед и се лишуваат од Божјата љубов и од довербата на своите браќа, не треба да се оди по нивниот пример. Христос е наш углед и ти не смееш да се извинуваш повикувајќи се на примерот на другите луѓе, освен ако живеат онака како што живеел Христос. Твоето влијание ќе биде смртоносно за Божјото дело ако и понатаму продолжиш по тој пат по кој одиш веќе неколку години. Твоето тргување и земање на пари од браќата, пари кои не си ги заслужил, се големи гревови во Божјите очи. {2T 622.1}

Многу луѓе се лишуваа од неопходните средства за живот на своето семејство за да ти помогнат и ти ја примаше оваа помош. Павле им пишува на своите браќа Филипјани: „Не гледајте секој на своето, туку и за другите". Исто така, тој им пишува на своите браќа во Коринт: „Никој да не гледа што е негово туку секој да гледа што е на друг". И потоа тажно вели: „Зашто сите бараат што е нивно, а не што е на Исуса Христа". {2T 622.2}

Во тебе сè повеќе јакнее склоноста да гледаш само на својата корист и сите твои зборови се одраз на сребролубие. Павле ги предупредува своите браќа од еврејството: „Не бидете сребролупци; бидете задоволни со она што го имате. Зашто тој кажа: нема да те оставам, ниту ќе отстапам од тебе". Поради љубовта кон парите ти го жртвуваше својот добар глас и углед. Божјото дело е изложено на напади поради тоа што ваков дух завладеал со проповедниците. Ти си слеп и не гледаш како сето тоа му е одвратно на Бога. Доколку одлучи да продолжиш по овој пат и да грабаш од светот сè што може да се приграби, направи така, но тоа нека биде под наметката на Христовиот проповедник. Твоето време е или посветено на Божјото дело, или не е. Твоите сопствени интереси дошле на прво место. Ти посветуваш на своите лични работи премногу од она време кое би требало да го посветиш на Божјото дело, па примаш од Божјата ризница пари кои не си ги заслужил. Подготвен си да примиш пари и од оние кои живеат полошо од тебе. Ти не гледаш како живеат тие луѓе и не чувствуваш кон нив ниту милосрдие ниту сожалување. Не се прашуваш дали оние кои те помагаат, можат да го прават тоа. Понекогаш всушност ти би требало да им помогнеш ним, а не тие на тебе. Треба да се промениш, па дури тогаш Божјото дело ќе напредува во твојата рака. Потполно се посвети на грижата за својот дом и за своите ниви. Не се предаде на делото. Своето постојано задржување дома го оправдуваше со тоа што на твоите деца им е потребна нега и грижа и дека мораш да бидеш со нив за да живееш според светлината која ти е дадена во визија. Но брату Б, дали ти го правеше тоа? Сега се извинуваш со тоа дека децата ти се премногу големи за да можеш да заповедаш и дека не можеш да ги

контролираш. Тоа не е точно. Ниту едно од твоите деца не пораснало толку да не може да ги слуша своите родители и да се покорува на твоите наредби и тоа сè додека престојуваат под твој покрив. Колку стари биле Илиевите синови? Тие биле женети луѓе, а Бог сепак барал од Илија, нивниот татко, да ги контролира. {2T 623.1}

Сега твоите два најстари сина навистина не можат да се контролираат, но не беа такви тогаш кога Бог ти испрати светлина, дека им попушташ на нивна пропаст и дека би требало да ги дисциплинираш. Но ти имаш уште три помлади деца кои одат по патот на грешниците, кои се непослушни, неблагодарни, непосветени, деца кои повеќе ги сакаат задоволствата отколку Бога. Твојот најмлад син оди по стапките на својот брат. Каков е твојот став кон него? Дали го навикнуваш да биде вреден и корисен? Дали се фати за делото во кое толку страшно многу попушти и дали го откупуваш минатото? Дали трепериш додека ја слушаш Божјата реч? {2T 624.1}

Твојата немарност во домот е чудна за човек кој го има Светото Писмо и Сведоштва кои се упатени посебно на тебе и во кои е укажано на твоите пропусти. Твојот син работи што му е волја. Ти не го контролираш. Не го воспита и научи да ги носи животните товари. Тој е лошо момче, но поради твојата немарност. Неговиот живот е прекор за неговиот татко. Ти знаеше што ти е должност, но не ја исполнуваше. Тој нема ниту поим за вистината. Смета дека може да оди по својот пат, така што со него владее сатаната. Ти се повикуваше на своите деца како извинување што остануваш дома но, брату Б, тебе на прво место ти беа земските интереси. {2T 624.2}

Тебе Божјото дело не ти лежи на срцето и затоа на Божјиот народ не му даваше пример вреден за имитирање. Во Минесота се потребни работници, а не само проповедници кои се шетаат од место до место кога ќе посакаат. На Божјото дело му се потребни совесни луѓе, кои себичните и земски интереси нема да можат да ги одвојат од работата и од должноста. Минесота е едно широко поле за работа и во неа има многу луѓе кои се приемчиви за вистината. Кога црквите би почнале одлучно со работа и би станале дисциплинирани, од нив би заблескала светлина која би се видела во цела таа држава. Можеше да направиш десет пати повеќе во Минесота отколку што направи. Но светот се поставил помеѓу тебе и Божјото дело и го поделил твојот интерес. Твоето срце се повело по себичните цели и од него исчезнала силата на вистината. Во тебе треба да се изврши една голема промена за повторно да станеш способен за работа. Всушност ти вложи многу малку сесрдни напори. Но затоа ревно се трудеше да го земеш она што сметаше дека ти припаѓа. Гледаше на своите лични интереси и ги користеше на штета на другите. Извесно време одеше во таа насока и со твојот углед е свршено, ако не запреш. Мојсеј Хал одеше по тој пат. Тој зборуваше само за пари и грабаше сè што можеше да дофати. Вистината и нему не му беше толку длабоко вкоренета за да ја победи неговата себичност. {2T 624.3}

Б.Ф.Снук се наоѓаше во многу бедна состојба кога ја прифати вистината. Милосрдните души се лишиле од удобноста, па дури и од некои животни потреби, за да му помогнат на овој проповедник за кого мислеа дека е верен Христов слуга. Луѓето го правеа сето ова во добра вера, помагајќи му како што би му помогнале на својот Спасител. Меѓутоа, токму тоа го упропасти овој човек. Неговото срце не беше искрено пред Бога; тој немаше начела. Всушност тој не се преобрази. Колку повеќе добиваше, толку поголема беше неговата желба за пари. Земаше сè што можеше од своите браќа

кои во својата дарежливост толку му помогнаа што стекна еден убав дом. Тогаш стана отпадник и најлут непријател на оние луѓе кои беа најдарежливи кон него. Овој човек ќе мора да положи сметка за парите кои ги земаше од искрените луѓе кои веруваат во вистината. Тој не им ускратуваше ним, туку на Божјата ризница.ие не му посакуваме никакво зло „бидејќи секое дело Бог ќе го изнесе на суд и секоја тајна, без разлика дали е добра или зла". Тој одеше по патот по кој го водеа неговото срце и неговите очи, но Бог ќе му суди за сето тоа. Тогаш ќе излезат на виделина сите дела скриени во темнина и ќе се обелоденат тајните намери на срцето. {2T 625.1}

Брату Б, ти не си како тие луѓе. Ние не сакаме да те споредуваме со нив. Но би сакале да ти кажеме да внимаваш да не појдеш по нивните стапки и да не станеш сребролубец. Желбата на проповедниците да набават пари поради себични цели претставува стапица која ќе ги упропасти ако продолжат така. Штом ќе почнат да мислат само на своето, во нив исчезнува интересот за напредок на Божјото дело и љубов за вистината. Нивното скршнување од вистинскиот пат е постепено и незабележливо, што често е многу тешко да се каже кога во нив дошло до промена. {2T 626.1}

Сметам дека одиш по многу опасен пат. Не увиде колку е потребно да одиш во светлината која Бог ти ја подари и да се пробудиш за да го спасиш своето семејство, извршувајќи ги должностите на татко и свештеник на своето семејство. Ти не ја негираше светлината која ти беше дадена, ниту се подигна против неа, но пропушти да живееш во неа, бидејќи не ти годеше така да постапуваш. Затоа си сличен на жителите на Мироз. Не дојде да му помогнеш на Господа, иако работата беше важна, бидејќи во прашање беа вечните интереси на твоите деца. Ти ја занемари својата должност и во тој поглед беше мрзлив слуга. Не сфати сериозно како Бог гледа кога родителите пропуштаат да ги воспитаат своите деца. Ако овде извршеше реформа, би увидел дека исти напори се потребни и во црквата за и во неа да се воспостави ред и дисциплина. Твојата немарност во семејството се одразуваше и во твоето делување во црквата. Ти не можеш да ја градиш црквата сè додека не се обратиш. {2T 626.2}

Поради занемарувањето на светлината која Бог ти ја испрати, стана подложен на сатанските измами. Со тоа му ја отвори вратата да ти пријде и во други насоки и да те направи слеп човек. Сатаната видел дека те заслепил, наведувајќи те да ја запоставиш светлината која Господ ти ја дал. Сатаната те завел и во друга насока. Тој ја поттикна твојата љубов кон трговијата, љубовта кон добивката и твојот интерес се одвоил од Божјото дело. Љубовта кон Бога и вистината постепено стануваа помалку важни. Душите поради кои Христос умрел, за тебе се помалку важни од твоите минливи интереси. Ако продолжиш по таа насока, набргу ќе станеш љубоморен, раздразлив и злобен и ќе се оддалечиш од вистината како што се оддалечиле и други. {2T 627.1}

Се трудиш да работиш во своето место на живеење, надевајќи се дека тука нешто ќе биде кажано или направено што ќе ги пробуди твоите деца. Ја запостави својата должност. Кога ќе се фатиш за работата која Господ ти ја довери, кога во Христов Дух одлучно ќе решиш да го доведеш својот дом во ред, дури тогаш можеш да очекуваш дека Бог ќе ги поддржи твоите напори и ќе влијае на срцата на членовите на твоето семејство. Иако за своето останување дома се изговараш со своите деца, не го работеше она поради што тврдеше дека остануваш дома. Не ги дисциплинираше своите деца. Твојата сопруга во тој поглед има недостатоци; според тоа, уште е попотребно ти да ја

вршиш својата должност. Нејзината љубов е од таков вид што ја наведува да им дозволува на децата да работат што им се допаѓа и сами себе да си бираат друштво, што ќе ги доведе до пропаст. Со обзир на тоа дека им дозволуваш на своите деца да работат што сакаат, твоето присуство во домот има потешки последици отколку да си надвор од домот, што исто така има лошо влијание на работата за вистината. {2T 627.2}

Бог бара ревни, несебични, верни работници за Своето дело, работници кои ќе работат во разни гранки; на пример, тие треба да собираат претплатници за списанија, да ги поучуваат уредно да ја плаќаат својата претплата и да ги поттикнуваат браќата да се придржуваат до систематското добродетелство. Пожртвуваноста, самооткажувањето, тешката работа и несебичното добродетелство - тоа се обележјата на Христовиот живот кој е наш пример во сè. Делата и карактерот на вистинскиот проповедник мораат да бидат во склад со Христовиот живот. Тој ја оставил Својата слава, Својата висока положба, почести и богатства и се понизил до нашите потреби. Ние не можеме да бидеме исто што и Примерот, но мораме да се трудиме да го имитираме. Љубовта кон душите поради кои Христос ја поднел таа голема жртва треба да ги поттикнува Неговите проповедници на залагање истрајни напори, за да можат да бидат Негови соработници во спасување на души. Тогаш делото на Божјите слуги ќе биде плодоносно, бидејќи навистина ќе бидат Негови орудија. Божјата сила ќе се одразува во нив преку милостивото влијание на Неговиот Дух. Бог сака да се пробудиш, да добиеш сила за да ги совладуваш пречките. Не дозволувај лесно да се обесхрабриш. Ако е потребно, работи како што работел апостол Павле, во замор, во маки, во стражарење, заборавајќи на слабостите, бидејќи бил верен на душите поради кои Христос умрел. {2T 628.1}

Некои наши проповедници ја користат дарежливоста на нашите браќа за да извлечат корист и правејќи така, постепено го губат своето влијание. Нивниот пример во тие работи ја уништува довербата која браќата ја имаат во нив. Со тоа, тие ја затвораат вратата, така што не можат да добијат помош оние кои навистина имаат потреба и кои се достојни за неа. Тие исто така ја затвораат вратата преку која би можела да биде пружена помош на Божјото дело. Многумина луѓе стануваат обесхрабрени кога гледаат дека некои проповедници покажуваат малку интерес за напредокот на Божјото дело. Тие не гледаат кај нив предаденост на Божјото дело. Божјиот народ се запоставува, а Божјата работа пропаѓа поради недостаток на правилно водена и корисна работа која со право ја очекуваат од своите проповедници. {2T 628.2}

Некои браќа, во разочарување, се оддаваат на нетрпение и очај кога кај своите учители ќе забележат себичност и алчност. Божјиот народ повеќе напредувал од многу свои проповедници. Кога проповедниците покажуваат дух на самопожртвување и љубов кон душите, паричните средства нема да бидат ускратени на Божјото дело. Проповедниците мораат да се издигнат до возвишен пример како Христови претставници и тогаш ќе доживееме Божјата слава да го поддржува излагањето на вистината и душите ќе бидат принудени да ја увидат нејзината јаснотија и сила. Божјото дело мора да биде на прво место. {2T 629.1}

Драг брату, ти би можел да направиш добро дело. Ти ја познаваш вистината и би можел да бидеш голем благослов за вистината доколку се посветеше на работата, без никакви себични интереси. Бог ти доверил свет аманет (завет), драгоцени дарови; и ако

бидеш верен на тој завет, верно усовршувајќи ги своите дарови, нема да се посрамиш кога ќе дојде Господарот да ја побара и основата и каматата. Не е добро да се презира или запоставува светлината која Бог милостиво ја дал. Мораш нешто да преземеш за да дојдеш во положба каде што Бог може да работи за тебе. {2T 629.2}

За напредок на Божјото дело во Минесота повеќе е заслужен трудот на брат Пајерс отколку твоите напори. Тој е човек со чувствителна совест. Божјиот страв е пред него. Слабоста тешко го притискала и тоа го навело да се праша дали се наоѓа на патот на должноста и да стравува дека Бог не е наклонет на неговите напори. Бог го љуби брат Пајерс. Тој не се цени себеси доволно, стравува, се сомнева и се плаши од работа, бидејќи во него постојано е присутна мислата дека не е достоен и способен да им помага на другите. Кога би ја совладал својата плашливост и би имал повеќе доверба во тоа дека Бог ќе биде покрај него и ќе го зацврсне, тој би бил многу посреќен и би бил поголем благослов за другите. Во животот на брат Пајерс постои еден недостаток: тој не умее да ги чита карактерите. Тој верува дека другите исто така се чесни како него; во некои случаи бил измамен. Тој нема моќ на забележување како што имаат другите. Ниту ти не умееш да ги читаш карактерите. Ти објавуваше мир на оние кои Бог им прогласи зло. Во својата старост и слабост, брат Пајерс може да се измами. Сепак сите мораат да го почитуваат поради неговото дело. Тој заслужил љубов и најнежна наклоност на своите браќа, бидејќи е совесен човек кој се плаши од Бога. {2T 629.3}

Бог ја љуби сестра Пајерс. Таа е срамежлива, плашлива, совесна во вршење на својата должност и ќе добие награда кога Исус ќе дојде, само ако остане верна до крај. Таа не се фалеше со своите доблести; се повлекуваше, беше тивка. Затоа нејзиниот живот беше корисен. Со своето влијание таа беше благослов за многумина. Сестра Пајерс нема доволно самодоверба. Таа негува многу стравувања, но не спаѓа во групата на неверни за кои нема да има место во Божјото царство. Оние кои ќе се најдат надвор од градот се фалбаџии, навидум сесрдни, љубат на зборови, но не на дело. Нивните срца не се искрени пред Господа. Божјиот страв не е во нив. Плашливите и неверните кои ќе бидат казнети со втора смрт, припаѓаат на онаа група на луѓе која се срами од Христа на овој свет. Тие се плашат да одат по вистинскиот пат и да Го следат Христа за да не претрпат парични загуби. Тие ја запоставуваат својата должност за да одбегнат прекори, искушенија и опасности. Оние кои не се осмелуваат да работат што треба за да не се изложуваат на искушенија, прогонства, загуба и страдања, се кукавици и таквите заедно со идолопоклониците, лажливците и грешниците созреваат за втората смрт. {2T 630.1}

Христос во Беседата на гората рекол кој е навистина блажен: „Блажени се сиромашните по дух, бидејќи нивно е небесното царство (оние кои не се издигаат сами себе и не се премногу горди за да учат, не се суетни ниту копнеат по почестите на овој свет); блажени се оние кои плачат, бидејќи ќе се утешат (оние кои се каат, кои се потчинуваат и откажуваат од своите заблуди и грешки, бидејќи со тоа се жалости Божјиот Дух); блажени се кротките, бидејќи ќе ја наследат земјата (оние кои се благи и кои простуваат, оние кои на клевета не одговараат со клевета туку покажуваат покорен дух и не се ценат премногу себеси). Оние кои ги поседуваат овде наброените особини, не само што ќе бидат благословени од Бога во овој живот, туку ќе бидат крунисани со слава, чест и бесмртност и во Неговото царство. {2T 631.1}

78. БОЖЈОТО ДЕЛО ВО ВЕРМОНТ

Покажано ми е дека Христовите ученици се Негови претставници на земјата; Бог одредил тие да бидат светилки во моралната темнина на овој свет, расеани по цела земја, по градовите и селата, „углед на светот, ангелите и луѓето”. Ако се покорат на учењето кое Христос го изнел во Беседата на гората, тие постојано ќе копнеат по совршенство на христијанскиот карактер и навистина ќе бидат светлина на светот - орудие со кое Бог ќе ја соопштува Својата божествена волја, вистината од небесно потекло, на оние кои седат во темнина и кои не го познаваат патот на животот и спасението. {2T 631.2}

Бог не може да ја открие Својата волја и чудата на Својата благодат на светот кој не верува ако Неговите сведоци не се расеани по цела земја. Негов план е оние кои се учесници во тоа спасение преку Исуса Христа да бидат Негови мисионери, светлина на целиот свет, знак нанародите, живи посланија кои ги познаваат и читаат сите луѓе; нивните дела и зборови мораат да сведочат за скорото доаѓање на Спасителот и да покажуваат дека не ја примиле напразно Божјата благодат. Народот мора да се предупреди за страшниот суд. На оние кои досега слушале само бајки, Бог ќе им пружи можност да слушнат сигурна пророчка реч и ќе биде добро ако тие ја примат како светлина која светли во темнина. Тој ќе ја изнесе непогрешливата вистина за да ја разберат сите кои сакаат да слушаат; сите можат да ја споредат вистината со празните зборови кои им ги изложуваат луѓето кои тврдат дека ја сфаќаат Божјата реч и дека се повикани да ги поучуваат оние во темнина. {2T 631.3}

За да го зголемат бројот на верни во Бордовил, браќата се преселија таму, оставајќи ги своите места лишени од силата и влијанието, потребни за да се одржуваат состаноци. Тоа беше по волја на непријателот на Бога и на вистината. Тие браќа требаше да останат на своите места, како верни сведоци, а нивните добри дела требаше да сведочат за вистинитоста на нивната вера: тие со својот живот мораа да даваат пример на чистота и сила на вистината. Нивното влијание би убедувало и обраќало, или осудувало. {2T 632.1}

Секој Христов следбеник мора да изврши едно дело, меѓу своите ближни, во градот во кој живее. Сите кои ќе се посветат на Бога, стануваат канали на светлината. Бог ги направил орудија на правдата за да ја пренесат на другите светлината на вистината, богатствата на Својата благодат. Неверниците можат да изгледаат рамнодушни и безгрижни; меѓутоа, Бог влијае на нив и ги убедува нивните срца во стварноста на вистината. Меѓутоа, кога нашите браќа го напуштаат фронтот, кога се откажуваат од борба, дозволувајќи Божјото дело да пропаѓа пред Бог да каже: „Напуштете ги,” тие ќе претставуваат само товар за секоја црква во која ќе се преселат. Оние кои ги напуштиле тие браќа, кои биле обратени, често ја смируваат својата совест мислејќи дека, на крајот на краиштата, непотребно стравувале. Тие доаѓаат до заклучок дека во исповедањето на адвентистите на седмиот ден нема вистинитост. Сатаната ликува кога гледа дека Божјата градина или пропаѓа или е потполно искорната. Не е Божја намера Неговиот народ да се собира и да го сосредоточува своето влијание само во едно место. {2T 632.2}

Брат Д во добра вера се трудел да ги охрабри браќата да одат во своите места, но тоа не било по Божја промисла. Божјите патишта не се наши патишта. Тој не гледа онака како што гледа човекот. Тие имале добри намери, но ако би постапиле така, не би можела да биде остварена Божјата волја во поглед на спасување на душите. {2T 633.1}

Бог сака Неговиот народ да биде светлина на светот, сол на земјата. Со собирање во поедини места и со образување на големи цркви тие го стеснаа своето поле на работа и корисни напори, и навистина ја ставаа својата светлина под сад. Божја намера е сите да добијат светлина, за никој да не остане во темнина, не знаејќи за овие начела, туку сите да се испитаат и да се одлучат за или против нив, сите да бидат опоменати и да немаат веќе изговор. Одложувањето од поедини места каде што има малку сила и влијание и собирањето во едно место значи повлекување на светлината од местото каде што таа светела по Божја волја. {2T 633.2}

Христовите следбеници, расеани по цел свет, немаат доволно силно чувство на одговорност и обврски кои лежат на нив, со својата светлина да осветлуваат други. Дури и ако се еден или двајца во некое место, тие можат, иако малубројни, така да живеат што со искреноста на својата вера ќе вршат големо влијание на неверните. Христовите следбеници не ја извршуваат Божјата желба и волја ако задоволно остануваат во незнаење во врска со Неговата реч. Сите треба да ја проучуваат Библијата. Христос им наложил на Своите следбеници: „Прегледајте ги писмата, зашто вие мислите дека во нив имате вечен живот; тие сведочат за Мене". Петар нè предупредува: „Туку прославувајте Го Господа во своите срца. Бидете секогаш подготвени на одговор на секој кој ќе ве праша за вашата надеж". {2T 633.3}

Многумина од оние кои ја исповедаат вистината на овие последни денови ќе се пронајдат лесни. Тие ги запоставија најважните работи. Нивното обратување е површно, а не длабоко, сесрдно и целосно. Тие не знаат зашто веруваат во вистината; веруваат само затоа што тоа го прават и другите. Ним тоа им е доволно. Не можат разумно да ги наведат причините за својата вера. Многумина дозволиле мозокот да им се наполни со работи од помала важност, додека вечните прашања дошле на второ место. Нивните души заостанале во духовниот развој. Други не се просветиле и изградиле со искуство и знаење, што била нивна предност и должност. Цврстината и постојаноста постојат само кај оние кои ја исповедаат верата од

длабочината на душата. {2T 634.1}Христос би требало да стане главен предмет на нашите мисли и да ги пробуди најдлабоките чувства на нашата душа. Вистинските Христови следбеници ќе умеат да го ценат големото спасение кое Тој им го осигурил и ќе одат по Него каде што ќе ги поведе. Тие ќе сметаат дека им е чест да го носат секој товар кој Христос ќе го стави на нив. Единствено преку крстот можеме да ја оцениме вредноста на човечката душа. Вредноста на луѓето за кои Христос умрел е толку голема, што Таткото е задоволен од големата цена која ја платил за спасение на човекот, дозволувајќи Единородниот Син да умре поради нивно спасение. Колкава мудрост, колкава милост и колкава љубов е овде покажана. Вредноста на човекот се сознава само со одењето на Голгота. Во тајната на Христовиот крст можеме да ја сфатиме вистинската вредност на човекот. {2T 634.2}

Колку е тоа одговорна должност да се обединиме со Откупителот на светот во спасување на луѓето! Ова дело бара самооткажување, жртва, добрина, истрајност,

храброст и вера. Но оние кои ја проповедаат речта и науката немаат плодови на благодатта во своето срце и живот; тие немаат вера. И затоа нивните напори донесуваат толку малку плодови. Многумина кои тврдат за себе дека се Христови проповедници покажуваат чудна рамнодушност гледајќи како многу необратени луѓе пропаѓаат околу нив. Христовиот проповедник нема право да седи мирно и да се помири со фактот дека вистината е немоќна и дека не е во состојба да ги пробуди душите. Тој би требало да побара сила во молитва, да работи и да се моли неуморно. Оние кои се согласуваат да останат без духовни благослови, не борејќи се за тие благослови, со самото тоа се согласуваат на сатанска победа. Потребна е истрајна, силна вера. Божјиот проповедник треба да биде во тесна заедница со Христа и да го следи Неговиот пример во сè - во чистота на животот, во самооткажување, добрина, трудољубивост и истрајност. Тие треба постојано да имаат на ум дека еден ден ќе се најдат пред извештајот за своите неизвршени должности. {2T 6351}

Брат Д не сфати дека повикувајќи ги браќата да дојдат во неговото место, ставаше товари и на себе и на црквата. Не виде дека ќе биде потребно многу време и напори за тие браќа да се одржат во положба да бидат од корист, а не пречка. Тој мислеше дека, ако ги собере овие семејства во своето место, може со нивна помош да формира црква и да ги реши товарите и грижите. Но како што се покажа во Бордовил и во Батл Крик, колку повеќе браќа доаѓаат, сè поголеми товари паѓаат на оние работници на кои Божјото дело им е во срцето. Мажи и жени со различни положби и карактери можат да се собираат и да живеат во слога, само ако ги ценат другите повеќе од себе, ако ги љубат другите како самите себе, како што тоа го наложил Христос. {2T 635.2}

Но необично тешко е да се има работа со луѓе кои не се под власт на Божјиот Дух туку се изложени на сатанското влијание. Себичноста е толку длабоко всадена во срцето на мажите и жените, неправдата е толку силна дури и кај оние кои се сметаат побожни, така што треба да се одбегнува создавање на големи цркви, бидејќи тие така нема да бидат најсреќни. {2T 636.1}

Луѓето кои брат Д навистина сакаше да ги доведе во Бордовил, беа оние кои тој ги сметаше најдобри и способни да даваат добар пример. Но токму таквите луѓе треба да се постават како стражари по целиот свет, за оние кои се без Бога да видат каква сила лежи во Христовата вера. Таквите луѓе од углед се вистинска сол на земјата. На Бога не би му било мило тие да се групираат и со тоа да го стеснуваат полето на својата корисна работа. Доверливи луѓе се многу ретки, од таа причина што човечкото срце ги гледа само своите себични интереси и не сака да знае ништо друго. {2T 636.2}

На Бога би му било мило кога во Батл Крик, во тоа важно место, би се собрале извесен број на одбрани луѓе. Кога тие би сакале да ги жртвуваат своите интереси поради добро на Божјото дело, би требало да тргнат по стапките на својот Откупител кој ја оставил Својата слава, големина и престол и станал сиромав поради нас, за ние да се обогатиме со Неговото сиромаштво. Христос се жртвувал поради човекот, но човекот од своја страна не сака ниту е подготвен да се жртвува за Христа. Би било на Божја слава кога во Батл Крик би дошле извесен број на мажи и жени со чувство на одговорност, чисто срце, подготвени да го понесат товарот, на кои би можеле да се потпрат други луѓе како на доверливи лица, кои со задоволство ќе се одѕвијат на секој повик за помош кога помош ќе затреба. На Бога во Батл Крик му се потребни луѓе на кои може да се смета,

кои во секоја опасност ќе се најдат на вистинска страна, кои верно ќе се борат против непријателот, а не да се приклучуваат кон оние кои го напаѓаат Божјиот Израел и ги бранат оние луѓе кои ги ограничуваат рацете на Божјите слуги, свртувајќи го своето оружје токму против оние кои по Божја волја треба да помагаат. За да може да цвета, секоја црква мора да има луѓе на кои може да се потпре во деновите на опасност - луѓе кои се цврсти како челик - несебични луѓе, на кои доброто на Божјото дело им е поважно од сè друго што е врзано за нивните лични интереси и мислења. {2T 636.3}

Црквите не се секогаш составени од чисти и искрени христијани. Не сите имиња запишани во црквената книга се достојни да се најдат таму. Кога ќе го споредиме животот и карактерот на некои луѓе, воочуваме разлика како помеѓу златото и безвредниот троскот. Не би требало да биде така. Луѓето со доблесен живот и добар углед чувствувале колку е важно цврсто да се држат за Исуса и да го земат Христовиот живот за свој пример и углед. Потребен е напор за да се стекне победа над себичноста и за Божјото дело да се стави на прво место. Некои ги направија овие напори, го зауздаа своето јас и стекнаа значајни победи. Оние кои прво ги гледаат своите лични интереси, живеат за своето јас. Тие се во Божјите очи како безвреден троскот. {2T 637.1}

Брат Д се залагаше повеќе отколку било кој за добро на црквата во своето место. Ако извесно време заминуваше да работи за други, на неговите рамена ставаа уште поголеми и потешки товари кога ќе се вратеше. И тој ги носеше на своите рамена и стенкаше под товарот. Браќата Д бараа премногу и сметаа дека треба на сите да бидат пример и мерило. Нивното јас не исчезна во Христа. Должноста налагаше помалку да зборуваат за себе, а повеќе да го издигаат Христа. Би требало да се сокријат зад Исуса, за само Тој да се види како совршен пример кој сите треба да го имитираат. {2T 637.2}

Каде беа луѓето на кои човек можеше да се потпре во моментите на неволја и опасност? Каде беа богобојазливите луѓе кои се собираа околу знамето кога непријателот би го нападнал народот? Токму оние кои мораа да останат на своите места изневерија тогаш кога нивната помош беше најпотребна. Со своите постапки тие покажаа дека не се грижат за напредок на Божјото дело. Некои сметаа дека од нив се бара премногу и наместо радосно да го направат она што можат, тие седеа во фотељата на сатаната и не сакаа ништо да преземат. {2T 638.1}

Некои секогаш беа завидливи. И брат Е беше еден од тие луѓе. Тој е толку тврдоглав упорно да оди по погрешниот пат, само затоа што мисли дека на неговите браќа би им годело кога би одел по спротивниот. Во извесни моменти тој е подготвен да направи сè што е во негова моќ за да го помогне Божјото дело. Меѓутоа, тој толку сака да оди по сопствениот пат, што со задоволство ќе дозволи Божјото дело да пропадне, отколку што би се откажал од своите намери и би тргнал по друг пат. Брат Е не е човек на кој може да се потпре. Тој подлегнува на искушенијата на сатаната и често е под негова власт. Неговото срце е себично и непокорно. Тој е избувлив, во еден момент љуби, во друг мрази. Понекогаш е многу благороден, а потоа пак љубоморен, завидлив и многу себичен. Тој нема да може да го усовршии својот христијански карактер сè додека не се спротивстави на искушенијата, не ја потчини својата упорна волја, стекне дух на понизност и не стане подготвен да ги увиди и да ги признае своите мани. Понекогаш беше искрен и ревен. А потоа некој бран би ги одвлекол во спротивна насока и повторно би станал љубоморен, завидлив и недоверлив. Неговото јас и себичните интереси

дошле на прво место и тој би почнал да им замерува на сите, да мисли како другите не го ценат туку само гледаат да му наштетат. На брат Е му е потребен едно потполно преобразување. Не е доволно само да се исповеда вистината. Луѓето можат да ја усвојат целата вистина, а сепак да не знаат ништо - да немаат практично сознание од секојдневниот живот за светото влијание на вистината на животот и срцето и за силата на вистинската побожност. {2T 638.2}

Вистината е света и моќна и ќе изврши потполна реформација во срцето и животот на оние кои ќе се посветат преку неа. Брат Е е способен да прави добро. Ако се потчини и го покори своето срце на Бога, ќе може навистина да го понесе Христовиот јарем. Тој може да биде помош, а не пречка за своето семејство и за другите луѓе. Тој го слабее Божјото дело во Бордовил поради недостаток во христијанскиот карактер. Ако живее според светлината која ја примил, ако со страв го гради своето спасение, ќе го осветли со силна светлина патот на другите луѓе и ќе Го прослави Бога. Случајот на брат Е е пример и за другите во црквата, кои исто така треба да извршат преобразување во своето срце за да станат исправни. {2T 639.1}

Брат Е може да биде покорисен во својот живот отколку што е сега или од она што бил досега. Него Бог не го повикал да биде проповедник. Тој не е соодветен за оваа положба, но може да прави мали услуги на Господа и да помага на состаноците. Ако сам живее во светлина, ќе ја пружи таа светлина и на другите. Тој може да биде благослов на другите луѓе, може да ги теши и да ги храбри во неволјите. Но за да може тоа да го прави, мора сам да стекне повеќе надеж и ведрина и не смее да гледа во мрачни бои ниту да манифестира неверување. Во неговите зборови па дури и во неговиот глас би требало да се огледува надеж, радост и храброст. {2T 639.2}

Сестра Г е подложна на болести, но сепак не придонесува за свое закрепнување. Му дозволува на непријателот да завладее со нејзините мисли и само ги зголемува тешкотиите со својата непокорност. Таа страда од телесни слабости и би требало да има сочувство; меѓутоа, таа само ја отежнува својата неволја со немирниот дух, лелекање, мрморење и непотребни жалби кои не донесуваат никакво олеснување. {2T 639.3}

Светот е преполн со незадоволни духови кои ги губат од вид и благодатите кои им се на дофат и постојано копнеат по некоја среќа и задоволства кои можат да се остварат. Тие постојано очекуваат некое добро, поголемо од она кое веќе го имаат и затоа секогаш живеат во разочарување. Тие покажуваат неверство и неблагодарност со тоа што не обратуваат внимание на благодатите кои можат да ги постигнат. Не се радуваат на обичните секојдневни благослови на животот, како што била маната, дадена на Израелевите синови. {2T 640.1}

Христос ѝ вели и на сестра Г: „Дојдете сите кои сте уморни и обременети и Јас ќе ви дадам одмор. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете мир за своите души. Зашто Мојот јарем е благ и Моето бреме е лесно”. Сестра Г дава со своите зборови, однесување и пример поука која е сосем поинаква од онаа која ја дал нашиот Господ. Таа многу губи со тоа што ги пропушта благодатите кои ѝ стојат на располагање и со копнеж очекува некоја голема среќа. Нејзините напори остануваат без награда и тоа нејзино неплодно барање донесува голема несреќа на неа самата и на сите кои се околу неа. Нејзиниот немир и грижливиот дух се гледаат на лицето и фрлаат сенка на патот на другите. Оваа тмурност,

неверство и незадоволство го мамат непријателот да дојде со своите искушенија. Со својата недоверба и незадоволство таа фрла сенка околу себе наместо сјајна сончева светлина. {2T 640.2}

Брат Г требаше да биде трпелив и нежен и внимателно да ја штити од непотребните напори кои таа не е во состојба да ги носи. Таа од своја страна би требало да биде внимателна поради непријателот кој се приближува, и без мрморење да го земе својот товар и радосно да го носи, засладувајќи го со благодарност што не ѝ е потежок. Брат Г со задоволство гледа сè во црна боја. Би требало да биде секогаш подготвен да ја твори Божјата волја и да го користи на најдобар начин угледот кој Бог му го подарил. Би требало радосно да ги извршува сите свои секојдневни должности и да не си го загорчува животот со утрешните неволји. Од него не се бара да ги врши должностите кои го чекаат идната седмица, туку оние кои секој ден ги донесува со себе. {2T 640.3}

Брат и сестра Г треба меѓусебно да се храбрат и да се тешат со зборовите: „Доволен му е на секој ден своето зло". Не треба да се позајмуваат неволјите од идната седмица за со нив да се загорчи оваа која е во тек. Ако неволјата наиде, Бог ќе го подготви секој благ и понизен човек да ја поднесе. Кога Неговото провидение ќе дозволи таа да наиде, Тој ќе ни даде помош да ја издржиме. Вознемиреноста и мрморењето натрупуваат облаци во душата и ги спречуваат светлите сончеви зраци да светлат на патеката на другите луѓе. {2T 641.1}

Брат Г беше во состојба да му помогне на брат Х и во исто време да си помогне и себеси: но брат Х поради себичноста не ја користеше оваа предност, а брат Г се лиши од истата поради тоа што се плашеше да не им користи на другите. Брат Г не го љубеше својот ближен како самиот себе и поради големата себичност во некои работи се лиши од Божјите добра и благослови. Себичноста на крај никому не донесува корист: зашто Бог знае сè и ќе му врати секому според неговите дела, „Што човекот повеќе посее, тоа и ќе пожнее". „Зашто кој скржаво сее, скржаво и ќе жнее". {2T 641.2}

Ги споменав овие луѓе за да ја прикажам вистинската состојба на многумина во црквата во Бордовил кои се наоѓаат во слична положба. Многумина дојдоа во ова место и станаа товар за брат Д, кој мораше да ги држи на вистинскиот пат. Да не беа толку завидливи и да останеа во Божјата љубов, тие би го поддржале, би го закрепнале неговото срце и би го испратиле да работи на спасување на душите, додека нивните молитви би го следеле како остри српови на неговото жетвено поле. Лишени од посветеноста и верноста кон Бога, тие не само што се слаби во верата, туку ги ослабнаа и рацете на брат Д, ја уништија неговата храброст и ги направија речиси безуспешни неговите напори на евангелското поле. Неволјите во кои се наоѓаше неговата црква неповолно влијаеа на неговата работа во ова и во други места, така што неговите напори беа ограничени само на неговото место на престој. Тоа ограничување на дејноста само на едно место има многу лошо дејство на ревноста и пожртвуваноста на Христовиот проповедник. {2T 641.3}

Работниците мораат да имаат разновидно искуство ако сакаат да растат во благодатта и познавањето на вистината. Ова најдобро се стекнува со широката дејност во нови полиња, на разни места, каде што ќе дојде во допир со разни, различно настроени луѓе и каде што ќе биде потребно да ја сосредоточи својата работа според желбите на многумина и различни духови. Тоа го наведува вистинскиот работник кај

Бога и во Библијата да бара светлина, сила и мудрост, за да биде во состојба да одговори на потребите на луѓето. Затоа би требало да се управува според советот кој е даден на Тимотеј: „Погрижи се да бидеш одобрен пред Бога, како работник кој нема од што да се срами и кој правилно ја споделува речта на вистината". „Кој е тој верен и мудар повереник, кого го поставил неговиот господар над своите домашни, за да им ја дава потребната храна навреме?" Потребна е мудрост за да се установи кој предмет ќе биде најдобар за пружената прилика. {2T 642.1}

Брат Д не се разви во успешен работник. Остана духовно џуџе. Неговиот ум стануваше сè послаб, а умните сили недостигаа. Сега би требало да стане ревен работник. Меѓутоа, наместо да се посвети на делото, тој служи „околу трпезата". Павле го предупредил Тимотеј: „Туку биди им углед на верните во зборовите, во љубовта, во духот, во верата, во чистотата. Додека да дојдам занимавај се со читање, воздигнување и поучување. Не занемарувај ја дарбата што е во тебе, и која ти беше дадена преку пророштво и кога старешинството положи раце врз тебе. Во ова поучувај се, за да се покаже твојот напредок во сè. Внимавај на себе и на науката и стој во тоа, бидејќи правејќи го ова, ќе се спасиш и самиот себе и оние кои те слушаат". {2T 642.2}

Брат Д е вреден и сака да работи, сака да ги понесе товарите кои се поврзани со неговиот повик, но премногу од своето време и мисли посветува на земските работи. Некои проповедници се држат до круто достоинство кое не е во склад со Христовиот живот и не сакаат телесно да работат кога тоа го бараат приликите, за на тој начин да ги олеснат товарите на оние чие гостопримство го уживаат. Телесната работа нема да им штети туку само ќе им користи. Помагајќи им на другите, тие ќе си помогнат самите себе. Некои пак одат во друга крајност. Тие се подготвени да работат и да станат слуги на другите во сè, дури и во земските работи, дури и тогаш кога е потребно сите свои сили и време да ги посветат на Божјото дело. И така всушност Му ја ускратуваат на Бога службата која Тој ја бара од нив. На тој начин се губи време на безначајни работи, време кое би требало да се посвети на Божјото дело. {2T 643.1}

Во тоа грешеше брат Ј.Н.Андрус. Времето и силата кои тој ги потроши на допишување со своите браќа, одговарајќи на нивните приватни писма, требаше да ги посвети на работа на општо добро. Меѓутоа, малку луѓе ги сфаќаат одговорностите кои лежат на малиот број на проповедници кои го носат товарот на делото. Браќата често ги одвојуваат овие луѓе од нивната работа за да помогнат во нивните ситни тешкотии или за да решат некој спор во црквата, кој тие би можеле и кој би требало сами да го извршат. „Ако некому од вас му недостига премудрост, нека бара од Бога Кој му дава секому без разлика и не кори никого и ќе му се даде. Но нека бара со вера, не сомневајќи се ништо". Тој мора да биде ревен и истраен. Ако се двоуми и постојано сомнева дека Господ навистина ќе го прави она што ветил, нема да прими ништо. {2T 643.2}

Многумина очекуваат нивните проповедници да им донесат светлина од Бога, сметајќи дека тоа е полесно отколку сами да му пријдат на Бога и да ја побараат од Него. Таквите луѓе многу губат. Кога би сакале секој ден да Го следат Христа и да Го земат за свој водач и советник, би стекнале јасно познавање на Неговата волја, а со тоа и драгоцено искуство. Токму затоа што го немаат тоа вистинско искуство, браќата кои ја исповедаат вистината одат во искрите натуѓиот факел, не го признаваат гласот на

Божјиот Дух и не знаат за Неговата волја. Затоа лесно можат да се оддалечат од верата. Тие се непостојани, затоа што очекуваат други да стекнат искуство за нив. Секој син и секоја Адамова ќерка има широки можности самостојно да стекне сознание за божествената волја, да стане совршен христијанин и да се очисти преку вистината. Го срамат Бога сите оние луѓе кои зборуваат дека се Христови следбеници, а немаат искуствено сознание за божествената волја ниту за тајната на побожноста. {2T 644.1}

Брат Д има многу грижи во својот дом. Бројното зголемување на црквата не го намали неговиот јарем. Неговото многубројно семејство е голем товар за него и му пречи да стане успешен работник. Тој корозира во Божјото дело и потребно е да ја симне таа корозија од себе. Неговото сведоштво мора да оживее со Божјиот Дух и сила. Неговите браќа во Бордовил кои немаат никаква посебна должност во делото, би требало да воочат кому му е потребна помош и да му помогнат. Многумина ги затвораат очите за да не видат колку добра би можеле да направат на другите и со својата немарност го губат благословот кој би можеле да го добијат. Го оставија брат Д сам да ги носи товарите кои браќата би требало да ги понесат и тоа да го сметаат за должност и чест. {2T 644.2}

Наша должност во овој свет е да живееме поради добро на другите, да ги благословуваме другите, да бидеме гостопримливи. Но често по цена на извесни непријатности сме во состојба да им пружиме гостопримство на оние на кои навистина им е потребна нашата грижа, благодатта на нашето дружење и нашиот дом. Но некој мора да ги врши. И бидејќи општо земено не се многу гостопримливи и не учествуват подеднакво во овие христијански должности, мал број на луѓе имаат добра волја и со задоволство ги прифаќаат оние на кои им е потребна помош и тие луѓе носат голем дел од товарот. Црквата би требало да се погрижи да им ги олесни на проповедниците овие вонредни товари. Проповедниците кои активно се посветуваат на соработката на Божјото дело и работат на спасување на душите мораат да поднесат постојани жртви. {2T 645.1}

Брат Д треба со Божја благодат да го оживее своето сведоштво. Нему му е потребно едно ново помазание, за да биде способен да ја сфати големината на делото и да го посвети сето свое битие на Божјото дело. Господовото дело е толкаво што му се потребни сите Негови следбеници. Сите можат да отсјајуваат со Неговата слава само ако сакаат. Но повеќето не сакаат да го прават тоа. Тие исповедаат вера, но немаат дела. Нивната вера е мртва, бидејќи е без дела. Токму затоа што некои не сакаат да ги понесат товарите кои би можеле да ги носат, да го работат она што можат да го работат, делото е премногу напорно за оној мал број на луѓе кои му се посветуваат. Пред нив има толку должности кои треба да се извршат, па тие прекумерно ги трошат своите сили и се исцрпуваат. {2T 645.2}

Бог сега бара работници кои потполно ќе се посветат на Неговото дело. Проповедниците кои ќе се посветат на оваа работа треба да црпат сила од духот и силата на вистината која ја проповедаат и тогаш нивната работа ќе биде делотворна. Ретко е народот да се издигне повеќе од својот проповедник. Ако во него завладее духот на овој свет, тоа ќе има огромно влијание на другите. Луѓето ќе се повикуваат на неговите мани како на изговор за својата љубов кон светот. Тие ја смируваат својата совест, сметајќи дека можат слободно да го сакаат овој живот и да бидат рамнодушни кон сè што е

духовно затоа што и нивните проповедници се такви. Тие ги мамат своите души и остануваат во пријателство со суетниот свет, за кој апостол Павле вели дека е непријател на Бога. {2T 645.3}

Проповедниците би требало да даваат пример на стадото. Во нив треба да се огледува љубов за душите и иста предаденост на делото која би сакале да ја видат кај народот. Проповедниците во Вермонт грешеа во својата работа. Тие постојано обиколуваа исто поле на работа за да им помогнат на црквите, додека всушност често токму на нив им беше потребна помош за да се изградат така што Бог ќе може да ги благослови нивните напори и да ги направи плодоносни. Во Вермонт немаше ниту еден делотворен, ревен работник кој успешно би работел на сите гранки на делото. {2T 646.1}

Брат и сестра И се инвалиди. Бог не им доверил голема одговорност. Тие мораат многу да внимаваат за да не го загубат својот углед. Немаат деца на кои ќе ѝ укажуваат родителска љубов и грижа и се наоѓаат во опасност да станат вообразени, себични и ограничени во своите сфаќања и чувства. Сето тоа лошо влијае на Божјото дело. Тие треба да се трудат во духовен поглед да се издигнат над самите себеси и не смеат себеси да се сметаат како мерило за другите. Луѓето кои немаат деца на кои би ѝ ги посветиле своите мисли и напори, кон кои би биле трпеливи и на кои би им укажувале љубов и простување, треба да внимаваат и да не мислат дека се трудат само за себе. Тие не се повикани да поучуваат други родители во поглед на воспитување на децата, бидејќи немаат искуство во тоа. Меѓутоа, во многу случаи токму оние кои немаат деца со задоволство ги поучуваат оние кои имаат, додека истовремено често и сами се однесуваат како деца. Тие не можат да се одвратат од патот по кој тргнале и често е потребно да се има кон нив повеќе трпение отколку децата. Себично е да си одредиме себеси пат или да одиме по извесен пат на штета на друг. {2T 646.2}

Карактерот се испитува во мали работи. Бог е задоволен од секојдневните ситни постапки на самооткажување кои се прават ведро и во љубов. Ние не треба да живееме само за себе туку и за другите. Мораме да бидеме благослов на тој начин што ќе заборавиме на себе и ќе мислиме на другите. Треба да негуваме љубов, простување и да бидеме широкогради. {2T 647.1}

Малкумина од нив ги сфаќаат благодатите кои грижата, одговорноста и воспитувањето на децата ги внесуваат во семејството. Во многу семејства децата растат без никаква дисциплина. Родителите го запоставуваат драгоцениот аманет и светата должност, со која, кога би ја вршеле верно и во Божји страв, би обезбедиле небесно царство не само на децата туку и на самите себе. Домот без деца е пустина. Срцата на оние кои живеат во тој дом се изложуваат на опасност да станат себични, да негуваат љубов кон сопствената удобност и да се управуваат според сопствените желби и потреби. Нивното внимание е сосредоточено на нив самите и тие не се во состојба да негуваат љубов кон другите. Грижата и љубовта кон немоќните деца ги отстрануваат грубостите од нашата природа, нè прават понежни и поблаги и развиваат поблагородни особини во нашиот карактер. Многумина телесно, умно и морално заболеле поради тоа што нивното внимание е исклучиво сосредоточено на нив самите. Од зачмаеноста во која се наоѓаат, нив би можела да ги спаси здравата животна енергија на младите и свежи умови и неуморната енергија на децата. {2T 647.2}

Брат Х е стар. Нему не треба да му се доверуваат никакви должности. Тој Го гневи Господа со својата погрешно сфатена љубов кон своите деца. За да им угоди, премногу им помагаше со пари. Се трудеше да им угоди, а им нанесе штета. Неговите деца не се мудри и верни во ракувањето со пари, дури ниту од точката на гледање на овој свет. Од верска гледна точка, тие многу грешат. Неговите деца немаат обѕир кон верските работи. Тие не го украсуваат општеството со својот став и углед во светот, ниту го украсуваат Божјото дело со чист христијански морал и доблесни постапки во Христовата служба. Тие не се научени дека самооткажувањето и сопствената работа им служат како заштита во животот. Поради тоа голем грев лежи на родителите. Тие не ги дисциплинираат своите деца и не ги одгледуваат за Бога. Тие не ги поучуваат во самосовладувањето, цврстината на карактерот и не укажуваат на потребата од одлучна, правилно насочена волја. Во ваков век најголем број на деца се развиваат без никакво воспитување. Ним не им се укажува на потребата од развивање на телесни и умни сили во корисна насока, за да можат да бидат благослов на општеството и украс на христијанскиот живот, за да ја творат Божјата волја. {2T 647.3}

Брат Х згреши што својот имот го довери на своите деца. Им натовари одговорности за кои тие не се дораснати. Тој ги испушти своите пари од рацете, а ги земаше од браќата за својата недоволна работа. Начинот на кој ракуваше со својот имот не беше на слава на Бога. Тој ги оправдуваше грешките на своите деца кои не се во склад со нашата вера и Библија. Тој всушност му зборуваше на безбожникот: Ќе ти биде добро, додека Бог јасно рекол: Нема да ти биде добро. {2T 648.1}

Тие грешки на брат Х покажуваат голем недостаток на небесна мудрост и поради нив тој не е соодветен за возвишеното дело кое е ставено во должност на верните Христови проповедници. Што ќе изнесе брат Х кога на денот на судот Бог ќе побара сметка за неговата служба? Тој дозволи да го води непосветениот дух на неговите деца и не сметаше дека е потребно да побара упатство и совет од Божјите слуги кои стојат во светлина. Тој се управуваше според изопачените склоности и неговиот суд беше погрешен. Одеше како слеп човек. Неговиот начин на живот нанесе штета и на него самиот и на Божјото дело. {2T 648.2}

На Вермонт не му се потребни само проповедници кои ќе ги обиколуваат црквите и ќе се молат и ги охрабруваат верниците од време на време. Меѓу Божјиот народ во Вермонт може оправдано да се подигне повик за работници. Потребни се вредни, ревни работници кои ќе ги зацврстат нештата што се на умирање со тоа што ќе ги задоволуваат духовните потреби на Божјиот народ. На Божјото дело насекаде, а особено во Вермонт, му требаат луѓе кои ќе носат товари. Луѓето обиколуваат постојано исти места и постигнуваат малку или ништо. Поминуваат пријатни моменти во посетата кај своите браќа и тоа често е целокупниот резултат, а притоа сметаат дека треба да им се надополни загубеното време. {2T 649.1}

Додека го пишувам ова, ми излегува пред очи случајот на брат и сестра К. Тие не се грижат за другите. Не чувствуваат дека на нив почива должност да ги носат тие товари. Покажано ми е дека брат К се наоѓа меѓу оние кои сметаат дека треба да извршат едно дело за Господа. Тоа е случајот, како и кај многу други, само ако тие сакаат така да постапат. Постојат ревни работници за Божјото дело, кои стекнаа искуства и кои го посветуваат своето време и своите сили на Божјата служба. Таквите работници треба

дарежливо да се помагаат. Меѓутоа, оние кои само од време на време ги посетуваат црквите - особено оние кои немаат семејства кои треба да ги издржуваат и кои поседуваат доволно средства - не треба да ја исцрпуваат Господовата благајна. {2T 649.2}

Ниту братот ниту сестрата К немаат искуство во жртвување за вистината, не се богати во добрите дела ниту си собираат себеси богатство на небото. Тие немаат деца на кои би им укажувале љубов, грижа и трпение. Тие се управуваат според сопствената себична удобност. Нивните срца не се извор од кој тече жива река на нежност и љубов. Ако другите ги благословуваа со благи зборови на љубов и дела на милост и добродетелство, тие и самите би биле благословени. Нивната корисност е ограничена на премногу тесно поле. Ако таквите луѓе не се обратат со својот ум и битие и не се обноват со Христовиот Дух, нема да бидат ревни, сесрдни работници во работата за Откупителот. Неговиот живот претставува пример за христијаните. И нивниот живот мора да биде обележан со самопожртвување инесебично добродетелство. Кај нив се забележува себичност. О, колку малку брат К знае што значи да се работи за Бога, да се понесе Христовиот крст и да се оди по стапките на самопожртвуваниот Откупител! {2T 649.3}

Христовиот проповедник, учителот на вистината, вистинскиот пастир, во една смисла е сечиј слуга, насетувајќи ги потребите на оние на кои им е потребна помош и знае како да биде корисен овде и онде во големото дело на спасување на души. Човекот кој тврди дека ја исповеда вистината, а оди таму каде што му се допаѓа, а притоа одбегнува одговорност, не го носи Христовиот крст, ниту го исполнува налогот на евангелскиот проповедник. Малкумина од нив од искуство знаат што значи да се страда поради Христа. Тие сакаат да бидат слични на Христа, но истовремено сакаат да одбегнат сиромаштво и несреќа. Тие со задоволство би биле со Него во славата, но не сакаат да дојдат кај Него преку самооткажување и страдање. {2T 650.1}

Брат К не мораше да вложува напори за да ја бара вистината, бидејќи одбрани Божји луѓе подготвиле за него јасни, убедливи и очевидни докази. Тешки проблеми на вистината ги решија неколку луѓе кои вложуваа сесрдни напори. Постот и молитвите на Бога го поттикнаа Господа да им го открие богатството на вистината. На лукавите противници и фалбаџиските Голијати мораше да им се одговори, некогаш лице во лице, но почесто со перо. Сатаната ги поттикнуваше луѓето на жестоко спротивставување, за да ги заслепи очите и да го помрачи разумот на Божјиот народ. Многу малку беа оние на кои искрено им е грижа за Божјото дело и вистина и таквите застанаа во нивна одбрана. Таквите луѓе не бараа своја удобност туку беа подготвени да го жртвуваат дури и својот живот поради вистината. {2T 650.2}

Овие истражувачи на вистината го ставија својот капитал на коцка и сè што имаа за да ја одбранат вистината и да ја рашират светлината. Драгоцениот синџир на вистината беше составуван алка по алка додека не беше готов, складен и совршен, додека сите алки не се поврзаа во целосен синџир. Овие луѓе со силен дух изнесоа докази и ги направија толку јасни, што тоа може да го разбере секој ученик од основно училиште. Колку сега им е лесно на луѓето да станат учители на вистината, иако одбегнуваат самопожртвување и самооткажување. {2T 651.1}

Овие истражувачи на вистината страдале поради неа и знаеле што тоа чини. Тие ја ценеле и се чувствувале одговорни да работат на нејзиното ширење. Самооткажувањето и крстот лежат секогаш на патот на секој Христов следбеник. Крстот е она што ги распнува природните нагони и волја. Ако срцето не е потполно посветено на Бога, ако волјата, чувствата и мислите не се доведени во целосна потчинетост на Божјата волја, нема да можеме да ги остваримe начелата на чиста вера ниту да го направиме својот живот сличен на Христовиот живот. Тогаш нема да има искрена желба за жртвување на удобноста и самољубието, нашето телесно битие нема да биде распнато и ние нема да можеме да одиме по Христовите стапки. {2T 651.2}

Многу луѓе во Бордовил мораат да извршат едно дело. Видов дека непријателот забрзано работи на остварување на своите намери. Луѓето на кои Бог им ги подарил талентите на богатство ги префрлаат на своите деца одговорностите со кои ги задолжило небото, имено да бидат Божји повереници. Наместо да Му го вратат на Бога она што е Негово, тие сметаат дека е нивно сè што имаат, како тоа да го стекнале со своја сила и знаење. Кој им го дал знаењето и силата да стекнат земско богатство? Кој ги натопувал нивните ниви со небесна роса и дожд? Кој им дал сонце да ја загрева земјата и да го пробуди животот во природата за сè да цвета во човечка корист? Луѓето на кои Бог им подарил дарови згрчено се држат за своето земско богатство и овие дарови кои Бог милостиво им ги подарил се претвораат во проклетство, исполнувајќи го своето срце со себичност и недоверба кон Него. Тие го примаат она што Бог им го позајмил, но сакаат тоа да биде само нивно, заборавајќи дека Господ има право на тоа и одбивајќи дури да му ја дадат добивката која Тој ја бара. Богатството донесува многу неволји на Христовите следбеници и им нанесува многу маки, бидејќи Го заборават Бога и љубовта и почнуваат да му служат на мамона. Тие дозволуваат земското богатство да го загорчува животот и да им оневозможи да го усовршат својот христијански карактер. И како сето тоа да не е доволно, тие донесуваат проклетство на своите деца пренесувајќи го на нив она што се покажало како проклетство во нивниот живот. Бог на луѓето им подарил богатство за да ги испита, за да види дали се подготвени да Го признаат во Неговите дарови и да ги употребат за да ја зголемат Неговата слава на земјата. {2T 651.3}

Земјата му припаѓа на Господа со сите богатства кои ги содржи. Добитокот што пасе на илјадници брегови е Негов. Нему му припаѓа сето злато и сребро. Тој го доверил Своето богатство на повереницite за со нив да го помогнат Неговото дело и да Го прославуваат Неговото име. Тој не го доверил на луѓето за да се издигаат и слават сами себе и да стекнат моќ да ги угнетуваат оние кои се пооскудни во богатствата на овој свет. Бог не прима од луѓето дарови затоа што тие му се потребни, затоа што без нив не би имал слава и богатство, туку затоа што во интерес на Неговите слуги лежи да го вратат на Бога она што е Негово. Тој ќе прими дарови кои Му ги принесува понизното и покајничко срце и ќе ги награди дарителите со најголеми благослови. Тој ги прима даровите како жртви на благодарна послушност. Тој го бара и прима нашето злато и сребро како доказ дека сè што имаме му припаѓа Нему. Тој ја бара и ја прима сета добивка која сме ја стекнале со своите таленти, како плодови на Неговата љубов која постои во нашето срце. Подобро е да се биде послушен отколку да се принесуваат жртви. Без чиста љубов, беден е и најголемиот дар и Бог нема да го прими. {2T 652.1}

На многумина срцето толку им прираснало за нивните земски богатства што не увидуваат колкава корист ќе имаат ако стекнуваат богатство на небото. Тие не сфаќаат дека со своите доброволни дарови не Го збогатуваат Бога туку сами себеси. Христос ни советува да стекнуваме богатство на небото. За кого? За Бога, за Тој да се збогати? О, не! Негово е богатството на целиот свет и Негова е сета слава и сето неизмерно небесно богатство и Тој ги дава секому кој сака. „Собирајте си себеси богатство на небото". Луѓето кои Бог ги направил поверенци толку се заслепени од богатството на овој свет, што не увидуваат дека со својата себичност и алчност не само што Го крадат Бога во десетокот и даровите, туку и сами себе си го крадат вечното богатство. Кога би ги вршеле овие задачи кои Бог им ги поставил и за тоа им дал средства, секој ден ќе го зголемуваат своето небесно богатство. Господарот сака тие да внимаваат на секоја прилика која ќе им се укаже за да прават добро и целиот живот да го користат своето богатство поради спасување на своите ближни и ширење на Неговото дело во сите негови видови. Постапувајќи така, тие само го прават она што Бог го бара од нив; му го враќаат на Бога она што е Негово. Многумина намерно ги затвораат своите очи и срцето за да не видат што е потребно да направат за Божјото дело и, не помагајќи таа да се шири, ја намалиле својата добивка со тоа што би одвоиле камата од добивката. Некои сметаат дека она што го дале за ширење на Божјото дело е чиста загуба. Тие гледаат како отишле толку и толку долари и незадоволни се ако не можат веднаш да ги заменат со други, за да не им се намали богатството. Тие се скржави и избувливи кон своите браќа како и кон светските луѓе. Не се притеснуваат од тоа нечесно да тргуваат за да користат на туѓа сметка и да заработат неколку долари. {2T 653.1}

Некои повторно стравуваат дека ќе го загубат своето земско богатство и затоа ја занемаруваат молитвата и собирањето поради богослужение, само за да можат што повеќе време да посветат на својот имот и работи. Тие покажуваат на дело кој свет повеќе го ценат. Ги жртвуваат верските дарови кои се битни за нивниот духовен развој, за добрата на овој живот и затоа не можат да стекнат сознание за божествената волја. Не успеваат да го усовршат својот христијански карактер и не можат да го задоволат Божјото мерило. На прво место доаѓаат минливите земски интереси, а од Бога се краде времето кое би требало да го посветат на Неговата служба. Бог ги забележува сите такви и тие нема да примат благослов туку проклетство. Некои го предаваат својот имот во рацете на своите деца и така ја губат власта над него. Нивна потајна желба е да се доведат себеси во положба да не се чувствуваат одговорни да дадат нешто од својот имот поради ширење на вистината. Тие љубат на зборови, но не и вистински, на дела. Не сфаќаат дека не ракуваат со свои пари туку со Господови. {2T 654.1}

Многумина би сакале душите да се обратат, но до тоа да дојде без никаква жртва од нивна страна. Штом се допрат нивните пари, тие се повлекуваат, бидејќи повеќе го ценат од душите за кои Христос умрел. Кога луѓето на кои Бог им го подарил имотот би ги сфатиле должностите кои ги имаат како Негови поверенци, тие би го задржале во своите раце она што Бог им го позајмил, кога би можеле верно да ги извршуваат должностите кои стојат пред нив, давајќи свој придонес во помагањето на Божјото дело. Кога сите луѓе би можеле да го разберат планот на спасението и вредноста на една душа откупена со Христовата крв, сè друго би им било од помала важност. {2T 654.2}

Родителите не би смееле никако да им ги доверуваат на своите деца талентите кои Бог им ги подарил, освен ако не би биле сосем уверени во тоа дека нивните деца имаат поголема љубов и верност кон Божјото дело отколку тие сами и дека тие деца поревно и посесрдно ќе ги помагаат разните потфати за кои се потребни парични средства. Меѓутоа, многумина го предаваат својот имот на децата и ги прават одговорни затоа што сатаната ги поттикнува на тоа. На тој начин тие навистина ги стават своите пари во рацете на непријателот. Сатаната ги подесува работите за најдобро да служат на неговите цели и ги одзема на Божјото дело парите кои му се потребни за да може силно да се развива. Напорите да се однесе вистината на луѓето не се ниту наполу толку енергични и обемни како што би требало да бидат. Моментално не се прави ниту педесетти дел од напорите кои би можеле да се направат во цел на ширење на вистината по пат на растурање на книги и придобивање за вистината на оние кои сакаат да пријдат. {2T 655.1}

Времето на милост за многумина се ближи кон крај. Сатаната секојдневно ја присобира својата жетва за душите. Многумина дефинитивно се одлучуваат против вистината, а многумина умираат и не сознавајќи за неа. Нивниот дух не ја примил светлината и нивните гревови не се окаени. Па сепак, многумина кои тврдат дека се побожни, го натрупуваат своето земско богатство и прават напори за да приграбат уште повеќе. Тие немаат никакво разбирање за состојбата на луѓето на која можат да влијаат и кои пропаѓаат поради недостатокот на спознавање. Со добро насочени напори, направени со љубов и понизност, тие многу би постигнале на делото на просветлување и обратување на своите ближни. Но многумина кои би биле во состојба да направат многу добра, со својот став практично зборуваат: „Вашите души ми се многу помалку важни од моите земски интереси”. {2T 655.2}

Многумина малку ја љубат вистината, но многу повеќе овој свет. „По нивните плодови ќе ги познаете”. Духовните работи се жртвуваат поради минливите. Плодот кој тие го донесуваат не е свет и тие нема со свој пример да ги обратат грешниците од нивниот грешен пат на патот на вистината. Дозволуваат душите да одат во пропаст, иако би можеле да преземат сериозни напори поради нив, како што тоа го правеле за да го стекнат богатството на овој живот. За да стекнат што повеќе богатства во овој свет, кои навистина не им се потребни, и кои само ја зголемуваат нивната одговорност и осуда, многумина се напрегаат со сите сили и го доведуваат во опасност своето здравје, душевно задоволство и мир, удобност и среќа на своите семејства. Тие дозволуваат душите околу нив да пропаѓаат, бидејќи се плашат дека ќе биде потребно да дадат нешто од своето време и пари поради нивно спасение. Парите се нивен бог. Сметаат дека нема да им се исплати да ги жртвуваат своите пари поради спасување на душите. {2T 656.1}

Човекот кому му е доверен еден талент нема да одговара за пет или за два, туку само за еден. Многумина пропуштаат да стекнат богатство на небото правејќи им добро со оној имот кој Бог им го позајмил. Немаат доверба во Бога и стравуваат од иднината. Како и Изралевите синови, тие имаат зло срце на неверство. Бог му подарил на тој народ изобилство кое ги задоволувало сите негови потреби; но тој постојано стравувал што ќе се случи во иднина. При патувањето, луѓето се жалеле и мрмореле дека Мојсеј ги извел за да ги уништи со глад нив и нивните деца. Вообразените тешкотии толку ги затвориле

нивните очи и срце, што на својот пат не ја видоа Божјата добрина и милосрдие и биле неблагодарни наспроти Неговите дарови. Исто така е неверен и Божјиот народ во овој век на безбожништво и изопаченост. Луѓето се плашат дека ќе западнат во оскудица, дека нивните деца ќе осиромашат и дека нема да имаат што да им остават на внуците. Не се осмелуваат да се потпрат на Бога. Немаат вистинска вера во Оној Кој ги опсипал со благодати и изобилство на животот и Кој им ги дал талентите за да ги употребат за слава и напредок на Неговото дело. {2T 656.2}

Многумина толку се грижат сами за себе што не му пружаат прилика на Бога да се погрижат за нив. Кога понекогаш би се нашле во немаштија или кога би дошле во тешка положба - тоа би било многу корисно за нивната вера. Кога мирно би се потпреле на Бога и би чекале Тој да работи за нив, тие со тоа би му пружиле на Бога можности да направи нешто за нив; Неговиот благослов во неволја би ја зајакнал нивната љубов кон Него и би ги навел да стекнат повозвишено сфаќање за употребата на земските добра. Нивната вера би зајакнала, надежта би заблескала, радоста би ја заменила тагата, сомневањето и мрморењето. Кај многумина верата не се развива само поради недостаток на практично манифестирање на вера во делата. {2T 657.1}

Љубовта кон парите и пријателството кон овој свет не даваат животна сила на Божјиот народ, кому му е укажана чест да биде јасна и блескава светлина на светот, да расте во познавање на Бога и јасно да ја сфаќа Неговата волја. Меѓутоа, грижите на овој свет и измамата на богатството го задушуваат семето кое е посеано во срцето и тоа не донесува плодови на слава на Бога. Божјиот народ исповеда вера, но тоа не е жива вера, бидејќи не е поткрепена со дела. Верата без дела е мртва, непотврдена. Верата нема да ги спаси оние кои ја исповедаат, ако таа е без дела. И сатаната верува во вистината но трепери; меѓутоа, таков вид на вера не е доблест. Многумина исповедаат вера, но не прават добри дела. Кога тие би ја потврдувале својата вера со добри дела, би вршеле моќно влијание во корист на вистината. Но тие не ги намножуваат даровите кои Бог им ги доверил. Оние кои сакаат да ја смират својата совест пренесувајќи го имотот на своите деца или, ускратувајќи го Божјото дело, дозволуваат нивниот имот да премине во рацете на нивните неверни, лакоми деца за да го растурат, или да го натрупуваат и обожаваат - таквите ќе мораат да положат сметка на Бога. Таквите се неверни повереници на Господовите пари. Тие му дозволија на сатаната да ги надмудри преку нивните деца со чии души завладеал. Сатаната остварил многу свои цели додека Божјите повереници се вчудовидени и како одземени. Тие не ја сфаќаат големата одговорност и дека наскоро ќе мораат да положат сметка. {2T 657.2}

Сатаната господари со оние кои поседуваат имот и чиј ум го замрачил богот на овој свет. Ако таквите луѓе имаат деца кои вистински веруваат и оние други чија љубов потполно е сосредоточена на работите на овој свет, тие при пренесувањето на својот имот на децата ќе дадат поголем дел од оние деца кои не Го љубат Бога и кои му служат на непријателот на правдата, отколку на оние кои Му служат на Бога. {2T 658.1}

Тие го стават во рацете на неверните деца она што за нив ќе претставува стапица и пречка на патот кој води кон потчинување на Бога. Додека даваат големи подароци на неверните деца, тие премногу скржаво ги даруваат децата кои ја делат нивната вера. Самиот тој факт треба да ги загрижи имотните луѓе кои постапуваат така. Тие мораат да увидат дека измамите на богатството го изопачиле нивното расудување. Кога би

можеле да воочат што влијае на нивниот ум, би сфатиле дека всушност се одвиваат во склад со сатанските намери и планови. Наместо Бог да владее со нивниот ум и да го посветува нивното расудување, со нив би завладеала спротивна сила. Таквите луѓе често ги запоставуваат оние кои се со нив во иста вера и често во однос на нив се ситничари и скржавци, додека имаат широки раце кон децата кои не веруваат, кои го љубат овој свет, иако знаат дека средствата кои им ги довериле, нема да ги употребат за напредок на Божјото дело. Господ бара од оние на кои им ги доверил тие таленти да ги употребат како што треба, за Неговата работа да биде на прво место. Сите други обѕири доаѓаат на второ место. {2T 658.2}

Талентите, било да се пет, два или еден, мораат да се намножат. Оние кои имаат многу пари се одговорни за голем број на таленти. Меѓутоа, ниту соодветно сиромашните луѓе не се ослободени од одговорност. Оние кои имаат малку на овој свет, се сметаат како да имаат еден талент. Меѓутоа, тие со преголема љубов кон тој еден талент и со ускратување на Божјото дело се изложуваат на исто таква судбоносна опасност во каква што се наоѓаат богатите. Тие не ја увидуваат таа опасност. Ги применуваат острите укори кои Божјата реч им ги упатува на оние кои го љубат овој свет само на богаташите, додека тие можат да се наоѓаат и во поголема опасност од побогатите. Без разлика дали поседуваат малку или многу, сите мораат да ги употребат своите таленти, така што кога Господарот ќе дојде, може да го добие Своето назад со добивка. Од нив исто така се бара да се посветат на Бога и несебично да се залагаат за Неговото дело. Копнеејќи пред сè за Божјото царство и за Неговата правда, тие мораат да веруваат на Неговите ветувања дека сè останато ќе им се додаде. Во споредба со сите останати работи, спасувањето на душите на нивните ближни мора да има првенство. Меѓутоа, општо земено, тоа не е случај. Ако нешто се запоставува и поднесува - тогаш тоа секогаш е Божјото дело. Бог им ги позајмил на луѓето таленти не за да ја поттикне нивната гордост или за да ги наведе на завист, туку талентите да бидат употребени на Негова слава. Тој ги направил тие луѓе посредници кои ќе ги стават на располагање средствата за напредок на делото на спасување на луѓето. Христос им дал пример со Својот живот. Тој го оставил Своето небесно богатство и сјај и поради нас станал сиромав за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Бог нема намера да истура пари од небото како дожд за да напредува Неговото дело. Тој доверил или позајмил доволно средства на луѓето за да не дојде до оскудица ниту на едно поле на Неговото дело. Тој ги проверува оние кои тврдат дека Го љубат на тој начин што става средства во нивните раце за да види дали тие повеќе ги љубат даровите од Дарителот. Во свое време, Бог ќе ги открие вистинските чувства на срцето. {2T 659.1}

За ширење на Божјото дело потребни се парични средства. Бог се погрижил за тоа, така што им подарил на Своите помошници за да го дадат во секоја гранка на делото каде што ќе се појават потреби во работата на спасување на души. Секоја спасена душа е еден заработен талент. Човекот кој ја запознал вистината, ако навистина е обратен, и сам од своја страна ќе ги даде талентите на својот углед и пари кои Бог му ги подарил и со тоа ќе придонесе за спасување на своите ближни. Тој ревно ќе се посвети на големото дело на просветлување на оние кои сè уште се во темнина и заблуда. Ќе стане средство за спасување на душите. На тој начин талентите на влијанието и парите постојано се изменуваат и зголемуваат. Кога Господарот ќе дојде, верниот слуга ќе биде во состојба

да му ја врати и главнината и каматата. Тој во своите плодови ќе покаже зголемување на талентите кои му ги враќа на Господарот. Така верниот слуга ќе ја изврши својата задача, а Господарот кој го наградува секој човек според неговите дела, ќе му ја врати на верниот слуга и основата и добивката. {2T 660.1}

Во Својата реч, Господарот јасно ја открил Својата волја на оние кои поседуваат богатство. Но бидејќи луѓето не ги уважуваа Неговите директни заповеди, Тој милостиво, по пат на Сведоштва, им ја предочува опасноста во која се наоѓаат. Тој не дава нова светлина, туку ги упатува на светлината која веќе е откриена во Неговата реч. Ако луѓето кои тврдат дека ја љубат вистината и понатаму згрчено се држат за своето богатство, не ја слушаат Божјата реч и не настојуваат да прават добро со она што им Го доверил, Тој ќе дојде и ќе го расее нивното богатство. Тој ќе дојде во својот гнев. Душите на себичните ќе останат без благослов. Но – „раката која дава, ќе биде побогата". Бог ќе ги почитува оние кои го почитуваат Него. {2T 660.2}

Бог му дал завет на Израел дека, ако се покорува на Неговите заповеди, ќе испрати дожд на време за земјата да дава жетва и овоштарниците по полињата да донесат плодови. Тој ветил дека нивната жетва секогаш ќе стигнува на време, дека ќе им стигнуваат залихите до жетвата, дека ќе јадат леб колку што сакаат и ќе живеат во мир во својата земја. Тој ќе стори нивните непријатели да пострадаат. Нема да го сврти Своето лице од нив, туку ќе биде со нив, ќе биде нивен Бог, а тие Негов народ. Но, ако не ги слушаат Неговите заповеди, Тој ќе постапува спротивно со нив. Наместо благослов, ќе ги следи Неговото проклетство. Ќе ја скрши нивната гордост и ќе направи небото над нив да биде како железо, а земјата како мед. „Вашата сила ќе се троши напразно, бидејќи вашата земја нема да го раѓа својот род и дрвата по земјата нема да раѓаат својот род. Ако одите против Мене и не Ме слушате… и Јас ќе одам против вас". {2T 661.1}

Оние кои себично го држат своето богатство нека не се чудат ако Божјата рака го растури. Ќе се случи на неразумниот син да му го дадат она што требало да го посветат на ширење на Божјото дело, но не било дадено, и тој син ќе го потроши тоа. Можеби во шталата ќе го најде мртов својот најдобар коњ, гордоста на суетното срце. Може од време на време ќе загине некоја крава. И жетвата може да изневери. Бог може да го растури богатството кое им го дал на Своите повереници, ако не сакаат да го употребат на Негова слава. Можеби некои нема да ги имаат тие загуби кои би ги потсетувале на должностите кои не ги извршиле, но видов дека токму тие можат да бидат во побезнадежна положба. {2T 661.2}

Исус го опоменувал народот: „Чувајте се од лакомство, бидејќи животот на човека не зависи од изобилието на неговиот имот. Потоа им кажа една парабола: На еден богат човек нивата му беше родила многу. И си мислеше во себе: што ќе правам? Немам во што да го соберам житото, па си рече: еве што ќе направам: ќе ги растурам своите амбари и ќе направам поголеми и таму ќе го соберам сето свое жито. И ќе и речам на својата душа: душо! имам имот за многу години; почивај, јади, пиј и весели се. А Бог му рече: безумнику! Оваа ноќ ќе ја земам твојата душа; а што ќе биде со она што го подготви? Така е со секој кој стекнува богатство за себе, а не се богати во Бога. А на Своите ученици им рече: вистина ви велам: не грижете се што ќе јадете, ниту во што ќе се облечете; душата е поважна од јадењето и телото од облеката". {2T 662.1}

Тие опомени се дадени за сечие добро. Дали луѓето ќе ги користат дадените опомени? Дали ќе се управуваат според нив? Дали ќе ги примат при срце зборовите на нашиот Спасител и ќе го одбегнуваат примерот на немудриот богаташ? Тој имал изобилство, а го имаат и многумина кои зборуваат дека веруваат во вистината, па сепак постапуваат како тој неразумен богаташ. О, кога би биле мудри и би чувствувале обврска која почива на нив за да ги употребат благословите кои Бог им ги подарил за на другите да им донесат благослов, наместо да го претвораат во проклетство. Како и на неразумниот богаташ, Бог на крајот секому од нив ќе мора да каже: „Безумнику". {2T 662.2}

Луѓето се однесуваат како да го загубиле разумот. Натоварени се со животни грижи. Немаат време да се посветат на Бога, немаат време да Му служат. Работи, работи, работи, тоа е нивното мото. Тие бараат од сите околу себе напорно да работат и да водат грижа за големите имоти. Нивна желба е да рушат за да изградат уште поголеми, за да имаат каде да ја сместат својата жетва. И токму такви луѓе кои ги притиска нивното богатство, се сметаат за Христови следбеници. Тие само на зборови веруваат дека Христос наскоро ќе дојде и дека крајот на сѐ е навистина близу, но немаат дух на жртва. Тие сѐ подлабоко тонат во светот. Си оставаат себеси малку време за проучување на Речта на животот, за размислување и молитва. Тие не даваат можност за тоа ниту на членовите на своето семејство, ниту на оние кои им служат. А сепак зборуваат дека овој свет не е нивен дом, дека на земјата се само патници кои се подготвуваат за подобра татковина. Тие со својот пример и живот се проклетство за Божјото дело. Сиот нивен христијански живот е празно лицемерство. Тие Го љубат Бога и вистината токму толку колку што го покажуваат тоа со своите дела и ништо повеќе. Луѓето работат во склад со верата што ја имаат. „Според родовите ќе ги препознаете". Богатството е таму каде што е и срцето. Нивното богатство е на оваа земја, а на неа се и нивните срца и мисли. „Каква е користа, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а нема дела? Зар верата може да го спаси?" Така и верата ако нема дела, мртва е по себе". Ако оние кои ја исповедаат верата го докажуваат тоа и со својот живот, тогаш ќе видиме дека вистината носи во себе сила која е во состојба да ги обрати грешниците и да привлече души кон Христа. {2T 663.1}

Вистинската вера е ретка кај богатите луѓе. Ретко се наидува на искрена вера, потврдена со дела. Но луѓето кои ја имаат таа вера секогаш ќе имаат влијание. Тие ќе се угледаат на Христа; тие ќе ја имаат онаа несебична љубов и ќе работат на спасување на душите како што правел и Тој. Христовите следбеници треба да ги ценат душите како што ги ценел Тој. Тие треба да бидат врзани за делото на својот Откупител и да работат под било каква жртва за спасение на душите кои Тој ги откупил со Својата крв. Што значат парите, куќите и земјата во споредба со една единствена душа? {2T 663.2.}

Христос принесол потполна и совршена жртва која е доволна да го спаси секој син и Адамова ќерка, секој кој ќе манифестира каење поради кршење на Божјиот закон и вера во нашиот Господ Исус Христос. Но и покрај толку голема жртва, малкумина се оние кои се согласуваат да живеат во послушност за да бидат засекогаш спасени. Малку луѓе се подготвени на прогонство и како Него до изнемоштеност да работат на предавање на светлината на другите. Малку се оние кои ќе одат по Неговиот пример и ќе Му се молат на Бога за сила за да ги поднесат неволјите на овој живот и да ги вршат своите

секојдневни должности. Христос е Војсководач на нашето спасение. Со Своите страдања и со Својата жртва Тој дал пример на сите Свои следбеници и покажал дека стражарењето, молитвата и неуморните напори се неопходни ако сакаат да Му бидат слични според љубовта која Тој ја чувствувал кон паднатиот род. {2T 664.1}

Богатите умираат духовно затоа што пропуштаат да го помогнат делото на спасување на душите со парите кои Бог ги ставил во нивни раце. Некои се пробудуваат од време на време и одлучуваат со „неправедно стекнатото богатство" да стекнат за себе пријатели, за на крајот да бидат примени во вечните станови. Сепак овие нивни напори не се истрајни. Тие почнуваат, но набргу се откажуваат, бидејќи не учествуваат со сето срце во тој напор. Тие не се богати во добри дела. И додека така се колебаат да ја искоренат во себе љубовта кон земските богатство, сатаната над нив однесува победа. {2T 664.2}

Сатаната често ги маѓепсува луѓето со тоа што во најубави бои им ги прикажува изгледите за заработувачка по пат на патентни права или слични потфати кои многу ветуваат. Тој ги мами со изгледите лесно да дојдат до заработувачка. Тие тогаш почнуваат да мудруваат како со парите кои одлучиле да ги приложат во Божјата ризница уште повеќе ќе заработат, па така ќе бидат во состојба многу повеќе да приложат. Не се во состојба да помислат дека можат да претрпат неуспех. Парите им се лизгаат од нивните раце и тие со жалење наскоро увидуваат дека згрешиле. Нивните надежи не се исполниле. Биле измамени. Сатаната ги надмудрил. Бил полукав од нив и успеал да ги привлече нивните пари на своја страна и Божјото дело да го лиши од средства кои би се употребиле за помагање и ширење на вистината и за спасување на душите за кои Христос умрел. Загубиле сè што вложиле и Го задржале на Бога она што требало да Му го вратат. {2T 665.1}

Оние пак на кои им е доверен само еден талент се изговараат со тоа дека немаат толку многу таленти како оние на кои им е доверено многу. Како неверен слуга, тие го скриваат во земја тој талент. Се плашат да Му го вратат на Бога она што им го доверил. Се впуштаат во трговија, но вложуваат многу малку, па дури и ништо во Божјото дело. Очекуваат товарот на делото да го понесат оние кои имаат многу таленти и сметаат дека не треба ништо да направат за неговиот развој и успех. {2T 665.2}

Кога Господарот ќе дојде да се пресмета со Своите слуги, неразумниот слуга збунето ќе признае: „Знаев дека си тежок човек: жнееш каде што не си сеел и собираш таму каде што не си садел; па се исплашив (од што се исплашил? Дека Господарот ќе бара од него еден мал дел од талантот кој му го доверил) па отидов и го сокрив твојот талант во земјата; и еве ти го твоето". Неговиот господарот ќе му одговори: „Лош и мрзлив слуго, знаеше дека јас жнеам каде што не сеев и собирам каде што не сум садел. Требаше моето сребро да им го дадеш на трговците; и кога Јас ќе дојдев, ќе го земев своето со добивка. Земете го од него талантот и дајте го на оној кој има десет таланти. Зашто на секој кој има, ќе му се даде во изобилство; а од оној кој нема, ќе му се земе и тоа што го има. И лошиот слуга фрлете го во темница: таму ќе има плач и чкртање со заби". {2T 665.3}

Луѓето кои имаат малку земско богатство се претставени со човекот со еден талант. Тие стравуваат да му се доверат на Бога. Се плашат дека Тој ќе бара од нив нешто што сметаат дека е нивно. Тие го сокриваат својот талант во земја, плашејќи се да го вложат

во нешто, за Бог да не ги повика да го однесат талантот на трговецот, како што го наложил тоа Бог, па го закопуваат, или сокриваат, така што не му користи ниту на Бога ниту на луѓето. Ова го прават и многумина кои тврдат дека веруваат во вистината. Тие ги мамат сопствените души бидејќи сатаната ги заслепил. Задржувајќи Му на Бога, тие си задржуваат сами на себе. Поради алчноста и срцето кое не верува, тие се лишуваат од небесно богатство. Бидејќи имаат само еден талент, се плашат да го доверат на Бога и го сокриваат во земја, сметајќи дека се спасиле од одговорност. Тие сакаат да видат како напредува вистината, но не помислуваат на тоа дека и тие мораат да бидат самопожртвувани и да го помогнат делото со свои лични напори и со своите пари, иако немаат многу. {2T 666.1}

Сите треба да помогнат. За доброто на сите е забележан случајот на вдовицата која ги дала своите две лепти. Христос ја пофалил за оваа жртва која ја принела и им рекол на Своите ученици: „Вистина ви велам: оваа сиромашна вдовица даде повеќе од сите; зашто сите дадоа од она што им преостана, а таа даде сè што имаше". Христос го сметал нејзиниот дар поважен од богатите дарови на имотните луѓе. Тие давале од своето изобилство. Не се лишиле од ништо, давајќи дарови. А вдовицата се лишила од основните животни потреби за да го приложи својот мал дар. Таа не можела да знае како ќе живее во иднина. Немала маж да се грижи за неа. Се надевала во Бога за утрешниот ден. Вредноста на дарот не се цени според неговата големина, туку според сообносот во кој е даден, според побудите од кои е направен. Кога Христос ќе дојде и платата Негова со Него, ќе му даде на секој човек според неговите дела. {2T 666.2}

Господарот на сите им дал таленти, на малите и големите, на сиромашните и богатите; на некои повеќе, на некои помалку, според нивната способност. Бог ќе ги благослови ревните и трудољубиви работници кои се полни со љубов. Нивното вложување ќе донесе корист; тие ќе ги придобијат душите за Божјото царство и ќе си обезбедат себеси неминливо богатство. Сите се орудија и на сите им се доверени небесни добра. Талантите им се доделени на луѓето според нивните способности. {2T 667.1}

Бог му дава на секој човек работа која треба да ја изврши и очекува да Му се врати добивката во сооднос со доверените таленти. Тој не очекува човекот кому му доверил еден талант да донесе добивка од десет. Тој не очекува сиромашниот да дава ист дар како богатиот. Тој не очекува од слабиот и болниот исти напори какви што очекува од здравите. Бог ќе прими и еден талант ако е употребен онака како што треба, „според она што има човекот, а не според она што нема". {2T 667.2}

Бог нè нарекува Свои слуги што значи дека треба да извршиме некоја работа и да ја прифатиме одговорноста. Тој можеби ни позајмил за ние да вложиме. Тоа не е наша своина и ние навлекуваме на себе Божји гнев кога го чуваме за себе Господовото богатство или го трошиме онака како што ни е волја. Ние сме одговорни за добро или лошо користење на она што Бог ни го позајмил. Ако она што Господ го ставил во наши раце остане неискористено, или ако го закопаме во земја, па нека е тоа и само еден талант, Господарот ќе нè повика на одговорност. Тој бара да му го вратиме со добивка не своето туку Неговото. {2T 668.1}

Внимателно ќе се разгледа секој талант кој ќе му биде вратен на Господа. Постапките на Божјите слуги нема да се сметаат неважни. Секој поединец ќе биде

повикан лично да одговара и да положи сметка за талантите кои му биле доверени, за да се види дали ги умножил или злоупотребил. Наградата ќе биде во сооднос со заработувачката. Казната ќе биде во сооднос со загубата. {2T 668.2}

Секој треба да се праша: Што примив од Господа и како тоа ќе го употребам на слава? „Работете," вели Христос, „додека не дојдам". Небесниот Господар е на пат. Сега ни се пружа драгоцена прилика. Талантите се во наша рака. Треба ли да ги употребиме на Божја слава, или да ги злоупотребиме? Денес можеме да тргуваме со нив, но веќе утре може да заврши времето на нашата проба и нашата пресметка засекогаш ќе биде заклучена. {2T 668.3}

Ние ќе Го прославиме Бога ако своите таланти ги употребиме за делото на спасување на души. Некои се повикуваат на својата положба за да ја оправдаат суетата, неумереноста, славољубието и одвратната себичност. Ако човекот ги злоупотреби талантите кои Господ му ги позајмил како голем благослов, ќе го снајде страшно проклетство. Ние можеме да го користиме своето богатство за со нив да го помогнеме Божјото дело и да ги олесниме страдањата на вдовиците и сирачињата. Со тоа стекнуваме и за себе богати благослови. Не само што ќе примиме изрази на благодарност од оние кои ги израдувавме со своите дарови туку и сам Господ, Кој поради тоа и го ставил богатството во наши раце, ќе направи нашите души да бидат како залеана градина чија вода никогаш не пресушува. Кога ќе дојде времето на жетва, кој од нас ќе ја прими таа неискажана радост да ги види собраните снопови како награда за верноста и несебичното користење на талантите кои Господ нам ни ги подарил за да ги искористиме во Негова слава? {2T 668.4}

Многумина во Вермонт пропуштиле да одговорат на Божјите барања. Некои станале безживотни и студени во духовен поглед, бидејќи се неверни слуги. Нивните срца се толку исполнети со љубов кон овој свет што ја загубиле љубовта за она што е небесно и останале џуџиња во духовните достигнувања. Тоа поле било лишено од вистинска работа. Бордовил стана центар на привлечноста. Сите големи собири се одржуваа само во едно место, што беше исто како и да се става светлина под сад, така што нејзините зраци не можеа да го просветлат народот во целата држава. Многумина кои би можеле да имаат знаење за вистината сè уште се во темнина. Сите таланти и напори се собрани на едно место. Тоа не е по волја на Господа. Тој нареди веста на опомена и проба да се објави на целиот свет и Неговиот народ, кој е светлина на светот, да стане сведок во моралната темнина на светот, за со својот живот, со своето сведочење и со својот пример да биде животен мирис за живот или смртен за смрт. {2T 669.1}

Браќата Д треба да бидат внимателни, за со своите планови да не ги попречуваат Божјите намери. Тие се во опасност да го ограничат Божјото дело кое е длабоко и широко. {2T 669.2}

Брат Д ќе биде во состојба премногу ограничено да ги сфати целите на делото. Бог му подарил искуство кое би било од вредност кога би го применил на правилен начин. Но постои опасност тој да го прилагоди тоа искуство на своите сфаќања и тоа да им го пренесе и на другите. Работата на брат Д не ги донесе очекуваните резултати бидејќи сите сили на својот ум ги подредуваше на една мисла. Тој многу се занимава со своите

незгоди и постојано опширно зборува за нив, иако не се ниту најмалку важни за другите луѓе. {2T 669.3}

Тој многу мислеше за својата здравствена состојба. Ги сосредоточи сите свои духовни сили на ова прашање. Зборуваше само за себе и за својата болест. Беше цврсто подготвен по секоја цена да го примени начинот на лекување кој сам го измисли и со тоа создаваше многу непријатности на другите. Тој најмногу мислеше на себе. Неговата болест беше товар на неговите мисли и постојан предмет на неговите разговори. Со тој до ситници утврден начин на живеење, тој не му користеше на своето здравје. Би било подобро помалку да мислеше само на себе и секој ден да се занимава со телесна работа, со што би ги одвратил мислите од болестите. {2T 670.1}

Истите грешки ги покажа и при својата работа на евангелско поле. Зборувајќи му на народот, тој толку се извинуваше и правеше толкави воведи, што верниците веќе беа изморени кога тој би преминал на главниот предмет. Проповедниците би требало да ги одбегнуваат долгите воведи. {2T 670.2}

Брат Д е премногу едностран. Се губи во ситници. Тој премногу ги објаснува прашањата кои немаат никакво значење и кои се разбираат сами по себе. Меѓутоа, вистинските и важни прашања би требало да се направат јасни, колку што го дозволуваат тоа јазикот и доказите. Тие би требало да се истакнат, така што ќе стојат како патокази. Би требало да се одбегнува трошење на зборови на детали, поради што слушателот станува уморен пред да се дојде до значајните прашања. {2T 670.3}

Брат Д има голема склоност кон сосредоточување на вниманието. Кога неговите мисли ќе се упатат во една насока, тешко е да се скршне од неа; тој упорно се држи за неа. Неговите говори често ги заморуваат слушателите. Им недостига лесен, течен стил. Навиката на постојано враќање на едно исто прашање, со исклучување на сите останати, е многу непријатна. Би требало тоа да го сфати и да се потруди да ја измени оваа силна наклонетост. Премногу големото користење на една умна способност ги слабее другите. Ако брат Д сака да биде успешен работник на евангелско поле, би требало да го дисциплинира својот дух. Прекумерниот развој на овие способности му пречи на неговото здравје и ја намалува корисноста на неговата работа. Во неговата духовна организација нема хармонија и поради тоа страда и неговиот организам. {2T 670.4}

На брат Д би му било од голема корист кога би настојувал да биде едноставен и разбирлив во пишувањето. Потребно е да одбегнува долго занимавање со едно прашање кое не е од значење. Дури и најважните очевидни вистини кои се јасни и разбирливи сами по себе можат со многу зборови да се направат нејасни и неразбирливи. {2T 671.1}

Брат Д може да биде здрав во сите прашања на сегашната вистина, а сепак да не биде во секој поглед соодветен со своето пишување да му ги изложува на францускиот народ причините на нашата надеж. Тој може да помогне во оваа работа. Но овој предмет би требало да подготви повеќемина од нив, а не само еден или двајца луѓе, за да не носи печат на само една личност. На народот треба да му се даде вистината која ја пронашле и изложиле неколку луѓе, која ревните истражувачи алка по алка ја поврзале во силен синџир, така што е во состојба да ги задоволи потребите на многу луѓе. Треба да се биде краток за да се привлече читателот. Долгите статии само ѝ штетат на вистината која писателот сака да ја прикаже. {2T 671.2}

Брат Д би требало помалку да мисли на себе и помалку да зборува за себе. Тој треба да се крие себеси од погледите на луѓето, одбегнувајќи во разговорот да обрнува внимание на себе, изнесувајќи го својот начин на живот како углед на другите. Би требало да се труди да биде навистина понизен. Опасно е што тој својот живот и своето искуство ги смета поважни од животот и искуствата на другите. {2T 671.3}

Брат Д би бил корисен на Божјото дело кога во неговиот начин на работа би имало повеќе склад. Кога би ги увидел и исправил маните кои го попречуваат во работата, Бог би можел да го употреби. Би требало да одбегнува долги проповеди и долги молитви. Тие не се благодат ниту нему ниту на другите. Со долгото и претерано напрегање на своите гласни жици тој му наштети на своето грло и бели дробови и воопшто на своето здравје и тоа многу повеќе отколку што воопшто му користеше со своите строги правила за јадење и одмор. Тешко е да се лекуваат говорните органи оштетени со претерано напрегање, а многумина тоа ги чинеше и живот. Со спокоен, смирен и сериозен начин на говор, ќе се остави многу подобар впечаток на собирот отколку ако му се дозволи чувствата да завладеат со гласот и движењата. Говорникот треба да го сочува својот природен глас колку што е тоа можно. Вистината е таа која ги привлекува срцата. Ако говорникот направи тие вистини да станат реалност, тој, со помош на Божјиот Дух, ќе биде во состојба да им влее на слушателите уверување дека е искрен, не напрегајќи го притоа своето грло ниту бели дробови, кои се нежни органи. {2T 672.1}

Брат Д е силно врзан за својот дом. Но оттука и опасноста дека во разговорот сето свое внимание им го подарува на оние прашања кои се важни за него, но кои не ги интересираат другите луѓе ниту можат да им користат. Тој живее еден начин на живот кој сам по себе е правилен. Но и овде може да се види дека она што е корисно само по себе може да стане здодевно и непријатно, ако многу се зборува само за тоа и ако луѓето настојуваат тоа да го изнесат во сите прилики. Така се јавува опасност да заборавиме на поважните работи. {2T 672.2}

Браќата Д би требало да внимаваат да не бидат здодевни во својата работа. Тие извршиле добро влијание. Брат Д со своите совети и пример им помагаше на луѓето кои беа скромни и сакаа да ги прифатат советите. Но, љубомората, недовербата, бунтот, озборувањето и мрморењето во црквата доведоа до обесхрабреност. Овие браќа треба да внимаваат да не бидат премногу строги. {2T 673.1}

За да го усовршиме својот христијански карактер, не е доволно да живееме само мирен живот исполнет со молитви, ниту пак со живот на надворешна ревност и трескавична активност, а притоа да ја занемариме личната побожност. Денешното време бара од нас да чекаме на Господовото доаѓање и ревно да работиме на спасение на своите ближни. „Не бидете мрзливи во работата, бидете огнени во духот, служете Му на Господа”. Бог нема да ја прими ниту највозвишената служба ако оној што ја извршува прво не се посветил со тоа што ја предал својата душа Нему и на Неговата љубов. Извесни луѓе се наоѓаат во опасност да заборават на Божјиот Дух и на Христовата вера и сè да сведат на заморно исполнување на должностите и церемониите. {2T 673.2}

Ние живееме сред изопачено поколение и не сме во состојба своите добри и јасни намери секогаш да ги остваримe за добро на сите. Ако постојано држиме до своето достоинство, нема да успееме да им помогнеме на оние на кои помошта им е најпотребна. Христовите слуги треба да се прилагодат на потребите на народот. Тие не

смеат да се држат до крутите правила ако сакаат да ги придобијат сите. Работата треба да биде разновидна, за да дојде до луѓето таму каде што се наоѓаат. „И така разликувајќи, едни милувајте, а други со страв од оган вадете, мразејќи ја и осквернатата облека од телото”. {2T 673.3}

Апостолот ги советува своите браќа во Коринт: „Ако јадете, пиете, или што друго и да правите, сè правете на Божја слава. Не бидете соблазна ниту за Евреите, ниту за Грците, ниту за Божјата црква. Како што и јас во сè им угодувам на сите, не барајќи своја корист, туку корист на многумина, за да се спасат” (1. Коринтјаните 10:31-33). „Зашто, иако сум слободен од сите, се направив себеси роб, за повеќе да придобијам” (1. Коринтјаните 9:10). „Со слабите бев слаб, за да ги придобијам; на сите им бев сè, за да придобијам повеќе” (стих 22). „Должни сме силните да ги носиме слабостите на послабите и да не си угодуваме себеси. Секој од вас нека му угодува на ближниот за добар пример. Зашто и Христос не си угодуваше себеси, туку како што е пишано: навредите на оние кои Тебе те навредуваат, паднаа на Мене” (Римјаните 15:1-3). {2T 673.4}

Брат и сестра Л од Канада, грабејќи сè повеќе земско богатство, постепено ја губеа верата во Бога и љубовта кон она што е небесно и божествено. Тие сè повеќе ја губеа врската со небото и сè поцврсто се врзуваа за овој свет. Пред неколку години тие сакаа да се залагаат за напредок на вистината и на Божјото дело. Подоцна во нив зајакна љубовта кон богатството и немаа повеќе волја да го извршат својот дел поради спасување на своите ближни. Нивниот живот не беше живот на самооткажување и добри дела поради Христа. Тие направија многу малку за Божјото дело. Што направија со своите таланти? Ги закопаа во земја, вложуваа во имотите. Не им понудија на трговците, за кога ќе се врати Господарот, да Му го предадат Неговото со добивка. {2T 674.1}

На нив почива должноста да го уредат својот дом и своето срце. „Собирајте си богатство на небото”. Нивните срца се прилепиле за богатството на овој свет, додека прашањата од вечна вредност им дошле на второ место. Тие треба сериозно да работат на тоа од своето срце да ја исфрлат љубовта кон овој свет, за на нејзино место да дојде љубовта кон она што е небесно. Кога Божјите слуги би ја сфатиле својата должност да направат сè што е во нивна моќ, кога со угледот и со парите би придонеле за спасување на душите за кои Христос умрел, би имало премногу несебични напори и неверниците би се поттикнале; тие би увиделе дека има нешто реално во вистината која така се прикажува и би тргнале по тој пример. {2T 674.2}

Брат и сестра Л би требало да имаат доверба во делото на овие последни денови и да го усовршуваат својот христијански карактер, за да можат да ја примат вечната награда кога Исус ќе дојде. Брат Л нема ниту душевна ниту телесна сила. Тој станува неспособен да носи големи одговорности. Би требало да се посоветува со своите браќа, кои се доверливи и верни. {2T 675.1}

Брат Л е Божји повереник. Нему му е доверено богатството и тој би требало да биде свесен за својата должност да му го врати на Бога она што е Божје. Не би смеел да заборави на барањата кои Бог му ги поставил. Додека живее и додека располага со своите умни сили, би требало да го задржи имотот кој Бог му го доверил, а не да им дозволува на другите да го искористуваат и да го присвојат по неговата смрт. {2T 675.2}

Сатаната е секогаш подготвен да ги искористи слабостите и немоќта на човекот за своите цели. Тој е лукав непријател и измами многумина кои имаа најдобри намери со својот имот да го помогнат Божјото дело. Некои пропуштиле да го земат во свои раце имотот кој Бог им го наменил. А додека така пропуштаат да му го обезбедат на Божјото дело богатството кое Тој им го подарил, доаѓа сатаната и го пренесува ова богатство во своите редови. {2T 675.3}

Брат Л би требало да биде повнимателен. Луѓето кои не се од нашата вера извлекуваат пари од него под разни изговори. Тој има доверба во нив, бидејќи смета дека се чесни. Нема да му биде можно да ги добие назад сите пари кои се лизнале од неговите раце во редовите на непријателот. Тој би можел да ги вложи своите пари на сигурен начин во Божјото дело и со тоа да стекне богатство на небото. Често не е во состојба да помогне, иако сака, бидејќи е немоќен и не располага со своите пари. Кога Господ ќе побара пари од него, тој се наоѓа во рацете на оние на кои им позајмил, од кои некои немаат воопшто намера да ги вратат, додека други не се брзаат да го направат тоа. Преку нечесните должници сатаната ќе ги оствари своите цели како и на некој друг начин. Непријателот на вистината и правдата работи на тоа да го спречи напредокот на царството на нашиот Откупител. Тој ја остварува таа своја намера преку своите помошници. Ако спречи парите да одат во Божјата ризница, тој веќе успеал во една насока. Со тоа тој ги задржал парите кои би требало да се искористат во големото дело на спасување на душите и тие пари сега му помагаат во неговата работа. {2T 675.4}

Брат Л би требало внимателно да ги води своите работи и да не дозволи растурање. Тој е во можност да биде богат во добрите дела, да создаде една добра основа за времето кое доаѓа и со тоа да се здобие со вечниот живот. Тој не треба да се потпре на својот несигурен суд. Би требало да се советува со своите искусни браќа и да побара мудрост од Господа, за да ја изврши својата работа како што треба. Тој сега работи навистина сериозно да си обезбеди „ќесиња што нема да изветват, сигурна ризница на небото". {2T 676.1}

Брат М грешеше во својот семеен живот. Тој не ја манифестираше со зборови онаа љубов кон својата жена која според должноста треба да ја покажува. Не разви во себе вистинска христијанска љубезност и учтивост. Не беше кон неа секогаш добар и не излегуваше во пресрет на нејзините желби како што му беше должност. Таа не се соедини со него во верата и поради тоа двајцата многу страдаа. Брат М не ги почитуваше советите и судот на својата жена како што требаше да прави. Таа во многу нешта подобро расудува и поисправно гледа на работите од него. Да побараше нејзин совет, таа со своето јасно сфаќање и добро расудување многу би му помогнала во неговите работи со соседите. Не би требало постојано да се повикува на своето достоинство и да мисли дека знае сè. Кога би се советувал со својата жена и би покажал со своето однесување наклонетост кон неа, како и желба да ѝ излезе во пресрет, би ја извршувал својата должност. Ако нејзините совети би доаѓале во судир со неговите должности кон Бога и кон барањата кои Тој ги има кон Него, тогаш и би можел да се согласи со неа, објаснувајќи ѝ на најмирен начин дека не може да ја жртвува својата вера ниту своите начела. Судот и совеста на неговата жена би му биле од голема корист во неговите земски работи. {2T 676.2}

Сѐ додека биде избувлив, груб и непристапен, нема да може да ја придобие својата жена за вистината. Треба да се промени. Треба да стане благ, нежен, благороден, љубезен. Во неговото срце треба да влезат радост и среќа и оттаму да зрачат на членовите на семејството. Тој во своето семејство довел лица чие влијание ќе биде повеќе проклетство отколку благослов за неговата жена. Со тоа тој ѝ ставил на неа товари кои би можеле да се одбегнат. Би требало да ја праша за совет и да ги земе во предвид нејзините желби кога може тоа да го направи, а да не ѝ наштети на својата вера. {2T 677.1}

Брат М повеќе сакаше да оди по патот кој сам го избрал и беше упорен и тврдоглав. Често беше и непопустлив. Не би требало да биде така. Тој ја исповеда вистината која посветува, смирува и облагородува, додека неговата жена не ја исповеда. Би требало да покаже дека вистината има влијание на неговата изопачена природа, да го прави трпелив, нежен, љубезен и полн со простување. Најдобар пат по кој брат М може да стане жив мисионер во своето семејство е да живее живот сличен на нашиот Откупител. {2T 677.2}

---

79. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗЕМСКОТО БОГАТСТВО

Драг брату Н, откога разговарав со тебе на состанокот во Типтон, твојот случај ми задаваше грижи. Едвај се воздржав лично да не ти се обратам кога зборував на народот за Христовите зборови: „Не собирајте си богатство на земјата, каде што молецот и ‘рѓата расипуваат и каде што крадците поткопуваат и крадат; туку собирајте си богатство на небото, каде што ниту молецот ниту ‘рѓата не расипуваат и каде што крадците не поткопуваат и не крадат. Зашто каде е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце”. {2T 678.1}

Се сеќавам дека те препознав во визијата која ја имав пред извесно време. Мислеше дека ти е должност да ја проповедаш Речта на другите; но ти со својот пример повеќе ги одвраќаш луѓето од вистината отколку што ги приведуваш со своето проповедање. Ти велиш дека веруваш во највозвишената вест, но твоите дела не ја докажуваат твојата вера. Ја имаш вистината во теорија, но таа не те обрати. Вистината не го зазема целото твое срце ниту ја примени во својот секојдневен живот. {2T 678.2}

Ти мораш да се обратиш и преобразиш со „обновување на твојот ум”. Кога вистината ќе го освои твоето срце, таа ќе изврши преобразување во твојот живот. Тогаш неверниците ќе увидат дека во вистината лежи голема сила кога можела да изврши толку видлива промена во еден човек кој го љуби светот, каков што беше ти порано. Ти го љубиш овој свет. Твоето богатство е овде, а твоето срце е кај твоето богатство. И ако силата на вистината не го одвои твоето срце од богатството кое е во овој свет, ќе пропаднеш заедно со него. {2T 678.3}

Ти не увидуваш колку е возвишено ова дело на последните денови. Не поднесе никакви жртви за вистината. Ти си скржавец кој ги затвораше своите очи пред потребите на немоќните и несреќните. Во тебе не се пробуди сожалување кон оние кои ги мачи немаштија ниту посака да му помогнеш на Божјото дело со својот имот или да ги угостиш

патниците. Твоето срце е кај твоето земско богатство. Ако не ја победиш во себе љубовта кон работите на овој свет, нема да најдеш место во небесното царство. {2T 678.4}

Богатото момче го прашало Исуса што треба да прави за да наследи вечен живот. Исус го упатил на заповедите на Својот Татко, велејќи му дека мора да им се покорува ако сака да се спаси. Христос знаел дека тоа му е познато на момчето, па сепак подвлекол дека ќе има живот ако им се покорува. Слушнете го неговиот одговор: „Сето ова го сочував до својата младост". Исус со сожалување и љубов го погледнал ова момче. Сакал да му покаже дека сепак пропуштил да ги прими во своето срце заповедите за кои толку сигурно тврдел дека им се покорува. Исус му рекол: „Ако сакаш да бидеш совршен, оди продај сè што имаш и подај им го на сиромашните; и ќе имаш богатство на небото, па ајде по Мене". {2T 679.1}

Исус без заобиколување му укажал на ова момче на неговиот недостаток. Тој како пример го наведува Својот живот полн со самооткажување, Своето носење на крстот. Тој оставил сè поради човековото спасение и побарал од момчето да дојде и да се угледа на Неговиот пример, уверувајќи го дека тогаш ќе има богатство на небото. Дали срцето на момчето затреперило од радост на тоа уверување дека навистина ќе наследи богатство на небото? О, не! Неговото земско богатство било негов идол; тоа ја засенило вредноста на вечното наследство. Тој не го сака крстот, не го сака овој свет. Тој има силна желба за небесното наследство, но не сака да тргне по него. Нему му е тешко да одлучи да одбере, но конечно одлучува да живее за своето земско богатство. {2T 679.2}

Ова момче имало голем имот и со срцето бил врзан за него. Тој не можел да се согласи да го пренесе тоа богатство на небото, одвојувајќи се од него и правејќи со него добра - донесувајќи благослов на вдовиците и сирачињата и така богатејќи се во добрите дела. Љубовта на ова момче кон земското богатство била поголема од љубовта кон ближните и кон вечното наследство. Тој го избрал она што го љубел. Го отфрлил Христовиот предлог за да си обезбеди себеси богатство на небото, бидејќи не можел да се согласи на условите. Победила неговата силна љубов кон земското богатство и тој го жртвувал небото со сета Негова слава. Момчето било многу тажно бидејќи сакало да ги има двата света: но на крајот го жртвувал небесното поради земското. {2T 680.1}

Само малку луѓе знаат колкава е нивната љубов кон богатството, додека не бидат испитани. Многумина кои мислат за себе дека се Христови следбеници тогаш покажуваат дека не се подготвени за небото. Нивните дела покажуваат дека повеќе го љубат своето богатство отколку ближните или Бога. Како и она момче, тие прашуваат за патот кој води во живот, но кога ќе им се укаже на тој пат и на неговата цена и кога ќе сфатат дека мораат да го жртвуваат своето земско богатство и да станат богати во добрите дела, тие заклучуваат дека небото е премногу скапо. Колку поголемо е нивното богатство на небото, толку е потешко да увидат дека тоа не им припаѓа ним туку дека е позајмено за да го употребат на Божја слава. {2T 680.2}

Исус ја користи оваа прилика за на Своите ученици да им даде една значајна поука: „А Исус им рече на Своите ученици: вистина ви велам дека е тешко на богатиот да влезе во небесното царство. И уште ви велам: полесно ќе ѝ биде на камилата да влезе низ иглени уши отколку на богатиот да влезе во Божјото царство". {2T 680.3}

Овде се гледа моќта на богатството. Моќта на љубовта кон богатството има погубно дејство на човечката душа. Парите владеат со луѓето и ги прават безумни. Колку повеќе

имаат од овој свет, сѐ повеќе сакаат. Со порастот на богатството расте и нивниот страв од немаштија. Постојано натрупуваат за иднината. Стануваат скржави и себични, плашејќи се дека Бог нема да им даде за идните потреби. Натрупувајќи го богатството, тие се надеваат во него и ја губат верата во Бога и во Неговите ветувања. {2T 680.4}

Сиромашниот кој има вера и доверба во Бога, кој се надева во неговата љубов и грижа, кој е богат во добрите дела, разумно трошејќи го она што го има и благословувајќи ги другите, е богат во Бога. Тој чувствува дека има должност кон својот ближен која не може да ја одбегне, а со тоа да не ја отфрли и Божјата заповед: „Љуби го својот ближен како самиот себеси". Сиромашните кои се богати во Бога го сметаат спасението на своите ближни поважно од сето злато и сребро на овој свет. {2T 681.1}

Христос укажува на патот по кој оние луѓе кои имаат земско богатство, а не се богати во Бога, можат да стекнат земско богатство. Тој вели да го продадат она што имаат и да им го дадат на сиромашните за да стекнат богатство на небото. Лекот кој го предложил на богатите се состои во тоа да ја пренесат својата љубов од земското богатство на вечното наследство. Вложувајќи ги своите пари во Божјото дело за со тоа да го помогнат спасувањето на душите, благословувајќи ги потребните со своите пари, тие ќе станат богати во добрите дела и ќе подготват добар темел за времето кое ќе дојде, за да стекнат вечен живот. Тоа ќе биде сигурно вложување. Но многумина со своите дела покажуваат дека не се осмелуваат да го доверат својот имот на небесната банка. Тие повеќе сакаат своите средства да ги доверат на земјата отколку да ги испратат пред себе на небото, за нивните срца да бидат со небесното богатство. {2T 681.2}

Брату мој, тебе ти е должност да се бориш да ја победиш алчноста и љубовта кон земското богатство, а особено самодовербата бидејќи делумно имаше успех во стекнувањето на земско богатство. Бедните богаташи кои тврдат дека Му служат на Бога заслужуваат само сожалување, бидејќи додека зборуваат дека Го познаваат Бога, се откажуваат од него со своите дела. Колку е голема темнината во која се наоѓаат! Тие проповедаат вера во вистината, но нивните дела не се согласуваат со нивните зборови. Љубовта кон богатството ги прави луѓето строги и горделиви. Богатството е моќ и често љубовта кон него го понижува и уништува сѐ она што е благородно и слично на Бога кај човекот. {2T 681.3}

Богатството донесува големи одговорности со себе. Оние кои го стекнуваат со неправедни дела, измама во трговијата, угнетување на вдовиците и сирачињата или натрупување на пари не обѕирајќи се на потребите на сиромашните, ќе добијат казна за која зборува вдахновениот апостол: „Дојдете сите кои сте богати, плачете за своите лути неволји кои одат на вас. Богатството ваше исчезна и облеките ваши ги изедоа молци; Вашето злато и сребро за'рѓа и нивната 'рѓа ќе биде сведоштво за вас: ќе го изеде вашето тело како оган. Стекнавте богатство во последните денови. Се слуша викот на оние кои работеана вашите ниви и на кои вие им задржавте; и нивниот викот дојде до ушите на Господ Саваот". {2T 682.1}

Најпонизните и најсиромашните од вистинските Христови следбеници кои се богати во добрите дела, се поблагословени и подраги на Бога од луѓето кои се фалат со своето богатство. Тие повеќе ќе бидат почитувани на небото, повеќе и од најголемите цареви и великани кои не се богателе во Бога. {2T 682.2}

Апостол Павле го советувал Тимотеј како да им зборува на богаташите: „На богатите на овој свет заповедај им да не се гордеат ниту да се надеваат во распадливото богатство туку во живиот Бог, Кој сè ни дава изобилно; нека прават добро, нека се богатат во добрите дела, нека бидат дарежливи, собирајќи си себеси добар темел за напредок, за да примат вечен живот". Оваа опомена се однесува и на тебе брате Н и на многумина кои зборуваат дека веруваат во вистината за овие последни денови. {2T 682.3}

Луѓето кои натрупуваат пари и ги вложуваат во земјиште, додека на членовите на своите семејства им ги скусуваат удобносите на животот, се однесуваат како безумници. Тие не им дозволуваат да го користат она што Бог толку богато им го подарил. Иако имаат големи имоти, тие пак ги поттикнуваат членовите на своето семејство да работат преку своите можности за да заработат и да натрупуваат уште повеќе. Мозокот, силата и мускулите се напрегаат до најголем степен поради натрупување на богатство, а верата и христијанските должности се запоставуваат. Да се работи, работи, работи - тоа е единствената цел од утро до мрак. {2T 683.1}

Многумина не покажуваат искрена желба да ја запознаат Божјата волја и да ги разберат Неговите барања според нив. Некои од оние кои се обидуваат да ја однесат вистината на другите, не се покоруваат ниту сами на Божјата реч. Колку повеќе има вакви учители во Божјото дело, толку помалку ќе имаат успех. {2T 683.2}

Многумина на кои Бог им го доверил богатството не помислуваат дека работат против сопствените интереси со тоа што себично го држат своето богатство. Апостолот им зборува дека работат за себе кога се богатат во добрите дела. Со тоа тие вложуваат за себе и стекнуваат на небото едно трајно богатство, за да стекнат вечен живот. Приложувајќи за потребите, тие верно ја вршат онаа должност која Бог им ја дал и нивните несебични и благородни дела на љубов ќе бидат запишани на небото. Секое праведно дело ќе биде овековечено, иако оној кој го прави можеби нема да биде свесен дека направил нешто значајно. Кога оние кои ја исповедаат вистината би се повеле по Христовиот пример во својот секојдневен живот, од нив би светлела светлина која би ги привела другите луѓе кон Откупителот. Дури на небото ќе бидат потполно оценети резултатите во спасувањето на другите постигнати со складен и побожен живот. {2T 683.3}

Брату мој, ти имаш многу да работиш во своето семејство за да му покажеш дека вистината извршила добро дело во тебе, дека имала ублажувачко, облагородувачко влијание на твојот живот и карактер и ги издигнала. Ти зборуваш како да веруваш дека живееме во последните денови и му ја објавуваме на светот веста на опомена и милост. Дали тоа го покажуваш и со своите дела? Бог те испитува и ќе ги открие вистинските чувства на твоето срце. {2T 684.1}

Бог ти доверил таланти кои треба да ги користиш за унапредување на Неговото дело, да ги благословуваш оние кои имаат потреба и да им помагаш на немоќните. Со своите пари можеш да направиш многу повеќе добра отколку со тоа што се молиш, а ги чуваш парите за себе. Дали ги однесе своите таланти кај трговецот за, кога Господарот ќе дојде и ќе побара да Му положиш сметка, да можеш без срам да Му вратиш двојно, бидејќи не ги натрупуваше ниту себично ги закопуваше во земја туку ги користеше? Погледни на историјата на својот поранешен живот. Колку луѓе усреќи со своето

богатство? Колку срца направи благодарни со својата дарежливост? Те молам, прочитај го 58-то поглавје од книгата на пророкот Исаија. Дали ги одврза врските на безбожност? Дали се трудеше да ги отпуштиш угнетените, да го скршиш секој јарем? Дали кршеше леб на гладниот и ги примаше во својот дом прогонетите сиромаси? Дали облече голи? {2T 684.2}

Да се богатеше во тие добри дела, би можел да ги побараш ветувањата дадени во тоа поглавје. „Тогаш ќе светне твојата светлина како утро, и здравјето твое бргу ќе процвета и пред тебе ќе оди твојата правда, Господовата слава ќе ти биде задна стража. Тогаш ќе повикуваш и Господ ќе ти одговори; ќе викаш и ќе ти каже: еве Ме". „И ако ја отвориш својата душа на гладниот и ја наситиш душата, тогаш ќе засвети во темнина твојата светлина и темнината ќе биде како пладне. Зашто Господ ќе те води секогаш и ќе ја заситува твојата душа кога ќе има суша и ќе ги закрепнува твоите коски и ќе бидеш како градина залеана и како извор кој никогаш не пресушува". Но сега ти немаш право на тие ветени благодати. Ти не се посвети на ова дело. Погледни на својот поранешен живот и сфати колку тој е лишен од сите добри, благородни и возвишени дела. Ти ја проповедаше вистината, но не живееше според неа. Твојот живот не беше возвишен и посветен, туку преполн со себичност и скржавост. Ти верно си служеше себеси. Крајно време е да го промениш својот пат и сесрдно да работиш на тоа да си обезбедиш себеси небесно богатство. {2T 684.3}

Ти толку многу загуби што никогаш не можеш сè да повратиш. Не ги искористи своите можности да правиш добро и твоето неверство е забележано во небесните книги. Христовиот живот беше преполн со самооткажувања, самопожртвувања и несебично добродетелство. Ти немаш јасна претстава за тоа како треба да се подготвиш за небесното царство. Твоите погледи се бедни. Да се зборува не е тешко и не чини ништо. Според делата, според плодовите ќе се познае кој какво дрво е. Какви плодови донесуваше? Апостол Јаков ги опоменува своите браќа: „Каква корист има, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а нема дела? Зар може верата да го спаси? Ако на пример, братот и сестрата бидат голи или немаат што да јадат и некој од вас им рече: одете во мир и грејте се и наситете се, а не им ги задоволи телесните потреби, што помага?" Твоите убави желби, брату мој, нема да ги задоволат нивните потреби. Со дела треба да ја докажеш искреноста на својата благородност и љубов. Колку пати навистина постапи според горните совети? {2T 685.1}

Ти имаш многу добро мислење за себе, но мораш да извршиш едно дело кое никој друг не може да го изврши за тебе. Мораш да ја измениш својата природа, целото твое битие мора да се преобрази. Ти ја љубиш вистината на зборови, но не и на дело. Малку Го љубиш Господа, но многу повеќе своето богатство. Дали кога сега би дошол кај Господарот, ваков каков што си, би рекол: „Добро направено, добар и верен слуго, влези во радоста на својот Господар?" За каква радост се зборува овде? „Кој место одредената радост за Себе, претрпе крст, не грижејќи се за срамот и седна од десната страна на Божјиот престол". Радоста за која зборува Христос е радоста што ги гледа душите спасени со жртвување на Својата слава, чест и самиот живот. Спасението на човекот е Неговата радост. Кога сите откупени ќе се соберат во Божјото царство, Тој ќе ги види плодовите на Своите маки и ќе биде задоволен. {2T 686.1}

Оние кои соработуваат со Христа нека поднесуваат жртви и самооткажување и нека бидат средства за приведување на души кон Христа и нека ги видат спасени, вечно спасени, како Го слават Бога и Јагнето кое ги откупило. {2T 686.2}

Плисентон, Канзас, 15 октомври 1870.

---

80. ПО ХРИСТОВОТО ДОАЃАЊЕ НЕМА ВЕЌЕ НИКАКВА ПРОВЕРКА

Брате О, пишувајќи за опасностите на другите, го видов и твојот случај. Повеќе месеци барав можност да ти пишам и на тебе и на другите; но обврските постојано ме спречуваа да ги напишам сите сведоштва кои ми беа дадени за поедини лица. {2T 686.3}

Твојот случај често ја измачуваше мојата душа, но сепак не толку одредено за да можам да ти пишам. Напишав многу сведоштва кои им беа дадени на други и некои од нив би можеле да се применат и на тебе. Целта на печатењето на сведоштвата е оние кои не се лично спомнати, а сепак грешат како и оние кои се укоруваат, да ги примат укорите упатени на другите. Сметав дека не е моја должност лично да ти се обратам. Но бидејќи сега пишувам сведоштва за оние кои се наоѓаат во опасност да ги занемарат своите должности кон Божјото дело и поради тоа да претрпат штета и да нанесат загуба на сопствената душа, сметам дека не смеам да пропуштам прилика да ти пишам и на тебе. {2T 687.1}

Последната визија ми беше дадена пред повеќе од две години. Тогаш бев упатена да ги изнесам и усно и писмено општите начела, и во исто време да ги спомнам опасностите, грешките и гревовите на поединци за сите да бидат опоменати, укорени и посоветувани. Видов дека сите треба внимателно да го истражат своето срце и живот, за да видат дали можеби и тие не ги направиле истите грешки за кои други се опоменуваат и дали опомените дадени на другите не се однесуваат и на нив. Ако е така, би требало овие совети и опомени да ги сметаат упатени на нив самите и да ги применат на себе како да се однесуваат токму на нив. {2T 687.2}

Луѓето кои го љубат овој свет и кои ги занемарија своите должности можат да ги видат сопствените грешки во случаите на другите кои беа укорени. Бог има намера да ја испита верата на сите оние кои сакаат да бидат Христови следбеници. Тој ќе ја испита искреноста на молитвата на сите оние кои тврдат дека искрено сакаат да знаат што им е должност. Тој јасно ќе ги одреди должностите. Тој на сите ќе им даде прилика да го развијат она што им е во срцето. Ќе се води силна борба помеѓу она „јас” и Божјата благодат. „Јас” ќе се бори за превласт и ќе се спротивставува на нашите напори да ги потчиниме на Христовата волја своите мисли и својот живот, волја и чувства. Долж целиот пат кон вечниот живот нè очекуваат крст и самооткажување и затоа се „малку оние кои го наоѓаат”. {2T 687.3}

Бог го испитува карактерот на сите. Тој ја проверува нивната љубов кон Неговото дело и ширењето на вистината за која зборуваат дека им е неискажано драгоцена. Оној кој ги испитува срцата, според родовите кои луѓето ги донесуваат, суди кои се вистински Христови следбеници кои, како нивен божествен Пример, ќе се откажат од честа на овој

свет и ќе се согласат да бидат презрени, бидејќи повеќе од сè ја ценат Божјата љубов и Христовиот крст. Тие на крајот ќе стекнат вистинско богатство, небесно богатство и неговата награда - вечен живот. {2T 688.1}

Оние кои не сакаат навистина да се запознаат сами себеси, ќе дозволат опомените и укорите да одат кај другите, не сфаќајќи дека тие се однесуваат и на нив и дека во нив е укажано на нивните грешки и опасности. Земските себични побуди го заслепуваат умот и прават душата да не може да се обнови според божествениот лик. Оние кои и покрај изопаченоста на својата природа нема да се спротивстават на Неговата волја, нема да останат во темнина, туку ќе бидат обновени од сознанието и вистинската светлина и ќе најдат слава во Христовиот крст. {2T 688.2}

Покажано ми е дека Бог во вистинско време ќе ми даде должност да им кажам на одредени поединци како што Натан му кажал на Давид: „Ти си тој". Многумина веруваат во сведоштвата упатени на другите и, слично на Давид, искажуваат суд кога се во прашање други, додека всушност би требало да ги истражуваат своите срца и да го испитаат сопствениот живот, користејќи ги опомените и укорите дадени на другите. {2T 688.3}

Брате О, покажано ми е дека твојата љубов кон земското богатство е поголема отколку што мислиш самиот. Не беше начисто со своите должности. А кога Божјиот Дух делува на тебе, за да те наведе да го правиш она што е во согласност со Божјата волја и барања, другите влијанија кои не се согласуваат со Божјото дело не ти дозволуваат да се покориш на повикот на Божјата волја. Исходот беше таков што твојата вера не стана совршена преку делата. Би требало да ја одвоиш својата љубов од земското богатство. Беше несреќен и збунет кога, наспроти твоите желби и намери, твоите пари отидоа во редовите на непријателот и на тој начин беа загубени за Божјото дело. Господарот ти довери таланти за да ги употребиш на Негова слава. Ти си Негов повереник и би требало да бидеш подготвен да ги сметаш своите таланти како имот кој е доверен на твое чување. Но наскоро ќе ги слушнеш зборовите: „Дај сметка за твоето повереништво". {2T 688.4}

Божјите деца се мудри само кога се потпираат на онаа мудрост која доаѓа одозгоре и немаат друга сила од онаа која е од Бога. Потребно е да се одвоиме од пријателствата и од духот на овој свет, ако сакаме да се обединиме со Господа и да бидеме во Него. Нашата сила и нашиот напредок се состои во тоа да бидеме врзани за Господа и Тој да нè одбере и да нè прими. Светлината и темнината никако не можат заедно. Божја волја е Неговиот народ да биде избран народ, одвоен од светот и жив пример на светост, за со светлината која му е дадена да го просветли, убеди или осуди светот. Вистината која ја примивме и светлината која ја осветли душата ќе ни суди и ќе нè осуди, ако ја оставиме и се свртиме од неа. {2T 689.1}

Во овој век на изопаченост, луѓето повеќе го сакаат гревот и темнината, отколку светлината и вистината. Делата на многу луѓе кои се сметаат Христови следбеници нема да ја издржат пробата, кога ќе бидат испитани во светлината која сега ги осветлува. Затоа многумина и не ѝ приоѓаат на светлината, за да не се покаже дека нивните дела не се направени во Бога. Светлината го открива и осветлува злото во темнината. Луѓето на овој свет и Христовите слуги навистина можат да бидат слични според надворешниот живот,

но тие им служат на двајца господари чии интереси се спротивни. Светот не ја разбира и не ја увидува оваа разлика, но таа разлика е всушност огромна. {2T 689.2}

Христос вели: „Не сте од светот, бидејќи Јас ве одбрав од светот". Вистинските Христови следбеници не можат да бидат во пријателство со овој свет и во исто време да живеат по углед на Христа. Нашата љубов кон земското богатство мора да се пренесе на небесното. Како само било тешко на она момче кое имало голем имот да ја одвои својата љубов од земското богатство, дури и откако му бил ветен вечен живот како награда! {2T 690.1}

Ако не посветиме на Бога сè она што имаме и што сме, нема да бидеме во состојба да го сфатиме значењето на делото и поради својата себичност ќе му го ускратиме она што Бог налага да го дадеме. Но Оној Кој ни го позајмил богатството за со него да го помогнеме развојот на Неговото дело често ќе го повлече од нас Својот благослов и на разни начини ќе ги расее парите кои себично ги грабаме за себе, така што ќе биде загубен и за оној кој ги има и за Божјото дело. Тие пари не ги користел ниту за овој свет ниту за оној кој допрва ќе дојде. На Бога Му е задржано, а сатаната ликува. Бог сака ти, брату О, внимателно да го испиташ своето срце и да ја уништиш во него љубовта кон светот. Умри за себе, а живеј за Бога. Тогаш ќе бидеш еден од оние кои се светлина на светот. {2T 690.2}

Видов дека негуваш погрешни сфаќања во поглед на иднината, дека твоите погледи за времето кое доаѓа се штетни. Ти понекогаш им зборуваш и на другите за тие свои идеи. Но тие не се во склад со нашето учење. Ти не го толкуваш правилно Светото Писмо. Кога Исус ќе застане во светилиштето над светилиштата, ќе ја соблече Својата облека на посредник и наместо свештеничко ќе облече одело на одмазда, делото за грешниците ќе биде завршено. Тогаш ќе настапи она време кога Ќе се слушне пораката: „Кој твори неправда, нека продолжи да прави неправда… и кој е праведен, нека биде и понатаму праведен; и кој е свет, уште нека се свети. И еве ќе дојдам скоро, да дадам секому според Неговите дела". {2T 690.3}

Бог на сите им ја дал Својата реч за да ја пребаруваат и да го запознаат патот на животот. Никој нема да заталка, ако се покори на условите за спасение назначени во Божјата реч. На сите им е дадено време на проба, за сите да можат да формираат карактер за вечен живот. Сите ќе имаат можности да се одлучат за живот или за смрт. На луѓето ќе им се суди според светлината која им била дадена. Никој нема да одговара за својата темнина и за своите грешки ако не примил светлина. Не е нивна грешка што не го прифатиле она што не им било дадено. Сите ќе бидат испитани пред Исус да го напушти Своето место во светилиштето над светилиштата. Времето на милост ќе заврши кога ќе заврши посредувањето за грешникот и кога Христос ќе се облече во одело на одмазда. {2T 691.1}

Многумина сметаат дека времето на милост ќе продолжи и откако Исус ќе престане да посредува во светилиштето над светилиштата. Тоа е сатанско мудрување. Бог го испитува и проверува светот со светлината која му ја дал, пред Христовото доаѓање. Карактерите сега се образуваат за живот или за смрт. Но времето на милост за оние кои ќе одберат живот на грев и ќе го отфрлат големото спасение кое им е понудено, ќе заврши тогаш кога ќе заврши и Христовото посредување, значи токму пред Неговото појавување на небесните облаци. {2T 691.2}

Оние кои го љубат светот, чиј ум е телесен и во непријателство со Бога се тешат дека времето на милост ќе се продолжи и откако Христос ќе се појави на облаците. Со ова тврдење се измамува телесното срце кое се спротивставува и не сака да послуша. Многумина ќе останат и понатаму во чувство на телесна сигурност и ќе продолжат да се бунат против Бога, тешејќи се дека ќе дојде уште едно време за покајание за гревовите и дека уште еднаш ќе им се пружи можност да ја прифатат вистината, која денес е толку неомилена и која ги попречува нивните склоности и желби. Тие мислат дека ќе им се даде прилика за спасение кога со своето покорување на Христа и на вистината нема да имаат веќе ништо да рескираат и ништо да загубат. {2T 691.3}

Во Светото Писмо има такви стихови кои многу тешко се разбираат и кои, според Петровите зборови, неуките и колебливите ги извртуваат на своја погибел. Можеби во овој живот нема да бидеме во состојба да го пронајдеме значењето на секое место во Светото Писмо, но нема ниту една значајна точка на практичната вистина која ќе остане неразјаснета. Кога по Божје провидение ќе настапи време светот да се испита со вистината за ова време, Неговиот Дух ќе ги поттикне умовите во пост и молитва да го истражуваат Светото Писмо, сè додека не бидат пронајдени сите алки и не се спојат во совршен синџир. Секој факт кој е во врска со спасението на душите ќе стане толку јасен, што никој нема да мора да талка во темнината и да греши. {2T 692.1}

Следејќи го синџирот на пророштва, јасно ја согледавме и изнесовме вистината откриена за наше време. Ние сме одговорни за благодатите кои ги уживаме и за светлината која го осветлува нашиот пат. Оние кои живееја во минатото, одговорни се за светлината која тогаш била испратена за да ги осветли. Нивниот ум ги сфатил поедините точки на Светото Писмо на кои тие се потпирале. Но тие не ги сфатиле овие вистини кои ние ги сфаќаме. Не беа одговорни за светлината која ја немаа. Тие ја имаа Библијата која ја имаме и ние, но моментот за откривање на вистините поврзани со последните настани на светската историја, ќе дојдат кога на земјата ќе живеат последните генерации. {2T 692.2}

Сегашната вистина, со која се испитува народот на ова поколение, не беше средство за испитување на оние генерации кои живееја во дамнешното минато. Ако светлината која ја имаме сега ние во поглед на саботата им беше дадена на поранешните генерации, тие би биле одговорни пред Бога за светлината која Тој им ја дал. {2T 693.1}

Кога Божјиот храм се отворил на небото, Јован во визија здогледал некои луѓе кои со длабока стравопочит го набљудувале ковчегот во кој бил Божјиот закон. До посебна проба, односно до четвртата заповед не дошло сè додека не се отворил Божјиот храм на небото. {2T 693.2}

Оние кои умреле пред да биде дадена светлината за Божјиот закон и барањата на четвртата заповед нема да бидат виновни што ја престапувале саботата. Неизмерна е Божјата мудрост со која Тој испраќа светлина и знаење во вистинско време. Пред да дојде да му суди на светот во правда, Тој испраќа една опомена за да го пробуди народот и да му укаже на кршењето на четвртата заповед, за луѓето да ја примат светлината и да се покајат за кршењето на Неговиот закон и да ја покажат својата послушност кон Големиот Законодавец. Тој се погрижил за тоа сите кои сакаат, да станат свети и блажени. На оваа генерација ѝ е дадена доволна светлина, така што сме во

состојба да ги сфатиме своите должности и предности и да уживаме во драгоцените и возвишени вистини и во нивната едноставност и сила. {2T 693.3}

Ние сме одговорни само за оваа светлина која нѐ осветлува. Нашата проба претставува држење на Божјите заповеди и Исусово сведоштво. Ако бидеме верни и послушни, Бог ќе ни се радува и ќе нѐ благослови како Свој избран народ. Ако во срцата на оние кои Го следат Христа има изобилство на совршена љубов, вера и послушност, тие ќе вршат моќно влијание на другите. Од нив ќе зрачи светлина, растерувајќи ја темнината околу нив, облагородувајќи и издигнувајќи ги сите кои ќе дојдат во сферата на нивното влијание и доведувајќи го познавањето на вистината до сите оние кои сакаат да ја примат светлината и кои понизно ќе појдат во патот на покорност. {2T 693.4}

Оние луѓе кои телесно мислат, не се во состојба да ја сфатат светата моќ на значајните вистини од кои зависи нивното спасение, бидејќи во нив зацариле горделивоста на срцето, љубовта кон светот, љубовта кон удобностите, себичност, алчност, завист, љубомора, омраза и секакво зло. Кога би го победиле ова, би станале учесници во божествената природа. Многумина ги запоставуваат јасните вистини на Божјата реч и не сакаат да ја следат светлината која јасно свети на нивниот пат. Тие се обидуваат да продрат во уште неоткриените тајни и претпоставуваат, зборуваат и се расправаат околу прашањата кои не се обврзани да ги сфатат, бидејќи немаат никаква посебна врска со нивното спасение. Со тоа сатаната измамил илјадници луѓе. Тие не обрнувале внимание на сегашната вера и сегашната должност кои се јасни и разбирливи на сите кои имаат моќ на расудување туку се занимавале со сомнителни теории и цитати кои не биле во состојба да ги разберат, па грешеле во поглед на верата. Во нивната вера дошло до пореметување. {2T 694.1}

Божја волја е сите да ги користат јасните учења на Неговата реч во поглед на човечкото спасение. Ако бидат „извршители на речта" која е јасна и моќна во својата едноставност, ќе успеат да го усовршат својот христијански карактер. Тие ќе се посветат со вистината и ќе си обезбедат себеси вечен живот со понизна покорност кон неа. Бог сака слуги кои навистина се тоа, не само на зборови, туку и на дела. Нивните плодови ќе сведочат за искреноста на нивната вера. {2T 694.2}

Брату О, ти ќе подлегнеш на сатанските искушенија ако и понатаму се држиш за своите погрешни сфаќања. Ти ќе бидеш пореметен во верата и ќе се најдеш во опасност да ги збуниш и останатите. Бог сака Неговиот народ да биде единствен. Твоите чудни погледи ќе му наштетат на твојот углед, и ако и понатаму останеш при своето и им зборуваш за нив, конечно ќе се одвоиш од своите браќа. Ако Бог има светлина која е потребна за спасение на Неговиот народ, Тој ќе му ја даде, како што дал и други значајни и големи вистини. Не треба да ги поттикнуваш овие работи. Препушти му на Бога да работи по Своја волја и сѐ да оствари во Свое време и на Свој начин. Бог нека те оспособи да одиш во светлина како што одел и Тој во светлина. {2T 694.3}

---

81. ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРИМЕНАТА СВЕТЛИНА

Покажан ми е случајот на брат П. Тој извесно време се спротивставуваше на вистината. Неговиот грев не е во тоа што не го прифати она за што искрено веруваше дека не е вистина туку во тоа што ревно не се потруди добро да проучи и да стекне знаење за она на што се спротивставуваше. Тој сметаше дека адвентистите на седмиот ден како црква се наоѓаат на погрешен пат. Ова мислење беше во склад со неговите чувства и тој не ја увидуваше нужноста и сам да се увери во тоа, истражувајќи го ревно Светото Писмо во молитва. Да постапеше така, би бил далеку од положбата во која сега се наоѓа. Тешко ги усвојуваше доказите и не сакаше да го истражува Светото Писмо за да ги провери работите. Павле не сметаше дека се заслужни за пофалба оние луѓе кои се спротивставуваат на учењето додека можат, сè додека јасните докази не ги принудат да се одлучат во корист на неговото учење, кое тој го прими од Бога. {2T 695.1}

Павле и Сила со извесен успех работеле во еврејската синагога во Солун, но неверните Евреи биле многу незадоволни, па повеле борба и подигнале голем бунт против нив. Овие верни апостоли биле принудени да го напуштат Солун под закрилата на ноќта и да дојдат во Верија, каде што биле радосно примени. Тие ги пофалиле Веријанците, велејќи: „Овие беа поблагородни од оние што живеат во Солун, тие ја примија речта со сето срце и секој ден го истражуваа Писмото за да видат дали е така. Така веруваа многумина од нив". {2T 695.2}

Брат П не ја сфати животната важност на ова прашање. Не чувствуваше дека е негова должност ревно и независно од било кој човек да ја пронајде вистината. Тој имаше високо мислење за проповедникот П, а не се потруди да учи од Оној кој е понизен и кроток во срцето. Не се поучуваше, бидејќи беше самоуверен. Нашиот Спасител нема зборови на пофалба за оние кои во овие последни денови тешко веруваат, како што немал ниту за неверниот Тома кој се фалел дека не им верува на доказите во кои верувале другите ученици. Имено, дека Христос навистина воскреснал и им се јавил. Тома рекол: „Додека не ги видам на Неговите раце раните од клин и не ги ставам своите раце во ребрата Негови, нема да верувам". Христос му ги пружил на Тома тие докази, но прекорно му рекол: „Откако виде, поверува; блажени се оние кои не видоа, а поверуваа". {2T 696.1}

Ставот кој го зазема брат П создаде од него слабак. Тој многу долго војуваше против сè, со исклучок на саботата. Истовремено, тој беше во пријателство со противниците на заповедите и на него сметаа оние адвентисти кои упорно се бореа против саботата. Тој не беше во состојба да им помогне, бидејќи и самиот не беше одлучен. Со своето однесување тој зацврсти многу луѓе во неверството. Неговото заостанување наспроти сета помош, докази и охрабрувања кои ги имаше не му беше по волја на Господа. Истовремено, тој ги зацврсти рацете на оние кои се бореа против вистината и Бога. {2T 696.2}

Можеби сега брат П е силен човек, кој ужива углед и наклоност кај Божјиот народ во Мејн поради своите дела. Но тој верува дека неговото заостанување е некоја посебна доблест, а не грев за кој мора да се покае. Тој со незадоволство ги примаше поуките кои Бог сакаше да му ги пружи. Тој не беше вреден ученик и не напредуваше во вистината; доколку ревно се усовршуваше во светлината која му беше дадена, тој би се оспособил да ја преземе на себе одговорноста. Видов дека брат П едно време вложуваше напори

за да се совлада сам себеси и да го ограничи својот апетит. Тогаш беше потрпелив. Тој лесно се возбудуваше, беше жесток, раздразлив, нерасположен. Јадењето и пиењето во голема мера се причина за таквата негова состојба. Ниските страсти добиваат надмоќ и превласт над повозвишените сили на умот. Умереноста многу би направила за брат П, како што за неговото здравје е потребно повеќе физичка работа и движење. Кога се потруди да се совлада себеси, почна и да се развива, но неговите напори да се поправи не беа проследени со оној благослов кој можеше да го има ако и порано вложуваше напори. {2T 697.1}

Наместо да собира со Христа во вистината, тој премногу долго растураше. Не сакаше да напредува и стоеше на патот на напредок на другите, нанесувајќи на тој начин штета. Неговото влијание директно го попречуваше напредокот на делото кое Бог го ставил во должност на Своите слуги. {2T 697.2}

Поимите на брат П за работата и организацијата беа во потполна спротивност со Божјиот план за работата. На небото постои ред и тој ред мораат да го имитираат на земјата сите кои сакаат да наследат спасение. Доколку повеќе смртни луѓе копнеат по небесниот ред и склад, дотолку повеќе ќе се приближуваат кон оној степен кој Бог го бара за да може да ги направи поданици на небесното царство и да ги оспособи за вознесение од земјата на небото, исто како што и Енох морал да се подготви. {2T 697.3}

Треба да се внимава на брат П. Во неговата организација нема ред. Тој не ја негуваше онаа воздржаност, грижливост и трудољубивост кои се потребни за да се сочуваат складот и единството на акцијата. Неговиот живот и воспитување во верските работи нанесуваа голема штета на неговите драги деца, а особено на Божјиот народ. Тој не одговори на должностите кои небото му ги налага на таткото, а посебно на проповедникот. Човекот кој нема доволно чувство на одговорност како татко, да поттикнува и заведува ред, дисциплина и послушност, нема да има успех ниту како проповедник, ниту како пастир на стадото. Грешките кои тој ги прави во управувањето со својот дом и семејство ќе се покажат и во неговата јавна работа, во Божјата заедница. Тие грешки и понатаму ќе постојат поради тоа што тој грубо се спротивставува на секој укор и повик да се поправи. {2T 698.1}

Во семејството на брат П треба да се изврши голема реформа. На Бога не му е по волја сегашната состојба во него, нередот, самоволието и тврдоглавоста. Ваквата состојба во неговото семејство мора да ги попречува неговите напори каде и да се појави. Исто така, таа ги обесхрабрува и оние луѓе кои сакаат да му помогнат во неговите напори за издржување на семејството. Овој недостаток нанесува штета и на Божјото дело. Брат П не ги контролира своите деца. Бог не е задоволен од нивната непослушност и непримерно однесување. Сето ова дошло како последица и проклетство на онаа незауздана слобода на која адвентистите сметале дека имаат право како на некоја специјална привилегија. Брат и сестра П го посакуваа спасението на своите деца. Но јас видов дека Бог нема да изврши никакво чудо за да ги обрати, додека самите родители не станат свесни за должностите кои почиваат на нив. Бог им дал на овие родители една задача, која тие сега ја враќаат Нему за Тој да ја изврши за нив. Кога брат и сестра П би го чувствувале оној товар кој би требало да го чувствуваат за своите деца, тие би се здружиле во своите напори да воспостават во своето семејство ред, послушност и здрава дисциплина. {2T 698.2}

Брате П, ти со незадоволство ги носеше оние товари кои секој татко би требало да ги носи во своето семејство. Поради тоа товарот препуштен на мајката беше многу тежок. Сакаше да ги одбегнеш грижите и товарите и во домот и надвор од него. Кога во Божји страв и со голема сериозност, имајќи го во предвид страшниот суд, одлучно ќе го примиш на себе товарот кој небото ти го намени и кога ќе направиш сè од своја страна, дури тогаш со дух и во вера ќе можеш да му се помолиш на Бога да го направи за твоите деца она што е надвор од доменот на човечката моќ. {2T 699.1}

Брат П не ги трошеше разумно своите пари. Тој не го слушаше гласот на мудроста туку гласовите и желбите на своите деца. Тој не ги цени парите онака како што би требало да ги цени и не ги троши внимателно на она што е најпотребно, на работи кои се неопходни за удобност и здравје. Цело семејство мора да се поправи во тој поглед. За животот на едно семејство потребни се многу работи. Недостатокот на уредност и систем во водење на домашните работи доведува до упропастување на работите и предизвикува големи штети. Секој член на семејството би требало да сфати дека е должен од своја страна да даде свој придонес за удобен, уреден и правилен животот на семејството. Сите би требало сложно да работат на тоа да се храбрат еден со друг, да бидат трпеливи и благородни, да зборуваат со тивок, благ глас, да одбегнуваат неред и да настојуваат што повеќе да го олеснат товарот на мајката. Не смее да има немарност и бегање од одговорноста. Никој не смее да дозволи други да го работат она што би требало и би можел сам да го направи. Ова можеби се ситници, но ако тие ситници се наталожат, се создава голем неред и се навлекува Божјиот гнев. Занемарувањето на малите и ситни работи ја уништува среќата во животот. Совесното вршење на малите должности претставува збир на среќа која може да се оствари во животот. Оној кој е верен во малку, верен е и во многу. А кој е несовесен и неисправен во малите работи, таков ќе биде и во поголемите. Секој член на семејството би требало да сфати што се бара од него и да очекува нешто да направи. Сите, од шестгодишното дете па нагоре, би требало да сфатат дека од нив се бара да го носат својот дел од животните товари. {2T 699.2}

Овие деца мораат да се поучат во многу нешта, а подобро е тоа да го направат сега отколку подоцна. Бог ќе работи за овие драгоцени деца, во слога со мудро насочените напори на нивните родители и ќе ги поттикне да станат ученици во Христовата школа. Исус сака тие деца да се одвојат од суетата на овој свет, да го напуштат задоволството на гревот и да го одберат патот на понизна послушност. Ако сега се одѕвијат на тој милостив повик, ако Го примат Исуса како свој Спасител и продолжат да го слушаат Господа, Тој ќе ги очисти од гревовите и ќе им подари благодат и сила. {2T 700.1}

Драг брату П, поуките кои ги прими поради штетните влијанија во Мејн беа погубни за твоето семејство. Не беше внимателен во своите зборови онака како што Бог бара да бидеш. Не ја внесуваше вистината во своето семејство, не ги учеше своите деца на нејзините начела ниту на Божјите заповеди кога стануваш и кога легнуваш, кога седиш, кога заминуваш и кога доаѓаш. Не го сфати значењето на својата работа во својство на татко и проповедник. {2T 700.2}

Не ги вршеше ревно своите должности кон децата. Не посветуваше доволно време на семејната молитва и не бараше на тоа да присуствува целото семејство. Сите членови на семејството се обраќаат на таткото. Тој е законодавец и со своето мажествено

однесување треба да дава пример на строгост, енергичност, трпение, храброст, трудољубивост и корисност во животот. Таткото во некоја смисла е свештеник во домот, кој наутро и навечер принесува жртва на Божјиот олтар. Жената и децата треба да се повикуваат да пристапат на ова принесување и да учествуваат во песна наблагодарност на Бога. Наутро и навечер, таткото, како свештеник на домот, треба да му ги исповеда на Бога гревовите кои преку денот ги направиле тој или неговите деца. Треба да се исповедаат оние гревови кои излегле на виделина, како и оние кои останале во тајност и кои ги забележало само Божјото око. Ако таткото се управува според ова секогаш кога е присутен, или ако мајката го заменува кога е отсутен, тоа на семејството ќе му донесе голем благослов. {2T 701.1}

Причина зашто денешната младина нема наклонетост кон религијата лежи во нејзиното погрешно воспитување. Да им се дозволи на децата да им угодуваат на своите страсти, не е никаков знак на вистинска љубов кон нив, а исто така да се остави неказнета нивната непослушност. Дрвото се свиткува додека е младо. Ти премногу ја сакаш својата удобност. Не сакаш да те вознемируваат. Овде се бара постојан напор, постојана будност и ревна, сесрдна молитва. Твојата душа нека биде секогаш подготвена за молитва, да се издигне кон Бога, не биди мрзлив во работата туку со ревен дух служи Му на Господа. {2T 701.2}

Пропушти да им ја објасниш на своите деца светоста на саботата и да ја почитуваш во своето семејство. Твоето семејство не е свесно за тоа од колкава важност е да се држи саботата според заповедта. Твојот ум не е во состојба јасно и брзо да сфати колку е висок степенот на кој мораме да се искачиме ако сакаме да ги држиме заповедите. Но Бог ќе ти помогне во твоите напори, ако најискрено ги прифатиш. Треба да стекнеш потполна власт над самиот себеси, дури тогаш ќе бидеш во состојба да владееш со своите деца кога ќе манифестираат непослушност. Пред тебе лежи голема задача да ги исправиш своите поранешни пропусти, но од тебе не се бара тоа да го совладаш само со свои сили. Ангелите ќе ти помогнат во тој напор. Не го напуштај делото ниту оставај го товарот, туку прими го со волја и коригирај ги своите поранешни пропусти. Мораш многу повеќе да ги цениш барањата кои Бог ти ги поставува во поглед на својот свет ден. За шест дена кои Бог ти ги подарил, треба да завршиш сè што е можно да се направи. Не смееш да Му задржиш на Бога ниту еден момент од светиот ден. Голем благослов им е ветен на оние кои умеат да ја ценат саботата и кои ги сфаќаат обврските кои ги имаат во поглед на нејзиното празнување. „Ако ја одвртиш својата нога од саботата и не правиш што ти е драго на Мојот свет ден, и ако ја наречеш саботата милина, свет Господов ден и го славиш на своите идни патишта, тогаш ќе се веселиш во Господа и ќе те изведам на земските височини и ќе ти дадам да јадеш од наследството на својот татко Јаков; зашто ова го кажа Господ”. {2T 701.3}

Кога ќе почне саботата, мораме грижливо да внимаваме на себе, на своите постапки и зборови, за да не Го користиме она време кое му припаѓа само Нему. Не смееме да работиме ништо што е во врска со заработувачка и што би можеле да го завршиме за останатите шест дена ниту пак смееме да им дозволиме на своите деца да го прават тоа. Петокот е ден на подготовка. Него треба да го искористиме за неопходните подготовки за саботата, а потоа треба да мислиме на неа и да зборуваме за неа. Не смее да се зборува ниту да се прави нешто што небото би го сметало како кршење на светата

сабота. Бог бара не само во сабота да не извршуваме никаква физичка работа туку и да го научиме својот дух да мисли само за светите прашања. Да се зборува за земските работи всушност значи да се крши четвртата заповед, а истото тоа важи и за водењето на лесни и безначајни разговори. Ако зборуваме за сè што ќе ни дојде на ум, тогаш тоа се празни зборови. Секое скршнување од вистинскиот пат одведува во ропство и навлекува осуда. {2T 702.1}

Брате П, ти би требало да се дисциплинираш себеси, за да бидеш во состојба да ја сфатиш светоста на саботата и да работиш на тоа да ја издигнеш во своето семејство и насекаде во Божјиот народ каде што ја понижи со својот пример. Треба да ги промениш своите зборови и дела, за да го неутрализираш своето поранешно влијание во оваа насока. Често пропушташе да го славиш светиот саботен ден, често забораваше и зборуваше празни зборови во светиот Божји ден. Не беше внимателен и во сабота бараше друштво на непосветени со кои зборуваше за секојдневните работи, за заработувачката и загубата, за добитокот, жетвата и залихите. Ова штети на твојот углед. Треба да се реформираш. {2T 703.1}

Оние кои не се потполно обратени со вистината можеби во сабота се одмораат од физичка работа, но мислат само за земските работи и нивниот јазик го зборува она што е во нивната душа. Затоа нивните зборови се однесуваат на добитокот, посевите, добивката и загубата. Сето ова претставува кршење на саботата. Ако мозокот размислува за земските работи, јазикот ќе го открие тоа; бидејќи усните зборуваат од вишокот на срцето. {2T 703.2}

Особено проповедниците треба да внимаваат каков пример ќе пружаат во овој поглед. Тие треба во сабота свесно да се ограничат на тоа да зборуваат само за прашањата за верата - да ја изнесуваат вистината, должностите, да зборуваат за надежта и стравувањата на христијанинот, за искушенијата, судирите и неволјите, за крајната победа, за наградата која ќе се додели. {2T 703.3}

Христовите проповедници би требало да ги укоруваат оние кои забораваат дека саботата е света. Тие треба благо и свечено да ги укорат оние кои во сабота водат земски разговори, а се нарекуваат почитувачи на саботата. Треба да се поттикнуваат на побожност во светиот Божји ден. {2T 704.1}

Никој нека не смета дека посветено време може да се помине не користејќи му никому. На Бога не му е угодно кога луѓето кои ја слават саботата ќе го преспијат поголемиот дел од овој ден. Тие со тоа го сramат својот Творец и со својата постапка зборуваат дека шесте дена во седмицата се премногу драгоцени за да можат да се одморат во нив. Мораат да заработуваат пари, па ако е треба и да се лишат од потребниот сон, а потоа тоа го надополнуваат спиејќи во светиот ден. Тогаш тие се правдаат зборувајќи: „Саботата е одредена за ден за одмор. Нема да се лишувам од одморот со тоа што би одел на состанок. Мене ми е потребен одмор". Овие луѓе погрешно го користат светиот ден. Тие токму на тој начин би требало да им зборуваат на членовите на своето семејство за неговата важност и да се собираат во домот на молитва без оглед дали се многу или малку. Би требало своето време и своите сили да ги посветат на духовно издигнување, за божествените влијанија примени во сабота да траат во текот на целата седмица. Од сите денови во седмицата ниту еден не е толку соодветен за религиозни размислувања и чувства како саботата. {2T 704.2}

Видов како во сабота цело небо будно ги набљудува оние кои ги признаваат барањата на четвртата заповед и ја празнуваат саботата. Ангелите го бележат интересот и почитта кои тие го укажуваат на таа божествена установа. Оние луѓе кои Го слават Господа Бога во своите срца со побожноста на својата душа и кои се трудат да ги искористат светите мигови славејќи ја саботата онака како што најдобро умеат и Го слават Бога со тоа што се радуваат на саботата - тие луѓе примаат од ангелите посебен благослов на светлина и здравје и ним им е подарена посебна сила. Од друга страна, ангелите го вртеа своето лице од оние кои не ја почитуваа светоста на светиот Божји ден и не им подарија ниту светлина ниту сила. Ги видов прекриени со облак, очајни и често тмурни. Чувствуваа дека немаат Божји Дух. {2T 704.3}

Драг брату П, би требало секогаш да бидеш внимателен во своите зборови. Дали Бог те повика да бидеш Христов претставник на земјата и на Негово место да ги преколнуваш грешниците да се помират со Бога? Тоа е возвишена, света должност. Оваа должност започнува во моментот кога ќе го завршиш својот говор на проповедалната. Заминувајќи од состанокот, ти и понатаму си посветен на делото на спасување на души. Ти мораш да бидеш живо послание кое можат да го читаат сите луѓе. Не треба да се гледа на својата удобност. Не треба да се мисли на задоволствата. Спасувањето на душите е поважно од сè. На тоа дело е повикан проповедникот на Христовото евангелие. Тој треба по службата да прави добро и да ја украсува својата вера со побожни зборови и внимателно однесување. Често се случувало, по завршување на излагањето од проповедалната, ти седејќи со друштвото покрај огништето, со своите непосветени зборови да го слабееш влијанието на своите напори направени зад проповедалната. Ти мораш да живееш онака како што им проповедаш на другите дека треба да живеат. Мораш да го примиш на себе товарот на делото како никогаш порано, мораш да ги понесеш одговорностите за кои би требало да биде свесен секој Христов проповедник. Потврди ги своите напори зад проповедалната со тоа што ќе ги продолжиш иво приватниот живот. Води разумни разговори за сегашната вистина, земајќи го во обзир расположението на присутните, и во Божји страв аплицирај ја важната вистина на случаите на оние луѓе со кои разговараш. Ти не успеваше да ја вршиш својата должност и во добро и во зло време, да укоруваш, казнуваш и опоменуваш, трпеливо и мудро. {2T 705.1}

Тебе како на стражар на ѕидовите на Сион ти е потребна постојана будност. Не смееш да попуштиш во стражарењето. Научи се да се обраќаш на семејствата во нивниот дом. Така ќе постигнеш дури и повеќе отколку само со работа зад проповедалната. Внимавај на душите како оној кој ќе мора да положи сметка. Не им давај прилика на неверниците да те обвинуваат колку си невнимателен во оваа своја должност, со тоа што нема да им се обраќаш лично. Зборувај совесно со нив и преколнувај ги да ѝ пријдат на вистината. „Бидејќи ние сме Христов мирис и меѓу оние кои се спасуваат и кои гинат; на едните смртен мирис за смрт, а на другите животен мирис за живот". Сфаќајќи ја големината на делото и тежината на одговорноста која лежи на проповедниците, апостолот извикува: „Кој е вреден за ова? Зашто, ние не го изопачуваме Божјото слово, како што мнозина го прават тоа, туку зборуваме искрено, како од Бога и како пред Бога зборуваме во Христа". {2T 706.1}

Оние кои ја изопачуваат Божјата реч изнесувајќи со пченицата и троскот или било што друго што тие го сметаат како евангелие, додека работат наспроти Божјите заповеди, не се во состојба да ги сфатат чувствата на апостолот кој треперел под тежината на возвишената должност и одговорност како Христов проповедник, бидејќи на него лежела судбината на душите за кои Христос умрел. Според мислењето на самоименуваните проповедници, не е ниту малку тешко да се исполни образец и така да се стане проповедник. Но апостолот сметал дека за проповедник се потребни многу високи особини. {2T 706.2}

Додека зад проповедалната, проповедникот би требало да внимава на своето однесување, а не да биде немарен. Тој не би смеел да заборави на своето држење. Би требало да биде уреден и достоинствен во најголема мера. Бог го бара тоа од оние кои се нафатиле за одговорната работа да ја примаат Речта од Неговите усни и да ја зборуваат на народот, опоменувајќи и тешејќи, според приликите. Нивните зборови би требало да бидат бирани, нивното излагање доследно. Треба засекогаш да се отфрлат непромислените зборови кои често ги употребуваат оние проповедници кои не се искрени во проповедање на евангелието. {2T 706.3}

Покажано ми е брату Р, дека според својата природа си раздразлив, дека лесно се возбудуваш, дека немаш трпеливост и благост. Кога би се повела расправа за твоите постапки, или од тебе би се барало да го изнесеш својот став за вистината, сметаше дека не треба да те брзаат. Не би направил ниту еден чекор затоа што другите би сакале да го направиш. Ти требаше време за тоа. Кога и твоите слушатели би постапиле така, сметаше дека заслужиле укор. Кога сите така би постапиле како тебе, на Божјиот народ би му требале илјада години да ги направи потребните подготовки за суд. Бог беше милостив кон твоето заостанување, но други не би требало да појдат по твојот пример, бидејќи ти сега си слаб и несоодветен за работа, а можеше да бидеш силен и подготвен. {2T 707.1}

Брат Р можеше само малку да направи за тебе. Тој не постапи мудро. Особено згреши што се заинтересира за оние кои мислеа дека треба да станат учители. Тој можеше да приведе многу луѓе кон вистината ако не се фатеше за работа да му помогне на еден проповедник во Мејн и да заминел да работи во нови полиња каде што немаше адвентисти. Брат С полека напредуваше и успеа да Му угоди на Бога со своето трпение и истрајност; но за него мора уште многу да се направи, за да стане успешен проповедник и да го унапреди Божјото дело. {2T 707.2}

Брат Р искрено се заинтересира за твојот случај, но ти не се согласи тој да ти помогне. Тој за тебе го жртвуваше своето време и својата сила, со намера да ти помогне, да ги отстрани твоите предрасуди и да те наведе да ја примиш вистината. Но твојата неподвижност и твоето неверство го исцрпија трпението на брат Р. Тогаш тој го промени начинот на својата работа и навали на тебе да донесеш некоја одлука и да почнеш да живееш според светлината и вистината кои си ги примил. Овие ревни напори од негова страна конечно ти се направија неподносливи. Ти ја покажа својата зла природа; се дигна против ваквото постапување и ги осуди неговите напори да ти помогне. Со тоа го навлече на себе Божјиот гнев. Твоите чувства кон брат Р не беа христијански. Се фалеше со своето спротивставување на неговите напори кои ги правеше поради твое добро. Господ ги благослови напорите на брат Р во создавањето на црква во државата Мејн.

Оваа работа беше напорна и полна со неволји, но ти не учествуваше во неа. Не увидуваше колку ја отежнуваше работата на оние кои Бог ги испрати да ја донесат вистината на народот. Тие луѓе до крајност ги трошеа своите сили за да ги наведат луѓето да се одлучат во корист на вистината, додека ти и другите проповедници им стоевте на патот. Бог работеше преку Своите проповедници за да ги привлече луѓето кон вистината, додека сатаната работеше преку тебе и другите проповедници за да ги уништи плодовите на нивната работа. Токму оние луѓе кои себе се нарекуваа стражари, кои требаше да го послушаат Божјиот совет, меѓу првите да ја примат Речта на опомена и да ја предадат на народот, беа последни кои ја примија вистината. Народот отиде пред своите учители. Тој ја прими опомената дури и пред стражарите, бидејќи овие беа неверни и спиеја на своите места. {2T 707.3}

Брату П, би требало да негуваш чувство на братска наклонетост и љубов кон братот Р, бидејќи тој заслужи само тоа, а никако зборови на осуда. Би требало да си замериш сам себеси затоа што се бореше против Бога. Но ти се забавуваше себеси и другите, раскажувајќи им за неговите напори за тебе и за својата упорност и се смееше од сѐ срце на сето тоа. {2T 708.1}

На секој Христов проповедник му прилега да зборува само промислени зборови на кои ништо не може да им се замери. Видов дека Христовите проповедници треба да извршат едно сериозно дело. Тие мораат сами да учествуваат во него. Мораат да сфатат дека треба да направат напори за себе кои никој друг не може да ги направи за нив. Мораат да се трудат да стекнат неопходни квалификации, за да станат способни Христови проповедници, за на Божјиот ден да бидат без вина, чисти од крвта на душите, бидејќи во Божји страв би направиле сѐ што им била должност. Верниците помошници ќе слушнат како награда од Поглаварот: „Добро направено, добар и верен слуго”. Тогаш Тој на нивните глави ќе стави круна на славата и ќе ги повика да влезат во радоста на својот Господар. Каква е тоа радост? Радост која ќе ја почувствуваат, кога со Христа ќе ги здогледаат откупените верници, кога ќе се сетат на своите напори за душите, за своите самооткажувања и пожртвувања, напуштање на задоволствата, земската добивка и секоја земска привлечност и прифаќање на страдањата и понижувањата, напорна работа и духовни маки, при погледот на луѓето кои се спротивставуваат на Божјиот совет на штета на своите души; кога ќе се сетат на измачувањата на својата душа пред Бога, на своите солзи помеѓу „тремот и олтарот,” и колку често биле гледање на светот, ангелите и луѓето, како сето тоа сега завршило и тие ги гледаат плодовите на својата работа, бидејќи душите се спасени со нивните напори во Христа. Проповедниците кои биле Христови соработници влегуваат во радоста на својот Господ и се задоволни. {2T 709.1}

„Гледајќи на началникот на верата Исуса, Кој поради Неговата идна радост претрпе крст, не марејќи за срамот и седна од десната страна на Божјиот престол. Помислете на Оној Кој од грешниците претрпе над Себеси таква поруга, та да не ви дотегне, и да не станете малодушни. Во борбата против гревот уште не сте се противеле до грев”. Проповедниците често забораваат на Основоположникот на верата. Тие сметаат дека поднесуваат многу, додека всушност поднесуваат и трпат многу малку. Бог ќе работи за проповедниците ако тие му дозволат Тој да работи за нив. Но ако тие сметаат дека не им е потребно потполно обратување, ако не ја увидат својата вистинска состојба и не

израснат до висина на Божјото мерило, Нему ќе му биде подобро без напори од нивна страна. {2T 709.2}

Бог бара од проповедниците да се издигнат и да се покажат достојни за Бога, работници кои немаат од што да се срамат. Ако не сакаат да ја прифатат оваа дисциплина, Бог ќе ги отпушти и ќе одбере луѓе кои нема да мируваат сè додека не се подготват за вакво добро дело. Нашите срца се грешни по природа и не сакаат да Му служат на Христа: затоа би требало постојано да бидеме внимателни, бидејќи во спротивно нема да можеме да ги издржиме тешкотиите како добри Христови војници. Исто така, нема да чувствуваме потреба енергично да се спротивставиме на навалата на гревот туку лесно ќе попуштаме на сатанските наговарања. Тогаш сами себе ќе си одредуваме мерило, наместо да го прифатиме чистото и високо мерило кое Бог го поставил за нас. {2T 710.1}

Видов дека проповедниците во Мејн кои ја слават саботата пропуштаат добро да ја проучат Библијата. Тие не почувствувале од колкава важност за нив е трудољубиво да ја проучуваат Божјата реч за да бидат подготвени за секое добро дело, ниту чувствувале потреба и своите слушатели да ги поттикнат на внимателно проучување на Светото Писмо. Ако во Мејн не беше оној проповедник на адвентистите на седмиот ден кој се спротивстави на Божјиот совет, она што е постигнато би можело да се постигне со наполу помалку напори и народот од збрката би бил изведен на чистина и сега би бил способен да се спротивстави на лошите влијанија. Би се допрело до многу места кои уште не се посетени и би се остварила успешна работа, со што многу луѓе би биле доведени до познавање на вистината. {2T 710.2}

Голем дел од напорите кои беа направени во Мејн, потрошени се на адвентистите на седмиот ден, за да се изведат на вистинскиот пат. Беа потреби големи напори за да се потисне нивното влијание кое го вршеа додека се спротивставуваа на Божјиот совет против сопствените души и го препречуваа патот на грешниците. Самите не сакаа да влезат, а со својот совет и пример им пречеа на другите кои сакаа да влезат. Направена е грешка со тоа што се одеше во оние полиња во кои веќе живеат адвентисти кои, општо земено, не сметаат дека им е потребна никаква помош и мислат дека се во толку добра состојба, што можат да учат и други. Работници се малку и нивните сили мораат да се користат така што ќе се постигне најголема можна корист. Во државата Мејн може да се постигне многу повеќе таму каде што нема ниту еден адвентист. Треба да се оди во нови полиња на работа и она време, кое досега е трошено на заморна работа за адвентистите кои не сакаат да се поучат, треба да се посвети на тие нови полиња. Треба да се оди „меѓу патиштата и меѓу оградите" и да се работи на обратување на неверниците. Доколку адвентистите сакаат да влезат и да слушнат, нека дојдат. Оставете им отворена врата за да можат да влезат ако сакаат. {2T 711.1}